ROGER MARTIN DU GARD

JEAN BAROIS

Paris, 1913

РОЖЕ МАРТЕН ДИ ГАР

ЖАН БАРОА

Скопје, 2017 (2010)



Превод од француски на македонски јазик :

ЗВОНКО НИКОДИНОВСКИ

SOMMAIRE	СОДРЖИНА
PREMIÈRE PARTIE	ПРВ ДЕЛ
LE GOUT DE VIVRE	ЖЕЛБА ЗА ЖИВОТ
I.- Le docteur et sa mère au chevet de Jean II.- Le docteur décide Jean à «vouloir vivre» III.- Mort de Mme Barois IV.- Jean consulte l'abbé Joziers sur ses premiers doutes V.- Jean et Cécile, enfants	I. Докторот и неговата мајка на зглавјето на Жан II. Докторот го потстрекнува Жан "да сака да живее" III. Смртта на г-ѓа Бароа IV. Жан бара совет од опатот Жозје за неговите први сомнежи V. Жан и Сесил, како деца
LE COMPROMIS SYMBOLISTE	СИМБОЛИСТИЧКИОТ КОМПРОМИС
I.- Lettre de Jean sur sa vie d'étudiant à Paris II.- Entretiens de Jean avec l'abbé Schertz, sur les difficultés de la religion catholique III.- Lettre de Jean à l'abbé Schertz, deux ans plus tard	I. Писмото на Жан за неговиот студентски живот во Париз II. Ра зговорот на Жан со опатот Шерц за прашања врзани за католичк ата религија III. Писмото на Жан до опатот Шерц, две години подоцна
L'ANNEAU	ПРСТЕН
I.- Jean reçoit de mauvaises nouvelles du docteur II.- Retour de Jean à Buis pour la mort de son père III.- Lettre de l'abbé Schertz à propos des fiançailles de Jean	I. Жан добива лоши вести од докторот II. Враќањето на Жан во Буј за погребот на татко му III. Писмото на опатот Шерц во врска со свршувачката на Жан
LA CHAINE	СИНЏИР
I.- Jean, après deux ans de mariage, expose à l'abbé Schertz son évolution irreligieuse II.- La neuvaine de Notre-Dame des Victoires III.- Notes de Jean sur les femmes IV.- Promenade avec l'abbé Joziers: le mariage et la foi	I. Жан, по две години брак, му ги изложува на опатот Шерц неговите размислувања против религијата II. Деветдневни молитви во Нотрдам де Виктоар III. Забелешки на Жан за жените IV. Прошетка со опатот Жозје: бракот и верата
LA RUPTURE	РАСКИНУВАЊЕ

I.- Leçon sur le «transformisme», professée au collège Venceslas II.- Scène entre Cécile et Jean, à propos du Congrès de la Libre-pensée III.- Scène entre Mme Pasquelin, Cécile et Jean, au sujet de la démission de Jean IV.- Au Congrès de Londres: «Causes de l'ébranlement général de la foi» V.- Réapparition de Jean à Buis, après la naissance de sa fille VI.- Dernière discussion entre Cécile et Jean VII.- Lettre du notaire, consacrant la rupture	I. Лекција за "трансформизмот", одржана во колеж Венцеслас II. Караница меѓу Сесил и Жан, во врска со Конгресот за слободна мисла III. Караница меѓу Г-ѓа Пасклен, Сесил и Жан во врска со раскинувањето на Жан со религијата IV. На Конгресот во Лондо н:"Причини за општото разнишување на верата" V. Повторно по јавување на Жан во Буј по раѓањето на неговата ќерка VI. После дната расправија меѓу Сесил и Жан VII. Писмо на нотарот со кое се официјализира раскинувањето
DEUXIÈME PARTIE	ВТОР ДЕЛ
LE «SEMEUR»	"СЕЈАЧ."
I- Jean Barois annonce à Breil-Zoeger qu'il est définitivement libre II- Réunion des amis de Barois pour fonder «Le Semeur» III- Visite de Barois à Luce, après la publication du premier numéro du «Semeur»	I. Жан Бароа го известува Брej-Зегер дека е конечно слободен II. Средба со пријателите на Бароа за основање на"Сејач" III. Посета на Лис од страна на Бароа, по објавувањето на првиот број на"Сејач".
LE VENT PRÉCURSEUR	ПРЕДВЕСНИЧКИ ВЕТАР
I- Premier soupçon de l'Affaire II- Woldsmuth lit à Barois le plaidoyer de Bernard Lazare III- Luce annonce à Barois son désir de lancer un manifeste dans «Le Semeur»	I. Првото сомневање во Аферата II. Волдсмут му го чита на Бароа говорот на одбраната на Бернар Лазар III. Лис му ја најавува на Бароа желбата да објави манифест во "Сејач"
LA TOURMENTE	БУРНИ НАСТАНИ
I- Réunion au «Semeur», avant le procès Zola.-L'émeute sous les fenêtres II- Dixième audience du procès Zola III- Le Suicide du colonel Henry IV- Autour du conseil de guerre de Rennes.-Les protestations de l'Allemagne V- Le retour de Rennes VI- A l'Exposition de 1900. - Luce prononce l'oraison funèbre de l'Affaire	I. Средба во просториите на "Сејач" пред судењето на Зола. Бунт под прозорците II. Десетто рочиште од судењето на Зола III. Самоубиството на полковникот Анри IV. Околу воениот совет во Рен. – Протести од страна на Германија V. Враќање во Рен VI. На изложбата во 1900. – Лис го говори посмртното слово за Аферата
LE CALME	СПОКОЈ
I- Interview sur la vie de Barois II- Conférence au Trocadéro: «L'avenir de l'incroyance» III- L'accident; le frôlement de la mort. - Le testament	I. Интервју за животот на Бароа II. Конференција во Трокадеро: "Иднината на неверувањето" III. Несреќен случај: допир на смртта. – Тестамент

TROISIÈME PARTIE	ТРЕТ ДЕЛ
LA FÊLURE	ПУКНАТИНА
I- Barois reçoit, après des années de rupture, la visite de l'abbé Joziers II- Les cendres de Zola au Panthéon	I. Бароа, по долгогодишното раскинување на односите, го прима во посета опатот Жозје II. Пепелта на Зола во Пантеон
L'ENFANT	ДЕТЕТО
I- Marie offre de faire un séjour chez son père II- L'arrivée de Marie à Paris III- Barois devant la foi de sa fille IV- Lettre à Luce, sur la vocation de Marie V- Mort de Mme Pasquelin. Barois ramène Marie à Buis VI- La pleurésie de Barois	I. Марија сака да престојува кај татко ѝ II. Пристигнувањето на Марија во Париз III. Бароа пред верата на ќерка му IV. Писмо на Лис за вокацијата на Марија V. Смртта на Г-ѓа Пасклен. – Бароа ја води Марија во Буј VI. Плевритот на Бароа
L'AGE CRITIQUE	КРИТИЧНА ВОЗРАСТ
I- Barois en contradiction avec un jeune libre-penseur. Enquête de Barois sur la jeune génération catholique II- Marie vient faire ses adieux à son père avant son noviciat III- Barois annonce à Luce qu'il abandonne la direction du «Semeur» IV- Prise de voile de Marie	I. Бароа со спротивставени мислења со еден млад филозоф – Анкета на Бароа за младата католичка генерација II.Марија се збогува со татко ѝ пред нејзиното закалуѓерување III. Бароа го известува Лис дека го напушта раководењето со"Сејач" IV.Закалуѓерување на Марија
LE CRÉPUSCULE	КВЕЧЕРИНА
I- Barois, réinstallé à Buis, reçoit la visite de l'abbé Lévys II- Journal de l'abbé Lévys: l'évolution religieuse de Barois III- La conversion de Barois IV- Dernière visite de Luce à Buis V- Lettre de Woldsmuth sur la mort de Luce VI- La mort de Barois	I. Бароа, повторно сместен во Буј, го прима во посета опатот Леви II. Весникот на опатот Леви :религиозна еволуција на Бароа III. Преобратување на Бароа IV. Последна посета на Лис на Буј V. Писмото на Волдсмут за смртта на Лис VI. Смртта на Бароа

A M. MARCEL HÉBERT.	НА Г. МАРСЕЛ ЕБЕР
Votre sensibilité religieuse ne peut qu'être blessée par certaines tendances de ce livre. Je le sais; et je vous remercie d'autant plus d'en avoir accepté la dédicace. Votre nom, au seuil de ces pages, n'est pas seulement le témoignage du respectueux et vivace attachement que je vous porte depuis vingt ans. Je suis assuré qu'il me vaudra, de tous ceux qui connaissent la noblesse de votre pensée et le riche apport critique de votre oeuvre, une attention plus grave el comme un reflet de cette estime qui entoure l'éloquent renoncement de votre vie.	Вашата религиозна чувствителност може само да биде повредена од одредени насочувања во оваа книга. Тоа го знам, и за тоа ви благодарам уште повеќе што ја прифативте посветата. Вашето име, на почетокот од овие страници, не е само сведоштво за живата и полна со почит приврзаност што ја чувствувам кон вас веќе дваесет години. Сигурен сум дека тоа ќе ми донесе, од страна на сите оние кои ја познаваат благород носта на вашата мисла и богатиот критички придонес на вашето дело, едно поголемо внимание како оддек на почитта која го придружува елоквентното откажување на вашиот живот.
R. M. G. (Octobre 1913.)	Р. М. Г. (Октомври, 1913)
PREMIÈRE PARTIE	ПРВ ДЕЛ
LE GOUT DE VIVRE	ЖЕЛБА ЗА ЖИВОТ
I	I
En 1878, à Buis-la-Dame (Oise).	Во 1878 г., во Буј-ла-Дам (департман Оаз).
La chambre de Mme Barois.	Собата на Г-ѓа Бароа.
Pénombre. Derrière les rideaux, la lune strie de noir et de blanc les persiennes. Sa lueur sur le parquet, met en relief un bas de robe, une bottine d'homme qui bat silencieusement la mesure. Deux respirations; deux êtres s'immobilisant dans une même attente.	Полутемница. Зад завесите, месечината отсликува црни и бели пруги врз ролетните. Месечевата светлина отскрива на подот едно парче од домашна наметка и една чизмичка која тивко го втиснува ритамот на чекорите. Две дишења; две суштества кои се подзапираат во едно исто очекување.
Par moments, dans la pièce voisine, le grincement d'un lit de fer; une voix d'enfant, sourde, entrecoupant des mots de rêve ou de délire. Dans l'entrebaîllement de la porte, un reflet	На моменти, во соседната соба, се слуша чкрипење на железен кревет; и пригушен детски глас, како прекинува зборови од на сон или од бладање. Во полуотворот на вратата, подвижен

mouvant de veilleuse.	отсјај од ноќна ламбичка.
Longue pause.	Долга пауза.
LE DOCTEUR (à voix basse).-Le bromure agit, la nuit va être plus calme.	ДОКТОРОТ (со тивок глас). — "Бромот дејствува, ноќта ќе биде помирна."
Lourdement Mme Barois se lève et, sur la pointe des pieds, s'approche de la porte; appuyée au vantail, le masque inerte et douloureux, les paupières à demi baissées, elle regarde fixement dans la chambre éclairée.	Тешко, Г-ѓа Бароа се подигнува и, напрсти, се приближува до вратата; потпрена на крилото од вратата, со неподвижен и страдален израз, со напола спуштени очни капаци, таа гледа втренчено во осветлената соба.
Mme Barois: grande vieille femme, au ventre déformé, à la démarche pesante. L'état cru de la veilleuse fouille impitoyablement son visage ravagé; la peau est jaune, distendue; des ombres soulignent la bouffissure des yeux, la chute des joues, le gonflement des lèvres, le fanon. Une bonté rigide, un peu bornée; une douceur têtue; de la réserve.	Г-ѓа Бароа: голема стара жена, со деформиран стомак, со тешки движења. Продорната светлина на ламбичката го разголува свирепо нејзиното уништено лице; кожата е жолта, п одвисната; сенки ја потцртуваат отеченоста на очите, виснатос та на образите, подуеноста на усните, подбрадокот. Ригидна добрина, по малку дозирана; тврдоглава кроткост; резервирано ст.
Quelques minutes.	Неколку минути.
MADAME BAROIS (bas).-Il dort.	ГОСПОЃА БАРОА (тивко). — "Спие."
Elle ferme avec précaution la porte, allume une lampe et vient se rasseoir.	Таа ја затвора внимателно вратата, запалува една лампа и седнува.
LE DOCTEUR (posant sa main sur celle de sa mère, et, par habitude, glissant les doigts jusqu'au pouls).-Vous aussi, Maman, ce voyage vous a épuisée.	ДОКТОРОТ (ставајќи ја својата рака врз раката од мајка си и, по обичај, придвижувајќи ги прстите сè до пулсот). - "И вас, мамо, патувањево ве измори."
Mme Barois secoue la tête.	Г-ѓа Бароа клима со главата.
MADAME BAROIS (bas).-Je sens que tu m'en veux, Philippe, d'avoir emmené Jean là-bas.	ГОСПОЃА БАРОА (тивко). "Чувствувам дека ми се лутиш, Филип, што го одведов Жан таму."
Il ne répond pas.	Тој не одговара.
Le Docteur Barois: cinquante-six ans. Petit, alerte; gestes vifs et précis.	Доктор Бароа: Педесет и шест години. Малечок, подвижен; со живи и прецизни гестови.

Le poil déjà gris. Un visage fin et comme aiguisé: l'arête du nez est coupante, la moustache darde deux bouts cirés, la barbe pointe; un demi-sourire, malicieux et bon, amincit les lèvres; l'œil mobile et perçant luit à feux brefs à travers le lorgnon.	Косата му е веќе набелена. Со убаво и издолжено лице: со испакната носна коска; со измазнети мустаќи; со изникната брада; една полу-насмевка, шегобиска и добра, му ги истенчува усните; подвижни и продорни очи сјаат со кратки одблесоци низ лорњонот.
MADAME BAROIS (après une pause).-Pourtant, ici, tous me l'ont conseillé... Et Jean, qui me tourmentait pour que je l'inscrive! Il avait le pressentiment, ce petit, qu'il reviendrait débarrassé de son mal. Pendant tout le voyage, il s'est fait répéter l'histoire de Bernadette...	ГОСПОЃА БАРОА (по пауза). — "Ама тука сите тоа ми го советуваа ... И Жан кој ме гњавеше да го запишам! Имаше прет чуство, малиот, дека ќе се врати ослободен од своето зло. За цело време по пат, тој бараше да му се раскажува приказната за Бернадета..."
Le docteur retire son lorgnon: regard myope, plein de tendresse. Mme Barois se tait. Leurs pensées se reconnaissent et se heurtent: tout un passé entre eux.	Докторот го вади лорњонот: со кратковид поглед, полн со нежност. Г-ѓа Бароа замолчува. Нивните мисли се препознаваа т и се судруваат: едно цело минато се испречува меѓу нив.
MADAME BAROIS (les yeux au ciel).-Oui, tu ne peux plus comprendre... Nous ne pouvons plus nous comprendre, toi et moi, mon fils et moi! Et voilà ce qu'ils ont fait de toi, à Paris, de l'enfant que tu étais...	ГОСПОЃА БАРОА (со очите подигнати кон небото). — "Да, ти неможеш повеќе да разбереш... Ние не можеме повеќе да се разбереме, ти и јас, синот мој и јас! Еве што направија од тебе, во Париз, од дете какво што беше..."
LE DOCTEUR.-Ma pauvre Maman, ne discutons pas... Je ne vous reproche rien. Rien, sinon de m'avoir averti lorsqu'il était trop tard pour que je dise non. Jean n'était pas capable de supporter un pareil voyage, dans un train omnibus, en troisième...	ДОКТОРОТ. - "Кутра мамичка, да не дискутираме ... Јас ништо не ви префрлувам. Ништо, освен тоа што ме известивте предоцна за да можам да кажам не... Жан не беше во состојба да поднесе такво патување, во шинобус, трета класа..."
MADAME BAROIS.-Est-ce que tu ne t'exagères pas son état, mon enfant? Tu l'as retrouvé ce soir, avec de la fièvre, avec du délire... Mais tu ne l'as pas vu tout cet hiver...	ГОСПОЃА БАРОА. — "Не претеруваш ли со неговото здравје, сине ? Го најде вечерва во грозница, во бладање... Но ти не си го видел цела зима..."
LE DOCTEUR (soucieux).-Non je ne l'ai pas vu, tout cet hiver.	ДОКТОРОТ (загрижен). — "Не: не сум го видел цела зима".
MADAME BAROIS (enhardie).-Depuis cette bronchite, il n'a jamais repris sa mine, c'est certain... Il se plaignait d'un point,	ГОСПОЃА БАРОА (охрабрена). — "По оној бронхит тој никогаш повеќе не се поврати, сигурно... Тој се жалеше на

là... Mais enfin, il n'avait pas l'air d'un enfant malade, je t'assure... Souvent le soir, il était gai, trop gai même...	едно место, тука... Ама сепак, немаше изглед на болно дете, ти гарантирам... Честопати, навечер, тој беше весел, дури многу весел..."
Le docteur remet soigneusement son lorgnon et se penche vers sa mère; il saisit sa main.	Докторот го става грижливо својот лорњон и се наведнува кон мајка си; ја фаќа за рака.
LE DOCTEUR.-Trop gai, le soir... Oui... (Secouant la tête.) Vous oubliez trop vite le passé, Maman.	ДОКТОРОТ. - "Многу весел, навечер... Да..." (Климајќи со главата.) "Вие многу брзо го заборавате минатото, мамо."
MADAME BAROIS (têtue).-Là-dessus, mon enfant, tu sais ce que je pense. Jamais je n'ai voulu croire que ta chère femme ait été ... ce que tu crois. C'est Paris qui te l'a tuée: comme tant d'autres!	ГОСПОЃА БАРОА (тврдоглава). — "Во врска со тоа, дете мое, ти знаеш што мислам јас. Никогаш не сум сакала да верувам дека твојата сакана жена била ... она што го мислиш. Париз ти ја уби: како и толку други!"
Le docteur baisse la tête. Il écoute à peine. A la lueur de la lampe, il vient d'apercevoir cette main qu'il caressait machinalement: lourde main, usée et molle, tachée de rouille, aux doigts déformés.	Докторот ја наведнува главата. Тој едвај слуша. При светлинат а од лампата, тој ја здогледува раката што махинално ја галеше, тешка одработена и смалаксана рака, истрошена, со де формирани прсти.
Il touche, avec un recul subit à sa petite enfance, cette alliance amincie, prête à rompre, que la jointure enflée tiendra prisonnière maintenant, jusqu'à la fin... Et spontanément, pour la première fois de sa vie peut-être, avec la tentation lâche de pleurer, de fuir, d'échapper à l'impitoyable, il porte à ses lèvres cette vieille main méconnaissable, qu'il ne confondrait pourtant avec aucune autre.	Со едно миговно враќање во детството, тој ја допира истенчена та до пред кинење бурма, што отеченият зглоб ќе ја чува сега заробена, сè до крајот... И спонтано, можеби за првпат во неговиот живот, обземен од благо чувство да заплаче, да бега, да се отргне од безмилосното, тој ја придвижува до своите усни таа непрепознатлива рака, но којашто тој впрочем не би ја поб ркал со ниедна друга.
Mme Barois, gênée, retire sa main.	Г-ѓа Бароа, чувствувајќи се нелагодно, ја извлекува раката.
MADAME BAROIS (avec âpreté).-Et d'abord, Jean est de notre côté, tout à fait... C'est ton portrait, voyons! Tout le monde le dit! Cet enfant-là n'a rien de sa mère...	ГОСПОЃА БАРОА (со жестина). — "Како прво, Жан е од нашата страна, сосема.. Па тој е твоја слика и прилика! Цел свет го вели тоа! Тоа дете нема ништо од мајка му..."
Pause.	Пауза.
LE DOCTEUR (à lui-même, sombre).-J'ai été tellement occupé, tout cet hiver... (Il s'aperçoit qu'il n'a pas répondu à sa	ДОКТОРОТ (кон себе, потиштено). — "Јас бев толку зафатен, целата зима..." (Тој забележува дека не ѝ одговорил на мајка

mère. Il se tourne affectueusement.) C'est dur, le métier, dans ces cas-là, Maman... Un fils malade, à quelques heures de Paris, et se laisser prendre son temps, tout son temps, heure par heure, pour d'autres... Chaque fois qu'on inscrit un rendez-vous nouveau, penser à cette feuille d'agenda qu'on ne peut garder blanche... Ah! si je pouvais quitter tout, m'installer là, près de lui, près de vous deux!... (Tranchant.) Mais je ne peux pas. C'est impossible.	си. Се свртува кон неа нежно.) "Тешка е професијата во такви случаи, мамо... Болен син, на неколку часа од Париз... И да оставиш да ти го земат времето, целото твое време, час по час, за други... Секогаш кога закажувам нов преглед, кога помислув ам на страницата од агендата која не смее да остане празна...Ах ! Да можев сè да напуштам, да се сместам тука, близу до него, близу до вас двајцата! ..." (Одлучно) "Но не можам. Тоа не е можно."
Il soulève son pince-nez, l'essuie, réfléchit quelques instants, puis le replace avec décision. La parole devient brève, affirmat ive,-professionnelle.	Тој го подигнува лорњонот, го брише, размислува за момент, потоа го враќа одлучно. Искажувањето му станува кратко, кате горично – професионално.
LE DOCTEUR.-Il va falloir redoubler de surveillance, nuit et jour, combattre pied à pied le mal...	ДОКТОРОТ. "Треба да се удвостручи будноста, дење-ноќе, да се бориме континуирано со болеста..."
Mme Barois laisse échapper un geste d'incrédulité.	На г-ѓа Бароа ѝ се откраднува гест на неверување.
Le docteur s'arrête net, enveloppe sa mère d'un coup d'œil rapide. Une seconde de désarroi: ainsi, lorsqu'au cours d'une opération il doit brusquement renverser son plan. Puis l'œil s'aiguise, se fixe; une résolution nouvelle.	Докторот се запира наеднаш, ѝ упатува на мајка си еден брз поглед. Еден миг на збунетост: исто како кога, за време на операција, тој треба да го смени планот одеднаш. Потоа окото се изострува, се фиксира: донесена е нова одлука.
Long silence.	Долга тишина.
II	II
Huit jours après, un dimanche matin.	Осум дена потоа, едно неделно утро.
LE DOCTEUR (entrant dans la chambre de Jean).-Bonjour, mon petit. Comment allons-nous, ce matin? La fenêtre fermée, par ce beau soleil?	ДОКТОРОТ (влегувајќи во собата на Жан). — "Добар ден, сине. Како сме утрово? Затворен прозорец, на ова убаво сонце?"
Il prend les mains de l'enfant, et le place devant lui, face au jour.	Тој го фаќа детето за раце и го поместува пред себе, на светло.
LE DOCTEUR.-La langue... Bon... As-tu bien dormi, cette semaine? Pas trop? Tu t'agites toujours dans ton lit? Tu te réveilles parce que tu as trop chaud? Ah... (Une tape sur la	ДОКТОРОТ. — "Испружи го јазикот... Добро... Дали спиеше добро, неделава? Не премногу? Се вртиш сè уште во кревет? Се будиш зашто ти е многу топло? Ах..." (Една плесканица по

joue.) Déshabille-toi que je t'ausculte.	образот) "Соблечи се, да те прегледам."
Jean: un gamin de douze ans, pâlot.	Жан: дете од дванаесет години, бледичко.
Des traits fins, sans caractère. Le regard est plus personnel: caressant, réfléchi, sans gaieté. Un torse malingre; des traînées mauves, sur la peau mince, soulignent les côtes.	Убави црти, нормални. Погледот е посвоевиден: милозлив, мисловен, без веселост. Слабичко тело; На тенката кожа, модри делови ги оцртуваат ребрата.
LE DOCTEUR.-Voyons, maintenant... Appuie-toi, le dos au mur, comme l'autre jour; les bras pendants... Lève le menton, ouvre la bouche... C'est ça... (Il retire son lorgnon.) Respire profondément, régulièrement... Recommence...	ДОКТОРОТ. — "Aj сега да видиме... Потпри се, со грбот до ѕид, како минатиот пат; рацете да ти висат... Подигни ја брадата, отвори ја устата... Така..." (Го вади лорњонот.) "Диши длабоко, нормално... Повторно..."
Il écoute, le masque douloureux, l'œil clignotant, isolé du monde par sa myopie et son attention crispée.	Тој наслушува, со болен изглед, со треперливи очи.
L'angoisse du père. L'insouciance de l'enfant qui bâille et regarde le ciel. Longue auscultation.	Страхување на татко, отсечен од светот со неговата тесногледо ст и неговото згрчено внимание. Безгрижност на дете кое зева и го набљудува небото. Долго ослушнување.
LE DOCTEUR (simplement).-C'est bien, mon petit, tu peux te rhabiller... (Sourire très tendre.) Maintenant, voici ce que je te propose: nous allons descendre au jardin, tous les deux, et causer tranquillement, au soleil, en attendant que ta grand'mère soit revenue de la messe. Quoi?	ДОКТОРОТ (едноставно). — "Добро е, сине, можеш се облече ш..." (Многу нежна насмевка.) "А сега, еве што ти предлагам: и двајцата ќе се симнеме во градината, и ќе си разговараме мирно, на сонце, чекајќи ја баба да се врати од миса. Што велиш ?"
JEAN.-Grand'mère ne doit pas être partie... (Timide.) C'est la Pentecôte, papa... J'aurais voulu...	ЖАН. — "Не требаше баба да замине..." (Срамежливо.) "Дуовден е, тато... Би сакал..."
LE DOCTEUR (doucement).-Non, mon petit, ce ne serait pas prudent. Il fait chaud en marchant, et l'église doit être très fraîche.	ДОКТОРОТ (смирено). — "Не, сине, не би било паметно. Одењето загрева, а во црквата е свежо."
JEAN.-C'est si près...	ЖАН. — "Толку е блиску..."
LE DOCTEUR.-Et puis, il faut que je prenne le train de trois heures: une consultation, ce soir, à Paris... Je veux te voir un peu, tu comprends? (Changeant de ton.) J'ai à te parler, Jean, sérieusement, très sérieusement... (Un temps.) Descendons.	ДОКТОРОТ. "Освен тоа, треба да го фатам возот во 3 часот: вечерва имам преглед во Париз... Сакам малку да се видам со тебе, разбираш? " (Менувајќи го тонот.) "Треба да зборувам со тебе, Жан, сериозно, многу сериозно..."(По некое време.) "Да

	се симнеме."
Le vieux logis des Barois est au sommet de la ville.	Старото живеалиште на фамилијата Бароа се наоѓа на врвот од градот.
Le bâtiment du fond, adossé au clocher, étaye l'église; les deux ailes, basses, couvertes en tuiles, avancent vers la rue; un mur de prison les relie, que ferme un large portail.	Крајната зграда, наслонета на камбаната, ја потпира црквата; двете крила, ниски, покриени со ќерамиди се издадени кон улицата; поврзани се со голем ѕид кој завршува со широки порти.
L'espace ainsi clos est mi-cour, mi-jardin. Plusieurs fois par jour, le son des cloches s'engouffre dans ce puits sonore et l'emplit jusqu'à ébranler les murailles.	Така затворениот простор е полу-двор, полу-градина. Повеќепа ти во денот звукот на камбаните се втурнува во овој звучен бунар и го исполнува до тресење на зидините.
Le docteur emmène Jean sous le berceau de vignes vierges.	Докторот го носи Жан под сводот прекриен со ползавец.
LE DOCTEUR (enjouement factice).-Allons, assieds-toi là... Nous sommes très bien, ici...	ДОКТОРОТ (глумејќи веселост). — "Дојди, седни тука... Тука нѝ е добро..."
JEAN (prêt à pleurer sans savoir pourquoi).-Oui, papa.	ЖАН (готов да заплаче без да знае зошто). — "Да, тато."
Le docteur a son visage d'hôpital: le nez pincé, l'œil fureteur et grave.	Докторот го поприма својот болнички изглед: напрчен нос, љубопитен и озбилен изглед.
LE DOCTEUR (fermement).-Voici ce que j'ai à te dire, Jean, en trois mots: «tu es malade»...	ДОКТОРОТ (одлучно). — "Еве што имам да ти кажам, Жан, во три збора: ти си болен..."
Pause. Jean ne bouge pas.	Пауза. Жан не се помрднува.
LE DOCTEUR.-Tu es malade, et plus que tu ne crois. (Nouvelle pause. Le docteur ne quitte pas l'enfant du regard.) J'ai voulu que tu le saches, parce que, si tu ne te soignes pas toi-même, énergiquement, ça pourrait devenir grave ... tout à fait grave...	ДОКТОРОТ. — "Ти си болен и повеќе отколку што мислиш." (Нова пауза. Докторот не го трга погледот од детето.) "Сакав ти да знаеш, зашто, ако самиот не се чуваш, и тоа енергично, би можело да стане озбилно... многу озбилно..."
JEAN (retenant ses larmes).-Alors... Je ne vais pas mieux?	ЖАН (задржувајќи ги солзите). — "Значи... Не сум подобар?"
Le docteur secoue la tête.	Докторот одмавнува со главата.
JEAN.-Alors, ce qui s'est passé à Lourdes? (Il réfléchit une seconde.) Peut-être que ça ne se voit pas encore...	ЖАН. — "Па тогаш, она што се случи во Лурд?" (Размислува за миг.) "Можеби тоа сè уште не се гледа..."

LE DOCTEUR.-Ce qui s'est passé là-bas, moi, je n'en sais rien. Je dis seulement ceci: aujourd'hui, tel que tu es là, devant moi tu es ... très sérieusement atteint.	ДОКТОРОТ. — "Она што таму се случило, мене не ми е познато. Го велам само следното: денес, таков како што си, тука пред мене, ти си...многу сериозно болен."
JEAN (demi-sourire).-Qu'est-ce que j'ai?	ЖАН (со полу-насмевка). — "Што имам?"
LE DOCTEUR (fronçant les sourcils).-Tu as... (Longue hésitation.) Laisse-moi t'expliquer, écoute-moi, et tâche de comprendre ce que je vais te dire. Ta mère... (Il retire son lorgnon, l'essuie, et tourne vers Jean son regard myope.) Tu ne te rappelles rien de ta maman?	ДОКТОРОТ (собирајќи ги веѓите). — "Имаш ..." (Долго колебање.) "Ќе ти објаснам, слушај ваму, и обиди се да го разбереш тоа што ќе ти го кажам... Мајка ти..." (Тој го вади лорњонот, го брише, и го вперува во Жан својот кусовид поглед.) "Не се сеќаваш ништо за мајка ти?"
Jean, confus, fait un signe négatif.	Жан, збунет, одмавнува со главата.
LE DOCTEUR.-Ta maman, jeune fille, vivait ici, à la campagne; elle se portait bien, mais elle n'était pas très robuste. Après notre mariage, il a fallu qu'elle vienne habiter Paris, à cause de moi. Ta naissance l'a beaucoup fatiguée... (Aspiration.) C'est à ce moment-là qu'elle a commencé à être malade... (Insistant.) D'abord une bronchite infectieuse... Tu sais ce que c'est?	ДОКТОРОТ. — "Мајка ти, како млада, живееше тука, на село; таа беше здрава, ама не беше многу снажна. Откако се зедовме, требаше да дојде да живее во Париз, заради мене. Твоето пород ување многу ја измори..." (Вдишување.) "Токму тогаш се разболе..." (Инсистирајќи.) "Најпрвин од акутен бронхит... Знаеш што е тоа?"
JEAN.-Comme moi?	ЖАН. — "Како мене?"
LE DOCTEUR.-... Elle s'en est mal remise: elle passait de mauvaises nuits à se retourner dans son lit, avec de la fièvre... (Mouvement de l'enfant.) Elle sentait toujours un point douloureux, là... (Il se penche, résolument.) Tiens, là...	ДОКТОРОТ. — "...Тоа многу лошо ја погоди: поминуваше цели ноќи превртувајќи се во кревет, во грозница..." (Движење на детето.) "Постојано чувствуваше болка, тука..." (Се наведнува, одлучно.) "Еве, тука..."
JEAN (angoissé).-Comme moi?	ЖАН (исплашен). — "Како мене?"
LE DOCTEUR.-Quand je me suis aperçu qu'elle était malade, j'ai voulu qu'elle se soigne. Je lui ai dit à peu près tout ce que je veux te dire aujourd'hui. Malheureusement, elle ne m'écoutait pas... (Une pause. Hésitant sur les mots, mais d'une voix très ferme.) Ta maman, vois-tu, était une femme très bonne, douce, dévouée ... et que j'aimais profondément... Mais	ДОКТОРОТ. — "Кога забележав дека е болна, сакав да се лечи. И го реков речиси сето она што сакам да ти го кажам денеска. За жал, таа не ме слушаше..." (Пауза. Двоумејќи се околу зборовите, но со одлучен тон.) "Мајка ти, знаеш, беше многу добра жена, нежна, посветена... и којашто јас многу ја сакав...Но таа беше многу помлада од мене...крајно побожна..."

elle était beaucoup plus jeune que moi ... excessivement pieuse... (Avec lassitude.) Je n'ai jamais pu prendre la moindre influence sur elle... Elle me voyait, tous les jours, conseiller, guérir des gens: pourtant, elle n'avait pas confiance... Et puis, elle ne se sentait pas vraiment malade. Moi, je venais d'avoir mon service à l'hôpital, j'avais une vie très occupée je ne pouvais pas la surveiller comme il aurait fallu. Je voulais l'installer ici, au bon air; elle refusait... La toux a commencé... Il y a eu des consultations... C'était trop tard... (Une pause) Alors ... ça a été très vite... L'été ... l'automne ... l'hiver... Au printemps elle n'était plus là...	(Со измореност.) "Не можев никогаш да влијаам на неа... Секој дневно ме гледаше како им давам совети на луѓето, како оздра вувам луѓе: меѓутоа, таа не беше свесна... А освен тоа, таа заправо не се чувствуваше ни болна. Јас штотуку бев започнал со мојата работа во болница, бев многу зафатен, не можев да ја надгледувам како што требаше. Сакав да ја сместам тука, на здрав воздух; таа одбиваше... Дојде кашлицата...Следуваа прег леди...Предоцна беше..." (Пауза.) "Тогаш...многу бргу се случи... Лето...Есен, зима...На пролет таа повеќе не беше тука..."
Jean fond en larmes.	Жан е облеан во солзи.
Le docteur l'enveloppe d'un regard attentif et froid, sans un geste: il attend, au chevet d'un malade, l'effet d'une piqûre.	Докторот му упатува внимателен и студен поглед, без движења: како кога го чека, крај зглавјето на болен човек, ефектот од ставена инекција.
Quelques minutes.	Неколку минути.
LE DOCTEUR.-Je ne te raconte pas ça pour t'attrister, mon petit. J'essaye de te parler comme à un homme, parce que c'est nécessaire... Tu avais hérité de ta mère une prédisposition à être malade comme elle. Une prédisposition, tu comprends? rien de plus. C'est-à-dire que, si tu te trouvais dans certaines conditions défavorables, le même mal pouvait s'attaquer à toi.	ДОКТОРОТ. — "Не ти го раскажувам ова за да те растажам, сине. Се обидувам да ти зборувам како на маж, зашто така треба... Ти наследи од мајка ти предиспозиција да бидеш болен како нејзе. Предиспозиција, сфаќаш? Ништо повеќе. Односно, ако се најдеш во одредени неповолни услови, истото зло би можело да те нападне.
Eh bien, tu en es là, exactement. Tu es, depuis cet automne, dans un état de ... faiblesse générale, qu'il est urgent ... très urgent de...	Е па еве, ти си сега во таква ситуација. Уште од есента, ти се наоѓаш во состојба на општа слабост така што е ургентно... многу ургентно да..."
Jean, épouvanté tout à coup, glisse du banc et se jette au-devant de son père, qui le serre maladroitement contre lui.	Жан, престрашен одеднаж, се лизга од клупата и се фрла кон татко му, кој го прегрнува незграпно.
LE DOCTEUR.-N'aie pas peur, mon petit, n'aie pas peur, je suis là...	ДОКТОРОТ. — "Не се плаши, малечок, не се плаши: јас сум тука."

JEAN (à travers ses sanglots).-Oh, je n'ai pas peur... J'ai déjà rêvé ... que j'étais au ciel...	ЖАН (низ лелеци). — "Ох, не ми е страв... Веќе сонував... дека сум на небо..."
Le docteur l'écarte d'un geste brusque, et le plante devant lui.	Докторот го оттурнува со брзо движење, и го поставува пред себе.
LE DOCTEUR (violemment).-Il ne s'agit pas de mourir, Jean, mais de vivre. Tu peux te défendre, défends-toi!	ДОКТОРОТ (силно). — "Не се работи за тоа да се умре, Жан, туку да се живее. Ти можеш да се браниш, одбрани се!"
Le gamin, interloqué, cesse de pleurer. Il regarde son père. Il aurait aimé à être pris sur les genoux, câliné. Il se heurte à l'éclat froid d'un lorgnon.	Момчето, запрепастено, престанува да плаче. Го гледа татка си. Би сакало татко му да го земе в раце и да го гали. Но се судрува со студениот отсјај на лорњонот.
Un sentiment nouveau: de la crainte, un peu de rancune; mais-l'ascendant de l'intelligence et de la force,-une confiance absolue, une foi.	Едно ново чувство: страв, малу лутина; но — како последица на наследена интелигенција и сила — апсолутна доверба, вера.
LE DOCTEUR.-Tu ne sais pas... Un corps humain, ça nous paraît harmonieux, ordonné?... Eh bien, ce n'est qu'un vaste champ de bataille... Il y a là des myriades de cellules qui se heurtent et s'entremangent... Je t'expliquerai ça... Sans cesse, des millions de petits êtres nuisibles nous assaillent, et parmi eux, naturellement, la tuberculose, qui guette les prédisposés comme toi... Alors, c'est très simple: si l'organisme est fort, il repousse l'attaque; s'il est déprimé, il se laisse envahir... (Saisissant le bras de Jean, et scandant les mots.) Il n'y a donc qu'un moyen, un seul: devenir fort, le plus vite possible, pour reprendre le dessus. La guérison est à ta portée, il suffit de la «vouloir»! Attelle-toi à cette besogne! C'est uniquement une question d'énergie, de persévérance... Comprends-tu?... L'existence tout entière est un combat; la vie, c'est de la victoire qui dure... Ah, comme tu t'en apercevrais bientôt, si tu «voulais» vraiment!	ДОКТОРОТ. — "Ти не знаеш... Човечкото тело нѝ се чини хар монично, подредено ? Е па, тоа е само едно широко борбено поле... Има таму илјадници ќелии кои се судираат и се јадат меѓу себе... Ќе ти го објаснам тоа... Непрестајно, милиони ситни штетни суштества нѝ се нафрлуваат, и, меѓу нив, се разбира, туберкулозата, која ги демне придиспонираните како тебе... Тогаш, многу е јасно: ако организмот е јак, тој го одбива нападот; ако е заслабнат, тој бидува освоен..." (Фаќајќи ја раката на Жан, и скандирајќи ги зборовите.) "Преостанува само еден единствен начин: да се стане силен, што е можно побрзо, за да се победи. Заздравувањето ти е на дофат, доволно е да го посакуваш! Впрегни се во таа задача! Тоа е само прашање на енергија, на упорност... Разбираш?... Целото постоење е борба; животот, тоа е победа која трае... Ах, колку брзо би ти станало јасно, ако навистина сакаш!"
D'instinct, l'enfant est revenu se blottir contre son père.	Инстинктивно, детете повторно се склупчи кај татко си.

LE DOCTEUR (l'entourant d'un bras).-Si je pouvais quitter mes malades, ma clinique, ma salle d'opération, et me consacrer à toi, mon petit, je te tirerais d'affaire, j'en réponds... (Avec force) Eh bien, ce que je ne peux pas, ce que je n'ai pas le droit de faire, tu le peux, toi, guidé par moi. (Au visage.) Veux-tu?	ДОКТОРОТ (прегрнувајќи го со една рака). — "Да можам да ги напуштам моите болни, мојата клиника, мојата операциска сала, и да ти се посветам, сине, би те излекувал, ти гарантирам. .." (Силно.) "Е па, она што не можам, она што не ми припаѓа мене да го направам, ти го можеш тоа, воден од мене. " (Во лице.) "Сакаш? "
JEAN (dans un grand élan).-Ah, papa, je te promets... Je vais m'y mettre, va!...	ЖАН (со голем елан). — "Ах, тато, ти ветувам... Ќе го направам, еве!..."
Une pause. Le docteur sourit.	Пауза. Докторот се насмевнува.
JEAN (après réflexion, à mi-voix).-L'abbé Joziers va dire des messes pour moi...	ЖАН (по кратко размислување, полугласно). — "Опатот Жозје ќе се помоли за мене..."
LE DOCTEUR (avec douceur).-Si tu veux. Mais ça ne suffirait pas. Il y a plus pressé, pour l'instant.	ДОКТОРОТ (нежно). — "Ако сакаш. Но тоа не би било доволно. Има нешто поитно, за сега."
Jean recule d'un pas.	Жан остапува еден чекор назад.
LE DOCTEUR (lentement).-Comprends-moi, mon petit, et crois ce que je te dis... Je te répète que ta pauvre maman a succombé parce qu'elle n'avait pas eu confiance...	ДОКТОРОТ (полека). — "Разбери ме, сине, и веруваj во она што ти го кажувам...Ти повторувам дека твојата кутра мајка подлегна зашто немаше доверба во мене..."
L'enfant se rapproche.	Детето се приближува.
LE DOCTEUR.-Tu penses bien que je n'ai pas cherché à te blesser. Je compte même beaucoup sur ta piété pour te soutenir dans cette lutte. Seulement, vois-tu, il y a un proverbe: «Aide-toi, le ciel t'aidera.» Prie de tout ton cœur, mon enfant, mais n'oublie jamais qu'il faut subordonner tout,-même tes prières, tu entends?-au traitement d'hygiène que je vois te donner. (Avec une fougue persuasive.) Et ce traitement-là, Jean, si tu veux guérir, il faudra le suivre, je ne dis pas seulement avec bonne volonté, ni avec suite, comprends-tu, mon chéri...	ДОКТОРОТ. — "Јасно ти е дека немав намера да те повредам. Сметам дури многу на твојата побожност да те подржи во таа борба. Само, знаеш, има една пословица: Помогни си, и Господ ќе ти помогне. Моли се со целото твое срце, сине, но не заборавај никогаш дека сè треба да потчиниш, — дури и твоите молитви, разбираш? — на хигиенскиот третман што ќе ти го дадам." (Со убедителен занес:) "И тој третман, Жан, ако сакаш да оздравиш, треба да го следиш, не велам само со добра волја, ниту континуирано, разбираш, миличок..."
A pleines volées, toutes les cloches de la Pentecôte annoncent l'Elévation.	Со полна сила, сите камбани за Дуовден го најавуваат Успението.

Le docteur est obligé de hausser la voix, de crier, dans le vacarme trépidant.	Докторот е принуден да го подигне гласот, да вика, во непреки натата бука.
LE DOCTEUR.-... je ne dis pas seulement avec courage, mais avec une passion, une ténacité enragées! Avec la volonté farouche de remonter le courant, de conquérir des forces, de repousser le mal, de repousser la mort! Avec le goût frénétique de la vie! Vivre, Jean... Si seulement, une fois, tu avais bien compris ce que c'est! Rester vivant, aimer encore ce que tu aimes, voir longtemps encore ce soleil là, sur la treille de ta vieille maison... Longtemps encore être assourdi et grisé par ces cloches... Regarde un peu autour de toi, cette lumière, ces arbres, le ciel, le clocher... (Il le secoue par les épaules.) Vivre, Jean!...	ДОКТОРОТ. — "... не велам само со храброст, туку и со страст, со исклучителна упорност! со нескротлива волја да се пребродат тешкотиите, да се освојат сили, да се оттурне злото, да се нападни смртта! со френетичка волја за животот!... Да се живее, Жан... Еднаш, барем еднаш да разбереш добро што е тоа! Да останеш жив, да го сакаш уште она што го сакаш, да го гледаш долго ова сонце, низ лозницата на твојата стара куќа... Уште долго време да бидеш заглушен и опијанет од овие камбани... Погледни ги малку околу тебе, оваа светлина, овие дрва, небото, камбанаријата..." (Тој го занишува за рамениците.) "Да се живее, Жан!..."
L'enfant, électrisé, frémissant, soulevé par une impulsion nouvelle, s'est dressé tout droit devant son père, le feu aux joues, les yeux étincelants.	Возбудено, растреперено, понесено од еден нов поттик, детето стои целото исправено пред татко му, запалено во образите, со блескави очи.
Le docteur le toise longuement, gravement, et l'attire à lui.	Докторот го набљудува долго, озбилно, и го повлекува кон себе.
Les cloches se taisent. Un instant encore leurs vibrations tourbillonnent dans la cour, avant de s'évanouir dans l'espace.	Камбаните замолкнуваат. Уште за момент, нивните вибрации кружат низ дворот пред да исчезнат во просторот.
Silence.	Тишина.
LE DOCTEUR (pesant ses mots).-Trois choses: la nourriture, l'air, le repos... Il faut bien retenir tout ce que je vais te dire...	ДОКТОРОТ (мерејќи ги зборовите). — "Три работи: исхрана, воздух, одмор...Треба добро да запомниш сè што ќе ти кажам..."
III	III
A Buis, chez Mme Pasquelin, la marraine de Jean.	Во Буј, кај г-ѓа Пасклен, кумата на Жан.
Une chambre. Pénombre. Aux vitres, crépuscule neigeux d'hiver.	Соба. Полутемница. Зад стаклата, снеговита зимска квечерина.
Devant la cheminée, éclairé par la braise, un groupe	Пред каминот, кој е осветлен од жарот, една молчалива група:

silencieux: Mme Pasquelin, debout, se penche vers Jean qui sanglote sur son épaule. La petite Cécile, haletante, le mouchoir sur les lèvres, incapable d'assister au chagrin de Jean, se serre contre les jupes de sa mère.	г-ѓа Пасклен, стоејќи, се наведнува кон Жан кој липа врз нејзиното рамо; малата Сесил, задишана, со марамчето врз усните, неможејќи да присуствува на тагата на Жан, се пика во здолништето од мајка си.
Sur le tapis, deux dépêches froissées:	Врз тепихот, две стуткани телеграми:
«Pasquelin. Buis-la-Dame. Oise.	"Пасклен. Буј-ла-Дам. Оаз.
«Mère très ébranlée par la traversée de Paris. Opération retardée par suite de complications imprévues. Suis inquiet.	"Мама многу вознемирена од мунивањето низ Париз. Операциј ата одложена поради непредвидени компликации. Загрижен сум.
Dr Barois.»	"Бароа."
«Pasquelin. Buis-la-Dame. Oise.	"Пасклен. Буј-ла-Дам. Оаз.
«Mère a succombé ce matin onze heures maison de santé sans avoir repris conscience. Intervention était devenue impossible. Prévenez Jean avec grands ménagements, évitez toute secousse.	"Мама подлегна утрово во 11 часот во санаториум без да се освести. Операцијата стана невозможна. Известете го Жан многу претпазливо, избегнете потреси.
Dr Barois.»	"Бароа."
IV	IV
Trois ans plus tard.	Три години подоцна.
Une cellule carrelée derrière la sacristie. Éclairage bas d'un jour de souffrance. Deux chaises, deux prie-dieu. Au mur, un christ.	Поплочена ќелија зад сакристијата. Слаба светлина од еден мал отвор. Две столици, две молитвени столчиња. На ѕидот, Христос.
L'abbé Joziers: un visage jeune; le front haut, déjà découvert; des cheveux blonds, coupés courts et frisés. L'œil gai et pur: la paix d'une foi simple et active. La lèvre supérieure mince et grave; la lèvre inférieure charnue, d'une ironie un peu provocante, mais cordiale.	Опатот Жозје: Младешко лице; високо чело, со големи залистоци, со руса коса, кратка и кадрава. Весел и невин поглед: мир на едноставна и активна вера. Горната усна тенка и озбилна; долната усна месеста, со малу провокативна иронич ност, но срдечна.
Dans le regard, dans le sourire, le joyeux défi de ceux pour qui tout est définitivement éclairci en ce monde comme en l'autre,	Во погледот, во насмевката, радосен предизвик на оние за кои сѐ е дефинитиивно разјаснето во овој свет како и во другиот, и

et qui se sentent avec sérénité les seuls dépositaires du Vrai.	кои се чувствуваат со смиреност единствени поседувачи на Ви стинитото.
L'abbé Joziers clot soigneusement la porte et se tourne vers Jean, les deux mains tendues.	Опатот Жозје ја затвора грижливо вратата и се свртува кон Жан, со испружени раце.
L'ABBÉ.-Eh bien, l'ami Jean, qu'y a-t-il donc? (Gardant la main de Jean dans la sienne.) Asseyez-vous d'abord.	ОПАТОТ. — "Е па, пријателе Жан, што има ?" (Држејќи ја раката на Жан) "Најпрвин седнете."
Jean Barois: quinze ans.	Жан Бароа: петнаесет години.
Grand, souple et charpenté. Le buste large; le cou dégagé et solide. Une tête vigoureuse; un front carré, bordé de cheveux bruns, drus et durs. Entre les paupières courbes, légèrement plissées, qui marquent une attention vigilante, luit un regard vif et direct: le coup d'œil pénétrant de son père. Le bas du visage est encore d'un enfant. La bouche, peu formée, mobile, change à tout instant; le menton au galbe rond, dissimule la lourdeur de la mâchoire.	Голем, подвижен и корпулентен. Со широко торзо; со издаден и јак врат. Со снажна глава; четвртесто чело, омеѓено со кафеава густа и цврста коса. Од зад наваленитe трепки, малу п одзбрчкани, кои оддаваат будно внимание, свети жив и директен поглед: продорниот поглед на татко му. Долниот дел на лицето е сè уште детски. Устата, недооформена, подвижна, се менува во секој момент; брадата, во кружна форма, ја затскрива масивноста на вилицата.
Une volonté tranquille et tenace, résultat de cette lutte acharnée: quatre ans d'obstination méthodique vers la résurrection, quatre ans d'épouvantes et d'espoirs. La vie pour enjeu!	Мирна и упорна волја, резултат на таа жестока борба: четири години на методска упорност кон воскреснување, четири години на ужаси и надежи. Со животот како влог!
Mais la bataille est gagnée.	Но битката е добиена.
L'ABBÉ.-Eh bien?	ОПАТОТ. — " Па?"
JEAN.-Monsieur l'abbé, j'ai beaucoup réfléchi, avant de me décider. Depuis longtemps j'en ai envie, et je remets cette visite... Voilà... (Un temps.) Il y a des questions que je me pose aujourd'hui, qui me troublent... Un tas d'idées qui me viennent à propos de la religion. Surtout depuis que je vais prendre ces répétitions à Beauvais... (Hésitant.) J'aurais besoin qu'on discute avec moi, qu'on m'explique...	ЖАН. — "Господине Опате, расмислував многу пред да се одлучам. Уште одамна имам потреба, и ја одложувам оваа посета... Еве..." (Пауза.) "Има прашања што си ги поставувам денес, кои ме тиштат... Лавина идеи кои ми надоаѓаат во врска со религијата. Особено откако одам на часовите во Бове..." (Со колебање.) "Би имал потреба некој да разговара со мене, да ми објасни..."
L'abbé tourne son regard décidé vers Jean.	Опатот го свртува погледот кон Жан.

L'ABBÉ.-Mais, rien n'est plus simple. Je me mets entièrement à votre disposition, mon enfant. Il y a des sujets qui vous embarrassent? Lesquels?	ОПАТОТ. — "Ама ништо поедноставно од тоа. Ви стојам на ра сполагање, чедо. Има работи кои ве збунуваат? Кои? "
Le masque de Jean prend une gravité inattendue. Il renverse un peu le front. La tension des muscles fait tomber les coins de la lèvre, qu'ombre un duvet brun. Le regard est fiévreux.	Изгледот на Жан наеднаш станува неочекувано озбилен. Го задава челото малку наназад. Напнатоста на мускулите ги потспушта краевите на усната врз кои паѓа сенка од кафеавкаст а брадичка. Погледот е напнат.
L'ABBÉ (souriant).-Allons...	ОПАТОТ (насмеан). — "Ајде..."
JEAN.-Monsieur l'abbé, d'abord...	ЖАН. — "Господине Опате, на почетокот... Што се заправо слободни мислители? "
Qu'est-ce que c'est au juste que les libres-penseurs? L'abbé se redresse et répond tout de suite, sans une hésitation, avec un demi-sourire satisfait. Il s'exprime avec une énergie contenue, très particulière, les dents un peu serrées, en insistant longuement sur certains mots qu'il met exagérément en vedette.	Опатот се исправа и веднаш одговара, без трунка колебање, со една задоволна полунасмевка. Тој се изразува со една контроли рана енергија, доста специфична, со малу стегнати заби, инсит ирајќи долго врз некои зборови што особено ги истакнува.
L'ABBÉ.-Les libres-penseurs? Ce sont des naïfs le plus souvent qui s'imaginent que nous pouvons penser librement. Penser librement! Mais les fous seuls pensent librement. (Riant.) Est-ce que je suis libre de penser que cinq et cinq font onze? Ou que l'article masculin se met devant le substantif féminin? Voyons? Il y a des règles partout, en grammaire, en mathématiques.-Les libres-penseurs croient pouvoir se passer de règles; mais aucun être vivant ne peut se développer, sans être attaché à quelque point solide! Pour marcher, il faut un sol ferme. Pour penser il faut des principes stables, des vérités contrôlées,-que seule la religion détient.	ОПАТОТ. — "Слободни мислители? Тоа се наивни лауѓе, најчесто, кои си замислуваат дека ние можеме да мислиме слободно. Да се мисли слободно! Но единствено лудите мислат слободно." (Смеејќи се.) "Слободен ли сум јас да мислам дека пет и пет се единаесет? Или дека членот за машки род се става пред именката од женски род? Ама дај? Насекаде има правила, во граматиката, во математиката... Слободните мислители веруваат дека можат да ги одминат правилата; но ниедно живо суштество не може да се развива, без да се потпре на нешто цврсто! За одење, треба цврста површина. За мислење, треба цврсти принципи, контролирани вистини, — коишто, единстве но, религијата ги поседува. "
JEAN (sombre).-Monsieur l'abbé, je crois que j'ai des tendances à devenir libre-penseur...	ЖАН (потиштен). — "Господине Опате, мислам дека јас имам склоности да станам слободен мислител..."

L'ABBÉ (riant).-Ah, diable! (Affectueux.) Non, mon enfant, n'ayez pas peur: de cela, je réponds... Comment pouvez-vous faire une supposition pareille!	ОПАТОТ (смеејќи се). — "Aj, aj! " (Присно.) "Не, чедо, не се плашите: за тоа, јас гарантирам... Како можете такво нешто и да претпоставите! "
JEAN.-J'ai changé. Autrefois, j'avais une vie religieuse tranquille, jamais je n'aurais eu l'idée de réfléchir, de discuter. Maintenant, ça me prend, je cherche à m'expliquer tout ça, je n'y arrive pas, et alors, j'ai des espèces d'inquiétudes...	ЖАН. — "Се променив. Порано, имав мирен религиозен живот: не би ми паднало на памет никогаш да размислувам, да дискутирам. Сега, тоа ми доаѓа... се обидувам да си го објаснам сето тоа, не успевам... и тогаш, ме јаде јансa..."
L'ABBÉ (très calme).-Mais, mon enfant, c'est tout à fait normal. (Mouvement de Jean.) Vous êtes à l'âge où l'on entre vraiment dans l'existence, où l'on découvre quantité de choses que l'on ignorait. On arrive à la vie d'homme avec sa religion d'enfant; l'une n'est plus en rapport avec l'autre. (Le visage de Jean s'éclaire peu à peu.) Ce n'est rien. Il s'agit de franchir vite ce passage difficile, d'étayer votre foi avec des raisonnements solides, de l'adapter à vos nouveaux besoins. Je vous aiderai.	ОПАТОТ (многу смирен). — "Но, чедо мое, тоа е сосема нормално." (Движење на Жан.) "Вие сте на години кога се влегува навистина во животот, кога се откриваат толку многу работи што не сме ги знаеле. Се влегува во возраста на маж со својата детска религија; едната не е повеќе во врска со другата. " (Лицето на Жан полека се разведрува.) "Тоа не е ништо. Треба да се превозмогне тој тежок премин, да се поткрепи вашата вера со солидни расудувања, да се адаптира на вашите нови потреби. Ќе ви помогнам. "
JEAN (souriant).-Rien que de vous entendre, monsieur l'abbé, ça me fait du bien. (D'un ton plus alerte.) Autre question: un péché, par exemple, un péché habituel, qu'on connaît à fond, qu'on est fermement résolu à ne pas commettre... Bien... On prie, on prend la résolution: on croit pouvoir être rassuré... Et puis, on a beau faire, l'habitude est plus forte que le bon Dieu!	ЖАН (насмеан). — "Само што ве слушам, господине Опате, и добро ми е." (Со пожив тон.) "Една друга работа: грев, на пример, обичен грев, што одлично го познаваме, за којшто сме одлучиле цврсто да не го починиме... Добро... Се молиме, доне суваме одлука: мислиме дека можеме да бидеме уверени... И после, не можеме ништо, навиката е посилна и од Господ Бог!"
L'ABBÉ.-Mon enfant, c'est pour cela qu'il n'y a rien de plus dangereux pour la foi que le péché fréquent, même véniel. Ce sont ces secousses répétées sur la sensibilité religieuse qu'il faut éviter à tous prix.	ОПАТОТ. — "Чедо мое, затоа најопасен за верата е токму честиот грев, дури и ако е ситен. Токму тие повторени удари врз религиозната чувствителност треба да ги избегнуваме по секоја цена. "
JEAN.-Justement, monsieur l'abbé... Mais pourquoi donc est-il possible que je succombe?	ЖАН.— "Сигурно, господине Опате... Но како е можно јас да им подлегнам?"
L'abbé fait un geste amusé, que Jean, le regard tendu, ne remarque pas.	Опатот прави забавен гест што Жан, со напнат поглед, не го за бележува.

JEAN.-Je me demande pourquoi toutes ces tentations, pourquoi ces épreuves? Quand on est petit, on trouve tout naturel qu'il y ait des heureux et des malheureux, des bien portants et des malades... C'est comme ça, voilà tout. Mais, en réfléchissant, on est épouvanté de tant de choses, qui sont par trop injustes, par trop mauvaises... Si encore on pouvait affirmer que le malheur, c'est toujours un châtiment mérité!	ЖАН. — "Се прашувам зошто сите тие искушувања, сите тие п редизвици? Кога сме мали, нѝ се чини сосема нормално да има среќни и несреќни, здрави и болни.Тоа е така, и толку... Но, кога размислуваме, се ужаснуваме од толку работи кои се премногу неправедни, премногу лоши... Ако сѐ уште можевме да тврдиме дека несреќата е секогаш заслужена казна!
Il faut bien que Dieu ait eu ses motifs pour créer le monde tel que nous le voyons; mais vraiment...	"Сигурно Господ имал причини што го создал овој свет таков каков што го гледаме; со гаранција..."
L'ABBÉ (souriant).-D'abord Dieu n'a pas créé le monde tel qu'il est. C'est l'homme, qui, par sa désobéissance au premier ordre du Créateur, est responsable de ce dont il souffre depuis.	ОПАТОТ (смеејќи се). — "Најпрвин Господ не го создал светот таков каков што е. Човекот, со тоа што не ја послушал првата заповед на Создателот, е одговорен за тоа што ние страдаме оттогаш."
JEAN (tenace).-Mais si Adam avait été parfait, il n'aurait pas pu désobéir... Et puis, à l'origine du monde, Dieu avait bien créé le serpent?	ЖАН (упорен). — " Ама, да беше Адам совршен, тој немаше да не послуша... А освен тоа, на почетокот од светот, Господ ја создаде баш змијата? "
L'abbé, devenu sérieux, avance la main pour couper court. Il enveloppe Jean d'un regard amical, où perce malgré lui la conscience de sa supériorité.	Опатот, уозбилен, ја испружува раката за да го прекине Жан. Тој му упатува на Жан пријателски поглед, којшто и несакајќи оддава свест за неговата надмоќност.
L'ABBÉ.-Vous pensez bien, Jean, que vous n'êtes pas le premier à être frappé par ces contradictions apparentes. C'est l'objection du mal. Elle a été réfutée, depuis longtemps, et de mille manières. Vous avez très bien fait de m'en parler. Puisque cette question vous préoccupe, je vous choisirai sur ce sujet des lectures qui vous tranquilliseront définitivement.	ОПАТОТ. — "Видете, Жан, вие не сте првиот кому му се случиле овие привидни контрадикции. Тоа е приговорот на злото. Тој бил одбиен, уште одамна, и на многу начини. Добро направивте што ми зборувавте за тоа. Штом тоа прашање ве пр еокупира, јас ќе ви одберам во врска со тоа лектири кои дефин итивно ќе ве смират."
Jean se tait, un peu déçu.	Жан замолчува, малку разочаран.
L'ABBÉ.-Je ne voudrais pas toutefois méconnaître ce qu'il y a de bon dans votre indignation: c'est par la vision de la souffrance humaine que nous pouvons fortifier en nous	ОПАТОТ. — "Не би сакал, сепак, да не го препознаам она што е добро во вашиот револт: токму преку согледувањето на човечкото страдање ние можеме во нас самите да го зајакнеме

l'instinct de charité, et, dans ce sens, on ne peut aller trop loin. (Lui prenant la main.) Pourtant, vous êtes à l'âge, Jean, où le cœur s'ouvre, tout neuf, plein de tendresse universelle, et où ces découvertes peuvent être si cruelles qu'il est bon d'être quelque peu prévenu. Méfiez-vous, en ces matières, de votre sensibilité: il y a dans le monde beaucoup moins de mal qu'il ne vous paraît au premier abord! Réfléchissez à cela: si la somme des maux était supérieure, ou seulement équivalente à la somme des biens, mais le désordre serait partout! Au contraire, que voyons-nous? Un ordre merveilleux, qui confond notre petitesse! Chaque jour, les nouvelles étapes des pionniers de la science, nous permettent d'approfondir davantage les perfections du plan divin. Qu'est-ce que les peines individuelles des pécheurs, auprès de tant de bonté? Et puis, les blessures humaines,-que je ne nie pas, hélas! puisque mon ministère est de les panser et si possible de les guérir,-ont bien leur prix, vous le reconnaîtrez vous-même un jour, puisque c'est par elles seulement que l'homme peut progresser dans le bien, et entrer plus avant dans la voie de son salut. Or, qu'est-ce qui importe? Est-ce la vie présente, ou l'autre?	инстинктот за милосрдие и, во таа смисла, можеме далеку да одиме." (Земајќи му ја раката.) "Меѓутоа Жан, вие сте на возраст кога срцето се отвора, сосема ново, полно со универзал на нежност, и во која таквите откривања можат да бидат толку сурови што е добро човек да биде малку предупреден. Немајте доверба, во таа работа, во вашата сензибилност: во светот има многу помалку зло отколку што ви се чини на прв поглед! Разм ислете за тоа: сумата на злата да беше поголема, или пак само еднаква, на сумата на добрата, насекаде ќе беше безредие! Напротив, што гледаме? Чудесен ред, кој ја збунува нашата маленкост! Секој ден, новите етапи на пионерите на науката нѝ овозможуваат да навлеземе подлабоко во совршенствата на божјиот план. Што претставуваат индивидуалните маки на гре шниците, покрај толку добрина? Па впрочем, човечките рани, - што јас не ги негирам, за жал! зашто моја задача е да ги превивам и, доколку е можно, да ги излекувам, - имаат и тие своја цена, вие ќе го признаете и самиот тоа еден ден, зашто само преку нив човекот може да напредува во доброто, и да отиде подалеку на патот кон своето спасение. Значи, што е важно? Сегашниот живот, или пак другиот?"
JEAN.-Mais, il n'y a pas que l'homme... Et les animaux?	ЖАН. — "Но не е само човекот... А животните?"
L'ABBÉ.-La souffrance de toute créature est voulue par Dieu, mon enfant, comme une condition, comme la condition même de la vie: et cela doit suffire pour courber votre orgueil qui se révolte. L'existence de l'Etre Parfait, infiniment bon et tout puissant, qui a fait de rien le ciel et la terre, et qui, chaque jour, nous donne mille preuves de ses sentiments paternels pour nous, est notre meilleure garantie de la nécessité du mal en ce monde, qu'il a créé au mieux de nos besoins. Et quand bien même Ses raisons seraient impénétrables à nos facultés	ОПАТОТ. — "Страдањето на секое суштество е посакувано од Бога, чедо мое, како услов, како самиот услов на животот: и тоа треба да е доволно за да ја свие вашата гордост која се бунтува. Постоењето на Совршено суштество, бескрајно добро и семоќно, кое ги создаде од ништо небото и земјата, и кое, сек ојдневно, нѝ дава илјадници докази за своите татковски чувства кон нас, е нашата најдобра гаранција за неопходноста на злото во овој свет, што тој го создал како најповолен за нашите потреби. И, дури кога Неговите причини би биле

imparfaites, nous devrions nous incliner et vouloir avec Lui cette souffrance que nous ne comprenons pas, mais qu'Il a voulue... «Fiat voluntas tua...».	недофатни за нашите несовршени способности, би требале да се потчиниме и да го посакуваме со Него ова страдање што ние не го разбираме, но што тој го сакал... Fiat voluntas tua..."
Jean se tait, les sourcils froncés, cherchant à assimiler.	Жан замолчува, со собрани веѓи, обидувајќи се да разбере.
Dans une cellule voisine, des voix grêles accompagnent un harmonium poussif.	Во една соседна ќелија, тивки гласови придружуваат дотрајан хармониум.
L'ABBÉ.-Je vois en vous, Jean, une tendance un peu trop prononcée à la réflexion. (Souriant.) Je ne veux pas rabaisser le mérite des spéculations de l'esprit. Mais, voyez-vous, plus je vais et plus je crois que l'intelligence n'a sa véritable valeur que lorsqu'elle vise un but extérieur à elle, lorsqu'elle cherche à s'appliquer pratiquement. L'intelligence doit vivifier l'action; sans elle l'action est vaine. Mais, sans l'action, comme l'intelligence est stérile! C'est la lumière qui brûle à côté du phare et se consume pour rien. (Avec émotion et recueillement.) Vous venez à moi, mon enfant, en quête d'une direction. Eh bien, je vous pousserai toujours à agir plutôt qu'à philosopher! Cultivez votre intelligence, soit: c'est plus qu'un droit: un devoir. Mais que ce soit en vue d'un résultat humain. Si le Maître vous a confié un petit trésor, des facultés supérieures à la moyenne, faites-les fructifier; mais que la grande famille humaine en profite. Ne soyez pas celui qui a enterré son talent. Enrichissez-vous, mais pour partager. Soyez de ceux qui se donnent.	ОПАТОТ. — "Забележувам кај вас, Жан, една пренагласена склоност кон размислување." (Смеејќи се.) "Јас не сакам да го намалам значењето на размислувањата на умот. Но, пазете, колку повеќе стареам, толку повеќе верувам дека разумот ја добива својата вистинска вредност кога е насочен кон цел која е надвор од него, кога се обидува да се впрегне практично. Разумот треба да ја оживее акцијата; без него, акцијата е залудна. Но без акцијата, колку ли само разумот е стерилен! Тоа е исто како светлина која свети покрај фар и која се троши напразно." (Со чувство и медитација) "Вие доаѓате кај мене, чедо мое, во потрага по посока. Е па, јас секогаш ќе ве бодрам да дејствувате а не да филозофирате! Негувајте го вашиот разум, така треба; тоа е повеќе и од право: тоа е должност. Но нека биде тоа со цел да се постигне човечки резултат. Ако Госп одарот ви доделил мал трезор, надпросечни способности, оплодете ги; но од тоа треба да има корист и големото човечко семејство. Немојте да бидете човек кој го закопал својот талент. Збогатете се, но за да споделите. Бидете како оние кои се даваат себе си.
J'ai été comme vous: j'ai eu mon heure de spéculation théorique... Dieu a permis que je reconnaisse bientôt mon erreur. C'est dans l'action, dans le don de soi, dans l'abnégation et le dévouement, qu'on trouve la vraie récompense, la santé physique et morale, le véritable bonheur. Croyez-moi. Notre	"И јас бев како вас; и јас поминав низ моменти на теориско раз мислување... Господ ми овозможи наскоро да ја препознаам мојата заблуда. Токму во акцијата, во давањето себе си, во сам откажувањето и во посветеноста ја наоѓаме вистинската награда, физичкото и психичкото здравје, вистинскта среќа.

bonheur, que l'on va quelquefois chercher si loin, il est tout près de nous, dans quelques sentiments naturels, comme la fraternité: et tout le reste n'est rien!	Верувајте ми. Нашата среќа, којашто ја бараме понекогаш така далеку, е близу до нас, во неколку природни чувства, како што е братството: и сето друго не е ништо!
Venez un de ces soirs à mon patronage. Je vous donnerai les livres dont je vous ai parlé. Et puis (le visage transfiguré d'entrain et de fierté) vous resterez un peu avec nous, vous verrez vite quels cœurs il y a là, et quel plaisir on a à se donner de la peine pour eux. (Se levant.) Allez, Jean! Il n'y a que ça de vrai: sentir qu'on fait un peu de bien autour de soi... (se frappant la poitrine, gaiement) ... qu'on communique un peu de cette chaleur que le bon Dieu nous a mise ... là...!	"Дојдете една вечер на нашите дружења. Ќе ви ги дадам книгите за кои ви зборував. А и..." (со лице изменето од бодрина и гордост) "ќе останете малку со нас, ќе видите многу брзо какви срца има таму, и колкаво задоволство чувствуваме кога се грижиме за нив." (Станувајќи.) "Напред, Жан! Само тоа е вистинското: да чувствуваме како правиме малку добро околу нас..." (удирајќи се во гради, весело) "... да пренесеме малку од топлината што Господ Бог нѝ ја вметнал... тука...!"
V	V
Le petit salon des Pasquelin.	Малиот салон на Паскленови.
Pièce au rez-de-chaussée, longue, étroite, encombrée de meubles démodés.	Просторија во приземје, долга, тесна, натрупа на со застарен мебел.
Cécile, seule. Elle range le désordre que sa mère a laissé en sortant.	Сесил, сама. Таа го средува нередот што мајка ѝ го оставила на излегување.
Le jour baisse vite: octobre.	Денот се намалува: октомври.
Un pas sur le pavé. Vivement, elle court à la fenêtre et sourit: Jean traverse la rue, une serviette sous le bras. Elle bondit gaiement au-devant de lui.	Чекор на плочникот. Со живи движења, таа тр ча кон прозорец от и се насмевнува: Жан ја по минува улицата, со чанта под раката. Таа ско кнува радосно одејќи кон него.
Cécile Pasquelin: seize ans.	Сесил Пасклен: шеснаесет години.
Grande et frêle. Pas jolie: de la fraîcheur. Une souplesse élégante du cou et de la nuque. Des épaules étroites, sous une pèlerine de laine blanche.	Висока и слабичка. Не убава: со свежина. Еле гантна подвижно ст на вратот и на тилот.Тесни рамења, под пелерина од бела волна.
Une tête petite, en boule; les cheveux bruns, frangés. Des yeux noirs, ronds, un peu saillants; le charme agaçant, à peine perceptible, d'une asymétrie dans le regard. La bouche: deux lèvres charnues, humides, bien rouges, très mobiles sur des	Мала глава, како топка; костенлива коса, со шишки. Црни очи, тркалезни, малку испакнати; непријатен, едвај забележлив шарм на асиме трија во погледот. Устата: две месести усни, влажни, светлоцрвени, раздвижени врз ситни и сјајни заби.

dents courtes et luisantes. Sourire gai, superficiel. Par instants, un léger zézayement.	Весела, лесна насмевка. На моменти, лесно саскање.
CÉCILE.-Tu n'es pas en avance! Viens, ton lait doit être froid.	СЕСИЛ. — "Не си поранил! Дојди, млекото треба да е остинато."
Le goûter de Jean est préparé sur un plateau. Cécile s'assied en face de lui; les yeux brillants, elle le regarde croquer sa tartine. Ils se dévisagent en riant; pour rien, par plaisir.	Јадењето за Жан е спремно на еден послу жавник. Сесил седнува отспротива; со сјајни очи, таа го гледа како го грицка парчето леб. Тие се набљудуваат смеејќи се; така, од задо волс тво.
JEAN.-Maintenant, au travail!	ЖАН. — "Сега, на работа!"
Il vide sur la table sa serviette de livres. Cécile allume la lampe, tire les rideaux, met une bûche au au feu, et approche sous l'abat-jour sa chaire basse.	Тој ја празни на масата својата чанта со книги. Сесил ја пали лампата, ги навлекува завесите, става дрво во огинот и ја прибл ижува до абажурот својата ниска столица.
CÉCILE.-Qu'est-ce que c'est, ce soir?	СЕСИЛ. — "Што има вечерва?"
JEAN.-Une préparation grecque.	ЖАН. — "Задача по старогрчки."
Le salon est tiède. Le ron-ron de la lampe, le ron-ron du feu. Le rythme de leurs deux souffles. Un froissement d'étoffe, un froissement de feuillet.	Салонот не е топол. Трепет на лампата, тре пет на огинот. Ритамот на нивните две дишења. Гужвање на штоф, гужвање на лист.
Au tournant d'une page, au bout d'une aiguillée, leurs regards se croisent.	При вртење на страницата, по прочитаниот текст, нивните погледи се вкрстуваат.
JEAN (d'une voix singulière).-Tiens, j'ai trouvé ce matin quelque chose... Dans Eschyle... Il parle d'Hélène, il dit: «Ame sereine comme le calme des mers...» C'est beau, n'est-ce pas? (Il la regarde.) «Ame sereine comme le calme des mers...»	ЖАН (со необичен глас). — "Ej пази, изутринава најдов нешто... Кај Есхил... Зборува за Елена, вели: Ведра душа како спокојот на мориња та... Убаво е, нели?" (Тој ја гледа) "Ведра душа како спокојот на мориња та..."
Cécile ne répond pas; elle baisse la tête; elle respire à peine... Dans les parties de cache-cache, quand on voit celui qui vous cherche s'approcher sans vous voir, vous frôler presque, et passer...	Сесил не одговара; таа ја наведнува главата; тешко дише...Кога играме криенка, кога го гле даме оној што нѐ бара како нѝ се п риближува без да нѐ види, речиси нѐ допира, и заминува...
Jean s'est remis au travail.	Жан продолжи со домашното.

Une demi-heure plus tard.	Половина час подоцна.
Un talon de femme martelle le vestibule dallé. Irruption de Mme Pasquelin.	Женска потпетица чука по плочките од претсобјето. Влегување на г-ѓа Пасклен.
Mme Pasquelin: petite femme noiraude, au teint jaune, aux cheveux très noirs et frisés sur le front. De beaux yeux, légèrement asymétriques, comme ceux de Cécile; le regard caressant et gai; une bouche souriante, un peu pincée.	Г-ѓа Пасклен: ситна црномуреста жена, со жолт тен, со темноцрна коса и витли на челото. Со убави очи, малку зрикави, како очите на Сесил; со милозлив и весел поглед; со насмеана уста, малку ситна.
A été jolie et s'en souvient.	Била убава, и се сеќава за тоа.
Preste, remuante, bavarde. La voix aigüe, l'accent rude des Picards. Toujours en mouvement, n'épargnant ni temps, ni peine, tranchant sur tout, surveillant, dirigeant, réformant toutes les œuvres catholiques de la ville.	Подвижна, пргава, зборлива. Со пискав глас, со јак акцент на Пикардиец. Постојано во движење, не штедејќи ни време, ни мака, одлучувајќи за сè, надгледувајќи, управувајќи, обновувај ќи ги сите католички дела во градот.
MADAME PASQUELIN.-Vous êtes sages, mes enfants? (Sans attendre la réponse.) Prends donc un fauteuil, Cécile, je déteste te voir pliée en deux sur cette chaise basse... (Elle va au coffre à bois.) Sans moi, vous laissiez éteindre le feu!	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. — "Умни ли сте, деца мои?" (Без да го чека одговорот.) "Земи си фотеља, Сесил, мразам кога те гледам свиткана напола во тоа ниско столче..." (Таа оди кон сандакот за дрва.) "Без мене, оганот ќе ви се угаснеше!"
JEAN (voulant l'aider).-Attendez, Marraine.	ЖАН (Сакајќи да ѝ помогне). — "Почекајте, Кумо."
MADAME PASQUELIN.-Non, tu n'en finirais pas.	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. — "Не, не мачи се."
En un instant, elle a jeté deux bûches dans le foyer, et baissé la trappe. Elle se relève; tout en parlant, elle dégrafe son mantelet, va à la fenêtre et tire les rideaux.	На брзина, таа фрли две цепаници во каминот и ја спушти врат ичката. Таа се исправа; зборувајќи без престан, го откопчува мантилот, оди кон прозорецот, ги навлекува завесите.
MADAME PASQUELIN.-Ah, mes enfants, j'ai cru que je ne rentrerais jamais! Je suis morte de fatigue. Rien ne marche, j'ai dû me fâcher toute la journée. Je suis furieuse après l'abbé Joziers. Il a obtenu de M. le Curé que le catéchisme des garçons soit à neuf heures et demie le jeudi! Juste à l'heure où se réunit le conseil de l'ouvroir! C'est ce que j'ai dit à M. le Curé: Je ne peux pourtant pas être en haut et en bas de la ville en même temps!	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. — "Ах, деца мои, помислив дека никогаш нема да се вратам дома! Мртва уморна сум,. Ништо не функционира, цел ден само се лутам. Бесна сум поради опатот Жозје. Тој издејствувал од г-динот парох катехизмот за момчињата да биде во 9 и 30 часот во четврток! Баш во она време кога се состанува добротворниот совет! Тоа и му го кажав на г-динот парох: Едноставно не можам да бидам истовр емено и горе и долу во градот!

Jean, veux-tu relever la trappe... Merci.	"Жан, сакаш да ја подигнеш вратичката?... Фала.
Et puis, tu sais, il est six heures un quart. Si tu veux communier avec nous demain, tu n'as que le temps de courir te confesser; l'abbé quitte l'église à la demie... (Jean se lève.) Couvre-toi bien, il y a du vent ce soir...	"А освен тоа, знаеш, часот е шест и петнаесет. Ако сакаш да дојдеш со нас утре на причесна, имаш само време да одиш да се исповедаш; опатот ја напушта црквата за петнаесет минути..." (Жан станува.) "Покри се убаво: има ветер вечерва..."
Le lendemain, à la messe de sept heures. Le moment de la communion.	Утредента, на мисата во седум часот. Момент на причесна.
Mme Pasquelin se lève et s'avance vers l'autel.	Г-ѓа Пасклен се поткрева и оди накај олтарот.
Cécile et Jean la suivent. Côte à côte, les yeux à terre, ils gagnent, à pas recueillis, la table sainte.	Сесил и Жан одат по неа. Еден до друг, со погледот надолу, тие стигнуваат со успокоен чекор, до светата маса.
L'abbé Joziers officie. Il élève vers la nef une hostie consacrée.	Опатот Жозје чиноначалствува. Тој подигнува кон сводот осветено лепче.
L'ABBÉ JOZIERS (d'une voix contrite).-Domine, non sum dignus... Domine, non sum dignus... Domine, non sum dignus...	ОПАТОТ ЖОЗЈЕ (со покајнички глас). — "Domine, non sum dignus... Domine, non sum dignus..."
Cécile et Jean sont à genoux. Leurs coudes se touchent. Sous la nappe, leurs mains glacées voisinent. Une même angoisse, maladive et délicieuse; une même attirance d'infini...	Сесил и Жан се на колена. Нивните лактови се допираат. Под чаршавот, нивните изземнати раце се приближуваат. Ист неспокој, болежлив и прекрасен; иста привлечност кон бесконе чното.
Le prêtre approche. L'un après l'autre ils tendent le front vers le ciel, entr'ouvrent les lèvres et frissonnent. Puis leurs paupières s'abaissent sur l'intensité de leur joie.	Попот се приближува. Еден по друг, тие го подигаат челото кон небото, ги подотвараат усните и затреперуваат. Потоа нивните очни капаци се спуштаат врз избликот на нивната радост.
Fusion... Deux âmes, déliées de toute adhérence humaine, s'élèvent sans effort jusqu'il la dernière cime de l'amour, s'étreignent subtilement en Dieu.	Сплотување... Ослободени од секаква човечка стега, две души се издигнуваат лесно до највисо киот врв на љубовта, се прегр нуваат бесчујно во Бога.
LE COMPROMIS SYMBOLISTE	СИМБОЛИЧКИОТ КОМПРОМИС

«Quand j'étais un petit enfant, je raisonnais comme petit enfant; mais quand je suis devenu un homme, je suis dépouillé de ce qui était de l'enfant.»	"Кога бев мало дете, размислував како мало дете: но кога станав маж, се ослободив од она што беше детско."
St Paul, I Cor. XIII. 11.	SAINT PAUL, I Cor., XIII, 11.
I	I
A Monsieur l'Abbé Joziers,	До господинот Опат Жозје,
Presbytère de Buis-la-Dame (Oise).	Презбитериј во Буј-ла-Дам (Оаз).
«Paris, 11 janvier.	"Париз, 11 јануари.
«Cher Monsieur l'Abbé,	"Драг госпидине Опат,
«Je voudrais mieux répondre à cette confiance que vous avez en moi. Mais, hélas, je ne puis vous donner sur mon moral les bonnes nouvelles que vous attendez. Ce premier trimestre n'a guère été satisfaisant. Je me sens toujours très dépaysé dans ce Paris où tout est nouveau pour moi.	"Би сакал поубаво да одговорам на довербата што ја имавте во мене. Но, за жал, не можам да ви дадам за мојот морал добри вести што вие ги очекувате. Овој прв триместар не беше задово лителен. Се чувствувам постојано туѓинец во овој Париз каде сè е ново за мене..
«Cependant mon existence est définitivement organisée maintenant: outre les cours préparatoires à l'École de Médecine, j'ai pris des inscriptions à la Sorbonne, pour la licence ès-sciences naturelles; de sorte que, depuis quelques semaines, je vis davantage encore au quartier latin. (Que ces détails, cher Monsieur l'Abbé, ne vous inquiètent pas; et, à ce propos, les conseils affectueux de votre dernière lettre m'ont infiniment touché. Non, ne craignez rien à ce sujet: j'ai, grâce à Dieu, le cœur assez haut pour triompher des tentations auxquelles vous avez pensé; et puis, vous oubliez le sentiment profond et pur que j'ai emporté de Buis, le projet si cher, qui est toute ma raison de vivre, et ma sauvegarde).	"Меѓутоа, мојот живот сега дефинитивно е организиран: освен подготвителните курсеви на Школата за медицина, јас се запишав и на Сорбона на студии по природни науки; така што, веќе неколку недели, јас живеам уште повеќе во Латинскиот кварт. (Нека не ве загрижуваат овие деталји, драг Господине Опат; а, во врска со тоа, вашите срдечни совети од последното писмо навистина многу ме трогнаа. Не, не плашете се воопшто во врска со тоа; имам, благодарение на Бога, доволно доблест за да ги победам искушенијата на кои мислевте, а освен тоа, за боравате дека од Буј понесов длабоко и чисто чувство, тој толку драг проект, кој претставува цел на моето суштествување е, и моја заштита.)
«Ces études de sciences me font un emploi du temps très chargé; mais elles complètent celles de médecine et m'intéressent au delà de ce que je puis vous dire. D'ailleurs que	"Студиите по природни науки ми го окупираат времето; но тие се надополнуваат со студиите по медицина и ме интересираат повеќе од тоа што можам да ви кажам. Впрочем, што би правел

ferais-je de plus de loisirs? Mon père, comme vous le savez peut-être, vient d'être nommé professeur; son cours complique encore une vie très occupée, où je n'ai guère de place.	со повеќе слободно време? Татко ми, како што можеби знаете беше назначен за професор; неговите предавања уште повеќе у сложнуваат еден и без тоа исполнет живот, каде нема место за мене.
«Vous serez certainement satisfait de savoir que j'ai fait la connaissance d'un jeune prêtre suisse, nommé Schertz, qui se destine à enseigner l'histoire naturelle dans son pays, et qui est venu prendre ses grades à Paris. C'est un passionné de biologie; nous sommes voisins de laboratoire, et sa collaboration m'est précieuse. Toutes ces études sont extrêmement attachantes; je ne peux pas encore analyser ce que je ressens, mais certains cours me transportent: je crois qu'il est impossible de ne pas éprouver une espèce de vertige, à ces premiers contacts avec la Science, lorsqu'on commence à distinguer, pour la première fois, quelques-unes de ces grandes lois qui ordonnent la complexité universelle!	"Сигурно ќе ви причини задоволство да знаете дека се запознав со еден млад швајцарски свештеник, по име Шерц, кој се насочува да предава природна историја во неговата земја и кој дојде во Париз да се школува. Тој е пасиониран за биологија; седиме еден до друг во лабораторија, и неговата помош ми е драгоцена. Сите мои студии се крајно привлечни; сеуште не можам да анализирам она што чувствувам, но одредени курсеви ме воодушевуваат: мислам дека не е можно а да не се почувствува еден вид на вртоглавица, при првиот допир со Науката, кога почнуваме да ги препознаваме, за првпат, некои од оние големи закони што ја регулираат универзалната компл ексност!
«Je m'applique, sur vos conseils, à me pénétrer de cet ordre, et à y exalter la certitude de Dieu. Mais votre optimisme communicatif me manque plus que vous ne pouvez croire. Peut-être l'amitié de l'abbé Schertz me sera-t-elle, à ce point de vue, de quelque profit? Sa gaieté naturelle, son entrain au travail, prouvent une foi robuste, dont l'appui peut venir en aide à mon déséquilibre moral.-Je le souhaite, car j'ai traversé, ces dernières semaines, des heures de dépression bien pénibles...	"Се трудам, по ваши совети, да се напојам со тој ред, и да ја воздигнам преку тоа извесноста за Бога. Но вашиот отворен оптимизам ми недостига повеќе отколку што можете да претпо ставите. Можеби пријателството со опатот Шерц ќе ми биде, во тој поглед, од корист? Неговата природна радост, неговиот елан за работа, се доказ за силна вера, која како потпора ќе ѝ помогне на мојата морална нестабилност. — Го посакувам тоа, зашто последниве недели, преживеав многу тешки моменти на депресија...
«Excusez-moi de vous attrister une fois de plus à ce sujet, et croyez, cher Monsieur l'Abbé, à mes sentiments de respectueuse sympathie.	"Извинете што ве растажувам уште еднаш на оваа тема, и примете ги, драг Господине Опат, моите искрени чувства на почит.
Jean Barois.»	"Жан Бароа"
II	II

Salle à manger du Dr Barois.	Трпезаријата на доктор Бароа.
La fin du dîner.	Вечерата штотуку заврши.
LE DOCTEUR (se levant de table).-Vous m'excusez, monsieur Schertz? (L'abbé et Jean se sont levés.) Il faut que je sois à Passy à neuf heures, pour une consultation... Je regrette de ne pas prolonger cette soirée auprès de vous, j'ai été tout à fait heureux de faire votre connaissance.-Allons, bonsoir mon petit. Au plaisir de vous revoir, monsieur Schertz... (Souriant.) Et croyez moi, je tiens beaucoup à mon idée: il faut agir d'abord, et réfléchir ensuite; la jeunesse d'aujourd'hui, elle réfléchit trop, et, n'ayant pas agi, elle réfléchit mal...	ДОКТОРОТ (станувајќи од масата). — "Ќе ме извините, господине Шерц?" (Опатот и Жан веќе станаа) "Треба да бидам во 9 часот во Паси, за една визита...Жалам што не можам да ја продолжам вечерта со вас: многу сум среќен што ве запознав... Е па, довидување, миличок. До следната средба, господине Шерц..." (Насмевнувајќи се.) "И верувајте, многу држам до мојата идеја: прво треба да се дејствува, а потоа да се размислу ва; денешната младина многу размислува, а затоа што не дејств увала, лошо и размислува... ""
La chambre de Jean. L'abbé est assis dans un fauteuil bas, les jambes croisées, les coudes sur les bras du siège, les mains jointes sous le menton.	Собата на Жан. Опатот е седнат во една ниска фотелја, со вкрстени нозе, лактовите на рачките, рацете споени под брадата.
L'abbé Schertz: trente et un ans.	Опатот Шерц: триесет и една година.
Un corps plat et long, gaîné dans la soutane.	Рамно и долго тело, пикнато во мантијата.
De grands bras musclés, aux gestes pleins de mesure.	Долги мускулести раце, со гестови полни со такт.
Une tête osseuse et forte. Un teint blanchâtre. Un front fuyant, qu'exagère le port des cheveux noirs, plantés haut, et rejetés en arrière. Le visage, dénudé par le rasoir, est rendu plus glabre encore par la pauvreté des sourcils. Dans l'ombre, sous l'encorbellement rectiligne des arcades, une paire d'yeux clairs et précis; des prunelles vert-de-gris, entre des cils noirs. Le nez long, rattaché aux maxillaires par deux sillons mobiles. Les lèvres fines et gaies; par instants, blêmes et comme figées.	Ковчеста и крупна глава. Блед тен. Заоблено чело, истакнато уште повеќе од црната коса, високо подигната, и нафрлена наназад. Избричено со брич, лицето изгледа уште побезвлакнес то поради ретките веѓи. Во темнината, под праволинискиот испуст на аркадите, еден пар светли и воочливи очи; сиво-зеле ни зеници меѓу црни трепки. Долг нос, поврзан со вилиците преку две подвижни длабнатини. Убави усни; на моменти, бледи и како неподвижни.
Gravité aimable, formaliste.	Љубезна и стокмена озбилност.
Un parler pesant, rude, un peu nasillard. Des phrases longues, des tournures peu usitées: il paraît traduire en français ce qu'il pense.	Тежок говор, неизделкан, малку низ нос. Долги реченици, необични обрти: се чини дека го преведува на француски она што го мисли.

Jean, assis sur son bureau, fume en balançant les pieds.	Жан, седнат на неговото биро, пуши нишајќи ги нозете.
JEAN.-Vous me faites plaisir. J'aime beaucoup mon père... (Souriant.) Croiriez-vous qu'il m'a fait très peur, pendant longtemps?	ЖАН. — "Баш ми е мило. Го сакам многу татко ми..." (Насмев нувајќи се.) "Би поверувале ли дека се плашев од него, долго време?"
SCHERTZ.-Est-il possible?	ШЕРЦ. — "Можно ли е тоа?"
JEAN.-Il m'intimidait. Je ne le connais vraiment que depuis quelques mois, depuis que je vis avec lui... Ah, un métier comme le sien, hausse un homme!	ЖАН. — "Имав страв од него. Го познавам вистински само неколку месеци, откако живеам со него... Ах, професија како што е неговата го издигнува човека!"
SCHERTZ.-Il n'y a pas seulement l'apport du métier dans une pareille richesse morale! Car, sans cela, tous les médecins...	ШЕРЦ. — "Не е само уделот на професијата во едно такво морално богатство! Зашто, без тоа, сите доктори..."
JEAN.-Évidemment; j'admets qu'il y ait eu, chez mon père, prédisposition naturelle. Je voulais dire ... qu'il n'a pas l'appui de la religion.	ЖАН. — "Очигледно; прифаќам дека кај татко ми постоела природна предиспозиција. "Сакав да кажам... дека нема подршка од религијата."
SCHERTZ (subitement intéressé).-Ah?... J'en avais le doute.	ШЕРЦ (наеднаш заинтересиран). — "Ах?... Се сомневав."
JEAN.-Oui. La famille de mon père était d'un milieu catholique très pratiquant, et lui-même a reçu une éducation foncièrement religieuse. Pourtant, depuis longtemps je crois, mon père a cessé de pratiquer.	ЖАН. — "Да... Фамилијата на татко ми беше од католичко семејство на големи верници, и тој самиот се здоби со во суштина религиозна наобразба. Меѓутоа, веќе долго време, мислам, тој престана да оди в црква."
SCHERTZ.-Et aussi de croire?	ШЕРЦ. — " И да верува исто така?"
JEAN.-Je le suppose. Jamais il ne s'en est expliqué avec moi... Mais il y a un je ne sais quoi qui ne trompe pas... D'ailleurs...	ЖАН. — "Претпоставувам. Никогаш не ми го кажа тоа отворено... Но има нешто што не може да те излаже... Впрочем..."
Jean se tait, réfléchit une seconde en fixant l'abbé; puis, sautant de la table, il traverse la pièce à pas incertains, allume une cigarette, et se laisse tomber sur un canapé de cuir, vis-à-vis de l'abbé.	Жан замолчува, размислува еден момент гледајќи во опатот; потоа, скокајќи од маса, тој ја поминува собата со нерешителен чекор, пали цигара, и се струполува врз едно кожно канапе, наспроти опатот.
SCHERTZ.-D'ailleurs?	ШЕРЦ. — "Впрочем?"
JEAN (après une seconde d'hésitation).-Je voulais dire que la	ЖАН (по кусо колебање). — "Сакав да кажам дека професијата

profession de mon père est, en somme, bien dangereuse pour la foi...	на татко ми, општо земено, е доста опасна за верата..."
Schertz: geste d'étonnement.	Шерц: гест на чудење.
JEAN.-A cause de l'hôpital... Songez à l'opinion que peut avoir celui qui, tous les jours de sa vie, du matin jusqu'au soir, n'a pas d'autre fonction que de se pencher sur de la souffrance? Quelle conception peut-il se faire de Dieu?	ЖАН. — "Поради болницата... Помислете на мислењето што може да го има оној кој, сите денови од својот живот, од наутро до навечер, има работа само со страдањето ? Какво сфаќање за Бога тој може да стекне?"
Schertz ne répond pas.	Шерц не одговара.
JEAN.-Je vous scandalise?	ЖАН. — "Ве скандализирам?"
SCHERTZ.-En aucune manière. Vous m'intéressez. C'est la vieille objection du mal.	ШЕРЦ. — "Никако. Интересен сте. Тоа е старата забелешка за злото."
JEAN.-Elle est formidable!	ЖАН. — "Таа е прекрасна!"
SCHERTZ (flegmatique).-Formidable.	ШЕРЦ. (флегматичен). — "Прекрасна."
JEAN.-Et, jusqu'à présent, nos théologiens ne l'ont, en somme jamais réfutée...	ЖАН. — "А, до денешен ден, нашите теолози, сè на сè, никогаш не ја побиле..."
SCHERTZ.-Jamais.	ШЕРЦ. — "Никогаш."
JEAN.-Vous en convenez?	ЖАН. — "Се согласувате?"
SCHERTZ (souriant).-Mais comment pourrais-je autrement?	ШЕРЦ. (смеејќи се). — "Како не би се согласувал?"
Jean tire quelques bouffées en silence. Puis il jette brusquement sa cigarette et considère l'abbé bien en face.	Жан повлекува некулку дима молчешкум. Потоа одеднаш тој ја фрла цигарата и го гледа опатот право во лице.
JEAN.-Vous êtes le premier prêtre à qui je l'entende dire...	ЖАН. — "Вие сте првиот свештеник од чија уста го слушам ова..."
SCHERTZ.-Avez-vous distinctement posé la question à quelqu'autre?	ШЕРЦ. — "Дали сте му го поставиле јасно прашањето на некој друг?"
JEAN.-Oh, souvent!	ЖАН. — "Ох, често!"
SCHERTZ.-Eh bien?	ШЕРЦ. — "И?"
JEAN.-On m'a fait toutes les réponses possibles... Que j'étais	ЖАН. — "Добив најразлични одговори... Дека сум многу чувст

trop sensible... Que j'étais un orgueilleux révolté... Que le mal est la condition du bien... Que l'épreuve est nécessaire pour l'amélioration de l'homme... Que, depuis le péché originel, Dieu avait voulu le mal, et qu'il faut le vouloir avec lui...	вителен... Дека сум побунет надуенко... Дека злото е услов за доброто... Дека искушението е неопходно за подобрување на човекот... Дека, уште од првобитниот грев, Господ го допуштил злото и дека ние треба заедно со него тоа да допушт име..."
SCHERTZ (souriant).-Eh bien?	ШЕРЦ (смеејќи се). — "И?"
JEAN (haussant les épaules).-Des mots... Des apparences d'arguments...	ЖАН (подигнувајќи ги рамењата). — "Зборови... Привидни аргументи..."
Schertz: un regard aigu vers Jean; puis son masque change d'expression, s'aggrave. Il évite de relever les yeux.	Шерц: остар поглед кон Жан; потоа неговиот израз се менува, се уозбилува; тој избегнува да ги поткрене очите.
JEAN.-Au fond des choses, on se heurte à un sophisme: on veut me prouver la puissance et la bonté de Dieu en faisant l'apologie de l'ordre universel; et dès que je veux faire remarquer combien cet ordre est imparfait, on me refuse le droit de porter un jugement sur cet univers, justement parce qu'il est l'œuvre de Dieu... (Quelques pas; il élève la voix.) Si bien que jamais on ne m'a permis de concilier ces deux affirmations: d'une part, que Dieu est la somme de toutes les perfections; et, d'autre part, que ce monde imparfait est son œuvre!	ЖАН. — "Во суштина, се судруваме со еден софизам: сакаат да ми ја докажат моќта и добрината гоасподова со тоа што го фалат редот во универзумот; а, штом ќе посакам да направам забелешка колку тој ред е несовршен ми го оспоруваат правото да дадам свој суд за тој универзум, токму затоа што тој е дело на Бога..." (Неколку чекори; го повишува гласот.) "Така што никогаш не ми допуштија да ги помирам тие две тврдења: од една страна, дека Господ е збирот на сите совршенства; и, од друга страна, дека овој несовршен свет е негово дело!"
Il s'arrête devant l'abbé et cherche à rencontrer son regard. Mais Schertz détourne la tête. Un silence. Enfin leurs yeux se croisent; ceux de Jean voilés d'une expression anxieuse, qui questionne. L'abbé ne peut pas se dérober entièrement.	Тој застанува пред опатот и го бара неговиот поглед. Но Шерц ја свртува главата. Тишина. Најпосле нивните погледи се вкрст уваат: очите на Жан се обвиени со вознемирен израз, кој поставува прашања. Опатот не може да се зат скрие целосно.
SCHERTZ (sourire mal assuré.).-Ainsi, vous aussi, mon pauvre ami, vous voilà soucieux de ces grands problèmes...	ШЕРЦ (со наместена насмевка). — "Така, и вие, кутар мој пријателе, сте се загрижиле за тие големи проблеми..."
JEAN (avec vivacité).-Qu'y puis-je? Je vous assure que je voudrais bien ne pas en être obsédé comme je le suis!	ЖАН (со живост). — "Што можам? Ве уверувам дека би сакал да не бидам опседнат со тоа како што сум!"
Il va et vient, les mains aux poches, secouant la tête comme s'il	Тој оди горе долу, со рацете во џепови, мрдајќи со главата како

poursuivait intérieurement la discussion. Son visage énergique s'est encore durci: une émotion concentrée plisse le front et donne à la bouche un pli perplexe et têtu.	да продолжува да дискутира во себе. Неговото енергично лице стана уште поизразно: концентрирана емоција го збрчкува челото и ѝ придава на устата неодлучна и тврдоглава брчка.
JEAN.-Tenez, mon cher, vous parliez tout à l'heure de mon père... Il y a une chose qui m'a toujours confusément choqué, même enfant: c'est qu'on puisse, au nom de la religion, condamner un homme comme lui, uniquement parce qu'il ne fait pas ses pâques, et ne met jamais le pied dans une église! Là-bas, à Buis, on le jugeait très sévèrement...	ЖАН. — "Еве, пријателе, пред малку зборувавте за татко ми... Има нешто кое отсекогаш ме шокирало, дури и како дете: да може, во име на религијата, да се осуди човек како него, само затоа што не го слави Велигден, и што не стапнува во црква! Таму, во Буј, го осудуваа многу..."
SCHERTZ.-Parce qu'on ne le comprenait pas.	ШЕРЦ. — "Затоа што не го разбираа."
JEAN (interloqué).-Mais vous-même, en tant que prêtre, vous êtes bien obligé de le condamner aussi?	ЖАН (стаписан). — "Но, вие самите, како свештеник, и вие ли морате да го осудите?"
Geste réservé de Schertz.	Воздржан гест на Шерц.
JEAN (avec passion).-Quant à moi, je m'y suis toujours refusé, d'instinct! Une existence comme celle de mon père, c'est une aspiration ininterrompue vers ce qui est noble et grand. Et on pourrait la flétrir,-et on devrait la flétrir-au nom de Dieu? Non, non... Des vies comme la sienne, vous savez, c'est autre chose, c'est au-dessus... (Il fait quelques pas et regarde l'abbé avec angoisse. Sur un ton morne). Et puis, le terrible, mon cher, c'est quand on réfléchit posément à ceci: Un homme comme mon père ne croit pas... Des hommes comme lui ne croyent pas... Ce ne sont pas des sauvages, pourtant? Ils ont connu notre religion, ils l'ont même pratiquée, avec ferveur. Pourtant, un jour, délibérément, ils l'ont rejetée!... Hein? On se dit: «Je crois, et eux, ils ne croyent pas... Lequel a raison?» Et malgré soi, on ajoute: «C'est à voir...» De ce jour-là, on a perdu le repos! «C'est à voir...», voilà le seuil maudit, voilà la formule liminaire de l'athéisme!	ЖАН (со страст). — "Што се однесува до мене, јас отсекогаш и нстинктивно сум го одбивал тоа! Живот како што е оној на татко ми, па тоа е непрестајно тежнение кон благородното и кон големото. А некој би сакал да го жигоса, некој би требало да го жигоса — во име на Бога? Не, не... Животи како неговиот, знаете, тоа е нешто друго... тоа е над..." (Тој прави неколку чекори и го гледа опатот со неспокој. Со скршен глас:) "А освен тоа, она што е страшно, пријателе, е кога размислува ме смирено за тоа: Човек како татко ми не верува... Луѓе како него не веруваат... Но сепак тие не се дивјаци? Тие ја спознале нашата религија, дури и ја практикувале, со жар. Меѓутоа, еден ден, тие свесно се откажале од неа!... А? Си велиме: 'Јас верувам, а тие, не веруваат... Кој има право?' и несакајќи, додаваме: 'Ќе видиме...' од тој момент го изгубивме спокојот! 'Ќе видиме...' ете го проклетиот праг, ете ја почетната формула на атеизмот!"
SCHERTZ (gravement).-Ah, pardon... Vous abordez là un	ШЕРЦ (озбилно). — "Ах, пардон... Со тоа допирате едно

malentendu capital! De tels hommes n'acceptent pas le culte actuel de l'Église... Mais soyez certain que la force qui les fait grands est de même nature, exactement, que celle du meilleur prêtre, du meilleur!	суштинско недоразбирање! Таквите луѓе не го прифаќаат актуе лниот култ на Црквата... Но бидете сигурни дека силата што ги прави големи е од сосема иста природа како и онаа на најдобри от свештеник, на најдобриот!"
JEAN.-Il y a donc deux façons d'être chrétiens?	ЖАН. — "Има значи два начина да се биде христијанин? "
SCHERTZ (poussé plus loin qu'il ne voudrait).-Cela est possible.	ШЕРЦ (потурнат подалеку отколку што би сакал). — "Можно е."
JEAN.-Cependant, au fond, il ne peut, il ne doit y en avoir qu'une!	ЖАН. — "Меѓутоа, во суштина, може, треба да има само еден!"
SCHERTZ.-Sans doute... Mais à travers les divergences, qui sont plus apparentes que réelles, c'est toujours la même chose, le même élan de la conscience vers la bonté et la justice infinies...	ШЕРЦ. — "Веројатно... Но, низ различностите, кои се повеќе појавни отколку стварни, се работи секогаш за истото, за истиот елан на свеста кон бескрајната добрина и правдина..."
Jean l'examine avec attention, en silence. Longue pause.	Жан го набљудува со внимание, во тишина. Долга пауза.
SCHERTZ (gêné).-Tenez, l'odeur de votre tabac me tente: je vais faire une sortie à mon régime... Merci... (Voulant à tout prix dévier l'entretien.) Je vous ai apporté le cours préparatoire que vous m'avez demandé...	ШЕРЦ (изженеран). — "Видете, мирисот на вашиот тутун ме доведува во искушение: ќе го прекршам мојот режим... Благода рам..." (Сакајќи по секоја цена да го сврти разговорот.) "Ви го донесов подготвителниот курс што го баравте..."
Jean prend les cahiers, et les feuillette d'un air distrait.	Жан ги зема тетратките, и ги прелистува расеано.
Quelques jours après.	Неколку дена подоцна.
Pension de famille, place Saint-Sulpice.	Семеен пансион, плоштад Сен-Силпис.
La chambre de l'abbé.	Собата на опатот.
SCHERTZ (se levant promptement).-Ach! une bonne visite!...	ШЕРЦ (станувајќи одеднаш). — "Ах! добра посета!..."
JEAN.-Je viens bavarder avec vous jusqu'à l'heure du cours.	ЖАН. — "Дојдов да позборуваме до почетокот на часовите."
L'abbé débarrasse le fauteuil. Jean fait en souriant le tour de la chambre: Un petit bureau: une grande table à expériences; un arsenal de flacons, de porcelaines; un microscope. Sur les murs, un christ, une vue panoramique de Berne, un portrait de	Опатот ја испразнува фотељата. Жан, смеејќи се, прави еден круг во собата. Малечко биро; го лема маса за опити; арсенал на шишенца, пор целански предмети; микроскоп. На ѕидовите, Христос, панорамска глетка на Берн, портрет на Пастер,

Pasteur, des planches anatomiques.	анатомски слики.
JEAN (riant).-Je me demande comment vous pouvez vivre dans cette atmosphère!	ЖАН (смеејќи се). — "Се прашувам како можете да живеете во ваква атмосфера!"
SCHERTZ.-C'est mon acide sulfurique...	ШЕРЦ. — "Тоа е мојата сулфурна киселина..."
JEAN.-Non, je parle au figuré. Je me demande souvent comment un prêtre peut vivre dans cette atmosphère scientifique.	ЖАН. — "Не, јас зборувам фигуративно. Често се прашувам како може еден свештеник да живее во ваква научна атмосфера ."
SCHERTZ (s'approchant de lui).-Mais pourquoi donc?	ШЕРЦ (приближувајќи се до него). — "Ама зошто?"
JEAN.-Parce que moi,-qui ne suis pas prêtre, pourtant,-j'y respire difficilement ... et mal.	ЖАН. — "Затоа што јас, — којшто меѓутоа не сум свештеник, — јас тука тешко дишам... и едвај."
Sous le sourire, une souffrance contenue.	Под насмевката, воздржано страдање.
JEAN (s'asseyant).-Ah, j'aurais besoin, un jour, de causer longuement avec vous de vider mon sac...	ЖАН (седнувајќи). — "Ах, еден ден би имал потреба да муабетам долго со вас, да го кажам она што ми лежи..."
SCHERTZ (rêveur).-Oui...	ШЕРЦ (замислен). — "Да."
Son regard fait le tour de la pièce, se pose sur celui de Jean, et s'y enfonce brusquement. Puis il hésite, baisse les yeux, et réfléchit intensément quelques secondes.	Погледот му шета низ собата, се сопира врз погледот на Жан, и навлегува брзо во него. Потоа се колеба, го спушта погледот, и размислува интензивно неколку секунди.
SCHERTZ.-Vous le voulez?	ШЕРЦ. — "Тоа го сакате?"
Ils se regardent en silence, émus tous deux. Ils pressentent une de ces heures d'épanchement total, où deux âmes de jeunes hommes, préparées par l'amitié, s'étreignent spontanément et se pénètrent.	Тие се гледаат молчешкум, возбудени и двајцата. Тие претчуствуваат дека ќе дојде еден од оние часови на тотално отворање, во кое две души на млади луѓе, подготвени низ пријателство, се прегрнуваат спонтано и продираат еден во друг.
SCHERTZ (avec douceur).-Qu'y a-t-il donc?	ШЕРЦ (нежно). — "Па што се случува?"
JEAN (s'abandonnant).-Il y a que je suis dans un fichu état moral...	ЖАН (губејќи се). — "Се случува што јас се наоѓам во една зафркната морална состојба..."
SCHERTZ.-Moral?	ШЕРЦ. — "Морална?"
JEAN.-Religieux, plutôt.	ЖАН. — " Религиозна, поскоро."

SCHERTZ.-Depuis quand?	ШЕРЦ. — "Од кога?"
JEAN.-Ah, depuis longtemps, plus longtemps que je ne croyais! Il doit y avoir des années déjà, que, sans m'en rendre compte, je suis obligé de me débattre pour conserver la foi.	ЖАН. — "Ах, одамна, од поодамна отколку што мислев! Треба веќе да поминале доста години откако сум принуден, а да не сум ни свесен за тоа, да се борам за да ја сочувам верата."
SCHERTZ (vivement).-Non pas la foi! Mais cette foi réceptive des enfants: ce n'est pas la même chose!	ШЕРЦ (живо). — "Не, не верата! Туку она детско приемливо верување: тоа не е исто!"
JEAN (tout à sa pensée).-Je ne m'en suis aperçu vraiment que depuis quelques mois.	ЖАН (целиот замислен). — "Воопшто не ни забележав дека веќе неколку месеци... Можеби Париз...
Paris, peut-être... L'ambiance de Paris! L'ambiance surtout de cette Sorbonne! Ces cours où l'on analyse toutes les grandes lois universelles, sans jamais prononcer le nom de Dieu...	Парискиот амбиент! Особено амбиентот на Сорбона! Часовите на кои ги анализираме сите големи универзални закони, без да се спомне ниту еднаш името на Бога..."
SCHERTZ.-On ne le nomme pas, mais on parle de lui sans cesse.	ШЕРЦ. — "Не се споменува, но постојано зборуваме за него."
JEAN (amèrement).-J'avais l'habitude d'en parler plus nettement.	ЖАН (горчливо). — "Јас имав обичај да зборувам појасно за него."
SCHERTZ (avec un sourire encourageant).-Il faut seulement s'entendre. (Hésitant.) Je pourrais peut-être vous aider, cher ami; mais je suis retenu par le peu que je sais de votre vie religieuse... Où en êtes-vous réellement?	ШЕРЦ (со охрабрувачка насмевка). — "Треба само да се разбереме." (Колебајќи се.) "Можеби можам да ви помогнам, пријателе; но ме спречува тоа што малку знам за вашиот религиозен живот... До каде сте реално гледано? "
JEAN (découragé).-Je n'en sais rien moi-même. Mais ça ne va plus, plus du tout...	ЖАН (обесхрабрен). — "Не знам ни јас самиот. Но не чини работата, воопшто не чини..."
L'abbé s'est assis, les jambes croisées, le buste penché en avant, le menton sur ses doigts entrelacés.	Опатот седна, со скрстени нозе, со телото подадено нанапред, со двете раце преклопени под брадата.
JEAN.-Je suis partagé entre des tendances qui se contredisent. Un déséquilibre atroce, d'autant plus douloureux que j'ai connu le calme, la foi sereine, le bon feu intérieur... Je vous jure que je n'ai rien fait pour en arriver là: au contraire. Longtemps j'ai refusé à ma raison le droit de s'attacher à ces questions. Mais maintenant je ne peux plus. Les objections s'amoncellent	ЖАН. — "Поделен сум меѓу спротиставени тенденции. Ужасна нерамнотежа, која е уште помачна зашто го спознав мирот, спо којната вера, добриот внатрешен оган... Ви се колнам дека ништо не сторив да дојдам до тука: напротив. Долго време му го негирав правото на мојот разум да се занимава со тие прашања. Но, сега, не можам повеќе. Приговорите се натрупув

autour de moi; presque chaque jour j'en rencontre une nouvelle! J'ai bien dû m'apercevoir, bon gré, mal gré, qu'il n'y a pas un seul point de la doctrine catholique qui ne soulève aujourd'hui d'innombrables contradictions... (Tirant de sa poche un fascicule de revue.) Tenez, connaissez-vous ça? Un article de Brunois: «Les rapports de la raison et de la foi» (Geste négatif de Schertz.) Ça m'est tombé sous les yeux, par hasard, il n'y a pas bien longtemps. Je n'avais jusque-là aucune idée de ce que pouvait être l'exégèse moderne, je ne soupçonnais pas ce qu'étaient les attaques de la critique historique... Quelle révélation!	аат околу мене; речиси секојдневно има по некој нов! Морав да забележам, го сакал тоа или не, дека не постои ниедна точка од католичката доктрина која не предизвикува денеска бројни кон традикции..." (Вадејќи од џебот едно списание.) "Еве, го знаете ли ова? Статија од Бриноа : Односите меѓу разумот и верата." (Одречен гест на Шерц.) "Ова ми попадна под очи, случајно, пред некое време. Немав дотогаш никаква идеја за тоа каква треба да биде модерната егзегеза, не ни наслутував какви се нападите на историската критика... Какво откритие!
C'est là-dedans que j'ai appris, pour la première fois des choses comme ceci: Que les Évangiles ont été rédigés entre les années 65 et 100 après Jésus-Christ, et que, par conséquent, l'Église s'est fondée, a existé, pourrait exister sans eux... Plus de soixante ans après le Christ! Comme si, de nos jours, sans un seul document écrit, à l'aide de souvenirs et de vagues témoignages, on voulait consigner les actes et les paroles de Napoléon... Et voilà le livre fondamental, dont l'exactitude ne doit être mise en doute par aucun catholique!	"Токму таму разбрав, за првпат, за работи како што се: дека Ев ангелијата биле напишани меѓу 65 и 100 година по Исус Христос, и дека, според тоа, Црквата била создадена, постоела, би можела да постои и без нив. Повеќе од шеесет години по Христос! Тоа е исто како кога, денес, без ниеден пишан документ, со помош на спомени и нејасни сведоштва би сакале да ги похраниме делата и зборовите на Наполеон... И ете ја фун даменталната книга чија точност не треба да биде доведена во прашање од ниеден католик!"
(Tournant des pages.) Que Jésus ne s'est jamais cru Dieu, ni prophète, ni fondateur de religion, si ce n'est à la fin de sa vie, grisé par la crédulité de ses disciples...	(Листајќи ги страниците.) "Дека Исус никогаш не се замислува л Бог, ниту пророк, ниту основач на религија, освен на крајот од својот живот, опијанет од лековерноста на своите ученици...
Qu'on a été très long à édifier et à préciser le dogme de la Trinité, et qu'il a fallu plusieurs réunions de conciles pour fixer la double nature du Christ, faire la part de son humanité et de sa divinité... Bref: qu'il a fallu des années de controverses pour constituer ce dogme et le rattacher avec quelque vraisemblance aux paroles prononcées par Jésus; alors qu'au catéchisme, on nous l'enseigne, ce dogme de la Trinité, dès les premières	"Дека требаше долго време да се востанови и прецизира догмата на Тројноста и дека биле потребни повеќе концили за да се утврди двојната природа на Христос, да се оддели човечн оста од неговата боженственост... Накратко: дека требало години на контроверзии за да се востанови таа догма и да се поврзе со одредена веродостојност со изговорените зборови на Исус; додека, на часовите по катехизам, уште од првите лекции

leçons, comme une vérité élémentaire, toute simple, révélée par Jésus lui-même, et si claire, qu'elle n'a jamais été contredite par personne!	догмата на Тројноста нѝ ја предаваат како елементарна вистина, сосема едноставна, што самиот Исус ја открил и што е толку јасна што никој никогаш не ја ни оспорил!"
(D'autres pages.) Et ça! L'Immaculée conception... Une invention presque récente! Qui n'a pris naissance qu'au XIIe siècle, dans le cerveau mystique de deux moines anglais! Qui n'a été discutée et formulée qu'au XIIIe! Dont l'unique point de départ est la faute grossière de je ne sais quel traducteur grec, lequel s'est servi à tort du mot grec παρθένος jeune fille, pour traduire l'ancien mot hébreux, qui qualifiait naturellement Marie de jeune femme...	(Други страници.) "А ова! Безгрешното зачнување... Речиси скорешно откритие! Кое се роди во 12 век, во мистичниот мозок на двајца англиски калуѓери! Кое било дискутирано и фо рмулирано дури во 13 век! И за кое единствена исходишна точка била една голема грешка на некојси грчки преведувач, кој погрешно го зел зборот παρθένος, девица (млада девојка), за да го преведе стариот хебрејски збор кој сосема природно ја оп ределувал Марија како млада жена...
Vous souriez? Vous saviez tout ça? (Déçu.) Alors vous ne pouvez pas bien comprendre ce que j'ai pu éprouver à de pareilles lectures... Notez que je ne sais même pas encore si c'est exact. (Schertz fait signe que oui.) Mais que cela puisse être imprimé, tout au long, avec la signature d'un savant aussi sérieux, aussi circonspect que Brunois, c'est inouï! Le ton de l'article, surtout, est déroutant: ces objections sont rappelées là incidemment, pour appuyer la thèse, sans même être discutées, comme autant de vérités acquises aujourd'hui, comme autant de points d'histoire définitivement élucidés! Simplement, un renvoi, pour indiquer où les ignorants comme moi peuvent trouver la démonstration raisonnée de chacune de ces affirmations! Et je vous cite cet article parce que je viens de le lire. Mais de tous les côtés, dans tous les domaines, je me heurte à des réfutations!	"Се насмевнувате? Го знаевте сето тоа?" (Разочаран.) "Тогаш не можете добро да разберете што јас сум чувствувал кога сум ги читал тие работи... Имајте на ум дека сè уште не знам ни дали е тоа вистина." (Шерц прави знак на потврдување.) "Но дека тоа може да биде напечатено, целото, потпишано од еден толку сериозен и толку сомничав научник како што е Бриноа, тоа е нечуено! Посебно пречи тонот на статијата: тие приговори се споменати попатно, за да ја поткрепат тезата, без да бидат дискутирани, како да се денес прифатени вистини, како да се историски настани дефинитивно расветлени! Едност авно, едно упатување, за да се посочи каде незнајците како мене можат да го најдат изведението докажување на секое од тие тврдења! Ви ја цитирам оваа статија затоа што штотуку ја прочитав. Но, од сите страни, во сите области, се судрувам со негирања!
Tout le savoir moderne est donc en contradiction absolue avec notre foi?	"Целото модерно знаење е значи во потполна контрадикција со нашата вера?"
SCHERTZ (affectueusement).-Je vous croyais en relation avec un abbé de Buis, un prêtre instruit...	ШЕРЦ (срдечно). — "Јас мислев дека сте во тесни врски со еден опат од Буј, еден образован свештеник..."

JEAN.-Bah... C'est un homme actif, un saint, qui n'a jamais eu un doute sérieux, et qui d'ailleurs, si cela lui arrivait, en triompherait tout de suite, par l'action. (Sourire rancunier.) Il m'a prêté des bouquins de théologie...	ЖАН. — "Хм... Тој е активен човек, светец, кој никогаш немал сериозно сомневање и кој, доколку и му се случи тоа, би го победил веднаш, низ акција." (Злобна насмевка.) "Тој ми позајми теолошки книги..."
SCHERTZ.-Eh bien?	ШЕРЦ. — "И?"
JEAN (levant les épaules).-J'y ai trouvé des arguments spécieux et verbeux, présentés comme s'ils étaient inattaquables, mais que la moindre réflexion crève comme des outres gonflées. Ça ne peut convaincre que des convaincus. Je vous scandalise?	ЖАН (подигнувајќи ги рамениците). — "Во нив најдов само сл адникави и слаткоречиви аргументи претставени како да се нео спорливи, но кои при најмала размисла пукаат како надуени мешини. Тие можат да ги убедат само веќе убедените... Ве скан дализирам?"
SCHERTZ.-Mais non, aucunement. Je vous comprends très bien.	ШЕРЦ. — "Не, не воопшто. Многу добро ве сфаќам."
JEAN.-Vrai?	ЖАН. — "Навистина?"
SCHERTZ.-Mieux que vous ne pouvez croire...	ШЕРЦ. — "Подобро отколку што можете и да претпоставите..."
Jean ébauche un geste étonné que Schertz arrête de la main.	Жан начнува гест на чудење што Шерц го прекинува со раката.
SCHERTZ.-Continuez, voulez-vous?	ШЕРЦ. — "Продолжете, само продолжете?"
JEAN.-Mais voilà... C'est tout... Chaque fois que je veux raisonner, avec l'espoir de consolider ma foi, ou simplement chaque fois que je cherche à analyser mon inquiétude, je sens que je porte un nouveau coup à mes croyances... C'est en cherchant à prouver sa foi qu'on l'ébranle: j'en ai fait l'expérience. J'ai beau faire: ça croule...	ЖАН. — "Ете.. Тоа е сè... Секогаш кога сакам да резонирам, со надеж дека ќе ја зацврстам мојата вера, или пак секогаш кога се обидувам да ја анализирам мојата вознемиреност, чувствува м дека им задавам нов удар на моите верувања... Трудејќи се да ја докажеме својата вера, ние всушност и ја разбрануваме: јас го имам искусено тоа. Залудно се трудам: се струполува..."
SCHERTZ (vivement).-Non, non.	ШЕРЦ (живо). — "Не, не."
JEAN.-Ah, je vous assure que je ferai tout pour éviter ça! (Avec abandon et angoisse.) Il existe peut-être des gens qui peuvent se passer de religion? Moi pas. J'en ai besoin, besoin, comme de manger ou de dormir. Sans religion je serais, je ne sais pas, comme un arbre dont les racines n'auraient plus de	ЖАН. — "Ах, ве уверувам дека ќе направам сè за да го избегнам тоа!" (Со рамнодушност и неспокој.) "Можеби постојат луѓе кои можат да живеат без религија. Јас не. Имам потреба, потреба, како за јадење или за спиење. Без религија, би бил... не знам... како дрво чии корења би биле без почва, без

sol, plus de nutrition possible! Tout s'en irait d'un seul coup... Ah, c'est terrible, mon cher; je me sens catholique jusqu'au fond des moelles! Je m'en aperçois mieux encore depuis que j'ai tant à lutter: tout ce que je pense, tout ce que je veux, tout ce que je fais, est déterminé en moi par un sens catholique qui fait partie de ma nature; et s'il m'arrivait de perdre ce sens-là, ma vie entière reposerait pour toujours sur une absurde contradiction!	можност за исхрана! Сè би исчезнало одеднаш...Ах, страшно е тоа, пријателе; се чувствувам католик до дното на душата! Го з абележувам тоа подобро откако почнав толку да се борам: сè што мислам, сè што сакам, сè што правам, е одредено во мене од едно католичко чувство кое е дел од мојата природа; и, ако ми се случи да го изгубам тоа чувство целиот мој живот засекогаш би се засновал врз една апсурдна контрадикција!"
SCHERTZ.-Mais enfin, cette crise morale a des intermittences? Il y a des jours encore où vous pouvez vous rapprocher de Dieu?	ШЕРЦ. — "Но има ли прекини таа морална криза? Има ли денови кога можете да му се приближите на Бога?"
JEAN (perplexe).-Je ne sais pas comment vous dire... Au fond, je n'ai pas vraiment l'impression que je m'écarte de Dieu ... même quand je doute de lui... (Souriant.) Je ne peux pas vous expliquer...	ЖАН (збунет). — "Не знам како да ви кажам... Всушност, јас заправо и немам впечаток дека се одалечувам од Господ... дури и кога се сомневам во него..." (Насмевнувајќи се.) "Не можам да ви објаснам..."
L'abbé fait signe qu'il comprend très bien.	Опатот дава знак дека сосема разбира.
JEAN (après avoir réfléchi).-En somme, le problème angoissant est celui-ci: Tout se tient dans la religion catholique: la foi, le dogme, la morale, l'émotion intérieure de la prière; tout se tient... (Schertz fait un geste de dénégation que Jean ne remarque pas...) Et si on en rejette une fraction, on perd l'ensemble!	ЖАН (откако подразмисли). — "На крајот на краиштата, проблемот кој вознемирува е следниот: Во католичката религија сè се држи: верата, догмата, моралот, внатрешното чувство на молитвата; сè се држи..." (Шерц прави гест на негирање што Жан не го забележува...) "И, ако отфрлиме едено делче, ја губиме целината!"
L'abbé se lève, et fait quelques pas, les mains derrière le dos.	Опатот станува, и прави неколку чекори, со рацете на грб.
SCHERTZ.-Ach! mon ami, comme nous vivons une heure tragique de la vie religieuse des hommes!	ШЕРЦ. — "Ах! пријателе, колку ли само трагичен момент од р елигиозниот живот на луѓето живееме!"
Il s'arrête devant Jean et le considère, gravement.	Тој запира пред Жан и го загледува озбилно.
SCHERTZ (d'une voix mesurée).-Voyons, pour résumer: d'une part, votre raison, qui se blesse à des points de dogme et qui refuse de les accepter; et, d'autre part, votre sensibilité	ШЕРЦ (со одмерен глас). — "Да видиме, значи: од една страна, вашиот разум, кој се повредува при прашања од догмата и одбива да ги прифати; и, од друга страна, вашата религиозна ч

religieuse, vivace, très vivace, qui a goûté Dieu, si je puis dire, et qui ne peut plus s'en passer?	увстителност, жива, многу жива, која го вкуси Бога, ако можам така да речам, и која не може понатаму без него?"
JEAN.-Exactement. Sans compter une crainte instinctive, qui a ses racines dans mon enfance et dans mon atavisme, sans doute: la terreur de perdre la foi.	ЖАН. — "Токму така. На тоа да се додаде уште и инстинктиве н страв, чии корени доаѓаат од моето детство и којшто веројатно сум го наследил: стравот да ја изгубам верата."
SCHERTZ.-Oui. Eh bien, mais c'est à peu près ce que j'ai éprouvé moi-même!	ШЕРЦ. — "Да... Е па, тоа е речиси истото она што јас лично го чувствував!"
JEAN.-Ah? Quand?	ЖАН. — " Зар? Кога? "
SCHERZ.-Lorsque j'ai quitté le séminaire.	ШЕРЦ. — " Кога ја напуштив семинаријата."
JEAN (impatiemment).-Et ... maintenant?	ЖАН (нетрпеливо). — "А... сега?"
SCHERTZ (montrant sa soutane et souriant).-Vous voyez...	ШЕРЦ (покажувајќи ја мантијата и смеејќи се). — "Еве гледате..."
Il repousse de la main l'interrogation de Jean.	Тој со рака го одбива прашањето на Жан.
SCHERTZ (posément).-Voulez-vous me laisser citer mon propre exemple?	ШЕРЦ (смирено). — "Ќе сакате ли да ме оставите да го изнесам мојот личен пример?"
Jean lui adresse un sourire reconnaissant. L'abbé se carre dans son fauteuil, le visage sur ses mains croisées, les paupières plissées, le regard lointain.	Жан му упатува благодарна насмевка. Опатот се испружи во фотељата, лицето потпрено врз скрстените раце, со набрани очни капаци, со залутан поглед.
SCHERTZ.-Jusqu'à l'ordination, je n'avais pas beaucoup étudié les sciences, mais j'étais très attiré, depuis longtemps; et j'ai commencé à étudier, aussitôt prêtre. Je me rends bien compte, à distance, de ce qui s'est passé; et cela arrive à beaucoup. (Avec respect.) C'est la discipline scientifique! On la découvre tout à coup; on s'y soumet passionnément; elle prend possession de vous; elle vous forge un cerveau neuf. Et puis, plus tard, un jour, quand on se tourne vers le passé, tout est changé: les choses autrefois habituelles, on les regarde, et c'est comme si on les voyait pour la première fois: on les juge... Et, de ce jour-là, c'est fini, on ne peut plus ne pas juger!	ШЕРЦ. — "Сè до заредувањето, јас ги немав многу изучувано науките, но тие ме привлекуваа, од многу одамна; и јас почнав да студирам, штом станав свештеник. Сега сфаќам добро, гледано уназад, што се случило; а и на многумина други тоа им се случило." (Со почит.) "Се работи за научната дисциплина! Ја откриваме одеднаш; и со страст ѝ се покоруваме; таа нè обзема; таа нѝ стокмува нов мозок. И потоа, подоцна, еден ден, кога се свртуваме кон минатото, сè е изменето: некогашните во обичаени нешта, сега ги гледаме, и како да ги гледаме за прв пат: ги просудуваме... И, од тој момент, готово е, не можеме веќе без да судиме! Не е ли така? Ете ја научната дисциплина!"

Pas vrai?... Voilà la discipline scientifique!	
JEAN.-Oui: on ne peut plus s'empêcher de voir...	ЖАН. — "Да: не можеме повеќе да се спречуваме да гледаме..."
SCHERTZ (souriant).-Moi, je ne savais pas, j'ai cru que je pouvais retourner en arrière. J'ai fermé tous les livres, et je suis parti pour le monastère de Brügen. (Hésitant.) Une...	ШЕРЦ (насмевнувајќи се). — "Јас, јас не знаев, верував дека можам да се вратам на старо. Ги затворив сите книги, и отидов во манастирот Бирген." (Колебајќи се...) "Едно..."
JEAN.-Une retraite?	ЖАН. — "Едно повлекување?"
SCHERTZ.-Une retraite. Cinq mois, pendant le plein hiver... D'abord j'ai tenté une consultation des Pères; beaucoup étaient instruits. Mais ils affirmaient, et moi je raisonnais; c'était toujours le même malentendu... Ils riaient à la fin, et disaient toujours: «Rien d'impossible pour Dieu.» Alors, quoi répondre?	ШЕРЦ. — "Едно повлекување. Пет месеци, среде зима... Најпрвин, пробав да се советувам со Оците; многумина беа обр азовани. Но тие изнесуваа тврдења а јас резонирав; постојано истото недоразбирање. На крајот тие се смееа и секогаш велеа: 'За Господ ништо не е неможно.' Тогаш, што да одговорам?
L'un m'a dit, un jour: «Ce qui m'étonne, c'est qu'avec de pareilles pensées, vous n'ayez pas perdu la foi...» Ah, j'ai beaucoup réfléchi là-dessus. C'était vrai: ma foi n'était pas diminuée. Comme vous le disiez tout à l'heure pour vous. J'avais la conviction intérieure,-pour ainsi dire une certitude-que rien n'était modifié. Impossible d'éprouver un remords. Je me sentais soumis à quelque chose qui était plus fort que ma volonté, et, en même temps, très élevé, et si respectable...	"Еден ден еден ми рече: 'Ме чуди како, со такви мисли, вие не сте ја изгубиле верата...' Ах, многу размислував за тоа. А тоа беше вистина: мојата вера не беше помала. Како што пред малку вие го кажавте истото за вас. Јас имав внатрешно уверување, — така да речам една извесност — дека ништо не беше променето. Беше неможно да се почувствува каење. Јас бев подложен на нешто што беше посилно од мојата волја, и, и стовремено, многу издигнато, и толку за почитување...
Alors, que faire? J'ai cherché à transiger.	"Е па, тогаш што да се прави? Се обидов да попуштам."
JEAN (secouant la tête).-Une voie dangereuse...	ЖАН (одмавнувајќи со главата). — "Опасен пат..."
SCHERTZ.-J'étais bien obligé de reconnaître, devant les arguments scientifiques si nets, que la lutte était inutile. Et ne pas faire, comme certains prêtres savants, des demi-concessions, insuffisantes. Non: reculer courageusement, fier d'être sincère, et avec l'assentiment de Dieu au fond de la conscience. (Un temps.) Ainsi, j'ai quitté Bürgen, et je suis	ШЕРЦ. — "Бев принуден да признаам, пред толку јасните научни аргументи, дека борбата беше бескорисна. И не сакав да правам, како некои свештеници научници, половични, недоволни отстапки. Не: да се повлечам храбро, горд поради мојата искреност, и со одобрение на Бога, длабоко во совеста." (За момент.) "Така го напуштив Бирген, се вратив во Берн, и се

rentré à Berne, et je me suis appliqué à approfondir avec les livres et la réflexion, toutes ces questions. (Gaiement.) Ach! mon ami, quand on regarde, quelle inégalité vraiment des deux camps en présence! D'un côté, les adversaires de l'Église,-je parle seulement des vrais savants, ayant fait œuvre.-Et de l'autre, nos apologistes du catholicisme, qui se lamentent et brandissent de vieux arguments tout gâtés, et finalement menacent d'anathème! A qui, malgré soi, va la confiance? L'attitude de Rome est véritablement incompréhensible; il faut l'étudier de près pour s'en convaincre! Elle attaque la science moderne en ignorant tout des faits actuels. Elle ignore jusqu'à la plus élémentaire méthode: impossible de discuter. Pour cela même, voulant soutenir trop, elle rend sa thèse entière insoutenable. J'ai eu besoin de deux années pour acquérir cette conviction, mais je ne regrette pas: grâce à ces années de travail, j'ai reconquis pour toujours la paix intérieure.	оддадов на продлабочување, преку книги и размислувања на сите тие прашања." (Радосно.) "Ах! пријателе, кога ќе погледне ме, каква вистинска нееднаквост на двата постоечки табора! Од една страна, противниците на црквата, — јас зборувам само за вистинските научници, кои се докажале, — и, од друга страна, нашите апологети на католицизмот, кои се жалат и мафтаат со стари излитени аргументи, и кои најнакрај се закан уваат со анатема! Кому, и не сакајќи му ја даваме довербата? Држењето на Ватикан е навистина неразбирливо; кога ќе го проучиме повеќе прашањето ќе се увериме во тоа! Ватикан ја напаѓа модерната наука без да знае ништо за современите факти. Тој не ја познава ниту најелементарната метода; не е можно да се дискутира. Токму поради тоа, сакајќи многу да докаже, тој ја прави целата своја теза недокажлива. Ми требаа цели две години за да се здобијам со ова уверување, но не жалам: благодарејќи на тие години на студирање, јас го повратив внатрешниот мир."
JEAN.-La paix intérieure...	ЖАН. — "Внатрешниот мир..."
L'abbé se penche en avant, comme pour demander à Jean toute son attention.	Опатот се наведнува нанапред, како да го бара од Жан целото негово внимание.
SCHERTZ.-Mon ami, je suis parvenu à cette distinction capitale:	ШЕРЦ. — "Пријателе, дојдов до едно фундаментално разграни чување:
Il y a dans le sentiment religieux deux éléments tout à fait séparés par leur nature. Premièrement: le sentiment religieux dans sa pureté, qui est, si je puis dire, l'alliance conclue avec le divin, et, en même temps les rapports intimes et privés qui s'établissent entre Dieu et les âmes religieuses. Bien.-Secondement: l'élément, je dirai dogmatique, les affirmations théoriques sur Dieu, et les rapports,-non plus intimes, mais cultuels-entre l'homme et Dieu. Comprenez-vous cela?	"Во религиското чувство има два елемента, наполно раздвоени по самата нивна природа. Прво: религиското чувство во својата чистота, кое е, ако можам така да кажам, склучување на договор со боженственото, и, истовремено, интимните и лични односи кои се воспоставуваат меѓу Бог и религиозните души. Добро. — Второ: би рекол, догматскиот елемент, теориските тврдења за Бога, и односите — не повеќе интимни туку култни — меѓу човекот и Господ... Го разбирате тоа?"

JEAN.-Oui.	ЖАН. — "Да."
SCHERTZ.-Eh bien, pour la sensibilité religieuse d'aujourd'hui, un seul de ces éléments est fondamental: c'est le premier, l'alliance personnelle avec Dieu.	ШЕРЦ. — "Е па добро, за мојата религиозна чувственост денес, само еден од тие елементи е основен: првиот, личното з дружување со Бога."
JEAN.-Comment pouvez-vous dire: la sensibilité d'aujourd'hui? La religion n'est pas soumise à la mode!	ЖАН. — "Како можете да кажете: чувствеността денес? Религиј ата не е подложна на модата!"
SCHERTZ.-Ach, ceci est une parenthèse. La religion est soumise sinon à la mode, du moins au développement moral de l'humanité. Tenez: au moyen âge, est-ce qu'on ne puisait pas de grandes forces, simplement dans le sens littéral des dogmes? Aujourd'hui non; c'est un fait. Regardez les catholiques, ceux qui ont vraiment une vie intérieure: beaucoup d'entre eux ont de capitales ignorances, au sujet de la religion théorique; sans qu'ils s'en doutent, le dogme est chez eux au deuxième plan; et cela n'importe pas.	ШЕРЦ. — "Ах, тоа е друга тема. Религијата е подложна ако не на модата, тогаш на моралниот развој на човештвото. Пазете: во средниот век, не ли се црпеа главните сили од буквалното значење на догмите? Е денеска не е така: тоа е факт. Погледнет е ги католиците, оние кои имаат навистина внатрешен живот: многумина од нив имаат суштински непознавања во однос на к атоличката религија; без да се свесни за тоа, догмата кај нив е на втор план; и тоа не е важно.
Reprenons. Je dis: pour vous, pour moi, pour un grand nombre de nos contemporains, le premier élément, la foi personnelle, est intacte. C'est la croyance dogmatique qui a perdu l'équilibre. Nous n'y pouvons rien: la religion romaine, telle qu'elle est fixée actuellement, est inacceptable pour beaucoup d'esprits ayant de la culture, et pour tous les esprits ayant des connaissances approfondies. Le Dieu qu'ils nous offrent est trop petitement humain: aujourd'hui, la croyance en un Dieu personnel, en un Dieu monarque, en un Dieu fabriquant l'univers, la croyance au péché et à l'enfer... Ach, non! Cette religion-là n'est plus à notre mesure! Elle ne contente plus, comment dire, notre soif de perfection.	"Да се вратиме... Јас велам: за вас, за мене, за голем дел од нашите современици, првиот елемент, личната вера, е непроме нет. Додека догматското верување ја изгуби рамнотежата: римската религија, таква каква што е поставена во овој момент, е неприфатлива за многу луѓе кои поседуваат култура, и за сите лица кои имаат продлабочени познавања. Господ што нѝ го нудат е премногу човечки: денес, верувањето во еден личен Бог, во еден Бог монарх, во еден Бог кој го создал светот, верув ањето во гревот и во пеколот...ах, не! Таа религија не е повеќе според наша мера! Таа не ја задоволува повеќе, — како да кажам... — нашата жед за перфекција.
Les croyances humaines sont obéissantes à l'évolution, comme toutes choses; elles marchent, allant du moins bien vers le mieux. Eh bien, la religion doit, de toute nécessité, être	"Човечките верувања се подложни на еволуција, како и сѐ друго; и тие чекорат, од помалку доброто кон подоброто. Па така, и религијата треба нужно да се адаптира на сегашното

adaptée à l'intelligence actuelle. Rome est fautive de résister à cette adaptation.	сфаќање. Рим греши што се спротиставува на тоа адаптирање."
JEAN (vivement).-Mais en condamnant, comme vous le faites, l'Église contemporaine, est-ce que c'est réellement vous qui avez raison?... N'est-ce pas, simplement, que vous êtes...	ЖАН. (живо). — "Но, осудувајќи ја како што правите вие, совр емената Црква, дали сте вие тој што навистина има право?... Не се работи ли, едноставно, за тоа дека вие сте...?"
SCHERTZ (l'interrompant).-Comprenez bien ceci: dans les croyances des hommes, même en supposant que l'origine en soit divine, il y a forcément un élément humain. On commence seulement à en tenir compte. Ainsi, les orthodoxes avouent seulement depuis peu, que certains récits de la Bible et des Évangiles sont des histoires figurées. Je donnerai des exemples: Jésus descendant vers les régions inférieures de la terre... Ou bien Jésus emporté par Satan sur la montagne... Aucun théologien sérieux n'ose plus affirmer: «Oui, cette descente a eu lieu, matériellement... Oui, cette montagne a existé, matériellement.» Ils avouent aujourd'hui: «C'est figurativement.»	ШЕРЦ (прекинувајќи го). — "Разберете го добро ова: во верува њата на луѓето, дури и да претпоставиме дека нивното потекло е божјо, има задолжително еден човечки елемент. Само што почнуваме да водиме сметка и за тоа. Така, ортодоксните приз наваат само од пред извесно време дека одредени прикази од Библијата и од Евангелиијата претставуваат фигуративни прикази. Ќе наведам примери: Исус кога се спушта кон внатре шните региони на земјата... Или пак Исус однесен од Сатана на планината... Ниеден сериозен теолог не се осмелува повеќе да тврди: 'Да, тоа спуштање се случило материјално... Да, таа планина постоела материјално.' Тие денеска признаваат: 'Тоа е фигуративно.'
Eh bien, cette manière d'appeler honnêtement symbole ce qui est manifestement symbolique, voilà ce qui est bon pour des gens comme vous ou moi. Mais il faut l'appliquer, non pas comme les orthodoxes, qui le font de mauvais gré et seulement pour les légendes vraiment grossières; il faut l'appliquer à tous les faits affirmés par la religion, dès que ces faits sont inacceptables à la raison moderne. Ainsi vous avez la solution de toutes les difficultés.	"Е па, тој начин да се нарекува чесно симбол она што очигледно е симболичко, ете тоа е добро за луѓе како вие и јас. Но тоа треба да се примени, и тоа не како што прават ортодокс ните, од немај каде и само врз преувеличените легенди; тоа треба да се примени на сите факти што ги тврди религијата, од моментот кога тие факти стануваат неприфатливи за модерниот разум. На тој начин вие го имате решението на сите потешкотии."
Long silence.	Долга тишина.
Jean réfléchit, sans détacher les yeux du visage énergique de l'abbé.	Жан размислува без да го тргне погледот од енергичното лице на опатот.
SCHERTZ.-D'ailleurs, il faut être bien persuadé, mon cher ami, qu'avant peu d'années, tous les théologiens instruits en	ШЕРЦ. — "Впрочем, треба да се биде убеден, драг пријателе, дека за неколку години сите учени теолози ќе дојдат до тоа; и

arriveront là; et ils seront surpris que les catholiques du XIXe siècle aient pu si longtemps accepter le sens littéral de tous ces récits poétiques. Ils diront: «Ce sont des visions des histoires pleines de signification, mais idéales; les évangélistes les ont accueillies sans critique, ainsi que pouvaient faire des gens anciens, dénués d'instruction, et crédules.»	тие ќе бидат изненадени дека католиците од XIX век можеле толку долго време да го прифаќаат буквалното значење на тие поетски прикази. Тие ќе речат: 'Тоа се визии, прикази полни со значење, но идеални; евангелистите ги прифатиле без поговор, како што можело да им се случи на поранешните луѓе, необраз овани и лековерни.'
JEAN.-Mais un fait est un fait. Les dogmes sont vrais, ou bien ils ne sont rien.	ЖАН. — "Но фактот си е факт. Догмите се вистинити или пак не вредат ништо."
SCHERTZ.-Ach! Le vrai et le réel, c'est deux!... L'objection que vous faites est fréquente. Mais vous dites: vérité; et vous pensez: authenticité. Ce n'est pas la même chose. Il faut s'attacher à voir la vérité, non pas dans le fait lui-même, mais dans la signification morale de ce fait... On peut accepter le sens fondamental que renferme le mystère de l'Incarnation, ou celui de la Résurrection, sans, pour cela, admettre que ce soient des événements authentiques, historiquement exacts, comme la capitulation de Sedan ou la proclamation de la République!	ШЕРЦ. — "Ах! Вистинитото и реалното се две различни работи!... Приговорот што вие го правите е чест. Но вие велите: вистина а мислите: автентичност. Тоа не е иста работа. Треба да се трудиме да ја гледаме вистината не во самиот факт, туку во моралното значење на тој факт... Може да се прифати фундаменталното значење што го има мистеријата на отелотво рувањето, или пак онаа на Воскресението, без притоа да се прифати дека се тоа автентични настани, историски точни, - како што е капитулацијата од Седан или пак прогласувањето на Републиката!"
L'abbé se lève, tourne autour de la table et vient se camper devant le siège où Jean reste songeur.	Опатот станува, врти околу масата, и застанува пред столицата на која седи Жан, замислен.
L'abbé est ému. La gravité formaliste de son visage a disparu, laissant paraître l'intensité d'une flamme intérieure que Jean ne soupçonnait pas.	Опатот е возбуден. Формалната озбилност од неговото лице исчезна, а на нејзино место се појави со голем интензитет еден внатрешен изблик што Жан не го ни наслутуваше.
SCHERTZ (montrant, d'un grand geste, son crucifix).-Quand je suis agenouillé là, devant cette croix, et que je sens monter, du plus profond de moi, comme une vague, cet amour pour Jésus, et que ma bouche prononce: «Mon Sauveur!» Ach, ce n'est pas je vous assure, parce que je pense au dogme mystique de la Rédemption, à la façon d'un enfant du catéchisme!... Non... Mais je considère immensément, ce que Jésus a fait	ШЕРЦ (покажувајќи го, со одважен гест, своето распетие). — "Кога сум клекнат тука, пред овој крст, и кога чувствувам како надоаѓа, од моите најдлабоки предели, како бран, онаа љубов за Исус, и кога мојата уста изговара: Спасителу мој! — ах, тоа не е, ве уверувам, затоа што мислам на мистичната догма на Ис купувањето, како што мисли едно дете на час по катехизам!... Не... Но јас го сметам за велелепно она што Исус го направил

pour l'humanité: tout ce qui est vraiment bon dans l'homme d'aujourd'hui, tout ce qui promet de s'épanouir dans l'homme de demain, vient de lui! Et alors, je me penche, en toute raison satisfaite, devant notre sauveur, devant celui qui est le symbole du sacrifice et du désintéressement; devant la Douleur acceptée, qui rend l'homme pur!	за човештвото: сè она што е добро во денешниот човек, сè она што во него навестува дека утре ќе процути, доаѓа од него! И тогаш, јас се поклонувам, сосема исполнет, пред нашиот спасител, пред оној кој е симбол на жртвувањето и на преданост та; пред прифатената Болка која го прави човека чист!
Et quand je fais le matin, sur l'autel, ma communion de chaque jour, qui renouvelle ma force et m'élève le cœur pour la journée entière, mon sentiment est si intense que c'est bien exactement pour moi comme la Présence réelle de Dieu! Pourtant l'Eucharistie, ce n'est qu'un symbole, le symbole de l'action sensible et continue de Dieu sur mon âme; mais mon âme l'appelle, cette action, et la recherche, presqu'avidement!	"И, кога наутро, ја изведувам мојата секојдневна причесна на олтарот, која ја обновува мојата сила и која ми го воздигнува срцето за целиот тој ден, моето чувство е толку силно што за мене е исто како Господ да е тука пред мене! Меѓутоа, ефхарис тијата е само симбол на сетилната и постојана акција на Господ врз мојата душа; но мојата душа ја повикува таа акција и ја бара речиси жедно!"
Jean réfléchit. L'exaltation de l'abbé augmente, par opposition, son calme et son besoin de contradiction.	Жан рамислува. Токму спротивно, вознесувањето на опатот ја зголемува неговата смиреност и потреба за спротиставување.
JEAN.-Je veux bien. Cependant un simple catholique, qui croit fermement aux faits matériels de l'incarnation ou de l'Eucharistie, met dans ses prières et dans ses communions bien plus que vous ne pourrez jamais y mettre, avec vos restrictions!	ЖАН. — "Нека биде така. Но, еден обичен католик кој цврсто верува во материјалните факти на Отелотворувањето или во Е фхаристијта, принесува во своите молитви и во своите причесни многу повеќе отколку што вие било кога можете да внесете, со вашите ограничувања!"
SCHERTZ (vivement).-Non! L'essentiel, c'est de dégager la vérité dans la mesure où elle peut être bonne à chacun de nous.	ШЕРЦ (живо). — "Не! Основно е да се понуди вистината во мера во која таа може да биде добра за секој од нас.
Mettons-nous sur le terrain pratique: notre raison ne peut pas accepter le dogme, c'est un fait; au contraire, le symbole que nous en dégageons est clair, satisfait notre raison, et contribue à notre amélioration. Alors, comment hésiter?	"Да се поставиме на практичен терен: нашиот разум не може да ја прифати догмата, тоа е факт; напротив, симболот што ние од неа го истакнуваме е јасен, го задоволува нашиот разум, и п ридонесува во нашето подобрување. И тогаш, како можеме да се колебаме?"
JEAN.-Est-ce que ce n'est pas amoindrir la doctrine que de la dépouiller de ses formes traditionnelles? Le christianisme a toujours été, et reste une doctrine. «Allez et enseignez toutes	ЖАН. — "Но зарем тоа не значи дека доктрината ослабува ако ù се одземат нејзините традиционални форми? Христијанството о било отсекогаш, и останува една доктрина. Одете и подучете

les nations...» C'est l'acceptation intégrale de cette doctrine qui fait le chrétien.	ги сите народи... Токму целосното прифаќање на оваа доктрина прави еден човек христијанин."
SCHERTZ.-Mais c'est justement pour maintenir intégralement la doctrine, qu'il faut aujourd'hui en modifier la forme! L'histoire enseigne que les dogmes, pendant des siècles, ont pu se transformer, s'accroître, être soumis à l'évolution générale: vivre, en somme. Pourquoi maintenant les laisser immobiles dans la tradition, comme des momies? Puisque nous constatons que la religion actuelle n'est plus conforme aux besoins des consciences contemporaines, pourquoi n'aurions-nous pas le droit, à notre tour, d'ajouter quelque chose au travail des théologiens devanciers?	ШЕРЦ. — "Но токму за да се зачува интегрално доктрината, потребно е денес да се промени нејзината форма! Историјата подучува дека догмите, низ вековите, можеле да се трансформ ираат, да нараснат, да бидат подложни на општата еволуција; со еден збор, да живеат. И зошто сега да ги оставиме неподвиж ни во традицијата, како мумии? Ако констатираме дека сегашнава религија повеќе не одговара на потребите на соврем ената свест, зошто тогаш не би имале право, и ние од наша страна, да му додадеме нешто на сработеното од претходните теолози?"
Quatre heures sonnent à Saint-Sulpice. L'abbé se lève et touche l'épaule de Jean, qui regarde dans le vague.	На црквата Сен-Силпис камбаните одзвонуваат четири часот. Опатот станува и го допира рамото на Жан, чиј поглед оддава отсутност.
SCHERTZ.-Nous recauserons de tout ça.	ШЕРЦ. — "Ќе зборуваме пак за сето ова."
JEAN (comme au sortir d'un rêve).-Ah, je ne sais plus, moi... J'ai été si longtemps habitué à donner une valeur absolue aux formes traditionnelles... Il y a, dans la religion ainsi comprise, un manque d'unité qui me choque!	ЖАН (како да се враќа од некој сон). — "Ах, не ми е повеќе јасно. Толку долго бев навикнат да им давам апсолутна вредност на традиционалните форми... Во така сфатената религија има недостаток на единство кој ме шокира!"
SCHERTZ (agrafant sa cape).-L'inégalité est partout. Pourquoi les hommes, tous si différents les uns des autres, n'auraient-ils pas des formules variables pour adorer le même Dieu? (Souriant.) Il faut partir.	ШЕРЦ (закопчувајќи ја пелерината) — "Нееднаквоста е насекаде. Зошто луѓето, кои се толку различни едни од други, не би имале различни формули за да го обожуваат истиот Господ? " (Насмевнувајќи се.) "Треба да тргнеме. "
Laissez déposer, mon ami... Et rappelez-vous l'aveu de Saint Paul: «Nous ne voyons maintenant qu'au travers d'un miroir, en énigme...» «Videmus nunc per speculum, in œnigmate...»	"Оставете да се слегне, пријателе... И потсетете се на признани ето на Свети Павле: "Сега гледаме само преку огледало, како во енгигма... Videmus nunc per speculum, in ænigmate..."
Ils descendent dans la rue. Plusieurs minutes de silence, côte à côte.	Тие се спуштаат низ улицата. Одат неколку минути молчеливо, еден крај друг.

JEAN (brusquement).-Il faut être logique: pourquoi continuez-vous à pratiquer, s'il est avéré que ces pratiques n'ont qu'une importance figurative?	ЖАН (наеднаш). — "Треба да се биде логичен: зошто продолжувате да практикувате ако е потврдено дека тие практики имаат само фигуративно значење?"
Schertz s'arrête net, sort le menton hors de son collet, et regarde Jean comme pour savoir s'il plaisante ou non. Son visage prend aussitôt une expression de souffrance.	Шерц одеднаш се запира, ја подизвлекува брадата од крагната, и го гледа Жан како да сака да дознае дали се шегува или пак не. На неговото лице се оцртува наеднаш страдален израз.
SCHERTZ.-Ach, vous ne m'avez donc pas compris?	ШЕРЦ. — "Ах, значи не ме разбравте?"
Il se recueille pendant quelques secondes.	Тој замолчува неколку секунди..
SCHERTZ (pesant ses termes).-Parce qu'il serait insensé de renoncer à cette fontaine d'eau vive qu'est une religion pratiquée!... Il faut se comporter avec la religion comme si elle était vraie dans tous ses détails, parce qu'elle est vraie ... en profondeur. Voyez, par exemple, notre prière catholique: où trouver semblable élan?	ШЕРЦ (одмерувајќи ги своите зборови). — "Затоа што би било непромислено да се откажеме од таа фонтана на вода за пиење каква што претставува една религија која се практикува!... Со религијата треба да се однесуваме како таа да е вистината во сите свои детали, затоа што таа е вистината... во длабочина. Погледнете ја, на пример, нашата католичка молитва: може ли да се најде некаде таков сличен елан?"
JEAN.-Vous n'avez plus besoin de formules!	ЖАН. — "Вие немате повеќе потреба од формули!"
SCHERTZ.-Ne le croyez pas! C'est par les formules que le divin pénètre dans notre vie. Il faut que nous acceptions tous, indistinctement, les formes du culte; mais que chacun, selon l'état de sa conscience, en fasse l'interprétation appropriée, et s'en serve selon ses besoins.	ШЕРЦ. — "Не верувајте во тоа! Токму преку формулите божјото навлегува во нашиот живот. Сите ние треба, без исклучок, да ги прифатиме формите на култот; но и секој од нас, според состојбата на својата свест, нека си направи соодветна интерпретација, и нека ги употребува тие форми според своите потреби."
JEAN.-Alors, autant passer au protestantisme...	ЖАН. — "Па тогаш, тоа е исто како да се помине во протестантизам..."
SCHERTZ.-Que non! Voyez cette religion individualiste et finalement anarchiste qu'est le protestantisme: là n'est pas réellement notre nature. Tandis que la forme du catholicisme, organisée, sociale...-que dire?-communautaire... Voilà la nature humaine!	ШЕРЦ. — "Не воопшто! Погледнете ја оваа индивидуалистичка и во крајна линија анархистичка религија, протестантизмот: реално нашата природа не е во неа. Додека формата на католицизмот е организирана, општествена... — така да кажеме здружувачка... Тоа е човечката природа!"

JEAN.-Alors la libre-pensée toute pure!	ЖАН. — "Па тогаш тоа е самата слободна мисла!"
SCHERTZ.-Non, mon ami. Nous, catholiques, nous n'aurons jamais le droit de faire cette rupture.	ШЕРЦ. — "Не, пријателе, ние католиците никогаш не ќе имаме право да го направиме тој раскин."
JEAN.-Le droit?	ЖАН. — "Право?"
SCHERTZ (gravement).-Nous n'avons pas le droit de nous isoler des autres. Comment la religion a-t-elle acquis peu à peu ses indiscutables vertus sociales? Par les efforts de tous. Eh bien, rester à l'écart, c'est agir comme un individualiste.	ШЕРЦ (озбилно). — "Ние немаме право да се изолираме од другите. Како успеала религијата да ги придобие лека полека своите неприкосновени општествени доблести? Преку напорите на сите. Е па, да се остане настрана, значи да се делува како индивидуалист."
JEAN.-Mais votre attitude est bien celle d'un individualiste!	ЖАН. — "Но вашиот став е токму став на индивидуалист!"
SCHERTZ (sursautant).-Pas du tout! Choisir ses symboles, selon son développement personnel: oui; mais en se rappelant toujours que ce qui est symbole pour nous, a son équivalent dans les formules plus populaires. C'est ainsi qu'on reste lié à toutes les autres. Voilà le bon individualisme...	ШЕРЦ (подрипнувајќи). — "Никако! Да се изберат свои сопствени симболи, според својот личен развој: да; но потстету вајќи се секогаш дека она што е симбол за нас има свој еквивал ент во широкоприфатените формули. На тој начин останuваме поврзани со сите други луѓе. Ете го добриот индивидуализам... "
Jean ne répond pas.	Жан не одговара.
SCHERTZ.-Mon ami, songez dont à ce qu'elle est, cette religion! Songez que pour tant d'êtres humains, elle est la seule fenêtre ouverte sur la vie spirituelle! Combien sont-ils, ceux qui jamais ne pourront aller plus loin que l'image? Et vous voudriez commettre la mauvaise action de vous séparer d'eux? Mais dans chaque sentiment religieux, il y a un germe qui est le même: comme un gémissement, comme un élan plus ou moins vigoureux de l'âme vers l'infini... Nous sommes tous semblables devant Dieu!	ШЕРЦ. — "Пријателе, мислете значи на она што претставува, таа религија! Мислете на тоа дека, за толку многу човечки суш тетства, таа е единствениот отворен прозорец кон духовниот живот! Колку ли ги има само оние кои никогаш не ќе можат да одат подалеку од сликата? А вие саката да сторите лошо дело и зделувајќи се од нив? Меѓутоа, во секое религиозно чувство, има еден ист никулец: како едно офкање, како еден посилен или поблаг вознес на душата кон бесконечноста... Сите ние сме слични пред Бога!
... Faites comme moi. Je n'ignore pas quels inconvénients il y a dans la religion actuelle: mais je n'y regarde pas. «Ora patrem tuum in abscondito...» Je pense que toutes les organisations	"Правете како мене. Знам кои сè непогодности има сегашната религија: но не обрнувам внимание. Ora patrem tuum in abscondito... Јас мислам дека сите организации на луѓето имаат

des hommes ont des imperfections. Je pense que le catholicisme est, pour la majorité, très supérieur aux autres confessions, parce qu'il est vraiment, dans toute la valeur du terme, une association. Et j'accepte les pratiques, d'abord parce que j'y puise moi-même des forces que je ne trouverais nulle part, et puis parce que, sans elles, le catholicisme cesserait d'être cette solidarité religieuse, dont tant d'âmes ont le besoin...	несовршености. Мислам дека за мнозинството луѓе католицизм от е подобар од другите конфесии, зашто тој претставува, во вистинска смисла на зборот, здружување. А јас ги прифаќам пр актиките, најпрвин зашто јас црпам од нив сили што не би ги нашол на ниедно друго место, а освен тоа зашто, без нив, катол ицизмот би престанал да претставува и религиозна солидарнос т за која толку многу души имаат потреба..."
L'abbé se tait.	Опатот замолча.
Ils viennent de pénétrer dans les galeries de la Sorbonne, encombrées d'étudiants.	Тие штотуку навлегоа во ходниците на Сорбона, кои беа полни со студенти.
Jean cherche à mettre un peu d'ordre dans ses idées:	Жан се обидува да внесе малку ред во своите мисли:
-«Ce qu'il y a de certain, oui, c'est qu'il faut chercher... Jusqu'ici j'ai fait tout ce que j'ai pu pour me refuser à penser; je croyais qu'il n'y avait rien à gagner par la réflexion... C'est une erreur: on ne peut pas retourner en arrière, revenir aux sentiments religieux de son enfance... C'est impossible, voilà un fait acquis... Tâchons au contraire d'aller de l'avant: il y a un moyen de reconstruire, puisque Schertz...	— "Она што е сигурно, да, тоа е дека треба да се бара... Досега, правев сè што можам за да одбегнам да мислам; мислев дека ништо нема да добијам со мислење... Тоа е заблуда: не може човек да се сврти назад, да се врати на религиозните чувства од своето детство. Тоа не е можно, и тоа е свршена работа... Да се обидеме, напротив, да одиме од напред: има начин да се рекон струира, зашто Шерц...
«Mais je me suis aperçu que je ne connais pas le premier mot de tout ça... C'est le grand point, savoir... Il faut que je travaille ça... Les dogmes... Je n'en ai retenu que le côté extérieur, cultuel. L'abbé parle toujours du fond, du fond qui est sous la forme... La forme, jusqu'ici m'a caché le fond... Approfondir, d'abord... Approfondir jusqu'au point où le sens du dogme et les exigences de la raison sont conciliables: voilà...	"Но забележав дека дека не го знам почетниот збор на сето тоа.. Тоа е клучното: да се знае... Треба да поработам на тоа... Догмите... Јас ја имав предвид само нивната надворешна страна, онаа културната. Опатот зборува секогаш за суштината, за суштинатата која е под формата... Формата, сè до овој момент, ми ја криеше суштината... Да се продлабочи сè до таму каде што смислата на догмата и барањата на разумот се помирливи едни со други: ете...
«C'est la seule chance d'équilibre qui me reste...	"Тоа е единствената шанса за рамнотежа што ми останува..."
III	III

«A Monsieur l'abbé Schertz, Professeur de Chimie Biologique, «Institut Catholique, Berne (Suisse).	"До Господинот Опат Шерц, "Професор по биохемија "на Ка толичкиот институт, "Берн, (Швајцарија).
«Paris, lundi de Pâques.	"Париз, понеделник по Велигден.
«Mon cher ami,	"Драг пријателе,
«Je vous remercie de l'affectueux intérêt que vous prenez à la santé de mon père. Il va mieux. Il a dû renoncer à ses jours de consultation et à son cours; il n'a gardé que ses matinées à l'hôpital. C'est encore beaucoup pour son état. Néanmoins ses confrères estiment qu'avec une surveillance attentive, une rechute n'est pas à craindre avant plusieurs années.	"Ви благодарам за срдечниот интерес што го покажувате за здравјето на татко ми. Тој е подобар. Беше потребно да се откаже од неговите термини за прегледи и од неговите часови; ги задржа само утринските обврски во болницата... И тоа е премногу за состојбата во која се наоѓа. И покрај тоа, неговите колеги сметаат дека, со грижливо следење, болеста не би требало да се поврати за одреден број години.
«Je suis bien en retard avec vous; ne m'en gardez pas rigueur; je suis tellement occupé cet hiver! Vos lettres me font toujours le même plaisir; elles me rappellent nos bonnes soirées d'il y a deux ans, nos discussions, nos lectures à haute voix! Hélas, cher ami, tout cela me paraît si loin... Non que j'aie perdu le bienfait de votre influence: rassurez-vous, je crois que vous m'avez pour toujours apaisé, et que je vous dois, pour la vie entière, une foi compréhensive et calme, robuste en son fond, conciliante en sa forme, le vrai soutien de tous les jours. Mais l'engrenage de ces études médicales est impitoyable: il m'est impossible d'ouvrir un livre qui ne soit pas technique!	"Доцнам со одговорите на вашите писма; не ми се лутете; зимава сум толку зафатен! Вашите писма ми причинуваат секогаш исто задолство; тие ме потсетуваат на нашите добри вечери од пред две години, на нашите дискусии, на нашите читања на глас! За жал, пријателе, сето тоа ми се чини толку далечно... Тоа не значи дека јас ја изгубив добробитта од вашето влијание: бидете уверен дека вие ми донесовте мир засекогаш и дека јас ви должам, за целиот мој живот, една толе рантна и смирена вера, јака по содржина, помирлива по форма, вистинска потпора за секојдневието. Но машинеријата на меди цинските студии е безмилосна: не стигнувам да отворам друга книга освен медицинска!
«J'en ai d'autant moins le temps, que j'ai tenu à ne pas interrompre mes sciences naturelles; ces études m'ont toujours passionné, infiniment plus que celles de médecine, et je ne veux pas me contenter de ce brevet élémentaire qu'est la licence. Mon patron me pousse beaucoup à concourir pour l'internat dès l'an prochain. Je préférerais consacrer tout mon effort à l'agrégation. La médecine est un chemin tout tracé	"Имам уште помалку време со оглед на тоа што сметав дека не треба да престанам со изучување на природните науки; тие студии отсекогаш ме воодушевувале, многу многу повеќе од м едицинските; и нема да се задоволам само со диплома за завршени студии. Мојот професор ме тера да конкурирам за сп ецијализиација следната година. Би сакал да ги посветам сите свои сили на подготовки за испитот по агрегација. Медицината

L'ABBÉ.-Oui... (Passant sa main sous le bras de Jean.) Ça m'a fait plaisir ce déjeuner. Je craignais, d'après une de vos lettres ... et puis, d'après les réticences de votre belle-mère... (Insistant, à son habitude, sur certains mots.) Mais je vois que vous êtes heureux, l'un et l'autre, ainsi que vous le méritez tous les deux...	ОПАТОТ. — "Да..." (Земајќи го Жан под рака.) "Баш ми дојде добро ручекот. Стравував, судејќи според едно од вашите писма... а потоа, и од резервираноста на вашата тешта..." (Нагл асувајќи, како по обичај, одредени зборови.) "Но гледам дека сте среќни, и едниот и другиот, како што заслужувате и обајца та..."

Jean le regarde presque gaiement; et l'abbé prend ce sourire pour un acquiescement. Quelques pas silencieux.	Жан го гледа речиси насмеано; а опатот го сфаќа тоа смеење како одобрување. Неколку чекори во тишина.
JEAN (avec un petit rire sec).-Le bonheur? Eh bien non, non: ce n'est pas précisément le bonheur!	ЖАН. (со кратко кисело смеење). — "Среќа? Е, па, не, не: тоа не е баш среќа!"
L'abbé tressaille et s'arrête.	Опатот се стресува и запира.
L'ABBÉ.-Vous plaisantez?	ОПАТОТ. — "Се шегувате?"
JEAN (sourire amer).-Vaut-il pas mieux en rire!	ЖАН. (горчлива насмевка). — "Зарем не е подобро човек да се смее за тоа?"
L'ABBÉ (stupéfait, un peu scandalisé).-Jean...	ОПАТОТ (вчудовиден, по малку шокиран). — "Жан...."
JEAN (haussant les épaules).-Elle est si bête, notre histoire!	ЖАН. (кревајќи ги рамениците). — "Толку е глупава, нашата приказна!"
L'ABBÉ.-Vous m'effrayez, Jean.	ОПАТОТ. — "Ме плашите, Жан."
JEAN.-Que voulez-vous, c'est l'impasse...	ЖАН. — "Што се може? Тоа е безизлезна ситуација..."
L'ABBÉ.-L'impasse?... Mais vous vous aimez pourtant?	ОПАТОТ. — "Безизлезна ситуација?...Но вие сепак се сакате?"
JEAN (sombre).-Je n'en sais rien.	ЖАН. (стушен). — "Не знам ништо."
Le chemin de traverse se rétrécit. L'abbé passe devant, sans répondre. Devant le calvaire, il se signe.	Покусиот пат се стеснува. Опатот оди напред, без да одговори. Пред еден крст, тој се прекрстува.
Ils traversent le cimetière en biais, par des sentiers mangés d'herbe.	Ги поминуваат гробиштата попречно, по патеки зараснати со трева.
Une porte basse ouvre en pleine campagne. La grand'route; sur l'un des accotements, des poteaux télégraphiques à perte de vue, divisent en mesures les portées des fils. Un soleil splendide et jeune, baigne les prés, les chaumes, les labours assombris par la pluie. Des pâturages, coupés de raies d'argent, dévalent jusqu'à l'Oise, dont les rives sont encore inondées: l'eau, abritée du vent, reflète un ciel immobile, d'un gris fin; les saules immergés jusqu'au menton, lèvent leurs grosses têtes noires ébouriffées.	Низ една ниска врата се излегува во полето. Главен пат; од едната страна покрај патот елек трични столбови, во недоглед, ги делат на подеднакви делови жиците. Прекрасно жолто сонце ги пече ливадите, сената, обработената земја потемнета од дождот. Испресечени со сребренести линии, пасишта се спуштаат сè до Оаз, чиишто брегови се сеуште поплавени: водата, заштитена од ветарот, отсликува едно неподвижно, отв орено-сиво небо; врбите, под вода до крошните, ги креваат своите црни, разбушавени глави.

L'abbé s'approche de Jean, qui s'est arrêté devant le paysage. Leurs regards se croisent: celui de l'abbé est préoccupé et plein de reproche.	Опатот се доближува до Жан, кој се сопре пред глетката. Нивните погледи се вкрстуваат: погледот на опатот е загрижен и полн со прекор.
JEAN.-Je sais bien que je suis fautif. J'ai voulu réaliser, à vingt-deux ans, un rêve stupide, fait à seize... Ça ne pouvait rien apporter de bon.	ЖАН. — "Знам дека сум виновен. Сакав да остварам, на дваесет и две години, еден глупав сон што го имав на шеснаесе т... Тоа не можеше да донесе ништо добро."
L'ABBÉ.-Au contraire, cette amitié d'enfance...	ОПАТОТ. — "Напротив, тоа пријателство од детството..."
JEAN (l'interrompant avec amertume).-Permettez, permettez... Je connais bien la question, je vous assure: j'ai eu le loisir de l'approfondir!	ЖАН. (прекинувајќи го со горчина). — "Дозволете, дозволете... Го знам добро проблемот, ве уверувам дека имав доволно слободно време да го продлабочам!"
L'abbé se tait et reprend silencieusement la marche. Cette assurance d'homme le déconcerte.	Опатот замолчува и продолжува да чекори молчејќи. Таа машка увереност го збунува.
Jean devine sa surprise et y prend un mauvais plaisir: l'air vif, le soleil, la promenade, le grisent un peu. Il devient loquace.	Жан ја забележува неговата изненаденост и почнува злобно да ужива во тоа: свежиот воздух, сонцето, прошетката, малку го опиваат. Тој станува зборлест.
JEAN.-A seize ans, voyez-vous, on se fait de l'amour une idée follement mystique! On place son rêve si loin, tellement hors des possibilités de la vie, qu'on ne pourrait rien trouver dans la réalité qui le satisfasse; alors on se fabrique, de toutes pièces, un objet imaginaire! Ça se fait tout seul: on prend la première venue, la plus proche... On se garde bien de chercher quel est son véritable caractère! Non... On l'enferme comme une idole dans le cercle clos de son imagination, on la pare de toutes les qualités que l'on souhaite à l'Élue,-et puis on s'agenouille devant, avec un bandeau sur les yeux... (Il rit.)	ЖАН. — "На шеснаесет години, знаете, за љубовта човек има една крајно мистична идеја! Нашиот сон го сместуваме толку далеку, толку одвоен од можностите на животот, што не можеме во стварноста да најдеме ништо што ќе може да го задоволи; тогаш, измислуваме едно комплетно ново суштество! Тоа доаѓа само од себе: ја земаме прводојдената, на јблиската... Се пазиме добро да откриеме кој е нејзиниот прав карактер! Не... Ја сместуваме како идол во затворениот круг на нашата имагинација, ја украсуваме со сите квалитети што ги п осакуваме за Избраната, — и потоа клекнуваме пред неа, со превез врз очите..." (Се смее.)
L'ABBÉ.-Mon pauvre Jean, que me racontez-vous donc...	ОПАТОТ. — "Кутар мој Жан, што ли ми кажувате?..."
JEAN.-L'intoxication est lente et sûre... Le temps passe, le bandeau ne tombe pas. Alors un beau jour, pour la remercier	ЖАН. — "Труењето е бавно и сигурно... Времето минува, превезот не паѓа. Потоа, еден ден, за да ù се заблагодариме што

d'avoir plus ou moins longtemps personnifié vos aspirations amoureuses, sans hésiter, le sourire aux lèvres, on épouse une fillette qui vous est essentiellement étrangère...	ги овоплотувала пократко или подолго нашите љубовни аспирации, без двоумење, со насмевка на усните, се жениме со млада девојка која нù е туѓа во основата..."
(Une pause) Et puis, quand on a stupidement engagé sa vie entière...	(Пауза.) "И потоа, кога веќе глупаво сме го врзале целиот наш живот..."
Il s'arrête et regarde le prêtre bien en face.	Тој застанува и го гледа опатот право в лице.
JEAN.-... en-ga-gé sa vie... Sentez-vous ce que c'est?	ЖАН. — "...вр-за-ле животот...Чувствувате ли што е тоа?"
L'abbé baisse la tête.	Опатот ја спушта главата.
JEAN.-... Quand on se trouve enfin devant celle qu'on a choisie, et qu'on veut l'aimer, cette fois, pour de bon, dans la réalité de tous les jours, alors on s'aperçoit que l'on n'a rien de commun avec elle... Une inconnue! Peut-être une ennemie... Et c'est l'impasse!	ЖАН. — "... Кога се наоѓаме најпосле пред онаа што сме ја избрале, и што сакаме да ја љубиме, овој пат, навистина, во реалноста на секојдневието, тогаш забележуваме дека со неа немаме ништо заедничко... Непозната! Можеби непријателка... И тоа е безизлез!"
L'ABBÉ.-Une inconnue, une inconnue... Voyons, ne me dites pas ça! vous avez été élevés l'un près de l'autre!	ОПАТОТ. — "Непозната, непозната... Ej, ej! Не ми велите така! Израснавте така близу еден до друг!"
JEAN (avec âpreté).-Oui, et nous nous connaissions moins que l'on ne se connaît dans la plupart des mariages de présentation; parce que, dans ces cas-là, on emploie fébrilement le temps des fiançailles, à s'expliquer, à tâcher de se comprendre. C'est toujours ça... Tandis que nous n'y avons même pas pensé: nous croyions que c'était fait depuis toujours.	ЖАН. (со жестина). — "Да, а ние се познававме и помалку отколку што се познаваат во поголемиот дел од договорните бракови; зашто, во тие случаи, грозничаво се користи времето на свршувачката за да се објасните, за да се обидете да се разберете. Секогаш е така... Додека ние, не ни помисливме на тоа, верувавме дека сè беше средено уште одамна."
L'ABBÉ.-Pourtant au début, vos premières lettres...	ОПАТОТ. — "Меѓутоа, во почетокот, вашите први писма..."
JEAN.-Au début? Je me suis aperçu très vite que nous étions très différents, mais sans la moindre inquiétude, je l'avoue...	ЖАН. — "Во почетокот? Брзо забележав дека ние бевме многу различни, но без трунка загриженост, признавам."
L'ABBÉ.-...?	ОПАТОТ. — "...?"
JEAN.-Si vous saviez l'exaltation qui vous aveugle à ces moments-là! Ce bonheur, après lequel j'avais vu tout le monde courir en vain, je voulais si intensément qu'il fût pour moi,	ЖАН. — "Да знаете колку занесеноста ве заслепува во тие моменти! Таа среќа, по која видов како сите трчаат залудно, толку снажно посакував да биде за мене, со толкава увереност

j'attendais avec tant de certitude cette exception de la vie en ma faveur! J'étais d'avance résolu à tout trouver parfait.	очекував таа животна исклучителност да ми припадне мене! Однапред бев решен да сметам сè за совршено.
Et puis, dans les premiers temps du mariage, le rôle de l'homme est si facile! Il prend si aisément de l'influence sur sa femme! Mais qu'il se hâte! Les femmes les plus naïves ont un sens merveilleux qui les avertit vite de leur force, et les fait ressaisir bientôt tout l'empire qu'elles ont laissé prendre... Les premiers mois, allez, sont bien trompeurs! La femme, avec une inconsciente habileté, sait retenir et répéter. Elle vous tend un miroir fidèle... Mon Dieu, on s'y regarde avec plaisir... Jusqu'au jour où l'on découvre que ce qu'elle vous présente n'est qu'une image,-votre propre image... Et si pâle, si fragile, si effacée déjà...	"Освен тоа, во прво време од бракот, улогата на мажот е толку лесна! Тој така лесно почнува да има влијание врз својата жена! Но треба да побрза! И најнаивните жени имаат едно чудесно сетило кое ги предупредува бргу за нивната сила и им допушта да го освојат царството што пред тоа им го оставиле на мажите... Првите месеци, знаете, се многу лажни! Вашата жена, со една несвесна вештина, знае да памети и да повторува. Таа ви подава едно верно огледало... Боже, се гледате во него задоволни... Сè до денот кога откривате дека она што таа ви го претставува е само слика, — вашата сопствена слика... И толку бледа, толку кревка, веќе толку избр ишана..."
L'ABBÉ.-Vous l'aimiez pourtant?	ОПАТОТ. — "Но вие ја љубевте?"
JEAN.-Je ne crois pas... C'est l'amour que j'aimais.	ЖАН. — Не верувам... Јас ја сакав љубовта."
L'ABBÉ.-Elle vous aimait, elle, sans réserve!	ОПАТОТ. — "Таа, ве сакаше, березервно!"
Jean ne répond pas.	Жан не одговара.
L'ABBÉ.-Elle vous aimait, et elle vous aime encore! J'en ai eu la preuve tout à l'heure, dans son sourire, dans son regard...	ОПАТОТ. — "Таа ве сакаше, и сеуште ве сака! Го видов тоа, пред малку, во нејзината насмевка, во нејзиниот поглед..."
JEAN.-Ça, non.-Vous avez surpris, entre nous, un peu d'entrain factice... (Avec lassitude.) Un armistice, tacitement conclu pour notre retour ici, rien de plus.	ЖАН. — "А не. Она што сте го забележале, меѓу нас речено, е мала притворна живост..." (истоштено.) "Само примирје, склучено молчешкум за нашето враќање тука, ништо повеќе."
L'ABBÉ.-Elle vous a aimé, Jean, je le sais bien!	ОПАТОТ. — "Таа ве сакаше, Жан, го знам тоа добро!"
JEAN.-Oui, oui... (Haussant les épaules.) A sa façon... Petite flamme permise, qu'elle a patiemment attisée pendant des années, dans la solitude, avec la permission de sa mère et de son confesseur... Petit amour bien poétique, bien «mois de Marie»...	ЖАН. — "Да, да..."(Кревајќи ги рамениците.) "На своевиден начин... Мал допуштен пламен, што таа трпеливо го потсилува ше со години, во самотија, со дозвола на нејзината мајка и на нејзиниот исповедник... Мала поетска и минлива љубов..."

L'ABBÉ.-Jean!	ОПАТОТ. — "Жан!"
JEAN.-Laissez, je vous parle franchement. Cet amour-là, je ne le nie pas; mais il n'était pas capable de faire un miracle: et il en faudrait un, je vous assure, pour que nos deux pensées s'accordent, pour que nos deux vies viennent à n'en faire qu'une seule!	ЖАН. — "Дозволете, ви зборувам искрено. Таа љубов, јас не ја одречувам; но таа не беше кадра да направи чудо; а би требало едно такво чудо, ве уверувам, за да се усогласат нашите две мисли, за да се сплотат во едно нашите два живота!"
L'ABBÉ.-Mais elle était si jeune!	ОПАТОТ. — "Но таа беше толку млада!"
JEAN (avec un rire nerveux).-Ah c'est vrai: «Elle était si jeune!» (Il fait quelques pas et se retourne fébrilement.) Je le croyais! Je pensais: «Tout ce qui me déplait en elle, est provisoire...» Quelle erreur!... Cécile avait, en effet, le cœur et le cerveau d'une gamine de seize ans, qui veut juger la vie, et dont toute l'expérience, tous les points d'appui, sont ce peu de chose qu'elle a pu glaner, le dimanche, au catéchisme de persévérance...	ЖАН. (со нервозна насмевка). — "Ах, така е: таа беше толку млада!" (Тој прави неколку чекори и се свртува нервозно.) "И јас верував во тоа! Си мислев: "Сè што не ми се допаѓа кај неа е моментално..." Каква грешка!... Сесил имаше, заправо, срце и мозок на девојче од шеснаесет години, кое сака да суди за животот, а чие вкупно искуство, сите потпорни точки, се нешто ситно што можела да го присоберe, во неделите, на часовите по катехизам..."
L'ABBÉ.-Jean!	ОПАТОТ. — " Жан!"
JEAN (avec une animation hostile).-Mais ce que je ne prévoyais pas, c'est que cet état embryonnaire était pour elle le point terminus, et qu'elle avait atteint son point mort!	ЖАН. (со непријателско движење). — "Но она што не можев да го предвидам е дека таа почетна состојба беше и крајна за неа, дека таа ја беше достигнала својата мртва точка!
Voilà pourtant l'exacte vérité!	"Ова е заправо правата вистина!"
Jean s'est arrêté, dans une attitude de combat, les jambes écartées, le buste frémissant, la tête en arrière, l'œil dur, les mains soulevées à la hauteur de la poitrine, et les doigts ouvert comme s'il soupesait un bloc compact.	Жан е застанат, во позиција за напад, со раширени нозе, со рас треперено торзо, со зафрлена глава, со студен поглед, со раце подигнати во висина на градите, со отворени прсти како да мери некој компактен предмет.
JEAN.-Elle était très fière de sa petite jugeotte! Parbleu! Elle l'avait formée à des sources inattaquables: au sermon, dans les entretiens de quelques bonnes gens de province, ou bien dans ces bouquins théoriques à l'usage des jeunes filles chrétiennes, dans lesquels il n'y a rien, rien, qui, de près ou de loin,	ЖАН. — "Таа беше горда на нејзиното алатче за расудување! Побогу! Таа си го беше оформила на неприкосновени извори: на беседењето в црква, во разговорите со неколку добри луѓе од провинцијата, или пак во оние книги наменети за младите х ристијански девојки во кои нема ништо, ама баш ништо, што

corresponde aux réalités qu'elles devront vivre!	може да соодветствува на реалностите што треба да ги живеат!"
L'abbé fait un pas, et pose la main sur le bras de Jean. Il le regarde au visage.	Опатот прави еден чекор, и ја става шаката врз раката од Жан. Го гледа в лице.
L'ABBÉ.-Jean, Jean... Vous ne parleriez pas ainsi si vous n'aviez vous-même terriblement évolué... (Baissant la voix.) Je suis sûr que vous ne pratiquez plus!	ОПАТОТ. — "Жан, Жан... Не би зборувале така да немавте и вие еволуирано страшно многу..." (Стишувајќи го гласот.) "Сигурен сум дека повеќе не одите в црква!"
Un silence.	Тишина.
JEAN (sur un ton affectueux, mais ferme.).-Non.	ЖАН. (со еден разнежен но одлучен тон). — "Не."
L'ABBÉ (avec douleur).-Ah, je comprends tout, maintenant!	ОПАТОТ (со болка). — "Ах, сега разбирам сè !"
Le chemin monte; on aperçoit le clocher de Beaumont.	Патот се извишува; се забележува камбанеријата на Бомон.
L'abbé accélère l'allure, comme s'il cherchait à être seul.	Опатот го забрзува одењето, како да бараше да биде сам.
L'un derrière l'autre, ils atteignent le haut du plateau. Un vent léger, venu de loin, les accueille. Sur le bord de la route, les fils télégraphiques tendus dans la brise, chantent.	Еден по друг тие стигнуваат на врвот од висорамнината. Лесен ветар, кој доаѓа од далеку, ги пречекува. Покрај патот, електри чните жици, испружени на ветарот, фучат.
Les maisons du hameau sont éparpillées à travers champs. L'église est à cent mètres, gardée par les sapins pointus du presbytère.	Куќите на населеното место се расфрлени низ полињата. Црквата се наоѓа на стотина метри, опкружена со зашилените елки од куќата на парохот.
Jean laisse l'abbé prendre de l'avance, et s'assied sur un tas de cailloux.	Жан го пушта опатот да излезе напред, и седнува на еден куп камења.
Son dos chauffe au soleil. Le vent lui souffle sa fraîcheur au visage. A ses pieds, de petites feuilles sèches roulent, avec un froissement de soie.	Грбот му се пече на сонце. Ветарот му дува свежина во лицето. Под неговите нозе, мали суви лисја се тркалаат, шумолејќи нежно.
Devant lui, la plaine.	Пред него, рамнината.
Les ombres s'allongent, obliques. A travers les houppes défeuillées des ormes, à travers les peupliers en rideaux, brillent des façades blanches, des toits bleus. Presque personne. Une charrette avance sur un chemin qu'il ne voit pas,	Сенките се издолжуваат накосени. Низ разголените крошни на брестовите, низ поредените тополи, засветлуваат бели фасади, сини кровови. Речиси никој жив. Една количка се тркала по пат што не се гледа а тркалата чкрипат низ калта во браздите.

et les roues grincent dans la boue des ornières. Au loin, un cheval gris et un cheval roux traînent la charrue sur les courbes molles d'un vallonnement, et soulèvent sans bruit des flocons d'ouate brune. Une flaque attardée luit entre des troncs. Les nids désertés font des nœuds dans l'écheveau des branches. Les laboureurs ont atteint le bout de leur champ: avec des gestes lents, ils virent et repartent; ils montent vers Jean, et le cheval gris, dissimulant tout l'attelage, semble venir seul.	Во далечина, еден сив и еден рус коњ влечат плуг врз испупчени делови од нерамен терен, и бесчујно поткреваат купчиња кафеава рофка земја. Една заостаната баричка светка меѓу две стебла. Напуштените гнезда обликуваат јазли во клопчето од гранки. Земјоделците се стигнати до крајот на нивата: со бавни потези, тие свртуваат и тргнуваат повторно; одат нагоре накај Жан а изгледа како да доаѓа само сивиот коњ кој ја засткрил целата запрега.
Le vent s'est tu. Les cahots de la charrette ont cessé. Les feuilles mortes reposent.	Ветарот замолчал. Тресењата на количката престанале. Сувите лисја мируваат.
Du silence.	Стишено.
L'abbé revient, le front incliné.	Опатот се враќа, со наведнато чело.
Jean se lève et va vers lui. Le prêtre lui tend les mains; ses yeux sont pleins de larmes.	Жан станува и оди кон него. Опатот му ги подава рацете; очите му се полни со солзи.
Ils redescendent la côte, sans mot dire. L'abbé marche droit devant lui, la tête basse.	Тие се спуштаат низ височинката, молчешкум. Опатот чекори право, со спуштена глава.
JEAN (avec douceur).-Mon cher abbé, je vous ai fait de la peine. Mais tôt ou tard, il fallait bien vous l'apprendre...	ЖАН. (милозливо). — "Мој драг опате, ви зададов болка. Но, порано или подоцна, некој требаше да ви го каже..."
L'abbé fait un geste évasif et triste.	Опатот прави неодреден и тажен гест.
JEAN.-Je connais le reproche habituel des croyants: «Vous vous êtes débarrassé d'une religion qui entravait votre bon plaisir.» Ce n'est pas mon cas. J'ai lutté pendant des années; vous en avez été témoin... Il le fallait. Maintenant c'est fini. J'ai repris mon équilibre.	ЖАН. — "Го знам вообичаениот прекор на верниците: "Вие сте се ослободиле од религијата која ги потиснуваше вашите за доволства." Тоа не е случај и со мене. Јас се борев со години; вие бевте сведок. Требаше така... Сега, готово е. Си ја повратив рамнотежата."
L'abbé tourne la tête et regarde Jean avec une insistance involontaire, comme s'il cherchait à voir l'homme nouveau qu'il est devenu.	Опатот ја свртува главата и го гледа Жан со една таква упорност како да сака да го распознае новиот човек во кој тој се претворил.
L'ABBÉ (avec désespoir).-Vous, que j'ai quitté si droit, en si bon chemin!...	ОПАТОТ (разочарано). — "Вие, ве оставив така прав, на така добар пат...."

JEAN.-Vous ne devez pas me mépriser. Croire ou ne pas croire, au fond, ce n'est pas ça qui importe: l'essentiel, c'est la façon dont on croit ou la façon dont on ne croit pas...	ЖАН. — "Не треба да ме презирате. Да се верува или не, всушност и не е важно: основно е начинот на кој човек верува или начинот на кој не верува..."
L'ABBÉ.-Mais comment, comment est-ce arrivé?	ОПАТОТ. — "Но како се случи тоа?"
JEAN.-Je ne peux pas expliquer. J'ai eu la foi, c'est certain; maintenant, je ne peux plus m'imaginer cet état-là. Des idées qui passent comme des courants, et qui vous poussent tout naturellement dans le même sens... Et puis, ça dépend aussi des natures... Certains hommes sont, plus que d'autres, susceptibles d'accepter une formule toute faite; comme le bernard l'ermite, vous savez, qui s'installe dans la première coquille vide qu'il rencontre, et qui s'y moule. D'autres, au contraire, ont besoin de secréter eux-mêmes leur carapace...	ЖАН. — "Не можам да објаснам. Верував, тоа е сигурно; сега, не можам повеќе да ја замислам таа состојба. Идеи кои минуваат низ глава како струи и кои ве туркаат сосема природно во тој правец... А, освен тоа, тоа зависи и од самите луѓе... Некои луѓе, за разлика од други, се поподатливи да прифатат готова формула; како ракот самотник, знаете, кој се сместува во првата празна школка што ќе ја сретне, и кој се соо бразува на новото живеалиште. Други, напротив, имаат потреба самите да го лачат својот оклоп...".
L'ABBÉ (sombre).-Ce sont vos études qui vous ont perdu... Le poison de l'orgueil scientifique! Ah, et combien d'autres...! A force de s'absorber dans l'examen du monde matériel, on s'aveugle jusqu'à perdre le sens surnaturel, et bientôt la foi!	ОПАТОТ (стуштен). — "За вас беа погубни студиите... Отровот на научната гордост! Ах, уште и за колкумина други!... Задлабочувајќи се во откривање на материјалниот свет, човек се заслепува до таа мера што го губи и натприродно то чувство, а набрзо и верата!"
JEAN.-C'est possible. Quand on se sert quotidiennement des méthodes scientifiques, et qu'on a éprouvé mille fois combien elles sont propres à la recherche de la vérité, comment ne serait-on pas amené à les appliquer aux problèmes religieux?	ЖАН. — "Можно е. Кога човек се служи секојдневно со научни методи, и кога почувствувал безброј пати колку се тие погодни за истражување на вистината, како да не биде потикнат да ги примени и на религиозни проблеми?"
(Tristement.) Est-ce ma faute, si la foi résiste mal à un sérieux examen critique?	(Тажно.) "Моја грешка ли е, ако верата одолева тешко на едно сериозно критичко проследување?"
L'ABBÉ (vivement).-Ah, il ne sait plus comprendre qu'avec son intelligence! L'examen critique, la raison! Est-ce que ce n'est pas à l'aide de la raison que les théologiens établissent les preuves de l'existence de Dieu et de la Révélation?	ОПАТОТ (живо). — "Ах, тој отсега може да разбере само преку разумот! Критичкото проследување, разумот! Дали можеби теолозите не се служат со разумот за да ги воспостават доказите за постоењето на Бога и на Откровението?"
JEAN (à mi-voix).-C'est par elle aussi qu'on les renverse...	ЖАН. (полугласно). — "Токму со него тие и се рушат..."

L'ABBÉ.-Mais lorsqu'il m'est prouvé, à moi, que ma raison ne peut à elle seule, embrasser dans son entier le mystère des dogmes, ni toutes les choses de l'âme, ni la solution chrétienne du problème de nos destinées, j'y vois au contraire, une preuve irréfutable de l'Autorité supra-humaine qui nous a révélé la lumière!	ОПАТОТ. — "Но, кога мене ми е сосема јасно, дека мојот разум не може, сам од себе, да ја опфати мистеријата на сите догми, ниту сите нешта на душата, ниту христијанското решение на проблемот на нашите судбини, јас во тоа гледам, напротив, непобитен доказ за Надчовечкиот авторитет кој нѝ ја откри светлината!"
Jean se tait.	Жан замолчува.
L'ABBÉ (prenant avantage de ce silence).-Et d'ailleurs, pouvez-vous me citer une seule vérité scientifique certaine, qui soit en opposition réelle avec un de nos dogmes?	ОПАТОТ (засилен од молчењето). — "А, впрочем, можете ли да ми цитирате една единствена потврдена вистина, која се наоѓа во реална спротивставеност со некоја од нашите догми?
Est-ce votre science qui vous a démontré qu'il n'y avait pas de Dieu?	"Дали вашата наука е таа која ви докажа дека нема Господ?"
JEAN (se décidant à répondre).-Pas absolument.	ЖАН. (одлучувајќи се да одговори). — "Не сосема."
L'ABBÉ.-Ah!	ОПАТОТ. — "Ах!"
JEAN.-La science se contente de prouver que tout, dans l'univers, se passe comme si votre Dieu personnel n'existait pas.	ЖАН. — "Науката се задоволува да докаже дека во вселената сѐ се случува како да не постои вашиот личен Бог."
L'ABBÉ.-Mais la science, mon pauvre ami, uniquement assujettie à l'étude des lois naturelles, est, quand on sait voir, le plus éclatant témoignage de l'existence d'un Dieu!	ОПАТОТ. — "Но науката, мој кутар пријателе, која е единствено потчинета на проучувањето на природните закони е, доколку човек знае да гледа, највидливото сведоштво за постоењето на Бога!"
JEAN (avec tristesse et fermeté).-Oh, pardon, pardon ... ne nous payons pas de mots. De ce que je crois reconnaître un Ordre, des Lois, n'allez pas conclure que je crois en Dieu: c'est un tour de passe-passe qu'on a trop employé! Non, non, nous sommes l'un et l'autre persuadés que l'univers obéit à des lois, soit;-mais mon opinion, toute expérimentale, n'est nullement compatible avec les données de la religion catholique, où Dieu est considéré comme un Être suprême, ayant une action	ЖАН. (со тага и цврстина). — "Ох, извинете, извинете, да не си играме со зборовите. Од тоа што верувам дека препознавам Ред, Закони, немојте да заклучите дека јас верувам во Господ: тоа е измамничка постапка што многу често се употребувала! Не, не, ние и обајцата сме убедени дека универзумот ги следи законите, в ред: — но моето мислење, со искуствено исходиште, не е воопшто компатибилно со податоците на като личката религија, каде Господ се смета за врховно суштество,

personnelle, et des qualités précises! Ne confondons pas. Sans quoi la religion serait encore la science, comme elle l'était jadis, à l'éveil de l'intelligence humaine. (Souriant à demi.) Et ce n'est pas le cas...	кое лично делува и има прецизни квалитети! Да не мешаме. Без што, религијата би била сеуште наука, како што некогаш и била, при настанокот на човечката интелигенција." (Смеејќи се делумно.) "А тоа не е случај..."
L'ABBÉ (avec feu).-Alors quand, de bonne foi, vous mettez votre raison en face du christianisme...	ОПАТОТ (запален). — "Тогаш, ако вие, според вашата совест, го ставате вашиот разум наспроти христијанството..."
JEAN (vivement).-Mon cher abbé, nous discuterions ainsi jusqu'à l'aube, sans nous convaincre.	ЖАН. (живо). — "Драг мој опате, така би дискутирале до зори, без да се разувериме."
(Souriant.) Je suis bien revenu de ces controverses interminables... Il y a entre un croyant et un athée, un abîme tel, qu'ils se combattraient toute une vie sans s'être compris. J'ai été souvent mis au pied du mur par des théologiens avertis et bien armés. Le plus souvent, je ne trouvais, je l'avoue, pas grand'chose à leur répondre. Mais cela n'ébranlait en rien ma conviction. Je savais, avec certitude, qu'il y avait une réponse, et qu'il aurait suffi d'un hasard, d'une association d'idées heureuse, ou d'une soirée de réflexion pour la trouver.-Des arguments? Mais on en trouve toujours, et pour toutes les causes, en cherchant un peu...	(Смеејќи се.) "Не ме интересираат веќе тие бескрајни спорови... Меѓу верник и атеист има толкава бездна што тие би се бореле цел живот без да се разберат. Често бев доведен во незавидна ситуација од страна на образовани и потковани теолози. Најчесто не наоѓав, признавам, речиси ништо да им одговорам. Но тоа никако не го поколебуваше моето уверување. Знаев, со сигурност, дека има одговор, и дека ќе треба само една случајност, една среќна асоцијација на идеи, или една вечер на размислување, за да се пронајде. — Аргументи? Секогаш наоѓаме, и за сè нешто, ако малку побара ме..."
L'abbé fait un geste d'impuissance définitive.	Опатот прави гест на дефинитивна немоќ.
Jean sourit affectueusement, et s'approche de lui, jusqu'à lui prendre le bras.	Жан се насмевнува срдечно и се приближува до него, фаќајќи го за рака.
JEAN.-Voyez-vous, on ne se convertit pas pour des raisons logiques: voilà la certitude à laquelle je suis arrivé. On se contente d'étayer, par des arguments logiques, une conviction que l'on porte en soi: et cette conviction n'est pas motivée, comme on le croit, par des syllogismes et des raisonnements, mais par une disposition naturelle, plus forte que toutes les dialectiques.	ЖАН. — "Пазете, верата не се менува заради логични причини: јас сум дошол до тоа сознание. Се обидуваме со логични аргументи да го поткрепиме уверувањето што го носиме во себе: и тоа уверување не е мотивирано, како што се верува, од силогизми и расудувања, туку од една природна наклоност, посилна од сите дијалектики.

Je crois que l'on naît prédisposé à la foi ou au doute; et que tout les raisonnements ne peuvent pas grand'chose, ni pour, ni contre...	"Јас верувам дека се раѓаме предодредени за вера или за сомневање; и дека сите расудувања не можат многу да направат, ни за, ни против..."
L'abbé ne répond pas.	Опатот не одговара.
L'air a fraîchi tout à fait. Le soir tombe vite.	Воздухот засвежи доста. Вечерта бргу надоаѓа.
Le soleil n'est plus qu'une ligne orangée, parmi des brumes violettes, au ras de l'horizon.	Сонцето станува само една портокалеста линија, меѓу виолетов ите замаглици, на рамната линија од хоризонтот.
Devant eux, s'étend un blé naissant, d'un vert uni, à peine duveté par le brouillard qui se lève; et sur cette nappe soyeuse, se mêlent le reflet rosé du jour qui meurt, et l'éclat laiteux de la lune. Ils pressent le pas.	Пред нив се протега изникнато жито, со чиста зелена боја, малку намовнето од маглата што се крева; и, врз таа свилена покривка, се мешаат отсјајот на денот во замирање, и млечната светлина на месечината. Тие го забрзуваат чекорот.
Dans un chaume, des corbeaux s'élèvent, en rafale, pour s'abattre plus loin, sur des pommiers noirs.	Од покосените стебленца на житото, се извивнуваат гаврани во наврати и се спуштаат потаму врз црни крушкови дрва.
Un long silence.	Долга тишина.
L'ABBÉ.-Et ... pour votre femme ... que va-t-il arriver?	ОПАТОТ. — "И... што ќе стане со вашата жена?"
JEAN (simplement).-Ma femme? Mais il y a trois ans, au moins, que je pense tout ce que je vous ai dit ce soir... Alors?	ЖАН. (едноставно). — "Со жена ми? Барем три години има како го мислам сè она што ви го кажав вечерва... Па?
Il n'y a aucune raison pour que ça change...	"Нема никаква причина тоа да се измени..."
L'abbé hoche la tête, incrédule.	Опатот мрда сомничаво со главата.
LA RUPTURE	РАСКИНУВАЊЕТО
I	I
Au Collège Venceslas,	Во колежот "Вансеслас".
Huit heures du matin: l'heure de la classe.	Осум часот наутро: часот започнува.
Jean monte allègrement sur l'estrade et s'installe.	Жан се качува весело на катедрата и се сместува.
UN ÉLÈVE (s'approchant).-Pardon, Monsieur... M. le Directeur ne vous a pas remis un cahier pour moi?	ЕДЕН УЧЕНИК (приближувајќи се). — "Извинете, Господине.. . Не ви предаде ли г-динот директор една тетратка за мене?"
JEAN.-Non, pourquoi?	ЖАН. — "Не, зошто?"

L'ÉLÈVE.-M. le Directeur m'avait demandé mes notes, hier soir. Il devait me les rendre ce matin.	УЧЕНИКОТ. — "Г-динот директор ми ги побара моите белешки, вчеравечер...Требаше да ми ги врати утрово."
JEAN.-Quelles notes? Celles que vous prenez à mon cours?	ЖАН. — "Кои белешки? Оние што ги прибележувате на мојот курс?"
L'ÉLÈVE.-Oui, Monsieur.	УЧЕНИКОТ. — "Да, Господине. "
JEAN (le congédiant).-On ne m'a rien apporté.	ЖАН. (упатувајќи го на место). — "Ништо не ми донеле."
Sur les bancs, un bouillonnement de cuve qui fermente. Il faut quelques minutes pour que les individualités, éparses depuis la veille, s'agglomèrent à nouveau. Les têtes se dressent et s'abaissent. Puis l'ordre renaît. Quelques pensées parasites semblent bien encore voleter par-ci par-là, à la surface. Mais le silence s'établit: la masse est étale.	Во клупите, вриење вино во буре за ферментација. Потребни се неколку минути да се присоберат учениците, кои се растурени од сношти. Се креваат и спуштаат глави. Потоа се воспоставув а повторно ред. Сепак се чини дека сеуште прелетуваат некои заскитани мисли ваму таму, на површината. Но тишината се во споставува: масата е смирена.
Jean, levant les yeux, heurte cinquante regards convergents vers lui. Il se sent cloué à sa chaire par ce faisceau d'attentes braquées. Muette injonction, qui accélère les battements de son cœur et déclenche son élan.	Жан, поткревајќи ги очите, пресретнува педесет погледи кои се упатени кон него. Тој се чувствува како закован на катедрата од тој сноп на вперени исчекувања: молчаливо наложување, кое ги забрзува отчукувањата на неговото срце и го раздвижув а неговиот полет.
JEAN.-Je vous demande aujourd'hui, Messieurs, une attention plus soutenue que jamais.	ЖАН. — "Од вас, Господа, денес барам едно исклучително внимание."
Il respire largement, enveloppe sa classe d'un coup d'œil de conquête, et poursuit.	Тој дише длабоко, упатува кон класот победнички поглед, и пр одолжува:
Nous avons terminé l'autre jour, l'ensemble des leçons que je désirais consacrer à l'origine des espèces. Je sais que vous avez compris l'importance de ce problème capital. Mais je ne puis me résoudre à clore ce chapitre de notre cours, sans un regard en arrière, sans une courte récapitulation des points qui me paraissent...	"Минатиот пат завршивме со групата лекции што планирав да ги посветам на потеклото на видовите. Знам дека ја разбравте важноста на ова суштествено прашање. Но не можам да се одлучам да го затворам ова поглавје од нашиот курс без еден поглед наназад, без една кратка рекапитулација на точките кои ми се чинат..."
La porte s'ouvre; toute la classe est debout. Le Directeur entre.	Вратата се отвора: целиот клас е на нозе. Влегува директорот.
Jean s'est levé, surpris.	Жан е станат, изненаден.

M. l'abbé Miriel, directeur du Collège Venceslas:	Г-динот опат Мириел, директор на колежот “Вансеслас”:
Un prêtre de soixante ans passés. Grande aisance d'allure, malgré son âge et sa forte charpente.	Свешетеник со навршени шеесет години. Голема леснотија во движењата, наспроти неговата возраст и крупна конструкција.
Un masque fin, quelque peu empâté. Le front dégarni et taché de rousseurs. Entre des paupières qui se lèvent et qui s'abaissent très vite, un regard pâle, d'une lucidité avertie et sans indulgence. Sur les lèvres minces, un sourire d'enfant, factice peut-être, mais d'un grand charme.	Измазнето лице, со подздебелени образи. Челото проќелавено и попрскано со дамки. Меѓу очните капаци кои се креваат и спуштаат многу брзо, блед поглед, со една информирана и неп опустлива проникливост. На тенките усни, детска насмевка, можеби изнасилена, но со голем шарм.
LE DIRECTEUR (aux jeunes gens).-Asseyez-vous, mes enfants.	ДИРЕКТОРОТ (кон младите луѓе). — "Седнете, деца мои.
Je vous prie de m'excuser. Monsieur Barois: j'avais oublié de rendre ce cahier à l'un de vos élèves... (Sourire bonhomme.) Et, ma foi, puisque je suis entré, l'envie me prend de ne pas m'en retourner sans tirer quelque profit de ma visite... Voulez-vous me permettre d'entendre un peu de votre leçon du jour?-... Non, non, ne vous dérangez pas. (Il avise un banc vide, en retrait.) Je serai très bien là... (S'asseyant.) Et je vous en prie, que ma présence ne change rien à vos habitudes...	"Ве молам да ме извинете, господин Бароа: заборавив да му ја вратам тетратката на еден од вашите ученици..." (Добродушна насмевка.) "И, еве, штом влегов, добив желба да не заминам без да извлечам полза од мојата посета... Ќе ми дозволите ли да послушам малку од вашата денешна лекција? — ...Не, не, не се притеснувајте." (Тој здогледува една празна клупа, малку поназад.) "Онаму ќе ми биде многу добро..." (Седнувајќи.) "И, ве молам, моето присуство нека не промени ништо во вашите в обичаени активности..."
Jean a rougi, puis pâli.	Жан се зацрвене, а потоа побледе.
La suspicion du procédé ne lui échappe pas. Il lutte, une seconde, contre la tentation d'atténuer le sens de la leçon préparée. Mais, bravement, avec un léger tremblement de défi dans la voix, il reprend son cours.	Значењето на постапката како чин на сомневање не му е нејасно. Тој се бори, за момент, против искушението да го го посмали значењето на подготвената лекција. Но, храбро, со мал трепет на пркос во гласот, тој продолжува со излагањето.
JEAN (se tournant vers le Directeur).-Je m'apprêtais, Monsieur le Directeur, à résumer les quelques leçons que nous avons employées à l'étude de l'origine des espèces. (L'abbé incline la tête, en signe d'assentiment.)	ЖАН. (свртувајќи се кон директорот). — "Се подготвував, г-дине Директор, да резимирам неколку лекции што ги работевме во врска со проучувањето на потеклото на видовите." (Опатот климнува со глава, во знак на одобрување.)
(A ses élèves.) Je vous ai expliqué la place essentielle que	(Кон своите ученици.) "Ви го објаснив исклучителното место

Lamarck, et après lui, Darwin, doivent occuper dans cette science des origines, qui ne s'est constituée qu'après eux, et toute entière de leur héritage; Lamarck surtout; et je crois vous avoir prouvé que sa théorie de l'évolution, ou mieux, du transf ormisme,-découverte plus générale et moins sujette à controverses que celle de la sélection naturelle,-doit être considérée comme une vérité scientifique définitivement acquise.	што Ламарк и, по него, Дарвин треба да го имаат во таа наука за потеклото, која се конституираше по нив и врз основа на нивното наследство; особено на Ламарк; и мислам дека ви докажав дека неговата теорија за еволуцијата или, подобро за т рансформизмот, — поопшто откритие кое е помалку подложно на спорења за разлика од она за природната селекција, — треба да се смета како дефинитивно усвоена научна вистина."
Il jette un regard vers le Directeur. L'abbé écoute, les paupières baissées, ses deux mains blanches posées devant lui, impénétrable.	Тој фрла поглед кон директорот. Опатот слуша, со затворени очни капаци, со неговите две бели раце поставени пред него, н еодгатлив.
JEAN.-Nous avons vu en effet, qu'avant Lamarck, la science n'expliquait aucun des phénomènes de la vie. On avait dû supposer que toutes les espèces, aujourd'hui connues, avaient été créées successivement, et chacune en possession de tous ses caractères actuels. Lamarck a véritablement trouvé le fil d'Ariane du labyrinthe universel.	ЖАН. — "Видовме, заправо, дека пред Ламарк, науката нема о бјаснување за ниеден феномен од животот. Се претпоставувало дека сите денес познати видови биле создадени последователн о, и секој вид со сите свои сегашни карактеристики. Ламарк навистина ја нашол нишката водителка низ вселенскиот лавиринт.
J'ai longuement développé devant vous, les raisons qui doivent aujourd'hui nous faire accepter avec certitude l'existence de cette filière indéterminée d'êtres, qui nous relie à la matière universelle. Depuis la monère initiale, à peine distincte des molécules du milieu organique dont elle était formée,-ancêtre informe de nos cellules, auprès de laquelle les plus simples expressions actuellement connues de la vie, sont des produits infiniment complexes,-jusqu'aux mécanismes les plus compliqués de la physiologie et de la psychologie humaine, à travers des milliers de siècles, la pensée de Lamarck a retrouvé et fixé l'échelle des êtres et leur progression ininterrompue.	"Долго време ги изложував пред вас причините кои денес треба да нѐ наведат да го прифатиме со сигурност постоењето на таа неодредена последователност на суштества, која нѐ поврзува со универзалната материја. Уште од почетната еднок леточна монера, малку различна од молекулите на органската околина од кои таа била создадена, — бесформен предок на нашите ќелии, во однос на која и наједноставните денес познати појави на живот изгледаат бескрајно сложени, — па сѐ до најсложените механизми на човечката физиологија и пси хологија, низ илјадници векови, мислата на Ламарк ја разоткри ла и ја фиксирала скалата на суштества и нивниот непрекинат напредок.
Puis,-et ceci a un intérêt d'actualité-je vous ai mis en garde	"Потоа, — а тоа има актуелност и во сегашнината — јас ви

contre la prétendue crise que le transformisme aurait subi, depuis la découverte des variations brusques. Vous vous souvenez, qu'à des intervalles d'immobilité de l'espèce, peuvent succéder de brusques mutations, qui s'expliquent par l'accumulation d'efforts orientés dans le même sens, pendant des séries de générations. Je vous ai démontré que si l'on veut, de bonne foi, atteindre le fond de la question, cette théorie est en tous points conciliable avec la doctrine de Lamarck.	дадов до знаење да се чувате од божемната криза што трансфо рмизмот наводно ја доживеал по откритието на наглите варијации. Се сеќавате дека, по периоди на непроменливост на видот, можат да следуваат нагли промени, кои се изразуваат преку акумулација на напори насочени во една насока, за време на бројни генерации. Ви покажав дека, доколку се сака, со добра волја, да се дојде до суштината на прашањето, таа теорија е споива во сите точки со доктрината на Ламарк."
Une pause.	Пауза.
Depuis l'arrivée du Directeur, Jean a senti sa classe lui échapper.	По пристигнувањето на директорот, Жан почувствува дека му бега класот. Неговата реч не се одбива од цврста основа; а и тој самиот, немајќи јака потпора, малку по малку ја губи рамнотеж ата.
Sa parole frappe une trame distendue; et lui-même, à s'appuyer sur ce vide, perd peu à peu l'équilibre.	Тогаш, одлучувајќи се да не направи резиме на неговите претходни лекции, тој одлучно ја менува темата.
Alors, renonçant à récapituler ses leçons précédentes, il change résolument de sujet.	ЖАН. — "Сметав за корисно да направам само кратко резиме.
JEAN.-J'ai cru utile de procéder rapidement à cette revision.	"Но целта на денешната лекција е поинаква."
Mais le but de notre leçon d'aujourd hui est autre. Dès les premiers mots, sa volonté qui s'exprime dans sa voix, ressaisit les mailles dénouées. La trame brusquement retendue, offre à nouveau aux mots qu'il jette son élasticité de raquette.	Уште со првите зборови, неговата волја која се изразува преку гласот, ги пристегнува попуштените јазли од основата. На брзина пристегнатата основа повторно им ја нуди на упатените зборови еластичноста за одбивање.
JEAN.-Je veux surtout graver dans vos mémoires, et de telle façon qu'elles n'en puissent jamais perdre l'empreinte, l'importance essentielle du transformisme; son utilité indispensable pour la formation des intelligences modernes; pourquoi il est, en quelque sorte, le noyau de toute la science biologique; et comment l'on doit reconnaître, sans dépasser les limites d'une scrupuleuse exactitude scientifique, que cette	ЖАН. — "Сакам особено да го врежам во вашите мемории, и тоа така што отисокот да не може никогаш да се изгуби, суште ственото значење на трансформизмот; неговата неопходна корист за воспитувањето на модерните интелигенции; зошто е тој, на некој начин, јадрото на сета биолошка наука; и како треба да се признае, без да се надминат границите на една совесна научна точност, дека тој нов начин на разгледување на

nouvelle façon d'envisager la vie universelle a pu modifier entièrement les bases de la philosophie contemporaine, et renouveler dans leur fond et dans leur forme, la plupart des concepts de l'esprit humain.	универзалниот живот целосно ги променил основите на модерната филозофија и ги обновил, како на планот на содржината така и на планот на формата, поголемиот дел од поимите за човековиот дух."
Entre Jean et sa classe, s'est rétabli un incessant échange de courants. Il la sent onduler et frémir à son commandement.	Меѓу Жан и неговиот клас, се поврати континуиран проток на струја. Тој го чувствува класот како се бранува и затреперува под негова команда.
Le Directeur lève les yeux. Jean croise son regard qui n'exprime rien.	Дирекоторот ги поткрева очите. Жан го пресретнува неговиот поглед кој не оддава ништо.
JEAN.-Du jour où nous avons compris l'activité ininterrompue de «ce qui est», nous ne pouvons plus concevoir la vie comme un principe créateur de mouvement, qui viendrait animer une inertie. Lourde erreur, dont nous portons encore le poids sur nos épaules, et qui, dès l'origine de la pensée, a faussé toute l'observation des phénomènes vivants!-La vie n'est pas un phénomène dont on puisse concevoir le début, puisque c'est un phénomène qui se poursuit sans discontinuer. Ce qui revient à dire: le monde est; il a toujours été, et il ne peut pas ne plus être; il n'a pu être créé: l'inerte n'existe pas.	ЖАН. — "Од моментот кога сме ја сфатиле непрекинатата активност на она што е, ние не можеме повеќе да го сфаќаме животот како креативен принцип на движење, кој доаѓа да оживее одредена инертност. Голема заблуда, чијашто тежина сеуште ја носиме врз нашите плешки, и која, уште од постанок от на мислата, ги искривоколчува сите набљудувања на живите феномени! — Животот не е феномен комушто можеме да му го утврдиме почетокот, зашто тој е појава која проследува без да престане. Што ќе рече: светот е; тој бил отсекогаш, и не може и понатаму да не биде; тој не можел да биде создаден: неподвижното не постои.
Du jour où nous avons compris qu'un être, à deux instants de sa courbe, ne peut en aucune façon être identique à lui-même, nous perdons de ce fait tous les points d'appui, que l'illusion individualiste des hommes avait échafaudés, pour soutenir la gageure du libre arbitre; et nous ne pouvons plus concevoir un être qui jouirait d'une liberté absolue.	"Од оној момент кога сме сфатиле дека едно суштество не може, во два моменти од својата развојна линија, во никој случај да биде еднакво на самото себе, ги губиме со самиот тој факт сите потпирни точки што индивидуалистичката илузија на луѓето ги изделкала за да ја потпре идејата за слободната волја; и ние не можеме повеќе да си претставиме суштество кое би располагало со апсолутна слобода.
Du jour où nous avons compris que notre faculté raisonnante n'est que l'apport, à travers les âges, des expériences ancestrales, apport transcris en nous sans contrôle par les lois	"Од оној момент кога сме сфатиле дека способноста за расудување претставува само принос, низ вековите, на искуствата на нашите предци, принос кој нè е пренесен без контрола преку м

multiples et capricieuses de l'hérédité, nous ne pouvons plus accorder la même créance aux notions absolues de l'ancienne métaphysique et de l'ancienne morale.	ногубројните и каприциозни закони на наследството, ние не можеме и понатаму да имаме иста доверба во апсолутните поими на старата метафизика и на стариот морал.
Car le transformisme, dont la loi domine tout, domine aussi l'évolution de la conscience humaine.	"Зашто, трансформизмот, чијшто закон владее над сè, владее исто така и врз еволуцијата на човековата свест.
Et c'est pourquoi Le Dantec, l'un des esprits les plus avertis et les plus indépendants de la science contemporaine, a pu déclarer: «Pour un transformiste convaincu, la plupart des questions qui se posent naturellement à l'esprit humain, changent de sens: quelques-unes même, n'ont plus de sens du tout.»	"И токму затоа, Дантек, еден од најинформираните и најнезави сни умови на современата наука, можел да изјави: 'За еден убеден трансформист, поголемиот дел од прашањата кои природно се поставуваат пред човековиот ум, го менуваат своето значење: некои, дури, немаат никакво значење.' "
Le Directeur se lève d'un mouvement sec, malgré sa carrure. Il tourne vers la chaire son masque sévère, où les yeux sont à demi-clos.	Директорот станува отсечно, и покрај неговата крупна става. Тој го свртува кон катедрата своето строго лице, од кое зиркаат неговите полузатворени очи.
LE DIRECTEUR.-Très intéressant, Monsieur Barois... Vous mettez votre enseignement une louable chaleur, qui le rend très vivant... (Aigre sourire.) Nous en recauserons d'ailleurs...	ДИРЕКТОРОТ. — "Многу интересно, господине Бароа... Во вашата настава вие принесувате вредна топлина, која ја прави многу жива..." (Кисела насмевка.) "Ќе зборуваме впрочем друг пат за тоа..."
(Aux élèves, avec une bonhomie paternelle.) Ce qu'il faut retenir de tout cela, mes enfants,-et j'anticipe sans doute sur la conclusion que Monsieur Barois allait tirer de sa leçon,-c'est l'impeccable ordonnance du plan suprême... Notre pauvre raison n'approche qu'en tâtonnant de ces grandes lois; mais elle en reste confondue... Et cet acte d'humilité devant les merveilles du Créateur est d'autant plus nécessaire, que nous vivons en un siècle où les progrès des découvertes scientifiques tendent trop à nous faire perdre le sentiment de notre petitesse et de la relativité de notre savoir... (Il s'incline avec une extrême réserve.) Je vous laisse, Monsieur Barois... Au revoir...	(Кон учениците, со татковска добродушност.) "Она што треба да го запамтите од сето ова, деца мои, — и веројатно го антици пирам заклучокот што господин Бароа ќе го извлечеше од својата лекција, — тоа е совршениот поредок на врховниот план... Нашиот беден разум им се доближува со несигурност на тие големи закони; но пред нив стои збунет... И тој акт на понизност пред чудата на Создавачат е дотолку понеопходен што живееме во еден век во кој прогресот на научните откритија оди премногу кон тоа да го заборавиме чувството за нашата минијатурност и за релативноста на нашето знаење..." (Тој се поклонува со крајна воздржаност.) "Ве напуштам, господине Бароа... До видување..."

La porte est à peine refermée, qu'un remous houleux fait osciller l'âme mobile de la classe.	Откако се затвори вратата брановиден немир ја раздвижува по движната душа на класот.
Jean, debout, rassemble d'un vif coup d'œil le faisceau des regards qui s'éparpillaient.	Жан, простум, ги собира со жив поглед растурените погледи во врзоп.
Communion silencieuse et passionnée, qu'aucun blâme administratif ne pourra atteindre.	Молчаливо и страсно споделување кому ниеден администрати вн укор не му може ништо.
JEAN (simplement).-Je continue...	ЖАН. (едноставно). — "Продолжувам..."
II	II
A Buis, chez Mme Pasquelin, pendant les grandes vacances.	Во Буј, кај г-ѓа Пасклен, за време на големиот распуст.
Cécile est dans ta chambre, debout, en chemise, devant la fenêtre ouverte.	Сесил е во својата соба, простум, во кошула, пред отворен прозорец.
D'un geste inconscient elle caresse la courbe déformée de son ventre. Les traits, autrefois vifs, sont voilés d'indifférence: le regard lointain des femmes alourdies.	Со еден несвесен гест, таа поминува врз заобленатa линија на својот стомак. Цртите на лицето, некогаш јасни, се прекриени со неодреденост: отсутен поглед на бремени жени.
Neuf heures du matin: un ciel lisse, d'où coule un soleil jaune et fluide comme du miel.	Девет часот наутро: чисто небо, од каде се струполува жолто сонце растопливо како самото небо.
On frappe à la porte, qui s'ouvre aussitôt.	Некој чука на вратата која веднаш се отвора.
CÉCILE (rougissant comme une enfant).-C'est toi, maman?...	СЕСИЛ (вцрвувајќи се како дете). — "Ти си, мамо?..."
MADAME PASQUELIN.-Oui, c'est moi!	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. — "Да, јас сум!"
Au ton de sa mère, Cécile lève les sourcils avec angoisse.	Слушајќи го гласот на мајка ù, Сесил ги поткрева очните капаци со вознемиреност.
MADAME PASQUELIN.-Tiens, regarde! (Elle brandit une brochure blanche, et saisissant son face-à-main, elle épèle): «Bulletin du Congrès de la Libre-Pensée!... Monsieur Barois, chez Madame Pasquelin!... Buis-la-Dame, Oise»...	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. — "Еве, гледај!" (Таа мафта со една бела брошура, и земајќи еден бинокл со рачка, чита збор по збор: "Билтен на Конгресот на слободната мисла!.. Господин Бароа, кај Госпоѓа Пасклен!...Буј-ла-дам. Оаз"...
(Un temps.) Où est-il?	(Пауза.) "Каде е тој?"
CÉCILE.-Jean? Je ne sais pas.	СЕСИЛ. — "Жан? Не знам."

MADAME PASQUELIN.-Tu ne l'as pas vu encore?	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. — "Сеуште не си го видела?"
CÉCILE.-Non.	СЕСИЛ. — "Не."
MADAME PASQUELIN.-Il n'est plus dans sa chambre.	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. — "Не е во неговата соба."
CÉCILE.-Il aura été faire sa promenade.	СЕСИЛ. — "Веројатно излегол да се прошета."
MADAME PASQUELIN.-Alors, non seulement, vous avez chacun votre chambre, mais il ne vient même plus te dire bonjour, avant d'aller se promener?	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. — "Значи, не само што имате секој своја соба, туку тој не ни доаѓа да те поздрави, пред да излезе да се прошета?"
Cécile s'assied; geste résigné et las.	Сесил седнува; гест на помирливост и умор.
MADAME PASQUELIN (jetant la brochure sur les genoux de Cécile).-Eh bien, tu lui remettras ça, toi, si tu veux... Et tu lui diras, de ma part, qu'il se fasse adresser ça ailleurs que chez moi... D'ailleurs, je ne sais pas ce qui se passe... (Soulevant une enveloppe décachetée.) Je reçois ce matin un mot de l'abbé Miriel...	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. (фрлајќи ја брошурата врз колената на Сесил). — "Е па добро, ти ќе му го доставиш ова, ако сакаш... И ќе му кажеш да му го праќаат ова на друга адреса а не кај мене... "Впрочем, не знам што се случува..." (Поткревајќи едно одлепено плико.) "Утрово добив порака од опатот Мириел..."
CÉCILE.-Le directeur de Jean?	СЕСИЛ. — "Директорот на Жан?"
MADAME PASQUELIN.-Il prend ses vacances en ce moment à l'évêché de Beauvais, chez son frère, «et serait heureux, si j'avais ces jours-ci l'occasion de l'y rencontrer.» Il désire me «faire une communication personnelle»...	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. — "Во овој момент тој се наоѓа на одмор во бискупијата во Бове, кај брат му, и би бил среќен, ако имам прилика деновиве да се сретнам таму со него. Тој сака нешто лично да ми 'соопшти'..."
CÉCILE (inquiète).-Que peut-il vouloir te dire?	СЕСИЛ (вознемирена). — "Што ли сака да ти каже?"
MADAME PASQUELIN (sombre).-Hé, je n'en sais rien, ma pauvre enfant Mais je vais y aller cet après-midi, je veux en avoir le cœur net.	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. (стушена). — "Хе, немам поим, ќерко. Но ќе одам попладнево, сакам да сум најасно."
Elle se penche brusquement, saisit le front de sa fille et y colle ses lèvres sèches, avec une petite aspiration bruyante qui ressemble à un sanglot. Puis, relevant un visage clos et courroucé elle quitte la pièce à pas sonnants.	Наеднаш таа се наведнува, го фаќа челото на ќерка си и ги прилепува своите суви усни, со едно ситно шумно вдишување кое потсетува на липање. Потоа, заземајќи затворена и разбесн ета поза, таа ја напушта просторијата со бучни чекори.
Deux heures plus tard.	Два часа подоцна.

Cécile achève sa toilette.	Сесил завршува со миење.
JEAN (entrant).-Bonjour.	ЖАН. (влегувајќи). — "Добар ден."
CÉCILE.-Tu as vu maman?	СЕСИЛ. — "Ја виде мама?"
JEAN.-Non, je suis sorti de bonne heure.	ЖАН. — "Не, излегов рано."
CÉCILE (désignant le bulletin).-Maman a monté ça pour toi.	СЕСИЛ (покажувајќи го Билтенот). — "Мама го донесе ова за тебе."
La physionomie de Jean s'éveille.	Лицето на Жан се разбудува.
JEAN.-Ah oui, je sais... Je l'attendais... Merci.	ЖАН. — "Ах да, знам... Го очекував... Фала."
Il rompt la bande, s'assied sur le lit et feuillète les pages avec intérêt.	Тој ја кине траката, седнува на креветот и ги прелистува страниците со интерес.
Cécile le suit d'un regard curieux et hostile. Il surprend l'interrogation et ne s'y dérobe pas.	Сесил го посматра со љубопитен и непријателски поглед. Тој тоа го забележува и не се прикрива.
JEAN.-C'est le programme d'un congrès qui se tient à Londres cette année, en décembre...	ЖАН. — "Ова е програма за еден конгрес кој се одржува во Лондон годинава, во декември..."
CÉCILE (sur la défensive).-Mais ... en quoi cela te concerne-t-il?	СЕСИЛ (на штрек). — "Но...каква врска има тоа со тебе?"
JEAN (tranchant).-Ça m'intéresse. (Mouvement de Cécile.) Et puis on m'a demandé d'en faire un rapport, pour une revue.	ЖАН. (отсечно). — "Ме интересира." (Движење на Сесил.) "А освен тоа ми побараа да направам извештај, за едно списание."
CÉCILE (nettement).-Qui, on?	СЕСИЛ (разговетно). — "Кој тоа, тие?"
JEAN (brusque).-Breil-Zoeger.	ЖАН. (грубо). — "Брej-Зегер."
CÉCILE.-J'en étais sûre!	СЕСИЛ. — "Знаев."
JEAN (glacial).-Oh, je t'en prie, Cécile...	ЖАН. (студено). — "Ох, те молам, Сесил..."
Un silence.	Тишина.
Jean s'est remis à feuilleter le bulletin.	Жан повторно зема да го прелистува Билтенот.
CÉCILE (avec désespoir).-Je ne veux pas que tu t'occupes de ça!	СЕСИЛ (очајно). — "Не сакам да се занимаваш со тоа!"
Jean, sans cesser de lire, grimace un mauvais sourire.	Жан, не престанувајќи да чита, прави злобна насмевка.

JEAN.-Comment dis-tu? Tu ne veux pas?...	ЖАН. — "Како велиш? Ти не сакаш?..."
Il met la brochure dans sa poche et s'avance vers elle.	Тој ја става брошурата в џеб и се доближува до неа.
JEAN (sans acrimonie).-Écoute, ma petite, laisse-moi tranquille avec cette histoire...	ЖАН. (без злоба). — "Слушај, малечка, остави ме на мира со таа приказна...
Ce congrès ne se tient que tous les dix ans...	"Овој конгрес се одржува еднаш во десет години..."
(Il se promène de long en large, sans la regarder.) C'est un mouvement international, dont tu ne peux pas soupçonner le retentissement.-De plus, les matières inscrites cette année au programme, m'intéressent personnellement beaucoup. Zoeger m'avait proposé d'y prendre une part active, comme correspondant spécial de la Revue internationale des Idées, qui est, en France, l'organe de ce mouvement. J'ai failli accepter ... (Mouvement de Cécile) ... et puis, j'ai refusé à cause de mon cours à Venceslas. Mais, le moins que je veuille faire, c'est d'assister aux dernières séances, qui auront justement lieu pendant les vacances du jour de l'an, et de publier sur les conclusions du congrès, un rapport pour la section française.	(Тој се шета горе доле, без да ја гледа.) "Тоа е меѓународно движење со огромен одглас. А освен тоа, оваа година во програ мата има работи кои лично многу ме интересираат. Зегер ми предложи да земам активно учество, во својство на специјален известувач на списанието Меѓународно списание на Идеите, кое е орган на ова движење во Франција. За малку ќе прифатев. .." (Движење на Сесил.) "... а потоа, одбив заради мојот курс во "Вансеслас". Но сакам барем да присуствувам на последните сесии, — кои ќе бидат баш за новогодишните празници, — и да објавам во заклучоците од конгресот извештај за француска та секција.
C'est convenu, il n'y a plus à y revenir.	"Тоа е договорено и нема потреба од повторно наврaќање."
Elle ne répond rien.	Таа не одговара ништо.
Il fait quelques pas en silence, et se décide enfin à lever les yeux vers elle.	Тој прави молчешкум неколку чекори, и одлучува најпосле да ги крене очите кон неа.
Elle est écroulée comme un animal qu'on vient d'abattre.	Таа се струполува како погодено животно.
Ses prunelles dilatées s'emplissent d'angoisse, comme si elle allait s'évanouir.	Нејзините раширени зеници се полнат со страв, како да се токми да се онесвести.
Il s'élance, il la relève, il l'étend sur son lit.	Тој скокнува, ја поткренува, ја испружува врз нејзиниот кревет.
Une pitié subite, poignante, impérieuse...	Ненадејно, продорно и силно сожалување.
JEAN (avec une résignation morne).-C'est bien, c'est bien..	ЖАН. (со потиштена резигнираност). — "Договорено, добро...

Remets-toi... Je n'irai pas, c'est entendu...	Смири се...Нема да одам, договорено..."
Elle reste un instant immobile, les yeux clos. Puis elle le regarde, sourit simplement, et prend sa main.	Таа е неподвижна за момент, со затворени очи. Потоа таа го гледа, се насмевнува простодушно и му ја фаќа раката.
Mais il s'écarte. Il s'approche de la fenêtre. Ah, elle est la plus forte! Avec cette souffrance vraie qui la ronge, et qu'elle étale, elle est invincible!	Но тој се отргнува. Се доближува до прозорецот. Ах, таа е најсилна! Со тоа вистинско страдање што ја изјадува, и што таа го изложува, — таа е непобедлива!
Il entrevoit tout ce que son renoncement lui fait perdre: l'occasion unique d'entendre résumer, combattre, défendre, passer au crible de la contradiction publique, cet ensemble d'idées, dont, depuis cinq ans, il cherche dans les ténèbres à se faire une doctrine vitale...	Тој го назира сето она што ќе го изгуби со ова откажување: еди нствена можност да чуе како ќе бидат резимирани, оспорувани, бранети и изложени на јавна дебата, оние идеи со кои, веќе пет години, низ мракот тој се труди да си создаде животна доктрина...
Un immense écœurement...	Огромно разочарување...
Pitié pour elle, soit: mais pitié pour lui!	Сомилост за нејзе, в ред: но исто така сомилост и за него!
JEAN (sans se retourner, d'une voix sourde et violente).-Vois-tu... Voilà pourquoi je ne serai jamais qu'un raté! Et ce n'est même pas ta faute, tu ne peux pas faire autrement... Toutes les réalités les plus pressantes de ma vie, tu ne les aperçois pas, tu ne les soupçonneras jamais! Pour toi, ce seront toujours des manies inutiles, ou, ce qui est pis, honteuses, criminelles... C'est ta nature, c'est comme ça que tu es vraiment toi!	ЖАН. (без да се сврти, со тап и силен глас). —"Гледаш... Ете зошто јас никогаш нема да бидам ништо друго освен промашен! А тоа не е дури ни твоја грешка; ти не ни можеш поинаку да постапуваш... Сите најтешки реалности во мојот живот ти не ги здогледуваш, ти никогаш нема ни да се посомне ваш дека постојат! За тебе, тие секогаш ќе бидат бескорисни мании, или што е уште полошо, срамни, криминални... Тоа е твојата природа, ти си таква навистина!
L'atmosphère que tu crées autour de moi, j'y étouffe!... Tout mon courage, toute mon activité s'y dissolvent... Le seul bonheur que tu peux m'offrir, la petite affection dont tu es capable, ne pourront jamais que me nuire, me rapetisser à ta mesure! Voilà la vérité, l'atroce vérité... Du fait que tu es là, dans ma vie, elle est gâchée, quoi que je fasse!... Et, quoi que je fasse, tu resteras là, dans ma vie, toujours! Tu briseras mes élans un à un, et tu ne t'en douteras même pas, tu n'auras	"Атмосферата што ти ја создаваш околу тебе ме загушува!... Сета моја храброст, сета моја активност се растопуваат... Един ствената среќа што ти ми ја нудиш, малата нежност за која ти си способна може само да ми наштети, да ме смали по твоја мерка! Тоа е вистината, суровата вистина... Самиот факт што ти си тука во мојот живот, него го упропастува, што и да правам!... И, што и да направам, ти ќе останеш тука, во мојот живот, за секогаш! Ќе ги кршиш моите занеси еден по еден а

jamais une lueur, pour comprendre ce que tu es!... Toute ta vie tu pleureras sur tes petits chagrins à toi...	ти дури нема ни да бидеш свесна за тоа, никогаш нема да ти дојде проблесок за да разбереш она што си!... Целиот твој живот ти ќе ги оплакуваш твоите лични болки..."
(Explosion.) Et moi, par ta faute, je suis foutu,-irrémédiablement foutu!	(Избувнување.) "А јас, по твоја вина, јас сум заебан — непоправливо заебан!"
Elle n'a pas fait un mouvement. Rien autre dans son regard qu'une douloureuse surprise...	Таа не се ни помрдна. Во нејзиниот поглед само едно болно изненадување...
Alors, il hausse les épaules. Et, la bouche sèche, les épaules lourdes, il quitte la chambre.	Тогаш, тој ги крева рамениците. И, со сува уста, со натежнати раменици, ја напушта собата.
III	III
«A M. l'Abbé Miriel	"До господинот опат Мириел,
Directeur du Collège Venceslas	" Директор на колежот “Вансеслас”.
«Paris. «17 Août	"Париз. "17 август.
«Monsieur le Directeur,	"Господине директор,
«Vous me permettrez tout d'abord d'être surpris que vous ayez cherché un tiers pour me faire connaître votre opinion sur mon enseignement. Sans insister davantage sur un procédé qui manque de courtoisie, pour ne pas dire plus, je veux tout de suite aborder avec vous les critiques que vous formulez à mon endroit. Je ne risque pas de m'égarer, puisque vous avez pris soin de résumer vos griefs en une note, dont j'ai obtenu communication, et qui se termine, si j'ai bien compris, par un ultimatum formel.	"Ќе ми дозволите најпрвин да изразам изненадување што баравте преку трет да ме запознаете со вашето мислење за мојата настава. Без да инсистирам околу една постапка на која ù недостига куртоазија, да не речам и друго, јас веднаш ќе поминам на критиките што вие ги упатувате на моја сметка. Не ризикувам да залутам, зашто вие се потрудивте да ги резимира те вашите поплаки во една белешка што ми ја соопштија и која завршува, ако добро разбрав, со формален ултиматум.
«Voici la quatrième année que je suis chargé par vous d'enseigner les sciences naturelles à des jeunes gens de dix-sept et de dix-huit ans. Je n'ai pas voulu me contenter d'un cours uniquement pratique, car il y a, pour le maître, une obligation supérieure à celle de préparer strictement les matières d'un examen: c'est de porter à un degré plus élevé	"Еве веќе четврта година како сум задолжен од вас да им предавам природни науки на млади луѓе на возраст од седумна есет и осумнаесет години. Не се задоволив само со еден практичен курс, затоа што за наставникот постои и повисока обврска од онаа да се подготвува стриктно со учениците матер ијалот за испитите: а тоа е да се подигне на повисоко ниво

l'éducation générale de ses élèves, et de donner des motifs d'exaltation à leurs personnalités naissantes.	општото воспитување на своите ученици, и да се понудат поттици за издигнување на нивните личности во настанување.
«Je ne désavoue nullement l'orientation que j'ai cherché à donner à mes leçons.	"Никако не го повлекувам правецот што се трудев да им го дадам на моите предавања.
«Si je me suis, en maints endroits, évadé hors des barrières que l'on a dressées, dans les établissements catholiques, autour des sciences naturelles, ce n'est donc pas par mégarde. J'estime qu'il n'y a pas d'autre arrêt pour la pensée que les limites mêmes de son élan, et que, pour ce vol, on ne prendra jamais trop d'essor.	"Доколку сум излегол, на многу места, надвор од границите што биле зацртани, во католичките школски институции, во врска со природните науки, тоа не е несакајќи. Сметам дека не постои друг застој за мислата освен самите ограничувања на нејзиниот занес, и дека за тој лет никогаш нема да биде преголем залетот.
«Votre blâme m'a donné l'occasion d'apercevoir qu'en matière d'enseignement scientifique, un homme sincère ne peut s'engager à professer selon certaines règles convenues. Un jour ou l'autre, en effet, il est amené à conclure; et ce jour-là, toute sa vie intellectuelle tend à s'exprimer: s'il a quelque dignité, comment apporterait-il, à ceux qui l'écoutent, autre chose que le résultat de ses propres réflexions, de sa propre expérience? Qu'on le veuille ou non, l'analyse scientifique des phénomènes de la vie mène droit à la philosophie.-C'est même, selon moi, la seule philosophie qui compte.	"Вашето укорување ми даде можност да сфатам дека, кога се работи за настава на науката, еден поштен човек не може да вети дека ќе предава според одредени договорени правила. Порано или подоцна, всушност, тој е приморан да донесе заклучок; и, тогаш, целиот негов интелектуален живот тежнее да се изрази: ако има достоинство, како ќе им даде на оние што го слушаат нешто што не е резултат на неговите лични размисл увања, на неговото лично искуство? Го сакале тоа или не, научната анализа на животните феномени води право до филоз офијата. — Тоа е, според мене, дури и единствената филозофиј а која нешто значи.
«Or il faut, pour traiter ces questions avec l'ampleur qu'elles réclament, une liberté de pensée et d'expression qui, j'en conviens, n'est guère conciliable avec l'esprit de votre maison. Je suis donc prêt à reconnaître qu'à ce point de vue, j'ai outrepassé le mandat qui m'était confié.	"Според тоа, за да се обработуваат тие прашања со ширината што ја бараат, потребна е слобода на мислата и на изразот кои, се согласувам со вас, не се воопшто сообразни со духот на вашата куќа. Спремен сум значи да прифатам дека, во тој поглед, го прекршив мандатот што ми беше доверен.
«Mais, comme je ne saurais modifier l'esprit de mon cours, et que je tiens essentiellement à me présenter devant mes élèves, tel que je suis, en homme libre qui s'adresse à des intelligences libres, je ne vois pas d'autre solution que de vous donner ma	"Меѓутоа, со оглед на тоа што не би можел да го променам духот на мојот курс, и што сметам дека е суштетствено да се п ретставам пред моите ученици таков каков што сум, како слободен човек кој се обраќа на слободни умови, јас не гледам

démission.	друго решение освен да поднесам оставка.
«Veuillez agréer, Monsieur le Directeur, l'assurance de mes sentiments distingues.	"Примете ги, Господине директор, изразите на мојата почит.
Jean Barois.»	"ЖАН БАРОА."
Cinq heures. Au jardin.	Пет часот. Во градината.
Mme Pasquelin et Cécile cousent à l'ombre d'un parasol de toile, près de l'espalier qui borde l'enclos. Assises sur des chaises voisines, elles parlent bas, sans mouvoir les lèvres.	Г-ѓа Пасклен и Сесил шијат во сенка под еден платнен чадор за сонце, близу до скалите кои го опколуваат заградениот простор. Седнати на столици недалеку една од друга, тие зборуваат тивко, без да ги мрдаат усните.
Jean paraît au perron, sa lettre dépliée à la main. Il franchit, en approchant, comme la résistance d'une zone hostile. Un silence l'accueille.	Жан се појавува на платото, со подвиткано писмо во раката. Пр иближувајќи се, тој како да преминува низ отпорот на некоја н епријателска зона. Дочекан е од тишина.
JEAN.-Je veux vous tenir au courant de ma réponse à l'abbé Miriel Je lui envoie ma démission.	ЖАН. — "Сакам да ве информирам за мојот одговор на опатот Мириел. Му ја испраќам мојата оставка."
L'assurance de sa voix fait frissonner les deux femmes.	Сигурноста во неговиот глас ги растреперува двете жени.
Mais Mme Pasquelin, d'instinct plus combattif, dissimule d'abord son anxiété.	Но г-ѓ Пасклен, со поборбен дух, ја сокрива отпрвин својата во знемиреност.
MADAME PASQUELIN.-Ta démission? Tu plaisantes?	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. — "Твојата оставка? Се шегуваш?"
Cécile a laissé tomber son ouvrage sur ses genoux. Elle présente le front, lisse et bombé comme une cuirasse.	Сесил ја испушти облеката на колена. Нејзиното чело стана мазно и испакнато како оклоп.
Depuis hier elle vit dans une stupeur désespérée. Le jugement du Directeur de Venceslas lui a fait prendre conscience de toute la réalité: elle s'inquiète peu de la situation compromise; elle ne pense qu'au salut éternel: Jean est un athée!...	Од вчера таа живее во очајничка избезуменост. Ставот на дире кторот на “Вансеслас” ја натера да се свести за целата реалност: малку е загрижена поради компромитирачката ситуација; таа мисли само на вечниот спас: Жан е безбожник!...
JEAN.-Vous semblez surprises. Je me demande pourtant ce que vous pouviez prévoir? L'ultimatum...	ЖАН. — "Изгледате изненадени. Се прашувам меѓутоа што можевте да предвидите? Ултиматум..."
MADAME PASQUELIN (avec vivacité).-Oh, il n'a jamais été question d'ultimatum. Tu dramatises tout!	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. (со живост). — "Ох, никогаш не се работело за ултиматум. Ти драматизираш сè!

L'abbé Miriel a été très peiné de ce que tu osais dire à tes élèves; mais il n'a jamais pensé à te congédier. Il ne le voudrait pas ... ne fût-ce que par égard pour moi. Il exige seulement que tu fasses ton cours autrement; (souriant) tu avoueras qu'il sait mieux que toi ce que tu dois faire, puisqu'il est ton Directeur...	"На опатот Мириел му беше многу тешко поради она што си се осмелил да им го кажеш на твоите ученици; но тој никогаш не мислел да те избрка. Тој не би ни посакал... ако ништо друго од респект кон мене. Бара само да ја изведуваш поинаку наставата ."; (смеејќи се) "ќе признаеш дека тој знае подобро од тебе што треба да правиш, со оглед на тоа дека ти е директор...".
Jean détourne les yeux sans répondre. Mme Pasquelin veut prendre avantage de ce silence. Et avec une bonhomie factice, elle cherche à pallier le débat.	Жан ги свртува очите без да одговори. Г-ѓа Пасклен сака да ја искористи оваа тишина. Со една привидна добродушност, таа бара некакво решение за проблемот.
MADAME PASQUELIN.-Allons, voyons, ne fais pas de sottises. Tu t'es monté la tête. Le Directeur lui-même n'attache pas à ces incartades plus d'importance qu'il ne faut; il est prêt à les oublier. (Son sourire feint est douloureux à voir.) Allons, ne t'entête pas... Déchire cette lettre, et va lui en écrire une autre...	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. — "Ајде, сега, не прави глупости. Си си умислил нешто. И самиот директор не им придава на тие испади повеќе важност отколку што заслужуваат; тој е спремен да ги заборави." (Нејзината наместена насмевка е мачна за гледање.) "Ајде, не биди тврдоглав... Искини го писмото и напишу му друго..."
JEAN (avec lassitude).-Ne discutons pas. Ma décision est prise.	ЖАН. (со замор). — "Да не дискутираме. Мојата одлука е донесена. "
MADAME PASQUELIN (violemment).-Tu ne peux pas faire ça! N'est-ce pas, Cécile?	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. (жестоко). — "Ти не можеш тоа да го направиш! Нели, Сесил?"
JEAN.-C'est fait.	ЖАН. — "Веќе е направено."
MADAME PASQUELIN.-Non. Je te défends d'envoyer cette lettre.	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. — "Не. Ти забранувам да го пратиш тоа писмо."
JEAN (perdant patience).-Mais enfin, si l'on vous demandait à l'une ou à l'autre, de renier vos croyances religieuses pour conserver un emploi qu'est-ce que vous répondriez?	ЖАН. (губејќи трпение). — "Ама, ајде, ако бараат од вас, и од едната и од другата, да се откажете од вашите религиозни сфаќања за да зачувате одредена работа, што би одговориле?"
MADAME PASQUELIN (furieuse).-Comme si c'était la même chose!	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. (бесна). — "Како тоа да е иста работа!"
JEAN.-Oui, je sais: Ce n'est pas «la même chose». Eh bien, vous vous trompez: c'est tellement la même chose, que je n'ai	ЖАН. — "Да, знам: не е тоа "иста работа". Е па, се лажете: тоа е толку "иста работа" што јас не се колебав ниту една секунда!

pas hésité une seconde! J'aurais même dû comprendre plus tôt que je n'étais pas à ma place dans ce collège de prêtres, et m'en aller de moi-même. Je regrette de m'être laissé aveugler si longtemps.	Требаше и порано да сфатам дека не бев на свое место во тој колеж од свештеници, и сам да си заминам. Жалам што сум дозволил толку долго време да ме заслепуваат."
Mme Pasquelin reste perplexe. Le masque de Jean, son regard froncé, sa bouche volontaire, l'effrayent. Elle maîtrise sa colère.	Г-ѓа Пасклен останува крајно збунета. Лицето на Жан, неговите намуртени веѓи, неговата решителна уста, ја ужаснув аат. Таа го контролира бесот.
MADAME PASQUELIN.-Jean, je t'en supplie... Si tu perds ce poste, qu'est-ce que tu feras?	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. — "Жан, те преколнувам... Ако го изгубиш тоа место, што ќе правиш?"
JEAN.-Oh, soyez sans crainte; je ne manque ni de projets, ni de moyens de dépenser mon activité.	ЖАН. — "Ох, Не плашете се; не ми недостигаат ниту проекти, ниту средства да ја реализирам мојата активност."
MADAME PASQUELIN.-De beaux projets! Tu ne pourras que t'ancrer plus profondément dans tes mauvaises idées!	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. — "Убави проекти! Ќе можеш само да се укотвуваш сè подлабоко во твоите лоши идеи!"
JEAN (saisissant l'occasion).-Certes! Maintenant que je suis libre (il soulève sa lettre,) je ne me plierai plus à toutes les concessions, à tous les compromis auxquels j'ai consenti jusqu'ici, et dont j'ai honte vis-à-vis de moi-même... C'était une transition, soit: mais le temps en est révolu.	ЖАН. (искористувајќи ја приликата). — "Се разбира! Сега кога сум слободен" (го поткрева неговото писмо), "нема да се повинувам на сите отстапки, на сите компромиси за коишто сум сум дал моја согласност до овој момент, и за коишто се срамам од самиот себе. Тоа беше транзиција, в ред: но времето ù истече."
Cécile, atteinte au vif, s'est redressée.	Сесил, погодена во живо, рипнува.
CÉCILE.-«Maintenant que tu es libre», Jean? Et moi?	СЕСИЛ. — "Сега кога ти си слободен, Жан? А јас?"
JEAN (interloqué).-Toi? Eh bien?	ЖАН. (затечен). — "Ти? Па?"
Ils se toisent, heurtant deux regards où ne subsiste aucune trace des tendresses passées.	Тие се меркаат, испраќајќи два погледа во кои нема трага од некои поранешни нежности.
CÉCILE.-J'ai été trompée par toi! J'ai été trompée par ton passé, par tes paroles, par ton attitude! Ne l'oublie pas!	СЕСИЛ. — "Јас бев излажана од тебе! Бев излажана од твоето минато, од твоите зборови, од твоето однесување! Не го заборавај тоа!"
MADAME PASQUELIN (se jetant à la traverse).-Crois-tu	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. (уфрлувајќи се отстрана). — "Мислиш

qu'elle puisse tolérer que son mari soit un athée, un ennemi de notre religion? Mais c'est abominable! Élevé comme tu l'as été!	дека таа може да толерира нејзиниот маж да биде атеист, непри јател на нашата религија? Ама тоа е ужасно! А како ли беше воспитан!"
JEAN (répondant à Cécile seule, sur un ton angoissé et sombre).-Ce qui est fait est fait. Tu souffres? Moi aussi...	ЖАН. (одговарајќи ù само на Сесил, со мачен и потиштен тон). — "Што е сторено е сторено. Ти страдаш? И јас исто така...
Je ne peux pas empêcher mes idées d'évoluer, d'être vivantes... Ce n'est pas moi qui dois les diriger, mais elles qui doivent diriger ma vie!	"Не можам да ги спречам моите идеи да еволуираат, да бидат живи... Не сум јас тој што треба да управува со нив, туку тие треба да управуваат со мојот живот!"
CÉCILE (durement).-Non. Tant que je serai là, non!	СЕСИЛ. (енергично). — "Не. Додека сум јас тука, не!"
MADAME PASQUELIN (affermie par la résistance inattendue de sa fille).-Non! Elle te quitterait plutôt! N'est-ce pas, Cécile?	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. (охрабрена од неочекуваниот отпор на керка ù). — "Не! Таа побргу би те напуштила! Нели Сесил?"
Cécile, oppressée, hésite une demi-seconde, puis fait un brusque signe d'assentiment.	Сесил, притегната, се колеба за момент, потоа прави нагол знак на одобрување.
Jean guettait sa réponse: il hausse les épaules. Court silence.	Жан го демнеше нејзиниот одговор: тој ги поткрева раменицит е. Кратка тишина.
Mme Pasquelin regarde Cécile avec un sentiment nouveau. Au fond obscur de son âme maternelle, il y a eu un bref éclair, un espoir, qui oriente malgré elle ses paroles.	Г-ѓа Пасклен ја гледа Сесил со ново чувство. Во темните длабини на нејзината мајчинска душа, се појави краткотрајна светлина, надеж, која ги насочува нејзините зборови без таа да сака.
MADAME PASQUELIN.-C'est trop bête à la fin! Tu viens empoisonner notre vie, avec tes idées... Tes idées! Tout le monde en a, des idées! Tu n'as qu'à avoir celles de tout le monde! (Jouant le dernier atout.) Si tu ne renonces pas à cette lettre, si tu n'es pas décidé à reprendre l'existence d'autrefois, comme autrefois, Cécile ne rentrera pas à Paris avec toi!	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. — "Ама тоа е многу глупаво! Ти нù го труеш животот, со твоите идеи... Твоите идеи! Секој си има свои идеи! Треба само да ги имаш истите идеи како и сите други!" (Играјќи со последниот адут) "Ако не се откажеш од твоето писмо, ако не се одлучиш да го продолжиш досегашнио т живот, како досега, Сесил нема да се врати со тебе во Париз!"
JEAN.-Tu entends. Cécile?	ЖАН. — "Го слушаш ова, Сесил?"
Cécile est liée par son acquiescement.	Сесил е врзана со своето одобрување.

CÉCILE.-Maman a raison.	СЕСИЛ. — "Мама има право."
JEAN.-Si je donne ma démission, tu ne rentreras pas à Paris avec moi?	ЖАН. — "Ако јас дадам оставка, ти нема да се вратиш со мене во Париз?"
CÉCILE.-Non.	СЕСИЛ. — "Не."
JEAN (froidement, à sa belle-mère).-Vous voyez la belle besogne que vous faites.	ЖАН. (студено конештата). — "Вие гледате каква каша правите."
Il saisit une chaise, l'approche de Cécile, et s'y plante à califourchon.	Тој потфаќа една столица, ја доближува до Сесил, и седнува ра счекорен.
JEAN.-Écoute Cécile, et pas de bêtises... Je te jure que je ne plaisante pas. (Longue aspiration.) Je pourrais te promettre des concessions nouvelles, pour sauver notre vie commune. Mais non, je veux continuer à agir loyalement. J'ai accepté pour toi le maximum des sacrifices que je peux faire, il est impossible que je persiste dans cette voie sans perdre toute dignité, toute propreté morale! Ce que tu me demandes, c'est de jouer pendant toute ma vie une lugubre comédie: c'est de paraître, par une attitude passive, par une simulation continuelle, approuver une religion que je ne peux plus pratiquer. Il faut que tu comprennes une fois pour toutes, qu'il y a là quelque chose qui dépasse les convenances personnelles. Un honnête homme ne peut pas s'engager à exprimer toute sa vie le contraire de sa pensée: fût-ce par affection... Tu ne peux pas me faire un grief de cette loyauté morale, même si elle te fait souffrir!	ЖАН. — "Слушај, Сесил, и без глупости...Ти се колнам дека не се шегувам." (Долго вдишување.) "Би можел да ти ветам нови концесии за да го спасиме нашиот заеднички живот. Ама нема: сакам да продолжам да делувам чесно. Го прифатив за тебе ма ксимумот жртви што можам да ги направам; неможно е да опст ојувам по тој пат без да изгубам секакво достоинство, секаква морална чистота! Она што го бараш од мене е да играм целиот мој живот една жалосна комедија: да покажувам, низ пасивно држење, низ постојано симулиирање, дека одобрувам религија што не можам повеќе да ја практикувам. Треба да сфатиш, еднаш за секогаш, дека во тоа има нешто што ја надминува личната пристојност. Еден чесен човек не може да се ангажира целиот свој живот да го изразува спротивното од својата мисла: дури и да е од љубов... Ти не можеш да ми префрлаш поради таа морална чесност, дури и ако таа те тера да страдаш!"
Pause.	Пауза.
Veux-tu rentrer avec moi à Paris, en octobre, comme c'était convenu?	"Сакаш ли да се вратиш со мене во Париз, во октомври, како што беше договорено?"
CÉCILE (désespérément raidie).-Non.	СЕСИЛ (очајнички укочена). — "Не."
JEAN (écartant de la main Mme Pasquelin).-Cécile: écoute-	ЖАН. (иставајќи ја со рака г-ѓа Пасклен). — "Сесил: слушни

moi bien! (Un temps.) Si tu refuses de m'accompagner à Paris, si tu romps sciemment les seuls liens que je veuille encore ménager, alors, rien ne me retiendra plus... Et j'irai passer l'hiver à Londres, au congrès dont je t'ai parlé.	ме добро!" (Кратка пауза.) "Ако одбиеш да дојдеш со мене во Париз, ако свесно ги прекинуваш единствените врски што сакам и понатаму да ги одржувам, тогаш, ништо повеќе нема да ме сопре... И јас ќе одам да ја поминам зимата во Лондон, на конгресот за кој ти зборував."
MADAME PASQUELIN (éclatant).-Mais tu veux donc la tuer! Dans la situation où elle...	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. (избувнувајќи). — "Ама ти значи сакаш да ја убиеш Сесил! Во положбата во која..."
Cécile s'est dressée et s'est rapprochée de sa mère.	Сесил е станата и се приближила до мајка си.
CÉCILE (sanglotant).-C'est tout réfléchi. J'aime mieux te perdre tout à fait que de vivre avec un païen!	СЕСИЛ (липајќи). — "Сè е размислено. Повеќе сакам да те загубам сосема отколку да живеам со безверник!"
Jean se lève.	Жан станува.
Il les contemple toutes deux, frappé soudain de leur ressemblance... Ce front busqué, cet œil rond et noir, et ce regard contrarié, dont l'émotion accuse l'asymétrie, ce regard incertain, qui dans la discussion se dérobe...	Тој ги посматра и двете, изнаден одеднаш од нивната сличност ...Тоа заоблено чело, тоа тркалесто и црно око, и тој незадоволе н поглед, чијашто емоција ја подзасилува асиметријата, тој несигурен поглед кој при некоја дискусија се измолкнува...
JEAN (tristement).-Tu l'auras voulu, Cécile, tu l'auras voulu...	ЖАН. (тажно). — "Си го сакаше, Сесил... Си го сакаше...
Réfléchis jusqu'à ce soir. En me laissant partir seul, tu lèveras tous mes scrupules: tu me rendras toute ma liberté.	"Размисли до вечерва. Ако ме пуштиш да си заминам сам, ти ќе ме ослободиш од сите мои скрупули: ќе ми ја вратиш целата моја слобода.
Je vais mettre ma lettre à la poste.	"Ќе го пратам моето писмо во поштата."
«A M. Breil-Zoeger «Directeur de la Revue Internationale des Idées «78, boulevard Saint-Germain «Paris «20 Août.	"До Г. Брej-Зегер, (Директор на Меѓународното списание на Идеите, "78, Булевар Сен-Жермен, "Париз. "20 август.
«Cher ami,	"Драг пријателе,
«De grands changements sont survenus, en quelques jours, dans ma vie. J'ai donné ma démission de professeur à Venceslas, et je me trouve, à tous égards, beaucoup plus libre que je ne pouvais le prévoir. Je puis disposer à ma guise de mon hiver, et faire un long séjour à Londres. J'accepterais donc	"Големи промени се случија за неколку дена во мојот живот. Дадов оставка на моето место професор во “Вансеслас”, и сега сум, во секој поглед, многу послободен отколку што можев и да предвидам. Можам да располагам како сакам со оваа зима, и да заминам на долг престој во Лондон. Би го прифатил значи

très volontiers la place active que tu m'avais primitivement réservée au Congrès, si cette place est encore sans titulaire.	со големо задоволство активното место на Конгресот што ти ми го имаше првобитно резервирано, доколку за тоа место веќе не е определен некој друг.
«Je ne resterai pas dans l'Oise jusqu'à la fin des vacances, comme je te l'avais annoncé. Je rentre à Paris ce soir.	"Јас нема да останам во Оаз до крајот на одморот како што ти бев најавил. Се враќам вечерва во Париз.
«Peux-tu me consacrer une matinée de cette semaine?	"Можеш ли да одвоиш неделава едно утро за мене?
«Bien à toi, J. Barois.»	"Мисли на тебе, "Ж. БАРОА"
IV	IV
À Londres.	Во Лондон.
Une chambre d'hôtel	Хотелска соба.
Le soir. Un plafonnier électrique verse une lumière impitoyable. Les rideaux tirés feutrent les bruits de la rue.	Навечер. Една плафоњерка зрачи блескава светлина. Навлечен ите завеси ги пригушуваат звуците од улицата.
Breil-Zoeger est étendu sur son lit. Soulevé sur un coude, il concentre son regard sur une femme d'une cinquantaine d'années, assise à une petite table, et qui relit le compte-rendu sténographié de la séance du jour.	Брej-Зегер е испружен на неговиот кревет. Поткренат на еден лакот, тој го насочува својот поглед врз една жена на возраст од педесетина години, седната на мала маса, која го препрочит ува стенографираниот извештај од штотуку одржаната сеанса.
Jean va et vient, les bras croisés,-sous pression.	Жан оди горе-долу, со скрстени раце, — напрегнат.
LA STÉNOGRAPHE (lisant).-... ce qu'en 1879, un Suisse, Vinet, écrivait déjà: «C'est de révolte en révolte que les sociétés se perfectionnent, que la civilisation s'établit, que la justice règne... Liberté de la presse, liberté de l'industrie, liberté du commerce, liberté de l'enseignement, toutes ces libertés, comme les pluies fécondes de l'été, arrivent sur les ailes de la tempête!»	СТЕНОГРАФКАТА (читајќи). — "... она што во 1879 г., еден Швајрацец, Вине, веќе го пишуваше: 'Токму преку побуни оп штествата се усовршуваат, цивилизацијата се воспоставува, правдата владее... Слободата на печатот, слободата на индустр ијата, слободата на трговијата, сите тие слободи, како плодни летни дождови, пристигнуваат на крилјата на бурата."
JEAN (interrompant).-... Ici, quelques applaudissements; surtout les Suédois, les Danois, les Russes. Alors le président a pris la parole, il a résumé les débats...	ЖАН. (прекинувајќи). — "...Тука неколку аплаузи; особено Швеѓаните, Данците, Русите. Тогаш збор зеде претседателот и ги резимираше дебатите..."
Zoeger, les sourcils froncés, ponctue d'un signe d'assentiment	Зегер, со набрани веѓи, го нагласува секој дел од реченицата со

chaque membre de phrase.	движења на раката.
JEAN.-... Il a expliqué que tu venais d'être subitement immobilisé par une crise hépathique; puis il a donné lecture du mot où tu me désignais pour parler demain à ta place, et la proposition a passé, à l'unanimité.	ЖАН. — "...Тој објасни дека ти беше ненадејно спречен да настапиш поради напад на црниот дроб; потоа тој ја прочита пораката во која ти ме определуваш мене да зборувам наместо тебе, и предлогот помина едногласно."
ZOEGER.-Woldsmuth t'a communiqué les chiffres exacts?	ЗЕГЕР. — "Вордсмут ти ги соопшти точните бројки?"
JEAN.-Oui. Et j'ai prévenu Backerston que je ne siégerais pas à la commission des réformes.	ЖАН. — "Да. И јас го известив Бакерстон дека нема да учествувам во комисијата за реформи."
Zoeger approuve de la tête.	Зегер потврдува со главата.
Breil-Zoeger: la trentaine.	Брej-Зегер: на триесетина години.
Né à Nancy, de parents alsaciens. Mais, dans la coupe du visage, quelque chose de japonais, qu'accentue sa maladie de foie: un teint jaune, un masque élargi aux pommettes, des sourcils bridés, une moustache maigre et tombante, un menton pointu.	Роден во Нанси, од родители од Лорена. Но во изгледот на лицето, нешто јапонско, што неговата црнодробна болест го засилува: жолт тен, лицето издолжено кај очните јаболкници, набрани веѓи, мустаќите тенки и свртени надоле, зашилена брада.
L'arcade sourcillière est très saillante: au fond des orbites, les prunelles, toujours dilatées, d'un noir luisant et dur, ont une expression fiévreuse, aigüe, aride, qui contraste avec la douceur générale des traits.	Аркадите се испапчени: во центарот на очните отвори, зеници, секогаш раширени, со светликава и тешка црна боја, чијшто грозничав, остар и сув изглед отстапува од општата благост на цртите.
La voix est monotone, sans timbre, agréable au premier abord,-mais d'une implacable sécheresse.	Гласот е монотон, без боја, пријатен на прв поглед, — но со една ужасна сувопарност.
ZOEGER.-Madame David, cherchez donc les notes que vous avez sténographiées ces jours-ci... Un dossier vert: «Problème religieux en France.»-Merci.	ЗЕГЕР. — "Госпоѓо Давид, најдете ги белешките што ги стеног рафиравте овие денови... Едно зелено досие: Религиозни проблеми во Франција. — Благодарам."
JEAN.-Tu préfères que je dicte devant toi, comme ce matin?	ЖАН. — "Претпочиташ да диктирам пред тебе, како утрово?"
ZOEGER.-Oui, ça vaut mieux.	ЗЕГЕР. — "Да, тоа е подобро."
JEAN.-J'ai préparé la deuxième et la troisième partie, mais en intervertissant l'ordre de ton plan. Je t'expliquerai...	ЖАН. — "Ги подготвив вториот и третиот дел, но го изменив редоследот од твојот план. Ќе ти објаснам..."

Breil-Zoeger s'allonge avec une grimace de souffrance.	Брej-Зегер се испружува правејќи гримаса на болка.
JEAN.-Tu souffres?	ЖАН. — "Те боли?"
ZOEGER.-Par intermittences...	ЗЕГЕР. — "На моменти..."
Quelques instants de silence.	Неколку мигови на тишина.
JEAN (tirant des papiers de sa poche).-Nous en étions à la seconde partie:	ЖАН. (вадејќи хартии од џебот). — "Стигнавме до вториот дел:
«CAUSES DE L'ÉBRANLEMENT GÉNÉRAL DE LA FOI».	"ПРИЧИНИ ЗА ОПШТА КРИЗА НА ВЕРАТА.
Vous y êtes, Madame David?	"Најдовте, госпоѓо Давид?"
(A Zoeger.) Première cause: l'extension qu'ont prise depuis cinquante ans les études des sciences naturelles. A mesure que l'effort humain restreint le nombre des ignorances, dont l'homme, depuis des siècles, avait constitué sa croyance en Dieu, cette part divine se réduit inévitablement...	(Кон Зегер.) "Прва причина: замавот што го зеле од пред педесет години студиите на природните науки. Како што човечкиот напор го ограничува обемот на незнаењето врз чија основа човекот, со векови наназад, ја создал својата вера во Бога, така божјиот удел неизоставно се намалува..."
ZOEGER.-Tu pourrais rappeler brièvement...	ЗЕГЕР. — "Би можел накратко да потсетиш..."
JEAN.-Notez, Madame...	ЖАН. — "Забележете, госпоѓо."
ZOEGER.-... quelques données scientifiques qui permettent de démontrer, dès maintenant, l'impuissance de leur Dieu sur le cours inéluctable des phénomènes, et par suite l'impossibilité du miracle, l'inefficacité des prières, et cœtera...	ЗЕГЕР. — "... на неколку научни податоци кои овозможуваат да се докаже, уште одсега, немоќта на нивниот Бог врз неизбежниот тек на настаните, и, потоа, неможноста на чудото, неефикасноста на молитвите, итн..."
JEAN.-Si tu veux...	ЖАН.. — "Како сакаш."
Seconde cause: Les travaux historiques.	"Втора причина: Историските трудови..."
ZOEGER.-Passe rapidement..	ЗЕГЕР. — "Помини ги набрзина..."
JEAN.-Non, c'est un point très important. Je tiens à rappeler le grand pas qui s'est trouvé fait, le jour où l'on a pu, textes en mains, décomposer la formation des légendes, et montrer que, dans cette formation, il n'est entré que des éléments humains, groupés autour d'un fait très simple, mais que la naïveté populaire a enveloppé de merveilleux.	ЖАН. — "Не: тоа е многу важна работа. Сакам да потсетам на големиот чекор кој е направен кога можело, со текстовите в раце, да се разгложби оформувањето на легендите, и да се докаже дека, во тоа оформување нашле место само човечки елементи, групирани околу еден многу едноставен факт, но коишто народната наивност ги прекрила со доза на чудесност.

Pour placer ensuite cette idée: Comment peut-on «croire», quand on a suivi d'âge en âge l'histoire des religions, et aperçu les diverses crédulités, toutes intransigeantes, par lesquelles le pauvre cerveau des hommes a déjà passé?	"За да ја истакнам потоа оваа идеја: Како можеме да веруваме, кога сме го проследиле развојот на религиите од една во друга епоха, и кога сме ги воочиле разните празноверија, сите непом ирливи меѓу себе, низ кои веќе поминал кутриот човечки ум?"
ZOEGER.-Bien.	ЗЕГЕР. — "Добро."
JEAN.-Puis une transition: le progrès scientifique ne peut atteindre que les intelligences cultivées; il n'aurait pas suffi, pour ébranler une religion qui a tant de racines dans les cœurs français.	ЖАН. — "Потоа еден премин: научниот прогрес може да допре само до образованите умови; тој не бил доволен за да се размрда една религија која има толку корења во француските срца.
Et j'en arrive... (On frappe.) ... aux facteurs économiques et sociaux...	"И сега доаѓам..." (Некој чука.) "... на економските и општестве ните фактори..."
(Allant ouvrir.) Qu'est-ce que c'est?	(Одејќи да отвори.) "Што има?"
UNE VOIX.-Le Times... Demander des renseignements sur l'indisposition de M. Breil-Zoeger... Sur le discours de demain...	ГЛАС. — "Од весникот Times... Сакаме да побараме информац ии во врска со состојбата на Г. Брej-Зегер...За говорот за утре."
JEAN.-Adressez-vous au 29, le secrétaire-adjoint, Monsieur Woldsmuth.	ЖАН. — "Обратете се во соба број 29, кај заменикот-секретар Г. Волдсмут."
(Revenant vers le lit.) Où en étais-je? Ah, troisième cause: Facteurs économiques et sociaux. Le développement prodigieux des industries a fait sortir des campagnes des milliers de jeunes hommes, qui rompent ainsi, brutalement, les liens familiaux traditionnels...	(Враќајќи се кон креветот.) "Каде бев? Ах, третата причина: Ек ономските и оптествените фактори. Чудесниот развој на индус тријата од селата извади илјадници млади луѓе, кои на тој начин, брутално ги раскинуваат традиционалните фамилијарни врски..."
ZOEGER.-Insiste; c'est capital, si l'on songe au nombre considérable d'usines qui fonctionnent dans un pays civilisé,-nombre qui doit fatalement s'accroître encore, et dans des proportions incalculables.	ЗЕГЕР. — "Инсистирај; тоа е суштествено, ако се помисли на големиот број фабрики што работат во една цивилизирана земја, — број кој треба неизоставно уште да расте, и тоа во нес омерлив размер."
Il feuillète son dossier, en tire une fiche, et change de position, avec une contraction douloureuse.	Тој го листа досието, вади една фиша, и ја менува позицијата со болен грч на лицето.
ZOEGER (lisant).-«L'ouvrier industriel est, par fonction,	ЗЕГЕР. (читајќи). — "Индустрискиот работник по функција е р

rationaliste. Jeté dans un grand centre d'action, où les spéculations métaphysiques n'ont plus leur place; vivant au milieu de machines, dont les ronflements célèbrent le triomphe du travail, de l'intelligence, des mathématiques, sur la nature...» (Tendant la feuille.) Tiens, si ça peut te servir.	ационалист. Поставен во еден голем активен центар, каде мета физичките размислувања немаат повеќе свое место; живеејќи среде машини, чиишто брмчења го слават триумфот на работата, на интелигенцијата, на математиката, врз природата.. ." (Подавајќи го листот.) "Држи, ако ова може да ти послужи...
Continue.	"Продолжи."
JEAN.-C'est là que je veux placer le tableau, dont je t'ai parlé: La nation française, actuellement divisée en deux camps bien tranchés: d'un côté, les incrédules; de l'autre, les croyants.	ЖАН. — "Тука сакам да ја вметнам табелата за којашто ти зборував: Француската нација, моментално разделена ва два сосема спротивставени табора: од една страна, неверниците; од друга страна, верниците.
Les incrédules, qui comprennent tout le prolétariat, déjà cité, et tous les intellectuels. Majorité numérique incontestable. Puis...	"Неверниците, во кои спаѓа целиот погоре спомнат пролетариј ат и сите интелектуалци. Неоспорно бројчано мнозинство. Потоа..."
ZOEGER.-Ajoute donc, parmi les incrédules, les demi-instruits, les «Homais»; il y a là une réhabilitation à ébaucher... Il est vraiment trop facile de les ridiculiser, ces malheureux, parce qu'ils n'ont pas eu le loisir d'appuyer sur des études véritables leur crédulité instinctive, et que pourtant, par leur simple bon-sens, par le seul équilibre de leur santé morale, ils sont irrésistiblement poussés vers les solutions moins confuses de la science.	ЗЕГЕР. — "Додај ги, исто така, меѓу неверниците, и полу-учен ите, оние како Оме; има тука место да се започне нивна рехаби литација... Навистина многу е лесно да се исмејуваат тие несреќни луѓе, затоа што немале доволно слободно време да го засноваат своето инстинктивно неверување врз вистински студии, но кои, и покрај тоа, преку својот здрав разум, преку самата рамнотежа на нивното морално здравје, се насочени неп овратно кон најнеконфузните решенија на науката."
JEAN.-Oui, très juste.	ЖАН. — "Навистина, токму така.
Quant aux croyants, ils sont naturellement recrutés parmi les deux classes conservatrices: paysans et bourgeois. Les paysans vivent loin des villes, dans un cadre immuable où les traditions se perpétuent toutes seules. Les bourgeois, eux, sont en réaction systématique contre toute évolution; ils sont intéressés à la conservation intégrale de l'ordre établi, et particulièrement attachés à l'Église catholique, qui musèle depuis des siècles les appétits des déshérités; de plus, ils ont l'habitude d'expliquer la	"Што се однесува до верниците, тие природно се врбуваат од редовите на две конзервативни класи: селаните и буржуите. Селаните живеат далеку од градовите, во неподвижен декор каде што традициите се одржуваат сами од себе. Буржуите се во систематска реакција против секаква еволуција; тие се заинт ересирани за целосно зачувување на воспоставениот ред, и особено се врзани за Католичката црква, која со векови наназад ги пригушува барањата на обесправените; згора на тоа, тие

vie par des formules toutes faites, et leur bien-être serait compromis s'ils y laissaient pénétrer le doute...	имаат обичај да го објаснуваат животот преку готови формули, и нивната благосостојба би се нарушила доколку дозволат во нивните редови да навлезе сомневањето...
Mais, entre ces deux camps distincts, oscille un nombre considérable d'indécis, écartelés entre les exigences de leur logique...	"Но, меѓу тие два различни табора, осцилира еден значаен број на неодредени, растргнати меѓу барањата на нивната логика..."
(On frappe. Avec impatience.) Entrez!	(Некој чука на вратата. Нетрпеливо:) "Влезете!"
UN DOMESTIQUE.-Here is the mail, Sir...	СОБАР. — "Here is the mail, Sir..."
JEAN.-Mettez ça là, je vous prie.	ЖАН. — "Ставете ја таму, ве молам."
Le domestique dépose le courrier et sort.	Собарот ја остава поштата и излегува.
JEAN (reprenant ses allées et venues).-... Les indécis ... écartelés entre les exigences de leur logique et certains besoins mystiques qu'ils ont hérité. C'est eux qui donnent à la crise religieuse de la France contemporaine son caractère trouble ... et douloureux ... trouble ... douloureux...	ЖАН. (навраќајќи се на текстот)."... Неодредените... растргнат и меѓу барањата на нивната логика и некои мистични потреби што ги наследиле. Токму тие се оние кои на религиозната криза на современа Франција ѝ го даваат нејзиниот нејасен... и болен карактер... нејасен... болен...
Son regard, brusquement, est tombé sur la pile de journaux et de lettres écroulée sur la table: il a reconnu l'écriture de Mme Pasquelin.	Неговиот поглед, наеднаш, падна врз расфрланото купче од весници и писма на масата: тој го препозна ракописот на Г-ѓа Пасклен.
JEAN.-Tu permets?...	ЖАН. — "Дозволуваш?..."
Il décachète:	Тој го отвора писмото:
«Buis-la-Dame, 14 janvier.	"Буј-ла-дам, 14 јануари.
«Mon cher Jean, «Cécile est accouchée hier d'une fille...	"Мој драг Жан, "Сесил роди вчера женско..."
Il s'arrête. Ses yeux se brouillent; le passé lui saute au visage...	Запира. Погледот му се заматува; минатото му излегува на лицето...
«... Elle me prie de t'en avertir. Elle me charge de te dire que si tu veux voir ta fille, tu peux venir. J'ajoute que ma maison t'est ouverte, comme par le passé, pour tout le temps que tu jugeras bon. Peut-être as-tu compris déjà que tu t'es engagé sur une	"...Таа ме моли да те известам. Таа ме задолжува да ти кажам дека, ако сакаш да ја видиш ќерка ти, можеш да дојдеш. Да додадам уште дека мојата куќа ти е отворена, како и порано, за онолку време колку што мислиш да поминеш. Можеби веќе ти

fausse route, et songes-tu à réparer un peu le mal que tu nous fais, à Cécile et à moi? Tu nous trouveras dans l'état d'esprit où tu nous as laissées: prêtes à tout oublier, le jour où tu reconnaîtras ton égarement.	стана јасно дека си тргнал по погрешен пат, и мислиш ли да се искупиш малку за злото што нù го направи на Сесил и на мене. Ќе нè најдеш во онаа состојба на духот во која нè напушти: спремни да заборавиме на сè тогаш кога ќе го признаеш твоето застранување.
Madame Pasquelin.»	" Г-ѓа Пасклен."
ZOEGER.-Un ennui?	ЗЕГЕР. — "Непријатности?"
JEAN.-Non, non...	ЖАН. — "Не, не..."
Voyons, je continue, où en étais-je?... (Sa voix se troue. Il fait un violent appel à son énergie.) Voulez-vous relire, Madame?	"Ајде, продолжувам, каде бев?... " (Неговиот глас го издава. Тој прави силен енергетски напор.) "Сакате ли да препрочитате , Госпоѓо?"
MADAME DAVID.-«... un nombre considérable d'indécis, écartelés entre les exigences de leur logique et certains besoins mystiques, qu'ils ont hérités. C'est eux qui donnent à la crise religieuse de la France...»	ГОСПОЃА ДАВИД. — "...еден значаен број на неодредени, рас тргнати меѓу барањата на нивната логика и некои мистични потреби што ги наследиле. Токму тие се оние кои на религиозн ата криза на современа Франција ù го даваат..."
Mais Jean, assis sur le coin d'une malle, n'entend qu'un bourdonnement confus.	Но Жан, седнат на крајот од еден сандак, слуша само нејасно брмчење.
V	V
La gare de Buis-la-Dame.	Станицата во Буј-ла-Дам.
Jean descend du train Personne n'est venu l'attendre.	Жан се симнува од возот. Никој не дојде да го пречека.
Seul dans l'omnibus aux vitres branlantes, il fait lentement l'ascension de la ville. Il regarde, le cœur serré. Des rues. Des enseignes connues. Rien n'a changé. La ville émerge d'un nuage que trois mois d'absence ont épaissi: elle émerge comme un souvenir de sa petite enfance...	Сам, во омнибус со расклатени прозорци, тој полека се качува низ градот. Тој гледа, со стегнато срце. Улиците. Натписите познати. Ништо не се изменило. Градот се појавува од зад еден облак, згуснат по три месеци отсуство: тој се појавува како еден спомен од детството...
Il croise frileusement son gros pardessus de voyage, qui garde le goût salé de la traversée.	Го преклопува зиморливо неговиот голем патен мантил, кој сеуште го чува солениот вкус на преминот преку каналот.
La maison est fermée.	Куќата е затворена.

Une bonne, qu'il ne connaît pas, entr'ouvre la porte. Il se glisse comme un voleur.	Една слугинка, што тој не ја познава, ја подотвора вратата. Тој се провлекува, како крадец.
Dans l'escalier, il s'arrête, la main crispée sur la rampe, frappé au vif par les cris d'un nouveau-né.	На скалите, тој запира, раката згрчена на оградата, здрман од криците на новороденче.
Il se raidit, il atteint le palier.	Тој се пристегнува, доаѓа на платото.
Une porte s'ouvre.	Една врата се отвора.
MADAME PASQUELIN.-Ah, c'est toi...? Entre.	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. — "Ах, ти си...? влези."
Cécile est couchée. L'enfant n'est pas dans la chambre. Il y a un grand feu bruyant dans la cheminée. Mme Pasquelin referme la porte. Jean s'avance vers le lit.	Сесил е легната. Детето не е во собата. Во каминот баботи силен оган. Г-ѓа Пасклен ја затвора вратата. Жан се доближува до креветот.
JEAN.-Bonjour, Cécile.	ЖАН. — "Добар ден, Сесил."
Elle répond par un sourire embarrassé. Il se penche l'embrasse au front.	Таа одговара со нелагодна насмевка. Тој се наведнува, ја бакнува во челото.
JEAN.-La petite ... va bien?	ЖАН. — "Малата...е добра?"
CÉCILE.-Oui.	СЕСИЛ. — "Да."
JEAN.-Et ... toi?	ЖАН. — "А...ти?"
Mme Pasquelin est debout, Jean sent la dureté de ce regard posé sur lui.	Г-ѓа Пасклен стои. Жан ја чувствува тежината на тој поглед упатен кон него.
JEAN.-Quand est-ce que...?	ЖАН. — "Кога...?"
CÉCILE.-Lundi soir.	СЕСИЛ. — "Во понеделник навечер..."
JEAN (comptant sur ses doigts).-Il y a six jours.	ЖАН. (броејќи со прстите). — "Има шест дена."
(Un temps.) J'ai reçu la lettre jeudi. On avait besoin de moi... Je suis parti aussitôt que j'ai pu...	(Пауза.) "Го примив писмото во четврток. Имаа потреба од мен е...Тргнав штом бев во можност..."
Un silence.	Тишина.
JEAN.-Tu as beaucoup souffert?	ЖАН. — "Те болеше многу?"
CÉCILE.-Ah, oui...	СЕСИЛ. — "Ах, да..."
Autre silence.	Повторно тишина.

MADAME PASQUELIN (brusque).-Est-ce que tu dînes ici ce soir?	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН (ненадејно). — "Дали ти ќе вечераш тука?"
JEAN.-Mais ... oui ... je pensais...	ЖАН. — "Но...да...мислев..."
MADAME PASQUELIN (imperceptible nuance de satisfaction).-Tu restes quelques jours?	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН (неосетна нијанса на задоволство). — "Остануваш неколку денови?"
JEAN.-Si vous voulez.	ЖАН. — "Ако сакате..."
MADAME PASQUELIN.-Bien.	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН. — "Добро."
Elle sort donner des ordres.	Таа излегува да зададе задачи.
Ils restent seuls. Une gêne angoissée.	Тие остануваат сами. Непријатно пристегнување.
Leurs yeux se croisent. Jean se courbe à nouveau, l'embrasse tendrement, tristement. Cécile fond en larmes.	Нивните погледи се вкрстуваат. Сесил се дава во плач. Жан се наведнува повторно, ја бакнува нежно, тажно.
JEAN (à mi-voix).-Je resterai ici le temps que tu voudras... Jusqu'à ce que tu sois relevée... Et puis...	ЖАН. (полугласно). — "Ќе останам тука колку што сакаш. Додека не станеш...А освен тоа..."
Il s'arrête. Il ne sait pas lui-même ce qu'il doit proposer.	Тој запира. Не знае ни самиот што треба да предложи.
Un silence.	Тишина.
CÉCILE (très bas, avec désespoir).-Tu n'as même pas demandé à embrasser ta fille!	СЕСИЛ (многу тивко, со разочарување). — "Ти дури не ни побара да ја бакнеш ќерка ти!"
Mais Mme Pasquelin rentre, la petite dans les bras.	Но г-ѓа Пасклен влегува, со малата в раце.
MADAME PASQUELIN (à Cécile).-Nous oublions l'heure, avec tout ça!	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН (кон Сесил). — "Забораваме на часот, со сето ова!"
Jean, qui s'avançait, reçoit le «tout ça» au visage.	Жан, кој се приближуваше, ги прима зборовите “сето ова” право в лице.
Il sait qu'il doit se pencher, embrasser son enfant. Il ne le peut pas... Moitié par respect humain, devant sa belle-mère; moitié par une sorte de répugnance physique, invincible.	Тој знае дека треба да се наведне, да го бакне своето дете. Но не може тоа да го направи...Половина од човечки респект, пред неговата тешта; половина од еден вид физичка, несовладлива одбивност.
Avec une fausse désinvolture, il caresse, du doigt, la joue	Со една лажна лежерност, тој ù го милува, со прст, мекиот

molle, le menton rouge enfoui dans la bavette mouillée.	образ, црвеното брадиче затскриено во навлажнетото лигавче.
JEAN.-Elle est très gentille...	ЖАН. — "Таа е многу слатка..."
Il s'est reculé.	Тој се повлече.
Une question l'obsède: le prénom qu'ils vont donner à son enfant. Il ne songe pas que la déclaration légale est faite.	Едно прашање го мачи: името што ќе му го дадат на неговото дете. Тој не помислува дека таа е веќе пријавена.
JEAN.-Comment s'appellera-t-elle?	ЖАН. — "Како ќе се вика?"
MADAME PASQUELIN (d'un ton péremptoire).-Elle s'appelle Marie.	ГОСПОЃА ПАСКЛЕН (со еден отсечен тон). —"Таа се вика Марија. "
JEAN (comme s'il avait un effort à faire pour graver ce nom dans sa mémoire).-Marie...	ЖАН. (како да требаше да направи напор за да вреже едно тешко име во неговата меморија). — "Марија..."
Il regarde de loin ce sein gonflé qu'il ne connaît pas, où les doigts minuscules sont crispés en possesseurs. Il regarde ce petit être de chair, qui se hâte, avide de vivre. Il regarde Cécile, et ce visage nouveau, pâle, un peu engraissé, rajeuni: son visage d'autrefois...	Тој ја гледа таа набабрена дојка што не ја познава и што ја зграпчиле минијатурни згрчени рачиња. Тој го гледа тоа миниј атурно суштество од месо, кое се брза, желно за живот. Тој ја гледа Сесил, и тоа ново лице, бледо, малку здебелено, подмлад ено: нејзиното некогашно лице...
Puis, à un geste qu'elle fait pour soutenir l'enfant, il aperçoit à sa main, la bague... Ils étaient fiancés; il arrivait de Paris, l'écrin dans la poche; il avait trouvé Cécile seule; et il s'était agenouillé de tout son être devant elle, pour lui mettre au doigt cette bague, l'anneau, la chaîne...	Потоа, при еден гест што таа го прави за да го држи детето, тој ја забележува бурмата на нејзината рака...Тие беа верени; тој се враќаше од Париз, со кутивчето во џеб; тој ја најде Сесил сама; и се спростре целиот на колена пред неа, за да ѝ стави бурма на прстот, прстен, ланец...
Tout un passé de jeunesse, de tendresse... Ah, ce désir sincère et fou qu'il avait, de donner et de prendre le bonheur!...	Цело едно минато на младост, на нежност... Ах, таа искрена и луда желба што ја имаше да дава и да зема среќа!...
Il soulève un suaire: il viole l'ensevelissement des deux qu'ils ont été. Il se sent autre. Elle aussi... Tous les deux, si différents!	Тој поткрева еден бел покров: го погазува закопувањето на она што беа тие двајцата. Тој се чувствува како некој друг. Таа исто така...И обајцата, така различни!
Et que faire?	А што да се прави?
VI	VI
Vingt jours plus tard.	Дваесет дена подоцна.

La chambre de Cécile.	Собата на Сесил.
CÉCILE.-... Je ne céderai pas.	СЕСИЛ. — "Нема да попуштам."
JEAN.-Cécile!	ЖАН. — " Сесил!"
CÉCILE.-Non!	СЕСИЛ. — "Не!"
JEAN.-Tu es sous l'influence de ta mère. Rentrons à Paris, seuls, le plus tôt possible, et je suis sûr...	ЖАН. — "Ти си под влијание на мајка ти. Да се вратиме во Париз, сами, што побрзо, и сигурен сум..."
CÉCILE.-Je ne partirai pas avant que le baptême ait eu lieu.	СЕСИЛ. — "Нема да заминам пред да се одржи крштевката."
JEAN.-Soit.	ЖАН. — "Нека биде."
CÉCILE.-Et que tu y aies assisté!	СЕСИЛ. — "И пред ти да имаш присуствувано!"
Un silence.	Тишина.
JEAN.-Je t'ai dit: non.	ЖАН. — "Јас ти велам: не."
CÉCILE.-Alors, tu peux partir seul.	СЕСИЛ. — "Тогаш, ти можеш да заминеш сам."
Autre silence.	Повторна тишина.
Cécile s'approche de la fenêtre, soulève le rideau, et reste immobile, le dos tourné, le front à la vitre.	Сесил се доближува до прозорецот, ја поткрева завесата, и не се мрда, со свртен грб, со челото на прозорецот.
JEAN (avec lassitude).-Ecoute... Des discussions, nous en avons tous les jours... Scènes muettes, allusions blessantes, crises de larmes... Je suis à bout... Une de plus, pourquoi faire?	ЖАН. (со замореност). — "Слушај...Дискусии, веќе имаме секој ден...Неми сцени, зајадливи алузии, кризи од солзи...Јас сум на крајот...Уште една, зошто нѝ е?"
Cécile ne bouge pas.	Сесил не се помрднува.
JEAN (d'une voix qu'il contraint au calme).-Il faut éviter l'irréparable... Je te répète que je suis prêt à reprendre la vie commune, notre vie d'autrefois. Je suis prêt à faire beaucoup de concessions.	ЖАН. (со глас што го тера да биде мирен). — "Треба да се избегне она што не може да се поправи... Ти повторувам дека сум спремен да продолжиме со заедничкиот живот, нашиот некогашен живот. Спремен сум да направам многу отстапки."
CÉCILE (se retournant).-Tu mens. Tu les refuses toutes.	СЕСИЛ (вртејќи се). — "Лажеш. Ти не прифаќаш ниедна."
JEAN (tristement).-Comme tu es montée, Cécile...	ЖАН. (тажно). — "Како си се запалила, Сесил..."
Nouvelle pause.	Повторна пауза.
JEAN.-Tu sais très bien, au contraire, que je suis prêt à faire	ЖАН. — "Ти многу добро знаеш, напротив, дека јас сум

des concessions pour sortir de la situation où nous sommes. Et en voici la preuve: si j'étais seul et libre, je soustrairais entièrement cette petite à l'influence de la religion; je l'élèverai de telle façon qu'elle ne se trouve pas, un jour, acculée aux atroces débats de conscience par lesquels j'ai passé...	спремен да направам отстапки за да излеземе од ситуацијата во која се наоѓаме. Да бев сам и слободен, јас би ја отргнал сосема малата од влијанието на религијата; јас би ја воспитувал така што таа да не се најде, еден ден, приклештена од страшните борби на совест низ кои јас сум поминал..."
CÉCILE (frémissante).-Tais-toi, tu me fais horreur!	СЕСИЛ (затреперена). — "Молчи, ме ужаснуваш!"
JEAN.-Je te dis: voilà ce que je ferais,-si j'étais seul.	ЖАН. — Јас ти велам: еве што би направил, — да бев сам.
Mais nous sommes deux, c'est notre enfant; tu as sur elle les mêmes droits que moi, je ne l'oublie pas. Je te laisserai donc libre de lui donner la foi que tu possèdes toi-même. Seulement je me refuse à t'y aider, par une attitude hypocrite. Cela me parait plus que légitime...	"Но ние сме двајца, тоа е наше дете; ти имаш над неа исти права како мене, јас тоа не го заборавам. Ќе те оставам значи слободна да ù ја дадеш верата што ти самата ја поседуваш. Само, јас се спротивставувам да ти помогнам во тоа со дволично држење. Тоа ми се чини повеќе од легитимно..."
CÉCILE (farouche).-Non, non, non! C'est ma fille, toi tu n'as aucun, aucun droit sur elle! Je ne t'en reconnais aucun! Tu les as tous perdus maintenant; c'est comme si elle avait un père infirme, ou dans un asile...	СЕСИЛ (разбеснета). — "Не, не, не! Таа е моја ќерка, ти, ти немаш никакво, ама никакво право над неа! Јас не ти признавам ниедно! Ти ги изгуби сите права во овој момент; тоа е исто како таа да имаше неподвижен татко, или пак татко во лудница..."
JEAN (découragé).-Cécile... Sommes-nous vraiment si loin, si définitivement loin l'un de l'autre?	ЖАН. (обесхрабрен). — "Сесил...Значи ли тоа дека сме ние толку далеку, дефинитивно толку далеку еден од друг?"
CÉCILE.-Ah, oui, nous sommes loin! Et je suis lasse de lutter... Toute notre vie, ce sera la même chose... Aujourd'hui le baptême, demain le catéchisme, après-demain la première communion... J'aurai à la défendre contre toi, chaque jour, chaque minute... La défendre contre ton exemple, contre le scandale de ta vie... Non, non, je n'ai plus qu'un devoir, moi, c'est de sauver ma fille, de la sauver de toi!	СЕСИЛ. — "Ах, да, ние сме далеку! И јас сум уморна да се бор ам...Целиот наш живот ќе биде иста работа... Денес, крштевкат а; утре, катехизмот; задутре, првото причестие... Ќе треба да ја бранам од тебе, секој ден, секоја минута... Да ја бранам од твојот пример, од скандалот на твојот живот... Не, не, јас имам само една задача: да ја спасам ќерка ми, да ја спасам од тебе!"
JEAN.-Mais que voudrais-tu donc?	ЖАН. — "Но што всушност ти би сакала?"
Cécile s'avance vers lui, les traits égarés.	Сесил оди накај него, со избезумен изглед.
CÉCILE.-Ce que je veux? Ah, je veux que tout ça finisse, que	СЕСИЛ. — "Што сакам јас? Ах, сакам сè ова да заврши, да

tout ça finisse, mon Dieu! Je ne te demande pas de redevenir ce que tu étais, je ne sais pas si tu en serais encore capable, je ne le crois pas... Mais je veux au moins que tu n'affiches pas publiquement ces épouvantables idées qui te sont venues! Je veux que tu assistes au baptême de ton enfant! Je veux que tu me promettes...	заврши сè ова, Господе! Јас не барам да станеш повторно она што беше, не знам дали би бил за тоа сеуште способен, не верувам... Но сакам барем да не мафташ јавно со тие ужасни идеи што ти дошле! Сакам да присуствуваш на крштевката на твоето дете! Сакам да ми ветиш..."
Elle éclate en larmes, fait quelques pas en chancelant et s'abat sur son prie-dieu, le visage enfoui dans ses bras.	Таа избувнува во плач, прави неколку чекори тетеравејќи се, и се струполува врз нејзиното столче за молење, со лицето пикнато во рацете.
CÉCILE (sanglotant).-... Que j'aie un mari, enfin, dont je n'aie pas honte... Que j'aie un mari, comme toutes les femmes... Que nous soyons un ménage comme les autres, enfin!...	СЕСИЛ (липајќи). — "...Да имам маж, најпосле, од којшто нема да се срамам... Да имам маж, како сите жени... Да бидеме брачна заедница како и другите, најпосле..."
JEAN.-Je réclame seulement pour moi la liberté que je te laisse.	ЖАН. — "Јас за мене само ја барам слободата што јас ти ја давам тебе."
CÉCILE (se relevant, hors d'elle).-Ça, jamais, jamais!	СЕСИЛ (потстанувајќи, вон од себе). — "Тоа, никогаш, никогаш!"
JEAN (après un silence).-Alors?	ЖАН. (по мала тишина). — "Значи?"
Elle ne répond pas.	Таа не одговара.
JEAN.-Tu as voulu, en m'épousant, prendre de la vie plus que tu n'en pouvais porter!	ЖАН. — "Ти си сакала, земајќи ме мене, да земеш од животот повеќе отколку што си можела да носиш!"
CÉCILE.-C'est toi qui m'as trompée! Tu m'as menti! A moi, tu n'as rien à reprocher: je suis telle que tu m'as choisie...	СЕСИЛ. — "Ти ме измами! Ти ме излажа! Мене, ти не можеш ништо да ми префрлиш: јас сум таква каква ти ме избра..."
JEAN (haussant les épaules; d'une voix presque basse).-Est-ce que l'on peut être jamais assez certain de l'avenir de sa pensée, pour prendre, en ces matières, des engagements éternels...?	ЖАН. (кревајќи ги раменицте; со речиси тивок глас). — "Дали човек може да биде било кога доволно сигурен во иднината на својата мисла, за да се ангажира, во тие работи, на долги стази?..."
CÉCILE (qui a écouté avec épouvante).-Apostat!	СЕСИЛ (која слуша со израз на ужаснување). — "Еретик!"
Jean la considère sans rien dire. Il mesure l'abîme.	Жан ја посматра без збор. Тој ја одмерува бездната.

Quelques pas à travers la chambre. Puis il s'arrête devant elle.	Неколку чекори низ собата. Потоа тој запира пред неа.
JEAN (décidé à en finir).-Alors?	ЖАН. (решен да оди докрај). — "Значи?"
Cécile se tait, les mains crispées sur le front.	Сесил замолчува, со рацете згрчени на челото.
JEAN (glacial).-Alors?	ЖАН. (крајно студено). — "Значи?"
CÉCILE (éclatant).-Va-t-en! Va-t-en!	СЕСИЛ (избувнувајќи). — "Оди си! Оди си!"
Un silence.	Тишина.
JEAN (d'une voix morne).-Ah, Cécile, ne me tente pas...	ЖАН. (со скршен глас). — "Ах, Сесил, не ме терај..."
CÉCILE (sanglotant).-Va-t-en!	СЕСИЛ (липајќи). — "Оди си!"
JEAN.-Quoi, va-t-en?... Le divorce?	ЖАН. — "Што, оди си?...Развод?"
Cécile cesse de pleurer, écarte les doigts de son visage, et le considère avec effroi.	Сесил престанува да плаче, ги тргнува прстите од лицето, и го посматра со ужаснување.
JEAN (les mains aux poches, avec un mauvais sourire).-Tu crois donc qu'il suffit de crier: «Va-t-en!...» Tu n'as pas l'air de te douter que, pour permettre à une femme de vivre à sa guise, et de garder son enfant, il faut un procès ... il faut des jugements...	ЖАН. (со рацете в џебови, со злобна насмевка). — "Ти мислиш дека е доволно да се викне "Оди си!..." Изгледа дека не ни насл утуваш дека, за да се ù дозволи на една жена да живее по свое, и да го чува своето дете, треба судски процес, треба пресуди..."
Il parle... Mais il a brusquement senti croître en lui, malgré lui, malgré les mots qu'il dit, une ivresse nouvelle, le goût démesuré d'une liberté toute proche, un furieux appétit de vivre encore!	Тој зборува... Но наеднаш почувствува дека во него расте, наспроти зборовите што ги изговара, една нова опиеност, несо мерлив вкус на една сосема блиска слобода, еден несопирлив апетит уште да живее!
Il parle... Mais, au loin, devant lui, il aperçoit, et son regard ne s'en détache plus, il aperçoit au loin ... la trouée lumineuse!	Тој зборува... Но, далеку, пред него, тој здогледува — и погледот повеќе не може да го тргне од таму, — тој здогледува во далечината... светлечки процеп!
VII	VII
«12 février.	"12 февруари.
«Cher Monsieur Barois,	"Драг господине Бароа,
«Je suis heureux de pouvoir vous apprendre, qu'après un	"Среќен сум што можам да ви соопштам дека, по последниот

dernier entretien avec Madame Barois et Madame Pasquelin, et devant la menace d'un procès en divorce que ces dames désirent éviter à tous prix, il a été accédé à toutes les exigences que vous m'aviez chargé de défendre, et convenu ce qui suit:	разговор со госпоѓа Бароа и со госпоѓа Пасклен, и пред закана од бракоразводна парница што госпоѓитте сакаат да ја избегнат по секоја цена, беа прифатени сите барања за коишто вие ми наложивте да ги бранам, и беше договорено следното;
«1° Vous reprenez toute votre indépendance.	" 1° Вие си ја повраќате целата ваша независност.
Madame Barois n'a pas l'intention d'habiter Paris, et se fixera à Buis auprès de sa Mère.	Госпоѓа Бароа нема намера да живее во Париз, таа ќе живее во Буј, покрај нејзината мајка.
«2° Madame Barois s'occupera en toute liberté de l'éducation de sa fille; à cette seule condition, exigée par vous, que vous serez autorisé à reprendre votre fille chez vous, pendant une année complète, lorsque celle-ci aura atteint sa dix-huitième année.	" 2° Госпоѓа Бароа ќе се грижи во потполна слобода за воспиту вањето на нејзината ќерка, — со единствен услов, што вие го баравте, да ви биде дозволено да ја земете, за време од цела една година, вашата ќерка кај вас, кога таа ќе наполни осумнае сет години.
«3° Madame Barois s'engage à ne pas refuser la rente de 12.000 francs que vous la contraignez à accepter annuellement. Elle est bien résolue d'ailleurs à ne rien distraire de cette somme, ni pour elle-même ni pour l'entretien de sa fille, mais à la totaliser sur la tête de l'enfant.	" 3° Госпоѓа Бароа се ангажира да не одбие рента од 12.000 франци што вие ја терате да ја прифати на годишно ниво. Таа е решена, впрочем, да не презема ништо од таа сума, ниту за неа, ниту за одржувањето на својата ќерка, туку да ја припише целата на име на детето.
«Cette dernière clause a donné lieu à un long débat. Madame Barois n'y a souscrit que pour éviter le procès, et sur mon affirmation formelle que c'était pour vous une condition dirimante. Ces dames désiraient tout au moins réserver leur acceptation, afin que je puisse vous avertir de la diminution exacte causée par cet abandon à vos propres revenus (réduits à environ 5.000 francs). J'ai dû, pour éviter une nouvelle perte de temps que je savais inutile, leur avouer que j'avais cru devoir attirer votre attention sur ce point, et que vous n'aviez pas consenti à modifier vos dispositions.	"Оваа последна клаузула беше причина за долга дебата. Госпоѓа Бароа ја подржува само за да избегне парница, и под моја формална изјава дека тоа беше вашиот апсолутен услов. Дамите сакаат сепак да искажат резерви за нивното прифаќање, за да можам јас да ве известам за точното намалув ање предизвикано од тоа оставање само на вашите лични приходи (намалени на отприлика 5.000 франци). Јас требаше, за да избегнам повторно губење на време за кое сметав дека е н епотребно, да им признаам дека веќе го бев привлекол вашето внимание на таа точка, и дека вие не се согласивте да ги менувате вашите одлуки.
«Sur la demande de Madame Barois je lui ai remis une note écrite, relative à ces divers engagements.	"На барање на госпоѓа Бароа, јас ù предадов писмена белешка во врска со тие различни ангажмани.

«Je pense m'être ainsi acquitté, selon vos desiderata, de la mission que vous m'aviez confiée. Je reste tout dévoué à vos ordres, et vous prie de recevoir mes salutations empressées.	"Мислам дека со тоа успеав да ја обавам, според вашите желби, задачата што ми ја доверивте. Ви стојам на располагање, и ве молам да ги примите моите предани поздрави.
Mougin, Notaire à Buis-la-Dame.»	"МУЖЕН, "Нотар во Буј-ла-Дам."
DEUXIÈME PARTIE	ВТОР ДЕЛ
LE SEMEUR	"СЕЈАЧ"
I	I
«A M. L. Breil-Zoeger,	"До Г. Л. Брej-Зегер,
«Hôtel des Pins, Arcachon.	"Хотел де Пен, "Арашон.
«Paris, 20 mai 1895.	"Париз, 20 мај 1895.
«Cher Ami,	"Драг пријателе,
«Je te remercie tardivement de ta sympathie, au cours des récents événements. Je n'ai guère eu de loisirs: il faut avoir rompu les mille liens qui amarrent une vie au monde extérieur et à son passé,-si simple que semble cette vie,-pour imaginer la ténacité de ces fils, leur multiplicité mouvante et insaisissable. J'ai employé à cette dernière lutte deux grands mois, j'y ai mis un acharnement désespéré, j'ai brisé toutes les chaînes: me voici libre!	"Ти благодарам со задоцнување за твојата подршка во текот на последните настани. Немав воопшто слободно време: човек треба да ги има раскинато илјадниците врски кои го врзуваат неговиот живот со надворешниот свет и со неговото минато,— и колку едноставен да изгледа тој живот, — за да може да се замисли жилавоста на тие врски, нивната разнообразна и недоп ирлива многубројност. Потрошив цели два месеца на таа борба, во неа вложив очајничка упорност, ги раскинав сите окови: еве ме слободен!
«Tu ne peux savoir ce que j'éprouve à pousser ce cri de triomphe, toi dont la vie rétive n'a jamais supporté d'entrave.	"Не можеш да знаеш што чувствувам кога го испуштам тој крик на победа, ти чијшто своеглав живот не поднесувал никогаш окови.
«Libre!	"Слободен!
«J'atteins cet affranchissement en pleine jeunesse encore, en plein courage, après un long apprentissage de la servitude, après deux années pendant lesquelles j'ai obscurément et patiemment désiré cette liberté. Elle se donne à moi, enfin,	"Го добивам ова ослободување, сеуште во полна младост, со полна храброст, по еден долг период на учење на потчинетост, по две години во кои нејасно и трпеливо ја посакував таа слобода. Таа слобода ми се дава мене, најпосле, без задршка,

sans restrictions, je l'étreins, je la possède, je m'initie passionnément à elle, je me rive à elle pour toujours!	јас ја приграбувам, ја поседувам, страсно се учам на неа, со неа се врзувам засекогаш!
«Je me suis terré, seul, sans laisser d'adresse. Depuis des semaines je n'ai pas vu une figure d'autrefois, ni entendu le son d'une voix qui m'ait rappelé le passé!	"Самиот се повлеков, без да оставам адреса. Со недели не сум видел ниеден познаник, ниту пак сум чул глас кој би ме потсетил на минатото!
«Et tout me pénètre à la fois... Un printemps merveilleux emplit ma chambre, m'entoure de soleil, d'effluves de sève, de beauté! Jamais je n'ai ressenti rien de pareil...	"А сè ме исполнува истовремено... Прекрасна пролет ја исполнува мојата соба, ме опкружува со сонце, со изблици на сокови, на убавина! Никогаш не сум почувствувал ништо слично!...
«Ne m'écris pas, cher ami, laisse-moi m'enivrer de solitude jusqu'à l'automne. Mais ne doute pas de ma fidèle amitié.	"Не ми пишувај, драг пријателе, остави ме да се опивам од осаменост до есента. Но немој да се сомневаш за моето верно п ријателство.
Jean Barois.»	" ЖАН БАРОА."
II	II
Novembre.	Ноември.
Rue Jacob: vieille maison, porte étroite.	Улица “Жакоб”: стара куќа, тесна врата.
-M. Barois?	— "Г. Бароа?"
-Au quatrième. Vous verrez sa carte.	— "На четврти кат. Ќе видите на вратата."
Un escalier branlant, parcimonieusement éclairé. Au quatrième, trois portes pareilles; un seul paillasson.	Расклатени скали, штедливо осветлени. На четвртиот кат, три исти врати: едно чергиче.
Harbaroux furète dans l'ombre des chambranles; ses yeux perçants déchiffrent:	Арбару испитува во темниот дел на касите од вратите; неговите продорни очи успеваат да прочитаат:
JEAN BAROIS DOCTEUR EN MÉDECINE ET AGRÉGÉ ÈS-SCIENCES PROFESSEUR AU COLLÈGE VENCESLAS	ЖАН БАРОА ДОКТОР ПО МЕДИЦИНА, АГРЕЖЕ ПО НАУКИ, ПРОФЕСОР ВО КОЛЕЖ “ВАНСЕСЛАС”.
80, BOULEVARD MALESHERBES.	80, БУЛЕВАР “МАЛЗЕРБ”.
(Les deux dernières lignes barrées au crayon.)	(Последните два реда пречкртани со молив.)
Il sonne.	Тој ѕвони.

BAROIS.-Tu es le premier! Entre...	БАРОА. — "Ти си прв! влези..."
Jean Barois: trente-deux ans.	Жан Бароа: триесет и две години.
La plénitude robuste de la jeunesse.	Снажен процут на младоста.
En moins d'un an, la physionomie s'est modifiée: un souci l'habitait; elle resplendit maintenant comme un ciel éclairci. De l'énergie en rayonne librement, et de la joie: affranchissement, certitude, confiance passionnée en l'avenir.	За помалку од година дена, физиономијата се измени: таа беше населена со грижа; а сега сјае како ведро небо. Од неа слободно зрачи енергија, и радост: ослободување, сигурност, силна доверба во иднината.
Une pièce claire et froide. Aux murs, des planches de sapin, portant des livres. L'éclat cru d'une lampe à gaz, dans un globe. Des fauteuils de rotin.	Светла и студена просторија. На ѕидовите, полици од ела, врз кои има книги. Јасна светлина од една газиена лампа. Фотелји од трска.
Sur la cheminée, un moulage, seul: l'«Esclave enchaîné», de Michel-Ange, étirant hors de la matière son corps douloureux, aux épaules rebelles.	На каминот, една копија на статуетка: Окованиот роб, од Мике ланцело, како го извива од материјата своето пропатено тело, со накосени раменици.
Au fond, une porte basse, ouverte sur une chambrette où pendent des vêtements.	Во дното, ниска отворена врата, кој води во една мала соба во која висат алишта.
HARBAROUX.-Je n'étais pas encore venu chez toi.	АРБАРУ. — "Сеуште немам дојдено кај тебе."
BAROIS.-Pendant six mois, j'ai vécu comme un ours...	БАРОА. — "Цели шест месеци живеев како мечка..."
Harbaroux considère les sièges disposés en rond, et grimace un sourire.	Арбару ги разгледува столиците распоредени во круг, и мести една насмевка.
Harbaroux: un gnome malingre.	Арбару: исушено кусле.
La figure, sans âge, est d'une laideur, mais d'une intelligence sataniques. Un visage étroit, s'élargissant aux tempes, puis s'effilant en lame jusqu'à la pointe d'une barbiche roussâtre. Des oreilles dressées de faune. La fente des paupières, la bouche, sont comme des trous, brutalement creusés avec une spatule dans de la cire à modeler. Regard aigu, tenace, sans douceur.	Фигурата, без возраст, е со сатанска грдост, но и интелигенција . Тесно лице, кое се шири на слепоочниците, потоа се зашилува и завршува со руса брадичка. Ушите нашилени како на фаун. Очните длабнатини, устата се како дупки издлабени со спатула во восок за моделирање. Остар, истраен, и нељубезен поглед.
Bibliothécaire à l'Arsenal. Travailleur acharné. S'est d'abord	Библиотекар во Арсеналот. Исклучителен работник. Се специј

spécialisé dans le droit du Moyen Age. Puis s'est consacré à l'histoire de la Révolution.	ализирал најпрвин во средновековното право. Потоа се посветил на историјата на Револуцијата.
HARBAROUX.-Je voulais te voir seul... Ne penses-tu pas qu'il y aurait intérêt à préciser d'avance, ensemble, les sujets que nous aurons à aborder ce soir avec les autres?	АРБАРУ. — "Сакав да те видам на само... Не мислиш ли дека би требале однапред да ги прецизираме заедно точките што ќе треба да ги разгледуваме вечерва со другите?"
BAROIS (après réflexion).-Non, au contraire.	БАРОА (откако размисли). — "Не, напротив."
HARBAROUX (dont le masque se contracte et se détend comme un ressort).-Ah! Pourtant...	АРБАРУ (чиешто лице се собира и опушта како пружина). — "Ах! Меѓутоа..."
BAROIS.-Une réunion comme celle de ce soir est, par nature, préparatoire. Ce n'est pas son efficacité pratique qui importe.	БАРОА. — "Состанок како вечерашниов, по природа е подготв ителен. Не е важна неговата практична ефикасност."
HARBAROUX.-Alors!	АРБАРУ. — "Туку?"
BAROIS.-Ce qui importe, selon moi, c'est que dès aujourd'hui il s'établisse, entre ces diverses énergies que nous venons grouper ici, un courant spontané... Comment dire? Que nous sentions, au seul fait de notre réunion, se dégager un élan commun.	БАРОА. — "Она што е важно, според мене, е да се воспостави, уште денес, меѓу различните енергии што ќе ги групираме тука, еден спонтан проток... како да кажам? Да почувствуваме, од самиот факт што сме се состанале, како се ослободува заеднички вознес."
HARBAROUX.-Ça ne dépend pas de notre volonté.	АРБАРУ. — "Тоа не зависи од нашата волја."
BAROIS (vivement).-Non: mais nous avons plus de chances de créer cette atmosphère, en laissant nos rapports s'établir librement, en nous abandonnant à nos impulsions, sans orientation préconçue. (Sourire confiant.) Laisse faire...	БАРОА (живо). — "Не: но ние имаме повеќе шанси да ја создадеме таа атмосфера оставајќи слободно да се формираат нашите односи, препуштајќи се на нашите импулси, без договорено насочување." (Уверителна насмевка.) "Препушти се..."
Barois parle posément, en achevant ses phrases, comme un homme habitué à prendre la parole en public. Sans qu'il élève la voix, la fermeté du ton maîtrise l'attention.	Бароа зборува смирено, завршувајќи ги речениците, како човек кој е навикнат да зборува пред публика. Без да го повиши гласот, одлучноста на тонот го одржува вниманието.
HARBAROUX (haussant les épaules).-Des bavardages exaltés... Chacun suivant son idée... Chacun, à tour de rôle, infligeant aux autres sa conférence... Et tout à coup, il sera deux heures du matin!	АРБАРУ (кревајќи ги рамениците). — "Распламтени муабети... Секој си ја следи својата идеја... Секој, еден по друг, им го наложува на другите своето предавање... И, наеднаш, дошло два часот наутро!

Une soirée perdue...	"Изгубена вечер..."
Barois fait un geste: «Et quand ce serait»?...	Бароа прави еден гест: "И кога би била?..."
Puis, sans répondre, il allume une cigarette, d'un geste rapide qui lui est devenu coutumier. Son regard dur, mais rêveur, suit un instant l'onde bleuâtre de la première bouffée dans l'air vierge de la pièce.	Потоа, без да одговори, пали цигара, со брз гест кој му станал навика. Неговиот тежок поглед, но мечтателен, го следи за момент синкастиот дим од цигарата во чистиот воздух од прос торијата.
HARBAROUX.-Tu fumes donc maintenant?	АРБАРУ. — "Значи, сега пушиш?"
BAROIS.-Oui.	БАРОА. — "Да."
Un temps.	Пауза.
HARBAROUX.-Soit, soit... Moi, j'aurais préféré prévoir, diviser la besogne... Je crois que la fondation d'une revue demande plus de...	АРБАРУ. — "Нека биде, нека биде... Јас, повеќе би сакал да се предвиди, да се подели работата... Мислам дека основањето на едно списание бара повеќе..."
Un coup de sonnette.	Ѕвонење.
BAROIS (se levant).-Dis-le donc...: de méthode?	БАРОА (станувајќи). — "Кажи го де...: метода?"
Il va ouvrir.	Оди да отвори.
Harbaroux, resté seul, soliloque en grimaçant.	Арбару, останат сам, зборува, правејќи гримаси, сам со себе.
UNE VOIX ÉRAILLÉE (dans le corridor).-Mon cher... Saisissant! Dans Lamennais, par hasard... Ne trouverez rien de mieux!...	ПОДЗАРИПНАТ ГЛАС (во ходникот). — "Драг мој... Извонре дно! Кај Ламне, случајно... Нема да најдете ништо подобро!... "
Cresteil d'Allize paraît de dos, volubile et gesticulant. Pour entrer, il tourne sur lui-même, et clignote en recevant au visage la lumière crue du gaz.	Крестеј д'Ализ се појавува свртен со грб, зборлив и со гестику лирања. Влегувајќи, тој се врти за 360 степени, и жмиурка при налетот на силната светлина на газиената лампа.
François Cresteil d'Allize: vingt-huit ans.	Франсоа Крестеј д'Ализ: дваесет и осум години.
Une taille élancée, prolongée par un cou maigre qui porte fièrement une tête petite, au crâne bombé par derrière. Un visage court, triangulaire. Des traits tourmentés: le front large, coupé de rides; l'œil ardent et tendre; le nez provoquant; la moustache tombante, châtain foncé, cachant une bouche	Издолжена глава, продолжува во тенок врат кој горделиво носи малечка глава, со испапчен череп одзади. Кратко лице, триаголно. Неправилни црти: челото широко, избраздено со брчки; пламени и нежни очи; агресивен нос; спуштени мустаќи, темно кафеави, кои сокриваат вообразена уста,

dédaigneuse, un sourire nerveux, désabusé.	нервозна и блазирана насмевка.
Le parler haut, l'élégance désinvolte d'un officier de cavalerie; le geste enthousiaste, excessif.	Гласно зборување, лежерна елеганција на коњички офицер; енергичен и нападен гест.
Il a quitté l'armée, assailli de doutes, écartelé entre son éducation et l'irrésistible besoin d'affranchir sa pensée; il s'est séparé des siens, rompant net la tradition catholique et royaliste des Allize. L'âpre rancune d'un récent évadé. Il s'avance vers Harbaroux, prompt et souple, courbant sa haute taille, les mains chaleureusement offertes.	Тој ја напуштил армијата, притиснат од сомнежи, растргнат меѓу своето воспитување и неспорливата потреба да ја ослободи својата мисла; се разделил од неговите, прекршувајќи ја католичката и роајалистичката традиција на фамилијата Ализе. Груба лутина на еден тазе пребеган. Тој оди кон Арбару, подготвен и пресретлив, виткајќи ја својата висока става, со топло исружени раце.
CRESTEIL.-Vous avez entendu, Harbaroux? J'ai trouvé ça, tout à l'heure, dans les «Paroles d'un croyant».	КРЕСТЕЈ. — "Слушнавте, Арбару? Го најдов тоа, пред малку, во Зборовите на еден верник."
Sans s'inquiéter de Barois, qui s'éclipse, appelé par un nouveau coup de sonnette, il plonge la main dans ses basques, et en extrait un volume débroché.	Без да се вознемирува за Бароа, кој исчезнува повикан од ново ѕвонење на ѕвончето, тој ја пика раката во своите алишта, и вади една разврзана книга.
CRESTEIL (debout, déclamant de mémoire).-«Prêtez l'oreille! Et dites-moi d'où vient ce bruit confus, vague, étrange, que l'on entend de tous côtés!»	КРЕСТЕЈ (простум, рецитирајќи од памет). — "Начулете ги ушите! И кажете ми од каде доаѓа овој неразговетен, нејасен, чуден звук што се слуша од сите страни!"
Breil-Zoeger, Woldsmuth, Roll et Barois, qui viennent d'entrer, s'arrêtent, collés au mur, surpris et amusés.	Брej-Зегер, Волдсмут, Рол и Бароа, кои штотуку влегоа, застан уваат, стаписани, изненадени и развеселени.
CRESTEIL (continuant, sans les voir). «Posez la main sur la terre, et dites-moi pourquoi elle a tressailli?	КРЕСТЕЈ (продолжувајќи, без да ги види). "Ставете ја раката на земјата, и кажете ми зошто се тресеше?
«Quelque chose que nous ne savons pas se remue dans le monde.	"Нешто што не го знаеме се движи во светот.
«Est-ce que chacun n'est pas dans l'attente? Est-ce qu'il y a un cœur qui ne batte pas?	"Не е ли секој во исчекување? Има ли срце кое не чука?"
(Pathétique, le bras levé.) «Fils de l'homme! monte sur les hauteurs, et annonce ce que tu vois!»	(Патетичен, со крената рака.) "Човечји сине! Качи се во висините и обзнани што гледаш!"

Il aperçoit les nouveaux arrivants, et les enveloppe d'un regard illuminé qui les électrise.	Тој ги здогледува новодојдените, и ги облева со еден просветле н поглед кој ги наелектризира.
CRESTEIL.-Je propose de graver ces lignes sous le titre de notre revue! Ce sera le plus beau et le plus concis des manifestes!	КРЕСТЕЈ. — "Јас предлагам да ги втиснеме овие редови под насловот на нашето списание! Тоа ќе биде најубавиот и најстег натиот манифест!"
BAROIS (du fond de la pièce, frémissant).-Entendu!	БАРОА (од дното на просторијата, треперејќи). —"Договорено !"
Ils se regardent en souriant. L'ironie n'a pas de place ici, ce soir.	Тие се гледаат смеејќи се. Иронијата нема место тука, вечерва.
Quelques minutes d'expansion. Du premier coup, les cloisons étanches ont cédé: venus pour fusionner, le premier tressaillement de l'un d'eux les unit.	Неколку минути на опуштање. Уште од првиот налет, густите огради попуштија: дојдени да се сплотат, првата емоција ги обедини.
Zoeger s'avance au centre du groupe: son visage oriental est plus jaune que jamais. Une apparence de timidité: sourire indécis, geste gêné et court;-mais, au creux des orbites, dans l'ombre mordorée des paupières qu'il plisse comme on bande un arc, ses prunelles noires, mouvantes, fiévreuses, implacables.	Зегер истапува во центарот на групата: Неговото источначко лице е пожолто од кога и да е. Изглед на срамежливост: неодлучна насмевка, притеснет и брз гест; — но, внатре во очните дупки, во златестата сенка на капаците што ги набира како што се оптегнува лак, неговите црни зеници, подвижни, р аспламтени, неумоливи.
ZOEGER.-Voyons, asseyons-nous. Procédons avec un peu d'ordre. Il manque?	ЗЕГЕР. — "Ајде, да седнеме. Да работиме малку со ред... Недо стига?"
BAROIS.-Portal.	БАРОА. — "Портал."
Sourires sympathiques.	Симпатични насмевки.
ZOEGER (sans indulgence).-Nous ne l'attendrons pas.	ЗЕГЕР (неумоливо). — "Нема да го чекаме."
Il se trouve installé au bureau de Barois, comme s'il présidait.	Тој е седнат во столицата од работната маса на Бароа, како тој да претседава.
Harbaroux s'est assis près de lui: il veut prendre des notes.	Арбару е седнат до него: тој сака да фаќа прибелешки.
Cresteil, pour gesticuler plus à l'aise, demeure adossé à la bibliothèque, le front haut, les bras croisés, drapé dans sa	За да гестикулира полесно, Крестеј е потпрен на библиотеката, со кренато чело, со скрстени раце, облечен во мантил и како да

redingote comme un demi-solde.	е тргнат на страна.
Roll, le typographe, s'est carré dans un fauteuil de jonc: il regarde, il écoute. Ses doigts, par contenance, tortillent sa moustache de jeune ouvrier parisien.	Рол, печатарот, се сместил во една трскена фотелја: гледа, слуша. Со прстите, за да си даде значење, ги витка своите мустаќи на млад париски работник.
Woldsmuth, silencieux, les épaules basses, se tient à l'écart dans l'encoignure de la cheminée, si menu qu'il semble assis. Barois lui tend un siège. Lui-même se campe au milieu de la pièce, à califourchon sur un escabeau.	Молчелив, со спуштени рамена, Волдсмут се држи настрана, во ќошето од каминот, толку ситен што изгледа како да седи. Бароа му подава столица. А тој самиот се сместува на средина од просторијата, со расчекорени нозе врз една табуретка.
BAROIS (ouvrant une boîte sur le bureau).-Voilà des cigarettes... Nous y sommes? (Sourires.) Quand vous êtes arrivés, nous discutions, Harbaroux et moi, sur ceci: faut-il que notre première réunion soit simplement une prise de contact, libre et fraternelle... (Donnant la parole à Harbaroux.) Ou bien...	БАРОА (отворајќи кутија на работната маса). — "Еве цигари... Можеме?" (Насмевки.) "Кога стигнавте, ние разговаравме со Арбару за следното: дали нашиот прв состанок треба да биде само една првична, слободна и братска средба..." (Давајќи му збор на Арбару.) "Или пак..."
HARBAROUX.-Ou bien une première séance de travail utile, d'après un plan prémédité?	АРБАРУ. — "Или пак прв работен состанок, со подготвен план?"
BAROIS.-Je crois que la bonne direction vient de nous être donnée par Cresteil.	БАРОА. — "Мислам дека добрата насока нù ја даде штотуку Крестеј."
CRESTEIL.-Par Lamennais...	КРЕСТЕЈ. — "Нù ја даде Ламне..."
BAROIS.-Nous ne voulons pas seulement fonder un groupement de travail; ce serait trop peu. Nous voulons, avant tout, n'est-ce pas? associer nos tempéraments. Il y faut de la spontanéité. (Cordial.) Nous voici entre nous, animés des mêmes désirs, guidés par la même conscience: que chacun apporte au foyer commun sa flamme personnelle...	БАРОА. — "Ние не сакаме да создадеме само една група за работа; тоа би било премалку. Ние сакаме, пред сè, нели, да ги здружиме нашите темпераменти. Во тоа треба спонтаност." (Срдечен.) "Еве нè тука заедно, потстрекнати од исти желби, водени од иста совест: секој од нас да го даде својот личен пламен за заедничкото огниште..."
Il hésite un instant, puis reprend:	Се колеба за момент, потоа продолжува:
Je continue, puisque j'ai commencé un véritable discours... D'où est venue l'idée première de ce groupement? (Il se tourne vers Breil-Zoeger.)	"Продолжувам, зашто започнав права беседа... Од каде дојде почетната идеја за ова групирање?" (Се свртува кон Брej-Зегер.)

ZOEGER (vivement).-De toi.	ЗЕГЕР (живо). — "Од тебе."
BAROIS (souriant).-Non, nous en avons pris l'initiative ensemble...	БАРОА (насмевнувајќи се). — "Не, ние заедно покренавме ини цијатива за тоа...
Mais je voulais dire ceci: l'idée était dans l'air. Elle répond à une série de besoins particuliers, qui sont les mêmes pour nous tous. Les uns comme les autres, nous sentons que nous avons quelque chose à dire, que nous avons un rôle à tenir.	"Но сакав да го кажам следното: идејата беше во воздух. Таа со одветствува на една серија на посебни потреби, кои се днакви за сите нас. И едните и другите, сите ние чувствуваме дека имаме нешто да кажеме, дека треба да одиграме некаква улога."
CRESTEIL (sombre).-Oui, le moment est venu de donner à notre vie intellectuelle un retentissement social!	КРЕСТЕЈ (уозбилен). — "Да, дојден е моментот кога на нашиот интелектуален живот треба да му дадеме општествен одек!"
Pas un sourire.	Ниедна насмевка.
BAROIS.-Et pourtant, dès que nous cherchons à nous exprimer, à rendre le public témoin de notre effort, nous nous heurtons, comme de simples débutants, à des coteries établies, à des agglomérations de fonctionnaires littéraires, qui se sont fait un monopole de penser et d'écrire, qui ont accaparé jusqu'aux moindres porte-voix, et ne se les laissent plus arracher des lèvres! N'est-ce pas vrai?	БАРОА. — "Меѓутоа, кога се обидуваме да се искажеме, да ù го приопштиме на публиката нашиот напор, наидуваме, како обични почетници, на воспоставени кланови, на групи на литер атурни функционери, кои направиле монопол на мислење и на пишување, кои си ги приграбиле и сите разгласи, и кои воопшто не ги испуштаат од уста! Не е ли вистина?"
ZOEGER.-Le seul remède: créer nous-mêmes notre organe d'expansion.	ЗЕГЕР. — "Единствен лек: самите ние да создадеме наш орган за распространување."
HARBAROUX.-C'est un problème d'ordre économique: pouvoir écouler sa production, sans user son temps à des démarches...	АРБАРУ. — "Тоа е проблем од економска природа: да може да се потроши произведеното, без да се арчи времето на постапки. .."
BAROIS.-... qui échouent...	БАРОА. — "...кои пропаѓаат..."
CRESTEIL.-... et à de fausses camaraderies, qui avilissent!	КРЕСТЕЈ. — "...и на лажни дружења кои понижуваат!"
BAROIS (posément).-Nous n'avons plus vingt ans, nous venons de passer la trentaine. C'est très important. L'ardeur qu'aujourd'hui nous mettons, d'abord à consolider, ensuite à	БАРОА (сталожено). — "Немаме повеќе дваесет години, ја над минавме триесеттата. Тоа е многу важно. Жарта што денес ја вложуваме, најпрвин да ги затврднеме, а потоа и да ги

imposer et à défendre nos idées, ce n'est plus un trop plein de jeunesse qui mousse et qui déborde: c'est la flamme même, l'essence de nos sensibilités; c'est l'attitude résolue et définitive que nous avons prise dans la vie.	наложиме и браниме нашите идеи, не е тоа младешки одвишок кој се пени и се прелева: тоа е самиот оган, суштината на нашите сензибилитети; тоа е одлучниот и дефинитивен став што ние го заседовме во животот."
Tous approuvent gravement.	Сите сериозно потврдуваат.
CRESTEIL (avec un grand geste du bras étendu).-Et quel merveilleux coup de fouet ce doit être, que de se sentir périodiquement lu, suivi, discuté!	КРЕСТЕЈ (со голем гест на испружена рака). — "А каков ли из вонреден удар со камшик треба да е фактот да се чувствуваш читан, следен, дискутиран на периоди!"
ZOEGER (qui, d'instinct, résume).-Agir!	ЗЕГЕР (кој, инстинктивно, резимира). — "Да се делува!"
HARBAROUX (sourire machiavélique).-Seulement, en pratique, tout ça, c'est assez difficile...	АРБАРУ (макијавелистичка насмевка). — "Само, во пракса, сето тоа е доста тешко..."
BAROIS (acceptant le défi).-Non. En pratique, notre projet est réalisable. (Un silence.) Nous disposons d'un capital...	БАРОА (прифаќајќи го предизвикот). — "Не. Во пракса, нашиот проект е остварлив." (Тишина.) "Располагаме со капитал..."
ZOEGER (de sa voix douce et nette).-Tu disposes...	ЗЕГЕР (со својот нежен и јасен глас). — "Ти располагаш..."
BAROIS.-Nous disposons d'un capital, assez mince il est vrai, mais que j'estime pourtant suffisant, grâce au désintéressement de notre camarade Roll... (Mouvement de Roll) ... ou, s'il préfère, grâce au désintéressement de la «Société collectiviste d'impression» qu'il dirige. De plus, notre collaboration est gratuite. Nous n'aurons en somme que des frais réduits: matière première et main-d'œuvre. Nous pouvons donc nous en tirer, et vivre le temps qu'il faut pour nous faire une place au soleil. Après il faudra la défendre; mais nous serons mieux outillés pour la lutte.	БАРОА. — "Располагаме со капитал, — доста мал, вистина е, но за којшто сепак сметам дека е доволен, — благодарение на добрината на нашиот пријател Рол..." (Движење на Рол.) "или, ако повеќе сака, благодарение на добрината на Колективистичк ото печатарско друштво со кое тој управува. Освен тоа, нашата лична соработка е бесплатна. Заправо, ќе имаме само смалени трошоци: потрошен материјал и работна рака. Можеме значи да се извлечеме, и да опстојуваме колку што треба за да си изградиме место под сонцето. Потоа ќе треба да го браниме тоа место; но ќе бидеме подобро опремени за таа борба."
ZOEGER.-C'est donc cette année, au début, qu'il importe de donner notre maximum.	ЗЕГЕР. — "Значи, токму оваа година, на почетокот, важно е да го дадеме нашиот максимум."
BAROIS.-Parfaitement. Les différences de nos natures, malgré des tendances générales qui sont les mêmes... (Coup de	БАРОА. — "Токму така. Разликите на нашите личности, наспроти општите тенденции кои се исти..." (Звонење. Тој

sonnette. Il se lève.) ... nous assurent cette variété qui est indispensable à la composition d'une revue.	станува.) "...нù ја гарантираат различноста што е неопходна за составот на едно списание."
Il sort.	Тој излегува.
ZOEGER (sèchement, comme un verdict).-Nous devons réussir.	ЗЕГЕР (студено, како пресуда). — "Мора да успееме."
CRESTEIL (enthousiaste).-Le succès dépend de notre élan, de notre foi!...	КРЕСТЕЈ (ентузијастички). — "Успехот зависи од нашиот елан, од нашата вера!..."
HARBAROUX.-Dis plutôt: de la persévérance de nos efforts.	АРБАРУ. — "Подобро кажи: од истрајноста на нашите напори."
ZOEGER (avec une raide inclinaison de tête).-La foi n'a jamais accompli de miracles, qu'en apparence. Mais la volonté, oui, chaque fois qu'elle s'affirme puissamment.	ЗЕГЕР (со круто наведнување на главата). — "Верата никогаш не направила чуда, освен привидно. Но волјата, да, секогаш кога силно се потврдува."
Portal, poussé par Barois, fait enfin son entrée, un cigare à la bouche, souriant avec bonhomie.	Портал, поттурнат од Бароа, влегува, со пура во устата, смеејќи се добродушно.
PORTAL.-Voilà, voilà... (Il serre des mains.) Déjà commencé? Pas possible, vous dînez à six heures, au Quartier, comme dans Balzac...	ПОРТАЛ. — "Еве ме, еве ме..." (Се ракува.) "Веќе почнавте? Не е можно, вечерате во шест часот, тука во квартот, како кај Балзак..."
Pierre Portal: un gars d'Alsace, blond, poupard; des yeux bleu faïence, des yeux de «bonne nature». La moustache en frange, soyeuse et couleur d'argent dédoré, virilise à peine un sourire de gosse.	Пјер Портал: момче од Алзас, русокос, детски изглед: сјајноси ни, благи очи. Усукани мустаќи, меки и безсјајни, ù придаваат мала доза машкост на детинската насмевка.
Ami de toutes les femmes: teint clair, un peu fripé; regard chaud, insistant, et, par flambées, sourdement sensuel.	Пријател на сите жени: светол тен, малку побледен; топол, продорен поглед и, на моменти, прикриено сладострасен.
Quelque lourdeur: dans la démarche, dans le geste, dans la voix; dans la plaisanterie.	Со одредена тежина: во одењето, во гестовите, во гласот; во шегата.
Des convictions ardentes, mais sans violence, fondées sur le bon sens, sur une vue juste des droits et des devoirs.	Со запалени уверувања, но без насилство, засновани врз здрав разум, врз правилен поглед на правата и на обврските.
Au Palais, secrétaire de Fauquet-Talon, avocat politique	Во Парламентот, секретар на Фоке-Талон, енергичен, чесен

intègre et énergique, deux fois ministre.	политички борец, два пати министер.
BAROIS (présentant).-Portal... Notre ami Roll...	БАРОА (претставувајќи). — "Портал... Нашиот пријател Рол..."
Roll salue d'un mouvement gauche.	Рол поздравува со несмасно движење.
Depuis qu'il s'est assis, il n'a pas dit un mot. Il fixe alternativement celui qui parle. L'attitude, la physionomie, trahissent l'effort d'une intelligence moyenne, tendue à la limite de ce qu'elle peut, et s'y cramponnant.	Откако седна, тој не изусти ни збор. Тој секогаш го фиксира следниот говорник. Држењето, изгледот, оддаваат напор на осредна интелигенција, доведена до границата на можностите, и таму утврдена.
BAROIS (affectueusement).-Eh bien, Roll, que pensez-vous de nos projets?	БАРОА (срдечно). — "Е, па Рол, што мислите за нашите проекти?"
Il pâlit d'un coup, comme s'il avait été outragé.	Тој наеднаш пробледува, како да е навреден.
Puis il rougit, décroise les jambes, et se penche en avant, pour parler. Mais il ne dit rien... Et, brusquement, il se décide.	Потоа поцрвенува, ги открстува нозете, и се наведнува нанапред, за да зборува. Но не вели ништо... И, наеднаш, се одлучува.
ROLL.-A l'atelier, on en voit des revues! Tous les ans, des nouvelles! Mais pas encore comme la vôtre.	РОЛ. — "Во работилницата, гледаме могу списанија! Секоја година, нови! Но не сеуште како вашето."
CRESTEIL.-Tant mieux.	КРЕСТЕЈ. — "Уште подобро."
ROLL (hésitant).-Des revues pour des amateurs, des revues qui ne s'occupent d'aucun problème...	РОЛ (колебајќи се). — "Списанија за љубеници, списанија кои не се занимаваат со никакви проблеми..."
(Sur un ton indéfinissable:) Des dilettantes... Il manque une revue qui soit au courant du grand mouvement social... (Une pause, puis un geste massif.) Enfin, quoi, des hommes qui comprennent c' qui s' prépare...	(Со еден недефиниран тон:) "Списанија за пасионирани... Недостига списание кое ќе биде во дослух со големото општес твено движење..." (Пауза, потоа еден значаен гест.) "Па, најпосле, луѓе кои разбираат што се подготвува..."
Cresteil, déclamatoire et farouche, fait un pas en avant.	Крестеј, декламаторски и жестоко, истапува чекор напред.
CRESTEIL.-«Quelque chose que nous ne savons pas, se remue dans le monde!»	КРЕСТЕЈ. — "Нешто што не го познаваме се движи во светот!"
BAROIS.-«Fils de l'homme, monte sur les hauteurs!»...	БАРОА. — "Човечји сине, качи се во висините!.."
CRESTEIL, BAROIS, ROLL (ensemble).-... «et annonce ce que tu vois!»	КРЕСТЕЈ, БАРОА, РОЛ (заедно). — "... обзнани што гледаш!"

Ils se regardent: à peine un sourire de respect humain, qui voile une sincérité touchante.	Тие се погледнуваат: само насмевка на човечка почит, која затскрива голема искреност.
ZOEGER (posément, sur un ton qui rappelle à l'ordre).-Il faut qu'avant six mois notre revue soit devenue l'alliée de tous les groupes isolés, s'occupant de philosophie positive ou de sociologie...	ЗЕГЕР (сталожено, со тон кој потсетува на наредба). — "За помалку од шест месеци нашето списание треба да ги поврзе сите изолирани групи што се занимаваат со позитивна филозоф ија или со социологија..."
HARBAROUX (qui fume en grimaçant, la tête de biais, les yeux clignotants).-... de sociologie pratique.	АРБАРУ (кој пуши правејќи гримаси, со навалена глава, со жмиуркави очи). — "...со практична социологија."
BAROIS.-Naturellement.	БАРОА. — "Се разбира."
PORTAL.-Il y a plus d'efforts individuels qu'on ne croit...	ПОРТАЛ. — "Има индивидуални напори повеќе отколку што си замислуваме..."
ZOEGER.-Il s'agit de les centraliser.	ЗЕГЕР. — "Се работи за тоа да се централизираат."
PORTAL.-... Tous les organisateurs de ligues sociales, d'unions morales, d'universités populaires...	ПОРТАЛ. — "...Сите организатори на општествени лиги, на морални здруженија, на народни универзитети..."
CRESTEIL.-... tous les croyants sans église...	КРЕСТЕЈ. — "...сите верници без црква..."
WOLDSMUTH (timidement).-... les pacifistes...	ВОЛДСМУТ (срамежливо). — "...пацифистите..."
BAROIS.-En un mot, tous les généreux. Voilà notre clientèle. (S'enflammant.) Il y a vraiment un grand rôle à jouer. Coordonner ces forces qui souvent se perdent, les canaliser dans la même direction. Un beau programme!	БАРОА. — "Со еден збор, сите благородни луѓе. Еве ја нашата клиентела." (Запалувајќи се.) "Навистина претстои една голема улога што треба да се одигра. Да се координираат силите што често се губат, да се канализираат во иста насока. Убава програма!"
ZOEGER.-Nous devons le réaliser, simplement, par la diffusion de notre pensée.	ЗЕГЕР. — "Ние треба тоа да го остваримe едноставно со распр остранување на нашата мисла."
BAROIS.-Et par l'exemple d'une sincérité absolue.	БАРОА. — "И преку примерот на апсолутна увереност."
PORTAL (souriant).-Ça, c'est quelquefois dangereux...	ПОРТАЛ (смеејќи се). — "Тоа, тоа понекогаш е опасно..."
BAROIS.-Oh que non! Je crois à la contagion de la franchise... Examiner tous les problèmes, ouvertement.	БАРОА. — "Ох сигурно не! Јас верувам во префаќање на искре носта... Да се проследуваат сите проблеми, отворено.
Ainsi, pour ma part, je pense, avec les réactionnaires, que nous	"Така, што се однесува до мене, јас мислам, заедно со реакцион

traversons une crise morale. Eh bien, je suis résolu à l'avouer tout de suite. Je suis prêt à reconnaître que la morale a chancelé. C'est un fait.	ерите, дека ние минуваме низ морална криза. Е па, јас сум подготвен да го признаам веднаш. Спремен сум да прифатам дека моралот се разнишал. Тоа е факт.
Je l'attribue, pour la masse, à l'anémie générale des croyances religieuses,-et pour nous, à la défaveur, au discrédit des principes abstraits que jadis nos professeurs de métaphysique nous offraient arbitrairement comme autant d'axiomes. (A Zoeger). Tu sais, ce que nous disions l'autre jour...	Јас тоа го припишувам, во однос на масите, на општата анемија на религиозните уверувања, — а во однос на нас, на од бивноста и воздржаноста спрема апстрактните принципи што некогаш нашите професори по метафизика произволно нù ги нудеа како да се аксиоми." (Кон Зегер.) "Знаеш, она што го збо рувавме пред некој ден..."
PORTAL.-Mais cet aveu n'a d'intérêt que si vous proposez un remède.	ПОРТАЛ. — "Но тоа признание има интерес само ако вие пред ложите одреден лек."
BAROIS.-Ça, c'est autre chose... Cependant on peut déjà proposer certains palliatifs.	БАРОА. — "Тоа е друга работа... Меѓутоа, можеме веќе да пре дложиме одредени привремени решенија."
ZOEGER.-Mieux que ça. On peut montrer que, dès maintenant, il n'est pas impossible de concevoir une direction morale positive.	ЗЕГЕР. — "И уште повеќе: можеме да покажеме дека, отсега, не е веќе неможно да се замисли позитивна морална насока."
PORTAL.-Basée sur?	ПОРТАЛ. — "Што се заснова врз?"
ZOEGER.-Mais, d'une part, sur l'état actuel de la science, et, d'autre part, sur l'évidence, déjà bien établie, de certaines lois de la vie...	ЗЕГЕР. — "Па, од една страна, врз сегашната положба на науката, и, од друга страна, врз очигледноста, која веќе е воспо ставена, на одредени закони на животот..."
PORTAL.-Lois bien vagues encore, et d'une application éthique difficile!	ПОРТАЛ. — "Закони сеуште доста нејасни и етички тешко при менливи!"
ZOEGER (qui n'aime pas à être contredit).-Pardon, mon cher, pas si vagues. Nous les préciserons, en les classant: d'abord, conservation et développement de l'individu; ensuite, adaptation de l'individu à l'existence collective, qui lui est essentielle.	ЗЕГЕР (кој не сака да му противречат). — "Пардон, драг пријателе: не толку нејасни. Ние ќе ги доуточниме, класифици рајќи ги: најпрвин, зачувување и развој на единката; потоа, при лагодување на единката на заедничкиот живот, кој ù е од суште ствено значење."
HARBAROUX (approuvant).-Double devoir, auquel il faut consentir...	АРБАРУ (потврдувајќи). — "Двојна задача, за која треба да сме согласни..."

ZOEGER.-... L'homme oscillant entre ces deux pôles, et trouvant dans ce va-et-vient, son équilibre moral.	ЗЕГЕР. — "...Човекот осцилира меѓу тие два пола, и во тоа движење ја пронаоѓа својата морална рамнотежа."
BAROIS.-Oui, c'est là certainement qu'est le ralliement, l'unité morale de l'avenir...	БАРОА. — "Да, сигурно во тоа се наоѓа и здружувањето, моралната единица на иднината..."
Cresteil s'avance, le front hautain, les bras soulevés: un mouvement d'expansion, naturelle et charmante.	Крестеј истапува, со горделиво чело, со поткренати раце: движење на природно и опчинувачко распространување.
CRESTEIL.-Ah, mes amis, quand je vous entends parler comme ce soir, je me dis que si nous arrivons à faire comprendre, non seulement ce que nous voulons, mais surtout ce que nous valons... Portal sourit. ... Oui, parfaitement: si nous faisons bien connaître la qualité morale de notre élan, nous attirerons infailliblement à nous, en quelques mois, tous les chercheurs solitaires... tous ceux qui ont quelque chose là! (Il frappe son thorax osseux).	КРЕСТЕЈ. — "Ах, пријатели мои, кога ве слушам како зборувате како вечерва, си велам дека ако успееме да направиме да сфатат не само што сакаме, туку и што вредиме..." (Портал се насмевнува) "...да, токму така, ако успееме да го предочиме моралниот квалитет на нашиот елан, ние ќе ги привлечеме неизоставно кон нас, за неколку месеци, сите осамени истражувачи... сите оние кои имаат нешто тука!" (Тој удира врз неговиот коскест граден кош.)
BAROIS (dont la flamme intérieure se traduit trop volontiers par un transport oratoire).-Et nous y arriverons, en exaltant la dignité de chacun! En contribuant à restituer leur sens plein à quelques mots français, comme droiture et probité, que nous avons laissé se décolorer dans le magasin des accessoires romantiques! En affirmant, dans tous les domaines, les droits de la pensée libre!	БАРОА (чиј внатрешен оган се изразува премногу нагласено преку ораторски вознес). — "И ние ќе стигнеме до таму, воздигнувајќи го достоинството на секого! Придонесувајќи да се возобнови полното значење на неколку зборови, како што се чесност и совесност, што ги бевме оставиле да се обезбојат во продавницата на романтичарски алатки! Застапувајќи се во сите области, за правата на слободната мисла!"
Regards et sourires qui s'étreignent. Effusion générale. Puis détente.	Погледи и насмевки кои се стопуваат. Заеднички излик. Потоа опуштање.
Barois emplit les verres de bière fraîche; l'aigreur fermentée se mêle à la fumée des cigarettes.	Бароа ги полни чашите со ладно пиво; ферментираната горчина се меша со димот на цигарите.
PORTAL (reposant son verre. Avec bonne humeur).-Et le titre?	ПОРТАЛ (положувајќи ја чашата; добро расположен). — "А насловот?"
BAROIS.-Mais il est décidé. Nous nous sommes ranges à la proposition de Cresteil: Le Semeur. (Souriant vers Cresteil.)	БАРОА. — "Ама тоа е веќе сторено; се приклонивме кон предлогот на Крестеј: Сејач." (Насмевнувајќи се накај Крестеј.)

L'image n'est peut-être pas très neuve...	"Сликата можеби не е многу нова..."
CRESTEIL.-Merci.	КРЕСТЕЈ. — "Благодарам."
BAROIS.-Mais elle est simple, et répond bien à notre attitude.	БАРОА. — "...но таа е едноставна, и одговара добро на нашиот став."
ZOEGER.-Est-ce que Barois vous a communiqué la pensée qu'il a eue pour le premier numéro?	ЗЕГЕР. — "Дали Бароа ви ја соопшти својата идеја за првиот број?"
BAROIS.-Non, pas encore. Un projet, qui, je l'avoue, me tient fort au cœur... J'espère que vous y souscrirez tous, comme Breil-Zoeger.	БАРОА. — "Не, сеуште. Проект, кој, признавам, ми е многу драг... Се надевам дека сите вие ќе го одобрите како Брej-Зегер .
Voici: Je voudrais consacrer nos premières pages à la glorification de l'un de nos aînés...	"Еве го: Би сакал да ги посветиме нашите први страници на чест твување на еден од нашите постари..."
PLUSIEURS VOIX.-Qui? Luce?	ПОВЕЌЕ ГЛАСОВИ. — "Кој? Лис?"
BAROIS.-Luce.	БАРОА. — "Лис."
CRESTEIL.-Ah, parfait!	КРЕСТЕЈ. — "Ах, одлично!"
BAROIS.-Attendez. J'y verrais plusieurs avantages. D'abord, ce serait manifester, par un choix significatif, quel est notre point de vue, et auquel de nos contemporains nous tendons délibérément la main. Puis, du même coup, nous affirmerions que nous ne sommes pas des démolisseurs systématiques ni des utopistes impuissants, puisque notre idéal a trouvé dans la réalité une sorte d'incarnation, puisqu'il en existe, à côté de nous, un vivant exemple.	БАРОА. — "Чекајте. Во тоа јас би видел неколку предности. Најпрвин, со тоа ќе покажеме, преку еден исклучителен избор, кој е нашиот став, и кому меѓу нашите современици, ние му подаваме смислено рака. Потоа, истовремено ќе потврдиме дека ние не сме систематски разурнувачи, ниту немоќни утописти, зашто нашиот идеал нашол во реалноста еден вид ов оплотување, штом постои, покрај нас, еден жив пример."
PORTAL.-Je vous comprends. Mais n'aurons-nous pas l'air d'acheter pour nos débuts un patronage illustre?	ПОРТАЛ. — "Ве разбирам. Но зарем нема да личиме на некој кој за својот почеток купил славен патрон?"
CRESTEIL (vivement).-La personnalité de Luce est à l'abri de...	КРЕСТЕЈ (живо). — "Личноста на Лис е заштитена од..."
BAROIS.-Ecoutez, Portal, vraiment, si les mots désuets que j'employais tout à l'heure, droiture, propreté morale, dignité	БАРОА. — "Слушајте, Портал, навистина, ако застарените зборови што ги употребив пред малку, — чесност, морална

personnelle, ont jamais été applicables à quelqu'un, c'est bien à Luce! Et puis, il n'est pas question de lui demander un mot d'introduction auprès du public ni une signature à mettre en vedette. Il s'agit de lui rendre un hommage spontané et collectif. Je propose même qu'il ne soit averti de rien.	чистота, лично достоинство, — можеле било кога да се применат на некого, тоа е сигурно за Лис! А освен тоа, не станува збор да бараме од него да ù се обрати со воведен збор на публиката, ниту да се потпише на првата страница. Се работи за тоа да му оддадеме чест спонтано и колективно. Предлагам дури да не го ни известиме воопшто."
PORTAL.-C'est tout différent.	ПОРТАЛ. — "Тоа е сосема поинаку."
BAROIS.-Aucun de nous ne le connaît directement. Nous ne savons de lui que ses livres, ses actes, sa vie publique. De plus, c'est un isolé: en philosophie, il ne se rattache à aucun système; en politique, au Sénat, il n'a adopté aucun groupement. L'honneur que nous voulons lui faire, n'atteindra donc que lui seul, l'homme qu'il est.	БАРОА. — "Никој од нас не го знае лично. Ние од него ги знаеме само неговите книги, неговите дела, неговиот јавен живот. Освен тоа, тој е посебен случај: во филозофијата, тој не се приклучува на ниеден систем; во политиката, во Сенатот, тој не пристапил кон ниедна група. Честа што сакаме да му ја направиме значи ќе се однесува само на него лично, на него како човек.
N'oublions pas que nous lui devons tous une part importante de notre formation morale. J'ai pensé qu'au moment de nous jeter à notre tour dans la lutte, nous lui devions ce geste de gratitude.-Vous m'approuvez, Cresteil?	"Да не заборавиме дека сите ние му должиме еден важен дел од нашето морално образование. Мислев дека, во моментот кога и ние се впуштаме во таа борба, му должиме еден гест на благодарност. — Се согласувате со мене, Крестеј?"
CRESTEIL (souriant à un souvenir).-Entièrement... Et j'ai bien envie de rappeler un détail personnel... C'est Luce, qui, à l'improviste, a présidé la distribution des prix, à la fin de ma rhétorique. Il y a une douzaine d'années; il venait d'être nommé ... je ne sais plus quoi...	КРЕСТЕЈ (насмевнувајќи се при едно потсетување). — "Во целина... А сакам и да потсетам на еден личен детал... Лис беше, ненадејно, претседател при доделувањето на наградите, на крајот од класот по реторика во трета година. Пред дванаесет години; што туку беше назначен... не се сеќавам повеќе што..."
BAROIS.-Suppléant au Collège de France, sans doute.	БАРОА. — "Веројатно како непостојан професор во Колеж де Франс."
CRESTEIL.-Je le vois encore, sur l'estrade, au milieu des vieux professeurs, lui très jeune, à peine de quinze ans notre aîné... Un visage d'une ardeur, et en même temps d'une gravité inoubliables. Il s'est mis à parler, très familièrement, sans	КРЕСТЕЈ. — "Како сега да го гледам, на бината, меѓу стари професори, тој доста млад, едвај петнаесет години постар од нас... Лице кое оддава истовремено незаборавен жар и сериозн ост. Тој почна да зборува, многу присно, без да го повиши

élever la voix, mais avec une autorité extraordinaire. En quelques minutes, il a su présenter en raccourci une vision si claire de l'homme, de la vie de l'univers; et le sujet coïncidait si heureusement avec mes préoccupations du moment, que j'y ai trouvé, je crois bien, l'orientation de mon existence.	гласот, но со исклучителен авторитет. Во неколку минути, тој успеа да претстави во скратена форма една толку јасна визија на човекот, на животот и на универзумот; а темата соодветству ваше толку добро на моите тогашни преокупации, што во неа ја најдов, мислам, мојата животна ориентација.
Deux mois après, j'entrais en philosophie, mis d'avance en garde contre le spiritualisme universitaire.	"Два месеца потоа, јас почнав со мојот клас по филозофија во четврта година, како однапред предупреден против универзите скиот спиритуализам."
ZOEGER (ricanant).-Celui que Coulangheon appelait: «une espèce de folie des grandeurs...»	ЗЕГЕР (смеејќи се). — "Оној што Кулангеон го нарекуваше: еден вид на лудило на величините..."
CRESTEIL.-J'étais sauvé...	КРЕСТЕЈ. — "Јас бев спасен..."
Un silence.	Тишина.
BAROIS.-Donc, c'est convenu. Notre premier fascicule débutera par un «Hommage à Marc-Elie Luce», qui sera signé: Le Semeur.	БАРОА. — "Значи, договорено е. Нашиот прв број ќе започне со текст "Во чест на Марк-Ели Лис", кој ќе биде потпишан : Сејач."
HARBAROUX (à Roll).-Aurons-nous le premier numéro pour janvier?	АРБАРУ (кон Рол). — "Ќе стигнеме ли до јануари со првиот број?"
ROLL.-Cinq semaines? Hum... Il faudra que j'aie vos articles avant le 10.	РОЛ. — "Пет недели? Хм... Јас ќе треба да ги имам вашите статии пред 10."
BAROIS.-Ce n'est pas impossible... Nous avons certainement tous quelque chose de prêt. (Se tournant vers Zoeger.) N'est-ce pas?	БАРОА. — "Не е невозможно... Сигурно секој од нас има по нешто готово." (Свртувајќи се кон Зегер.) "Зарем не?"
ZOEGER.-Moi, je n'ai pas rédigé, mais j'ai tous mes matériaux.	ЗЕГЕР. — "Јас немам напишано, но ги имам сите материјали."
PORTAL.-Sur?	ПОРТАЛ. — "За?"
Zoeger dévisage Portal; il hésite à répondre.	Зегер го мерка Портал; се колеба да одговори.
Son œil froid passe la revue des physionomies, curieusement attentives.	Неговиот студен поглед ги набљудува еден по еден сите лица, кои исчекуваат љубопитно.

Alors il desserre les lèvres.	Тогаш тој почнува да зборува.
ZOEGER.-Voici.	ЗЕГЕР. — "Еве."
Sa voix lente, privée d'accent, paraîtrait molle, sans une résonnance finale qui déconcerte, une sécheresse tranchante comme un couperet qui tombe.	Неговиот бавен глас, без акцент, би изгледал млитав без оној краен одек кој деконцентрира, без онаа отсечна безбојност како на сечило кое паѓа.
ZOEGER.-Je crois qu'il est utile, pour un premier numéro, que nos études soient délibérément tendancieuses, qu'elles affirment nettement notre tour d'esprit..	ЗЕГЕР. — "Сметам дека е корисно, како за прв број, нашите пр оследувања да бидат намерно тенденциозни, да го застапуваат јасно нашиот дух..."
Regard circulaire qui s'assure l'approbation de tous.	Панорамски поглед кој се уверува во подршката од сите.
ZOEGER.-Pour moi, j'ai donc l'intention de donner un article qui prépare en quelque sorte les suivants. Je me contenterai de développer cette idée générale: que,-notre seul point de départ logique pour étudier l'homme étant le milieu vital où il évolue,-la philosophie moderne, la seule qui puisse renouveler le domaine philosophique, doit être biologique, doit être une philosophie à notre niveau, au plan que l'homme occupe dans la nature; qu'en outre, cette philosophie a l'avantage d'être à cycle ouvert, puisqu'elle émane spontanément de l'état actuel des sciences; et que, nourrissant ses raisonnements des seuls faits contrôlables, elle est nécessairement alimentée par le progrès scientifique, et amenée à se transformer avec lui.	ЗЕГЕР. — "Што се однесува до мене, имам намера да понудам една статија која ги подготвува на некој начин наредните. Ќе се задоволам со тоа да ја развијам следната општа идеја: дека, — со оглед на тоа дека единствена логична појдовна точка кога се проучува човекот е животната средина во која тој живее, — модерната филозофија, единствената која може да го возобнови филозофскиот домен, треба да биде биолошка, треба да биде филозофија на наше ниво, на рамништето што човекот го завзема во природата; дека, освен тоа, таа филозофи ја ја има предноста да биде со отворен циклус, зашто таа произ легува спонтано од сегашната состојба на науките; и дека, хранејќи се во своите расудувања само со проверливи факти, таа нужно се напојува од научниот прогрес, и е принудена да се преобразува со него."
PORTAL.-Voilà qui écartera tout de suite de notre revue les neuf dixièmes des métaphysiciens...	ПОРТАЛ. — "Ете што ќе оддалечи од нашето списание веднаш девет десетини од метафизичарите..."
ZOEGER (incisif).-C'est ce qu'il faut.	ЗЕГЕР (остро). — "Така и треба."
HARBAROUX (saisissant l'occasion).-Ce serait une bonne chose que chacun de nous puisse ainsi donner, dès aujourd'hui, un aperçu de ses projets... Notre premier fascicule se trouverait	АРБАРУ (користејќи ја приликата). — "Би било добро секој од нас да може да даде, уште денеска, преглед на своите проекти... Нашиот прв број би бил уште вечерва речиси

à peu près constitué dès ce soir. Est-ce ton avis, Barois?	подготвен. Мислиш ли и ти така, Бароа?"
BAROIS (depuis un instant soucieux).-Mais oui.	БАРОА (по еден миг на замисленост). — "Да, да."
HARBAROUX (spontanément).-Moi, j'ai une trentaine de pages sur le mouvement des Communes au XIIe siècle, et son analogie avec les troubles sociaux de ces cinquante dernières années.	АРБАРУ (спонтано). — "Јас имам триесетина страници за движењето на Општините во XII век, и нивната аналогија со со цијалните немири од последните педесет години.
Et vous, Cresteil?	"А вие, Крестеј?"
Cresteil vient s'adosser à la cheminée, dans une pose un peu prétentieuse; mais dès qu'il parle, sa voix passionnée, son regard lumineux, ses gestes violents, forcent l'attention.	Крестеј се потпрал на каминот, во една малку вообразена поза; но штом почнува да зборува, неговиот страстен глас, неговиот јасен поглед, неговите груби гестови, принудуваат на внимание.
CRESTEIL.-Je voudrais reprendre la question de «l'art pour l'art»... Vous savez, à propos du récent manifeste de Tolstoï. Montrer qu'elle est généralement mal posée; revendiquer avant tout, pour l'artiste, le droit-le devoir-de ne se préoccuper de rien autre, lorsqu'il secrète, que de faire beau: car c'est l'émotion désintéressée qui crée. Mais je me hâterais de concilier les uns et les autres, en prouvant que l'utile est infailliblement la conséquence du mobile esthétique. L'artiste n'a pas à prévoir, en travaillant, ce qui pourra résulter socialement de son œuvre.	КРЕСТЕЈ. — "Јас би сакал да се позанимавам со прашањето на уметноста за уметноста... Знаете, по повод неодамнешниот манифест на Толстој. Да се покаже дека општо земено прашањето е лошо поставено; да се бара, пред сè, за уметникот, правото — должноста — да не се грижи за ништо друго, кога твори, освен да создава убаво: зашто непристрасnат а емоција е таа која создава. Но јас час поскоро ќе се потрудам да ги помирам едните со другите, докажувајќи дека корисното е неизоставно последица на естетската побуда. Уметникот не треба да предвидува, создавајќи, што би можело да резултира на општествен план од неговото дело."
ZOEGER (très attentif).-Pas plus que le savant.	ЗЕГЕР (многу внимателен). — "Не повеќе од научникот. "
CRESTEIL.-Pas plus que le savant. Ils ont à atteindre, l'un la beauté, l'autre la vérité: deux faces d'un même but. Aux masses à s'en accommoder ensuite... (De haut.) ... à y conformer leurs petites combinaisons sociales...	КРЕСТЕЈ. — "Не повеќе од научникот. Тие треба да ја достигнат, едниот убавината, другиот вистината: двете страни на една иста цел. На масите им преостанува потоа да се сообразат со тоа..." (Од високо:) "...да ги сообразат своите ситни општествени комбинации."
ZOEGER.-C'est très juste.	ЗЕГЕР. — "Токму така."

BAROIS (à Cresteil).-Je pensais que vous vous réserviez la paraphrase de votre citation de Lamennais?	БАРОА (кон Крестеј). — "Мислев дека вие ја чувавте за вас па рафразата на вашиот цитат од Ламне?"
CRESTEIL (souriant).-Non, je vous la laisse.	КРЕСТЕЈ (смеејќи се). — "Не, ви ја препуштам."
BAROIS (gaîment).-Je l'accepte. J'y pensais, tout en vous écoutant. Je crois qu'il y a quelque chose à en tirer: exposer pourquoi nous l'inscrivons ainsi en exergue, et en quoi elle exprime si bien le caractère essentiel de notre tentative.	БАРОА (весело). — "Ја прифаќам. Мислев на неа, додека ве слушав. Мислам дека има нешто што може да се извлече од неа: да напишеме зошто ја ставаме на видно место, и зошто таа го изразува толку добро суштинскиот карактер на нашата иниц ијатива."
CRESTEIL.-Ce serait bien en place dans un premier numéro.	КРЕСТЕЈ. — "Баш ќе биде на добро место во нашиот прв број."
BAROIS (dont le regard s'avive).-N'est-ce pas?	БАРОА (чиј поглед заживува). — "Нели?"
PORTAL.-Quelle citation?	ПОРТАЛ. — "Кој цитат?"
HARBAROUX (grincheux).-Vous n'étiez pas arrivé.	АРБАРУ (скиселен). — "Уште не бевте дојден."
PORTAL.-Expliquez-nous votre idée, Barois.	ПОРТАЛ. — "Објаснете нѝ ја вашата идеја, Бароа."
ZOEGER.-Oui, explique-toi.	ЗЕГЕР. — "Да, објасни."
BAROIS (souriant à sa propre pensée, à mesure qu'il l'exprime).-Je reprendrais mot à mot le texte:	БАРОА (смеејќи се на сопствената мисла, како што ја изразува). — "Би ја повторил од збор до збор мислата:
«Quelque chose que nous ne savons pas se remue dans le monde...»	"Нешто што не го знаеме се движи во светот.
Quel est ce frisson? L'éternel mouvement de la pensée humaine, le progrès...-Vous voyez le développement...-La gestation d'une œuvre infinie, à laquelle s'agglomèrent chacun de nos efforts, chacune de nos émotions réalisées... Et ce mouvement porte obscurément en lui toutes les solutions que nous cherchons, toutes ces vérités de demain, qui se dérobent encore à nos explorations, mais qui, à leur jour, comme tombent les fruits mûrs, se dévoileront l'une après l'autre, devant l'interrogation humaine!	"Какво е ова треперење? Вечно движење на човечката мисла, прогрес... — Го гледате развојот... — Клиење на едно бескрајно дело во кое се надоградуваат сите наши напори, сите наши остварени емоции... И тоа движење ги носи во себе скријно сите решенија што ние ги бараме, сите оние утрешни вистини, кои сеуште се отргнуваат од нашите истражувања, но кои, кога ќе им дојде денот, како кога паѓаат зрелите плодови, ќе се разоткријат една по друга, пред човечкиот распит!"

CRESTEIL.-Oui, un hymne au progrès!	КРЕСТЕЈ. — "Да, химна на прогресот!"
BAROIS (encouragé, se laissant définitivement aller à son improvisation).-Et je dirais encore ceci: Il en est, parmi nous qui sont doués d'une sorte de prescience, qui distinguent déjà ce que d'autres n'aperçoivent pas encore. C'est à ceux-là que Lamennais crie:	БАРОА (охрабрен, препуштајќи се дефинтивно на својата имп ровизација). — "И би го кажал уште следното: меѓу нас има луѓе кои се надарени со еден вид на преднаука, кои го разликув аат веќе она што други не можат сеуште да го забележат. Токму на тие Ламне им извикува:
«Fils de l'homme, monte sur les hauteurs et annonce ce que tu vois!» Et je ferais un rapide tableau de notre vision de l'avenir... «Annonce ce que tu vois...»	"Човечји сине! Качи се во висините и обзнани што гледаш!" "И јас би направил краток преглед на нашата визија на иднината. Обзнани што гледаш...
Je vois: l'extension monstrueuse des puissances de l'argent; toutes les revendications les plus légitimes, écrasées et maintenues sous sa tyrannie...	"Јас гледам: монструозно проширување на моќите на парите; и најлегитимни барања угушени и запечатени под власта на парите...
Je vois: l'ébranlement de la masse laborieuse, dont le tumulte grandissant n'est que mal couvert par cette parade bruyante des partis politiques, qui, jusqu'ici, réussit seule à capter l'attention...	"Јас гледам: разбранување на работните маси, чијшто растечки вик е само лош покриен од оваа гласна парада на политичките партии, која, до сега, е единствената што успева да го привлече вниманието...
Je vois: la poussée régulière d'une majorité humaine, brutale, inculte, enivrée d'illusions, affamée de sécurité et de bonheur matériel, contre une minorité aveugle, encore puissante par la force des choses établies, mais dont la stabilité relative ne repose, en fait, que sur le régime capitaliste. Donc: poussée générale contre l'état capitaliste, c'est-à-dire contre l'organisation sociale de tout le monde actuel,-car aujourd'hui il y a, en somme, unité de régime dans tous les pays civilisés;-poussée formidable, dont l'histoire n'enregistre pas de précédent, et qui ne peut pas ne pas être victorieuse, parce qu'elle est la force nouvelle, le jet même de la sève humaine, l'élan actuel contre un monde fatigué, étiolé par l'affinement!	"Јас гледам: постојано надоаѓање на човечко мнозинство, грубо, необразовано, опиено од илузии, гладно за сигурност и за материјална среќа, против едно заслепено малцинство, сеуште силно поради моќта на воспоставениот ред, но чија релативна стабилност почива заправо само врз капиталистички от режим. Значи: општо надоаѓање против капиталистичката држава, односно против општествената организација на сиот сегашен свет, — зашто денес, всушност, постои единство на режимите во сите цивилизирани земји; прекрасно надоаѓање, за кое историјата нема забележано други такви случаи, и кое не може а да не биде победничко, зашто тоа е новата сила, самиот изблик на човечкиот полет, сегашниот вознес против еден уморен свет, ослабнат поради префинетост!"
ROLL (brusquement, la gorge serrée).-Bravo!	РОЛ (наеднаш, со стегнато грло). — "Браво!"

Sourires.	Смеење.
Barois s'est levé, grisé par le son et la cadence de ses paroles, surexcité par les regards qui le tiennent en vedette: les jambes écartées, le buste offert, le menton haut, son visage mâle frémissant d'activité, un joyeux défi dans les yeux,-il vibre... Ivresse d'orateur, qui lui manquait depuis des mois.	Бароа е станат, опијанет од звукот и ритамот на своите зборови, превозбуден од погледите кои му даваат главна улога: со раширени нозе, со исправено тело, со поткрената брада, со машко лице кое трепери од активност, со весел предизвик во очите, тој се тресе... Ораторска опиеност која му недостасуваш е со месеци.
BAROIS.-Enfin, après cette vue d'ensemble, il faudrait terminer par un coup d'œil sur les individus.	БАРОА. — "Накрај, по еден ваков општ преглед, би требало да завршиме со еден преглед на луѓето.
Que trouve-t-on en chacun de nous? Le désordre, l'incertitude. L'amélioration matérielle a démesurément développé nos faiblesses, et jamais encore elles ne se sont épanouies avec un pouvoir si dissolvant. Une épouvante inavouée de l'inconnu, plane sur la plupart des êtres cultivés: un combat se livre en chacun d'eux: toutes les forces vives des âmes, se sont soulevées, consciemment ou non, contre la survivance des impératifs mythologiques... Combat multiple, plus ou moins obscur, mais universel, et qui rend intelligibles les excès du déséquilibre social... Combat onéreux surtout, parce qu'il aboutit, dans tous les domaines, à un sensible abaissement de la conscience individuelle et, finalement, à une déperdition inquiétante d'énergie!...	"Што наоѓаме во секого од нас? Неред, несигурност. Материја лното подобрување несразмерно ги зголемило нашите слабости, и, никогаш досега тие се немаат развиено со таква ун иштувачка моќ. Еден неискажан страв од непознатото лебди врз повеќето култивирани луѓе: во секој од нив започнува борба: сите живи сили на душите се кренале, свесно или не, против остатоците на митолошките императиви... Повеќестран а борба, помалку или повеќе нејасна, но универзална, и која ги прави разбирливи ексцесите на општествената нерамнотежа. Борба која над сè чини многу, зашто доведува, во сите домени, до едно осетно намалување на човечката совест и на крај, до за грижувачко губење на енергија!..."
(Il s'arrête, passe rapidement en revue les visages rayonnants, et sourit.) Voilà.	(Тој се запира, ги одмерува на брзина сите озарени лица, и се н асмевнува.) "Ете."
Une seconde de vie intense... Et brusquement, sans raison apparente, comme un fil trop tendu, son enthousiasme casse net. Il s'assied, souriant, gêné, très las.	Интензивен момент од животот... И наеднаш, без видлива причина, како претегнат конец, неговиот ентузијазам пука. Тој седнува, насмеан, притеснет, преуморен.
Quelques instants silencieux.	Неколку мигови на молчење.
Il débouche une cannette, emplit les verres, et vide le sien d'un	Отвора шише со пиво, ги полни чашите а својата ја празни на

trait. Puis il se tourne vers Portal.	екс. Потоа се свртува кон Портал.
BAROIS (avec un entrain forcé).-Et vous, Portal, avez-vous pensé à nous?	БАРОА (со изнасилен занес). — "А Вие Портал, мислевте ли на нас?"
PORTAL (riant).-Ma foi, non! Faites votre premier numéro sans moi. Je collaborerai au second.	ПОРТАЛ (смеејќи се). — "Богами, не! Направете го вашиот прв број без мене. Ќе соработувам во вториот."
CRESTEIL.-Lâcheur...	КРЕСТЕЈ. — "Извлекувач..."
PORTAL.-Parole! Mon sujet n'est pas mûr, mais j'en ai un... (Sourires.) Vous ne me croyez pas? Tenez, voilà mon idée... Ce n'est pas exactement un article que je veux écrire... Des croquis, des notes, sur les types que je vois tous les jours, sur ceux que je connais bien, le Palais, les députés, les gens du monde... La moyenne, enfin...	ПОРТАЛ. — "Се колнам! Темата не ми е созреана, но имам една..." (Смеење.) "Не ми верувате? Пазете, еве ја мојата идеја... Поточно она што сакам да напишам не е статија: туку цртички, белешки, за типовите што ги гледам секој ден, за оние што ги знам добро, за Парламентот, за пратениците, за луѓето што одлучуваат... Со еден збор, за просекот..."
CRESTEIL.-La sainte et irréductible moyenne!	КРЕСТЕЈ. — "Светиот и непобедлив просек!"
PORTAL.-Oui; ceux qui sont «bien pensants», parce qu'ils ne peuvent pas être «pensants» tout court... Ces légions d'êtres, relativement instruits, policés par les usages comme des galets roulés... Ces êtres qui, pour la plupart, occupent une place dans la société, souvent même une fonction importante, et qui, cependant, vivent leur vie, à la façon des bêtes de somme... (S'amusant, progressivement, du portrait qu'il trace)... Qui s'en vont, devant eux, les yeux mi-clos entre leurs œillères, n'ayant jamais réfléchi par eux-mêmes, n'ayant jamais eu la hardiesse de réviser les vagues croyances qu'on leur a fait enfiler avec leur première culotte... Et qui mourront, dociles et incertains, n'ayant même pas eu conscience de leur incertitude, n'ayant rien aperçu de ce qui domine la vie: l'instinct, l'amour, la mort...	ПОРТАЛ. — "Да; оние кои се добромислечки суштества зашто не можат да бидат обични мислечки суштества... Оние легии на релативно образовани суштества, изглачани од животните течениј а како измазнети камења... Оние суштества, од кои пого лемиот дел, имаат одредена позиција во општеството, често дури и некоја важна функција, а кои, меѓутоа, го живеат својот живот како товарни животни..." (Забавувајќи се, лека полека, од портретот што го скицира.)"... Кои одат секогаш напред, со полузатворени очи зад нивниот оглав, кои никогаш не мислеле со своја глава, кои никогаш немале смелост да ги преиспитаат нејасните верувања што им биле наметнати со нивните први алишта... И кои ќе умрат, послушни и несигурни, без да бидат дури ни свесни за нивната несигурност, без да забележат ништо од она што владее со животот: инстинктот, љубовта, смртта..."
ZOEGER (implacable).-Hâtez-vous de les caricaturer. Portal!	ЗЕГЕР (неумолив). — "Побрзајте да ги исмеете, Портал! Тоа се

Ils encombrent, ceux-là, ils empoisonnent! Nous les charrierons vite hors du chemin...	оние кои пречат, кои трујат! Ќе ги истуркаме брзо надвор од патот..."
ROLL (sombre).-Ils se croyent à l'abri, comme des vers dans une carcasse pourrie.	РОЛ (стушен). — "Тие си умислуваат дека се заштитетни, како црви во изгниен оклоп."
L'âpreté de leur ton contraste avec l'ironique bonhomie de Portal. Il reste un peu inquiet d'avoir attisé cette haine.	Жестината во нивниот тон отскокнува од ироничната доброду шност на Портал. Тој е по малку вознемирен поради фактот што ја разгорил таа омраза.
HARBAROUX.-Ils sont condamnés. Regardez-les: de père en fils, on les voit se débiliter, devenir de plus en plus amorphes, inexistants, incapables de participer à quelqu'effort neuf!	АРБАРУ. — "Тие се осудени. Погледнете ги: од татко на син тие слабеат, стануваат поаморфни, непостоечки, неспособни да земат учество во било кој нов напор!"
Barois se jette brusquement dans la discussion.	Бароа се уфрлува ненадејно во дискусијата.
BAROIS.-Oui, Harbaroux, quand vous les regardez de loin, quand vous les croisez sur la route! Mais quand on a vécu au milieu d'eux, mes amis, ah! comme leur existence confite est encore vivace! (Levant le poing.) Et nuisible!	БАРОА. — "Да, Арбару, така ви изгледаат кога ги гледате од далеку, кога ги сретнувате на улица! Но, кога човек живеел меѓу нив, ах! пријатели мои, колку нивната усталена егзистенц ија е сеуште жива!" (Кревајќи ја тупаницата.) "И штетна!"
ZOEGER (avec un mauvais sourire).-Non. Ils ne sont pas si dangereux que ça. Nous les avons exclus de tout, isolés, circonscrits. Dans les incendies de forêts, on fait la part du feu: la fraction sacrifiée continue à flamber; mais elle se consume sur elle-même, sans atteindre le reste. C'est exactement la même chose.	ЗЕГЕР (со злобна насмевка). — "Не, не се тие толку опасни. Ние ги исклучивме од сè, ги изолиравме, ги оградивме. Во шумските пожари, треба да се води сметка за оганот: жртвуван иот дел продолжува да гори; но тој самиот се истрошува догор увајќи, без да го начне останатото. Токму во тоа е работата."
BAROIS (lourdement).-Ah, il faut en avoir été pour comprendre cette masse immuable, cette puissance inerte qu'ils sont encore!	БАРОА (тешко). — "Ах, потребно е да се биде еден од нив за да се разбере таа нивна сеуште постоечка неподвижна маса, инертна моќ!"
CRESTEIL.-C'est rudement vrai, ce que Barois dit là!	КРЕСТЕЈ. — "Премногу е вистинито ова што го вели Бароа!"
BAROIS.-Leurs nécropoles lézardées abriteront encore des générations et des générations, avant que leur race ne disparaisse! Heureux, s'ils n'arrivent pas à en sortir, pour ressaisir et aveugler une fois de plus l'opinion... Sait-on	БАРОА. — "Нивните напукнати некрополи ќе бидат и понатаму населени со нови и нови генерации, пред да исчезне нивната раса! Би било среќа ако не успеат да излезат од таму за да го зграпчат и заслепат повторно јавното мнение... Никогаш

jamais?	не се знае?"
Un silence.	Тишина.
HARBAROUX (méthodique).-Ne pensez-vous pas qu'il faudrait noter nos projets par écrit?	АРБАРУ (методичен). — "Не мислите ли дека би требало да ги запишеме нашите проекти на хартија? "
Pas de réponse; on ne semble pas avoir entendu. Il est tard.	Без одовор; се чини како никој да не слушнал. Доцна е.
Aux généreux bouillonnements a succédé une vague somnolence; il plane une impalpable tristesse, un relent aigre d'enthousiasme refroidi.	По штедрите изблици следи полудремка; лебди една недопирл ива тага, киселест вкус на оладен ентузијазам.
CRESTEIL.-Notre premier numéro va éclater comme une fanfare!	КРЕСТЕЈ. — "Нашиот прв број ќе одекне како фанфари!"
Sa voix, de plus en plus enrouée, a perdu son timbre triomphal; elle sombre dans le silence, qui se referme sur elle, comme une eau morte.	Неговиот глас, сè позарипнат, ја изгубил триумфалната боја; тој замира во тишина, со која запира гласот, као неподвижна вода.
ROLL (les yeux gonflés de fatigue).-Permettez-moi de me retirer... L'atelier, demain, à sept heures...	РОЛ (со очи потечени од замор). — "Дозволете да се повлечам... Работилницата, утре, во седум часот..."
HARBAROUX.-Vous savez, il va être deux heures... (A Cresteil.) Au revoir.	АРБАРУ. — "Знаете, накај два часот е..." (Кон Крестеј.) "Дови дување."
CRESTEIL.-Mais nous partons tous...	КРЕСТЕЈ. — "Но ние сите си одиме..."
Triste départ.	Тажно заминување.
Barois, resté seul, ouvre la fenêtre, et s'accoude au bord de la nuit glacée.	Останат сам, Бароа, го отвора прозорецот, и се налактува на работ од студенета ноќ.
Dans l'escalier.	На скалите.
Descente silencieuse: Portal marche en tête, tenant un bougeoir. Tout à coup, il se retourne, avec une gaîté de noctambule.	Бавно слегување: Портал оди напред, држејќи свеќник. Наеднаш, тој се свртува, развеселен како ноќен шетач.
PORTAL.-Et Woldsmuth? on l'a oublié... Qu'est-ce qu'il va nous donner d'intéressant, Woldsmuth?	ПОРТАЛ. — "А Волдсмут? Го заборавивме...Што е тоа интересно што ќе нè го понуди Волдсмут?"
Le monôme s'arrête, amusé. Les têtes se lèvent vers	Поворката запира, развеселена. Главите се креваат кон

Woldsmuth, qui ferme le cortège. Le flambeau remonte de main à main, jusqu'à lui.	Волдсмут, кој ја запира групата. Оганот оди од рака на рака сè до него.
Sa face d'épagneul frisé apparaît, posée sur la rampe, dans la pénombre des étages supérieurs: au milieu des cheveux, des sourcils et de la barbe en broussaille, ses yeux, vivants et doux, clignotent derrière le lorgnon.	Неговото лице на рунтав спаниел се појавува, на платото, во за темнетиот дел од повисоките катови: среде косата, веѓите и раз бушавената брада, неговите живи и благи очи жмиуркаат зад еден лорњон.
Il se tait.	Тој молчи.
Puis soudain, comme les autres semblent bien décidés à attendre, son visage change; une brusque roseur paraît sur les pommettes, les paupières se baissent, palpitent, et se relèvent sur un regard ardent et pitoyable.	Потоа, наеднаш, со оглед на тоа што изгледа како сите да се решени да чекаат, неговото лице се менува; едно ненадејно црвенило се појавува кај јаболкниците, очните капаци се спуштаат, затреперуваат и се исправаат при еден распламтен и милостив поглед.
WOLDSMUTH (avec une fermeté inattendue).-Je recopierai simplement une bien triste lettre que j'ai reçue de Russie... On a chassé six cents familles juives qui habitaient un faubourg de Kiev. Pourquoi? Parce qu'un enfant chrétien a été trouvé mort, et qu'on a accusé les Juifs de l'avoir tué pour fabriquer des azimes...	ВОЛДСМУТ (со неочекувана одлучност). — "Јас едноставно ќе копирам едно тажно писмо што го добив од Русија... Избркале шестотини еврејски фамилии кои живееле во едно пр едградие на Киев. Зошто? Зашто нашле едно дете христијанче мртво, и зашто ги обвиниле Евреите дека го убиле... за да си го направат нивниот празничен леб без квасец...
Oui, là-bas, c'est ainsi...	"Да, таму е така...
Alors les Juifs ont été chassés, après un massacre... Et il y a cent-vingt-six nouveaux-nés qui sont morts, parce que ceux qui avaient des enfants jeunes à porter, allaient moins vite, et ils ont dû camper deux nuits dans la neige...	"Тогаш Евреите биле протерани, по еден масакр... И сто дваесет и шест новороденчиња умреле, зашто оние кои имале мали деца со себе оделе побавно, и требале да кампуваат две ноќи во снегот...
Oui, là-bas, c'est ainsi... On ne le sait pas, en France...	"Да, таму е така...Не се знае за тоа во Франција."
III	III
A Auteuil.	Во Отеј.
Huit heures du matin.	Осум часот наутро.
Une vaste bâtisse, au fond d'un jardin blanc de givre, où	Голема зграда на крајот од една градина побелена од синьак,

s'ébrouent une demi-douzaine d'enfants.	каде што се туткаат шестмина дечиња.
LUCE (apparaissant sur le perron).-Allons, mes petits... Il est l'heure... Au travail!	ЛИС (се појавува на терасата). — "Ајде малечки... Време е... На работа!"
Une galopade joyeuse. Les deux aînés,-une fillette de treize ans, un gamin de douze,-arrivent les premiers. Leur essoufflement, dans l'air froid, les enveloppe de buée. Les autres rejoignent, un à un, jusqu'à la dernière de la bande, une petite fille de six ans.	Радосно дотрчуваат. Двете најстари — девојченце од тринаесет години и момче од дванаесет — пристигнуваат први. Нивното бревтање во студениот воздух ги обвиткува со маглина. Другите пристигнуваат едно по едно, сè до последната во групата, шестгодишно девојченце.
Le poêle de la salle à manger ronfle. Sur la grande table cirée s'alignent les encriers, les sous-mains, des livres de classe.	Печката во трпезаријата баботи. На големата исполирана маса се наредени мастилници, подлошки, учебници.
Debout à la porte de son cabinet, le père regarde.	Исправен на вратата од работната соба, таткото гледа.
Ils s'entr'aident gentiment, sans tapage, en liberté.	Тие љубезно меѓусебно си помагаат, без врева, слободно.
Puis le silence s'établit tout seul.	Потоа сама од себе настапува тишината.
Luce, traversant la pièce, monte au premier étage.	Лис ја минува собата и се качува на првиот кат.
Une chambre d'enfant. Les rideaux tirés.	Детска соба. Завесите се навлечени.
Au chevet du lit, une femme, encore jeune, assise.	Кај заглавјето од креветот седи една жена, сè уште млада.
Luce l'interroge du regard. Elle fait signe que la petite vient de s'endormir.	Лис упатува прашален поглед. Таа дава знак дека малечката ќе заспие.
Quelques secondes passent.	Поминуваат неколку секунди.
La mère tressaille: un coup de timbre... Le docteur?	Мајката потреперува: ѕвонење на ѕвончето. Лекарот?
Luce est allé jusqu'à la porte.	Лис отиде до вратата.
LA FEMME DE CHAMBRE.-Un jeune homme à qui Monsieur a donné rendez-vous... Monsieur Barois...	СОБАРКАТА. — "Млад човек на кого господинот му закажал состанок... Господин Бароа..."
Barois est seul, dans le cabinet de Luce.	Бароа е сам во работната соба на Лис.
Une pièce sans draperies; un bureau encombré de revues étrangères, de volumes neufs, de lettres. Aux murs, des reproductions, des plans, des cartes; deux panneaux couverts	Соба без драперии; работна маса натрупана со странски списанија, со нови книги, со писма. На ѕидовите репродукции, планови, мапи, две полици прекриени со книги.

de livres.	
Chaque bruit du monde a son écho là.	Секоја шум од светот одекнува тука.
Entrée de Luce.	Лис влегува.
Marc-Élie Luce: de petite taille. Une tête forte, mal proportionnée au corps.	Марк-Ели Лис: малечка става. Силна глава, непропорционална со телото.
Deux yeux clairs, étrangement enfoncés entre un front immense et une barbe en éventail: les yeux sont d'un gris fin, caressants et limpides; le front, dégarni, très large, bombé, surplombe le masque, accapare le crâne; la barbe est épaisse, d'un blond qui commence à blanchir.	Две светли очи, чудно вдлабнати меѓу големо чело и нарасната брада во форма на ладало: очите со суптилна сива боја, милозливи и светликави; челото оќелавено, многу широко, испакнато, го надвива лицето, го зафаќа черепот, брадата е густа и руса, но започнува да побелува.
Quarante-sept ans.	Четириесет и седум години.
Fils d'un pasteur sans église. A commencé ses études de théologie, mais les a interrompues, faute de vocation, et parce qu'il ne pouvait accepter aucun credo confessionnel. En a seulement gardé le goût fervent des questions morales.	Син на пастор без црква. Започнал да студира теологија, но престанал, затоа што немал склоност и затоа што не можел да прифати ниту едно религиозно кредо. Оттогаш го сочувал само ревносниот интерес за морални прашања.
A publié, très jeune, cinq gros volumes: «Le passé et l'avenir de la croyance», œuvre considérable, qui lui a fait attribuer une chaire d'histoire religieuse au Collège de France.	Многу млад објавил 5 големи томови: Минатото и иднината на верата, значајно дело поради кое ќе му биде доделена катедра за религиозна историја на Колеж де Франс.
S'est fait connaître à Auteuil par son dévouement à l'Université populaire qu'il y avait créée, et aux œuvres sociales de l'arrondissement. S'est laissé porté au Conseil Général, puis au Sénat, où il est parmi les plus jeunes: ne s'est affilié à aucun parti; revendiqué à tour de rôle, par tous ceux qui veulent assurer le triomphe de quelque noble pensée.	Во Отеј стана познат по својата посветеност на Народниот Уни ерзитет што самиот го беше создал како како и по социјалните акции во тој дел од Париз. Стана член на Генералниот совет, а потоа и на Сенатот каде што е еден од најмладите: не се приклучил кон ниедна партија; баран е наизменично од сите оние кои сакаат да ја осигураат победата на некоја благородна мисла.
A fait paraître, successivement: «Les régions supérieures du socialisme». «Le sens de la vie» et «Le sens de la mort».	Ги издал едноподруго: Вишите предели на социјализмот, Смислата на животот и Смислата на смртта.
Il s'avance vers Barois et lui tend la main, avec une cordialité simple et imposante.	Се приближува кон Бароа и му ја подава раката со едноставна и свечена срдечност.

BAROIS.-Votre lettre nous a infiniment touchés, Monsieur, et je suis le porte-parole de tous...	БАРОА. — "Вашето писмо бескрајно нè трогна, Господине, и во името на сите..."
LUCE (interrompant sans façon).-Asseyez-vous; je suis très content de faire votre connaissance.	ЛИС (го прекинува без церемонии). — "Седнете; Многу ми е мило што ве запознав."
Un parler gras, pesant, où perce l'origine franc-comtoise.	Тромаво зборување, тешко, низ кое се назира потеклото од регионот Франш-Конте.
LUCE.-J'ai lu votre Semeur. (Il sourit en regardant Barois bien en face, sans fausse modestie). C'est très dangereux de recevoir les éloges de plus jeunes que soi: on y est trop sensible...	ЛИС. — "Го прочитав вашиот Сејач."(Се насмевнува гледајќи го Бароа, право в лице, без лажна скромност.)"Многу е опасно да се добиваат пофалби од помлади од себе: премногу сме чувствителни на тоа..."
Un temps.	По некое време.
Il a pris sur son bureau le premier numéro, et le feuillète en parlant.	Го зема од работната маса првиот број, и го прелистува зборувајќи.
LUCE.-Un bien beau sous-titre: «Pour la culture des qualités humaines»...!	ЛИС. — "Доста убав наслов: За културата на човечките особини...!"
Il est assis, les jambes entr'ouvertes, les coudes sur les genoux, le Semeur entre les mains.	Тој седи со подраширени нозе, налактен на колената, со Сејач в раце.
Barois contemple ce front, dur et comme gonflé, familièrement penché sur leur œuvre naissante... Orgueil.	Бароа го набљудува тоа чело, цврсто и како надуено, пријателски наведнато над нивното дело во зародиш... Гордост.
Luce parcourt encore une fois la brochure, et s'arrête aux notes qu'il a crayonnées en marge.	Лис ја прелистува уште еднаш брошурата и запира кај белешките што ги запишал отстрана.
Il semble réfléchir, soupeser les feuillets... Il se redresse enfin, regarde Barois et remet le Semeur sur la table.	Изгледа како да размислува, како да ги одмерува ливчињата... Конечно се исправа, го гледа Бароа и го враќа Сејач на маса.
LUCE (simplement).-Disposez de moi, je suis avec vous.	ЛИС (едноставно). — "На располагање сум ви, јас сум со вас."
L'accent alourdit encore la gravité de ce pacte.	Неговиот акцент дава дополнителна тежина на сериозноста на овој пакт.
Barois se tait, pris au dépourvu, très troublé. Il répugne à formuler un remercîment banal.	Бароа замолчува, изненаден, многу збунет. Тој одбива да срочи банално заблагодарување.

Ils se dévisagent: long regard ému...	Се одмеруваат: долг збунет поглед....
BAROIS (après un court silence).-Ah! si mes camarades avaient pu entendre ces mots-là, et le timbre de votre voix!	БАРОА (по куса тишина). — "Ах, да можеа моите другари да ги чујат овие зборови и бојата на вашиот глас!"
LUCE (souriant).-Quel âge avez-vous?	ЛИС (насмеан). — "Колку години имате?"
BAROIS.-Trente-deux ans.	БАРОА. — "Триесет и две."
Luce l'examine avec ce sourire intéressé et sans ironie qu'il promène à travers le monde: une sorte d'étonnement enfantin, une curiosité amoureuse des choses, et pour laquelle tout est inédit et admirable.	Лис го проучува со онаа заинтересирана насмевка без иронија што ја носи низ светот: еден вид детска вчудоневиденост, љубо питност вљубена во нештата и за која сè е ново, воодушевувач ко.
Un temps.	По некое време.
LUCE.-Oui, vous avez raison. Il manquait un organe comme votre Semeur. Mais vous assumez un rôle énorme...	ЛИС. — "Да, во право сте. Недостасуваше гласило како вашиот Сејач. Но вие преземате огромна улога..."
BAROIS.-Pourquoi?	БАРОА. — "Зошто?"
LUCE.-Justement parce que vous serez les seuls à aborder les véritables problèmes contemporains. Vous serez très lus: lourde tâche... Songez que chacune de vos paroles aura une répercussion et que cette répercussion ne vous appartiendra pas, que vous ne pourrez pas la diriger... Bien plus, que vous l'ignorerez le plus souvent!	ЛИС. — "Само затоа што вие ќе бидете единствените што ќе се зафатите со вистинските проблеми на денешницата. Ќе бидете многу читани: тешка задача... Замислете дека секој ваш збор ќе има одредена последица, и дека таа последица нема да ви припаѓа, не ќе можете да ја насочувате... Уште повеќе: дека најчесто нема ни да го знаете тоа!"
(Comme à lui-même.) Ah, on écrit toujours trop vite. Semer, semer... Il faut trier, analyser minutieusement ses graines, pour être à peu près sûr de ne lancer que les bonnes...	(Како за себе)"Ах секогаш пишуваме премногу брзо. Да се сее, да се сее... треба да се бира, грижливо да се анализираат своите зрна, за да бидеме речиси сигурни дека ќе ги фрлиме само добрите..."
BAROIS (fièrement).-Cette responsabilité-là, nous l'avons pesée et acceptée.	БАРОА (гордо). — "Таквата одговорност, ние ја одмеривме и ја прифативме."
LUCE (sans répondre).-Vos amis ont le même âge que vous?	ЛИС (без да одговори). — "Вашите пријатели се на иста возраст како вас?"
BAROIS.-A peu près.	БАРОА. — "Речиси."

LUCE (maniant la revue).-Quel est ce Breil-Zoeger? Est-ce un parent du sculpteur?	ЛИС (вртејќи го списанието). — "Кој е овој Брej— Зегер? Роднина ли е на склупторот?"
BAROIS.-Son fils.	БАРОА. — "Неговиот син."
LUCE.-Ah! Mon père connaissait le sien; c'était un des familiers de Renan... Votre ami ne fait pas de sculpture?	ЛИС. — "Ах! Татко ми го познаваше неговиот татко; тој беше близок пријател на Ренан... вашиот пријател не се занимаво со скулптура?"
BAROIS.-Non. Il est agrégé de philosophie. Nous avons travaillé l'agrégation de sciences, ensemble.	БАРОА. — "Не. Тој е агреже по философија. Ние заедно подго твувавме испит од агрегација по науки."
LUCE.-Son «Introduction à une philosophie positive» révèle un tempérament très personnel.	ЛИС. — "Неговата статија Вовед во една позитивна философиј а открива многу индивидуален темперамент."
(Avec sévérité.) Mais c'est d'un sectaire.	(Строго)"Но тоа оддава секташ."
Mouvement de Barois. Luce relève le front, et considère Barois, presque affectueusement.	Движење на Бароа. Лис го крева челото. Го набљудува Бароа, речиси срдечно.
LUCE.-Vous permettez que je vous dise toute ma pensée?	ЛИС. — "Дозволувате ли да ви кажам сè што мислам?"
BAROIS.-Je vous en prie.	БАРОА. — "Повелете."
LUCE.-Je voudrais étendre le reproche à tout votre groupe... (Avec douceur.) A vous, en particulier.	ЛИС. — "Би сакал забелешката да ја проширам на целата ваша група..."(благо)"Особено на вас."
BAROIS.-Comment cela?	БАРОА. — "Како тоа?"
LUCE.-Vous avez pris, dès le premier numéro, une attitude très franche, très courageuse,-mais un peu jacobine...	ЛИС. — "Уште од првиот број заземавте многу искрен, многу храбар став, — но по малку јакобински..."
BAROIS.-Une attitude combattive.	БАРОА. — "Борбен став."
LUCE.-Elle me plairait sans réserves si elle n'était que combattive. Mais elle est ... agressive. N'est-ce pas vrai?	ЛИС. — "Безрезервно би ми се допаднал кога би бил само борбен. Но тој е ... агресивен. Нели е така?"
BAROIS.-Nous sommes tous ardents, convaincus, prêts à lutter pour nos idées. Il ne me déplait pas de montrer quelque intransigeance... (Luce se taisant, il continue.) Je crois qu'une doctrine puissante et jeune, est, par nature, intolérante: une conviction qui commence par admettre la légitimité d'une	БАРОА. — "Ние сме сите силни, убедени, подготвени да се бориме за нашите идеи. Ми се допаѓа да покажам непопустлив ост..."(Лис молчи, а тој продолжува) Верувам дека една млада и моќна доктрина е нетолерантна по природа: убедување кое почнува со тоа што ја прифаќа легитимноста на нему спротивс

conviction adverse, se condamne à n'être pas agissante, elle est sans force, sans efficacité.	тавеното убедување е осудено на неделотворност: тоа е без сила, неефикасно."
LUCE (fermement).-Pourtant c'est l'esprit de tolérance qu'il faut essayer d'établir entre les hommes: nous avons tous le droit d'être ce que nous sommes, sans que notre voisin puisse nous l'interdire, au nom de ses principes personnels!	ЛИС. (одлучно) — "Сепак треба да се обидуваме да го востано вуваме духот на толеранција меѓу луѓето: сите ние имаме право да бидеме она што сме, без да може нашиот сосед да нù го забрани тоа, во името на неговите лични принципи!"
BAROIS (involontairement brusque).-Oui, la tolérance, la liberté pour tous, c'est parfait,-en principe... Mais voyez où conduit le scepticisme souriant des dilettantes? Est-ce que l'Église serait encore ce qu'elle est dans notre société moderne, si...	БАРОА. (ненамерно нападен) — "Да, толеранција, слобода за сите, тоа е совршено, — во принцип... Но видете каде води нас меаниот скептицизам на вљубениците. Би била ли Црквата и понатаму она што е во нашето модерно општество доколку..."
LUCE (vivement).-Vous savez si je suis hostile à l'esprit clérical! Je suis né en 48, au milieu de décembre; et j'ai toujours eu plaisir à penser que j'avais été conçu en pleine effervescence libérale. J'abhorre toutes les soutanes et toutes les fausses enseignes, quelles qu'elles soient. Eh bien, pourtant, ce qui m'écarte des églises, bien plus que leurs erreurs, c'est leur intolérance. (Un temps. Posément.) Non, je ne serai jamais partisan d'opposer le mal au mal. Il suffit de réclamer pour tous la liberté de la pensée, et d'en donner l'exemple.	ЛИС. (живо). — "Знаете дека се противам на клерикалниот дух! Роден сум четириесет и осмата, кон средината на декември; и секогаш со задолвство помислувам дека сум зачнат во полниот ек на либерализмот. Се гнасам од сите мантии и сите лажни обележја, какви и да се. Па сепак, она што ме оддалечува од црквата, многу повеќе отколку грешките, тоа е нејзината нетолеранција."(По некое време. Одм ерено.)"Не, никогаш нема да советувам на злото да му се спрот истави зло. Доволно е да се бара слобода на мислата за сите, да се дава таков пример.
Voyez l'église catholique: elle a eu des siècles de domination; et cependant, pour ébranler ce pouvoir colossal, il a suffi que ses adversaires eussent à leur tour acquis le droit de proclamer ce qu'ils pensaient!	"Видете, католичката црква владееше со векови; па сепак, за да се разниша оваа колосална моќ доволно беше нејзините против ници да се стекнат со право да го кажат она што го мислат!"
Barois écoute; mais, visiblement, ce silence attentif lui pèse.	Бароа слуша, но очигледно оваа внимателна тишина, му тежи.
LUCE (conciliant).-Que l'erreur reste libre, mais que la vérité soit libre aussi; voilà tout. Et ne nous préoccupons pas trop des suites. La vérité sera toujours victorieuse, à son heure...	ЛИС (помирувачки). — "Да ги допуштиме грешките, но да ја о слободиме и вистината: тоа е сè. И да не се грижиме за последи ците. Вистината секогаш ќе победи, кога ќе ù дојде времето..."

(Après un temps.) Ne le croyez-vous pas?	(По некое време)"Не мислите ли и вие така?"
BAROIS.-Ah, parbleu, je sais bien que, dans l'absolu, vous avez raison! Mais nous ne sommes pas maîtres de certains sentiments qui nous trahissent...	БАРОА — "Ах, се разбира, добро знам дека апсолутно гледано сте во право! Но ние не господариме со некои чувства кои нè и здаваат..."
Un instant de silence.	Момент на тишина.
Luce semble attendre une explication.	Лис изгледа како да чека објаснување.
BAROIS (presque violemment).-Je le sais bien, que je ne suis pas tolérant! Je ne le suis plus! (Baissant la voix.) Il faut savoir ce que j'ai souffert, pour me comprendre...	БАРОА (речиси жестоко). — "Знам дека не сум толерантен! Не сум повеќе!" (го стишува гласот)" Треба да знаете што претрпив за да ме разберете..."
Un esprit affranchi, qui se trouve obligé de vivre dans l'intimité de personnes pieuses,-qui se voit, chaque jour, plus étroitement enserré dans ce tissu élastique et si résistant de la foi catholique,-qui sent, à propos de tout, la religion s'infiltrer dans sa vie, pénétrer ceux qui l'entourent, modeler le cœur et l'âme des siens, laisser partout son empreinte et sa direction! Celui-là, oui, il a le droit de parler de tolérance! Non pas celui qui a quelques concessions à faire, par affection; mais celui dont la vie quotidienne n'est qu'une seule concession ininterrompue! Celui-là,-il a le droit de parler de tolérance!...	"Слободен дух кој чувствува дека е должен да живее заедно со набожни луѓе, — кој гледа како секојдневно сè поцврсто е стегнат во растегливото и нераскинливо ткиво на католичката вера, — кој чувствува дека религијата навлегла во сите пори на неговиот живот, ги проникнала оние кои го опкружуваат, ги во обличила срцето и душата на неговите, насекаде оставила свој отпечаток и насоки... да, тој е оној кој има право да зборува за толеранција!...А не оној кој треба да направи неколку отстапки, поради наклоност; туку оној чиј секојдневен живот е една постојана отстапка! Тој — тој има право да зборува за тол еранција!...
(Il se contient, lève les yeux vers Luce, et sourit péniblement.) Et alors, il en parle, Monsieur, comme on parle de la Vertu parfaite, comme on parle d'un idéal qui n'est pas humainement réalisable!	(Тој се воздржува, ги крева очите кон Лис и мачно се насмевну ва.)"И тогаш тој зборува за толеранцијата, Господине, како што се зборува за совршената Доблест, како што се зборува за идеал кој човекот не може да го оствари!"
LUCE (après un instant de silence, avec douceur).-Vous ne vivez pas seul?	ЛИС (по момент на тишина, благо). — "Живеете сам?"
Le visage énergique de Barois, crispé par les souvenirs, s'illumine d'un coup; son regard s'attendrit.	Енергичното лице на Бароа, згрчено од спомените, одеднаш се озарува, неговиот поглед смекнува.
BAROIS.-Si, maintenant, je suis libre! (Souriant.) Mais depuis	БАРОА. — "Да, сега сум слободен!"(Смеејќи се.)"Но помина

trop peu de temps encore, pour être redevenu tolérant...	премалку време за повторно да станам толерантен..."
(Pause.) Excusez-moi d'avoir pris cette discussion trop à cœur...	(Пауза.)"Простете што дискусијава ја земав при срце..."
LUCE.-C'est moi qui, sans le savoir, ai ranimé de tristes émotions...	ЛИС. — "Јас сум тој кој без да знае побуди тажни чувства..."
Échange de regards affectueux.	Размена на срдечни погледи.
BAROIS (spontanément).-Ça me fait du bien. J'ai besoin de conseils... Il y a beaucoup plus de quinze années entre nous, Monsieur... Vous vivez, vous, depuis vingt-cinq ans. Moi, je viens seulement de rompre, après des sursauts douloureux, toutes mes chaînes... Toutes! (Son geste cassant scinde sa vie en deux: là, le passé; ici, l'avenir. Il étend la main.) Alors, vous comprenez, j'ai devant moi une vie toute neuve, qui me paraît immense à donner le vertige... Ma première pensée, en fondant cette revue, a été de me rapprocher de vous, comme du seul point de repère que j'aperçoive à l'horizon.	БАРОА (спонтано). — "Тоа е добро за мене. Потребни ми се совети... Меѓу нас има повеќе од петнаесет години разлика, Го сподине... Вие живеете веќе дваесет и пет години. Јас пак само што ги раскинав, по неколку болни претања, сите мои окови... Сите!"(Со остро движење го дели неговиот живот на два дела; таму минатото; тука, иднината. — Ја спушта раката.)"Тогаш, разбирате пред мене имам сосема нов живот, кој ми се чини толку огромен што добивам вртоглавица... Мојата прва мисла, основајќи го ова списание беше да се доближам до вас, како до единствен ориентир што го гледам на хоризонтот.
LUCE (hésitant).-Je ne pourrai vous donner que ma propre expérience... (Il sourit, et montre du doigt les cartes de géographie pendues aux murailles.) J'ai toujours pensé que la vie était comme une de ces cartes des pays que je ne connais pas: pour se diriger, il suffit de s'appliquer à la lire... L'attention, l'ordre dans les pensées, la mesure, la persévérance... Voilà tout, c'est très simple.	ЛИС (Се двоуми.). — "Можам само да ви го дадам моето сопствено искуство..."(Тој се насмевнува и со прст ги покажува географските карти закачени по ѕидовите.)"Отсекогаш сум мислел дека животот е како една од овие мапи на земјите што не ги познавам: за да се ориентираме, доволно е да се потрудиме да ја прочитаме... Вниманието, редот во мислите, мерката, истрајноста... Тоа е сè, многу е едноставно."
(Reprenant sur son bureau le numéro du Semeur.)	(Го зема повторно од масата примерокот на Сејач.)
Vous êtes très bien parti, vous avez beaucoup d'atouts en main. Vous êtes entouré d'intelligences aigües et originales. Tout cela est très bien... (Réfléchissant.) Si j'avais un conseil à vous donner, pourtant, ce serait celui-ci: ne vous laissez pas trop influencer par les autres... Oui, c'est quelquefois le danger de	"Вие многу добро тргнавте, имате многу адути во рацете. Опкружен сте со проникливи и оригинални умови. Сето тоа е многу добро..."(Размислува.)"Кога сепак би имал што да ве пос оветувам, тоа би било следново: не дозволувајте премногу другите да влијаат на вас... Да, тоа е понекогаш опасно кај

ces groupements. Il y faut une conscience commune, c'est évident; vous l'avez: un même élan vous a rassemblés et lancés en avant. Mais ne jetez pas votre personnalité dans le creuset commun. Conservez-vous à vous-même, obstinément; ne cultivez en vous que ce qui vous est propre. Nous avons tous une faculté particulière, un don si vous voulez, par lequel nous resterons toujours absolument distincts des autres êtres. C'est ce don-là qu'il faut arriver à trouver en soi et à exalter, à l'exclusion du reste.	ваквите групирања. Таму е потребна заедничка свест, тоа е очигледно; вие ја имате: истиот елан ве обедини и ве турна напред. Но не фрлајте ја вашата личност во заедничкиот лонец. Сочувајте се вие самиот за вас, тврдоглаво; негувајте го во вас само она што ви е својствено. Сите ние имаме некоја посебна с пособност — дарба, ако сакате, — по која ние ќе останеме засекогаш апсолутно различни од другите суштества. Токму таа дарба треба да успееме да ја најдеме во себе и да ја воздигн уваме, исклучувајќи го останатото."
BAROIS.-Mais n'est-ce pas se restreindre? Ne faut-il pas, au contraire, essayer de sortir de soi, le plus possible?	БАРОА. — "Но не значи ли тоа да се ограничиме? Не треба ли, напротив, да се обидеме да излеземе од себе што е можно повеќе?"
LUCE.-Je ne crois pas...	ЛИС. — "Не верувам..."
LA FEMME DE CHAMBRE (entr'ouvrant la porte).-Madame fait prévenir monsieur que le docteur est là.	СОБАРКАТА (ја подотвора вратата). — "Госпоѓата го известува Господинот дека лекарот е тука."
LUCE.-Bien.	ЛИС. — "Добро."
(A Barois.) J'estime qu'il faut rester le même, avec acharnement,-mais grandir! Tendre à devenir l'exemplaire le plus parfait du type spécial d'humanité que l'on représente.	(Кон Бароа) Сметам дека треба да останеме исти со истрајност, — но да растеме! да се стремиме да станеме најсовршен пример на посебниот тип на човечност што го претставуваме."
BAROIS (se levant).-Mais ne faut-il pas agir, parler, écrire, manifester sa force?	БАРОА (Станувајќи.). — "Но не треба ли да се дејствува, да се зборува, да се пишува, да се покажува сопствената сила?"
LUCE.-Oh, une personnalité vigoureuse s'exprime toujours... Ne vous illusionnez pas sur l'utilité de la production quand même. Est-ce qu'une belle vie ne vaut pas une belle œuvre? J'ai cru aussi qu'il fallait besogner. Peu à peu j'ai changé d'avis...	ЛИС. — "Ох, силната личност секогаш се изразува... Сепак не се залажувајте во однос на полезноста на творештвото. Дали еден убав живот не вреди колку едно убаво дело? И јас исто така мислев дека треба да се работи многу. Малку по малку, го сменив мислењето..."
Il accompagne Barois vers la porte. En passant près de la fenêtre, il écarte le rideau de percale blanche.	Го испраќа Бароа до вратата. Поминувајќи покрај прозорецот, тој ја трга завесата од бел пергал.
LUCE.-Tenez, dans mon jardin, c'est la même chose: il faut	ЛИС. — "Гледајте, исто е со мојата градина: треба да се негува

soigner la sève, l'enrichir d'année en année: et alors, si l'arbre doit porter des fruits, vous les voyez se multiplier d'eux-mêmes...	животниот сок, да се збогатува од година в година: и тогаш ако дрвото треба да даде плодови, вие ги гледате како се умножува ат самите..."
Ils traversent la salle à manger.	Минуваат низ трпезаријата.
Les petites têtes, penchées sur les devoirs, se redressent, curieuses.	Малечките главички, надвиени над задачите, се поткреваат љубопитно.
LUCE (enveloppant la table d'un vaste regard).-Mes enfants...	ЛИС (ја опфаќа масата со широк поглед). — "Деца мои..."
Barois s'incline en souriant.	Бароа се наведнува насмевнувајќи се.
LUCE (devinant sa pensée).-Oui, c'est beaucoup... Et j'en ai deux autres encore... Il y a des jours où j'aperçois tous ces yeux-là fixés sur moi, et j'en suis épouvanté... (Secouant la tête.) Il faut s'en remettre à la logique de la vie, qui doit être juste.	ЛИС (погодува на што помисли). — "Да, многу се... И имам уште две... Има денови кога ги забележувам сите нивни очи вперени во мене, и тоа ме ужаснува..."(Ја протресува главата.)" Треба да ù се препуштиме на логиката на животот, која треба да е добра."
(Il s'est approché de la table.) Celle-là, c'est mon aînée, une grande fille déjà... Celui-là, Monsieur Barois, c'est un mathématicien...	(Се доближи до масата) "Оваа е мојата најстара, веќе е голема девојка... Оној, господине Бароа, е математичар..."
(Il passe amoureusement sa main sur ces têtes de cheveux fins, et se retourne tout-à-coup vers Barois.)-C'est si beau, la vie...	(Со љубов минува со раката по овие глави со фина коса, и се врти одеднаш кон Бароа:) — "Животот е толку убав..."
LE VENT PRÉCURSEUR	ВЕТРОТ ПРЕДВЕСНИК
«Je sens des flots qui se soulèvent, je sens une aurore qui naît...	"Чувствувам како се креваат бранови, чувствувам како се раѓа зора...
Mon cœur est comme un monde...»	Моето срце е како свет..."
(Ibsen.)	(Ибзен.)
I	I
En juin 1896.	Во јуни 1986.
Cinq heures du soir.	Пет часот навечер.
Une brasserie du boulevard Saint-Michel.	Пивница на булеварот"Сен Мишел".

Rez-de-chaussée, vaste et sombre, style Heidelberg; tables massives, escabeaux, vitraux armoriés.	Широко и мрачно приземје, во хајделбершки стил: масивни маси, столчиња, витражи со грбови.
Un peuple bruyant d'étudiants et de femmes.	Мноштво бучни студенти и жени.
A l'entresol, une pièce basse, réservée une fois par semaine au groupe du Semeur.	На мезанинот, ниска соба, резервирана еднаш неделно за групата од списанието Сејач.
Cresteil, Harbaroux et Breil-Zoeger sont attablés près d'une large baie en demi-cercle, ouverte, au ras du parquet, sur le va-et-vient du boulevard.	Крестеј, Арбару и Брej-Зегер седат на маса блиску до една широка аркада, отворена во долниот дел кон врвулицата на булеварот.
Entrée de Barois, une lourde serviette sous le bras.	Влегува Бароа, со тешка чанта под мишка.
Poignées de mains.	Ракување.
Barois s'assied, et tire des papiers de sa serviette.	Бароа седнува и вади листови од чантата.
BAROIS.-Portal n'est pas arrivé?	БАРОА. — "Портал не дојде?"
ZOEGER.-Pas vu.	ЗЕГЕР. — "Не сум го видел."
BAROIS.-Ni Woldsmuth?	БАРОА. — "Ни Волдсмут."
HARBAROUX.-Voilà plusieurs jours que je vais à la Bibliothèque Nationale sans le rencontrer.	АРБАРУ. — "Има неколку дена како одам во Националната би блиотека и не сум го сретнал."
BAROIS.-Il m'a envoyé une dizaine de pages tout à fait curieuses, à propos des «Lois sur l'instruction».	БАРОА. — "Ми прати десетина мошне интересни страници во врска со Законите за образование."
(Il tend un paquet à Cresteil.) Voici vos épreuves. C'est un peu serré, mais nous avons tant de copie cette fois-ci...	(Му подава пакет на Крестеј)"Еве ги вашите отпечатоци. Малку се збиени, но толку имаме хартија овој пат..."
(A Harbaroux.) Tiens...	(Кон Арбару)"Еве..."
HARBAROUX.-Merci. Quand les veux-tu?	АРБАРУ. — "Благодарам. За кога ти требаат?"
BAROIS.-Roll les demande pour la fin de la semaine.	БАРОА. — "Рол ги бара до крајот на неделата."
(A Breil-Zoeger.) Voici les tiennes. A ce propos, je voudrais te dire un mot. (Aux autres.) Vous permettez?	(Кон Брej-Зегер)"Еве ги твоите. Во врска со тоа, би сакал да ти кажам нешто."(Кон другите.)"Дозволувате?"
Il se lève et emmène Breil-Zoeger au fond de la pièce.	Станува и го води Брej-Зегер на крајот на собата.
BAROIS (baissant la voix; affectueusement).-C'est au sujet de	БАРОА (го стишува гласот; срдечно). — "Во врска со твојата

ton étude sur le «Déterminisme vital»... Excellent d'ailleurs; je crois que tu n'as rien écrit de plus plein et de plus sobre. J'ai commis l'indiscrétion d'en lire une partie à Luce, hier soir; j'avais tes épreuves dans ma poche... Il a trouvé ça très fort.	студија за Животниот детерминизам... Одлична е впрочем; мислам дека до сега не си напишал ништо поцелосно и поодме рено. Си зедов слобода да му прочитам еден дел на Лис, вчера вечер; ги имав твоите отпечатоци во џебот. Тој сметаше дека е многу силно."
ZOEGER (satisfait).-Tu lui as lu le passage sur Pasteur?	ЗЕГЕР (задоволен). — "Му го прочита ли делот за Пастер?"
BAROIS.-Non. Et justement je voulais t'en parler avant que tu ne fasses tes corrections...	БАРОА. — "Не. Токму за тоа сакав да зборувам со тебе пред да ги направиш исправките..."
Zoeger fronce les sourcils.	Зегер ги собира веѓите.
BAROIS (un peu gêné).-Franchement, je trouve cette page-là trop dure...	БАРОА (по малку се стеснува). — "Сметам дека тој дел е премногу остар..."
ZOEGER (avec un geste sec).-Je ne touche pas au savant; je m'occupe de Pasteur métaphysicien.	ЗЕГЕР (прави остар гест) — "Не го допирам научникот; се занимавам со Пастер метафизичарот."
BAROIS.-J'entends bien. Mais tu juges Pasteur comme tu jugerais l'un de nos contemporains, un de ses élèves.	БАРОА. — "Добро те разбирам. Но ти го проценуваш Пастер онака како што би проценил еден од нашите современици, еден од неговите ученици.
Je ne dis pas que sa conception philosophique de l'univers.. Mais tu oublies trop que notre matérialisme scientifique, c'est à ce spiritualiste impénitent que nous le devons!	"Не велам дека неговата филозофска теорија за универзумот... Но ти забораваш сосема дека нашиот научен материјализам му го должиме токму на тој непоправлив спиритуалист!"
ZOEGER (geste qui déblaye).-Je sais comme toi ce que nous lui devons,-quoique cette façon de parler ne corresponde pour moi à aucune reconnaissance sentimentale... (Un rire bref, qui dans cette face jaune, montre des dents luisantes.)	ЗЕГЕР (со гест како да расчистува нешто). — "Знам, како и ти што му должиме — иако ваквиот начин на зборување, не одговара според мене на никаква сентиментална признателност ..." (Кратко смеење со кое се покажуваат сјајните заби на ова жолто лице.)
Pasteur a cru devoir prendre publiquement une attitude métaphysique bien accusée: nous avons le droit de la juger. Merci bien! On nous a trop souvent opposé son discours de réception à l'Académie, pour que nous ayons, à cet égard, le moindre scrupule!	"Пастер сметал дека треба јавно да заземе доста јасен метафизи чки став: имаме право да се произнесеме за тој став. Ви се молам! Премногу нù го спротивставуваа неговиот говор при приемот во Академијата за да имаме, во тој поглед, и најмал обзир!"

BAROIS.-Pasteur avait une hérédité et une éducation qui l'ont empêché d'aller,-comme nous ayons pu le faire depuis, et grâce à lui-jusqu'aux conclusions philosophiques de ses découvertes. Il n'y a pas à lui tenir rigueur de n'avoir plus été assez jeune pour se transformer lui-même.	БАРОА. — "Пастер имал наследство и образование кои го спречиле да стигне — како што ние можевме оттогаш да го направиме и благодарение на него — до филозофски заклучоци за неговите откритија. Не треба да му се лутиме што не бил повеќе млад за да се промени самиот себе си."
Il le regarde et attend quelques secondes. Zoeger se détourne sans répondre.	Тој го гледа и чека неколку секунди, Зегер се свртува без да одговори.
BAROIS.-Tes premières pages sont injustes, Zoeger.	БАРОА. — "Првите страници ти се неправедни Зегер."
ZOEGER.-Tu subis l'influence de Luce.	ЗЕГЕР. — "Паѓаш под влијание на Лис."
BAROIS.-Je ne m'en défends pas.	БАРОА. — "Не се противам на тоа."
ZOEGER.-Tant pis. Luce manque souvent de fermeté, et quelquefois de pénétration, par manie de tolérance.	ЗЕГЕР. — "Толку полошо. На Лис неретко му недостасува цврстина а понекогаш и проникливост поради опседнатоста со толеранцијата."
BAROIS.-Soit. (Un temps.) N'y pensons plus, tu es libre. (Souriant.) Libre et responsable...	БАРОА. — "Нека е така. (По некое време.)"Да не мислиме повеќе на тоа, ти си слободен."(Смеејќи се.)"Слободен и одговорен..."
Il rejoint sa table et s'assied.	Се враќа на неговата маса и седнува.
Le garçon apporte les consommations.	Келнерот ги носи пијалоците.
BAROIS.-Etes-vous sûrs que Portal viendra ce soir?	БАРОА. — "Сигурни ли сте дека Портал ќе дојде вечерва?"
CRESTEIL.-Il me l'a dit.	КРЕСТЕЈ. — "Тој така ми кажа."
ZOEGER.-Ne l'attendons pas.	ЗЕГЕР. — "Да не го чекаме."
BAROIS.-C'est que j'ai de bonnes nouvelles à vous annoncer, et j'aurais voulu que le groupe fût au complet... Oui, mes amis, au point de vue matériel, notre Semeur continue à être en excellente voie. Je viens d'achever nos comptes semestriels. (Soulevant un registre.) Ils sont à votre disposition.	БАРОА. — "Всушност имам добри вести и сакав сите од групата да бидат присутни... Да, пријатели, од материјална гледна точка, нашиот Сејач и понатаму е на одличен пат. Штотуку ги завршив нашите полугодишни сметки." (Поткрева една сметководствена книга.) "На располагање ви се."
Nous avons débuté, il y a six mois, avec 38 abonnements. Nous en avons 562 ce mois-ci. De plus, il s'est vendu, le mois	"Пред шест месеци започнавме со триесет и осум претплатници. Овој месец имаме петстотини шеесет и два. Згора на тоа,

dernier, 800 livraisons, tant à Paris, qu'en province. Et nos 1.500 numéros de juin sont déjà épuisés.	минатиот месец се продадоа осумстотини испораки, како во Париз така и во внатрешноста. А нашите илјада и петстотини броеви од јуни се веќе продадени."
CRESTEIL.-La collaboration de Luce nous a certainement été d'un solide appui.	КРЕСТЕЈ — "Соработката на Лис секако нѝ беше силна поткрепа."
BAROIS.-C'est évident. Depuis le premier article qu'il nous a donné il y a quatre mois, les abonnements ont exactement doublé. Le Semeur de juillet se tirera à 2.000. Je vous propose même de donne, à ce numéro 220 pages au lieu de 180.	БАРОА. — "Тоа е очигледно. По првиот напис што нѝ го даде пред четири месеци, бројот на претплатници се удвои. Сејач во јули ќе излезе во 2.000 примероци. Дури ви предлагам овој број да има 220, а не 180 страници."
ZOEGER.-Pourquoi?	ЗЕГЕР. — "Зошто?"
BAROIS.-Voici. Les lettres reçues à propos de la revue augmentent dans une proportion considérable. J'en ai eu près de 300 à lire ce mois-ci! Je les ai classées, avec l'aide d'Harbaroux, selon les articles qui les avaient inspirées, et je transmettrai à chacun de vous celles qui le concernent. Vous verrez qu'il y en a beaucoup d'intéressantes. Je crois qu'il conviendrait de leur faire une place dans la constitution de nos numéros. Nous sommes sérieusement lus et discutés; ces lettres en sont la preuve; il faut en être fiers et ne pas enfouir dans nos tiroirs cette participation du public à notre effort. Je vous offre donc de publier chaque mois la partie la plus significative de notre correspondance, accompagnée, lorsqu'il y aura lieu... (Entrée de Portal.) Bonjour... accompagnée d'une note rédigée par l'auteur de l'article.	БАРОА. — "Еве. Бројот на писма во врска со списанието значи телно се зголемува. Месецов имав речиси 300 писма за читање! Ги распоредив, со помош на Арбару, според написите кои ги и нспирирале, и секому од вас ќе му ги дадам оние кои се однесу ваат на него. Ќе видите дека многу од нив се интересни. Мислам дека би било корисно да им се отстапи место при сост авувањето на нашите броеви. Сериозно нѐ читаат и дискутираа т за нас; овие писма се доказ за тоа; треба да се гордееме со тоа и да не го сокриваме во фиока ова учество на јавноста во нашата работа. Ви нудам значи секој месец да го објавуваме на јзначајниот дел од нашите писма, заедно со, ако треба..."(Влегу ва Портал.)"Добар ден... заедно со забелешка на авторот на написот."
Portal, distrait et la figure sérieuse contre son habitude, serre la main de Cresteil, de Barois, puis s'assied.	Портал, расеан и со сериозен лик, невообичаено за него, се ракува со Крестеј, со Бароа, потоа седнува.
HARBAROUX.-Et moi, vous ne me dites pas bonjour?	АРБАРУ. — "Мене не ме поздравувате?"
PORTAL (se relevant).-Je vous demande pardon. (Il sourit à peine, et se rassied.)	ПОРТАЛ (станувајќи). — "Простете ве молам."(Одвај се насме внува и повторно седнува).

ZOEGER.-Nous ne vous espérions plus.	ЗЕГЕР. — "Не се надевавме повеќе на вас."
PORTAL (nerveux).-Oui, j'ai beaucoup à faire en ce moment. Je sors seulement de la bibliothèque du Palais. (Il lève les yeux et surprend des interrogations muettes.) Il y a peut-être du nouveau...	ПОРТАЛ (нервозен). — "Да многу сум зафатен во моментов. Само што доаѓам од библиотеката на Парламентот."(Ги крева очите и затечува неми прашања.)"Можеби има новини..."
BAROIS.- Du nouveau?	БАРОА. — "Новини?"
PORTAL.-Oui. J'ai entrevu ces jours-ci des choses ... pénibles. Je vous raconterai. Une erreur judiciaire? On ne sait pas...	ПОРТАЛ. — "Да. Деновиве видов ... мачни нешта. Ќе ви раскажам. Судска грешка? Не се знае...
Ce serait assez grave...	"Треба да е доста сериозно..."
Ils se taisent, intrigués.	Замолчуваат, заинтригирани.
PORTAL (baissant la voix).-Il s'agirait de Dreyfus...	ПОРТАЛ (го стишува гласот). — "Се работи веројатно за Дрејфус..."
CRESTEIL.-Dreyfus, innocent?	КРЕСТЕЈ. — "Дрејфус, невин?"
BAROIS.-C'est fou!	БАРОА. — "Тоа е будалаштина!"
HARBAROUX.-Une plaisanterie, voyons!	АРБАРУ. — "Шега, сигурно!"
PORTAL.-Je n'affirme rien. Je vous dis le peu que je sais; et d'ailleurs, jusqu'ici, personne ne semble en savoir plus long que moi. Mais on s'inquiète, on cherche... Il paraîtrait même que l'État-Major fait une enquête. Fauquet-Talon s'en occupe activement: il m'a demandé un rapport détaillé sur le procès d'il y a dix-huit mois.	ПОРТАЛ. — "Не тврдам ништо. Ви го кажувам она малку што го знам, а всушност, сè до сега изгледа дека никој не знае повеќе од мене. Но загрижени сме, бараме... Изгледа дека дури и раководството спроведува истрага. Фоке-Талон активно се занимава со тоа: ми побара детален извештај за процесот од пред осумнаесет месеци."
Un silence.	Тишина.
ZOEGER (posément, à Portal).-Il peut se glisser une erreur dans les jugements des tribunaux civils, qui fonctionnent tous les jours, pour qui la justice est une espèce de besogne. Mais un conseil de guerre, une réunion d'hommes choisis, qui ne sont pas des professionnels de la justice, qui, par conséquent sont sur leur garde, qui nécessairement y mettent une extrême	ЗЕГЕР (смирено, кон Портал). — "Може да се провре грешка во пресудите на граѓанските судови кои работат секојдневно и за кои правдата е еден вид обврска. Но воен совет, собир на одбрани луѓе, кои не се професионалци во сферата на правдата, и кои се според тоа се на штрек, кои нужно во тоа внесуваат крајна претпазливост..."

circonspection...	
BAROIS.-Et surtout pour une affaire de trahison, si importante... C'est un canard.	БАРОА. — "А особено во таков важен спор за предавство... Тоа е патка."
CRESTEIL.-Ça? Je vais vous le dire: c'est un coup machiné par...	КРЕСТЕЈ. — "Тоа? Ја ќе ви кажам: тоа е удар скроен од..."
WOLDSMUTH (d'une voix émue, mais sans hésitation).-... par les Juifs?	ВОЛДСМУТ (со возбуден глас, но без двоумење). — "...од Евреите?"
CRESTEIL (froidement).-... par la famille de Dreyfus.	КРЕСТЕЈ (студено). — "...од семејството Драјфус..."
BAROIS.-Tiens, vous êtes donc là, Woldsmuth? Je ne vous avais pas vu entrer.	БАРОА. — "Ej, па вие сте значи тука Волдсмут? Не ве видов кога влеговте."
HARBAROUX.-Ni moi.	АРБАРУ. — "Ниту јас."
ZOEGER.-Ni moi.	ЗЕГЕР. — "Ниту јас."
Poignées de mains.	Ракување.
PORTAL (à Woldsmuth).-Est-ce que vous avez aussi entendu parler de cette histoire?	ПОРТАЛ (кон Волдсмут). — "Сте слушнале ли и вие нешто за оваа приказна?"
Woldsmuth lève vers Portal son masque poilu, qu'assombrit une vague souffrance. Il fait oui, en baissant ses paupières ourlées de rose.	Волдсмут го крева своето влакнесто лице, што е затемнето од едно нејасано страдание. Потврдува, спуштајќи ги капаците обрабени со розово.
BAROIS (vivement).-Mais vous êtes bien d'avis qu'une erreur est invraisemblable?	БАРОА (живо). — "Но вие сте на чисто дека една грешка е нев еројатна?"
Woldsmuth fait un geste résigné et dubitatif, comme s'il disait: «Que sait-on? Tout est possible...»	Волдсмут прави резигниран и сомничав гест како да вели:"Што знаеме? Сè е можно..."
Léger malaise, accentué par un instant de silence.	Мала нелагодност, нагласена со момент тишина.
BAROIS.-Tenez, Woldsmuth, je vous ai apporté vos épreuves.	БАРОА. — "Еве Волдсмут. Ви ги донесов вашите отпечатоци."
PORTAL (à Woldsmuth).-Est-ce que vous connaissiez un peu ce Dreyfus?	ПОРТАЛ (кон Волдсмут). — "Го познавате ли по малку Драјфус?"
WOLDSMUTH (avec un regard plus clignotant que jamais).-	ВОЛДСМУТ (со најтрепкав поглед дотогаш). — "Не."(По

Non. (Un temps.) Mais j'étais à la dégradation... Et j'ai vu.	некое време.)"Но бев на расчинувањето... И видов..."
BAROIS (agacé).-Vu quoi?	БАРОА (раздразнет). — "Што видовте?"
Les yeux de Woldsmuth s'emplissent de petites larmes. Il ne répond pas. Il regarde Barois, Harbaroux, Cresteil, Zoeger, l'un après l'autre, lentement, timidement.	Очите на Волдсмут се полнат со малечки солзи. Не одговара. Ги гледа Бароа, Абару, Крестеј, Зегер, еден по друг, полека, сра межливо.
Il se sent seul: un sourire résigné de vaincu.	Се чувствува осамен: резигнирана насмевка на победен.
II	II
A Monsieur J. BAROIS, 99 bis, rue Jacob, Paris.	"До Господин Ж. БАРОА, "99 бис, улица "Жакоб", Париз.
«20 Octobre 1896	"20 октомври 1896.
«Mon cher ami,	"Драг мој пријателе,
«Je suis dans l'impossibilité de me rendre chez vous; (un petit accident, sans gravité, mais qui m'immobilise pour quelques jours). J'aurais cependant bien besoin de vous voir. Auriez-vous la bonté de monter mes six étages, demain, ou après demain au plus tard?	"Не можам да дојдам кај вас; (малечка, лесна незгода, но поради која не смеам да се движам неколку дена). Сепак имам потреба да ве видам. Би биле ли љубезни да ги искачите шесте ката до мене, утре или најдоцна задуте?
«Excusez mon sans-gêne. C'est urgent.	Извинете што ве вознемирувам. Итно е.
«Votre très dévoué,	"Ваш искрено.
Ulric Woldsmuth.»	"Улрик Волдсмут"
Le lendemain.	Утредента.
Une vieille maison, presqu'une cité, rue de la Perle, en plein Marais. Au sixième étage de l'escalier F, sous les toits, au fond d'un corridor, un petit logement, n° 14.	Стара куќа, јадро на градот, на улицата "Перл", среде квартот "Маре". На шестиот кат од скалите Ѓ, поткровје, на крајот на еден ходник, малечко станче бр.14.
Barois sonne.	Бароа ѕвони.
Une jeune femme vient lui ouvrir.	Млада жена доаѓа да му отвори.
Trois chambres en enfilade. Dans la première, une vieille à cheveux gris, étale une lessive sur des ficelles. Dans la seconde, deux lits, deux matelats par terre; une machine à	Три соби во низа. Во првата, старица со сива коса простира алишта на жици. Во втората, два кревета, два душека на земја; машина за пишување пред прозорецот. Третата врата е

écrire devant la fenêtre. La troisième porte est fermée.	затворена.
Au moment de l'ouvrir, la jeune femme se tourne vers Barois.	Фаќајќи ја рачката за да ја отвори, младата жена се свртува кон Бароа.
JULIA.-Il dort, Monsieur... Si vous n'étiez pas trop pressé?...	ЈУЛИЈА. — "Спие господине... Ако не се брзате?"
BAROIS (vivement).-Ne le réveillez pas, je serais désolé... Je vais attendre.	БАРОА (живо). — "Не будете го, би ми било жал... Ќе почекам ."
JULIA.-Ça lui fait tant de bien!	ЈУЛИЈА. — "Тоа толку му годи!"
Barois la considère curieusement. Il ignorait que Woldsmuth fut marié.	Бароа љубопитно ја разгледува. Тој не знаеше дека Волдсмут е женет.
Julia Woldsmuth: Vingt-cinq ans. Un type étrange.	Јулија Волдсмут: дваесет и пет години. Источњачки тип.
Au premier abord, elle paraît très grande et très maigre. Pourtant le torse, sans corset dans une étoffe noire, est charnu et court. Mais les jambes, et surtout les bras, sont d'une longueur anormale.	На прв поглед изгледа многу висока и многу слаба. Сепак, торзото без корсет во црна ткаенина е месесто и кратко. Но нозете, а особено рацете се ненормално долги.
Le visage s'effile en avant comme une lame. Ses cheveux annelés, rudes et noirs, qu'elle masse sur la nuque, allongent encore la forme de la tête. La ligne accusée du nez prolonge celle un peu fuyante du front. Les yeux très fendus mais à peine ouverts, glissent en montant vers les tempes. La lèvre supérieure, d'un dessin énigmatique, comme immobilisée dans un perpétuel début de sourire, surplombe la lèvre inférieure, sans la joindre.	Лицето се истенчува кон напред како сечило. Косата кадрава, остра и црна што ја собира на тилот, уште повеќе ја издолжува формата на нејзината глава. Изразената линија на носот ја продолжува онаа по малку незабележлива на челото. Очите многу издолжени, но одвај отворени, продолжуваат нагоре кон слепоочниците. Горната усна, со загадочна линија, како скаменета во насмевка на зачеток, надвиснатата е над долната, без да се спои со неа.
D'un geste décidé, elle indique à Barois l'unique chaise de la chambre, et, sans gêne aucune, s'accroupit sur l'un des lits défaits.	Со одлучно движење, таа му го покажува на Бароа единствениот столче во собата, и без никаква нелагодност се склупчува на еден од разместените кревети.
BAROIS (prudemment).-Comment cet ... accident est-il arrivé, Madame?	БАРОА (претпазливо). — "Како се случи оваа... незгода, госпоѓо?"
JULIA.-Mademoiselle.	ЈУЛИЈА. — "Госпоѓица."

BAROIS (souriant).-Je vous demande pardon.	БАРОА (насмевнувајќи се). — "Простете ве молам."
JULIA (sans se troubler).-Nous n'avons pas su. (Montrant les lits.) Il était minuit passé, nous étions couchées, mère et moi... (Montrant la chambre de Woldsmuth.) Nous avons entendu une petite explosion. Mais nous ne nous sommes pas inquiétées. Au contraire, j'étais contente de penser que mon oncle s'était remis à travailler, qu'il oubliait un peu cette affaire... Et puis, le matin, il nous a appelées: il avait la figure toute coupée par les éclats du verre, et brûlée...	ЈУЛИЈА (без да се вознемири). — "Не знаевте."(Ги покажува к реветите.)"Беше по полноќ. Јас и мајка ми спиевме..."Слушнав ме мала експлозија. Но не се вознемиривме. Напротив, бев задоволна од помислата дека мојот вујко повторно почнал да работи, дека ја заборава по малку онаа афера... А потоа, утрината, тој нè повика: целото лице му беше исечено од парчиња стакло, и изгорено..."
BAROIS (intrigué).-Une explosion de quoi?	БАРОА (заинтересиран). — "Експлозија на што?"
JULIA (sèchement).-Une cornue qui a éclaté au feu.	ЈУЛИЈА (суво). — "Реторта која експлодирала на огнот."
Barois se souvient tout à coup que Woldsmuth a été préparateur de chimie.	Одеднаш Бароа се присетува дека Волдсмут е асистент по хемија.
Léger silence.	Лесна тишина.
BAROIS.-Je ne voudrais pas interrompre vos occupations, Mademoiselle...	БАРОА. — "Не би сакал да ве прекинам во работата, Госпоѓиц е..."
Elle est accoudée au milieu des draps, las jambes croisées, et elle le dévisage librement, d'un regard sympathique et sans équivoque.	Таа е налактена среде чаршафите, со скрстени нозе и го мерка со симпатичен и отворен поглед.
JULIA.-Nullement... Je suis heureuse de cette occasion. J'entends depuis longtemps parler de vous. J'ai lu vos études et vos chroniques dans le Semeur...	ЈУЛИЈА. — "Никако... Мило ми е поради оваа можност. Одамна слушам за вас. Ги прочитав вашите студии и хроники во Сејач ..."
(Un temps. Sans le regarder, elle conclut, avec une franchise un peu distante.) Vous avez une belle vie.	(По некое време. Без да го гледа, заклучува со по малку резерв ирана искреност:)"Вие имате убав живот."
Sa voix est gutturale, comme celle de Woldsmuth, avec, en plus, une désinvolture un peu rude.	Нејзиниот глас е грлен, како и гласот на Волдсмут, плус мала груба опуштеност.
Il ne répond rien. Etrange créature...	Тој ништо не одговара. Чудно суштество...
BAROIS (après un silence).-Woldsmuth ne m'avait pas dit	БАРОА (по тишината). — "Волдсмут не ми кажал дека сè уште

qu'il s'occupait encore de chimie.	се занимава со хемија."
Julia tourne précipitamment la tête: un peu de fièvre dans ses prunelles fluides...	Јулија нагло ја свртува главата: малку жар во нејзините раширени зеници...
JULIA.-Il ne raconte rien, parce qu'il travaille, il cherche... Il se dit: «Quand j'aurai trouvé, je parlerai...»	ЈУЛИЈА. — "Тој не раскажува ништо, бидејќи работи, истражува...Тој си вели: откако кога ќе пронајдам, ќе зборувам..."
Barois ne questionne pas, mais son attitude interroge.	Бароа не се распрашува, но неговото држење е прашално.
JULIA.-Il n'a pourtant aucun mystère à faire avec vous, Monsieur Barois.	ЈУЛИЈА. — "Тој меѓутоа нема што да крие од вас, господине Бароа. Вие сте биолог."
Vous êtes un biologiste. (D'une voix plus chaude.) Oncle pense qu'un jour l'homme arrivera, en réunissant certaines conditions dans un milieu parfaitement approprié, à créer de la vie... (Un sourire très simple.)	(Со потопол глас.)"Вујко мисли дека еден ден човекот ќе успее, со постигнување на одредени услови во совршено соодветна средина, да создаде живот..."(Многу едноставна насмевка.)
BAROIS.-A créer de la vie?	БАРОА. — "Да создаде живот?"
JULIA.-Ne le croyez-vous pas?	ЈУЛИЈА. — "Не го мислите ли и вие тоа?"
BAROIS (surpris).-Je sais que cette hypothèse n'est pas invraisemblable, mais...	БАРОА (изненаден). — "Знам дека таа претпоставка не е невер ојатна, но..."
JULIA (vivement).-Oncle en est sûr.	ЈУЛИЈА (живо). — "Вујко е сигурен во тоа,"
BAROIS.-C'est un beau rêve, Mademoiselle. Et, en somme, il n'y a aucune raison pour qu'il soit irréalisable... (Réfléchissant tout haut.) On sait aujourd'hui que jadis la température de la terre a été trop élevée pour que la synthèse vivante y ait été possible. Il y a donc eu un moment où la vie n'existait pas, puis un moment où la vie a existé.	БАРОА. — "Тоа е убав сон, Госпоѓице. И конечно, нема причина тој да биде неостварлив..."(Размислува гласно.)"Денес знаеме дека некогаш температурата на земјата била премногу висока за синтезата на животот да биде возможна. Имаше значи момент кога животот не постоеше, а потоа момент во кој постоел."
JULIA.-Voilà. Et c'est cet instant précis où la vie est apparue, qu'il s'agit de reproduire...	ЈУЛИЈА. — "Ете. И токму тој определен момент кога се појавил животот треба да се пресоздаде..."
BAROIS (rectifiant).-Permettez. Je ne dis pas tout à fait: l'instant où la vie est apparue... Je dirai: l'instant où, sous l'influence de certaines conditions, qui restent à trouver, la	БАРОА (поправајќи се). — "Дозволете. Не велам токму во моментот кога се појавил животот... Ќе речам: моментот во кој, под влијание на одредени услови, кои треба да се пронајдат, се

synthèse vivante s'est faite, entre des éléments qui existaient déjà de toute éternité.	случила синтезата на животот, меѓу елементите кои отсекогаш постоеле."
JULIA (attentive).-Pourquoi cette distinction?	ЈУЛИЈА (внимателна). — "Зошто вакво разграничување?"
BAROIS (un peu gêné du tour technique de la conversation).-Mon dieu, Mademoiselle, parce que je crois que la locution courante: «la vie est apparue», est dangereuse... Elle correspond trop à cette manie que l'on a de toujours poser le problème d'un «commencement»...	БАРОА (малку стеснет поради стручниот тек на разговорот). — "Побогу, Госпоѓице, затоа што мислам дека вообичаениот израз: животот се појави, е опасен... Тој соодветствува премногу на опсесијата што постојано ја имаме да го поставува ме проблемот на почетокот..."
Elle a croisé les jambes, posé le coude sur un genou, et tient son menton dans sa main.	Таа ги вкрсти нозете, го постави лакотот врз коленото, и ја потпира брадата со рака.
JULIA.-Mais il est nécessaire, pour concevoir que la substance vivante existe, de supposer qu'elle a «commencé» d'être.	ЈУЛИЈА. — "Но потребно е за да се разбере дека живата супстанца постои, да се претпостави дека таа започнала да постои."
BAROIS (vivement).-Au contraire. Pour moi, c'est l'idée d'un début qui me semble impossible à concevoir! Tandis que j'accepte sans effort l'idée d'une substance qui «est», qui se transforme, qui évoluera éternellement.	БАРОА (живо). — "Напротив. Мене ми се чини дека токму идејата за почеток е неможно да се обмисли. Додека без тешкотија ја прифаќам идејата за супстанца која е, која се менува, која ќе еволуира вечно."
JULIA.-... Tout l'univers se tenant...	ЈУЛИЈА. — "Целата вселена е повзрана..."
BAROIS.-... ne formant qu'une seule substance cosmique, qui transmettrait la vie à tout ce qui émane d'elle...	БАРОА. — "...коа формира само една единствена космичка супстанца кој би го пренесувала животот на сè што произлегув а од неа..."
(Un temps.) Vous travaillez sans doute avec votre oncle, Mademoiselle?	(По некое време.)"Веројатно работите со вујко ви Госпоѓице?"
JULIA.-Un peu.	ЈУЛИЈА. — "По малку."
BAROIS.-Vous expérimentez les rayons du radium?	БАРОА. — "Сте експериментирале ли со зраци од радиум?"
JULIA.-Oui.	ЈУЛИЈА. — "Да."
BAROIS (rêveur).-Il est certain que les découvertes de la chimie n'ont pas laissé subsister grand'chose de l'abîme qui	БАРОА (занесено). — "Неспорно е дека откритијата на хемијата овозможија во голема мера да се надмине бездната

séparait autrefois la vie de la mort...	која порано го одделуваше животот од смртта..."
Un silence.	Тишина.
JULIA (montrant la machine à écrire).-Vous permettez que je continue mon travail? J'espère que vous n'attendrez plus longtemps...	ЈУЛИЈА (покажува кон машината за пишување) — "Ќе ми дозволите ли да продолжам со мојата работа? Се надевам дека нема уште долго да чекате..."
Elle s'installe. Le cliquetis de la dactylographie emplit la pièce.	Таа се сместува. Свечкањето на машината за пишување ја исполнува собата.
Sa silhouette se profile en sombre sur le vitrage blême. Une lumière frisante éclaire ses mains: des mains étrangères, plus claires au-dedans, d'une agilité simiesque; des doigts s'effilant en ongles jaunes plats et longs.	Нејзината силуета се оцртува затемнета на бледиот прозорец. Откосена светлина ги осветлува нејзините раце: чудни раце, посветли одвнатре, брзи како видра; прстите се завршуваат со жолти, рамни и долги нокти.
Cinq minutes s'écoulent.	Поминуваат пет минути.
LA VOIX DE WOLDSMUTH.-Julia!	ГЛАСОТ НА ВОЛДСМУТ. — "Јулија!"
Julia ouvre la porte.	Јулија ја отвора вратата.
JULIA.-Oncle, voici Monsieur Barois, justement...	ЈУЛИЈА. — "Вујко, еве го господинот Бароа, токму..."
Elle s'efface pour qu'il passe.	Таа се поттргнува тој да помине.
L'embrasure est étroite. Elle ne semble pas s'en apercevoir: aucun mouvement féminin de retrait. Au contraire, elle avance la tête, si près qu'il sent son souffle sur sa joue.	Просторот во вратата е тесен. Таа се чини дека не го забележув а тоа: не прави никакво женско движење за да се повлече. Напротив, ја подава главата нанапред, толку блиску што тој го чувствува нејзиниот здив на својот образ.
JULIA (bas).-Ne dites pas que je vous ai demandé d'attendre.	ЈУЛИЈА (тивко). — "Не кажувајте дека ве замолив да почекате."
Il acquiesce des yeux.	Тој одобрува со очите.
La chambre de Woldsmuth est agrandie par un avant-corps vitré, ancien atelier de photographie transformé en laboratoire.	Собата на Волдсмут е проширена со застаклен испапчен дел, поранешно фотографско ателје преуредено во лабораторија.
Barois s'avance vers le fond de la chambre, qui forme alcôve.	Бароа оди кон крајот на собата кој образува алков3.
Un corps d'enfant soulève à peine les draps; si menu que la grosse tête en linge, posée sur l'oreiller, ne semble pas lui	Детско тело ги поткрева тешко чаршафите; толку е слабичко што изгледа како големата глава со завој, поставена на

appartenir.	перницата, да не му припаѓа нему.
BAROIS.-Mon pauvre ami... Vous souffrez?	БАРОА. — "Кутар мој пријателе... Страдате?"
WOLDSMUTH.-Non. (Gardant sa main.) Julia va vous donner un siège...	ВОЛДСМУТ. — "Не."(Му ја држи раката.)"Јулија ќе ви даде столче..."
Barois la devance et tire une chaise près du lit.	Бароа ја испреварува и повлекува едно столче до креветот.
Julia sort.	Јулија излегува.
WOLDSMUTH (fierté tendre, qui s'efforce de paraître paternelle).-Ma nièce.	ВОЛДСМУТ (нежна гордост, се труди да изгледа како татковс ка). — "Внука ми."
C'est bien son timbre; mais, lui, il est méconnaissable. Un pansement d'ouate recouvre les cheveux, le nez, la barbe, ne laissant vivre qu'un sourire à demi-couvert, et les yeux marrons, sous les sourcils en broussaille.	Тоа е неговата боја на гласот, но тој е непрепознатлив. Памучен завој му ги покрива косата, носот, брадата, оставајќи место само за полускриена насмевка, и кафеавите очи, под разб ушавените веѓи.
WOLDSMUTH.-Je vous remercie d'être venu, Barois...	ВОЛДСМУТ. — "Ви благодарам што дојдовте Бароа..."
BAROIS.-C'est tout naturel, mon cher. Qu'y a-t-il donc?	БАРОА. — "Се разбира, драг мој. Што има значи?"
WOLDSMUTH (la voix changée).-Ah Barois! Il faut que tous les honnêtes gens sachent enfin ce qui se passe... Il est là-bas, il va mourir de privation... Et il est innocent!	ВОЛДСМУТ (со изменет глас). — "Ах, Бароа! Сите чесни луѓе конечно треба да дознаат што се случува... Тој е таму, ќе умре зашто е лишен... А невин е!"
BAROIS (souriant à cette hantise de malade).-Encore ce Dreyfus?	БАРОА (се смее на оваа опсесија на болниот). — "Сè уште за оној Драјфус?"
WOLDSMUTH (dressé sur les coudes, fébrile).-Je vous en prie, Barois, je vous en supplie, au nom de tout ce qui est noble et juste, abandonnez tout parti-pris, oubliez tout ce que vous avez appris par les journaux il y a deux ans, et tout ce qu'on raconte... Je vous en supplie, Barois, écoutez-moi!	ВОЛДСМУТ (потпрен на лактите, грозничав). — "Ве молам Бароа, ве молам во името на сè што е благородно и праведно, напуштете секакви предубедувања, заборавете сè што сте дознале од весниците пред две години, и сè што се раскажува... Ве молам Бароа, слушајте ме!"
(Se laissant retomber sur l'oreiller.) Ah, on dit toujours: le bien de l'humanité... Oui, c'est facile de s'intéresser à l'humanité en général, à la masse anonyme, à ceux dont on ne verra jamais la souffrance! (Rire nerveux.) Mais ce n'est rien, ça, non. Aimer	(Паѓајќи врз перницата.)"Ах, постојано велиме: доброто на чов ештвото... Да, лесно е да се интересираш општо за човештвото, за анонимната маса, за оние чиешто страдање никогаш нема да го видиш!"(Нервозно смеење.)"Но не, тоа не е ништо. Да се

son vrai prochain, aimer ceux dont la souffrance se trouve, un beau jour, là, tout près de nous... Ça, c'est aimer, c'est être bon!	сака вистинскиот близок, да се сакаат оние чие страдање, еден ден е тука, сосема блиску до нас... Тоа значи да се сака, тоа значи да се биде добар!"
(Se redressant.) Barois, je vous en supplie, oubliez tout ce que vous savez, et écoutez-moi!	(Се исправа.)"Бароа, ве преколнувам, заборавете сè што знаете и слушајте ме!"
Toute la vie de cet homme, bloc informe de bandelettes, s'est réfugiée dans le regard, seul libre: regard mouvant et ardent, qui implore et qui scrute.	Целиот живот на овој човек, безоблично мноштво од завои, се засолни во погледот, кој е единствено слободен: раздвижен, пламнат поглед, кој преколнува и истражува.
Barois ému, tend affectueusement la main.	Бароа трогнат ја подава срдечно раката.
BAROIS.-Je vous écoute. Ne vous exaltez pas...	БАРОА. — "Ве слушам. Не се возбудувајте..."
Woldsmuth se recueille un instant.	Волдсмут се прибира за момент.
Puis il tire de sous ses draps une liasse de pages dactylographiées qu'il essaye de feuilleter. Mais l'ombre, maintenant, s'est épaissie au fond de la pièce.	Потоа од под чаршафите вади еден врзоп отчукани страници што се обидува да ги прелиста. Но сенката од крајот на собата се згусна.
WOLDSMUTH (appelant).-Julia! Un peu de lumière, je te prie...	ВОЛДСМУТ (повикува). — "Јулија! Малку светлина, те молам..."
La machine à écrire stoppe.	Машината за пишување застанува.
Julia paraît, portant un petit fumeron à essence, qu'elle pose vivement sur la table de nuit.	Јулија се појавува, носејќи малечка газиена ламба што брзо ја поставува на ноќната масичка .
WOLDSMUTH.-Merci.	ВОЛДСМУТ. — "Благодарам."
Elle lui jette un sourire froid. Il la suit tendrement des yeux à travers ses linges, jusqu'à ce qu'elle ait disparu.	Таа му дофрла ладна насмевка. Тој нежно ја прати со очите низ завоите сè додека не исчезне.
Puis il tourne la tête vers Barois.	Потоа ја свртува главата кон Бароа.
WOLDSMUTH.-Il faut que je reprenne tout, comme si vous n'aviez jamais rien su...	ВОЛДСМУТ. — "Треба да почнам сè од почеток, како да не сте знаеле никогаш ништо..."
(Changeant de ton.) Remontons au début de l'année 1894.	(Го менува тонот.)"Да се вратиме на почетокот на 1894.
D'abord les faits, n'est-ce pas?	"Прво фактите, нели?"

Donc, au Ministère de la Guerre, on constate des fuites de pièces. Puis, un jour, le chef de la section de statistique remet au ministre une lettre qui aurait été trouvée parmi les papiers de l'ambassade d'Allemagne. Une lettre autographe, une sorte de bordereau, une liste des documents que l'auteur de la lettre propose de livrer à son correspondant.	"Значи во министерството за Воени прашања беше утврдена кражба на доверливи документи. Потоа, еден ден, шефот на одделот за статистика му доставува на министерот писмо кое наводно било најдено меѓу документите на амбасадорот на Германија: автобиографско писмо, еден вид список, листа на документи што авторот на писмото предлага да ги испорача на неговиот кореспондент.
Voilà le point de départ. Bien.	"Ете го почетокот. Добро.
On cherche un coupable. Sur cinq documents cités dans le bordereau, trois ont trait à l'artillerie: on cherche donc parmi les artilleurs de l'État-Major. D'après une analogie d'écriture, les soupçons se portent sur Dreyfus. Il est juif et peu aimé. Première enquête qui n'aboutit à rien.	"Се бара виновникот. Од петте документи цитирани во пописот, три се однесуваат на артилеријата; се бара значи меѓу артилерците од Генералштабот. Според извесна сличност во пи шувањето, сомневањата паѓаат на Драјфус. Тој е Евреин и непо пуларен. Една првична истрага која не завршува со ништо."
BAROIS.-Vous le dites.	БАРОА. — "Така вие велите."
WOLDSMUTH.-La preuve, c'est que l'acte d'accusation n'a rien trouvé de suspect, ni dans la vie privée de Dreyfus, ni dans ses relations. Rien que des présomptions...	ВОЛДСМУТ. — "Доказ за тоа е дека обвинителниот акт не пронајде ништо сомнително ниту во приватниот живот на Драјфус, ниту во неговите познанства. Ништо освен претпоста вки..."
BAROIS.-Vous avez lu l'acte d'accusation?	БАРОА. — "Го прочитавте обвинителниот акт?"
WOLDSMUTH (montrant un feuillet).-J'en ai la copie. Je vous la remettrai.	ВОЛДСМУТ (покажува едно ливче). — "Имам примерок. Ќе ви го доставам."
Un silence.	Тишина.
WOLDSMUTH.-On procède alors à deux expertises des écritures. L'un des experts ne pense pas que le bordereau soit de Dreyfus. L'autre croit qu'il peut être de sa main: mais son rapport débute par une restriction capitale.	ВОЛДСМУТ. — "Тогаш се пристапува кон две проценки на ра кописите. Едниот експерт не мисли дека списокот е на Драјфус. Другиот мисли дека тој можеби е напишан со негова рака: но неговиот извештај започнува со суштинско оградување."
(Il cherche dans les papiers.) Voici le texte: «... si l'on écarte l'hypothèse d'un document forgé avec le plus grand soin...»	(Тој бара во хартиите.) "Еве го текстот: '...ако се отфрли претп оставката за документ подготвен со огромна грижа ...'

Ce qui veut dire, n'est-ce pas? L'écriture ressemble beaucoup à celle de Dreyfus, mais je ne peux pas dire si elle est de lui ou d'un imitateur.	"Што би се рекло, нели? ракописот многу наликува на оној на Дрејфус, но не можам да кажам дали е негов или на некој имитатор.
Vous me suivez, Barois?	"Ме следите Бароа?"
BAROIS (très froid).-Je vous suis.	БАРОА (многу ладно). — "Ве следам."
WOLDSMUTH.-Sur ces deux expertises contradictoires, on décide l'arrestation. Oui. Sans attendre un supplément d'enquête, sans même surveiller les allées et venues de celui qu'on soupçonne... On est moralement convaincu que c'est lui. Ça suffit. On l'arrête.	ВОЛДСМУТ. — "Врз основа на овие две противречни проценки, се одлучува апсење... Да... Без да се чека дополнител на истрага, дури и без да се надгледува движењето на тој кој се сомничи... Морално се убедени дека тоа е тој. Тоа е доволно. Го апсат.
Là, un incident dramatique, que je veux vous raconter.	"Тогаш, еден драматичен инцидент кој сакам да ви го раскажам.
Dreyfus est convoqué, un matin, au ministère, pour une inspection générale. On lui a recommandé, contre toutes les règles, de se présenter en civil. Premier étonnement. Remarquez que s'il avait été coupable, sa méfiance se serait éveillée et il aurait eu le temps de fuir. Mais non. Il arrive, tranquillement, à l'heure dite, et ne trouve aucun des camarades habituellement convoqués avec lui. Nouvelle surprise.	"Дрејфус е повикан, едно утро, во министерството, поради општа проверка. Му се препорачува, спротивно на сите правила, да дојде во цивилни алишта. Прв момент за чудење. З абележете дека, да бил виновен, неговата сомничавост ќе се разбудела, и ќе имал време да избега. Но не. Тој пристигнува, смирено, во назначениот час, и не наоѓа никого од колегите, во обичаено повикувани со него. Втор момент за чудење.
On l'introduit hâtivement dans le cabinet du chef d'État-Major général. Le général n'y est pas; mais des inconnus, en civils, sont là, massés dans un coin, et le dévisagent. Un commandant, sans lui parler de l'inspection, lui dit: «J'ai mal au doigt, voulez-vous écrire une lettre à ma place?»	"Брзо го внесуваат во кабинетот на Командантот на Генералшт абот. Командантот не е таму; но непознати, во цивил, се таму, собрани во еден агол и го одмеруваат со поглед. Еден командант, без да му зборува за инспекцијата, му вели: 'Ме боли прстот, сакате ли да напишете писмо наместо мене?'
Étrange moment pour demander à un subordonné ce service d'ami...	"Чуден момент за да се побара од подреден пријателска услуга... Некаква мистерија лебди. Зборовите, однесувањето, сè е необично...
Il plane une sorte de mystère.	"Дрејфус седнува, збунет.

Les paroles, les attitudes, tout est insolite. Dreyfus s'assied, interloqué. Aussitôt le commandant commence une dictée: des phrases choisies parmi celles du bordereau incriminé. Naturellement Dreyfus ne les reconnaît pas; mais la voix hostile de l'officier supérieur et cette atmosphère de drame qui l'enserre depuis son arrivée, le troublent: son écriture s'en ressent. Le commandant se penche vers lui, et crie: «Vous tremblez!» Dreyfus, ne comprenant pas ce mouvement d'humeur, s'excuse: «J'ai froid aux doigts...»	"Командантот веднаш започнува да диктира? Реченици одбрани од оние на инкриминираниот список. Нормално, Дрејфус не ги препознава, но непријателскиот глас на повисок иот офицер и оваа драматична атмосфера кои го притискаат уште од доаѓањето го обеспокојуваат: тоа се чувствува и на неговиот ракопис. Командантот се наведнува кон него, и вика: 'Вие треперите!' Дрејфус не го разбира ова избувнување, се извинува: 'Ми студи на прстите...'
La dictée continue. Dreyfus s'applique à écrire mieux. Le commandant, déçu, l'interrompt: «Faites attention, c'est grave!» Et brusquement: «Au nom de la loi, je vous arrête!»	"Диктирањето продолжува. Дрејфус се труди да пишува подобро. Командантот разочаран го прекинува: 'Внимавајте, сериозно е!' И одеднаш: 'Во името на законот, ве апсам!'
BAROIS (impressionné).-Mais ce récit, d'où le tenez-vous? L'Eclair a raconté les faits tout autrement.	БАРОА (импресиониран). — "Но од каде ви е оваа приказна? Еклер ги раскажа фактите сосема поинаку."
(Il se lève et fait quelques pas dans la chambre obscure.) Qui vous dit que votre histoire est la vraie?	(Станува и прави неколку чекори во темната соба.)"Кој ви кажал дека вашата приказна е вистинита?"
WOLDSMUTH.-Je sais d'où viennent les renseignements de l'Eclair. La scène a été dénaturée.	ВОЛДСМУТ. — "Знам од каде доаѓаат податоците на Еклер. Сцената беше извртена."
(Baissant la voix.) Barois, j'ai eu entre les mains la photographie de la dictée... Oui! Eh bien, l'émotion qu'elle révèle est presque insignifiante et très explicable.-En tous cas, je vous affirme qu'un traître qui se sent découvert, et à qui l'on veut faire écrire les mots mêmes dont il s'est servi pour trahir, ne se maîtrise pas à ce point, ce n'est pas possible!	(Го стишува гласот.)"Бароа, ја имав в раце фотографијата од из диктираното писмо... Да! Па добро, емоцијата што тоа ја открива е речиси неважна и лесно објаснива. — Во секој случај, ви тврдам дека предавник кој се чувствува разоткриен и кому му наложуваат да ги пишува истите зборови што ги користел за да го изврши предавството, не владее со себе до таа степен: тоа е невозможно!"
Barois ne répond pas.	Бароа не одговара.
WOLDSMUTH.-Et puis, je sais encore autre chose. Le mandat d'arrestation a été signé un jour avant l'épreuve de la dictée; et l'arrestation était si bien décidée, quoi qu'il pût arriver ce	ВОЛДСМУТ. — "А потоа, знам и нешто друго. Налогот за апсење бил потпишан еден ден пред проверката со диктирањет о; а апсењето било одлучено, што и да се случело тоа утро, зат

matin-là, que la cellule de la prison était prête depuis la veille!	ворската ќелија била подготвена претходниот ден!"
Barois ne répond toujours rien.	Бароа сè уште ништо не одговара.
Il est assis au chevet du lit, les bras croisés, le buste droit, la tête un peu en arrière, les sourcils dressés, son menton volontaire, levé, provoquant.	Тој седи на заглавјето од креветот, со скрстени раце, со исправени гради, со главата малку зафрлена наназад, со кренати веѓи, со неговата тврдоглава брада намерно поткренат а, провокативно.
Un instant de silence.	Момент на тишина.
Woldsmuth parcourt ses notes. Puis il relève la tête, et se penche vers Barois.	Волдсмут ги прелистува белешките. Потоа ја крева главата и се наведнува кон Бароа.
WOLDSMUTH.-Donc, Dreyfus est incarcéré. Pendant quinze jours, au risque d'un transport cérébral, on refuse de lui expliquer son arrestation, on ne lui dit pas ce dont il est accusé.	ВОЛДСМУТ. — "Дрејфус е значи затворен. Петнаесет дена, из ложувајќи го на опасност од излив во мозокот, одбиваат да му го објаснат апсењето, не му кажуваат за што е обвинет.
Pendant ces quinze jours on enquête, on cherche partout. On le questionne, on le cuisine, sans résultat. On perquisitionne chez lui. On interroge sa femme avec une cruauté impitoyable, en lui laissant ignorer où est son mari, en lui persuadant même qu'elle signerait l'arrêt de sa mort si elle informait qui que ce soit de sa disparition.	"За време на тие петнаесет дена, истражуваат, бараат насекаде. Го испрашуваат, го обработуваат: без резултат. Вршат претрес кај него дома. Ја испрашуваат жена му со неумолива суровост, не ù кажуваат каде е маж ù, ја убедуваат дури и дека си потпишува смртна пресуда ако извести било кого за неговото и счезнување.
Enfin, le quinzième jour, on montre à Dreyfus le bordereau. Il nie avec violence, avec désespoir: peu importe; l'instruction préparatoire est terminée.	"Конечно, петнаесеттиот ден му го покажуваат списокот на Дрејфус. Тој жестоко негира, очаен: не е важно, истражната постапка е завршена.
Le parquet du Conseil de guerre est saisi. Une nouvelle instruction commence. Dreyfus est de nouveau questionné, pressé, retourné en tous sens; des témoins sont entendus; on cherche des complices, sans succès. L'enquête n'aboutit à rien de sérieux.	"До обвинителството на Воениот совет е поднесена тужба. Започнува нова истрага. Повторно го испрашуваат Дрејфус, го притискаат, го тресат низ сито и решето; преслушуваат сведоци; се бараат соучесници: безуспешно. Истрагата не пронаоѓа ништо сериозно.
Alors, Barois, le ministre de la Guerre jette une première fois sa parole dans la balance. Au cours d'une interview de presse, il déclare, lui, ministre, que la culpabilité de Dreyfus est	"Во тој момент, Бароа, министерот за правда прв пат се вклучува во игра. За време на едно интервју за печатот тој, мин истерот, изјавува дека вината на Дрејфус е апсолутно сигурна,

«absolument certaine», mais qu'il ne peut s'expliquer davantage.	но дека тој не може повеќе да објаснува.
Quelques semaines plus tard, Dreyfus est jugé à huis-clos, condamné, dégradé, déporté.	"Неколку недели подоцна, на Драјфус му се суди зад затворени врати, тој е осуден, расчинет, прогонет."
BAROIS.-Eh bien, voyons, mon cher, vous n'êtes pas ébranlé par cette condamnation? Si vraiment aucune charge sérieuse ne s'élevait contre Dreyfus, pensez-vous que des officiers...	БАРОА. — "Е па добро, да видиме, драг мој, вас не ве поколеб ува оваа пресуда? Ако навистина немало никакво сериозно обвинение против Драјфус, мислите ли дека офицери?..."
WOLDSMUTH (avec angoisse).-Oui, je dis, j'affirme, qu'après quatre jours de débats, il a été indubitablement établi que Dreyfus n'avait eu aucune relation suspecte, que ses voyages à l'étranger, ses besoins d'argent, ses habitudes de jeu, ses liaisons amoureuses, tout ce que l'on avait lancé dans la presse antisémite, pour influencer défavorablement l'opinion, étaient des racontars sans fondement.	ВОЛДСМУТ (со вознемиреност). — "Да, велам, потврдувам дека по четиридневна дебата, беше несомнено востановено дека Драјфус немал никакви сомнителни познанства, дека неговите патувања во странство, неговите парични потреби, неговите коцкарски навики, неговите љубовни врски, сето она што беше изнесено во антисемитскиот печат за да се изврши негативно влијание врз јавното мнение, сето тоа се неосновани озборувања."
BAROIS (haussant les épaules).-Et, malgré ça, il se serait trouvé deux colonels, deux commandants, deux capitaines, pour... Voyons, mon cher, voyons!...	БАРОА (ги крева рамениците). — "И покрај тоа, би требало да се најдат двајца полковници, двајца команданти, двајца капетани за да... Да видиме драг мој, да видиме!..."
Dans le regard enflammé du malade passe comme une satisfaction de n'avoir pas convaincu Barois: plus la résistance sera vive, plus la certitude et la révolte finales, seront fortes.	Во вжештениот поглед на болниот минува нешто како задовол ство затоа што не го убедил Бароа: Колку е поголем отпорот, толку ќе бидат посилни на крај увереноста и револтот.
WOLDSMUTH (soulevant les feuillets dactylographiés).-Tout e la vérité est là.	ВОЛДСМУТ (ги поткрева отчуканите листови). — "Сета вистина е тука."
BAROIS.-Qu'est-ce que c'est?	БАРОА. — "Што е тоа?"
WOLDSMUTH.-Un mémoire, Barois, un simple mémoire... Rédigé par un inconnu, un admirable cœur, un esprit d'une clarté, d'une logique invincibles.	ВОЛДСМУТ. — "Студија, Бароа, обична студија... Напишана од непознат, со извонредно срце, со ум полн со непобедлива јасност и логика."
BAROIS.-Comment l'appelez-vous?	БАРОА. — "Како го викате?"
WOLDSMUTH (respectueusement).-Bernard Lazare.	ВОЛДСМУТ (со почит). — "Бернар Лазар."

Barois fait un geste qui signifie: «Je ne connais pas.»	Бароа прави движење кое значи:"Не го познавам."
WOLDSMUTH.-Il faut que vous m'écoutiez jusqu'au bout. Je n'ai pas fini; je commence... Je vous ai appelé, pour que vous sachiez, vous, ce qui se passe: mais pour autre chose aussi.	ВОЛДСМУТ. — "Треба да ме ислушате докрај. Не завршив! почнувам... Ве викнав за да знаете, вие, што се случува: но и поради нешто друго исто така."
(Avec une autorité inattendue, imposante.) Barois, il faut vaincre cette conspiration de mensonges, de sous-entendus et de silences, qui bâillonne la vérité. Il faut qu'une parole accréditée se fasse entendre... Qu'un homme, dont la droiture est reconnue de tous, soit averti, soit convaincu, et que sa conscience crie tout haut, pour nous tous!	(Со неочекуван, величествен авторитет.) Бароа треба да се победи овој заговор на невистини, на претпоставки и на тишина кои ја задушуваат вистината. Треба да се чуе гласот на некоја угледна личност... Треба да се извести, да се убеди некој човек, чија правичност е призната од сите, и неговата совест треба гласно да вика, за сите нас!"
Il s'est soulevé sur les mains, et à travers ses linges, il fixe Barois, pour voir s'il a compris son désir.	Се кренал на рацете, и низ чаршафите, го вперува погледот во Бароа за да види дали тој ја разбрал неговата желба.
Le masque de Barois, éclairé à plein par la petite flamme, reste dur et impassible.	Одвај осветлено од малиот пламен, лицето на Бароа останува круто и рамнодушно.
WOLDSMUTH (précisant, avec une supplication de la voix).- Il faut, en un mot, que Luce reçoive la visite de Bernard Lazare. (Mouvement de Barois.) Il faut qu'il consente à l'entendre, sans parti-pris, avec sa seule bonne foi et sa probité.	ВОЛДСМУТ (Уточнува со молба во гласот). — "Потребен е, со еден збор, Лис да го прими Бернар Лазар."(Движење на Баро а.)"Треба да се согласи да го сослуша, без пристрасност, само со својата добра волја и чесност."
(Brandissant les feuillets.) Il faut que cet appel soit imprimé à cent mille exemplaires!	(Мафтајќи со листовите.)"Овој повик треба да се испечати во сто илјади примероци!
Il y a là une mission de justice, à laquelle ni moi, ni vous, ni lui, ne pouvons plus nous dérober!	"Се работи за мисија на правдата, која ниту јас, ниту вие, ниту тој не можеме повеќе да ја одбегнуваме!"
Barois fait mine de se lever.	Бароа прави движење како да ќе стане.
WOLDSMUTH.-Attendez, Barois, ne vous prononcez pas. Non, non, ne me dites rien... Patientez, écoutez...	ВОЛДСМУТ. — "Чекајте Бароа, не се изјаснувајте. Не, не, не ми кажувајте ништо... Стрпете се, слушајте..."
(Suppliant.) Ne vous raidissez pas, Barois... Vous allez être juge: soyez seulement impartial... Je veux vous lire des fragments, je veux que vous soyez pénétré par cette longue clameur vers la justice...	(Преколнувајќи.)"Не се опирајте, Бароа... Вие ќе бидете судија: бидете само непристрасен... Сакам да ви прочитам делови, сакам да ве проникне ова долго извикување кон правдата..."

(Fébrilement.) Voyons... Ceci, d'abord:	(Трескавично)"Да видиме... Прво ова:
«Le capitaine Dreyfus a été arrêté à la suite de deux expertises contradictoires.	"Капетанот Драјфус беше уапсен по две противречни експерти зи.
«L'instruction a été conduite de la façon la plus arbitraire. Elle n'a abouti qu'à montrer l'inanité absolue des racontars faits sur le capitaine Dreyfus, et le mensonge des rapports policiers que des témoins ont démenti et que l'accusation n'a pas osé retenir.	"Истрагата се водела на најпроизволен начин. Таа успеала само да ја покаже апсолутната бесмисленост на озборувањата за капетанот Драјфус и лагата на полициските извештаи што биле оспорени од страна на сведоците и што обвинителството не се ни осмелило да ги задржи.
«La base de l'accusation reste donc une feuille de papier pelure-sorte de bordereau d'envoi, de style et d'orthographe biz arres,-déchirée en quatre morceaux et soigneusement recollée.	"Основата на обвинението останува значи еден лист копирна хартија — некој вид список, со чуден стил и правопис — искинат на четири дела и внимателно залепен.
«D'où venait cette pièce? D'après le rapport de M. Besson d'Ormescheville, le général Joux, en la remettant à l'officier de police judiciaire, déclara qu'elle avait été adressée à une puissance étrangère, qu'elle lui était parvenue, mais que, d'après les ordres formels du ministère de la Guerre, il ne pouvait indiquer par quels moyens ce document était tombé en sa possession.	"Од каде дојде овој документ? Според извештајот на М. Бесон д'Ормешвил, генералот Жу доставувајќи му го на службеникот на судската полиција, изјавил дека тој бил пратен на странска власт, дека дошол кај него, но дека согласно строгите наредби на министерот за Воени прашања, тој не може да каже на кој начин овој документ дошол во негови раце.
«L'accusation ne sait donc pas comment ce document non daté, non signé, est parti des mains de l'inculpé. La défense ignore par quelles voies il est revenu de l'ambassade qui le possédait. A qui la lettre était-elle adressée? Qui l'a volée ou livrée? A toutes ces questions pas de réponse.».	"Обвинителството значи не знае како овој документ без датум, непотпишан, заминал од рацете на виновникот. Одбраната не знае како се вратил од амбасадата која го поседувала. До кого било адресирано писмото? Кој го украл или испорачал? На сите овие прашања нема одговор."
(S'interrompant.) Ailleurs, déjà, il avait démontré l'invraisemblance de cette pièce. (Reprenant sa lecture.) Tenez:	(Прекинувајќи се.)"На друго место тој веќе ја покажал невероја тноста на овој документ. (продолжува да чита.)"Пазете:
«Ce document lui-même est-il vraisemblable? Non. «Examinons son origine, ou plutôt l'origine qu'on lui attribue. D'après M. Montville (Journal du 16 Septembre 1896) il aurait été trouvé, à l'ambassade d'Allemagne, par un garçon de	"'Самиот овој документ, веројатен ли е? Не. Да го испитаме неговото потекло, или поскоро потеклото што му се припишува. Според М. Монвил (Журнал од 16 септември 1896) тој би требало да бил пронајден во амбасадата на

bureau qui avait l'habitude de livrer à des agents français, le contenu des corbeilles à papier. Y a-t-il jamais eu à l'ambassade d'Allemagne quelqu'un qui se soit livré à ce trafic? Oui. Cela était-il resté ignoré de l'ambassade? Non. Quand cette ambassade en eut-elle connaissance? Un an environ avant l'affaire Dreyfus. Dans quelles circonstances? Je vais le dire.»	Германија, од канцеларискиот помошник кој вообичаено им ја испорачувал на француските агенти содржината на корпите за отпадоци. Имало ли некогаш во амбасадата на Германија некој кој би се впуштил во таква работа. Да. Дали тоа останало непознато за амбасадата? Не. Кога го дознала тоа амбасадата? Околу една година пред аферата Драјфус. Под кои услови? Ќе ви го кажам тоа.'"
(S'interrompant.) Je vous passe le récit du procès de Mme Millescamps en police correctionnelle. Vous le lirez...	(Прекинувајќи се.)"Ви го давам записникот од процесот на Г-ѓа Милкан во судот за прекршоци. Ќе го прочитате..."
(Reprenant:)	(Продолжува):
«Donc, un an avant l'affaire Dreyfus, on savait à l'ambassade d'Allemagne que les détritus de papier étaient communiqués à des agents français. Mais on ignorait, un an après, si celui qui se livrait à ce commerce n'était pas toujours à l'ambassade. On avait, par conséquent, la plus extrême méfiance, et on prenait les plus grandes précautions.	"'Значи, година дена пред аферата Драјфус, Во амбасадата на Германија знаеја дека фрлената хартија се доставува на францу ските агенти. Но не знаеја дали оној кој се впуштил во таа работа е сè уште во амбасадата. Поради тоа, беа крајно сомничави, и преземаа најголеми мерки на претпазливост.
«Est-il donc admissible qu'on ait déchiré en quatre morceaux et jeté au panier un papier aussi compromettant pour un auxiliaire précieux et qu'on devait tenir essentiellement à conserver, alors qu'on savait que, selon toute probabilité, ces fragments seraient livrés au bureau de renseignements du ministère de la Guerre?	'Прифатливо ли е значи дека бил искинат на четири дела и фрлен во корпата еден толку компромитирачки документ за важен соработник ако се знае дека, овие делови сигурно ќе бидат доставени во бирото за информации на министерството за Воени прашања?
«L'origine qu'on attribue à ce bordereau n'est donc pas plausible, à moins qu'on admette sa confection par un faussaire en relations avec un personnage, depuis longtemps acquis, du bas personnel de l'ambassade d'Allemagne, et ayant pu par cette entremise introduire ce bordereau fabriqué, énumérant des pièces qui jamais n'ont été livrées, et le faire sortir ensuite par des procédés habituels.	'Потеклото што му се припишува на овој список значи не е вер одостојно, освен ако се признае дека го составил фалсификатор , поврзан со одреден човек, одамна врбуван, од редовите на понискиот персонал во амбасадата на Германија, кој можел на тој начин да го внесе овој измислен список на документи кои никогаш не биле испорачани, и да го изнесе потоа по вообичае на постапка.
«Etudions maintenant la vraisemblance du document. Voit-on	'Да ја проучиме сега веројатноста на документот. Која е

la nécessité, pour celui qui aurait trahi, de faire accompagner son envoi d'un bordereau inutile et compromettant? Généralement la préoccupation d'un espion ou d'un traître est de ne laisser aucune trace de ses actes. S'il livre des documents, il les mettra entre les mains d'une série d'intermédiaires chargés de les faire parvenir à destination, mais jamais il n'écrira. Il faut remarquer d'ailleurs que l'acte d'accusation est fort embarrassé pour expliquer la façon dont un tel bordereau aurait pu être transmis. Est-ce par la poste? Quelle folie! Est-ce par l'intermédiaire de quelqu'un? Alors, quel besoin de remettre un bordereau? Quelle nécessité d'écrire, au lieu de donner les pièces de la main à la main?	потребата на оној кој сака да изврши предавство, во својата пратка да приложи и непотребен и компромитирачки список? Обично главна грижа на шпионот или на предавникот е да не остави никаква трага од неговите активности. Ако испорачува документи, тоа ќе го направи преку цела низа посредници задолжени да го обезбедат нивното пристигнување на одредиш тето, но никогаш нема да пишува. Всушност, треба да се забележи дека обвинителниот акт има страшно многу тешкотии да го објасни начинот на кој еден таков список би можел да биде испорачан. По пошта? Каква будалаштина! Со нечие посредништво? Тогаш, каква е потребата да се испорача список? Зошто има потреба да пишува наместо да ги даде доку ментите на рака?
L'absurdité de ces deux hypothèses est telle, que l'acte d'accusation a mieux aimé s'en abstenir.»	"Апсурдноста на овие две претпоставки е таква што обвинител ниот акт претпочитал да се воздржи од нив.
(S'interrompant.) Vous me suivez, Barois?	(Прекинувајќи се.)"Ме следите Бароа?"
Barois, sans répondre, l'invite à poursuivre d'un geste rude.	Бароа без да одговори го повикува да продолжи со груб гест.
Il ne cherche plus à prendre une attitude. Les coudes sur les genoux, le dos ployé, le menton enfoncé dans les mains, son regard dur impitoyablement rivé à cette tête inexpressive en tarlatane dont pas un détail ne lui échappe, les narines palpitantes, les lèvres entr'ouvertes et crispées sous la moustache, il écoute, il attend la suite, le cœur battant d'anxiété, espérant encore que tout cela n'est pas vrai.	Тој повеќе не настојува да заземе став. Со лактите на колената, со свиткан грб, со брада збиена во рацете, неговиот строг поглед, неумоливо прикован за оваа безизразна глава во тарлатан7 и од која не му бега ниту еден детаљ, ноздрите што пулсираат, подотворените усни, згрчени под мустаќите, тој слуша, тој го чека продолжението, со срцето што чука од возбуда, надевајќи се сеуште дека сето тоа не е вистина.
WOLDSMUTH (après l'avoir examiné silencieusement).-Je continue...	ВОЛДСМУТ (откако молчаливо го проучи). — "Продолжувам. ..
«A-t-on trouvé, pendant les deux mois d'enquête, que le capitaine Dreyfus ait eu des relations suspectes? Non. Cependant l'étrange missive dit: «Sans nouvelles m'indiquant que vous désirez me voir.» Il voyait donc le correspondant	'Се откри ли за време на двомесечната истрага дека капетанот Драјфус имал сомнителни познаници? Не. Сепак чудната дописка вели: 'Без вести со назнака дека сакате да ме видите.' Значи тој се гледал со тајновитиот кореспондент? Го истражија

mystérieux? On a scruté sa vie, suivi tous ses pas, examiné toutes ses actions, on n'a pu citer aucune fréquentation compromettante...	неговиот живот, ги следеа неговите чекори, ги проучија сите негови дејствија, не можеа да наведат ниту една компромитира чка посета...
«Jamais l'accusation n'a pu produire un fait, alléguer une charge pouvant faire supposer que le capitaine Dreyfus ait eu des relations quelconques avec un agent étranger, MÊME POUR LE SERVICE DE L'ÉTAT-MAJOR!	'Никогаш обвинителството не можеше да изнесе факт, да наведе обвинение од кои би можело да се претпостави дека капетанот Драјфус имали некакви односи со странски агент, ДУРИ НИ ЗА СЛУЖБАТА ВО ГЕНЕРАЛШТАБОТ!
«... Quelles raisons ont pu pousser le capitaine Dreyfus à commettre la trahison dont on l'accuse? Etait-il besogneux? Non. Il était riche. Avait-il des passions et des vices à satisfaire? Aucun. Etait-il avare? Non, il vivait largement et n'a pas augmenté sa fortune. Est-ce un malade, un impulsif susceptible d'agir sans raison? Non, c'est un calme, un pondéré, un être de courage et d'énergie. Quels puissants motifs cet heureux avait-il pour risquer tout ce bonheur? Aucun.	'...Кои причини можеле да го натераат капетанот Драјфус да го изврши предавството за кое го обвинуваат? Бил ли сиромашен? Не, тој беше богат. Имал ли страсти и пороци? Ниту еден. Бил ли лаком? Не, не се стеснувал во трошењето и не го зголемувал богатсвото. Дали е болен, импулсивен човек настроен да прави нешто без причина ? Не, тој е мирен, одмерен, храбро и енергично суштество. Какви силни причини имал овој среќен човек да ја ризикува сета таа среќа ? Никакви.
«A cet homme que rien ne pousse au mal, que rien n'accuse, que l'enquête établit probe, travailleur, de vie régulière et honnête; à cet homme, on montre un papier mystérieux, louche, de provenance obscure: On lui dit: «C'est toi qui as écrit ceci. Trois experts l'attestent, et deux le nient.» Cet homme, s'appuyant sur sa vie passée, affirme qu'il n'a pas commis pareil acte, il proteste de son innocence; on reconnaît l'honorabilité de son existence, et, sur le témoignage contradictoire de ces experts en écriture, on le condamne à la déportation perpétuelle!»[4]	'На овој човек, што ништо не го поттикнува на зло, што ништо не го обвинува, кого истрагата го определува како исправен, работлив, со редовен и чесен живот, на овој човек му покажува ат мистериозен лист, сомнителен, со нејасно потекло: Му велат: 'Ти си го напишал тоа. Тројца експерти го тврдат тоа, двајца го негираат.' Овој човек, потпирајќи се на своето минато, тврди дека не сторил слично дело, тој уверува во својата невиност; ја признаваат чесноста на неговиот живот, и врз основа на противречното сведочење на тие експерти за ракопис, го осудуваат на доживотно прогонство8 !"
Un silence.	Тишина.
WOLDSMUTH.-Et voici maintenant ce que Lazare écrit sur la communication secrète:	ВОЛДСМУТ. — "А еве што пишува Лазар за тајната порака:
«Cela n'eût pas suffi, en effet.	'Тоа всушност не би било доволно.

«Aussi, mis en présence de ces seules charges, le Conseil de guerre penchait vers l'acquittement.	’Така, исправен само пред овие обвиненија, воениот совет беше склон кон ослободување.
«C'est alors que le général Mercier, malgré les promesses formelles faites au ministre des Affaires étrangères, se décida à communiquer en secret-hors la présence même de l'avocat,-aux juges du Conseil de guerre, dans la chambre des délibérations, la pièce, suprême accusation, qu'il avait gardée jusqu'à ce moment. Quelle était cette pièce?	’Токму тогаш генералот Мерсие, и покрај формалните ветувања дадени на министерот за надворешни работи, одлучи тајно да им го достави — дури и без присуство на адвокат, — на судиите на воениот совет, во судницата, документот, врвно обвинение, што го чувал сè до тој момент. Кој беше тој документ?
«Elle était, dit l'Eclair, relative au service d'espionnage à Paris, et contenait cette phrase: «DÉCIDÉMENT CET ANIMAL DE DREYFUS DEVIENT TROP EXIGEANT.»	Тој беше, вели Еклер, во врска со шпионската ќелија во Париз, и ја содржеше следната реченица: 'НАВИСТИНА ОВА ЖИВОТНО ДРАЈФУС ПРЕМНОГУ БАРА.'
«Cette lettre existe-t-elle? Oui. A-t-elle été communiquée secrètement aux juges? Oui.	’Постои ли ова писмо? Да. Доставено ли им е кришум на судиите? Да.
«La phrase citée par l'Eclair est-elle contenue dans cette missive?	’Дали реченицата што ја цитира Еклер е содржана во ова писмо?
«J'affirme que non.	’Тврдам дека не.
«J'assure que celui qui a livré au journal l'Eclair cette pièce dont on redoutait à tel point-en raison de complications diplomatiques possibles-la divulgation, que l'on dut, à cause de son existence même, exiger le huis-clos,-j'assure que celui-là n'a pas craint, ajoutant une infamie à celles déjà commises, de falsifier ce document capital, dont la publication devait achever de convaincre chacun de la culpabilité du malheureux, qui, depuis deux ans, subit un martyre sans nom.	’Тврдам дека оној кој го предал на весникот Еклер овој документ од чие објавување страхуваа до таа мера — поради можни дипломатски усложнувања — што мораа поради самото негово постоење да бараат процес зад затворени врати — тврдам дека тој не се плашел да додаде една подлост на веќе на правените, да го фалсификува овој важен документ, чиешто објавување требаше да го доубеди секого во вината на несреќнико т, кој две години е изложен на невидено маченишство.
«La lettre apportée aux juges ne contenait pas le nom de Dreyfus, MAIS SEULEMENT L'INITIALE D.	’Писмото предадено на судиите не го содрже името на Драјфус, ТУКУ САМО ИНИЦИЈАЛОТ Д.
«L'Eclair, dans son numéro du 10 Novembre 1896 ne conteste pas mon affirmation, mais il faut cependant que je la précise:	’Еклер во бројот од 10 ноември 1896 не го оспорува моето тврдење, но сепак треба да го уточнам:
«La lettre révélée pour la première fois, malgré le double huis-	’Писмото, обелоденето за прв пат, и покрај двата процеса зад

clos, si je puis dire, par l'Eclair est arrivée au ministère de la Guerre par l'intermédiaire du ministre des Affaires étrangères, huit mois environ avant l'affaire Dreyfus.	затворени врати, ако можам така да кажам, од страна на Еклер пристигна во министерството за Воени прашања со посредство на министерот за надворешни работи осум месеци отприлика пред аферата Драјфус.
«Il est si vrai qu'elle ne contenait pas le nom de Dreyfus, qu'on s'appliqua pendant quelque temps à filer et à surveiller un malheureux garçon de bureau du ministère de la Guerre, dont le nom commençait par un D. Cette filature fut rapidement abandonnée, ainsi qu'une ou deux autres, postérieurement entreprises, puis la lettre fut oubliée. Aucun soupçon ne se portait sur Dreyfus (nouvelle preuve qu'on ne se méfiait pas de lui dès l'origine) et on ne songea à cette missive qu'après la saisie du bordereau et son attribution au capitaine Dreyfus.	'Вистина е дека тоа не го содржеше името на Драјфус, и дека се настојуваше да се следи и надгледува еден несреќен канцела риски помошник во министерството за Воени прашања, чие име почнуваше со Д. Ова следење беше брзо прекинато како и едно или две започнати подоцна, а потоа писмото беше заборав ено. Никаков сомнеж не се однесуваше на Драјфус (нов доказ дека не се сомневаа во него уште на почетокот) не се ни помис луваше на ова писмо сè до запленувањето на списокот и неговото припишување на капетанот Драјфус.
«Le récit de l'Eclair du 15 Septembre 1896 n'est donc pas exact.	'Приказната на Еклер од 15 септември 1896 значи не е точна.
«Faut-il maintenant examiner la vraisemblance de cette lettre?	'Треба ли сега да се истражува веродостојноста на тоа писмо?
«Supposons qu'une puissance étrangère soit assez heureuse pour s'attacher un officier d'État-Major, et que cet officier lui livre les pièces les plus confidentielles. Il sera pour cette puissance d'un prix inestimable, elle fera tout pour se l'attacher, et prendra, de concert avec lui, toutes les précautions nécessaires pour qu'il ne puisse être soupçonné... D'autre part, cette puissance étrangère se fera un devoir, commandé par la plus élémentaire prudence, de ne pas compromettre elle-même, par d'inutiles confidences un homme si précieux, et elle se gardera bien plus encore de confier à une lettre qui peut s'égarer ou être saisie, le nom de l'officier susceptible de lui rendre de si grands services.	'Да претоставиме дека некоја странска влада имала толкава среќа да придобие офицер од генералштабот, и дека тој офицер ù доставува најдоверливи документи. Тој ќе биде за таа влада од непроценлива вредност, таа ќе направи сè за да го приврзе за себе, и ќе ги преземе, во договор со него, сите мерки на прет пазливост за да не може да се сомневаат во него... Од друга страна, оваа странска влада ќе си постави за задача, раководена од основна претпазливост, таа самата да не компромитира, со н епотребни доверувања, еден толку вреден човек, и таа особено ќе внимава да не го наведе во писмо, кое може да се изгуби или да биде запленето, името на човекот кој може да ù изврши толку важни услуги.
«Il reste donc acquis, jusqu'à ce que le gouvernement l'ait nié, que la condamnation du capitaine Dreyfus, que nulle preuve	'Беше значи прифатено, сè додека владата тоа не го негираше, дека осудата на капетан Драјфус, што ниту еден достаточен

suffisante ne provoquait, a été obtenue en mettant sous les yeux des juges une lettre systématiquement soustraite à l'accusé, systématiquement soustraite au défenseur.	доказ на ја подбудуваше, беше добиена со тоа што пред очите на судиите се стави писмо систематски сокривано од обвинети от, систематски сокривано од бранителот.
«Au court du procès, ils l'ont ignorée: ils n'ont donc pu la discuter, contester soit son origine, soit l'attribution qu'on faisait d'une initiale à un homme que rien d'autre ne désignait.	'Во текот на процесот, тие не знаеја за него: тие значи не можеа да дискутираат за него, да го оспорат неговото потекло, или припишувањето на инцијалот на човек што ништо друго не го посочуваше.
«Est-il admissible qu'on puisse condamner quelqu'un en lui refusant les éléments nécessaires à sa défense? N'est-il pas monstrueux qu'on puisse, hors la salle d'audience, peser sur l'esprit, sur la décision, sur la sentence des juges? Est-il permis à qui que ce soit d'entrer dans la chambre des délibérés et de dire au magistrat: «Oublie ce que tu viens d'entendre en faveur de l'homme que tu as à juger. Nous avons, nous, en main, des pièces que, par raison d'Etat ou de haute politique, nous lui avons cachées, et sur lesquelles nous te demandons le secret. Ces pièces nous en affirmons l'authenticité, la réalité.» Et un tribunal, là-dessus, a prononcé la sentence! Nul de ses membres ne s'est levé et n'a dit: «On nous demande là une chose contraire à toute équité, nous ne devons pas y consentir!»	'Прифатливо ли е да може некој да се осуди и притоа да му се одбиваат неопходните елементи за неговата одбрана? Не е ли м онструозно што се може, надвор од судницата, да се влијае на размислувањето, на одлуката, на пресудата на судиите ? Дозволено ли е некому да влезе во салата за одлучување и да му каже на судијата: 'Заборави го она што штотуку го слушна во полза на човекот кому треба да му судиш. Ние имаме в рака, документи кои, поради државнички работи и висока политика, ги сокривме од него, и за кои од тебе бараме тајност. За тие документи ние ја потврдуваме автентичноста, вистинитоста. И еден суд, врз основа на тоа изрече пресуда! Никој од неговите членови не се крена и не кажа: 'Од нас се бара нешто противно на правичноста, ние не треба да се согласиме со тоа! '
«Et l'on avait à tel point égaré l'opinion, on lui avait tellement présenté l'homme qu'on avait condamné comme le dernier des misérables, indigne de toute pitié, que l'opinion ne songea pas à s'émouvoir de la façon dont celui qu'on lui présentait comme le plus odieux des traîtres, avait été condamné. Ceux-mêmes dont le patriotisme s'inquiète lorsqu'on touche à un officier, oublièrent les procédés employés dans cette circonstance, parce qu'on les avait convaincus, au nom de la patrie offensée, de la nécessité du châtiment, par tous les moyens.	'И до таа мера го заведоа јавното мислење, толку го прикажаа човекот што го беа осудиле како последен бедник, недостоен за каква било сомилост, што јавноста не помисли да се трогне од начинот на кој оној, што го прикажуваа како најодвратен од сите предавници, беше осуден. Дури и оние чиј патриотизам се вознемирува кога е засегнат офицер, ги заборавија постапките употребени во оваа околност, бидејќи ги беа уверile со сите средства, во името на навредената татковина, во потребата од казна.

«S'il n'en eût pas été ainsi, des milliers de voix se seraient élevées,-et elles s'élèveront peut-être demain, après que les préventions auront été dissipées,-pour protester au nom de la justice. Elles auraient dit: «Si l'on admet de semblables abus de pouvoir, des mesures aussi arbitraires, la liberté de chacun est compromise, elle est à la merci du ministère public, et on enlève à tout citoyen accusé les garanties les plus élémentaires de la défense.»	'Да не беше така илјадници гласови ќе се покренеа — и ќе се кренат можеби утре, откако претпазливоста ќе биде отстранета — за да протестираат во името на правдата. Тие ќе кажеа: ако се допуштат слични злоупотреби на власта, такви произволни мерки, сечија слобода е загрозена, и таа е на милост и немилост на обвинителството, и на секој обвинет граѓанин му се одземаат основните гаранции за одбраната."
Barois a laissé glisser son front dans ses mains.	Бароа пушти челото да му се лизне во раце.
Immobile, le visage altéré de pitié et de chagrin, il fixe désespérément, à ses pieds, un carreau du carrelage, fendu en deux et soudé par la poussière.	Неподвижен, со лице искривено од сомилост и тага, тој безнад ежно зацврстува со стапалата, една плочка од подот, распукана на две и пополнета со прашина.
WOLDSMUTH.-(Sa voix grave, cassée par la fatigue et l'exaltation, reprend, avec une sombre tristesse):	ВОЛДСМУТ (неговиот сериозен глас, скршен од умор и занес, продолжува со мрачна тага).
«Il est encore temps de se ressaisir. Qu'il ne soit pas dit que, ayant devant soi un juif, on a oublié la justice. C'est au nom de cette justice que je proteste, au nom de cette justice qu'on a méconnue.	"'Сè уште имаме време да се соземеме. Да не спомнувам дека, затоа што пред себе имавме Евреин, ја заборавивме правдата. Токму во името на таа правда јас протестирам, во името на таа правда што не сме ја признале.
Le capitaine Dreyfus est un innocent et on a obtenu sa condamnation par des moyens illégaux: il faut que son procès soit revisé.	'Капетанот Драјфус е невин и неговата пресуда беше добиена со незаконски средства: неговиот процес треба да се преиспита.
«... Et ce n'est plus à huis clos qu'il devra être jugé, mais devant la France entière.	"...И не треба повеќе да му се суди зад затворени врати, туку пред цела Франција.
«J'en appelle donc de la sentence du Conseil de Guerre...	"Јас ја обжалувам значи пресудата на воениот совет...
«Des faits nouveaux viennent d'être apportés au débat: ils suffisent juridiquement pour faire casser le jugement: mais au-dessus des subtilités juridiques, il y a des choses plus hautes: ce sont les droits de l'homme à sauvegarder sa liberté, et à défendre son innocence, si on l'accuse injustement!»	"Нови факти беа вклучени во дебатата: тие се правно доволни за да се поништи пресудата: но над правните суптилност, има и повисоки нешта: тоа се правата на човекот да ја брани својата слобода и својата невиност, ако е неправедно обвинет !"

BAROIS.-Les volets! Vite! Il aide le garçon, affolé.	БАРОА. — "Затворете ги капаците на прозорците! Брзо!"Пани чно му помага на момчето.
Au moment où il va barricader la dernière croisée, une canne,	Токму кога се подготвуваше да ги затвори капаците на последн

lancée dans les carreaux, le couvre de débris de verre.	иот прозорец, некој фрла со стап и парчиња скршено стакло се распрскуваат на сите страни.
La foule est sous les fenêtres, à quatre ou cinq mètres de lui. Il distingue le timbre différent des voix.	Толпата е под прозорците, на четири или пет метра од него. Тој е во состојба да ја распознае дури и различната боја на гласовите.
-Le Semeur! Vendu! Traître! A mort!	– "Сејач! Продадена душа! Предавник! Смрт!"
Des pierres, des bâtons, font sauter les vitres en éclat, et frappent le bois des volets.	Со камења и со стапови ги кршат стаклата и удираат по дрвените капаци.
Il reste planté au milieu de la pièce, l'oreille tendue:	Бароа останува како закован среде собата, со начулени уши.
-Mort à Zola! Mort à Dreyfus!	"Смрт за Зола! Смрт за Драјфус!"
Dans la pénombre, il devine Julia, debout, immobile. Il la pousse vers son cabinet.	Во полумракот, ја наоѓа Јулија која стои како каменета и ја турка кон неговиот кабинет.
BAROIS.-Demandez le numéro du commissariat...	БАРОА. — "Побарајте го бројот на комесаријатот..."
Les projectiles doivent être épuisés. Les vociférations redoublent de violence, rythmées par les piétinements:	Куршумите се веројатно потрошени. Викањето, придружено со топот на нозете, двојно се засилува:
-Mort à Luce! Mort aux traîtres!	"Смрт за Лис! Смрт на предавниците!"
-Mort à Barois! Vendus!	"Смрт на Бароа! Продадени души!"
BAROIS (très pâle, au garçon).-Verrouillez la porte, et gardez le vestibule!	БАРОА (пребледен, му се обраќа на момчето). — "Заклучете ја вратата, и чувајте го тремот!"
Il se dirige vers son cabinet, ouvre un tiroir et prend un revolver.	Тој се упатува кон својот кабинет, отвора една фиока и го зема револверот.
Puis il rejoint le garçon.	Потоа му се придружува на момчето.
BAROIS (rage froide).-Le premier qui ose entrer, je le tue comme un chien.	БАРОА (со студен бес) . — "Првиот што ќе се осмели да влезе ќе го убијам како куче."
Sonnerie du téléphone.	Ѕвонење на телефон.
BAROIS (à l'appareil).-Allo! le commissaire? Bien... Je suis le Directeur du Semeur. Il y a une émeute, rue de l'Université,	БАРОА (на телефон) . — "Ало! комесарот? ... Овде е директоро т на Сејач. Има бунтовници на улицата на Универзитетот,

sous mes fenêtres. Ah, déjà? Bon, merci...	токму под моите прозорци."Ах, веќе се тргнати? Добро, благод арам...
Je ne sais pas; mille, quinze cents peut-être...	"Не знам; илјада, илјада и петстотини можеби..."
Le tapage continue: martèlement cadencé des semelles sur le pavé, dominé par une sorte de rugissement, d'où se détachent en notes plus aigües, des cris:	Викотницата продолжува, следејќи го ритмот на топотењето на нозете по поплочената улица, надгласувана од некакво рикање, од кое се издвојуваат извици со попискави:
-Mort à Dreyfus! Mort à Zola! Mort aux vendus!	— "Смрт на Драјфус! Смрт на Зола! Смрт на продадените души!"
Subitement la clameur hésite, et cesse. Quelques instants de tumulte confus: on devine l'intervention des agents.	Наеднаш, гласовите како да се колебаат, и потоа престануваат. Неколку моменти на збунетост, сфаќаат дека полицијата интер венира.
Puis des cris éclatent, isolés, interrompus, de moins en moins distincts.	Потоа уште неколку осамени извици, испрекинати и сè понејасни.
Le piétinement s'éloigne.	Топотот се оддалечува.
L'émeute est dispersée	Бунтот се растури.
Barois tourne un commutateur et aperçoit Julia, tout contre lui, debout, appuyée à une table.	Бароа го свртува прекинувачот и ја забележува Јулија, исправена пред него, потпрана на една маса.
Elle est tellement enlaidie par l'émotion, qu'il la fixe une seconde, pour la reconnaître: les traits crispés, le teint de plomb, le visage vieilli, durci, farouche, avec une expression bestiale et passionnée... L'instinct à nu... Quelque chose de sensuel, d'effroyablement sensuel...	Толку е изобличена од возбуда, што му е потребно подбро да се загледа во неа за да ја препознае : лицето и вкочането, со оловна боја, остарено, згрчено, со некаков див, животински и страствен израз... Разголен инстинкт... Имаше нешто многу привлечно, застрашувачки привлечно...
Il pense: «Voilà son masque, dans l'amour...»	Тој мисли. — "Еве ја нејзината маска на љубовта..."
Le regard qu'il lui jette est brutal et pénétrant comme un viol: et elle le reçoit, comme une femelle consentante.	Погледот што ѝ го упатува има нешто брутално и продорно налик на силување, а таа го прима, како женка која дава соглас ност.
Puis, détente nerveuse, elle s'abat sur un siège en sanglotant.	Потоа следи опуштање на нервите: таа, липајќи, се фрла на една столица.

Il quitte la pièce, sans prononcer un mot. Ses mains tremblent d'énervement.	Тој ја напушта просторијата, без збор да каже. Неговите раце треперат од нервна напнатост.
Il ouvre les volets.	Ги отвора прозорските капаци.
La rue est calme, à peine plus animée qu'à l'ordinaire, si ce n'est aux fenêtres et aux balcons, par des groupes de curieux.	Улицата е тивка, само малку пожива од вообичаено, заради љубопитните луѓе на прозорците и на балконите, излезени да видат што се случува.
Sous les réverbères brisés, dont le vent couche et tord les flammes, les agents font les cent pas.	Под искршените улични светилки, чиишто пламен ветерот го полегнува, чекорат одржувачите на редот.
LE GARÇON.-Monsieur, c'est le concierge avec le Commissaire, pour les constatations...	МОМЧЕТО. — "Господине, доаѓа домарот заедно со комесарот за да изврши увид..."
II	II
17 février 1898.	17 февруари 1898.
Au Palais de Justice: la Cour d'Assises, 10e journée du procès Zola.	Во Палатата на правдата: кривичен суд, десетти ден од судењето на Зола.
L'audience est suspendue.	Рочиштето е одложено.
Salle comble. Une foule tassée, grouillante, bavarde, gesticulant sur place. Un semis d'uniformes, d'aiguillettes dorées, parmi des toilettes de femmes. On se montre des têtes connues: généraux de l'État-Major, actrices en vedette, journalistes comédiens, députés. Le barrage noir des avocats sépare cette houle chatoyante du prétoire vide, que domine le Christ mélodramatique de Bonnat.	Преполна сала. Збиена публика која се турка, гласно зборува, гестикулира. Редица униформи, златни гајтанчиња меѓу женските тоалети. Се забележуваат познати глави: генерали од генералштабот, глумици, новинари, комедијанти, пратеници. Црна брана од адвокати ја дели размрешканата толпа од празната судница, над кој доминира мелодраматичниот Христос на Бона.
Une atmosphère âcre, étouffante, que traverse et secoue par instants une onde brusque de sympathie ou de haine, violente comme un courant électrique.	Непријатна и задушлива атмосфера, која одвреме-навреме ја бранувааат чувства на симпатија или на омраза, силни како елек трична струја.
Dans les premiers rangs de l'auditoire, un groupe attentif, parlant bas: Harbaroux, Barois, Breil-Zoeger, Cresteil d'Allize, Woldsmuth; et parmi ces hommes, la silhouette sibylline de	Во првите редови на аудиториумот, внимателна група луѓе кои тивко зборуваат: Арбару. Бароа, Брej-Зегер, Крестеј д'Ализ, Волдсмут, и меѓу мажите, сибилинската силуета на Јулија.

Julia.	
Trois heures.	Три часот е.
Un remous profond, venu des portes, soulève la foule. Un flot neuf d'arrivants s'insinue dans les moindres interstices du public massé; des étudiants à bérets, des avocats en robe, escaladant les hautes cloisons de l'enceinte réservée, se juchent en grappes, sur la crête des portants, sur l'entablement des fenêtres.	Силно бранување, кое доаѓа од кај вратите, ја размрдува толпата. Нов бран на посетители се вовлекува секаде каде што може да најде место меѓу натисканата публика; студенти со баретки на главите, адвокати во тоги, ги искачуваат високите огради и се сместуваат насекаде каде што ќе најдат место, па дури и во вдлабнатините од прозорците.
Luce, patiemment, s'enfonce à son tour dans la cohue, qui murmure avec hostilité son nom, et parvient à gagner la place que Barois lui a réservée près de lui.	Лис, трпеливо се пробива низ толпата, која непријателски го шепоти неговото име, и стигнува до местото кое Бароа му го чува.
LUCE (bas, à Barois).-Je viens de là-bas.-ça va être rude. La majorité du jury penche pour l'acquittement. A l'État-Major, ils s'en rendent compte, ils sont très alarmés... Ils vont essayer de frapper un grand coup, aujourd'hui ou demain...	ЛИС (тивко, на Бароа). — "Доаѓам од онаму... се чини дека ќе биде тешко. Најголемиот дел од поротата е за ослободителна пресуда за Зола. Во генералштабот се свесни за тоа, затоа се толку вознемирени... Ќе се обидат, денес или утре, да возвратат со силен удар..."
Un brusque silence, qui ne se prolonge pas: l'entrée de la Cour.	Наеднаш молк, кој нема долго да трае: влегување во Судницата.
L'hémicycle se peuple: les magistrats, en robe rouge; les jurés, deux par deux, d'une gravité endimanchée de cortège municipal.	Салата се полни : судии, во црвени одори, поротници двајца по двајца, сериозни како во неделна процесија низ градот.
Emile Zola s'assied au banc des accusés, près du gérant de l'Aurore; derrière eux, les avocats: Labori, Albert et Georges Clémenceau, entourés de leurs secrétaires.	Емил Зола седнува на обвинителната клупа, блиску до одговорниот уредник на Аурора, зад нив адвокатите: Лабори, Албер и Жорж Клемансо, придружени од нивните секретари.
Un sourd grondement ébranle la salle. Zola et Labori se penchent vers la droite, où vient de retentir un coup de sifflet. Zola a les deux mains jointes sur le pommeau de sa canne, et les jambes croisées; sa face de hérisson, plissée de rides, est soucieuse; à chaque mouvement de sa physionomie le lorgnon	Еден вид придушен татнеж ја затресува салата. Зола и Лабори се наведнуваат на десно, од каде што доаѓа звук на свирче. Двете раце на Зола му се потпрени на топчето на бастумот, нозете прекрстени, лицето згрчено и со израз на загриженост, на секое движење на неговото лице се појавува одблесок на

brille, aiguisant la vivacité des prunelles. Il parcourt lentement des yeux cette multitude qui le hait, et son regard s'attarde, se repose un instant sur le groupe du Semeur.	очилата, кој му ја истакнува живоста на зениците. Со погледот полека прелетува преку мноштвото кое го мрази, и неговиот поглед за миг се задржува на групата од Сејач.
Dans l'allée centrale, un uniforme s'avance. Des voix murmurent:-«Pellieux... Pellieux...»	По централниот пасаж доаѓа човек во униформа. Се слуша шепот: — "Пелје... Пелје..."
A pas décidés, le général se dirige vers la barre des témoins et s'arrête militairement.	Со сигурни чекори, генералот се упатува кон местото за сведочење и застанува со војнички став.
BAROIS (à Luce).-Voilà... C'est Pellieux qu'ils lancent à l'assaut!	БАРОА (на Лис). — "Еве го... Нивниот гнев е насочен кон Пелје!"
L'émotion de la salle est si bruyante, que le général se retourne, d'un geste impatient, et la toise, imposant tout à coup, par son visage martial, par sa prestance de grand seigneur, par l'indiscutable autorité de toute sa personne, un silence, qui, d'ailleurs, est de courte durée.	Во салата настанува голема врева заради возбудеността на публиката, генералот се врти, со нетрпелив гест ја замолчува масата, наметнувајќи се веднаш со своето војничко лице, со своето господско држење, со авторитетот на неговата личност која не трпи поговор, сепак, тишината кратко трае.
Le Président, gros homme à figure ronde, dont les lèvres rasées, entre les favoris, sont minces et closes, fait un mouvement de colère; mais il est impuissant à rétablir le calme.	Претседателот, крупен човек со тркалезно лице, со тенки усни широки до зулуфите, луто реагира, но немоќен е да воспостави мир.
Dans le brouhaha, qui peu à peu s'éteint, on distingue la voix nette du général articulant certains mots: «-... Les termes stricts de la légalité ... l'affaire Dreyfus... Je demande à parler...».	Меѓу жагорот, кој малку по малку се стишува, се распознава јасниот глас на генералот кој вели. — "... Во строги законски рамки... аферата Дрејфус... Дозволете ми да кажам"...
DES VOIX.-Chut! chut!	ГЛАСОВИ. — "Ш-ш -т! –Ш –ш -т!"
M. LE GÉNÉRAL DE PELLIEUX.-... «Je répéterai le mot si typique du colonel Henry: «On veut de la lumière? Allons-y!»	ГЕНЕРАЛ ДЕ ПЕЛЈЕ. — "... Ќе го повторам толку типичното име на полковникот Анри :"Сакате појаснување? Во ред!""
Son timbre métallique, provoquant, sonne dans la vaste enceinte, devenue enfin silencieuse et immobile.	Неговиот студен предизвикувачки глас одзвонува во пространа та судница, која конечно се стишува и престанува да се движи.
M. LE GÉNÉRAL DE PELLIEUX.-«Au moment de l'interpellation Castelin, il s'est produit un fait que je tiens à	ГЕНЕРАЛ ДЕ ПЕЛЈЕ. — "Кога Кастелен беше интерпелиран, се случи нешто на кое би сакал да укажам. Во Министерството

signaler. On a eu, au ministère de la Guerre,-et remarquez que je ne parle pas de l'affaire Dreyfus,-la preuve absolue de la culpabilité de Dreyfus, absolue! et cette preuve, je l'ai vue!»	за воени прашања – но, внимавајте, јас не зборувам сега за аферата Драјфус, – добивме сигурен доказ за вината на Драјфус! Јас лично го видов тој доказ!"
Il s'est tourné vers les jurés, puis vers la défense, puis vers le public. Un sourire de défi anime son masque dur d'escrimeur.	Тој се врти кон поротата, потоа кон одбраната, потоа кон публиката. Една предизвикувачка насмевка ја оживува неговата груба маска на мечувалец.
M. LE GÉNÉRAL DE PELLIEUX.-«Au moment de cette interpellation il est arrivé au Ministère de la Guerre un papier dont l'origine ne peut être contestée, et qui dit-je vous dirai ce qu'il y a dedans:-«Il va se produire une interpellation sur l'affaire Dreyfus. Ne dites jamais les relations que nous avons eues avec ce juif.»	ГЕНЕРАЛ ДЕ ПЕЛЈЕ. — "Во моментот на интерпелацијата, во Министерството за воени прашања пристигна едно писмо чиешто потекло не може да се оспори, и кое вели – ќе ви кажам што има внатре : — "Ќе има интерпелација за аферата Драјфус. Немојте да кажувате дека сме имале какви било врски со тој Евреин."
«Et, Messieurs, la note est signée! Elle n'est pas signée d'un nom connu, mais elle est appuyée d'une carte de visite, et, au dos de cette carte de visite, il y a un rendez-vous insignifiant, signé d'un nom de convention, qui est le même que celui qui est porté sur la pièce, et la carte de visite porte le nom de la personne...»	"И, Господа, писмото е потпишано! Не е потпишано од познато име, но на него има приложено визит-картичка, и на нејзината задна страна, има забележено некоја безначајна средба, потпишана, со договорено име, кое е исто со она на документот, а на визит-картичката стои името на лицето..."
Une légère pause.	Кратка пауза.
L'auditoire a eu un bref frémissement, et il demeure haletant, considérant tour à tour le tribunal, le témoin, Zola qui n'a pu réprimer un mouvement d'indignation, et les jurés, sur la figure banale desquels il y a comme un bien-être, une impression de soulagement.	Публиката се вознемири, и тој остана така задишан, прелетувајќи со погледот низ целата судница и посебно задржувајќи го на сведокот, на Зола кој не можеше да го скрие својот презир, и на поротниците, на чие безизразно лице наеднаш се појави некаков израз на задоволство, на олеснување.
M. LE GÉNÉRAL DE PELLIEUX (d'une voix triomphante qui claironne).-«Eh bien! Messieurs, on a cherché la révision du procès par une voie détournée; je viens vous donner ce fait. Je l'affirme sur mon honneur! Et j'en appelle à M. le général de Boisdeffre pour appuyer ma déposition.	ГЕНЕРАЛ ДЕ ПЕЛЈЕ (со победнички тон во гласот кој најавува). — "Е, па, добро! Господа, се бараше ревизија на судењето по заобиколен пат, јас ќе ви го дадам тој факт. Го тврдам тоа со мојата чест! И ќе го повикам генералот Боадефр да ја потврди мојата изјава!

«Voilà ce que je voulais dire!»	"Еве што имам да ви кажам!"
Un trépignement général, prolongé, au-dessus duquel crépite un tonnerre d'applaudissements. Luce reste les bras croisés, très pâle, son large front penché en avant, les yeux tristement levés vers le prétoire. Ses amis échangent des regards violents, chargés de révolte; mais ils demeurent abattus, immobilisés par ce coup de massue que rien ne faisait prévoir.	Следи продолжено тропање со нозете од страна на публиката п ридружено со громогласен аплауз. Лис стои со скрстени раце, блед како крпа, неговото широко чело е наведнато ннапред, тажниот поглед вперен кон судницата. Неговите пријатели си р азменуваат погледи, полни со револт, но остануваат како скаменети, неподвижни од тој поразителен удар, кој воопшто не го предвидоа.
BREIL-ZOEGER (à mi-voix).-C'est un faux!	БРЕЈ-ЗЕГЕР (полугласно). — "Тоа е фалсификат!"
BAROIS (avec un haut-le-corps).-Parbleu! (Il montre du doigt un groupe d'officiers, sanglés dans leurs dolmans, levant leurs mains gantées de blanc pour applaudir frénétiquement.) Mais essaye donc de leur faire admettre ça!	БАРОА (потскокнувајќи). — "По ѓаволите!"(Тој со прст покажува кон групата офицери кои, стегнати во нивните униформи, ги креваат рацете со белите ракавици френетично а плаудирајќи.)"Ајде, обиди се да ги убедиш во тоа!"
Labori s'est dressé, de toute sa stature d'athlète, offrant aux coups son poitrail de lutteur. On n'entend pas ce qu'il dit. Il semble donner de son front bas contre un mur. Sa bouche est ouverte, toute ronde. Avec des gestes véhéments il s'adresse au Président qui paraît vouloir lui couper la parole.	Лабори се исправува, со целата своја атлетска снага, покажувај ќи ги своите боречки гради. Не се слуша што вели. Се чини како да удира со ниското чело во ѕид. Устата му е отворена, тркалезна. Мафтајќи со рацете, му се обраќа на претседателот кој, се чини, не сака да му даде збор.
Enfin, dans une accalmie, on distingue une interruption du Président, lancée d'une voix tranchante:	Конечно, по стивнувањето на жагорот, се слуша претседателот со неговиот отсечен глас:
M. LE PRÉSIDENT.-«Mais, maître Labori...»	ПРЕТСТЕДАТЕЛОТ. — "Но, господине Лабори..."
Me LABORI (exaspéré).-«Oh, Monsieur le Président...»	ЛАБОРИ (огорчен): — "Ах, господине Претседател..."
M. LE PRÉSIDENT (avec hauteur).-Le témoin vient de parler. Avez-vous une question à poser?»	ПРЕТСЕДАТЕЛОТ (со надуен тон). — "Сведокот заврши. Сакате ли да му поставите прашања?"
Me LABORI.-«Permettez, Monsieur le Président, ici...»	ЛАБОРИ. — "Дозволете, господин Претседателе, овде..."
Le timbre cuivré du général de Pellieux domine le colloque, cinglant comme un coup de cravache.	Отсечниот глас на генералот Пелје ја води расправата удирајќи како со камшик.
M. LE GÉNÉRAL DE PELLIEUX.-«Je demande que l'on	ГЕНЕРАЛ ДЕ ПЕЛЈЕ. — "Барам да се викне генералот

appelle M. le général de Boisdeffre!»	Боадефр!"
Me LABORI (d'une voix tonnante, qui impose enfin le silence).-«Je demande, Monsieur le Président, et aujourd'hui l'incident se présente avec une gravité telle que la défense ne peut pas ne pas insister,-que la parole me soit donnée un moment, non pas seulement pour répondre à M. le général de Pellieux-encore qu'on ne réponde pas à une affirmation,-mais pour tirer immédiatement, au point de vue de l'affaire, la conséquence nécessaire qui se dégage des paroles de M. le général de Pellieux.	ЛАБОРИ (згрмува со гласот, и наредува тишина). — "Барам, господин Претседателе, со оглед на тоа што ситуацијава добива крајно сериозен тек и одбраната не може а да не инсистира да земе збор, не само за да му одговорам на генерал де Пелје – не одговар на некакво си тврдење, - туку за последи ците што ги повлекуваат зборовите на генерал де Палје, во врска со аферата.
«Je vous demande la permission, Monsieur le Président, de dire deux mots.»	"Барам дозвола, господин Претседателе, да кажам два збора."
M. LE PRÉSIDENT (acerbe).-«Deux mots seulement...	ПРЕТСТЕДАТЕЛОТ (со строг тон). — "Само два збора..."
Me LABORI.-«Deux mots seulement.»	ЛАБОРИ. — "Само два збора."
M. LE PRÉSIDENT.-«A moins que vous n'ayez une question à poser?»	ПРЕТСТЕДАТЕЛОТ. — "Освен ако имате некое прашање?"
Me LABORI (éclatant).-«Comment aurais-je des questions à poser, en réponse à un fait absolument nouveau qui est jeté dans le débat? J'en ai une cependant, et c'est à cette question que je vais arriver.»	ЛАБОРИ (избувнувајќи). — "Како можам да поставам прашања за еден сосема нов факт кој се приложи на расправава ? Сепак, имам едно прашање, и токму до него сакам да дојдам."
M. LE GÉNÉRAL DE PELLIEUX.-«Vous avez jeté dans le débat un fait nouveau, en lisant un acte d'accusation de M. le commandant d'Ormescheville, qui était du huis-clos.»	ГЕНЕРАЛ ДЕ ПЕЛЈЕ. — "Вие, со читањето на обвинувачкиот документ на командантот Ормешевил, покажан зад затворени врати, внесувате нов момент во расправата."
Me LABORI (triomphant).-«Nous avançons, nous avançons!»	ЛАБОРИ (победнички). — "Напредуваме, напредуваме!"
M. LE GÉNÉRAL GONSE.-«Je demande la parole.»	ГЕНЕРАЛОТ ГОНС. — "Барам збор."
M. LE PRÉSIDENT.-«Tout à l'heure, général.»	ПРЕТСТЕДАТЕЛОТ. — "Ќе добиете збор, генерале."
Me LABORI.-«Je dis simplement ceci: Il vient de se produire à la barre un fait d'une gravité exceptionnelle; c'est un point	ЛАБОРИ. — "Јас ќе го кажам само следново: денес, во судницава, се случи една многу сериозна работа, околу тоа

sur lequel nous sommes tous d'accord. M. le général de Pellieux n'a pas parlé de l'affaire Dreyfus, il a parlé d'un fait postérieur à l'affaire Dreyfus; il n'est pas possible que ce fait ne soit pas discuté ici, ou ailleurs, dans une autre enceinte. Après une pareille chose, il ne s'agit plus de restreindre ni de rétrécir un débat d'assises. Que M. le général de Pellieux me permette, très respectueusement, de lui faire observer, qu'il n'est pas une pièce, quelle qu'elle soit, qui ait une valeur quelconque, et qui, scientifiquement, constitue une preuve, avant qu'elle ait été contradictoirement discutée. Qu'il me permette d'ajouter que nous sommes maintenant dans cette affaire,-qui, quoi qu'on veuille et quoi qu'on fasse, prend des proportions d'une affaire d'État,-en présence de deux pièces ou de deux dossiers également graves l'un et l'autre, parce qu'ils sont secrets: un dossier secret, qui a été l'instrument de la condamnation de Dreyfus en 1894, sans contradiction, sans discussion, sans défense; un second dossier secret, qui sert depuis des semaines à empêcher qu'on apporte ici autre chose que des affirmations.»	сите сме согласни. Генералот де Пелје не зборуваше за аферата Драјфус, туку за нешто што се случило подоцна, не е можно за тоа да не се расправало овде, или на друго место. После една ваква работа, не станува збор за ограничување или стеснување на претресот. Нека ми дозволи генералот де Пелје, со целата моја почит, да му укажам на тоа дека еден документ, каков и да е, бел оглед на неговата вредност, претставува доказ, од научен аспект, дури откако двете страни ќе расправаат за него. Дозволете ми да додадам и тоа дека ние денес расправаме за афера, која, без оглед на тоа што ние сакаме и што правиме во врска со неа, таа добива пропорции на Државна афера, заради постоењето на два документа или две досиеа, и двете подеднак во сериозни, со самото тоа што се тајни: едно тајно досие, кое беше причина за осудата на Драјфус во 1894, без право на приговор, на расправа, на одбрана, кое со недели се користи само со цел да се спречи, овде, да се донесат единствено докази."
Une pause.	Пауза.
«Quelque respect que j'aie pour la parole de soldat de M. le général de Pellieux, je ne puis accorder la moindre importance à cette pièce.»	"И покрај почитта што ја имам за војничкиот чесен збор на генералот де Пелје, не можам да му придадам никакво значење на тој документ."
Un tollé furieux éclate dans la salle; des ricanements soufflètent l'avocat.	Низ салата одекна бесно негодување, подбивања упатени кон адвокатот .
Me LABORI (faisant face à la tourmente, et, d'une voix violente, implacable, articulant tous les mots).-«Tant que nous ne la connaîtrons pas, tant que nous ne l'aurons pas discutée, tant qu'elle n'aura pas été publiquement connue, elle ne comptera pas! Et c'est au nom du droit éternel, au nom des	ЛАБОРИ (одговара на бурните негодувања со силен и гневен глас, потенцирајќи го секој збор). — "Сè додека лично не го видиме документот, сè додека не расправаме за него, сè додека неговата содржина не биде јавно обелоденета, не може да се земе во предвид! И токму во името на вечното право, во име на

principes que tout le monde a vénérés depuis les temps les plus reculés et depuis que la civilisation existe, que je prononce ces paroles!»	принципите кои целиот свет ги почитувал од најстари времиња, откако постои цивилизацијта, во тоа име ги изговарам овие зборови!"
Une légère oscillation du public. L'opinion hésite. Plusieurs «Très bien!» se font entendre.	Благо двоумење кај публиката. Јавното мнение се колеба. Се слушаат повеќе гласови кои велат "Така е!"
Me LABORI (plus calme).-«Par conséquent, j'arrive à un point qui, maintenant, est d'une précision telle, que ma tranquillité à tous les points de vue augmente. Je n'ai, en ce qui me concerne, qu'une préoccupation dans cette affaire: c'est celle de l'obscurité constante, c'est celle de l'angoisse publique augmentant tous les jours, grâce à des ténèbres qui s'épaississent quotidiennement, je ne dis pas par des mensonges, mais je dis par des équivoques.	ЛАБОРИ (посмирен). — "Врз основа на сето ова, ќе изнесам заклучок кој е толку очигледен што можам апсолутно со мирна совест и со сигурност да стојам зад него. Но, има само една работа што ме загрижува во целата оваа афера: тоа се постојан ите обиди да се стави некаков превез на таинственост, а вознем иреноста кај јавноста расте секој ден сè повеќе и повеќе, токму благодарение на таа замагленост која станува сè погуста, не велам заради лагите, туку повеќе би рекол заради погрешните толкувања.
«Que Dreyfus soit coupable ou innocent, qu'Esterhazy soit coupable ou innocent, ce sont là sans doute des questions de la plus haute gravité. Nous pouvons, les uns et les autres, M. le général de Pellieux, M. le Ministre de la Guerre, M. le général Gonse, moi-même, avoir là-dessus des convictions, et nous pourrons y persévérer éternellement, si l'éclaircissement complet, si la lumière absolue n'est pas faite.	"Дали е Драјфус виновен или не, дали е Естерхази виновен или не, тоа се најсериозните прашања. Ние можеме, и едните и другите, генералот Пелје, министерот за воени прашања, генералот Гонс, јас лично, да имаме свои мислења за сето тоа, и ние вечно можеме да останеме на нив, ако случајот не се расветли до крај, ако не се открие апсолутната вистина.
«Mais ce qu'il est indispensable d'éviter, c'est que l'émotion du pays augmente et se perpétue.	"Но, она што е неопходно да се одбегне, тоа е да не се заострува ситуацијата во земјата со тоа прашање."
«Eh bien! maintenant, sans que le huis-clos puisse être invoqué, sans que les arrêts de la Cour puissent être mis en avant, nous avons un moyen d'arriver à la lumière, à la lumière partielle...	"Ако сме за тоа, тогаш, без да се повикуваме на тајниот документ, без да го кочиме судот, постои само еден начин да се дојде до расветлување на случајот, до делумно расветлување ..."
(Avec un grand éclat.) «Car, quoiqu'il advienne, la révision du procès Dreyfus s'imposera!»	(Со силен глас) "Зашто, што и да се случи, ревизија на процесот на Драјфус мора да има!"

Violentes manifestations. Des cris éclatent: «Non! non! La patrie avant tout!»	Жестоки реакции. Се слушаат силни извици: "Не! Не! Таткови ната пред сè!"
Labori se redresse, d'un bond, face au public. Son regard est méprisant et brutal. Son poing de reître s'abat sur les dossiers ouverts devant lui.	Лабори со еден скок се исправа пред публиката. Упатува поглед полн со презир и со гнев. Со силна тупаница удира на о творените досиеа пред него.
Me LABORI.-«Les protestations de la foule marquent bien qu'elle ne comprend pas la gravité de ce débat, au point de vue éternel de la civilisation et de l'humanité!»	ЛАБОРИ:"Реакциите на толпава јасно покажуваат дека таа не ја разбира сериозноста на расправата, видена од цивилизациск и и од човечки аспект!"
Tumulte.	Метеж во салата.
Quelques applaudissements, restreints et nourris. Labori se détourne et attend, les bras croisés, que le calme soit rétabli.	Се слуша и по некој воздржан аплауз. Лабури се врти и чека, со скрстени раце, повторно да се воспостави мир во салата.
Me LABORI (continuant).-«Si Dreyfus est coupable, et si la parole de ces généraux, que je crois de bonne foi-et c'est ce qui m'émeut,-si la parole de ces généraux est fondée, si elle se justifie en fait et en droit, ils en feront la preuve dans un jugement contradictoire. S'ils se trompent, au contraire, eh bien! ce sont les autres qui feront leur preuve. Et, voyez-vous, quand la lumière sera absolue, quand toutes les ténèbres seront dissipées, il y aura peut-être dans la France un ou deux hommes qui sont les coupables, qui seront responsables de tout le mal. Qu'ils soient d'un côté ou de l'autre, on les connaîtra, on les flétrira! Et puis, nous nous remettrons tranquillement à nos travaux de paix ou de guerre, Monsieur le général; car la guerre, n'est-il pas vrai, ce n'est pas quand on a des généraux à la barre, des généraux qui sont dignes de parler au nom de l'armée qu'ils commandent, ce n'est point à ce moment-là que personne la redoute; et ce n'est pas par la menace d'une guerre, qui n'est pas prochaine, quoi qu'on en dise, qu'on intimidera Messieurs les jurés!	ЛАБОРИ (продолжува). — "Ако Драјфус е виновен, и ако изјавите на неговите генерали, кои ги сметам за добронамерни – и тоа ме трогнува, – ако изјавите на генералите се засновани, ако се покаже дека се вистинити со фактите и според правото, тие ќе бидат користени и како докази при судење на кое ќе бидат присутни и двете страни. Ако пак нивните тврдења се потврдат како погрешни, тогаш, добро! Другите ќе ги приложат своите докази. И, ме разбирате што сакам да кажам, кога целата вистина ќе излезе на виделина, кога сите сомнежи ќе се расветлат, можеби тогаш во Франција ќе има еден или двајца виновници, кои ќе одговараат за сето направено зло. Без оглед дали тие ќе бидат од едната или од другата страна, важно е дека ќе се знае кои се, и тие ќе бидат казнети! А потоа, ние со мирна совест ќе се вратиме на нашите вообичаени активности врзани за мир или за војна, господине Генерале, зашто војна, ќе се согласите со мене? не се води кога генералите се во судница, генерали кои се достојни да зборуваат во име на армијата со која командуваат, во таква ситуација никој не се плаши од војна, и не треба да се влева страв кај поротата од

	наводна закана од војна која, и покрај гласините што се шират, не е ни оддалеку вистинита!
«Je termine par une question. Vous voyez, Monsieur le Président, que je tendais à quelque chose de précis, et ici je vous remercie de m'avoir laissé la parole; je rends hommage à votre bienveillance, à votre courtoisie, à votre sentiment de la gravité de la situation.	"Ќе завршам со едно прашање. Гледате, господине Претседате ле, јас целев кон една многу прецизна работа, и ви благодарам што ми дадовте збор, ви оддавам признание за вашата благонак лоност, за вашата љубезност, за вашето разбирање за сериозно ста на ситуацијата.
«La question, Monsieur le Président, la voici: que M. le général de Pellieux s'explique sans réserve; et, la pièce, qu'on l'apporte ici!»	"Господин Претседателе, еве го мојот предлог: нека генералот де Пелје се изјасни без никаква резерва, и нека го донесе докум ентот овде, на увид!"
Un silence anxieux. Mouvements d'émotion au banc des jurés, dont les yeux se dirigent vers le général de Pellieux.	Непријатна тишина. Немир на клупата на поротниците, чиишто погледи се свртеа кон генералот де Пелје.
Court silence.	Кратка тишина.
M. LE PRÉSIDENT.-«M. le général Gonse, qu'est-ce que vous avez à dire?»	ПРЕТСЕДАТЕЛОТ. — "Господине генерале Гонс, имате ли нешто да кажете?"
Le général Gonse se lève et s'approche du général de Pellieux, qui lui cède sa place à la barre. Une physionomie soucieuse; un regard terne, mais agressif; une voix qui parait étrangement molle après celle du général de Pellieux et celle de Labori.	Генералот Гонс станува и се приближува до генералот де Пелје, кој му го отстапува местото за сведочење. Ликот му оддава загриженост, мрачен и агресивен поглед, глас кој делува необично мек по оној на генералот де Пелје и на Лабори.
M. LE GÉNÉRAL GONSE.-«Monsieur le Président, je confirme complètement la déposition que vient de faire le général de Pellieux. «Le général de Pellieux a pris l'initiative, il a bien fait; je l'aurais prise à sa place pour éviter toute équivoque. L'armée ne craint pas du tout la lumière, elle ne craint pas du tout, pour sauver son honneur, de dire où est la vérité.»	ГЕНЕРАЛОТ ГОНС. — "Господине Претседател, во целост го поврдувам сведочењето на генерал де Пелје. Иницијативата тргна од генералот де Пелје, и сметам дека тој правилно постапи, и јас ќе го направев истото сè со цел да се избегнат не оразбирања. Армијата не се плаши од вистината, таа воопшто не се плаши да ја каже вистината за да ја спаси својата чест."
Labori fait un geste d'assentiment et de confiance.	Лабори прави гест на одобрување и на доверба.
Des applaudissements.	Аплаузи.

M. LE GÉNÉRAL GONSE (avec lourdeur).-«Mais il faut de la prudence, et je ne crois pas qu'on puisse apporter publiquement ici des preuves de cette nature, qui existent, qui sont réelles, et qui sont absolues.»	ГЕНЕРАЛОТ ГОНС (со израз на жалење)."Но треба да се биде претпазлив, и јас се согласувам со тоа дека не може овде, јавно, да се донесат докази од таква природа, кои постојат, кои се вистините и кои се апсолутно веродостојни."
Ces restrictions inattendues provoquent une houleuse inquiétude. Quelques murmures désapprobateurs. La majorité hésite, cherchant le vent.	Ова неочекувано повлекување предизвика вознемиреност. Се слушаат зборови на негодување. Мнозинството, збунето, се колеба.
Me Clémenceau se lève posément.	Клемансо станува полека.
Me CLÉMENCEAU.-«Monsieur le Président, je vous demande la parole.»	КЛЕМАНСО: — "Господин Претседателе, барам збор."
Mais le général de Pellieux bondit à la barre, qu'il saisit fébrilement à deux mains, et son ton cassant domine tout.	Но генералот де Пелје скокнува од столицата и силно, со двете раце, се фаќа за оградата, и со неговиот заповеднички глас ги надвикува сите.
M. LE GÉNÉRAL DE PELLIEUX.-«Messieurs, je demande à ajouter un mot!»	ГЕНЕРАЛ ДЕ ПЕЛЈЕ. — "Господа, сакам уште нешто да кажам!"
Le Président, d'un geste, donne la parole au général.	Преседателот му дава збор на генералот.
Me Clémenceau se rassied.	Клемансо повторно седнува.
M. LE GÉNÉRAL DE PELLIEUX.-«Me Labori a parlé tout à l'heure de la revision, toujours à propos de la communication de cette pièce secrète au conseil de Guerre. On n'a pas apporté la preuve de cette communication...» Cette fois l'assertion est si mal défendable,-après l'émouvante comparution de Me Salle, à qui le Président a dû défendre de dire ce qu'il savait, et après la déposition formelle de Me Demange-que la salle n'ose plus manifester, favorisant par un silence irrésolu les tonitruantes protestations des amis de Dreyfus.	ГЕНЕРАЛ ДЕ ПЕЛЈЕ. — "Господинот Лабори пред малку зборуваше за ревизија, повторно во врска со содржината на тајниот документ на воениот совет. Не го донесовме доказот за тој документ..." Овој пат, тешко може да го одбрани неговото тврдење, по трогателната појава на господин Сал, на кого прет седателот му забрани да го каже тоа што го знае, и по формалн ото сведочење на господин Деманж, по кое публиката во салата не се осмелува повеќе да негодува, поддржувајќи ги, со колебливиот молк, громогласните протести на пријателите на Драјфус.
Le général de Pellieux, surpris de cet accueil, hésite.	Генералот де Пелје, изненаден од таквиот прием, ја гауби својата сигурност.

M. LE GÉNÉRAL DE PELLIEUX.-«Je ne sais pas...»	ГЕНЕРАЛ ДЕ ПЕЛЈЕ. — "Не знам..."
Des ricanements l'interrompent.	Го прекинуваат извици на потсмевање.
Il fait un brusque demi-tour, offrant au public l'honnêteté de son visage rude, et, au fond des yeux caves, la franchise d'un regard hautain, habitué à d'autres horizons.	Тој нагло се свртува, покажувајќи ѝ го на публиката чесниот изглед на неговото грубо лице, и, на дното на неговите испиени очи, искреноста на горделивиот поглед, навикнат на поинакви глетки.
D'une voix sans réplique, d'une voix d'officier qui sait arrêter net une mutinerie de troupes, il cingle toutes les faces souriantes.	Со глас, кој не трпи поговор, со глас на офицер кој знае да ја сузбие побуната на трупите, ги пресекува сите насмеани лица.
M. LE GÉNÉRAL DE PELLIEUX.-«Je demande à ne pas être interrompu par des ricanements!»	ГЕНЕРАЛ ДЕ ПЕЛЈЕ. — "Барам да не ме прекинуваат со нивните довикувања!"
Il reste quelques secondes impassible, immobilisant la foule sous son regard. Puis, froidement, il se retourne vers le tribunal.	Останува неколку секунди неподвижен, обидувајќи се да ја смири толпата со својот. Потоа, со студен глас, му се обраќа на судот.
M. LE GÉNÉRAL DE PELLIEUX.-«Je ne sais pas si l'on a écouté avec suffisamment d'attention la déposition qu'a faite l'autre jour le colonel Henry. Le colonel Henry a fait remarquer que le colonel Sandherr lui avait remis un dossier secret; que ce dossier secret avait été scellé avant la séance du conseil de guerre, et qu'il n'avait jamais été ouvert. J'appelle l'attention de MM. les jurés là-dessus. «Maintenant, quant à la revision du procès Dreyfus sur cette pièce, qu'est-ce qu'il faut? la preuve...»	ГЕНЕРАЛ ДЕ ПЕЛЈЕ. — "Не знам дали, пред некој ден, внима телно го слушавте сведочењето на полковникот Анри. Полковн икот Анри изјави дека полковникот Сандер му доставил тајно досие, дека тоа тајно досие било запечатено пред средбата на воениот совет, и дека никогаш не било отворено. Ги молам за внимание господата поротници, горе. А, пак, што се однесува до ревизијата на процесот Драјфус, што е потребно? доказот..."
M. LE PRÉSIDENT.-«Nous n'avons pas à nous occuper de la revision. Cela ne peut pas se faire ici.»	ПРЕТСЕДАТЕЛОТ. — "Ние нема да се занимаваме со ревизија та. Тоа нема овде да се одвива."
M. LE GÉNÉRAL DE PELLIEUX.-«On ne parle que de cela...»	ГЕНЕРАЛ ДЕ ПЕЛЈЕ. — "Само за тоа се зборува..."
M. LE PRÉSIDENT.-«Je sais bien, mais elle ne peut pas se faire à l'audience d'une cour d'assises, vous le savez.»	ПРЕТСЕДАТЕЛОТ. — "Знам, но тоа не може да се направи на распит на кривичен суд, познато ви е тоа."

M. LE GÉNÉRAL DE PELLIEUX.-«Je m'incline. Je m'incline et j'ai dit.»	ГЕНЕРАЛ ДЕ ПЕЛЈЕ. — "Се согласувам со тоа. Се согласувам , веќе реков."
M. LE PRÉSIDENT (s'adressant à M. le général Gonse).-«Vous n'avez plus rien à dire, général?»	ПРЕТСЕДАТЕЛОТ (обраќајќи му се на генералот Гонс). — "Немате ништо друго да кажете, генерале?"
M. LE GÉNÉRAL GONSE.-«Non, Monsieur le Président.»	ГЕНЕРАЛ ГОНС. — "Не, господине Претседател."
M. LE GÉNÉRAL DE PELLIEUX.-«Je demande qu'on appelle le général de Boisdeffre pour confirmer mes paroles.»	ГЕНЕРАЛ ДЕ ПЕЛЈЕ. — "Барам да се повика генералот Боадефр да ги потврди моите зборови."
M. LE PRÉSIDENT.-«Voulez-vous lui faire dire de venir demain?»	ПРЕТСЕДАТЕЛОТ. — "Ќе му пренесете ли да дојде утре?"
Sans répondre, le général tourne à demi la tête vers la salle, et, par dessus l'épaule, à la cantonnade, en chef qui a le droit de se faire servir à tout instant, il interpelle son officier d'ordonnance.	Без да одговори, генералот се врти кон салата, и, зад рамената, како шеф кој има право веднаш да биде услужен, го повикува неговиот аѓутант.
M. LE GÉNÉRAL DE PELLIEUX.-«Commandant Ducassé! Voulez-vous aller chercher le général de Boisdeffre, en voiture,-tout de suite!»	ГЕНЕРАЛ ДЕ ПЕЛЈЕ. — "Команданте Дикасе! Одете веднаш, со кочија, и побарајте го генералот де Боадефр!"
Il est l'Armée elle-même. Son attitude implacable en impose à tous, à ses adversaires, à ses juges; la foule, subjuguée, hurle de joie, comme un chien qui vient d'être battu.	Армијата е всушност тој лично. Со неговото строго држење им се наметнува на сите, на неговите противници, на судиите. Толпата, како опчинета, урла од радост.
Me CLÉMENCEAU (se levant).-«Monsieur le Président, j'aurais à répondre quelques mots aux observations de M. le général de Pellieux.»	КЛЕМАНСО (станува). — "Господин Претседателе би сакал да кажам неколку збора како одговор на забелешките на генералот де Пелје."
Il s'arrête, interrompu une fois encore par le général. Et, debout, d'aplomb sur les jambes il suit, de cet œil vif et à peine ironique qui anime son visage plat de levantin, une courte joute entre Labori et le général de Pellieux, relative à la publication de l'acte d'accusation de 1894.	Тој запира, повторно прекинат од генералот. Исправен, со жив поглед со мала доза на иронија која му дава руменило на неговото сплескано лице, ја следи кусата препирка меѓу Лабори и генералот де Пелје, во врска со покренувањето на обв инителниот акт од 1894.
Labori, drapé dans les plis de sa robe, les bras dressés laissant voir la chemise jusqu'au coude, semble jeter l'anathème.	Лабори, завиткан во тогата, со кренати раце, кои овозможуваа да се види кошулата до лактите, се чинеше како да фрла

	анатема.
Me LABORI.-«M. le général de Pellieux fait appeler ici M. le général de Boisdeffre: il a raison! «Mais ce qu'il faut bien qu'on sache, et vous verrez qu'avant quarante-huit heures mes paroles se révéleront prophétiques, c'est qu'il ne sera pas possible d'arrêter le débat avec les paroles de M. le général de Pellieux, ni avec celles de M. le général de Boisdeffre. Ce ne sont pas des paroles d'hommes, quels qu'ils soient, qui donneront de la valeur à ces pièces secrètes. Ces pièces, il faudra, ou que l'on n'en parle pas, ou qu'on les montre; c'est pourquoi je dis à M. le général de Pellieux: «Apportez les pièces, ou n'en parlez plus!»	ЛАБОРИ. — "Генералот де Пелје го повикува овде генералот Боадефр: има право на тоа! Но, она што треба да се знае, а и самите ќе видите дека за 48 часа моите зборови ќе се покажат како пророчки, тоа е дека нема да има можност да се прекине р очиштетоа ни со сведочењето на генерал де Пелје, ниту пак со она на генерал де Боадефр. Не се зборовите тие, па какви и да се, што ќе им дадат вредност на тајните документи. Не треба само да се зборува за тие документи, туку тие треба да се покажат, затоа му велам на генералот де Пелје. — "Донесете ги документите, или не ги споменувајте никогаш повеќе!""
Me Clemenceau lève tranquillement la main vers le Président.	Клемансо полека ја крева раката кон ретседателот.
Me CLÉMENCEAU.-«M. le Président, j'ai l'honneur de demander la parole...»	КЛЕМАНСО. — "Господин Претседателе, би сакал да се обратам..."
Sa sobre assurance impose, par contraste avec la superbe impétuosité de son confrère.	Неговата трезвена сигурност влева почит, но поразлична од го рделивиот настап на неговиот колега.
Me CLÉMENCEAU.-«... Le général de Pellieux nous a dit qu'au moment de l'interpellation Castelin on avait eu des preuves absolues... Est-ce donc que, jusqu'alors, on n'avait eu que des preuves relatives?»	КЛЕМАНСО. — "... Генералот де Пелје нѝ рече дека во моментот на интерпелацијата, постоеле апсолутно сигурни докази...? Значи ли тоа дека претходно постоеле само релативни докази?"
Courte pause.	Кратка пауза.
Il reste impassible, mais une ombre malicieuse plisse ses paupières bridées.	Тој останува непоколеблив, но сенка на злоба се спушта на неговите затворени очни капаци.
Zola, toujours appuyé sur sa canne, tourne légèrement la tête, et lui lance un bref sourire d'approbation.	Зола, и понатаму потпрен на неговиот бастум, полека ја врти главата, и му упатува дискретна насмевка во знак на согласува ње.
LUCE (à Barois, bas).-Il sait sûrement que la pièce est fausse...	ЛИС (на Бароа, тивко). — "Тој сигурно знае дека документот е лажен..."

Me CLÉMENCEAU (de sa voix paisible).-«Je demande à M. de Pellieux: Comment se fait-il,-car c'est une question qu'on commence à se poser partout-comment se fait-il que ce soit dans un procès d'assises qu'une parole aussi sérieuse soit prononcée? Comment se fait-il que M. le général Billot, au cours de l'interpellation Castelin, n'ait pas parlé de ces pièces secrètes à la Chambre, et n'ait pas menacé la Chambre de la guerre, et que ce soit à une audience de la Cour d'Assises qu'on vienne prononcer les graves paroles que vous avez entendues hier, et que l'on vienne révéler les documents secrets?»	КЛЕМАНСО (со неговиот смирен глас). — "Го прашувам господин де Пелје, како е можно - впрочем ова прашање многумина почнуваат да си го поставуваат – како е можно на едно рочиште на кривичен суд да се кажат толку сериозни зборови? Како тоа генералот Бијо, во моментот на интерпелацијата на Кастелен, ништо не кажа за тие тајни документи пред парламентот, и не го исплаши парламентот со војна, туку доаѓа на рочиште на кривичен суд да ги сервита тие тешки зборови кои вчера ги слушнавте и кои биле наводно прочитани во некои си тајни документи?"
M. LE GÉNÉRAL DE PELLIEUX (agacé).-«Je n'ai pas menacé le pays de la guerre; tout cela, c'est jouer sur les mots. Que M. le général Billot n'ait pas parlé, lors de l'interpellation Castelin, de cette pièce ou d'autres,-car il y en a d'autres, le général de Boisdeffre vous le dira,-cela ne me regarde pas; le général Billot fait ce qu'il veut.	ГЕНЕРАЛ ДЕ ПЕЛЈЕ (видно вознемирен). — "Јас не ѝ се заканив на земјата со војна, сето тоа се само игри на зборови. Тоа што генералот Бијо не зборувал за време на интерпелација та на Кастелен, за тој документ или за други – бидејќи има и други, генералот Боадефр ќе ви го каже тоа – воопшто не ме интересира, генералот Бијо може да прави што сака."
(S'adressant aux jurés.) «Ce qui est sûr, c'est que M. le général Billot, à plusieurs reprises, l'a dit à la Chambre: «Dreyfus a été justement et légalement condamné!»	(Обраќајќи им се на поротниците). — "Она што е сигурно, тоа е дека генералот Бијо, на повеќе наврати, изјави пред Парламентот. — "Драјфус беше праведно и законски осуден!""
Me LABORI (se dressant, prêt à bondir).-«Ici, j'interviens pour dire qu'il y a au moins une de ces deux paroles qui est fausse, c'est: «légalement»!	ЛАБОРИ (се исправува, готов да скокне). — "Јас морам да интервенирам и да кажам дека барем едниот од тие два збора е лажен, тоа е зборот: законски!"
M. LE GÉNÉRAL DE PELLIEUX (provoquant).-«Prouvez-le !»	ГЕНЕРАЛ ДЕ ПЕЛЈЕ (провоцирајќи). — "Докажете го тоа!"
Me LABORI (brutal).-«C'est prouvé.»	ЛАБОРИ (грубо) — "Докажано е."
Me CLÉMENCEAU (plus conciliant).-«Nous avons voulu toujours prouver; on nous en a empêchés; et si M. le général de Pellieux veut que je m'explique sur ce point, je suis prêt à le faire.»	КЛЕМАНСО (посмирен). — "Ние постојано се обидуваме да го докажаме тоа, но бевме спречувани и ако генералот де Пелје сака да го чуе моето мислење, готов сум да го сторам тоа."

M. LE PRÉSIDENT (se hâtant, d'un geste sec).-«C'est inutile.»	ПРЕТСЕДАТЕЛОТ (набрзина, со отсечно движење). — "Нема потреба од тоа."
Me LABORI (incapable de se contenir).-«C'est prouvé par Me Salle, c'est prouvé par Me Demange! C'est prouvé par les publications des journaux qu'on n'a pas démenties! C'est prouvé par M. le général Mercier, qui n'a pas osé dire en face de moi, le contraire! Je lui avais envoyé par les journaux, la veille, une provocation à laquelle il a répondu par le silence, à laquelle il a répondu par une distinction, qui, à elle toute seule, est une preuve décisive. Car, lorsque j'ai dit: «Le général Mercier a livré une pièce au Conseil de Guerre, et publiquement le général Mercier s'en est vanté partout», M. le général Mercier, jetant encore dans le débat (je ne dis pas volontairement, mais peut-être inconsciemment) une équivoque, a répondu: «Ce n'est pas vrai». Et je lui ai dit: «Qu'est-ce qui n'est pas vrai? Est-ce que c'est: que vous ne l'avez pas dit partout, ou est-ce que c'est au contraire: que vous n'avez pas livré de pièces?» Et il a répondu: «C'est seulement que je ne m'en suis pas vanté partout.»	ЛАБОРИ (не можејќи да се воздржи). — "Го докажа господин Сал, го докажа господин Деманж! Го докажаа написите во весниците кои не беа демантирани! Го докажа и самиот генерал Мерсие, кој не се осмели, во мое присуство, да го каже спротивното. Јас го испровоцирав преку весниците а тој на тоа одговори со молчење, со одбегнување на одговорот што, само по себе, е клучен доказ. Зашто, кога реков :"Генералот Мерсие му доставил документ на воениот совет, и јавно се фалел наоколу за тоа", генералот Мерсие, – внесувајќи уште еднаш во расправата (не велам намерно, можеби било несвесно) забуна, одговори : "Не е точно."А јас му реков :"Што не е точно? Дали тоа : дека вие не сте го раскажувале тоа наоколу, или пак спрот ивното: дека не сте доставиле документи?"Тој одговори :"Сакав само да кажам дека не се фалев наоколу."
«Je dis que pour tout esprit de bonne foi, la preuve est faite. La preuve, c'est que personne, malgré toute l'émotion que l'affaire a jetée dans le pays, personne ne s'est levé pour dire ce que M. de Pellieux ici n'ose pas dire: je l'en défie!»	"Велам дека, за секој оној што ја сака вистината, тоа е докажано. Доказот е дека никој, и покрај големата вознемирен ост што аферата ја предизвика во нашата земја, никој не стана да го каже она што де Пелје овде не се осмелува да го каже: јас го повикувам да се изјасни!"
Une pause.	Пауза.
(Souriant.) «Eh bien! moi, je dis que la preuve est faite.»	(Со насмевка.). — "Ете! Јас тврдам дека сум во право."
M. LE GÉNÉRAL DE PELLIEUX (hautain).-«Comment voulez-vous que je vous dise ce qui s'est passé au procès Dreyfus: je n'y étais pas!»	ГЕНЕРАЛ ДЕ ПЕЛЈЕ (вообразено). — "Како можете да барате од мене да ви кажам што се случило на судењето на Драјфус кога не присуствував на него!"
Labori regarde les jurés, puis le tribunal, enfin l'auditoire,	Лабори ги гледа поротниците, потоа судиите, и на крај

comme pour prendre tout le monde à témoin de cette réponse évasive.	публиката, како да сакаше сите присутни да бидат сведоци на о дбегнувањето на одговорот.
Puis il s'incline courtoisement devant le général, avec un sourire triomphant.	Потоа љубезно се наведнува пред генералот, со победничка насмевка.
Me LABORI.-«C'est bien, je vous remercie, mon général.»	ЛАБОРИ. — "Добро, ви благодарам, генерале."
Me CLÉMENCEAU (intervenant).-«M. le Président, nous avons amené ici un témoin qui tenait de la bouche d'un des membres du Conseil de Guerre qu'il y avait eu une pièce secrète communiquée aux juges. On ne nous a pas permis de l'interroger.»	КЛЕМАНСО (интервенира). — "Господин Претседателе, повикавме сведок кој дознал директно од некој од членовите на воениот совет за постоењето на некој таен документ со кој биле запознаени судиите. Но, не ни дозволија да го испрашаме. "
Me LABORI.-«J'ai dans mon dossier deux lettres qui disent la même chose. Et j'ai une lettre, qui est d'un ami du Président de la République; ce témoin a déclaré qu'il ne viendrait pas déposer, parce qu'on l'a prévenu, que, s'il racontait le fait, on viendrait dire qu'il est inexact.»	ЛАБОРИ. — "Во моето досие имам две писма во кои се тврди истото. А имам и писмо од еден пријател на Претседателот на Републиката, тој сведок изјави дека не може да дојде да сведочи, зашто го предупредиле дека ако го раскаже тоа, ќе кажат дека воопшто не било точно."
Me CLÉMENCEAU.-«Et pourquoi le général Billot ne l'a-t-il pas dit à M. Scheurer-Kestner, quand il est allé le lui demander? Tout cela serait terminé aujourd'hui!»	КЛЕМАНСО. — "А, зошто генералот Бијо не му го кажал тоа на господин Шерер-Кестнер, кога овој отишол да го праша? Сето ова уште денес ќе се завршеше!"
M. LE PRÉSIDENT (nerveux).-«Vous direz tout cela dans votre plaidoirie.»	ПРЕТСЕДАТЕЛОТ (нервозно). — "Сето тоа можете да го кажете во вашата одбрана."
M. LE GÉNÉRAL GONSE (s'avançant à nouveau).-«J'ai un mot à dire au sujet de la déposition qui a été faite tout à l'heure, quand on a parlé des notes.	ГЕНЕРАЛ ГОНС (одново барајќи збор). — "Имам нешто да кажам во врска со сведочењето што претходно го слушнавме, кога се зборуваше за документите.
«J'ai dit que les notes de l'État-Major étaient secrètes: elles sont toujours secrètes; nous ne correspondons dans les bureaux de l'État-Major que par des notes, qui ont toujours le caractère secret. Et, quand on dit: note sur ceci, note sur cela, cela veut dire: note secrète.	"Реков дека документите на генералштабот беа тајни, ние во канцелариите на генералштабот комуницираме само преку белешки, кои секогаш се од таен карактер. И кога ќе се рече : белешка за ова, белешка за она, тоа значи, тајна белешка.
«Maintenant, quand on vient dire que Dreyfus ne connaissait	"Сега, кога некој се обидува да ми тврди дека Драјфус не знаел

pas ce qui se passait dans les bureaux de l'État-Major en septembre 1893, c'est encore une erreur. Dreyfus a passé d'abord six mois...»	што се случувало во службите на генералштабот во септември 1893, тоа е уште една грешка. Драјфус прво мина шест месеци..."
M. LE PRÉSIDENT (l'interrompant, sans courtoisie).-«Nous n'avons pas à parler de l'affaire Dreyfus...	ПРЕТСЕДАТЕЛОТ (нељубезно го прекинува). — "Сега нема да зборуваме за аферата Драјфус..."
(Aux généraux de Pellieux et Gonse.) Vous pouvez vous asseoir, tous les deux.»	(На генералите де Пелје и Гонс). — "Можете и двајцата да седнете."
Il y a un moment de stupeur.	Тоа за миг предизвика зачуденост.
Le Président en profite.	Претседателот го искористува тој момент.
M. LE PRÉSIDENT (à l'huissier-audiencier sur un ton sans réplique).-Faites venir le témoin suivant!»	ПРЕТСЕДАТЕЛОТ (на судскиот помошник со тон кој не трпи поговор). — "Доведете го наредниот сведок !"
L'huissier hésite.	Помошникот се колеба.
Labori s'est dressé et se penche, les bras en croix, comme s'il voulait, de sa personne, faire obstacle à la suite des débats.	Лабори се исправа и се наведнува, со скрстени раце, како да сака да го спречи продолжувањето на понатамашната расправа.
Me LABORI.-«M. le Président, il est absolument impossible, après un événement...»	ЛАБОРИ. — "Господин Претседателе, апсолутно е невозможно, после еден настан..."
M. LE PRÉSIDENT (sèchement).-«Continuons...»	ПРЕТСЕДАТЕЛОТ (отсечно). — "Продолжуваме..."
Me LABORI (indigné).-«Oh, Monsieur le Président, ce n'est pas possible! Vous sentez très bien qu'un pareil incident termine le débat, s'il n'est pas vidé. Nous sommes par conséquent obligés d'entendre M. le général de Boisdeffre.»	ЛАБОРИ (налутено). — "Ах, господине Претседател, тоа не е можно! Вие многу добро знаете дека во случај како што е овој претресот треба да се прекине. Ние сега сме принудени да го слушнеме и генералот де Боадефр."
M. LE PRÉSIDENT.-«Nous l'entendrons tout à l'heure. (A l'huissier-audiencier.) «Faites venir le témoin suivant.»	ПРЕТСЕДАТЕЛОТ. — "Ќе го слушнеме подоцна"(На судскиот помошник). — "Доведете го следниот сведок."
Me LABORI (tenace).-«Permettez, Monsieur le Président...»	ЛАБОРИ (упорно). — "Дозволете ми, господин Претседателе..."
M. LE PRÉSIDENT (furieux, à l'huissier-audiencier).-«Appelez le témoin suivant!»	ПРЕТСЕДАТЕЛОТ (бесен на судскиот помошник). — "Веднаш повикајте го следниот сведок!"

L'huissier sort.	Судскиот помошник излегува.
Me LABORI.-M. le Président, je vous demande pardon, je pose des conclusions tendant au sursis!»	ЛАБОРИ. — "Господине Претседател, простете ми, јас предлагам одложување!"
Le commandant Esterhazy paraît, introduit par l'huissier.	Се појавува командантот Естерхази, во придружба на судскиот стражар.
M. LE PRÉSIDENT (à Labori).-«Il y sera statué quand les témoins auront été entendus!»	ПРЕТСЕДАТЕЛОТ (на Лабори). — "Ќе се решава откако другите сведоци ќе бидат ислушани!"
Esterhazy s'avance vers la barre. La salle éclate en applaudissements. Il est voûté, d'une maigreur de tuberculeux, le teint jaunâtre, les pommettes fiévreuses, le regard mobile et brûlant.	Естерхази оди кон клупата за сведоци. Подгрбавен, слаб небаре туберкулозен, пожолтен во лицето, јаболчиците му потс кокаат како да има треска, со огнен и жив поглед. Салата одекнува од аплаузи.
Déjà le Président se tourne vers lui, lorsque Labori intervient une dernière fois, avec une énergie exaspérée.	Претседателот се врти кон него, во меѓувреме Лабори интерве нира, за последен пат, со невидена жолчност.
Me LABORI.-«Mais je demande à ce qu'il soit sursis à l'audition d'autres témoins, jusqu'à ce que M. le général de Boisdeffre ait été entendu! La Cour ne peut remettre à statuer jusqu'après qu'elle aura entendu d'autres témoins!»	ЛАБОРИ. — "Барам да се одложат сведочењата на сите сведоци, сè додека не се слушне и генералот де Боадефр! А судот може да решава дури откако ќе ги слушне сите сведоци!"
Le Président, indécis, roule des yeux courroucés. Esterhazy, les bras croisés par contenance, attend, inquiet, ne comprenant pas ce qui se passe.	Претседателот, нерешителен, ги превртува намуртените очи. Естерхази, вознемирен, со прекрстени раце, не знаејќи што се случува.
Labori s'est assis, et griffonne ses conclusions.	Лабори седи и ги запишува неговите заклучоци.
M. LE PRÉSIDENT (d'un ton dur et insolent).-«Y en a-t-il pour longtemps, à rédiger vos conclusions?»	ПРЕТСЕДАТЕЛОТ (со груб и дрзок тон). — "Ви треба ли уште долго време за да ги напишете вашите заклучоци?"
Me LABORI (sans lever la tête, rogue).-«Dix minutes.»	ЛАБОРИ (без да ја крева главата, нервозно одговара). — "Десет минути."
L'audience est suspendue.	Рочиштето се прекинува.
Le Président fait signe à l'huissier de reconduire Esterhazy dans la salle des témoins.	Претседателот му дава знак на судскиот помошник да го одведе Естерхази во салата за сведоци.

L'auditoire énervé, tumultueux, l'acclame jusqu'à ce qu'il ait disparu.	Публиката изнервирана и разгневена, го извикува неговото име сè додека не се изгуби од нивното видно поле.
Sans paraître s'apercevoir du tapage, les magistrats se lèvent et quittent gravement le prétoire, suivis des jurés, des accusés et de la défense.	Однесувајќи се како да не ги слушаат викотниците, судиите стануваат и полека ја напуштаат судницата, следени од поротата, од обвинетите и од одбраната.
L'exaspération qui fermentait, à demi retenue par la présence de la Cour, se donne libre carrière.	Гневот, кој претходно беше делумно ублажуван од присуствот о на судиите, достигнува точка на вриење, и сега несметано се излева.
Dans l'air surchauffé, devenu toxique, se croisent des appels, des commentaires passionnés, des vociférations: un vacarme assourdissant.	Во врелиот речиси затруен воздух, се вкрстуваат повици, вжештени коментари, жагорења: заглушувачка врева.
Les rédacteurs du Semeur se groupent autour de Luce.	Редакторите на Сејач се групираат околу Лис.
Portal, en robe, vient les rejoindre; un pli désabusé attriste son visage honnête, plus blond, plus poupard que jamais sous la toque.	Портал, во тога, ѝ се придружува на групата, една брчка од раз очараност му дава тажен израз на неговото чесно лице, кое сега изгледа побело и побуцмасто од кога и да е.
PORTAL (s'asseyant avec lassitude).-Encore une note secrète!	ПОРТАЛ (седнувајќи од премор). — "Уште еден таен документ!"
BAROIS.-Qu'est-ce que c'est que cette pièce?	БАРОА. — "Каков е тој документ?"
ZOEGER (de sa voix grêle, aux finales blessantes).-Personne, que je sache, n'en a encore entendu parler.	ЗЕГЕР (тивко, речиси скратувајќи ги крајните слогови). – Никој, колку што ми е мене познато, не слушнал за такво нешто."
LUCE.-Si, je connaissais son existence. Mais je ne pensais pas qu'on osât jamais s'en servir.	ЛИС. — "Да, запознаен сум за неговото постоење. Но не мислев дека некој ќе се осмели да се послужи со него."
ZOEGER.-De qui est-elle?	ЗЕГЕР. — "Од кого е?"
LUCE.-Elle est soi-disant écrite par l'attaché militaire italien, et elle a soi-disant été saisie dans le courrier de l'attaché allemand...	ЛИС. — "Наводно бил напишан од италијанскиот воен аташе, и наводно бил најден меѓу поштата на германскиот аташе."
BAROIS (vivement).-Elle pue le faux!	БАРОА (нервозно). — "Смрди на фалсификат!"

LUCE.-Oh, ça, elle est fausse, ce n'est pas douteux. Elle est arrivée au Ministère, je ne sais pas comment, mais avec un à-propos bien étrange... Juste la veille du jour où le ministre devait répondre à la Chambre à la première interpellation relative à l'affaire, et au moment où l'État-Major commençait à se préoccuper de l'incident!	ЛИС. — "Ах, сигурно се работи за фалсификат. Стигна во мин истерството, не знам како, но со многу чуден придружен текст... Токму воочи денот кога министерот требаше да зборува пред Парламентот, на првоата интерпелација за аферата, и токму во моментот кога генералштабот почна да покажува загриженост за инцидентот!"
ZOEGER.-Et puis, sa teneur...	ЗЕГЕР. — "А, во однос на содржината..."
JULIA.-Nous ne savons pas ce qu'il y a dedans. Le général a cité de mémoire.	ЈУЛИЈА. — "Не знаеме што има внатре. Генералот зборуваше по сеќавање."
LUCE.-Mais il a affirmé que le nom de Dreyfus était mentionné en toutes lettres. Or, c'est absolument invraisemblable: cela seul suffirait à éveiller les doutes! A l'heure où la presse s'occupait déjà activement de l'affaire, il est inadmissible de supposer que ces deux attachés aient librement parlé de Dreyfus dans leur correspondance privée. En admettant qu'ils aient eu réellement des relations avec Dreyfus, jamais ils n'auraient commis cette imprudence inutile! surtout après les démentis officiels donnés à plusieurs reprises, par leurs deux gouvernements!	ЛИС. — "Но, нели тој тврдеше дека името на Драјфус било спо мнувано во сите писма. Апсолутно невистинито: тоа е сосема оволно да предизвика сомневање во целата таа работа! Во време кога целиот печат активно информира за аферата, недоп устиво е да се прават претпоставки за тоа дека двајцата аташеа слободно пишувале за Драјфус во нивната приватна преписка. Да претпоставиме и дека е така, односно дека тие навистина имале некакви врски со Драјфус, па зарем би си дозволиле таква непретпазливост! Особено по нивните официјални деманти кои на неколку наврати беа дадени од страна на нивните влади!"
BAROIS.-Ça saute aux yeux!	БАРОА. — "Тоа навистина боде очи!"
PORTAL.-Mais qui donc peut fabriquer de pareilles pièces?	ПОРТАЛ. — "Но, кој можел да направи такви фалсификати?"
ZOEGER (avec un ricanement impitoyable).-L'État-Major, parbleu!	ЗЕГЕР. – (со подбивно потсмевање):"Генералштабот, кој друг!"
HARBAROUX.-C'est une officine nationale de falsifications!	АРБАРУ. — "Тие се национална работилница за изработка на фалсификати!"
LUCE (posément).-Non, mes amis, non... Là, je ne vous suis plus!	ЛИС (полека). — "Чекајте, пријатели, чекајте... Сега навистина не успевам да ве следам!"
Son expression simple et résolue en impose.	Неговиот едноставен и решителен израз влева почит.

Seul Zoeger secoue les épaules.	Единствено Зегер ги крева раменицити.
ZOEGER.-Pourtant, permettez, les faits...	ЗЕГЕР. — "Сепак, дозволете, фактите..."
LUCE (très ferme, s'adressant à tous).-Non, mes amis, non... Mettons-nous en garde... L'État-Major n'est pas plus une bande de «faussaires», que nous ne sommes, nous, une bande de «vendus»... Jamais vous ne me ferez admettre que des hommes comme les généraux de Boisdeffre, Gonse, Billot, et les autres, puissent s'entendre pour fabriquer des pièces fausses!	ЛИС (со сигурен глас, обраќајќи им се на сите):"Не, пријатели мои, не... Да внимаваме што зборуваме... генералштабот не е банда на фалсификатори, како што и ние не сме банда на продадени души ... Никогаш нема да можете да ме убедите дека такви фини луѓе како што се генералите Боадефр, Гонс, Бијо, и другите, можат да се договорат да изработуваат лажни документи!"
Cresteil d'Allize, l'œil ardent, le sourire amer, le visage tourmenté, suit la querelle en lissant impatiemment sa longue moustache.	Крестеј д'Ализ, црвен во очите, со горчлива насмевка, со измачено лице, ја следи расправата трпеливо мазнејќи си ги долгите мустаќи.
CRESTEIL.-A la bonne heure! Moi, j'ai connu le général de Pellieux autrefois: c'est l'intégrité même.	КРЕСТЕЈ. — "Тоа е факт! Јас лично го имам запознаено генералот де Пелје: тој е олицетворение на личност со интегри тет."
LUCE.-D'ailleurs, il suffit de l'avoir vu et entendu, pour être certain que ce qu'il affirme, il le croit: son éloquence est indubitablement celle de la sincérité. Et, jusqu'à preuve du contraire, j'estime que les autres généraux sont tous dans le même cas.	ЛИС. — "Впрочем, доволно беше да го видиме и чуеме, за да се увериме дека тој верува во она што го тврди: неговите зборови се несомнено искрени. А, сè додека не се докаже спрот ивното, сметам дека е ист случајот и со другите генерали.."
CRESTEIL.-On les trompe. Ils sont les premières dupes de ce qu'ils avancent.	КРЕСТЕЈ."Ги лажат, тие се првите што се излажани."
ZOEGER (sourire glacial).-Vous leur supposez un aveuglement qui n'est pas vraisemblable.	ЗЕГЕР. – (со студена насмевка):"Мислите дека се заслепени, не ми се верува дека е така."
CRESTEIL (vivement).-Très vraisemblable au contraire! Ah, mon cher, si vous aviez fréquenté de près les officiers...	КРЕСТЕЈ (возбудено). — "Напротив, треба да верувате во тоа! Ах, драги мој, да сте имале можност да се дружите со офицери..."
Tenez, le groupe, là, derrière nous... Regardez-les sans parti-pris.	"Еве, гледајте ја групана, зад нас... Погледнете ги, но без да бидете пристрасни"

Une expression d'assurance bornée, soit; ça, c'est l'habitude d'avoir toujours, de droit, raison devant les hommes... Mais ces visages-là sont honnêtes, foncièrement!	"Израз на ограничена сиугурност, навикнати се секогаш да бидат во право пред другите луѓе... Но тие лица се навистина чесни!"
LUCE.-Oui, regardez un peu la salle, Zoeger; c'est très instructif. Que voulez-vous, ces gens-là ne sont pas accoutumés à des raisonnements subtils... Et, tout à coup, on leur présente un dilemme terrible: il y a un coupable, où est-il? Est-ce le Gouvernement, l'Armée, tous ces chefs qui viennent affirmer, solennellement, en donnant leur parole de soldats, que la condamnation de Dreyfus est juste? Ou bien est-ce ce petit juif inconnu, condamné par sept officiers, et dont on a dit tant de mal depuis trois ans qu'il en reste malgré tout quelque chose dans toutes les mémoires?	ЛИС. — "Да, погледнете ја публикава во салата, Зегер, од неа може да се извлечат многу заклучоци. Што очекувате од нив? Тие не се научени на подлабоки размислувања... И, сега, одеднаш, се наоѓаат во страшна дилема: се знае дека постои виновник, но, кој е тој: Дали е тоа владата, војската, сите тие п ретпоставени кои доаѓаат свечено да се заколнат, со нивниот чесен војнички збор, дека осудата на Драјфус е праведна? Или пак виновен е овој обичен, непознат Евреин, обвинет од страна на седум офицери, за кого толку лошо се зборуваше последнив е три години а коешта, и покрај сè, останало во нивната меморија?"
ZOEGER (hautain).-Il n'est pas difficile de remarquer que l'État-Major a reculé, chaque fois qu'il a été mis en demeure d'avancer des preuves précises.	ЗЕГЕР (дрско). — "Веднаш се забележува дека генералштабот се повлекува веднаш штом од него ќе се бара да достават точни докази.
Tout le monde, même un officier, est capable de réfléchir jusque-là.	"Сите, па дури и еден офицер, се во состојба дотаму да стигнат, да го сфатат тоа."
JULIA.-Et puis, qu'est-ce que peuvent ces paroles d'honneur, lancées à tout propos, contre une argumentation serrée comme celle des mémoires de Lazare, ou des brochures de Duclaux, ou de votre lettre à vous, Monsieur Luce!	ЈУЛИЈА. — "Освен тоа, што може нивниот чесен збор, употреб уван по потреба, против една толку силни аргументи како што се мемоарите на Лазар, или брошурите на Дикло, или вашето писмо, господине Лис!"
ZOEGER.-Ou même, malgré son lyrisme, la lettre de Zola!	ЗОЕГЕР. — "Или пак, и покрај неговиот лиризам, писмото на Зола!"
BAROIS.-Patience! Nous approchons du but.	БАРОА. — "Бидете трпеливи! Ќе дојдеме до целта."
(A Luce.) Aujourd'hui, nous avons fait un grand pas en avant! Luce ne répond pas.	(На Лис). — "Денес направивме голем чекор напред!" Лис не одговара.
PORTAL.-Vous n'êtes pas exigeant, Barois...	ПОРТАЛ. — "Вие, Бароа, се задоволувате со многу малку ..."

BAROIS.-C'est pourtant très clair. Suivez-moi: le général de Boisdeffre va venir, puisqu'on est allé expressément le chercher. Dès les premiers mots, Labori va l'acculer à une impasse. Il ne pourra pas refuser de verser la pièce aux débats. Ceci fait, on la discutera, et elle ne résistera pas longtemps à un examen approfondi. Alors l'État-Major, convaincu d'avoir apporté un faux à la barre, c'est le revirement immédiat de l'opinion! C'est la révision avant trois mois!	БАРОА. — "Па, сепак, многу е јасно. Еве што мислам јас, генералот де Боадефр ќе дојде, бидејќи отидоа специјално да го повикаат. Лабори, уште на сам почеток, ќе го наведе на ќорсокак. Нема да може да одбие да го приложи документот на расправата. Тогаш, ќе се отвори дискусија за него, и по подетално испитување ќе се открие вистината. Тогаш, генерал штабот, ќе увиди дека донел фалсификат во судницата, а тоа значи моментална промена на ставот! До ревизија на случајот ќе дојде за помалку од три месеци!"
Il parle avec des gestes rapides, d'un ton incisif. Son œil rayonne d'insolence orgueilleuse. Tout son être palpite d'espoir.	Тој зборува со сигурен тон, истовремено гестикулирајќи. Погледот му има необичен сјај и израз на горделивост. Целото негово битие трепери од надеж.
LUCE (gagné par cet entrain).-Peut-être.	ЛИС (обземен од тој ентузијазам). — "Можеби."
BAROIS (avec un grand rire clair).-Non, non, ne dites pas: peut-être. Cette fois, je suis certain que nous la tenons!	БАРОА (со широка насмевка). — "Не, не, не велете, ′можеби’. Овој пат сум сигурен дека ќе победиме!"
ZOEGER (cynique, à Barois).-Et si le général de Boisdeffre trouve un biais? Ce ne serait pas la première fois...	ЗЕГЕР (цинично на Бароа). — "А што ако генералот де Боадефр успее да се извади на некој начин? Впрочем, не би му било ни прв ни последен пат..."
BAROIS.-Après ce qui s'est passé? Ce n'est plus possible... Vous avez bien vu que le général Gonse a couvert le général de Pellieux.!	БАРОА. — "По сето она што се случи? Мислам дека е невозмо жно... Видовте дека генералот Гонз го зеде во заштита генералот де Пелје!"
WOLDSMUTH (qui s'était échappé à la suspension d'audience, et qui se glisse de nouveau à sa place).-Voilà des nouvelles... L'audience va reprendre. Le général de Boisdeffre vient d'arriver en voiture!	ВОЛДСМУТ (кој излезе за време на прекинот на сослушување то повторно се враќа на своето место). — "Ви носам најнови ин формации... Рочиштето ќе продолжи. Генерал де Боадефр тукушто пристигна!"
BAROIS.-Vous l'avez vu?	БАРОА. — "Го видовте ли?"
WOLDSMUTH.-Comme je vous vois. Il est en civil. Un huissier l'attendait sur les marches. Il est entré directement dans la salle des témoins.	ВОЛДСМУТ. — "како што ве гледам вас. Облечен е во цивилно. Еден судски чиновник го чекаше на скали. Влезе право во салата за сведоци."

JULIA (battant des mains, à Barois).-Vous voyez!	ЈУЛИЈА (плескајќи со рацете, на Бароа). — "Гледате!"
BAROIS (triomphant).-Cette fois, mes amis, pas de reculade possible! C'est la lutte ouverte, et, pour nous, la victoire!	БАРОА (победнички). — "Овој пат, пријатели мои, нема повле кување! Ова е веќе отворена борба, и, за нас, значи победа!"
Retour tumultueux des auditeurs et des avocats qui avaient quitté la salle.	Бучно враќање на публиката и на адвокатите кои ја имаа напуштено салата.
La Cour, au milieu du brouhaha, fait sa rentrée; les magistrats, les jurés, s'installent.	Враќање во судницата, придружено со силно жагорење. Судиите, поротниците седнуваат на нивните места.
Les accusés sont introduits.	Ги внесуваат и обвинетите.
Labori gagne allègrement son banc, et reste un instant debout, un poing sur la hanche, penché vers Zola qui lui parle en souriant.	Лабори расположено се враќа на своето место, застанува во пр едизвикувачки став, за момент, се наведнува кон Зола кој, со насмевка, му кажува нешто.
Le silence se fait de lui-même.	Настапува тишина.
Les nerfs sont tendus jusqu'à l'exaspération. On sent que cette fois c'est vraiment la bataille décisive.	На сите нервите им се напнати до крајност. Претчувствуваат дека, овој пат, ќе се води одлучувачка битка.
Le Président se lève.	Претседателот станува.
M. LE PRÉSIDENT.-«L'audience est reprise.» (Puis, rapidement, sans se rasseoir.) «En l'absence de M. le général de Boisdeffre, la Cour remet la suite de l'affaire à demain.»	ПРЕТСЕДАТЕЛОТ. — "Расправата продолжува."(Потоа, набрзина, без да седне)"Во отсуство на генералот де Боадефр, Судот ја одложува за утре расправата за аферата."
(Un temps.) «L'audience est levée.»	(Кратка пауза) "Расправата се прекинува."
D'abord une incompréhension totale: un instant de stupeur dont la Cour profite pour s'éclipser dignement.	Во салата општа збунетост, момент на вчудовиденост кој судиите го користат за достоинствено да се измолкнат.
Les jurés n'ont pas bougé. Zola s'est retourné, surpris, vers Labori qui reste adossé à son siège, figé dans une attitude vainement menaçante.	Поротниците не се ни мрднаа од местото. Изненаден, Зола се врти кон Лабори, кој остана потпрен на столицата, како скаменет, во напразно заканувачки став.
Enfin, tout le monde comprend: la bataille est ajournée, la bataille n'aura pas lieu...	Најпосле, на сите им станува јасно што се случува: битката се одлага, битка нема да има.
Un hurlement de déception, signal d'un indescriptible désordre. Le public, debout, tape des pieds, hue, siffle,	Извици на разочараност, неописиво безредие. Публиката тропа со нозете, свирка, вреска.

vocifère.	
Puis, lorsque le prétoire est vide, il se rue frénétiquement vers les portes.	Потоа, салата почнува да се празни, сите панично се упатуваат кон вратата.
En quelques minutes la sortie est bouchée; des femmes, pressées dans la cohue, s'évanouissent; les visages sont en sueur; les yeux hagards: une véritable scène de panique.	За неколку минути, излезот е блокиран, жени, згмечени во гужвата, се онесвестуваат, лица облиени со пот, преплашени погледи, вистинска сцена на паника.
Le Semeur est resté à sa place, consterné.	Разочараната група на Сејач останува на своето место.
JULIA.-Les lâches!	ЈУЛИЈА. — "Кукавици!"
ZOEGER.-Parbleu! Ils veulent attendre les ordres!	ЗЕГЕР. — "По ѓаволите! Чекаат наредба!"
LUCE (tristement, à Barois).-Vous voyez? Ils sont les plus forts...	ЛИС (натажен, на Бароа). — "Гледате ли? Тие се посилни..."
BAROIS (au comble de la rage).-Oh, mais cette fois, ça ne se passera pas sans scandale! Je tiens mon article de demain. C'est trop de cynisme, à la fin! Qui berne-t-on? Quand la Chambre s'émeut, quand elle force les Ministres responsables à s'expliquer ouvertement, pour de bon, on lui répond: «Pas ici. Allez au Palais de Justice, vous saurez tout.»-Et puis, au Palais, toutes les fois qu'on veut remuer le fond de ces débats obscurs, toutes les fois que la vérité monte péniblement jusqu'à la surface et semble vouloir sortir enfin, on la repousse du pied, on la renfonce dans son marécage: «La question ne sera pas posée!»	БАРОА (позеленет од бес). — "Ох, но овој пат нема да поминат без скандал! Веќе го имам во глава утрешниот напис. Овој пат навистина го претераа со нивниот цинизам. Кого лажат? Кога парламентот ќе ги покрене работите, кога ги тера одговорните министри отворено да се зборуваат, тие одговараа т:"Не овде. Одете во Палатата на правдата, сè ќе дознаете."А потоа, во Палатата на правдата, при секој обид да се тргне талогот од тие мрачни расправи, секогаш кога вистината мачно ќе почне да се искачува на површината и се чини дека најпосле ќе излезе, се гази по неа, се потиснува назад во калта :"Прашањ ето нема да биде поставено!"
Ah, non! il faut que ça finisse! il faut que le pays comprenne à quel point on se fout de lui!	"Ах, не! Ова треба веднаш да престане! Треба земјата да сфати до која мера се мајтапат со неа!"
Sourde rumeur venue du vestibule.	Пригушени гласови кои доаѓаат од ходникот.
WOLDSMUTH.-Il va y avoir du grabuge. Courons-y!	ВОЛДСМУТ. — "Ќе има опасна гужва. Да побрзаме!"
CRESTEIL.-Par où passer?	КРЕСТЕЈ. — "Од каде да поминеме?"
BAROIS.-Par là! (A Julia.) Suivez-moi...	БАРОА. — "Натаму!" (на Јулија) "Следете ме..."

ZOEGER (enjambant les gradins).-Non, par là...	ЗЕГЕР (прескокнувајќи ги скалилата). — "Не, не оттаму..."
BAROIS (criant).-Rendez-vous autour de Zola, comme hier!	БАРОА (извикува). — "Одете кај Зола, како вчера!"
Ils s'échappent comme ils peuvent de la salle des assises.	Бегаат како што знаат и умеат од салата на кривичниот суд.
Un tumulte révolutionnaire ébranle les voûtes du Palais et se prolonge dans les galeries sonores, mal éclairées, grouillantes de monde.	Татнеж на бунтовна група ги тресе сводовите на Палатата и се шири низ лошо осветлените бучни ходници, преплавени од народ.
Des gardes municipaux, en file, l'œil effaré, s'efforcent en vain de maintenir leur ligne de barrage. Des bandes se poussent, se heurtent, s'entremêlent dans la pénombre.	Поредени полицајци, со преплашен поглед, напразно се обидуваат да направат жив ѕид. Толпата се турка, се удира, се меша во полусенката.
Mille cris se croisent:	Илјадници крикови се вкрстуваат:
-Misérables! Brigands! Traîtres! -Vive Pellieux! -Vive l'Armée! -A bas les juifs!	— "Бедници! Ајдуци! Предавници!" — "Да живее Пелје!" — "Да живее армијата!" — "Долу Евреите!"
Au moment où Barois et Luce rejoignent le groupe de Zola et de ses défenseurs, un remous, venu de loin, rompant le cordon de police, les écrase contre le mur.	Во моментот кога Бароа и Лис ѝ се придружуваат на групата на Зола и на неговите бранители, една група, дојдена од далеку, го кине кордонот полицајци, и ги притиска до ѕидот.
Barois essaye de protéger Julia.	Бароа се обидува да ја заштити Јулија.
Portal, qui connaît les aîtres, ouvre précipitamment la porte d'un vestiaire. Zola et ses fidèles s'y engouffrent. Zola est adossé à un pilastre, nu-tête, très pâle, sans lorgnon, les paupières à demi plissées sur ses yeux fureteurs de myope, les lèvres serrées. Ses regards vont et viennent. Il aperçoit Luce, puis Barois, et leur tend la main, brusquement, sans un mot.	Портал брзо ја отвора вратата на една гардероберница. Зола и неговите приврзаници се скриваат внатре. Зола е потпрен на еден столб, гологлав, блед како крпа, без очила, капаците допола спуштени на кусогледите очи, усните стиснати. Со погледот шета на сите страни. Го забележува Лис, потоа Бароа, им пружа рака, наеднаш, без збор.
Enfin les agents ont fait une trouée.	Конечно, полицијата се пробива.
Le Préfet de police apparaît, dirigeant en personne le service d'ordre.	Началникот на полицијата се појавува и лично раководи со акцијата за одржување на редот.
La petite phalange repart. Zoeger, Harbaroux, Woldsmuth, Cresteil, viennent se joindre à eux.	Малата фаланга заминува. Зегер, Арбару, Крестеј им се придружуваат на пријателите.
Par un détour, sous la conduite du Préfet, ils atteignent le	Една збиена толпа ги преплавува улиците. Целиот кварт, сè до

grand escalier du boulevard du Palais. Une foule compacte a envahi la Cour et les rues: tout le quartier, jusqu'aux murs de l'Hôtel-Dieu, appartient aux manifestants: mouvante masse grise dans cette fin de journée d'hiver, que les réverbères pointillent déjà de halos jaunes.	ѕидините на Хотел-Дју, е преполн со демонстранти, подвижна сива маса на истекувањето на овој зимски ден, кој уличните светилки го посипуваат со жолти светлосни снопови.
Des cris, des huées, des injures inintelligibles, coupées de sifflets stridents. Une clameur ininterrompue, que martèle comme un refrain: «A mort!... A mort!...»	Врескање, урлање, неразбирливи погрдни зборови, прекинуван и со пискотливи свирежи. Непрекинати викотници, кои одекнуваат како рефрен:"Смрт!... Смрт!..."
Au seuil des marches, Zola, les traits crispés, se penche vers les siens.	На прагот на скалите, Зола, со изобличено лице, се наведнува кон неговите.
ZOLA.-Les cannibales...	ЗОЛА. — "Канибали..."
Puis, le cœur défaillant, mais d'un pied ferme, il descend les degrés, appuyé sur le bras d'un ami. Un espace libre a pu être ménagé au bas du perron: sa voiture attend, encadrée de gardes à cheval.	Потоа, со болка во срцето, но со сигурен чекор, тој слегува по скалите, потпрен на раката на еден пријател. Долу, пред скалите, се направи слободен простор каде што веќе го чекаше неговата кочија, опколена со полицајци на коњ.
Il veut se retourner, serrer quelques mains. Mais les hurlements redoublent... -A l'eau!... A mort le traître!.. A la Seine!... -Mort à Zola!	Тој сака да се заврти, да се поздрави со приврзаниците, но извиквањата се удвојуваат... — "Да го фрлиме во вода!... Смрт за предавникот!... Во Сена!..." — "Смрт за Зола!"
Le Préfet de police, très nerveux, hâte le départ.	Началникот на полицијата, прилично нервозен, го тера побрзо да тргне.
L'attelage démarre, au petit trot.	Коњите тргнуваат со мал галоп.
Des projectiles s'abattent, pulvérisant les vitres des portières.	Куршуми ги кршат на ситни парчиња стаклата од прозорците.
Des cris âpres, sanguinaires, poursuivent, comme une meute qu'on lance à la curée, le landeau qui disparaît dans le crépuscule.	Крволочни крикови, жедни за крв, како кучиња залажани со парчиња месо, ја следат кочијата која се губи во мракот.
LUCE (la gorge serrée, à Barois).-Un peu de sang frais, et ce serait le massacre...	ЛИС (со стегнато грло, на Бароа). — "Доволно е малку свежа крв и масакрот не ќе може да се запре..."
Le commandant Esterhazy paraît, suivi d'un général; on les	Се појавува командантот Естерхази, следен од еден генерал,

acclame jusqu'à leur voiture.	толпата им аплаудира сè додека не влезат во нивната кочија.
Bientôt le cordon des agents est rompu. Barois essaye d'entraîner Julia et Luce; mais la foule est dense.	Набргу, кордонот полицајци се пробива. Бароа се обидува да ја одвлече Јулија, но толпата е многу збиена.
Les amis de Zola sont reconnus et conspués.	Ги препознаваат пријателите на Зола и им се закануваат.
-Reinach!... Luce!.. Bruneau!... Mort aux traîtres!... Vive l'Armée!...	— "Рајнах!... Лис!... Бруно!... Смрт на предавниците!... Да живее армијата!..."
Des bandes sillonnent comme des courants, le flot des curieux monômes d'étudiants, files de malandrins, conduits par des jeunes gens du Faubourg.	Бунтовниците минуваат, како водена струја, низ толпата љубопитни граѓани: студентски поворки, редици пробисвети п редводени од млади луѓе од предградието.
Sur tous les chapeaux, en exergue, comme un numéro de conscrit, s'étale une feuille qu'on distribue par milliers dans les rues:	На нивните шапки, на видно место, има прикачен лист, што се дели во илјадници примероци, на кој пишува:
RÉPONSE DE TOUS LES FRANÇAIS	ОДГОВОР НА СИТЕ ФРАНЦУЗИ
A ÉMILE ZOLA	НА ЕМИЛ ЗОЛА:
MERDE!...	ГОМНО !
Des officiers, en uniformes se frayent un chemin au milieu des applaudissements.	Офицери, во униформи, минуваат низ толпата, поздравувани со овации.
Des isolés, qui ont le nez juif, sont pris, entourés et malmenés par des gamins frénétiques, qui dansent autour d'eux des rondes de sauvages, en brandissant des torches en flammes, faites avec des Aurores roulées; l'effet est lugubre dans la nuit commençante.	Оние пак кои имаат еврејски нос, ги запираат, ги опколуваат и малтретираат млади насилници кои танцуваат во дивјачко оро, мафтајќи со запалени факели, направени од свиткани листови на весникот Аурора, што создава злокобни ефекти во ноќта, која почнува да се спушта.
Au coin du quai, Julia, Barois et Luce s'arrêtent pour attendre les autres. Tout à coup, une jeune femme, élégamment mise, se précipite vers eux. Ils s'effacent, la croyant poursuivie, prêts à la protéger. Mais, en un clin d'œil, elle a foncé sur Luce, s'est accrochée à son vêtement, et lui a arraché sa rosette.	Јулија, Бароа и Лис застануваат на кејот за да ги почекаат другите. Наеднаш, една млада, елегантно облечена жена, трча кон нив. Тие ѝ прават место, мислејќи дека некој ја гони, готови да ја заштитат. Но, наеднаш, таа му се нафрла на Лис, го влече за палтото и му ја откачува розетата.
LA FEMME (s'enfuyant).-Vieille fripouille!	ЖЕНАТА (бегајќи вика). — "Битанго стара!"

Luce la suit des yeux, avec un sourire navré.	Лис ја следи со погледот, со жална насмевка.
Une heure plus tard.	Еден час подоцна.
Luce, Barois, Julia, Breil-Zoeger et Cresteil, longent à petits pas, la grille du jardin de l'Infante.	Лис, Бароа, Јулија, Брej, Зегер и Крестej полека одат покрај оградата на паркот на Инфантката.
La nuit est tout à fait venue. Un brouillard pluvieux mouille les épaules.	Ноќта сосема се спушта. Водена магла им ги навлажнува раменaта.
Barois passe familièrement son bras sous celui de Luce, qui marche, silencieux.	Бароа го фаќа под рака Лис, кој молчеливо чекори.
BAROIS.-Qu'est-ce qu'il y a, voyons? Du courage... Rien n'est perdu.	БАРОА. — "Ама што е сега? Храбро... Ништо не е загубено."
Il rit.	Тој се смее.
Luce le dévisage, à la lueur d'un bec de gaz: les traits de Barois reflètent une joie de vivre, une confiance, une activité sans bornes: c'est un accumulateur vivant.	Лис го гледа внимателно на светлината од газиената светилка: на лицето на Бароа се огледува радоста на живеењето, доверба, безгранична активност, тој е олицетворение на извор на енергија.
LUCE (à Zoeger et à Julia).-Regardez-le: il dégage des étincelles... (Avec lassitude.) Ah, je vous envie, Barois. Moi, je ne peux plus, j'en ai assez. La France est comme une femme saoule: elle ne voit plus clair, elle ne sait plus ce qui est vrai, elle ne sait plus où est la justice. Non, elle est tombée trop bas, c'est décourageant...	ЛИС (на Зоегер и на Јулија). — "Погледнете го, како искри да летаат од него..."(изморено)"Ах, како ви завидувам, Бароа. Јас немам веќе сили, преку глава ми е од сè. Франција е како пијана жена, не гледа јасно, не разликува што е вистина што не е, не знае на чија страна е правдата. Не, таа е паднатa премногу ниско: тоа е навистина обесхрабрувачки..."
BAROIS (d'une voix timbrée, qui fouette les énergies).-Mais non! Avez-vous entendu ces cris, avez-vous vu cette foule en délire? Une nation qui est encore capable d'une telle effervescence pour des idées, n'a pas déchu.	БАРОА (со звонлив глас кој влева сила). — "Не е така! Ги слушнавте ли оние урлања? Ја видовте ли толпата во делириум. Нација која е сè уште способна за ваков вриеж, за поддржување на идеи, не е изгубена."
CRESTEIL.-Il a raison, le bougre!	КРЕСТЕЈ. — "Во право е, веселково!"
ZOEGER.-Mais oui, parbleu! Il y a du tirage, c'est entendu: mais qui s'en étonnerait? C'est peut-être la première lois que la	ЗОЕГЕР. — "Да, така е! Има влечна сила, се разбира, зошто нè чуди тоа? Можеби ова е прв пат моралот да се меша со полити

morale intervient dans la politique. Ça ne peut pas aller tout seul!	ката, не може да остане на тоа!"
BAROIS.-C'est une espèce de coup d'État...	БАРОА. — "Тоа е еден вид државен удар..."
LUCE (grave).-Oui, j'en ai l'impression depuis le premier jour: nous assistons à une révolution.	ЛИС (со сериозен глас). — "Да, и јас го имам тој впечаток уште од првиот ден: ние присуствуваме на вистинска револуција."
ZOEGER (rectifiant).-Nous la faisons!	ЗОЕГЕР (исправајќи го). — "Ние ја правиме!"
BAROIS (glorieusement).-Et comme toutes les révolutions, c'est une minorité qui en prend l'initiative, et qui l'accomplit toute seule, à coup de passion, à coup de volonté, à coup de persévérance!	БАРОА (со свечен тон). — "И, како што е случај со сите револуции, малцинството е тоа кое презема иницијатива, и кое само ја реализира, со силата на страста, со силата на волјата, со силата на истрајноста!
Ah, c'est une belle vie, sacredié, qu'une lutte pareille!	"Ах, таква борба е навистина животворна, жими бога!"
Luce secoue la tête, évasivement.	Лис одмавнува со главата.
Julia, spontanément, se rapproche de Barois et se pend à son bras; il ne semble pas s'en apercevoir.	Јулија спонтано се доближува до Бароа и се потпира на неговото рамо, се чини дека тој не го забележува тоа.
BAROIS (avec un grand éclat de rire, jeune et crâne).-Oui, je l'accorde, la réalité, en ce moment surtout, est laide, féroce, injuste, incohérente: mais quoi! c'est d'elle pourtant que la beauté finale jaillira un jour!	БАРОА (со силна, младешка и одважна насмевка). — "Да, се со гласувам, стварноста, особено сега, е грозна, крволочна, непра ведна, нечувствителна, но, токму од неа, еден ден, ќе бликне крајната убавина!"
(A Luce.) Vous me l'avez répété cent fois: le mensonge, tôt ou tard, trouve son châtiment dans la vie elle-même. Eh bien, je crois à la force inéluctable de la vérité! Et si, ce soir, la partie est perdue encore une fois, courage!	(На Лис). — "Вие сто пати сте ми повторувале дека лагата, порано или подоцна, ќе биде казнета. Тогаш, јас сакам да верувам во непобитната сила на вистината! И ако вечерва загубивме една битка, трпение!
Nous la gagnerons peut-être au prochain tour!	"Можеби ќе победиме наредниот пат!"
III	III
31 Août 1898.	31 август 1898.
Paris: léthargique et dépeuplé.	Париз, летаргичен и пуст.
Le café du boulevard Saint-Michel. Neuf heures du soir.	Кафуле на булевар Сен Мишел. Девет часот навечер.

Le groupe du Semeur est réuni à l'entresol.	Групата на Сејач е собрана на мезанинот.
Devant les fenêtres, qui béent sur la nuit chaude, le store de la terrasse, fait, au premier plan une surface inclinée, transparente de lumière. Au delà, le quartier latin, nocturne et désert.	Пред прозорците, кои сонуваат во топлата ноќ, отворената тенда над терасата станува речиси прозирна на светлината. Од другата страна, Латинскиот кварт, темен и пуст.
Des tramways, illuminés et vides, gravissent la pente du boulevard en grinçant sur leurs rails.	Трамваите, осветлени и празни, се спуштаат по удолницата на булеварот чкрипејќи по шините.
Barois a déballé devant lui sa serviette bourrée de paperasses. Les autres, en cercle autour de lui, piquent au tas, feuilletant brochures et journaux,	Бароа ја отворил пред себе неговата чанта преполна со разни хартии. Другите, околу него, земаат брошури и весници од купот и ги прелистуваат.
PORTAL (à Cresteil).-Vous avez des nouvelles de Luce?	ПОРТАЛ (на Крестеј). — "Имате ли вести за Лис?"
Portal revient de sa Lorraine, où il a fait son séjour annuel.	Портал се враќа од неговата Лорена, каде што престојува.
CRESTEIL.-Oui, je l'ai vu dimanche, il m'a fait pitié: il a beaucoup vieilli depuis trois mois.	КРЕСТЕЈ. — "Да, го видов минатата недела, ми стана жал за него, многу остарел последниве три месеци."
BAROIS.-Vous savez qu'on l'a prié-oh, très courtoisement-de renoncer à son cour du Collège de France, pour la rentrée? Il y a eu, à la fin de juin, trop de tapage autour de ses leçons. D'ailleurs tout le monde lui tourne le dos: aux dernières séances du Sénat, ils n'étaient guère qu'une dizaine à lui serrer la main.	БАРОА. — "Вие добро знаете дека го молевме, и тоа колку го молевме, да се откаже од неговите часови на Колеж де Франс? Кон крајот на јуни се крена голема врева околу негвоите часови. Впрочем, сите околу него му го вртат грбот: на послед ните седници на Сенатот, само петнаесетина колеги му пружиле рака."
PORTAL.-Quelle incroyable incompréhension générale!	ПОРТАЛ. — "Какво неверојатно недоразбирање од страна на сите!"
HARBAROUX (grimaçant la haine).-C'est la presse nationaliste qui est cause de tout. Ces gens-là ne laissent pas un instant l'opinion reprendre haleine, se ressaisir!	АРАБАРУ (со тон на омраза). — "За тоа е виновен националис тичкиот печат. Тие луѓе не ја оставаат јавноста ни за миг да здивне, да се соземе!"
BAROIS.-Au contraire: ils refoulent systématiquement toute la générosité inhérente à notre race, tout ce qui avait jusqu'à présent placé la France, à ses risques et gloire, en tête de la civilisation, sous prétexte de condamner l'anarchie et l'antimilitarisme, qu'ils ont la mauvaise foi de confondre avec	БАРОА. — "Напротив, тие намерно и систематски одбиваат да ја признаат широкоградоста својствена за нашиот народ, сето она што, досега ја ставаше Франција, за нејзин ризик и слава, на чело на цивилизацијата, под изговор дека ја осудуваат анарх ијата и антимилитаризмот, коишто ги мешаат со најелементарн

les instincts les plus élémentaires de justice et de bonté!	ите инстинкти за правдина и за добрина!
Et tout le monde s'y est laissé prendre!	"И сите ги навлекоа на такво однесување!"
WOLDSMUTH (secouant sa tête de caniche, aux yeux tendres).-On obtient toujours ce qu'on veut d'un peuple, quand on sait l'exciter contre les juifs...	ВОЛДСМУТ (тресејќи ја рунтавата глава со нежни очи). — "Народот за сè можеш да го придобиеш, поготово кога некој знае како да го подбуцне против Евреите..."
CRESTEIL.-Ce qui m'étonne, dans cette approbation commune, c'est que leur thèse est stupide; il suffit d'un minimum de bon sens pour l'anéantir: «L'Affaire Dreyfus est une immense machination montée par les Juifs...»	КРЕСТЕЈ. — "Она што ме чуди, во оваа сеопшта поддрша, е тоа дека нивната теза е очигледно толку глупава. Потребен е само малку здрав разум за да ја собори таа таза:"Аферата Драјфус е страшна махинација смислена од Евреите.""
BAROIS.-Comme si une aussi prodigieuse aventure pouvait avoir été prévue, organisée de pied en cap...	БАРОА: — "Небаре таков еден неверојатен потфат можел да се смисли, да се организира, преку ноќ..."
CRESTEIL.-On leur objecte: «Mais, si Esterhazy était l'auteur du bordereau?» Ils ne se troublent pas pour si peu: «Eh bien, c'est que les Juifs l'auraient acheté d'avance et lui auraient fait adopter, à s'y méprendre l'écriture de Dreyfus...» C'est d'une insoutenable puérilité...	КРЕСТЕЈ. — "Ако им речеш пак:"А, што ако Естерхази е автор на документот?"Тие воопшто не се потресуваат околу тоа."Тоа ќе значи дека Евреите и него го купиле и го натерале да го вежба и имитира ракописот на Драјфус..."Таквото тврдење е навистина инфантилно..."
ZOEGER.-Le mal vient aussi de ce qu'on a compliqué l'Affaire à l'infini. Cette folie d'enquêtes et de contr'enquêtes, a complètement dénaturé sa véritable origine et son sens réel. On s'est lancé passionnément sur cent pistes adjacentes, contradictoires... Ce qu'il faudrait, maintenant, c'est un coup de théâtre, qui chavire net l'opinion, et la ramène à une vue d'ensemble.	ЗЕГЕР. — "Лошо е, исто така, што ја влечат до бескрај аферата. Оној куп истраги, контраекспертизи тотално го обезличи нејзиното вистинско потекло и нејзиното вистинско значење. Како обезглавени се залетаа во сто насоки, едни поблиску до вистината други контрадикторни... Она што сега е потребо тоа е неочекуван пресврт, кој тотално ќе го смени јавното мислење, и ќе му даде појасна слика за работите.
CRESTEIL.-Oui: un coup de théâtre...	КРЕСТЕЈ. — "Да, неочекуван пресврт..."
BAROIS.-Nous en approchons peut-être avec cette histoire de Haute-Cour... (Tirant sur un papier de sa poche.) Tenez, j'ai encore reçu ça, ce matin... (Souriant.) Un anonyme plein d'attention...	БАРОА. — "Се ближиме можеби до веста за носење пред Високиот Суд..." (Вадејќи еден лист од џебот) "Еве, видете, ова го добив утрово..." (Смешкајќи се) "Предупредувачко анонимно писмо..."
HARBAROUX (qui a pris la feuille, lisant). -«Je tiens de	АРБАРУ (го зема листот и чита). — ""Дознав од сигурни

source sûre que le Ministre de la Guerre a proposé ce matin aux membres du Gouvernement de traduire les chefs du parti revisionniste devant la Haute-Cour.	извори дека министерт за воени прашања им предложил утрово на членовите на владата да ги повикаат лидерите на ревизионистичката партија пред Високиот суд.
«Votre nom est sur la liste, à côté de celui de M. Luce...»	Вашето име е на списокот, покрај она на Лис...""
BAROIS.-C'est très flatteur.	БАРОА. — "Колку ласкаво за мене."
HARBAROUX (lisant). -«L'arrestation générale est fixée au 2 septembre, à la première heure.	АРБАРУ (чита). — "Апсењето е предвидено за 2 септември, во раните утрински часови"
«Vous avez le temps d'être loin.»	"Имате време да побегнете."
Signé: «Un ami.»	"Потпишано:"Пријател.""
BAROIS (riant à pleines dents).-Hein? Ça fouette le sang, au réveil, des petits billets de ce calibre!	БАРОА (смеејќи се на цел глас). — "А, што велите на ова? Нели ви зоврива крвта? Пораки од ваков калибар, рано наутро?"
ZOEGER.-C'est ton article de samedi qui te vaut ça.	ЗОЕГЕР. — "Тоа си го заработи со твојот напис од минатата сабота."
PORTAL.-Je ne l'ai pas lu...	ПОРТАЛ. — "Го немам прочитано..."
(A Cresteil.) De quoi s'agissait-il?	(На Крестеј). "За што пишуваше?"
CRESTEIL.-De la fameuse séance de la Chambre, où, naïvement, le Ministre de la Guerre a cru sortir de son portefeuille cinq documents révélateurs, et n'a produit, en réalité, que cinq pièces fausses! Barois a magistralement établi pourquoi ces documents ne peuvent pas être authentiques...	КРЕСТЕЈ. — "За фамозната седница на парламентот на која, министер за воени прашања, многу наивно, извадил од џебот пет, според него, веродостојни доказни документи, а во реалност, покажал само пет фалсификати! Бароа, на мајсторски начин, објаснил зошто тие документи не можат да се сметаат за автентични..."
Le gérant entr'ouvre la porte.	Портирот ја подотвора вратата.
LE GÉRANT.-Monsieur Barois, il y a là un monsieur qui voudrait vous parler.	ПОРТИРОТ. — "Господине Бароа, еден господин сака да разговара со вас."
Barois le suit.	Бароа го следи.
Au bas de l'escalier il aperçoit Luce.	Долу, на скалите, го забележува Лис.
BAROIS.-Vous, à cette heure? Qu'est-ce qu'il y a?	БАРОА. — "Вие, во ова време? Што се случило?"

LUCE.-Du nouveau.	ЛИС. — "Повторно."
BAROIS.-La Haute-Cour?	БАРОА. — "Високиот Суд?"
LUCE.-Non... Qui avez-vous là-haut?	ЛИС. — "Не... Кој е со вас, горе?"
BAROIS.-Rien que le Semeur.	БАРОА. — "Само вработените во Сејач, никој друг."
LUCE.-Alors, montons.	ЛИС. — "Тогаш може да се качам."
En voyant entrer Luce, ils se dressent tous, d'un seul mouvement anxieux.	Гледајќи го Лис како влегува, сите скокнуваат од местото, со загрижен израз.
Luce, silencieusement, serre les mains tendues et s'assied avec une involontaire lassitude; le visage maigri, tiré, fait saillir plus volumineuse encore, la masse du front.	Лис, ги поздравува, без збор, пружените раце и седнува онерас положено. Ослабеното изобличено лице уште повеќе му го истакнува широкото чело.
LUCE.-Je viens de recevoir des nouvelles ... qui sont graves.	ЛИС. — "Добив информации... кои се прилично важни."
Ils se groupent autour de lui.	Сите се групираат околу него.
LUCE.-Hier ou avant-hier, il s'est passé, un drame imprévu au Ministère de la Guerre: le lieutenant-colonel Henry a été soupçonné par ses propres chefs, d'avoir falsifié les pièces du procès!	ЛИС. — "Вчера или завчера, во министерството за воени прашања, се случи неочекувана драма: потполковникот Анри беше обвинет, лично од неговите претпоставени, дека ги фалси фикувал доказите за процесот!"
Une stupeur profonde.	Сите останаа запрепастени.
LUCE.-Il y a eu aussitôt un interrogatoire d'Henry par le Ministre. A-t-il avoué? Je n'en sais rien.-En tous cas, il est depuis hier soir ... écroué au Mont Valérien.	ЛИС. — "Веднаш потоа следело сослушување на Анри од страна на министерот. Дали признал, не знам. Како и да е, уште од синоќа... однесен е во затворот Мон-Валериен."
BAROIS.-Écroué? Henry?	БАРОА. — "Затворен? Анри?"
Une sourde explosion de joie; quelques secondes d'exaltation enivrante.	Една придушена експлозија на радост, неколку секунди на силно воодушевување.
ZOEGER (d'une voix étouffée).-Nouvelle enquête! Nouveaux débats!	ЗЕГЕР (со пригушен глас). — "Нова истрага! Нови судски процеси!"
BAROIS.-C'est la révision!	БАРОА. — "Тоа значи ревизија!"
HARBAROUX (précis).-Mais ... quelles pièces aurait-il	АРБАРУ (бара допрецизирање). — "А... кои документи ги фалс

falsifiées?	ификувал?"
LUCE.-La lettre de l'attaché militaire italien, qui contenait, en toutes lettres, le nom de Dreyfus.	ЛИС. — "Писмото на италијанскиот воен аташе на кое беше целосно напишано името на Драјфус."
BAROIS.-Quoi? La fameuse preuve du général de Pellieux?	БАРОА. — "Што? Фамозниот доказ на генералот де Пелје?"
ZOEGER.-Celle que le Ministre a lue, il y a six semaines, en pleine tribune!	ЗЕГЕР. — "Она што министерот го прочита, пред шест месеци, пред полна судница!"
LUCE.-Fabriquée entièrement,-sauf l'en-tête et la signature, qui auraient été prises à une lettre insignifiante.	ЛИС. — "Сосема го фалсификувал, освен насловот и потписот, кои биле земени од некое небитно писмо."
une conscience qui voudrait être rigide, et tant de forces dissolvantes, les engagements de la tendresse, le respect d'autrui!... Mais il n'est pas moins vrai qu'il y a dans une semblable résignation une immoralité que rien, rien ne saurait légitimer! Aux heures troubles que traverse notre humanité, il n'est rien de plus grave qu'un acte de foi public, non seulement pour la dignité individuelle de celui qui l'accomplit, mais pour la répercussion illimitée qu'il peut avoir sur les irrésolutions voisines. La probité envers soi-même comme envers ceux qui nous regardent vivre, voilà, pour le moment, la plus certaine, la plus inflexible des règles morales. Et ceux qui transigent avec elle, qui, par l'incohérence de leur attitude, retardent, dans leur sphère, le cours de l'évolution commettent un crime social mille fois plus redoutable que tous les chagrins sentimentaux qu'ils auraient pu causer!	ченост, каква придушена борба меѓу едната совест, која сака да остане бескомпромисна, и многуте исцрпувачки сили: обврски за изразување на верност, на почит кон другиот!... Но, не треба да наседнеме на тоа: во таква една резигнација има неморал кој со ништо, со ништо не може да се оправда! Во тешките моменти низ кои минува нашето човештво, нема ништо полошо од чин на јавно изразување на верата, не само за личното достоинство на оној кој ја практикува, туку заради бес крајните последици што тоа може да ги има врз неодлучните. Искреноста кон себе како и кон оние кои нѐ гледаат како живееме, тоа е во моментов најсигурното, најцврстото морално правило. И оние кои нема да го почитуваат и, кои со нивното н едоследно однесување нема да го следат текот на еволуцијата, прават општествено злодело илјада пати полошо од сите сенти ментални болки што би можеле да ги нанесат! .
Plus impardonnable encore est leur faute, en ce qui concerne l'éducation de leurs fils.	"Уште понеопростива е грешката што ја прават со лошото восп итување на нивните деца.
L'esprit de l'enfant n'est pas capable de prévention: la notion du doute est le résultat d'une longue pratique des phénomènes; elle suppose l'expérience de l'erreur, une défiance de soi et de ses sensations, une défiance d'autrui. L'enfant est crédule, comme tout primitif; le sens du vraisemblable n'existe pas en lui: le miracle ne le surprend pas.	"Детскиот дух не е во состојба да се заштити : поимот за сомневање е резултат на долго животно искуство, тоа значи ис кусување на грешката, недоверба во себе и во своите чувства, недоверба кон другите. Детето е лековерно, како сè она што е п римитивно, чувството за реалност не постои кај него, чудата не го изненадуваат.
Le prêtre, à qui vous abandonnez cet esprit vierge, y marquera sans peine une empreinte ineffaçable. Il lui inspirera d'abord une crainte arbitraire de son dieu; puis il lui présentera les mystères de son culte, comme autant de vérités révélées, qui échappent et doivent échapper à l'entendement humain. Le prêtre affirme plus facilement qu'il ne prouve; l'enfant croit plus facilement qu'il ne raisonne: la concordance est parfaite...	"Црковното лице, на кого му го препуштате тој чист, непорочен дух, сигурно на него ќе остави неизбришиви лузни. Тој прво ќе му внесе страв од неговите богови, потоа ќе му ги сервира мистериите на неговиот култ како откровенија, кои му се несфатливи и кои треба да бидат несфатливи за човечкиот ум. Свештеникот побрзо е склон да тврди нешто отколку да го докаже тоа. Детето побрзо ќе прифати да поверува во нешто

Le raisonnement est l'opposé de la foi; un cerveau que la foi a façonné, reste longtemps, sinon toujours inapte aux jugements critiques. Et c'est l'esprit sans défense de cet enfant que vous allez confier, dès le plus jeune âge, à l'influence religieuse?	отколку да расудува: Усогласувањето е совршено... Расудувањето е спротивно на верата, ум кој е веќе моделиран од верата останува долго време, ако не и секогаш, неспособен за критички суд. А вие сакате детскиот дух без никаква заштита да му го доверите, уште од најмала возраст, на влијанието на религијата?"
Il s'est levé, emporté par la fougue de cette indignation, où vibre un remords personnel. C'est l'homme d'action: la polémique quotidienne lui a révélé sa puissance: il aime la lutte; si violent est son élan qu'il renverse parfois l'obstacle avant de l'avoir aperçu: une force qui se rue...	Тој станува, понесен од жарта со која го искажа својот револт, во кој има и малку грижа на совест. Тој е човек од акција, секој дневните полемики му ја откриja неговата моќ : тој ја сака борбата, толку силен е неговиот елан што тој понекогаш руши пречки уште пред реално да ги забележи : сила која се бунтува...
Quoi! L'Église nous maudit, elle lance l'anathème sur ce qui constitue les réalités les plus vivantes de notre existence; et c'est à elle que nous allons livrer nos enfants? Comment expliquer pareille aberration? Est-ce parce que nous gardons l'espoir secret qu'ils sauront bientôt se dégager de ces superstitions? Alors, comment qualifier cette hypocrisie?	"Што! Црквата нè проколнува, фрла анатема на сето она што ја претставува најмодерната реалност во нашето постоење и ние нејзе ли да ѝ ги довериме нашите деца? Како да си го објасниме тоа апсурдно однесување? Дали е тоа затоа што ние потајно се надеваме дека тие наскоро ќе ги напуштат тие празноверија? Како да ја објасниме таа дволичност?
Et puis, la grossière erreur de croire qu'en mûrissant, l'esprit secouera sans peine ces fumées! Ne vous rappelez-vous pas combien peut être tenace une foi d'enfant?... Hélas, l'homme que la religion a marqué dès l'enfance ne s'en débarrasse pas d'un simple mouvement d'épaule, comme d'un vêtement usé, devenu trop étroit! Les éléments religieux trouvent chez l'enfant un sol préparé par dix-huit siècles d'asservissement consenti; ils se mêlent inextricablement à tous les autres éléments de sa formation intellectuelle et morale. La dissociation, lorsqu'elle est possible, est longue, irrégulière, souvent incomplète, toujours douloureuse. Et combien sont-ils, ceux qui, dans les conditions actuelles de la vie, ont le loisir ou	"Освен тоа, голема грешка е да се верува дека со стареењето, духот лесно ќе се ослободи од тие верувања! Потсетете се колку жилава е детската верба?... За жал, оној човек кого религијата го обележала уште од детството не може од неа да се ослободи со едноставно затресување на рамениците, како стара или премногу стеснета облека! Религиозните елементи кај детето наоѓаат подготвена почва благодарение на осумнаесетвековната доброволна потчинетост, тие се испреплетуваат со другите елементи од неговото интелектуално и морално образование. Одвојувањето, кога е возможно, е долго, често пати нецелосно, секогаш болно. И колкав е бројот на оние кои во денешни услови имаат желба или храброст целосно да ја

le courage de procéder à cette refonte totale de leur personnalité? Encore ai-je jusqu'ici restreint la question: je n'ai envisagé ces dangers de l'enseignement religieux qu'à l'égard de l'individu. Mais ils menacent directement la Société. A notre époque, où les croyances religieuses sont partout ébranlées, il y a un véritable péril à laisser, dans l'âme des enfants, se souder les lois de la morale aux dogmes de la religion. Car, s'ils s'habituent à considérer ces règles de vie sociale comme autant d'ordres divins le jour probable où la certitude de Dieu vacillera dans leur esprit, tout en eux s'effondrera à la fois, et ils perdront du même coup leur direction morale.	изменат нивната личност? Јас, овде, дури и го стеснив полето, ги споменав само опасностите од верското образование само во однос на поединецот. Но тие се директна закана за општеств ото. Во ова време, кога религиозните верувања се во голема криза, постои реална опасност од дозволувањето, во душата на детето, да се спојат законите за моралот со религиозните догми. Зашто, ако тие се навикнат да ги сметаат правилата на о пштествениот живот како божји правила, оној ден кога сигурн оста во бога ќе се разниша во нивниот дух, тогаш сè во нив ќе се скрши, и тие наеднаш ќе ја изгубат нивната морална насока.
Voilà donc, brièvement résumés, les risques que nous courons, lorsque nous agissons en pères insouciants ou trop faibles.	"Ете накусо се обидов да ги предочам ризиците до кои може да се дојде доколку се однесуваме како незагрижени или инертни родители. Тогаш, со кои громогласни принципи ќе ја маскираме нашата апатија?
Et sous quels principes retentissants masquerons-nous notre apathie?	"Ве слушам... Великодушно ќе прогласиме неутралност!
Je vous entends... Nous proclamerons généreusement la neutralité! Ah, notre devoir est difficile, je le sais. Mais ne soyons pas dupes des mots... Cette neutralité, nos adversaires ont beau nous reprocher de la violer souvent,-(est-il possible à un enseignement d'être strictement neutre?)-c'est nous seuls qu'elle entrave! Neutralité, cela veut dire aujourd'hui: effacement devant la propagande acharnée de l'Église.	"Ах! Тешка е нашата задача, го знам тоа. Но да не нè залажуваа т зборовите... Нашите противници напразно нѝ приговараат дека ние често пати ја кршиме таа неутралност, но мора ли обр азованието да биде стриктно неутрално? Токму таа неутралнос т нас нè кочи! Неутралност, денес значи исчезнување пред жестоката пропаганда на Црквата.
Eh bien, cette situation fausse n'a que trop duré. Prenons franchement notre parti d'une lutte qui est inévitable, qui est la grande lutte de notre temps; et au lieu de la mener sourdement, acceptons-la au grand jour, avec des armes égales. Laissons les prêtres libres d'ouvrir des écoles et d'y enseigner que le monde	"Оваа лицемерна ситуација дури и предолго траеше. Искрено да го прифатиме нашиот дел од битката која е неизбежна, големата битка на нашето време, наместо да ја водиме потајно, да излеземе на виделина, со истото оружје. Да им дозволиме на свештениците да отворат училишта и да подучуваат дека

a été créé de rien en six jours; que Jésus-Christ était le fils de Dieu-le-Père et d'une Vierge; et que son cadavre s'est échappé tout seul de son tombeau, trois jours après son ensevelissement, pour monter dans le Ciel, où il est assis, depuis lors, à la droite de Dieu! Mais soyons libres, nous aussi, d'ouvrir des écoles où nous aurons le droit de prouver, avec tout l'appui de la raison et de la science, sur quelles inqualifiables crédulités se fonde encore la foi catholique! Quand la vérité est libre et l'erreur aussi, ce n'est pas l'erreur qui triomphe! La liberté, oui, mais pas seulement pour l'abbé du catéchisme: la liberté pour la raison, la liberté pour l'enfant!	светот бил создаден од ништо за шест дена, дека Исус Христос бил син на Богот отец и на девица и дека неговото мртво тело излегло сосема само од гробот, три дена по неговото погребува ње за да воскресне на небото, каде што доби место десно од Бога! Но, и ние да имаме слобода да отвориме училишта каде што ќе имаме право да докажеме, со помош на разумот и науката, врз какви нечесни лековерности се заснива католичкат а вера! Кога вистината е слободна и грешката исто така, не е грешката таа којашто тримуфира! Слобода, да, но не само за ка техистот, слобода и на разумот, слобода на детето!"
Il s'avance sur le bord de l'estrade, le visage dressé, les prunelles ardentes, les mains tendues.	Тој се приближува до работ на подиумот, со кренатa глава, со сјај во очите, со испружени раце.
Ah, mes amis, je voudrais terminer sur ce cri: la liberté pour l'enfant!	"Ах, пријатели мои, би сакал да завршам со зборовите: слобода за детето!
Je voudrais secouer toutes vos consciences, je voudrais surprendre dans vos regards le feu des résolutions nouvelles!	"Би сакал да ја растресам вашата свест, би сакал во вашите очи да го видам пламенот на новите промени!
Souvenons-nous de ce que nous avons souffert pour extirper de nous le vieil homme... Souvenons-nous de cet incendie qui nous a dévasté... Souvenons-nous de nos terreurs nocturnes, de nos révoltes, de nos confessions désespérées... Souvenons-nous de nos d'angoisses et de nos agenouillements...	"Да не заборавиме колку мака мачевме за да го искоренеме од нас старецот. Да не го забораваме пожарот што нè опустоши... Да не ги заборавиме нашите ноќни кошмари, нашиот револт, нашите очајни покајанија... Да не го заборавиме нашиот немир и нашите понижувања...
Pitié pour nos fils!	"Смилувајте се над нашите деца!"
III	III
La même année, quelques mois plus tard.	Истата година, неколку месеци подоцна.
Barois hèle un fiacre, place de la Madeleine.	Бароа запира еден фијакер на плоштадот Мадлен.
BAROIS.-Au Semeur, rue de l'Université.	БАРОА. — "До редакцијата на Сејач, на улицата на Универзит етот."
Il claque la portière.	Ја треска вратата.

La voiture ne démarre pas. Coup de fouet; une ruade.	Кочијата не тргнува. Удар со камшик, клоцање на коњот.
BAROIS.-Allons! je suis pressé...	БАРОА. — "Ајде! Се брзам..."
Nouveau coup de fouet. Le cheval, une bête jeune et rétive, hésite, se cabre, lève les naseaux et part comme une flèche.	Повторно удирање со камшик. Коњот, младо и бунтовно животно, неодлучен, се исправа на нозе, ги крева ноздрите и тргнува како стрела.
Il enfile la rue Royale, traverse d'un trait la place de la Concorde, et s'élance dans le boulevard Saint-Germain.	Влегува во улицата "Роајал", го поминува плоштадот "Конкорд", и се загнува по булеварот "Сен – Жермен".
Quatre heures de l'après-midi. Circulation intense. Le cocher, arcbouté sur son siège, incapable de maîtriser l'animal, parvient à le diriger, à grand'peine.	Четири часот попладне. Густ сообраќај. Кочијашот, подвиткан на седиштето, немоќен да го контролира животното, едвај успева да го управува.
Un tramway poussif barre la route.	Еден прашлив трамвај му го пресекува патот.
Pour le dépasser, l'homme lance sa voiture à gauche, sur les rails libres. Il n'a pas vu le tramway qui vient en sens inverse...	За да го претекне, човекот ја врти кочијата на левата страна, на слободните пруги. Не го забележува транвајот кој доаѓа од спр отивната насока...
Impossible de ralentir... Impossible de passer entre les deux véhicules...	Не може да забави... не може да се протне меѓу двата трамваја...
Barois, blême, se jette en arrière, contre les coussins. La vision de son impuissance au fond de cette boîte, la certitude de l'inévitable, pénètrent en lui, comme la foudre.	Бароа, пребледен од страв, се фрла наназад, на перничињата. Свеста за неговата немоќ, внатре во тој ковчег, убедеността во н еизбежното, го погодуваат како удар од гром.
Il balbutie: «Je vous salue, Marie, pleine de grâces...»	Пелтечи: "Здраво Марија, полна со милост..."
Un fracas infernal de vitres pulvérisées..	Пеколен тресок на скршени стакла...
Un choc mortel...	Смртоносен шок.
Du noir...	Мрак.
Plusieurs jours après.	Неколку дена подоцна.
Chez Barois, à la tombée du jour.	Кај Бароа, на разденување.
Woldsmuth, sur une chaise, près de la fenêtre, lit sans faire un mouvement.	Волдсмут е седнат на столица, блиску до прозорецот.

Barois est étendu sur son matelas, les jambes noyées jusqu'aux hanches dans du plâtre.	Бароа лежи испружен на неговиот душек, нозете му се во гипс, сè до колковите.
Il n'a recouvré sa pleine conscience que depuis quelques heures; et, pour la dixième fois, il reconstruit mentalement l'aventure:	Свеста му се врати пред неколку часа и, веќе по десетти пат, ја реконструира случката:
-«Il y avait la place, si celui de droite n'avait pas accéléré...	— "Имаше место, да не забрзаше оној од десната страна...
«Ai-je eu le temps de sentir le frôlement de la mort? Je ne sais plus... J'ai eu peur, une peur atroce.. Et puis le hurlement des freins bloqués...»	"Дали имав време да го почувствувам допирот на смртта? Не знам... Точно е дека ме обзеде страв, ужасен страв... Потоа слушнав чкрипење на кочници..."
Il sourit involontairement: entre la mort et lui, tout le bouillonnement de sa vie présente, reconquise!	Тој сосила се насмевнува: меѓу смртта и него, целиот негов сегашен бурен живот, му се враќа!
-«Curieux, cette peur qu'on a de mourir... Comment peut-on craindre la suppression de toute pensée, de toute sensation, de toute souffrance? Craindre de ne plus être?	— "Чуден е тој страв од умирање... како може човек да се плаши од престанувањето на сите мисли, на чувствувањето, на страдањето? Се плаши ли дека нема повеќе да постои?
«Peut-être est-ce uniquement l'inconnu qui terrifie? C'est évidemment la seule sensation qui nous soit totalement nouvelle; personne n'a, dans son hérédité, la moindre expérience de ça...	"Тоа е можеби единствената непознатица што застрашува? Чувството на умирање, очигледно, е единственото нешто кое нѝ е сосема ново : никој го нема наследено тоа искуство...
«Et pourtant, un homme de science, qui a le temps de réfléchir quelques secondes, doit se résigner, sans beaucoup de peine. Quand on a bien compris que la vie n'est qu'une suite de transformations, pourquoi s'effrayer de celle-là? Ce n'est pas la première... Ce n'est vraisemblablement pas la dernière...	"Па сепак, човек од науката, кој има неколку секунди време да размисли, мора да се помири, без никаква тешкотија. Кога веќе човек сфатил дека животот е само след на преобразби, зошто тогаш да се плаши од тоа? Не е ни прва ... А најверојатно ни последна преобразба...
«Et puis, quand on a su employer son existence, quand on a lutté, quand on laisse derrière soi, qu'est-ce qu'on peut regretter?	"Освен тоа, кога човек знаел паметно да го искористи својот живот, кога се борел, кога оставил зад себе, што има да жали тогаш?
«Je suis bien sûr, moi, de m'en aller, très calme...»	"Јас сум сосема сигурен дека си одам спокоен..."
Soudain, son visage se contracte. Il reste épouvanté, anéanti. Il vient de revivre la minute tragique, et, brutalement, il s'est	Одеднаш, неговото лице се згрчува. Делува вознемирено, скршено. Се потсети на трагичната минута и, наеднаш, се

rappelé le seul cri venu à ses lèvres: «Je vous salue Marie...»	потсети на единствениот крик што излезе од неговите усни: "Ave, Maria..."
Une heure s'écoule.	Помина еден час.
Woldsmuth tourne ses pages, sans bouger.	Волдсмут ги врти листовите без да трепка со очите.
Pascal apporte une lampe; il ferme les volets et s'approche de son maître; sa figure plate de Suisse, aux cheveux ras, aux yeux larges et clairs, est bonne à regarder. Mais Barois ne l'aperçoit pas; son regard est fixe; son cerveau fonctionne avec une activité déréglée; sa pensée est extraordinairement lucide, clarifiée comme l'atmosphère des montagnes après l'orage.	Паскал носи една светилка, ги затвора капаците на прозорците и се доближува до неговиот газда. Тој има пријатен изглед, рамна швајцарска фигура, кратко потшишана коса, крупни светли очи. Но, Бароа не го забележува, погледот му е неподвижен, мозокот неправилно му функционира, мислата пак му е извонредно луцидна, избистрена како планински воздух по силна луња.
Enfin son visage, crispé par l'effort cérébral, se détend progressivement.	Најпосле неговото лице, изобличено од напорот на мозокот, постепено почнува да се опушта.
BAROIS.-Woldsmuth...	БАРОА. — "Волдсмут..."
WOLDSMUTH (se levant avec précipitation).-Vous souffrez?	ВОЛДСМУТ (веднаш станувајќи). — "Имате ли болки?"
BAROIS (d'une voix brève).-Non. Ecoutez-moi. Asseyez-vous là.	БАРОА (отсечно) — "Не. Слушајте. Седнете овде."
WOLDSMUTH (qui lui a pris le poignet).-Vous avez un peu de fièvre... Restez tranquille, ne parlez pas.	ВОЛДСМУТ (му го проверува пулсот). — "Имате и малку тем пература. Мирувајте, не напрегајте се со зборување."
BAROIS (dégageant son bras).-Asseyez-vous là, et écoutez-moi. (Avec colère.) Non, non, je veux parler! Je ne me rappelais pas tout... J'oubliais le plus beau...	БАРОА (тргајќи ја раката). — "Седнете тука и послушајте ме." (Налутено) "Не, не, јас сакам да зборувам! Не можам на сè да се сетам... Ќе го заборавев најважното...
Woldsmuth! Au moment où j'ai vu que j'étais perdu, savez-vous ce que j'ai fait? Eh bien, j'ai prié la Sainte Vierge!	"Волдсмут! Во моментот кога помислив дека ми нема спас, знаете што направив? Ова нема да ви се верува, почнав да ѝ се молам на Пресвета Богородица!"
WOLDSMUTH (conciliant).-Ne pensez plus à tout ça... Il faut vous reposer...	ВОЛДСМУТ (смирувачки). — "Не мислете веќе на тоа... Треба да одмарате..."
BAROIS.-Non, je n'ai pas le délire. Je parle sérieusement, je	БАРОА. — "Не, не сум во бунило. Сериозно зборувам, сакам

veux que vous m'écoutiez. Je ne serai tranquille que lorsque j'aurai fait ce que je dois faire...	да ме слушате. Нема да се смирам сè додека не направам тоа што треба да се направи..."
Woldsmuth s'assied.	Волдсмут седнува.
BAROIS (les yeux brillants, les pommettes rouges).-A ce moment-là, moi, Jean Barois, je n'ai pensé à rien d'autre, j'ai été soulevé par un espoir fou, j'ai supplié de tout mon être la Sainte Vierge de faire un miracle!... (Il rit violemment.) Ah, mon cher, après ça, on peut être fier de son armature!	БАРОА (со сјај во очите, со зацрвенети образи). — "Во тој момент, јас, Жан Бароа, не помислив на ништо друго, ме обзеде некоја луда надеж, јас со целото мое битие ја молев Пресвета Богородица да направи чудо!..." (Силно се изнасмеа) "Ах, драги мој, најпосле можам да бидам горд на мојава арматура!"
(Il redresse le buste, resté libre.) Alors, vous comprenez, je suis hanté par l'idée que ça pourrait recommencer... Ce soir, cette nuit, est-ce que je sais, maintenant? Je veux rédiger quelque chose, protester d'avance. Je ne serai pas tranquille avant.	(Ги исправува градите). — "Ме разбирате ли сега, мене ме прогонува мислата дека тоа би можело повторно да ми се случи... Вечерва, ноќва, како да го знам тоа, сега?... Сакам да напишам нешто, сакам да бидам сигурен. Инаку нема да се смирам."
WOLDSMUTH,-Oui, demain, je vous promets. Vous me dicterez...	ВОЛДСМУТ. — "Добро, утре, ви ветувам. Вие ќе ми диктирате..."
BAROIS (avec une violence irrésistible).-Tout de suite, Woldsmuth, tout de suite, vous entendez! Je veux tout écrire moi-même, ce soir! Je ne pourrais pas dormir... (Se passant la main sur le front.) D'ailleurs, c'est là, tout prêt, je ne me fatiguerai pas... Le plus dur est fait...	БАРОА. – (со несмирена жестина). — "Веднаш, Волдсмут, веднаш, ме слушате ли! Сè сакам да напишам сам, вечерва! Инаку нема да можам да спијам..."(Минувајќи со раката по чел ото)"Впрочем, сè ми е тука, во главата, нема да се заморувам... Најтешкото помина..."
Woldsmuth cède. Il soulève Barois sur deux oreillers, et lui donne son stylographe, du papier.	Волдсмут попушта. Го поткрева Бароа на две перници, и му дава перо и хартија.
Puis il reste debout, contre le lit.	Потоа останува да стои, до креветот.
Barois écrit, sans une hésitation, sans lever les yeux, d'une écriture droite et ferme.	Бароа пишува, без двоумење, без да ги крева очите, со сигурни движења и јасно :
«Ceci est mon testament.	"Ова е мојот тестамент.
«Ce que j'écris aujourd'hui, ayant dépassé la quarantaine, en pleine force et en plein équilibre intellectuel, doit, de toute	"Она што денес го пишувам, со веќе поминати четириесет години, при чиста свест и здрав разум, треба, се разбира, да

évidence, prévaloir contre ce que je pourrai penser ou écrire à la fin de mon existence, lorsque je serai physiquement et moralement diminué par l'âge ou par la maladie. Je ne connais rien de plus poignant que l'attitude d'un vieillard, dont la vie toute entière a été employée au service d'une idée, et qui, dans l'affaiblissement final, blasphème ce qui a été sa raison de vivre, et renie lamentablement son passé.	има поголема важност во споредба со сè она што би можел, еве нтуално, да го мислам на крајот од мојот живот, кога ќе бидам физички и морално оронат од годините или од болест. Според мене, нема ништо поодвратно од однесувањето на некој старец, кој целиот свој живот го посветил на некоја идеја, и кој, во моменти на тотална изнемоштеност удира со дрвја и камења по она што била негова причина за постоење, и бедно да се одрекува од неговото минато.
«En songeant que l'effort de ma vie pourrait aboutir à une semblable trahison; en songeant au parti que ceux dont j'ai si ardemment combattu les mensonges et les empiètements, ne manqueraient pas de tirer d'une si lugubre victoire, tout mon être se révolte, et je proteste d'avance, avec l'énergie farouche de l'homme que je suis, de l'homme vivant que j'aurai été, contre les dénégations sans fondement, peut-être même contre la prière agonisante du déchet humain que je puis devenir. J'ai mérité de mourir debout, comme j'ai vécu, sans capituler, sans quêter de vaines espérances, sans craindre le retour aux lentes évolutions de la germination universelle. «Je ne crois pas à l'âme humaine, substantielle et immortelle.	"Кога ќе помислам на тоа дека она за што сум се борел, цел живот, би можело да доведе до една голема измама, кога ќе помислам на тоа дека сите оние, против чии лаги и злодела бес поштедно се борев, едвај чекаат да уживаат во нивната злокобна победа, целото мое битие се побунува, и однапред го изразувам мојот протест, со жестока енергичност типична за човек каков што сум, за човек каков што ќе сум бил, против не заснованите одрекувања, дури и против молитвата, на смртната постела, на сенилното човечко ѓубре какво што можеби ќе станам. Заслужив да умрам стоечки, како што живеев, без да се предадам, без да молам за залудна надеж, без да се плашам од бавната еволуција на универзалното ’ртење."Не верувам дека човечката душа е, материјална и бесмртна.
«Je ne crois pas que la matière s'oppose à l'esprit. L'âme est la somme des phénomènes psychiques, comme le corps est la somme des phénomènes organiques. L'âme est une résultante occasionnelle de la vie, une propriété de la matière vivante. Je ne vois aucune raison pour que l'énergie universelle qui produit le mouvement, la chaleur et la lumière, ne produise pas la pensée. Les fonctions physiologiques et les fonctions psychiques sont solidaires; et la pensée est une manifestation	"Не верувам дека материјата се коси со духот. Душата е производ на органски феномени. Душата е случаен резултат на животот, особина на живата материја, не гледам никаква причина зошто универзалната енергија која произведува движење, топлина и светлина, да не произведува мисла. Физио лошките и психолошките функции се взаемно поврзани, а мислата е манифестација на органскиот живот, на ист начин како и другите функции на нервниот систем. Никогаш не сум к

de la vie organique, au même titre que les autres fonctions du système nerveux. Je n'ai jamais constaté de la pensée hors de la matière, hors d'un corps en vie; je n'ai jamais rencontré qu'une substance unique, la substance vivante.	онстатирал дека постои мисла без материја, надвор од човечкото тело, секогаш сум сретнувал една единствена супстанца, живата супстанца.
«Que nous l'appellions matière ou vie, je la crois éternelle: la vie a toujours été et produira la vie éternellement. Mais je sais que ma personnalité n'est qu'une agglomération de particules matérielles, dont la désagrégation entraînera la mort totale.	"Без разлика како ја нарекуваме, материја или живот, јас сметам дека таа е вечна : животот секогаш постоел и вечно ќе п роизведува живот. Но јас знам дека мојата личност е само агло мерација на материјални честички, чиешто распаѓање ќе доведе до целосна смрт.
«Je crois au déterminisme universel, et que notre dépendance est absolue.	"Јас верувам во универзален детерминизам и дека нашата зависност е апсолутна.
«Tout évolue; tout réagit; la pierre et l'homme; il n'y a pas de matière inerte. Je n'ai donc aucun motif pour attribuer plus de liberté individuelle à mon activité que je n'en attribue aux transformations plus lentes d'un cristal.	"Сè еволуира, сè реагира, и каменот и човекот. Не постои инертна материја. Значи јас немам никаква причина да ѝ давам поголема индивидуална слобода на мојата активност во споредба со најбавните трансформации на еден кристал.
«Ma vie résulte d'une lutte incessante entre mon organisme et le milieu où je baigne: j'agis donc, à chaque instant, selon mes réactions particulières, c'est-à-dire pour des raisons qui n'appartiennent qu'à moi seul: ce qui donne aux autres l'illusion que je suis libre de mes actes. Mais en aucun cas je n'agis librement: aucune de mes déterminations ne pourrait être différente de ce qu'elle est. Le libre arbitre équivaudrait au pouvoir d'accomplir un miracle, de dévier les rapports des causes aux effets. C'est une conception métaphysique, qui prouve simplement l'ignorance où nous avons été si longtemps, et où nous sommes encore, des lois auxquelles nous obéissons.	"Мојот живот е резултат на непрекината борба меѓу мојот организам и средината во која живеам : значи јас делувам, во секој момент, според моите посебни реакции, односно од причини кои се само мои : заради што другите се лажат дека јас сум слободен да делувам. Но во ниеден случај не делувам слободно: ниедна од моите намери не може да биде поинаква од она што е. Слободната волја би соодветствувала со моќта за правење некакво чудо, за менување на причинските односи во последични. Тоа е едно метафизичко сфаќање кое само го докажува незнаењето во кое сме живееле толку долго, со кое сега живееме, на законите на кои им се повинуваме.
«Je nie donc que l'homme puisse en rien influer sur sa destinée.	"Јас одбивам да прифатам дека човекот не може со нешто да делува на неговата судбина.
«Le bien et le mal sont des distinctions arbitraires. Je concède	"Доброто и злото се произволни разграничувања. Признавам

qu'elles ont une utilité pratique, tant que la notion de responsabilité, qui ne se fonde sur rien de réel, sera nécessaire à l'échafaudage de notre organisation sociale.	дека тие се корисни од практични причини, сè додека поимањето на одговорноста, која не се потпира на ништо реелно, ќе биде потребно за изградба на нашата општествена о рганизација.
«Je crois que, si tous les phénomènes de la vie ne sont pas encore analysés, ils le seront un jour.	"Мислам дека за сите појави во животот, кои сè уште не се проучени, еден ден ќе има објаснување.
«Quant aux causes premières de ces phénomènes, je crois quelles sont hors de notre plan de vision, et inaccessibles à nos recherches. L'homme, par suite de sa place limitée dans l'univers, être relatif et fini par essence, ne peut pas avoir la notion de l'absolu et de l'infini; il s'est forgé des mots pour exprimer ce qui n'est pas comme lui, mais il n'en est pas plus avancé: il est victime de son langage; ces mots ne correspondent, pour l'entendement humain, à aucune réalité précise. Elément d'un tout, il est naturel que l'ensemble lui échappe.	"Што се однесува пак до причините за тие појави, сметам дека тие се надвор од нашиот видик, и недостапни за нашите истра жувања. Човекот, заради неговото место во универзумот, како релативно суштество и со ограничен век на живеење, не може да го сфати апсолутното и бесконечното; тој си создал зборови за да го објасни она што е различно од него, но не отишол многу напред, тој е жртва на неговиот јазик, неговите зборови не одговараат повеќе за тој да ја сфати секоја прецизна реалност. Бидејќи е елемент на една целина, сосема е природно целината да му бега.
«Se révolter contre cette nécessité, c'est s'insurger contre les conditions planétaires de ce monde.	"Побуната против таа состојба, значи побуна против планетарн ите услови на целиот свет.
«J'estime donc qu'il est vain d'échafauder, pour expliquer l'inconnaissable, des hypothèses qui n'ont aucune base expérimentale. Il est temps que nous nous guérissions de notre délire métaphysique, et que nous renoncions enfin aux «pourquoi» sans réponse, que notre hérédité mystique nous incite encore à poser.	"Мислам дека е бесмислено да се градат претпоставки, за да се објасни необјаснивото, кои немаат никаква искуствена основа. Време е да оздравиме од нашето метафизичко бунило, и да се откажеме конечно од прашањата на кои нема одговор а, кои нашето мистично наследство, нè поттикнува да си ги поставува ме.
«L'homme a, devant lui, un champ d'observation pratiquement illimité. Peu à peu, la science reculera si loin les bornes de ce qui n'est pas constatable, que si l'homme s'employait à comprendre tout le réel qui est à sa portée, il n'aurait plus le temps de gémir sur ce qui échappe irrémédiablement à ses facultés.	"Човекот, пред себе, има практично неограничено поле за опсе равиција. Полека полека, науката ќе ги направи многу далечни границите на она што не може да го објасни, но само ако човекот вложи напор да го разбере сето она што е реално и нему на дофат, и тогаш не би имал време да кука над она што далеку ги надминува неговите способности.

«Je suis certain que la science, en apprenant aux hommes à savoir ignorer, procurera à leurs consciences un équilibre qu'aucune foi n'a jamais su leur offrir.	"Јас сум уверен дека ако науката ги научи луѓето да знаат дека не знаат, ќе ја доведе нивната свест во таква рамнотежа која ниедна вера, никогаш досега, не успеала да ја воспостави.
Jean Barois.»	" ЖАН БАРОА"
D'une main lourde, il achève lentement sa signature. Puis sa volonté tendue se rompt. Sa face congestionnée devient brusquement livide. Il se renverse dans les bras de Woldsmuth. Les feuillets s'éparpillent sur les draps.	Со отежнато движење на раката, тој полека го довршува неговиот потпис. Тогаш, силата почна да го напушта. Неговото изобличено лице наеднаш помодре. Паѓа во рацете на Волдсмут. Лисјата се разлетуваат по чаршавот.
Woldsmuth, d'une voix anxieuse, appelle Pascal. Mais déjà Barois soulève les paupières, et sourit aux deux hommes.	Волдсмут, со уплашен глас, го вика Паскал. Но, тогаш, Бароа веќе ги крена очните капаци и им се насмевна на двајцата мажи.
Quelques instants plus tard, sa respiration régulière révèle un profond et calme sommeil.	Неколку мига подоцна, неговото правилно дишење укажуваше дека паднал во длабок и спокоен сон.
TROISIÈME PARTIE	ТРЕТ ДЕЛ
LA FÊLURE	ПУКНАТИНА
I	I
Cinq ans plus tard.	Пет години подоцна.
A Paris.	Во Париз.
Un matin.	Наутро.
Barois achève de déjeuner.	Бароа завршува со појадокот
PASCAL.-Il y a là un abbé, qui voudrait voir Monsieur.	ПАСКАЛ. — "Господине, тука е свештеникот кој сака да Ве види".
BAROIS.-Un abbé?	БАРОА. — "Свештеник?"
PASCAL.-Il n'a pas voulu dire son nom.	ПАСКАЛ. — "Не сакаше да ми го каже името."
Barois entre dans son cabinet. Un prêtre âgé, debout à contre-jour: l'abbé Joziers.	Бароа влегува во својот кабинет. Исправен, наспроти светлината, стои еден повозрасен свештеник, опатот Жозје.
L'ABBÉ.-Je ne me suis pas fait nommer, je n'étais pas sûr	ОПАТОТ. — "Не го кажав името зашто не бев сигурен дека ќе

d'être reçu... (Il rencontre le regard joyeux de Barois, et baisse la tête.) Bonjour, Jean.	ме примите..." (Тој го гледа веселиот поглед на Бароа и ја наведнува главата) "Добар ден, Жан."
Depuis plus de dix ans, aucune voix amie ne l'a appelé «Jean»... Ses yeux s'emplissent de larmes; il tend les mains. L'abbé les saisit. Ils sont un instant l'un contre l'autre sans parler.	Цели десет години, ниеден пријателски глас му се немаше обратено со"Жан"... Очите му се наполнија со солзи. Ги пружа рацете. Свештеникот ги позема. За миг стојат еден наспроти друг без ни збор да проговорат.
L'abbé Joziers: la soixantaine.	Опатот Жозје е на возраст од шеесетина година.
Le corps, maigre et long, est demeuré alerte. Mais le visage est d'un vieillard: les cheveux sont tout gris; la peau est jaune, fripée; aux coins des lèvres, deux entailles, par où les joues semblent s'être vidées de leur chair.	Неговото долго и слабо тело сè уште е подвижно, наспроти лицето кое одава изглед на вистински старец, побелена коса, пожолтено лице, набрчкани усни, две длабоки бразди на образите небаре фалат парчиња од месото.
Barois, familièrement, avance un siège. L'abbé s'y assied avec réserve.	Бароа, со пријателски израз, му ја подава столицата. Опатот седнува со извесна воздржаност.
Barois aussi a changé: il a maigri; il porte ses cheveux emmêlés sur le front; le regard est plus pensif; la moustache noire, striée de blanc, masque maintenant la révolte de la bouche.	И Бароа му се гледа изменет, ослабен, разбушавената коса му паднала на челото, погледот му е замислен, црните мустаќи прошарани со бели влакна, сега добро го прикриваат негодува њето на усните.
L'ABBÉ.-Je ne viens pas en ami, vous vous en doutez bien... Je viens, parce qu'on me l'a demandé, et qu'il n'y avait personne d'autre pour faire cette démarche... Vous devinez sans doute pourquoi?	ОПАТОТ. — "Не доаѓам како пријател, во право сте што се по сомневавте... Дојдов зашто бев замолен да го сторам тоа, а немаше никој друг освен мене да ви упати прекор... Сигурно п огодувате за што се работи, нели?"
Barois secoue négativement la tête; sa bonne foi est évidente. L'abbé était venu, indigné; et, devant ce regard loyal, il se sent incliné à plus d'indulgence: «C'est un irresponsable...» Mais il reprend son rôle; et l'affection ancienne redescend au fond de son cœur.	Бароа одмавнува со главата, неговата добронамерност е повеќе од очигледна. Опатот дошол заради претрпената навредата но, пред тие чесни очи, тој повеќе е склон да чувствува благонакло ност: " Тоа е неодговорно..." Сепак ѝ се враќа на својата улога и претходната срдечност ја потиснува во дното на срцето.
L'ABBÉ (agressif).--Vous avez récemment fait une leçon publique, je ne sais à quelle occasion, sous ce titre: Documents psychologiques pour l'évolution contemporaine de la foi.	ОПАТОТ (со агресивен тон). — "Неодамна сте одржале едно јавно предавање, не знам по кој повод, под наслов: Психолошк и документи за современата еволуција на верата."

BAROIS (intrigué).-Oui.	БАРОА. — "Да.."
L'ABBÉ.-Vous y êtes délibérément sorti du domaine des idées générales, pour donner des détails ... dont le caractère autobiographique est manifeste. Les fragments que j'ai dû lire, font allusion à des circonstances de votre jeunesse, de votre mariage ... qui y sont étalées ... avec une absence de ... respect...	ОПАТОТ. — "Вие намерно сте излегле од доменот на општите идеи, за да навлезете во некои детали... чиишто автобиографск и карактер е сосема препознатлив. Деловите што морав да ги читам алудираат на околностите од вашата младост, од вашиот брак... изложени се... со тотално отсуство на ... респект..."
BAROIS (sèchement).-Vous allez un peu loin. Les détails dont vous parlez sont anonymes et présentés sous une forme scientifique, qui écarte toute autre interprétation. J'ai étudié un grand nombre de cas psychologiques, dont une partie m'était fournie par des correspondants, médecins en province, et dont quelques autres, je le reconnais, m'étaient personnels...	БАРОА (суво одговори). — "Отидовте предалеку. Деталите за коишто зборувате се анонимни и презентирани во научна форма, која отфрла секое поинакво толкување. Јас имам проуч увано голем број психолошки случаи, од коишто еден дел го добив од дописници, лекари во провинција, додека другиот дел, признавам, содржеше и лични..."
L'ABBÉ (haussant le ton).-C'est là où vous vous trompez, Jean. Ces détails n'appartiennent pas à vous seul. (Amèrement.) J'ai eu la douleur de perdre, à votre sujet, bien des illusions déjà. Mais je ne croyais pas qu'il me faudrait un jour vous rappeler à votre plus élémentaire dignité d'homme. Il y a des analyses intimes dont le secret est inviolable. On n'expose pas à la curiosité d'un public, quel qu'il soit, pour quelque motif que ce soit, les sentiments d'une femme, qui est et qui reste la vôtre, qui est la mère de votre enfant!	ОПАТОТ (повишувајќи го тонот). — "Е, тука се лажете Жан, тие поединости не ви припаѓаат само вам."(со горчина во гласо т)"Јас, за жал, имав доста илузии за вас. Но, не верував дека еден ден ќе морам да ве потсетам на најелементарното човечко достоинство. Има интимни нешта чијашто тајна е неповредива. Не може пред љубопитството на една публика, без оглед која и да е таа, да се изложуваат чувствата на една жена која е и која останува ваша и која е мајка на вашето дете."
Barois reçoit le coup au visage, sans un geste de protestation. Il devient pourpre. Des souvenirs s'abattent sur lui, en rafale: au fond de sa conscience, un passé, qui n'était qu'enseveli, ressuscite.	Бароа го прима ударот без никакво противење. Тој поцрвенува. Чувствата како рафални удари се нафрлаат на него: во дното на неговата совест, минатото, кое се трудеше да го потисне, како да воскресна...
L'ABBÉ.-Un journal franc-maçon de l'Oise a relevé dans vos paroles ce qui pouvait blesser Mme Barois, et...	ОПАТОТ. — "Еден француски масонски весник од Оаз во вашите зборови откри нешто што можеше да ја повреди г-ѓа Бароа, и..."
Barois n'écoute pas. Il regarde l'abbé avec une expression	Бароа не слуша. Се загледал во опатот, со замислен израз. Да ја

concentrée, lointaine. Blesser sa femme?... Pas une seule fois, depuis leur séparation, l'idée ne lui est venue qu'elle pût encore être blessée par lui!	повреди жена му? Ниту еднаш, по нивната разделба, не му паднало на памет дека тој сè уште може да ја повреди жена му!
Il a besoin de se ressaisir. Il gagne sa table de travail, comme un refuge, et s'assied lourdement, les mains crispées sur les bras de son fauteuil, son fauteuil quotidien.	Му треба време за да се соземе. Оди до работната маса, како бегалец, и со цела тежина се спушта во неговата фотелја, неговата секојдневна фотелја, придржувајќи се со рацете на држачите.
BAROIS.-Oui, je comprends maintenant... Mais c'est si involontaire!	БАРОА. — "Да, сега разбирам... Но, навистина не беше намерно!"
Le regard de l'abbé est incrédule.	Свештеникот го гледа со израз на неверување.
BAROIS (vivement).-Vous ne le croyez pas? Ah, rendez-vous compte: je vis ici, seul, depuis plus de dix ans; je ne vois personne; quelques amis, des collaborateurs... Je suis terriblement occupé... Je n'ai pas le temps de regarder en arrière; et puis, ce n'est pas dans ma nature... Je n'ai jamais aucune nouvelle de Buis: une fois par an, un clerc de notaire m'avertit que la pension a été versée: et c'est tout. L'abbé le considère avec stupéfaction.	БАРОА (живо). — "Зарем не ми верувате? Сфаќате ли дека јас живеам овде, сам, веќе десет години, не гледам никого осен по некој пријател, некој соработник... Јас сум ужасно зафатен... Немам време да размислувам за минатото, ниту пак тоа е во мојата природа... Никогаш не ми доаѓаат информации од Буј, само еднаш годишно, еден помошник на нотарот ме известува дека пензијата е префрлена и тоа е сè." Свештеникот го гледа зачудено.
BAROIS.-Je vous étonne? c'est la pure vérité. Le passé est le passé, j'en suis sorti; il est loin, il est mort pour moi; je n'y pense jamais, jamais.	БАРОА. — "Ве чуди ли тоа?... Тоа е жива вистина. Минатото си е минато, јас сум веќе надвор од него, далеку е од мене, мртво е за мене, никогаш не мислам, никогаш.
Quand j'ai préparé le cours en question, j'ai cherché avant tout des documents authentiques, exacts. J'en ai pris dans ma propre expérience, sans hésiter. Evidemment, ces souvenirs ne m'appartenaient pas entièrement... C'est vrai...	"Кога го подготвував предавањето за кое ми зборувате, барав пред сè автентични документи, точни. Ги извлеков од моето искуство, без размислување. Се разбира, тие сеќавања не ми припаѓаат само мене... Точно е..."
(S'interrogeant.) Je me suis peut-être conduit comme un goujat...	(Прашувајќи се себе си). — "Можеби сум се однесувал како вистински гад..."
Il fixe le sol. Ses mains ont un imperceptible tremblement.	Го вперува погледот во подот. Рацете незабележително му се тресат.

Ah, je suis très contrarié, d'avoir été, sans le vouloir, la cause... (Spontanément.) Expliquez-lui, dites-lui bien tout ce que je...	"Ах, многу ми е жал што сум бил, без да сакам, причина за..." (Спонтано) "Објаснете ѝ, ве молам, пренесете ѝ сè што..."
L'ABBÉ (désarmé par tant d'inconscience).-Non, Jean, il vaut mieux que je ne répète pas tout ce que vous venez de me dire là...	ОПАТОТ (трогнат од таа искреност). — "Не, Жан, подобро ќе биде да не повторувам сè што рековте..."
Un silence. L'abbé prend son chapeau.	Тишина. Свештеникот ја зема шапката.
BAROIS.-Vous n'êtes pas pressé... (Il hésite.) Donnez-moi quelques nouvelles. Est-ce que... Cécile vit toujours chez sa mère?	БАРОА. — "Се брзате ли...?" (Се двоуми) "Кажето ми што има ново. Дали ... Сесил сè уште живее кај мајка ѝ?"
Le visage du prêtre reste fermé; il fait un signe affirmatif.	Лицето на свештеникот останува неподвижно, потоа клима со главата.
BAROIS.-Et elles mènent toujours la même vie? Les patronages, les ouvroirs?	БАРОА. — "Сè уште ли го водат истиот начин на живеење? До бротворни друштва, клубови за везење, за плетење"
L'ABBÉ (désapprobateur).-Mme Barois donne aux œuvres le temps qu'elle ne consacre pas à sa fille.	ОПАТОТ (неодобрувајќи). — "Г-ѓа Бароа се занимава со тоа во време кога не ѝ се посветува на ќерката."
BAROIS.-Ah, oui, l'enfant ... qui a maintenant ... voyons ... treize ans...? Hein? (Naïvement.) Comment est-elle, cette petite? A-t-elle une bonne santé?	БАРОА. — "Ах, да, детето... сега има... колку има... тринаесет години...? А?" (Простодушно) "Како е малата? Добра ли е со здравјето?"
Il croise le regard de l'abbé; sa phrase s'achève dans un sourire gêné.	Неговиот поглед се вкрстува со оној на свештеникот, реченица та завршува со една збунета насмевка.
BAROIS.-Je vous parais être un monstre? Que voulez-vous... (Geste brutal.) J'ai rayé tout ça! C'est passé, c'est fini! Ma vie, elle est toute ailleurs, et elle me passionne exclusivement! Pourquoi feindrais-je? Souvenez-vous: cette petite, j'étais déjà parti en Angleterre, quand elle est née... Elle ne m'intéresse vraiment à aucun titre, elle n'a rien de moi...	БАРОА. — "Ви личам ли на чудовиште? Што очекувавте..." (Груб гест) "Сум расчистил со тоа! Тоа е минато, завршено! Животот сега ме носи на сосема друга страна, и тоа навистина ме исполнува! Зошто да се залажуваме? Се сеќавате сигурно дека малата се роди кога јас веќе бев заминат за Англија... Таа воопшто не ме интересира, нема ништо мое..."
L'ABBÉ (qui le considère soigneusement).-Si. J'en suis même frappé depuis ce matin: elle vous ressemble.	ОПАТОТ (кој внимателно го следи). — "Да. Утрово, кога ја видов, останав запрепастен: неверојатно личи на вас"

BAROIS (la voix changée).-Elle me ressemble?	БАРОА (со изменет тон). — "Личи на мене?
L'ABBÉ.-L'expression générale... Le regard... Le menton...	ОПАТОТ. — "Изразот на лицето... Погледот... Брадата..."
Nouveau silence.	Одново молк.
L'abbé se lève. Il s'en va, mécontent de Barois, mécontent de lui-même, gardant pour lui ce qu'il eût aimé dire, emportant de cette visite une rancœur nouvelle.	Опатот станува. Си оди незадоволен од Бароа, од самиот себе, задржувајќи го за себе она што имаше намера да му го каже, по несувајќи од таа средба нова горчина.
BAROIS (qui l'accompagne vers la porte).-Et ... vous habitez toujours à Buis?	БАРОА (кој го придружува до вратата). — " А... вие сè уште живеете во Буј?"
L'ABBÉ.-Monseigneur m'a confié la cure de Buis, il y aura quatre ans à la Fête-Dieu...	ОПАТОТ. — "Монсињор ми ја додели парохијата во Буј, уште пред четири години, токму на денот на Светата евхаристија..."
BAROIS.-Je ne savais pas.	БАРОА. — "Не знаев."
Ils ont atteint le vestibule.	Дојдоа до претсобјето.
L'ABBÉ (avec une soudaine rancune).-Ah, nous sommes cruellement éprouvés, là-bas, par votre nouvelle loi des Congrégations!	ОПАТОТ (со огорчен израз). – Ах, ние сме ужасно погодени од вашиот нов закон за конгрегации!"
BAROIS (souriant).-Ce n'est pas parce que je m'obstine à réclamer la liberté de la pensée, ou parce que j'ai combattu l'injustice, que je suis solidaire de tout ce qui se fait en France...	БАРОА (смеејќи се). — "Тоа не е затоа што јас упорно се борам за слобода на мислата, или затоа што се борам против неправда, што се солидаризирам со сè што се прави во Франциј а..."
L'abbé qui avait déjà entr'ouvert la porte du palier, la referme doucement, et se retourne.	Опатот, кој веќе ја имаше подотворено вратата на стојалиштет о, полека ја затвора и се врти.
BAROIS.-Si vous suiviez, même de loin, le périodique que je dirige ... (L'abbé laisse échapper un geste de répugnance qui provoque un nouveau sourire de Barois.) ... vous sauriez que je n'ai cessé d'appliquer à l'Église les principes qui nous animaient pendant l'Affaire: exactement les mêmes. (Mélancolique.) Nous y avons perdu, d'ailleurs, bien des abonnés... Peu importe. J'ai protesté de toutes mes forces, en	БАРОА. — "Ако сте го следеле, макар и оддалеку, списанието со кое раководам..."(На свештеникот му се испушта гест на презир кој повторно предизвика смеење кај Бароа)"... ќе знаевте дека јас никогаш не престанав да ги применувам, во однос на Црквата, начелата по кои се раководевме за време на Аферата : сосема истите."(Натажено)"Ние, токму заради тоа, изгубивме доста претплатници. Но, не е важно. Јас протестира

voyant le gouvernement s'appuyer sur les dreyfusards de la nouvelle couche, pour trahir le vote de la Chambre et faire exécuter la loi dans un tout autre esprit que celui où elle avait été conçue.	в со сите мои сили, кога гледав како властите ги користеа привзаниците на Драјфус од новата линија за да го изневерат гласот на парламентот и да го спроведуваат законот во сосема поинаков дух од оној како што бил замислен."
L'ABBÉ (froidement).-J'enregistre avec satisfaction ce que vous me dites là... Mais si vous apercevez combien ce qui se fait aujourd'hui en France est vil, je déplore que vous n'en voyiez pas la cause et combien lourde est la responsabilité qui vous en incombe, à vous, et à vos amis... (Avec gravité.) Au revoir.	ОПАТОТ (со студен глас). — "Драго ми е да го слушам ова што ми го велите... Но, ако погледнете колку одвратни работи се прават денес во Франција, жал ми е што вие не сакате да согледате дека причината за тоа сте вие и, токму вие треба да ја сносите одговорноста, вие и вашите пријатели..."(со строг тон)" Довидување."
BAROIS (serrant sa main).-Cette rencontre m'a fait un grand plaisir, je l'avoue... Quoique je regrette profondément ce qui vous a amené: dites-le à ... à Buis...	БАРОА (стегајќи му ја раката). — "Морам да признам дека оваа средба ме направи многу среќен... Иако длабоко жалам за причините што ве натерале да дојдете овде, пренесете им... во Буј..."
Elle se remémore ce qu'elle a appris sur Jean, par sa fille, par Julie. Elle se passe la main sur le visage.	Се потсетува на она што го дозна за Жан, од ќерка ѝ, од Јулија. Минува со раката по лицето.
-«Il va me trouver changée...»	— "Ќе ме најде изменета..."
Elle ne l'a pas revu depuis dix-huit ans, et soudain son image surgit, dans l'épanouissement de la trentaine...	Цели осумнаесет години го немаше видено, и наеднаш ѝ се појави неговата слика, во цветот на неговите триесет години...
Elle se lève précipitamment; et, pour ne plus penser qu'à la morte, elle retourne s'agenouiller au bord du lit.	Веднаш станува и, за да мисли само на умрената, повторно клекнува на колена, до работ на креветот.
Depuis son arrivée à Buis, Barois n'a pas quitté sa chambre d'hôtel.	По пристигнувањето во Буј, Бароа не ја напушти хотелската соба.
Une moisissure, qui tombe sur les épaules, suinte des murs comme un brouillard.	Влагата, која просто му се лепи на рамениците, ги оросила ѕидовите.
Il est resté assis tout le jour devant son feu, les joues brûlantes, le dos transi, tournant entre ses doigts la lettre de Marie:	Тој остана цел ден седнат покрај огнот, жежок во образите, вртејќи го меѓу прстите писмото на Марија:
«Mon cher Père,	"Мил мој Татко,
«Le service a lieu demain matin, mais maman vous demande	"Службата ќе се одржи утре наутро, но мајка ми ве моли да не

de ne pas y assister. Elle a été sensible à votre sympathie et elle me charge de vous dire que si vous êtes encore à Buis demain, elle sera heureuse de vous remercier elle-même de ce que vous avez fait pour moi. Venez à six heures, il n'y aura plus personne.	присуствувате на неа. Таа е трогната од вашата љубезност и ми даде обврска да ви кажам дека, ако бидете во Буј и утре, ќе ѝ биде мило лично да ви се заблагодари за сè што сторивте за мене. Дојдете во шест часот, сите ќе бидат разотидени.
«Je vous embrasse tristement.	"Ве прегрнувам со тажно срце,
Marie.»	"МАРИЈА"
La nuit tombée, Barois n'y tient plus, et se glisse dehors.	Се стемнува, Бароа не може повеќе да издржи и излегува надвор.
D'abord la ville basse, comme s'il fuyait le coin qui l'attire. La vie paisible des rues, le soir; les étalages qu'on rentre, automatiquement, depuis un demi-siècle; le même vacarme sur le passage de l'omnibus branlant; les mêmes enseignes, grinçant aux mêmes angles... Tant de fixité!...	Најпрвин, во долниот дел на градот, како да бегаше од местото кое го привлекува. Спокојниот живот на улиците, навечер, истите излози, од пред половина век, истата врева при поминување на омнибусот кој се тетерави, истите реклами, кои чкрипат на истите агли... Толку работи, непроменети!...
Il remonte maintenant vers l'église. Il ne se souvenait pas que la pente fût si raide. Essoufflé, le cœur battant, il passe devant le presbytère, il arrive à sa rue...	Сега се упатува кон црквата. Имаше заборавено дека угорница та е толку стрма. Задишан, со срце кои силно му бие, минува покрај куќата на парохот, доаѓа до својата улица...
Elle est déserte. Un courant d'air glacé la balaye toujours. La maison de la grand'mère Barois... Une à une, les fenêtres des chambres, celle où il couchait, celle où son père est mort... Le grand portail: A LOUER. Et, debout, le beffroi noir.	Пуста е. И ден денес, една ледена воздушна струја брише по улицата. Куќата на баба му. Прелетува со поглед по прозорците на собите, онаа каде што тој спиеше, онаа каде што татко му почина... Големата порта : натписот СЕ ИЗДАВА. И, исправена, црната кула.
Puis, quelques pas: la maison des Pasquelin.	Потоа, по само неколку чекори, куќата на Пасклениеви.
Cécile est là, avec Marie... Marie, qui va demeurer ici maintenant!	Сесил е таму, со Марија... Марија, која ќе остане таму да живее!
Cette lueur derrière les volets, le corps sans doute...	Светлина зад прозорските капаци: веројатно и безживотното тело...
Il s'immobilise, envahi par son enfance...	Чувствува како да се скаменува, обземен од сеќавањата на неговото детство...

L'horloge du clocher... Il sourit; les larmes lui viennent aux yeux.	Часовникот на камбаната... Се насмевнува, потоа солзи му поте куваат од очите.
Autour de lui, la bise impitoyable; il relève en frissonnant le col de son pardessus d'Italie.	Околу него, немилосрдниот ветар, кој, растреперен од возбуда, ја крева јаката на неговиот италијански мантил.
Puis, grelottant, il regagne son hôtel.	Потоа, тресејќи се од студ, се упатува кон неговиот хотел.
Le feu s'est éteint. On le rallume. Il allonge les jambes vers la maigre flambée. Le passé danse dans les flammes: l'abbé Joziers, Cécile, les fiançailles...	Огнот се изгасил. Повторно го палат. Ги испружува нозете кон слабиот пламен. Минатото танцува во пламенчињата: опатот Жозје, Сесил, веридбата...
-«Je me suis marié comme un imbécile!...»	"Се оженив како најголем имбецил!..."
Il tremble de froid, d'angoisse. Des souvenirs l'accablent.	Се тресе од студ, од немир. Сеќавања му натежнуваат.
-«C'est difficile, de vivre...»	"Мачен е животот..."
Le lendemain; six heures du soir.	Утредента, шест часот навечер.
Barois, rongé de fièvre, toussotant, arrive devant la porte close des Pasquelin.	Бароа, со висока температура, кашлајќи, доаѓа пред затворената порта на Пасклениеви.
Le même timbre, les mêmes socques de la servante sur le carrelage. Un mot de province lui vient aux lèvres: la coutume d'une maison...	Истото звонче, истите звуци на наланите на слугинката по плочките. Спонтано му дојде да изговори еден збор на дијалект: обичај во еден дом...
Dans le petit salon, Cécile, en noir, est assise sous la lampe, devant une pile de faire-part.	Во малиот салон, Сесил, облечена во црно, седи под светилката, а пред неа куп телеграми со сочувство.
Il la reconnaît si mal qu'il n'a pas de peine à être comme un étranger.	Тој толку малку ја препознава во неа старата Сесил, што не му паѓа тешко да се однесува како туѓинец.
BAROIS.-J'ai bien compati à votre chagrin...	БАРОА.— "Примете го моето искрено соучество..."
Elle s'est levée. Elle le regarde: elle ne s'attendait pas à cette maigreur; et, dans la physionomie quelque chose d'inconnu la déroute.	Таа станува. Го гледа, не очекуваше толку да е ослабен, а и во ликот има нешто непознато што ја дезориентира.
CÉCILE.-Merci Jean.	СЕСИЛ. — "Благодарам, Жан."
Elle tend la main. Il la serre avec une effusion polie, comme à des obsèques.	Таа му ја пружа раката. Тој учтиво ја стега, како на погреб.

Il est surpris qu'elle ait tant changé; il n'avait pas réfléchi qu'elle continuait, depuis dix-huit ans, à vivre, un à un, les mêmes jours que lui. C'est bien elle, cependant: le front bombé, le regard inégal, ce zézayement intimidé... Tout à l'heure, il ne l'imaginait même pas: et maintenant, il ne conçoit pas qu'elle aurait pu se faner autrement.	Изненаден е што толку се изменила, не помисли на тоа дека, цели осумнаесет години, таа ги живееше истите денови, еден по еден, токму како него. Сепак, го препознава испакнатото чело, капризниот поглед, она срамежливо шушкање со забите... Претходно, не беше дури ни во состојба да си го замисли нејзиниот изглед, а сега пак, не може да замисли дека би можела да биде поинаква.
Marie rompt le silence.	Марија ја прекинува тишината.
MARIE.-Prenez ce fauteuil, père.	МАРИЈА. — "Седнете во фотељава, татко."
CÉCILE (s'asseyant).-Je vous remercie de la façon dont vous avez reçu Marie... Vous avez été très bon pour elle, je vous remercie.	СЕСИЛ (седнувајќи). — "Ви благодарам за вашто гостопрмист во кон Марија... Вие сте биле предобар со неа, многу сум ви бл агодарна за тоа."
BAROIS (machinalement).-C'était tout naturel.	БАРОА (махинално). — "Тоа е сосема нормално."
Il rougit aussitôt.	Тој поцрвенува во истиот момент.
BAROIS.-Est-ce que votre mère s'est vu mourir?	БАРОА. — "Дали мајка ви беше свесна пред да умре?"
CÉCILE.-Non. Elle avait tant de fois reçu les sacrements depuis sa première attaque... D'ailleurs, le dernier jour, elle n'avait plus sa tête, la paralysie gagnait. (Pleurant.) Elle n'a reconnu personne.	СЕСИЛ. — "Не. Неколку пати викнавме свештеник за да ја ми ропомаза откако го доби првиот напад... Последниот ден, веќе не беше при себе, беше сосема парализирана." (Плачејќи) "Никого не препознаваше."
Cette voix larmoyante réveille en lui une résonnance inattendue.	Тој плачлив глас побудува во него неочекувано ехо.
MARIE.-Maman, il faudrait donner à père une des dernières photographies de grand'mère?	МАРИЈА. — "Мајко, би требало на татко му да му дадеме една од последните фотографии на баба?"
Cécile jette un regard biais vers Jean, qui a baissé le front.	Сесил фрла поглед кон Жан, кој ја наведнуваа главата.
CÉCILE (hésitation).-Si tu veux, mon enfant.	СЕСИЛ (колебливо). — "Ако сакаш, дете мое."
Ils restent seuls.	Останууваат сами.
Ce tête-à-tête, dans ce cadre... Leurs regards se croisent, se fuient. Ensemble, obscurément, ils espèrent le mot d'oubli,	Лице в лице, во една таква ситуација... Нивните погледи се вкр стуваат, се одбегнуваат. И двајцата, потајно, се надеваат на

d'amitié...	збор на прошка, на пријателство...
Mais la porte s'ouvre. De nouveau Marie est entre eux.	Но, вратата се отвора. Марија е повторно меѓу нив.
La minute est passée.	Измина минутата.
Ils peuvent se séparer, maintenant, ils n'ont plus rien à se dire.	Сега можат да се разделат. Ништо веќе не им останува да си кажат.
VI	VI
«Paris, le 25 avril.	"Париз, 25 април.
«Je m'adresse à Mademoiselle pour lui annoncer que depuis son retour, Monsieur est bien malade d'une pleurésie. Il est si faible qu'il ne parle presque plus. Le médecin est revenu ce matin avec deux autres; ils sont restés longtemps auprès de Monsieur, ils ont dit qu'ils enverraient une garde, et ils m'ont demandé si Monsieur avait de la famille.	"И се обраќам на Госпоѓицата за да ја известам дека, Господин от, веднаш штом се врати, тешко се разболе од плеврит. Изнем оштен е и речиси нема веќе сила ни да зборува. Утрово, неговиот лекар донесе уште двајца колег кои долго се задржаа кај Господинот. Рекоа дека ќе испратат болничарка, и ме прашаа дали Господинот има семејство.
«Je crois bien faire en prévenant Mademoiselle,	"Мислам дека правилно постапувам што Вас, "Госпоѓице, ве известувам.
«Votre serviteur dévoué, Pascal.»	" Ваш слуга, "Паскал"
Deux jours après. Le soir.	По два дена. Навечер.
Marie est dans la chambre de Barois, avec le médecin.	Марија е во собата на Бароа заедно со лекарот.
Cécile est assise sur la banquette du vestibule. Rien ne la retenant plus à Buis, elle a voulu accompagner sa fille à Paris. Mais devant la gravité du mal, Marie s'est réinstallée chez son père. Et Cécile, déracinée, s'est cloîtrée dans la chambre d'une pension voisine, d'où elle ne sort que pour venir aux nouvelles.	Сесил седи на клупата во претсобјето. Бидејќи веќе ништо не ја обврзува да седи во Буј, таа сакаше да ја придружува ќерка си на патувањето во Париз. Но, со оглед на тешката болест, Марија се смести кај татко ѝ. Сесил, одамна оттргната од таа средина, се смести во блискиот пансион, од кадешто излегува само за да се информира за болниот.
Le médecin paraît, suivi de Marie.	Излегува лекарот, следен од Марија.
MARIE.-Revenez vite, docteur, ne nous laissez pas seuls...	МАРИЈА — "Вратете се брзо, докторе, не нè оставајте сами..."
Ses traits sont décomposés. Elle s'effondre sur l'épaule de sa mère.	Се забележува силна потиштеност на нејзиното лице. Таа почнува да плаче на рамената од мајка си.

Cécile n'ose plus interroger.	Сесил не се осмелува да праша.
MARIE.-Il a changé, depuis midi, d'une façon effrayante. Le docteur ne répond plus de rien. Il a demandé une autre consultation, pour ce soir. Il ne veut pas essayer une nouvelle ponction, sans l'avis des autres...	МАРИЈА. — "Попладнево ситуацијата многу му се влоши. Докторот веќе ништо не ветува. Тој побара уште една консулта ција со колеги, вечерва. Не сака да се обидува со уште едно пу нктирање, без да чуе мислење на други колеги..."
CÉCILE (voix brisée).-Il souffre?	СЕСИЛ (со тага во гласот). — "Има ли болки?"
MARIE.-Un peu moins. (Sanglotant.) La garde dit que c'est mauvais signe... Ah, laissez, ça me fait du bien de pleurer! C'est affreux... Il m'a appelée tout à l'heure... Il a prononcé votre nom, deux fois...	МАРИЈА. — "Нешто помалку." (Липајќи) "Болничарката рече дека тоа е лош знак... Ах, оставете ме, подобро ќе ми биде ако се исплачам! Ужасно е... Тој предмалку ме викна... Го изговори вашето име, два пати..."
Un silence.	Молк.
MARIE (brusquement).-Maman, entrez le voir...	МАРИЈА (одеднаш). — "Мајко, одете, видете го..."
Cécile ne résiste pas; c'est la dernière fois, la mort est dans la maison. Elle est épouvantée de cet irréparable qui va sceller leur rupture pour l'éternité. Jamais elle n'a si douloureusement senti ses torts... Elle traverse, en évitant de regarder, le cabinet de travail; elle entre dans la chambre; elle aperçoit le lit, le visage livide.	Сесил не издржува, можеби ова е за последен пат, во куќата се чувствува присуството на смртта. Таа е ужасната од тој непопр авлив чин кој ќе ја запечати нивната разделба за навек. Никогаш толку силно не ја почувствувала таа неправда. Таа поминува низ работната соба, одбегнувајќи да ја гледа, и влегува во собата на Бароа. Го забележува креветот, помодрено то лице на болниот.
Il ouvre les yeux et la reconnaît sans la moindre surprise. Elle saisit sa main, elle veut y mettre ses lèvres. Mais il l'attire, il se soulève vers elle, et la regarde jusqu'au fond des yeux, avec désespoir.	Тој ги отвора очите и ја препознава без нималку да се изненади. Таа ја зема неговата рака, сака да ја бакне. Но тој ја повлекува, се поткренува кон неа и ја гледа длабоко во очите, со очаен израз.
BAROIS.-Cécile, tu sais, je vais mourir...	БАРОА. — "Сесил, ти знаеш дека умирам..."
Elle secoue la tête, crispant sa volonté pour ne pas fondre en larmes. Mais l'infirmière s'approche avec des ventouses. Pascal soutient le corps. Marie écarte les plaques d'ouate. Ils sont tous trois penchés sur le malade.	Таа ја затресува главата, напрегнувајќи се да не почне наеднаш да плаче. Болничарката се приближува со шмукалките. Паскал го поткрева телото. Марија ја отстранува ватата. Сите тројца се наведнати над болниот.
Cécile aperçoit un peu de chair pâle. Elle s'est reculée. Elle est	Сесил забележува дел од кожа со мртовечко бледило.

là, en visiteuse, avec son voile de crêpe, ses gants noirs. Un accablement sans borne...	Излегува. Таму е само во својство на посетителка, покриена со вел од крепон, со црни ракавици. Чувствува огромна потиштен ост...
Elle gagne la porte. Jette un dernier regard vers le lit, et s'enfuit en sanglotant.	Се упатува кон вратата, фрла уште еден поглед кон креветот, и бега липајќи.
Trois semaines plus tard.	По три недели.
Barois est dans son bureau étendu sous une couverture. Il fixe avec anxiété Breil-Zoeger, debout devant lui.	Бароа лежи во неговата работна соба, покриен со ќебе. Го гледа со неспокој Брej-Зегер, кој стои исправен пред него.
ZOEGER.-Nous y étions tous.	ЗЕГЕР. — "... сите бевме..."
BAROIS.-Qui conduisait le deuil?	БАРОА. — "Кој ја предводеше погребната поворка?"
ZOEGER.-Le père Cresteil, en colonel.	ЗЕГЕР:"Чичко Крестеј, облечен како полковник."
BAROIS.-Ah, il avait encore son père? Il n'en parlait jamais...	БАРОА. — "Ах, значи татко му бил жив? Никогаш не го спомене нуваше..."
ZOEGER.-Tout était mystérieux dans sa vie.	ЗЕГЕР. — "Сè беше мистериозно во неговиот живот."
BAROIS.-Et tu ne sais toujours pas ce qu'il allait faire à Genève?	БАРОА. — "Уште не успеа да дознаеш што барал во Женева?"
ZOEGER.-Non. Mais je suppose qu'il allait se tuer, simplement. Il devait logiquement en arriver là... (Un temps.) Des détails poignants: il avait brûlé tout ce qui pouvait le faire reconnaître: il s'était même rasé la moustache, en wagon! La police a mis quatre jours à retrouver son identité... Hein? cette hantise, non seulement de mourir, mais de disparaître...	ЗЕГЕР. — "Не. Но, претпоставувам дека одел да се самоубие, е доследно. По секоја логика, мораше таму да заврши..." (Пауза) "Дознав потресни детали: Запалил сè по што можел да биде препознаен: дури и мустаќите си ги избричил, во вагонот! Полицијата дури по четири дена го открила неговиот идентите тот... Ех! Таа негова опседнатост, не му беше доволно да умре, туку сакаше и сосема да исчезне..."
BAROIS (les yeux pleins de larmes).-Ah, mon pauvre ami, que la vie est...	БАРОА (со насолзени очи). — "Ах, кутар мој пријател, колку е животот..."
Il n'achève pas. Breil-Zoeger ne répond rien; de son œil jaune, il mesure les ravages de la pleurésie.	Не ја довршува реченицата. Брej-Зегер ништо не одговара, само со жолтеникавите очи го проценува пустошот што зад себе го оставил плевритот.

Barois avait des cheveux noirs, emmêlés; beaucoup sont tombés, en quelques jours. Les yeux sont creusés, le regard est las, les paupières alourdies; le corps se tasse au fond de la chaise-longue. Les mains reposent, molles.	Бароа имаше црна кадрава коса, која му поаднала само за неколку дена. Очите му се вдлабнати, погледот уморен, очните капаци стежнати, и телото изгледа како смалено во долгата столица. Рацете, омлитавени, одмараат.
BAROIS (triste sourire).-Tu me trouves changé?	БАРОА (со тажна насмевка). — "Многу сум изменет, нели?"
ZOEGER (de sa voix douce et coupante).-Oui.	ЗЕГЕР (со својот тивок и отсечен глас). — "Да."
Un silence.	Тишина.
BAROIS.-J'ai été très touché, vois-tu, très touché...	БАРОА. — "И мене премногу ме потресе неговата смрт, разбираш, навистина ме потресе..."
Breil-Zoeger l'examine froidement, sans répondre. Puis il se lève pour partir.	Брej-Зегер рамнодушно го испитува со поглед. Потоа станува за да си оди.
ZOEGER.-Woldsmuth s'est chargé de l'article nécrologique. Je lui dirai de te l'apporter.	ЗЕГЕР. — "Волдсмут се ангажира да го напише некрологот . Ќе му речам да ти го донесе."
BAROIS.-Non, je t'assure, je ne peux encore m'occuper de rien. Prends toutes les décisions... Avant de t'en aller, voudrais-tu me donner un tome du Semeur ... 1900, le deuxième semestre... Merci.	БАРОА. — "Не, верувај ми, јас во моментов ништо не можам да правам. Ти одлучувај, парви сè што треба да се направи... Но, пред да си одиш, ќе сакаш ли да ми подадеш еден сврзок од Сејач?... 1900, последното шестмесечје... Благодарам"
Resté seul, il feuillète le volume avec une préoccupation maladive. Enfin il retrouve cet article dont le souvenir l'obsède; il le parcourt; puis, lentement, il relit la dernière page:	Останат сам, тој го прелистува сврзокот со болна загриженост. Најпосле, го наоѓа написот кој не престанува да го опседнува. Прво прелетува по текстовите, потоа, полека, ја препрочитува последната страница:
«Pourquoi craindre la mort? Est-elle si différente de la vie? Notre existence n'est qu'un passage incessant d'un état à un autre: la mort n'est qu'une transformation de plus. Pourquoi la craindre? Qu'y a-t-il de redoutable à cesser d'être ce tout, momentanément cordonné, que nous sommes? Comment peut-on s'effrayer d'une restitution de nos éléments au milieu inorganique, puisque c'est en même temps un retour assuré à l'inconscience?	"Зошто човек да се плаши од смртта? Толку ли таа се разликува од животот?Нашето постоење е само постојано прем инување од една во друга состојба: Смртта е само уште една пр еобразба. Зошто тогаш да се плашиме од неа? Што има страшно во тоа да престанеме да бидеме целина, - моментално поврзана, каква што, сега, сме? Како може да се плашиме од враќањето на нашите елементи во неорганската средина бидејќи тоа истовремено значи и сигурно враќање во состојба

	на несвесност?
«Pour moi, depuis que j'ai compris le néant qui m'attend, le problème de la mort n'existe plus. J'ai même ... plaisir ... à penser que ma personnalité n'est pas durable... Et la certitude que ma vie est limitée ... augmente singulièrement le goût ... que j'y prends...»	"Што се однесува до мене, откако сфатив дека ме очекува апсолутно ништо, проблемот со умирањето веќе не постои. Дури и ме исполнува... со радост... помислата дека мојата личност не е вечна...И увереноста дека мојот живот е ограниче н... почнувам необично да уживам .... во помислата на тоа... "
Il laisse retomber le livre sur ses genoux. Il est écrasé par ce qu'il a osé écrire, jadis, sans savoir...	Ја испушта книгата на колениците, скршен од помислата на она што, некогаш, се осмелил да го напише, без да знае...
Pascal ouvre la porte.	Паскал ја отвора вратата.
Cécile paraît, suivie de Marie.	Се појавува Сесил, следена од Марија.
MARIE.-Comment vous trouvez-vous, père, aujourd'hui?	МАРИЈА. — " Како сте, денес, татко?"
BAROIS.-Mieux, mieux... Bonjour Cécile. Vous êtes bonne de venir me voir.	БАРОА. — "Подобро, подобро... Добарден, Сесил. Предобра сте штом дојдовте да ме видите."
Marie se penche. Il l'embrasse, et s'adresse à elle, en souriant.	Марија се наведнува. Тој ја прегрнува, и ѝ се обраќа нејзе, со насмевка.
BAROIS.-La maladie nous apprend combien nous avons besoin des autres...	БАРОА. — "Болеста нè учи колку имаме потреба од другите..."
Cécile s'est assise sur le bord d'un fauteuil. Le jour l'éclaire durement. Barois remarque son visage bouleversé.	Сесил седнува на работ од фотељата. Дневната светлина безми слосно ја осветлува. Бароа го забележува нејзиното потиштено лице.
Marie reste debout, contre la fenêtre; elle aussi, a pleuré.	Марија продолжува да стои, пред прозорецот, се гледа дека и таа плачела.
MARIE (répondant au regard de Barois).-Père, j'ai parlé à maman de ma vocation religieuse... Je lui ai dit que vous consentiez...	МАРИЈА (одговарајќи на погледот на Бароа). — "Татко, зборував со мајка за мојата религизна вокација... И' реков дека вие го одобрувате тоа..."
BAROIS (vivement).-Moi, Marie?... Mais je n'ai pas à consentir!	БАРОА (возбудено). — "Јас, Марија?... Но, како можам јас да одобрам такво нешто!"
Cécile fait un mouvement.	Сесил гестикулира.

CÉCILE.-Vous avez connu le projet de Marie avant moi, Jean. Est-il possible que vous ne l'en ayiez pas détournée?	СЕСИЛ. — "Жан, информиран сте биле уште пред мене за намерите на Марија. Можно ли е да не сте се обиделе да ја одвратите од нив?"
MARIE (fixant Barois).-Dites tout ce que vous pensez, père!	МАРИЈА (гледајќи го право в очи Бароа). — "Кажете го вашето мислење, татко!"
Il fait un effort pour rassembler ses idées.	Тој прави напор да ги прибере мислите.
BAROIS (à Cécile).-Je lui ai fait des objections. Une telle vocation est trop loin de moi pour que je puisse comprendre... Mais j'ai trouvé Marie si résolue ... et, d'avance, si heureuse...	БАРОА (на Сесил). — "Јас се спротивставив на тоа. За мене, таква една вокација е премногу далечна за да можам да ја сфатам... Но, видов дека Марија е цврсто решена... и дека помислата на тоа ја прави многу среќна..."
Il ne peut s'expliquer davantage sans rouvrir des blessures dont il respecte maintenant les cicatrices; et il regarde tristement sa femme et sa fille, qui souffrent l'une par l'autre. Marie est toujours debout; le regard est terne; elle tend son front, où la pensée semble volontairement figée.	Тој не успева докрај да каже сè што мисли, без да отвори рани, чиишто лузни сега ги почитува, и тажно ги гледа жена му и ќерка му, кои си нанесуваат болка една на друга. Марија сè уште стои, со заматен поглед, набрано чело, на кое се чини дека мислата намерно се скаменила.
Une image s'impose à Barois: Cécile, l'année de la rupture...	На Бароа му се врати една слика во мислите: Сесил, таа година кога се разделија...
Et c'est alors qu'il découvre combien Cécile a changé: plus rien d'obstiné, rien d'inerte: une douleur qui palpite... Les larmes coulent sur ses joues. Un atroce débat la divise: l'instinct se révolte contre la foi: elle ne peut se résoudre à livrer son enfant, même à Dieu.	И дури тогаш му стана јасно колку се изменила: ни траг од нејзината тврдоглавост, инертност, само болка која силно пече... Солзи ѝ течат по образите. Кој знае каква страшна борба се води во неа: инстинктот се бори против верата, таа не може туку така да се реши да си го даде своето дете, па дури ни на Господа.
CÉCILE (dont le cœur éclate).-Ah, vous avez cédé, vous, mais ça ne vous est pas difficile! Qu'elle soit avec moi à Buis, ou bien qu'elle soit dans un couvent... (Zézayant.) Mais moi, si seule aujourd'hui, qu'est-ce que vous voulez que je devienne, si elle s'en va?...	СЕСИЛ (чиешто срце се чини ќе се распукне). — "Ах! Вие сте се откажале, но вам тоа не ви паѓа тешко! Дали е таа во Буј, или пак во манастир..." (Шушкајќи со забите)"Но јас, сум толку осамена денес, што ќе биде со мене, ако си замине таа?..."
Marie esquisse un geste involontaire; ses yeux vont de l'un à	Марија одмавнува со главата, нејзините очи одат од еден од

l'autre... Ils ont compris, tous les deux, et se détournent.	друг... И двајцата сфатија, и се свртеа.
Un silence.	Тишина.
L'AGE CRITIQUE	КРИТИЧНА ВОЗРАСТ
"Nostra vita a che val?"	"Nostra vita a che val?"
Leopardi.	ЛЕОПАРДИ
I	I
Dix-huit mois plus tard.	По осумнаесет месеци.
Aux bureaux du Semeur, un jeudi, jour de réception du Directeur.	Во канцелариите на Сејачот, четврток, приемен ден на директо рот.
Barois, dans son cabinet, avec Portal.	Бароа, во својот кабинет со Портал.
PORTAL.-Vous y écrivez moins souvent.	ПОРТАЛ. — "Вие сè поретко пишувате."
BAROIS.-C'est vrai, mais je n'ai pas la fatuité de croire que ce soit la vraie cause... D'autant que le Semeur s'est renouvelé, et que nous avons maintenant quelques jeunes, de premier ordre.	БАРОА. — "Точно е, но не сум толку самобендисан да мислам дека тоа е вистинската причина... Дотолку повеќе што Сејач се обнови, сега имаме неколку млади луѓе кои се прва класа."
PORTAL.-Parbleu, vous avez contre vous, la réaction nouvelle. Dans tous les domaines, c'est le même recul.	ПОРТАЛ. — "Добога, против вас се сврте и новиите реакционе рни сили. На сите полиња има назадување."
Barois s'approche frileusement du brasier de coke, et s'assied dans la cheminée, les épaules basses, les coudes sur les genoux.	Бароа, зимурлив, се доближува до жарта од јагленот и седнува до каминот, со спуштени раменици, со лактите на колената.
BAROIS.-La mode n'y est plus; ça tourne, c'est la loi de la vie. On n'a qu'un temps... (Il tend ses mains au foyer.) Moi-même, quand j'écris maintenant, je n'ai plus la spontanéité d'autrefois! J'y mets la même conviction, mais, comment dire, malgré moi, par le seul effet du temps qui s'est écoulé, cette sincérité est devenue quelque chose de tout fait, un outil, un procédé...	БАРОА. — "Модата се менува, тоа е законот на животот. Имаме само едно време." (Ги пружа рацете кон огништето.) "Сега и јас самиот, кога пишувам, ја немам некогашната спонт аност! Целото мое убедување го внесувам во тоа, но, како да кажам... и покрај мојата волја, едноставно, со самиот факт што времето што изминало, таа искреност станала наместена, инстр умент, постапка.."
Pause.	Пауза.
PORTAL (enjoué).-Et votre enquête sur la jeunesse? Vous ne	ПОРТАЛ (весело). — "А, вашата анкета, за младите? Нема да

l'abandonnez pas, je pense?	ја напуштите, се надевам?"
BAROIS.-Non, j'attends même aujourd'hui une visite à ce sujet. (Las.) Mais, au fond, j'ai eu tort d'entreprendre ça; les jeunes sont des énigmes pour moi. Voilà plus d'un mois que je n'ai touché à cet article...	БАРОА. — "Не, токму денес имам договорено средба во врска со таа тема."(Уморено.)"Но, искрено, погрешив што се зафатив со тоа, младите се вистински енигми за мене. Помина повеќе од еден месец како не сум работел на тој напис...
Il est vrai que mon déménagement m'a mis en retard pour tout.	"Вистина е дека и селењето ми одзеде многу време."
PORTAL.-Vous êtes tout à fait installé?	ПОРТАЛ. — "Сосема се преселивте?"
BAROIS (assombri).-A peu près...	БАРОА (натажено). — "Речиси..."
(Il se dirige vers la croisée.) Tenez, vous voyez, là-haut, ces trois fenêtres?... Ça n'est pas grand, mais je m'y ferai. Mon appartement était vraiment devenu trop lourd. (Souriant.) Les affaires ne sont pas brillantes...	(Тој се упатува кон прозорецот.) "Ги гледате ли оние три прозорци, онаму горе?... Не е голем станот, но се навикнувам. Претходниот беше навистина преголем за мене."(Насмевнувајќи се)"Работата не оди баш сјајно..."
(Il continue, avec la visible satisfaction de confier les détails de son existence.) En somme, mon cher, j'ai eu de la chance de trouver ça dans la maison! Les jours de brouillard, ou même d'humidité, j'étais obligé de rester confiné chez moi. Tandis que, de là-haut, vous comprenez ... en me couvrant bien ... je peux toujours descendre jusqu'ici...	(Тој продолжува, со видливо задоволство, да ги доверува деталите на неговиот живот.) "За волја на вистината, имав голема среќа што го најдов ова! Во деновите кога имаше магла, или влага, бев принуден да останувам дома. Додека пак, оттаму, ме разбирате... добро ќе се наоблечам и... можам да се симнам дури довде..."
PORTAL (gagnant la porte).-Allons, je viendrai vous surprendre un de ces soirs; nous bavarderons...	ПОРТАЛ (упатувајќи се кон вратата). — "Ајде, ајде, ќе дојдам да ве посетам, некоја од наредните вечери, ќе си помуабетиме малку..."
BAROIS.-Oui, comme autrefois...	БАРОА. — "Да, како некогаш..."
Resté seul, il regarde le feu. Puis il se lève, cherche des papiers dans un carton, et s'installe à son bureau.	Останува сам со погледот вперен во огнот. Потоа станува, бара листови во една папка, и седнува покрај работната маса.
Quelques minutes.	Минуваат неколку минути.
Il griffonne dans les marges. Brusquement il repousse les feuillets, et sonne.	Чкртка нешто на маргините. Наеднаш ги тргнува листовите хартија, го слуша ѕвончето.
BAROIS (au garçon).-Voulez-vous voir si M. Dalier est à la	БАРОА (на момчето). – Проверете ве молам дали господин

rédaction?	Далие е во редакцијата?"
Peu après, entre un jeune homme de vingt-cinq ans.	Веднаш потоа влегува младо момче од дваесет и пет години.
Dalier: petit, les jambes courtes, mais le buste dilaté; la tête forte.	Далие : ситен, со куси нозе, но со надуен граден кош, со голема глава.
Visage blanc et maigre, entièrement rasé. Lèvres fines, un peu dédaigneuses. Lorgnon.	Слабичок, со бел тен и со избричена глава. Усните му се тенки, со малку презирен израз. Носи лорњон.
Barois l'enveloppe d'un coup d'œil, et se renverse légèrement en arrière.	Бароа фрла поглед кон него и полека се врти назад.
BAROIS.-Je viens de parcourir votre article, mon ami. Ça ne va pas, mais pas du tout... (Mouvement de Dalier.) Je ne dis pas qu'il soit mal construit: mais il ne peut pas être publié tel quel, dans notre revue.	БАРОА. — "Го прочитав вашиот напис, пријателе. Не чини, воопшто не чини..."(Реакција на Далие.)"Не велам дека констр укцијта е лоша, но во списание, како што е нашето, не може да се објави во ваква форма."
Dalier debout: surpris, réservé.	Далие стои, изненаден, резервиран.
Barois choisit quelques feuilles et les lui tend.	Бароа зема неколку листови и му ги подава.
BAROIS.-Tenez... Si c'est là votre conception personnelle du sentiment religieux, tant pis pour vous. Le Semeur ne peut pas s'en faire l'écho.	БАРОА. — "Еве, погледнете самиот... Ако на ваков начин разм ислувате за религија, ваш проблем. Сејач не може да биде негов разглас."
DALIER.-Mais, monsieur, je ne comprends pas; c'est bien dans ce sens-là que M. Breil-Zoeger m'avait dit...	ДАЛИЕ. — "Но, Господине, не разбирам, господин Брej-Зегер ми рече токму оваа насока да ја следам..."
BAROIS (brusquerie inattendue).-M. Breil-Zoeger a le droit d'envisager la question comme bon lui semble! Mais le Directeur de la revue, c'est moi. Et jusqu'à nouvel ordre, je ne laisserai pas paraître, dans un périodique que je dirige, un article aussi étroitement sectaire!	БАРОА (неочекувано грубо). — "Господин Брej-Зегер има право да го третира ова прашање како што сака! Но, јас сум сè уште директор на списанието. Сè додека не дојде поинаква нареда, нема да дозволам, во списание со кое јас раководам, напис кој е содржи толку... нетолеранција!"
Son visage s'empourpre, puis pâlit.	Прво поцрвено во лицето, потоа побледе.
Un silence.	Тишина.
Dalier fait un pas en arrière pour se retirer.	Далие прави чекор назад, за да се повлече.
Barois passe sa main sur son front; d'un geste, il invite Dalier à	Бароа поминува со раката по челото и, со еден гест, го

s'asseoir.	поканува Далие да седне.
BAROIS (ton voulu de causerie).-Voyez-vous Dalier, vous escamotez une partie de la réalité... C'est trop commode.	БАРОА (со пријателски тон). — "Видете, Далие, вие ја одбегну вате едната страна на реалноста... Тоа е премногу удобно.
Moi aussi j'ai proclamé toute ma vie la faillite des religions,-et je crois même y avoir contribué, dans ma sphère... Mais la faillite des religions dogmatiques: et non la faillite du sentiment religieux. (Hésitant.) Ou, si j'ai fait la confusion, ce qui est possible, c'est que je n'avais pas compris ce qu'est le sentiment religieux, et qu'il échappe, par définition, à l'action de l'esprit critique. (Il regarde Dalier bien en face.) La forme dogmatique des religions, voilà ce qui ne compte pas; mais le sentiment religieux, lui, subsiste, et c'est une ânerie de le nier, mon ami, croyez-moi: je puis le dire, puisque je l'ai fait... Quand une forme artistique est périmée, l'art ne disparaît pas avec elle, n'est-ce pas? Eh bien, c'est exactement la même chose.	"И јас цел живот сум се борел за уништување на религиите, и дури мислам дека имам многу придонес во тоа, барем што се однесува на мојот домен.... Но, за уништување на догматските религии а не за уништување на религиозното чувство"(колебли во)"Ако некогаш сум ги побркувал работите, што е многу можно, тоа е затоа што немав сфатено што значи религиозното чувство, и дека тоа, по дефиниција, му бега на влијанието на кр итичкиот дух."(Тој го гледа Далие право в очи.)"Догматската форма на религиите, тоа е она што е погрешно, но религиознот о чувство постои, и најголема глупост би било да се негира тоа, пријателче мое, верувајте ми, ова ви го кажувам, зашто јас сум го сторил тоа... Кога ќе се уништи некоја уметничка форма, уметноста не исчезнува со неа, нели? Е, па, овде токму за истото се работи."
Dalier se tait, mais sa physionomie exprime un avis nettement opposé.	Далие молчи, но во неговиот лик се чита јасно несогласување.
BAROIS.-D'abord vous êtes trop jeune pour pouvoir parler de ces questions-là. Vous venez de traverser la première crise, vous en êtes à l'affranchissement absolu, sans restriction...	БАРОА. — "Како прво, вие сте премлад за да можете да зборувате за такви прашања. Вие сте ја поминале првата криза, вие чувствувате дека сосема сте се ослободиле од неа, без никакви ограничувања..."
DALIER (positif).-Il n'y a pas eu la moindre crise religieuse dans ma vie jusqu'à présent, et je crois pouvoir prétendre qu'il n'y en aura pas.	ДАЛИЕ (расположен). — "Досега, во мојот живот, немало никаква религиозна криза, и мислам дека можам да тврдам дека ни во иднина нема да ја имам."
Barois: sourire incrédule.	Бароа, со насмевка на неверување.
DALIER (mécontent).-Je vous affirme, monsieur, que je ne sais pas ce que vous voulez dire. Chez moi, l'athéisme est inné.	ДАЛИЕ (незадоволен). — "Ви гарантирам, Господине, дека не разбирам што сакате да кажете. Кај мене атеизмот е вроден. И

Mon père, mon grand-père étaient athées. Ma raison n'a jamais eu à lutter contre ma sensibilité, pour me faire accepter que le ciel soit vide; et, dès que j'ai eu l'âge de réfléchir, j'ai compris que les causes s'engendrent, les unes les autres, aveuglément, sans but, et que rien dans l'univers ne nous permet de supposer une direction, ni un progrès... Ce sont des mouvements, voilà tout.	татко ми и дедо ми биле атеисти. Мојот ум никогаш не морал да се бори против моето размислување за тоа дека небото е празно и, уште од моментот кога дојдов во состојба самостојно да размислувам, сфатив дека една причина генерира друга, слепо, безцелно, и дека ништо во универзумот не нѝ дава за право да претпоставиме ни правец, ни напредок... Се работи за движења, тоа е сè."
BAROIS (après l'avoir considéré).-il y a peut-être des gens absolument dénués de sens religieux, comme il y a des daltoniens par exemple... Mais il est évident que ce sont des exceptions: ils ne doivent pas généraliser d'après eux. Et puisque vous ignorez tout du sentiment religieux, pourquoi en parlez-vous? Qu'est-ce que vous pourriez en dire? Votre logique vous amène à des solutions qui vous paraissent simples, rationnelles, définitives: et pourtant, toute conscience religieuse les rejettera, je vous l'affirme, comme absolument insuffisantes à expliquer l'intensité de la vie intérieure!	БАРОА (откако внимателно го сослуша). — "Можеби постојат луѓе кои се апсолутно ослободени од религиозното чувство, како што има и далтонисти на пример... Но, очигледно, се работи за исклучоци, тие не треба да генерализираат тргнувајќи и од нивните ставови. А, бидејќи вие ништо не знаете за религиозното чувство, како можете да зборувате за него? Вашата логика ве води до решенија кои ви се чинат едноставни, рационални, дефинтивни па, сепак, секоја религиозна свест ќе ги отфрли, ве уверувам во тоа, како апсолутно недоволни да ја објаснат силината на внатрешниот живот!"
DAMER.-Mais monsieur, vous-même, vous avez soutenu, vingt fois, devant moi...	ДАЛИЕ.— "Но, Господине, вие тоа лично сте го тврделе, барем дваесетина пати, пред мене..."
BAROIS (soucieux).-Eh bien, c'est possible. Mais aujourd'hui je vous dis que si l'on déracine les dogmes, le sentiment religieux persistera. Il prendra une forme différente. Regardez autour de vous: tout l'effort de la raison n'a pu l'ébranler, au contraire! Le sentiment religieux, il se laïcise déjà, il est partout! Dans tout ce qu'on tente, d'un bout à l'autre du monde, pour défendre le droit, pour préparer un avenir social meilleur, une répartition plus équitable des biens et des devoirs! La charité, l'espérance et la foi... Mais c'est exactement ce que, sans employer les mêmes termes, je m'efforce de pratiquer depuis que je suis affranchi. Alors? N'est-ce qu'une question de	БАРОА (загрижено). — "Ех, да, можно е. Но, денес, ви велам дека, ако се искоренат догмите, религиозното чувство ќе опстане. Тоа ќе добие поинаква форма. Погледнете околу вас : целиот напор на разумот не успеа да го ослаби, напротив! Религиозното чувство почнува да се лаицизра, тоа е насекаде околу нас! По сите оние обиди што се прават, од еден до друг крај на светот, за одбраната на правото, за да се подготви подобра општествена иднина, за поправедна распределба на добрата и на обврските! Љубов, надеж и вера... Токму тоа е она коешто јас лично се трудам да го применувам, без да ги користам истите термини, откако се ослободив. Па, тогаш? Не ли е само

mots? Qu'est-ce qui me guide obscurément vers le bien, sinon la permanence en moi d'un sentiment religieux qui a survécu à ma foi? Et d'où vient qu'il y ait, en chacun de nous, ce même principe de perfectionnement?	прашање на термини? Што ме води кон доброто, ако не опстој увањето во мене на некое религиозно чувство кое ја надминало мојата вера? И кој вели дека секој од нас го носи во себе истиот принцип на усовршување?
Non, non, la conscience humaine est religieuse, en son essence. Il faut l'admettre comme un fait... Le besoin de croire à quelque chose!... Ce besoin-là est en nous comme le besoin de respirer.	"Не, не, човечката свест е религиозна, во својата суштина. Тоа мора да се признае како факт... Потребата да се верува во нешто!... Таа потреба во нас е како потребата за дишење."
(A Dalier, qui semble prêt à l'interrompre.) Dites!	(На Далие, кој се чини готов да го прекине.) "Кажете!"
DALIER.-C'est au nom de ce besoin-là qu'on a toujours légitimé les préjugés,-les erreurs!	ДАЛИЕ. — "Токму во името на таа потреба секогаш се наоѓа о правдување за предрасудите, – грешките!"
Barois le regarde longuement. Il semble hésiter.	Бароа долго го гледа. Се чини дека се колеба.
BAROIS.-Et s'il y avait des erreurs ... qui fussent utiles,-du moins pour l'état actuel de l'humanité...-est-ce que ces erreurs-là ... à notre point de vue humain ... ne ressembleraient pas singulièrement à des vérités?...	БАРОА. — "А, што ако имало грешки... кои се покажале корисни, барем за сегашната состојба на човештвото... дали тие грешки... од наша, човечка гледна точка... не наликуваат, за чудо, на вистини?..."
DALIER (sourire imperceptible).-J'avoue que je suis surpris, monsieur, de vous entendre plaider le droit à l'erreur...	ДАЛИЕ (со незабележителна насмевка). — "Признавам дека сум изненаден, Господине, што ве слушам да го браните правото на грешка..."
Barois ne répond pas tout de suite.	Бароа не одговара веднаш.
BAROIS (penché en avant, sans regarder Dalier).-C'est parce que je me suis rendu compte, mon ami, qu'il existe des êtres, des êtres qui vivent, qui aiment,-des êtres qui sont aimés!-auxquels l'erreur est mille fois plus nécessaire que la vérité, pour cette raison qu'ils l'assimilent entièrement, qu'elle les fait vivre! Tandis que la vérité les laisserait mourir d'inanition, comme des poissons tirés sur la terre ferme... Et à ces êtres-là, nous n'avons pas le droit ... non, nous n'avons pas le droit...	БАРОА (наведнат нанапред, без да го гледа Далие). — "Тоа е затоа што сфатив, драг пријателе, дека постојат суштества, суштества кои живеат, кои сакаат, суштества кои се сакани! – на кои грешката им е илјада пати попотребна од вистината, од тие причини тие целосно ја апсорбираат, зашто таа е нивни мотив за живеење! Додека пак вистината би ги оставила да умрат од глад, како риби навлечени на суво... И, на тие суштества, ние немаме право... не, немамо право да ..."
Il lève la tête et heurte le regard de Dalier.	Ја крева главата и го пресретнува погледот на Далие.

Vous me regardez? Vous vous dites: «Décidément le patron est fini...» (Sourire indifférent.) Je n'en sais rien, vous avez peut-être raison.	"Вие ме гледате? Си велите: 'Газдава, дефинитивно, откачил...' (Индиферентна насмевка) "Не знам ништо за тоа, можеби сте во право.
La vérité, oui... La vérité quand même! C'est le grand mobile des consciences, tant qu'elles sont jeunes. Plus tard, on perd cette assurance: on admet la possibilité d'erreurs provisoires, individuelles; on préfère l'indulgence à la stricte justice...	"Вистината, да... Вистината, сепак! Тоа е големиот двигател на умовите, додека се млади. Подоцна, се губи секаква сигурност, се признава можноста за привремени грешки, индивидуални, се претпочита разбирањето во споредба со правдата, во тесна смисла на зборот..."
Un temps.	Пауза.
Que voulez-vous, on est à peu près forcé de se contredire en vieillissant... On s'est donné, trente ans de suite, la tâche de rendre la vie plus complète, plus harmonieuse: et on s'aperçoit qu'en somme, on n'a pas perfectionné grand'chose... On se demande même quelquefois si, à la pratique, le neuf vaut toujours l'ancien?... Alors, on ne sait plus... Comment ne pas se contredire? Quand on est sincère, quand, année par année, on a acquis le sens total de la réalité, il est impossible de n'être que logique...	"Што очекувате? Со стареење речиси сме приморани да си про тивречиме... Си дадовме задача, цели триесет години, да го направиме животот покомплетен, похармоничен и, на крај, заб ележуваме дека не сме усовршиле ништо посебно... Понекогаш се прашуваме дали, во реалноста, новото вреди исто колку старото?... Тогаш, не знаеме повеќе... Како да не си противречи ме? Кога човек е искрен, кога, со секоја година, сме го стекнале целото значење на реалноста, невозможно е да се следи само логиката..."
DALIER (dur).-Vous sembleriez dire que l'homme n'est pas capable de profiter jusqu'au bout des enseignements de la raison seule!	ДАЛИЕ (не согласувајќи се). — "Се чини сакате да кажете дека човекот не е во состојба до крај да ги искористи учењата на самиот разум!"
Barois le regarde longuement. Pause.	Бароа долго го гледа. Пауза.
BAROIS (inattentif).-On est jeune-je l'ai été!-on va, on va... Jusqu'au moment où l'on comprend qu'il y aura une fin à tout ça... A partir de ce moment-là!... Oh, on est prévenu longtemps d'avance, on a tout le temps de s'y habituer... Même, au début, on ne sait pas ce que c'est; la confiance, l'entrain fléchissent; on se dit: «Qu'est-ce que j'ai donc, maintenant?» Et puis, doucement, peu à peu, on se sent tiré en arrière... Et il n'y a pas de résistance possible!	БАРОА (расеано). — "Човек е млад, и јас сум бев млад, оди, оди, оди... сè до оној момент кога ќе сфати дека сето тоа ќе има крај... Од тој момент!... Ох, долго време пред тоа човекот е пре дупреден пред тоа, имам доволно време да се навикне на тоа... Дури, во почеток, човек не знае што е тоа, вербата, занесот се п околебуваат, и си вели :"Што ми се случува сега?"И потоа, тивко, лека полека, чувствувам како нешто го влече назад... И нема лек за тоа!

A partir de ce moment-là, vous verrez, mon petit, comme on considère différemment les choses...	"Почнувајќи од тој момент, ќе видите, драго мое дете, како поинаку се гледа на нештата..."
Il sourit péniblement...	Тој се смее со болна насмевка...
Dalier sent vibrer sa jeunesse: un plaisir sportif, à arracher le flambeau aux mains qui tremblent!	Далие чувствува како вибрира неговата младост: спортско задо волство да го одземе факелот од рацете кои треперат!
DALIER (vivement).-En tous cas, je ne vois vraiment aucun moyen de modifier mon article selon vos vues actuelles.	ДАЛИЕ (живо). — "Во секој случај, навистина не гледам зошто треба да направам измени во мојот напис според вашите сегашни гледишта."
Un garçon remet à Barois une carte de visite.	Едно момче му подава на Бароа визит-карта.
BAROIS.-Faites attendre, je sonnerai.	БАРОА. — " Нека почекаат, ќе засвонам."
Un temps.	Пауза.
DALIER.-Il faudrait refaire tout le travail. (Ferme.) Je ne le pourrais plus.	ДАЛИЕ. — "Ќе треба сè да се преработи" (Упорно) "Нема да можам да го направам тоа."
Barois, distrait, roule la carte entre ses doigts.	Бароа, расеан, ја витка хартијата меѓу прстите.
Puis il se tourne vers Dalier avec lassitude.	Потоа се врти кон Далие, со уморен израз.
BAROIS.-Eh bien, faites comme vous voudrez.	БАРОА. — "Ех, добро, правете како што сакате."
Dalier sorti, il s'approche de la cheminée, active les charbons, et sonne.	Кога Далие излезе, тој се доближува до каминот и засвонува.
Tout à coup, il hausse les épaules. -«C'est stupide... J'aurais dû m'y opposer carrément.»	Наеднаш, ги крева рамениците. — "Глупаво е... Требаше да бидам покатегоричен."
Le garçon introduit deux jeunes gens d'une vingtaine d'années.	Момчето влегува во придружба на двајца младичи на дваесетго дишна возраст.
BAROIS.-Monsieur de Grenneville?	БАРОА. — "Господин де Гренвил?"
GRENNEVILLE.-C'est moi, monsieur. Permettez-moi de vous présenter mon camarade Maurice Tillet, un normalien.	ГРЕНВИЛ. — "Тоа сум јас, Господине. Дозволете ми да ви го претставам другар ми Морис Тије, од Високата школа Екол Нормал."
De Grenneville: mince, taille moyenne; sobre élégance.	Де Гренвил, слаб, средна висина, класична елеганција.

Un visage fin, sans dominante. Très français. Petite moustache blonde. Regard sincère, décidé. Sur les lèvres, une nuance de fatuité ironique.	Нежно лице, без посебни белези. Вистински Французин. Руси мустаќи. Искрен, решителен поглед. На усните, нијанса на иронична горделивост.
Dans l'ensemble, ce mélange d'assurance et de retenue, que le bon élève d'une institution religieuse conserve jusqu'à sa première aventure.	Во целина, претставува мешавина на сигурност и на резервира ност кои добрите ученици од религиозните институти ги задрж уваат сè до нивната прва авантура.
Tillet: grand, robuste, un peu gauche.	Тиje, висок, крупен, по малку несмасен.
La figure largement taillée; des yeux bruns, vivants et précis; un grand nez; la bouche fendue; une barbe noire, peu fournie. De fortes mains qui disparaissent dans les poches dès qu'il veut parler, et qui, par réflexion, en ressortent aussitôt.	Робусна става, кафени очи, жив и решителен поглед, голем нос, уста развлечена дури до ушите, црна проретчена брада. Силни раце кои исчезнуваат во џебовите кога сака да зборува, и кои, рефлексно, веднаш потоа ги вади.
GRENNEVILLE.-La lettre que vous avez reçue en réponse à votre enquête, est de nous deux.	ГРЕНВИЛ. — "Писмото што го добивте како одговор на вашата анкета, ние двајца го напишавме."
BAROIS.-Veuillez vous asseoir, messieurs. Je vous remercie de vous être dérangés.	БАРОА. — "Повелете, седнете, Господа. Ви благодарам што дојдовте."
(A Grenneville.) Comme je vous l'ai écrit, j'ai l'intention de publier votre étude in-extenso. Elle est de beaucoup la plus intéressante que nous ayons reçue jusqu'ici. Mais, puisque je dois l'accompagner d'un commentaire ... (Souriant) ... critique, j'ai été très heureux d'avoir cette occasion de causer avec vous.	(На Гренвил.) "Како што ви пишав, имам намера да во целост да го објавам вашиот напис. Најинтересен е од сите што ги добивме до денес. Но, со оглед на тоа што јас треба да додадам мој..."(Насмевнувајќи се)"... критички коментар, среќен сум што ја имам оваа прилика да поразговарам со вас."
(A Tillet) Vous êtes encore à l'Ecole Normale?	(На Тиje). — "Вие сè уште сте на Екол Нормал."
TILLET.-Oui, monsieur. Je commence ma seconde année.	ТИJЕ. — "Да, Господине. Сега сум во втора година."
BAROIS.-Normale-lettres, naturellement?	БАРОА. — "На книжевност и филозофија, претпоставувам?"
TILLET.-Normale-sciences.	ТИJЕ. — "На природни науки."
BAROIS (à Grenneville).-Et vous, monsieur, je crois que vous préparez l'agrégation de philosophie?	БАРОА (на Гренвил). — "А, вие, Господине, мислам дека се по дготвувате за конкурсот за наставник по филозофија?"
GRENNEVILLE.-Non, monsieur. Je ne suis que licencié. Je fais mon Droit, et ma dernière année de Sciences politiques.	ГРЕНВИЛ. — "Не, Господине. Студент сум. Студирам право и ја следам последната година од Политички науки."

Barois prend sur son bureau un dossier qu'il feuillète. Il fait un effort pour concentrer son attention.	Бароа зема од бирото едно досие кое го прелистува. Прави напор да се сконцентрира.
BAROIS.-Il y a d'abord dans votre réponse quelque chose qui, je l'avoue, m'a choqué infiniment: c'est le mépris manifeste en lequel vous tenez vos aînés, quoi qu'ils aient fait. Croyez qu'il n'y a dans cette observation rien de personnel: c'est le principe qui me surprend. Car ce n'est pas seulement insouciance de jeunesse: votre arrogance a quelque chose d'assuré, de réfléchi, d'intentionnel. (Souriant.) Nous aussi, nous étions convaincus d'avoir raison; mais il me semble que nous respections davantage ceux qui nous avaient précédés. Nous avions,-comment dire?...-une certaine modestie; ou, plus exactement, le sentiment que nous pouvions nous tromper... Vous, au contraire, vous paraissez certains de représenter seuls la partie saine de la jeunesse...	БАРОА. — "Во вашиот одговор има нешто што, морам да признам, страшно ме шокира: тоа е отвореният презир кон претците, без оглед што и да направиле. Вие сметате дека во вашето тврдење нема ништо лично, токму принципот е тој кој ме изненади. Зашто, не се работи само за младешка неодговорн ост, вашиот арогантен став делува самоуверено, плод на размислување, на намера." (Насмевнувајќи се.) "И ние, кога бевме млади, бевме убедени дека за сè сме во право, но, чинам дека имавме повеќе почит кон нашите претходници. Поседувавме, – како да кажам? – одредена скромност, или, поточно, чувство дека можеби сме се излажеме во нешто... Вие, пак, убедени сте дека го претставувате само здравиот дел на младоста...
Et pourtant, il y a bien à dire! Car enfin le nationalisme que vous prêchez, est, par définition, une anomalie; ce n'est pas une attitude naturelle pour un peuple; c'est une posture de combat, une parade défensive!	"Па сепак, тука има што да се забележи! Зашто, конечно, национализмот што вие го проповедате е, по дефиниција, аномалија, тоа не природно однесување на еден народ, тоа е борбен став, дефанзивна парада!"
GRENNEVILLE (voix jeune, un peu caustique).-Tout à fait exact. Il est en effet regrettable que la France soit, en ce moment, obligée de se contracter pour expulser d'elle un germe qui serait mortel,-exactement comme un organisme vigoureux dans lequel se serait introduit un corps étranger.	ГРЕНВИЛ (со младешки и по малку зајадлив глас). — "Сосема точно. Жално е што Франција е принудена да се растресе за од неа да го исфрли микробот кој би можел да биде многу опасен за неа, исто како што реагира здрав и снажен организам, кога ќе му се вовлече туѓо тело."
BAROIS.-Ce germe, c'est?	БАРОА. — "Кој е тој микроб?"
GRENNEVILLE (offensif).--L'anarchie.	ГРЕНВИЛ (навредлив). — "Анархијата."
Il s'arrête, prêt à la riposte.	Тој застанува, готов да возврати.
Barois le regarde placidement.	Бароа го гледа со смирен поглед.
GRENNEVILLE (demi-sourire).-Vous ne nierez pas,	ГРЕНВИЛ (со насмевка). — "Ќе се согласите ли, Господине,

monsieur, que notre pays soit en proie à une véritable anarchie? Anarchie raisonnée, sans éclats, mais généralisée, et progressivement destructive... La cause n'en est pas secrète: la majorité, lorsqu'elle a perdu ses croyances traditionnelles, a perdu en même temps sa mesure d'appréciation, les éléments les plus nécessaires à son équilibre.	дека нашата земја се соочува со вистинска анархија? Рационал на анархија, не громогласна, но многу раширена, и прогресивн о деструктивна... Причината што доведе до неа воопшто не е тајна: кога мнозинството ги напушти своите традиционални верувања, истовремено ја изгуби и способноста за правилно ра судување, која е најважен елемент за неговата рамнотежа."
BAROIS.-Mais ce que vous appelez anarchie, c'est tout simplement la vitalité intellectuelle d'une nation! Il n'y a pas plus de dogmes en morale qu'en religion. La loi morale, ce n'est qu'un ensemble de convenances sociales, et cet ensemble est, par nature, provisoire, puisqu'il doit, pour garder sa valeur pratique, évoluer en même temps que la société: or cette évolution n'est possible que s'il y a, dans la société, ce ferment que vous appelez anarchique, ce levain sans lequel aucun progrès ne peut lever.	БАРОА. — "Но, она што вие го нарекувате анархија, тоа е едно ставно интелектуалната виталност на една нација! Нема повеќе догми во моралот отколку во религијата. Законот на моралот е само збир на општествени конвенции, и тој збир, по природа, е привремен, зашто мора да еволуира истовремено со општество то ако сака да ја сочува својата практична вредност. Еволуција е можна само ако во општеството го има тој фермент кој вие го нарекувате анархија, тој квасец без кој ниеден напредок не може да расте."
TILLET.-Si vous appelez progrès cette succession de soubresauts incohérents!	ТИЈЕ. — "Ако ја нарекувате прогрес оваа серија на неповрзани турболенции!"
BAROIS.-Les transitions sont brusques parce que les états se succèdent à intervalles de plus en plus rapprochés: jadis la morale variait d'un siècle à l'autre; actuellement, elle varie d'une génération à la suivante: c'est un fait, il faut l'accepter.	БАРОА. — "Транзициите се многу мачни зашто турболенциит е се случуваат на сè поблиски интервали! Порано, моралот се менуваше од век во век, сега пак тој варира од една до друга ге нерација: тоа е факт и треба да се прифати."
Léger silence.	Мала тишина.
Les jeunes gens échangent un coup d'œil.	Двајцата млади се погледнуваат еден со друг.
TILLET.-Nous ne sommes pas autrement surpris, de vous voir défendre cette anarchie. Vous avez été, comme vos contemporains, élevé par des écrivains révolutionnaires, insurgés contre tout ce qui avait une stabilité...	ТИЈЕ. — "Воопшто не сме зненадени што во вас наоѓаме прив рзаник на анархијата. Вие, исто како и вашите современици, го кревавте својот глас против сè она што претставуваше стагнац ија..."
BAROIS (plaisantant).-Taine?	БАРОА (на шега). — "Тен?"
TILLET.-Parfaitement! Depuis Gœthe jusqu'à Renan,	ТИЈЕ. — "Токму така! Од Гете сè до Ренан, Флобер, Толстој,

Flaubert, Tolstoï, Ibsen, tous!...	Ибзен, сите!..."
Barois hausse les épaules sans cesser de sourire.	Бароа ги крева рамениците без да престане да се смее.
GRENNEVILLE (pitié tranquille).-Le XIXe siècle tout entier, des Déclarations de 89 à Jaurès, en passant par Lamartine et par Gambetta, est empoisonné par ce romantisme: d'un bout du siècle à l'autre, c'est le même verbiage, pittoresque peut-être, mais dénué de direction et de pensée...	ГРЕНВИЛ (со мирен тон). — "Целиот XIX-ти век, Декларации те од 89 на Жорес, преку Ламартин и Гамбета, е затруен со тој романтизам, од почеток па сè до крајот на векот, сето тоа е празно дрдорење, можеби питорескно, но лишено од насока и од мисла..."
TILLET.-... ou plutôt gonflé de pensées généreuses, mais sans la moindre compréhension du réel. Rien de logique: des nuées. Aucun rapport entre les mots et la vérité sociale.	ТИЈЕ. — "... или пак надуен со"возвишени мисли, но без ни најмало разбирање на реалноста. Ништо логично, вистинска магла. Никаква врска меѓу зборовите и општествената вистина."
BAROIS (conciliant).-Ne pensez-vous pas que les mots, quels qu'ils soient, s'appauvrissent mécaniquement de leur sens, quand on les agite à tous les carrefours, pendant un siècle? Ces mots que vous rejetez aujourd'hui comme des coques vides, vous en avez assimilé, malgré vous, le suc...	БАРОА (со помирлив тон). — "Немојте да мислите дека зборовите, какви и да се тие, механички го губат нивното реално значење кога ќе ги размавтате на сите распаќа, во текот на еден век? Суштината на тие зборови, кои денес ги отфрлате како празни школки, вие сте ја апсорбирале и покрај вашата волја..."
Ils font, ensemble, le même geste de protestation.	Двајцата одмавнуваат во знак на несогласување.
BAROIS.-Et vous-mêmes? Croyez-vous que vous ne vous grisez pas à votre tour de mots creux? (Il saisit sur son bureau le dossier de l'enquête, et le soulève.) «Discipline», «Héroïsme», «Renaissance», «Génie national»!... Croyez-vous qu'avant quinze ans d'ici ce tintamarre verbal ne paraîtra pas dépourvu de toute pensée précise!	БАРОА. — "А, вие, Мислите ли дека тие празни зборови и вас лично не ве опиваат?"(Тој го собира на бирото досието од анкетата и го поткрева.)"Дисциплина, Хероизам, Ренесанса, На ционален гениј!... Не мислите ли дека за помалку од петнаесет ина години оваа вербална врева ќе изгледа лишена од секаква прецизна мисла?"
GRENNEVILLE.-Les termes passeront peut-être de mode, mais les fortes réalités qu'ils expriment, dureront. «Nationalisme», «Classicisme», ce ne sont pas des formules vagues: ce sont des pensées claires; ce sont même les pensées les plus claires et les plus riches de notre civilisation!	ГРЕНВИЛ. — "Можеби термините нема веќе да бидат во мода, но ќе останат да траат посебните реалности што тие ги изразув аат. Национализам, Класицизам, нема да останат нејасни формули : тоа се јасни мисли, тоа се дури најјасните и најбогат ите мисли на нашата цивилизација!"

TILLET (précis).-Le malentendu vient peut-être de ce que nous employons le mot pensée dans une acception différente de la vôtre. Pour nous, toute pensée qui ne se concilie pas avec la vie active jusqu'à se confondre avec elle, n'est pas une pensée: elle n'est rien, elle n'existe pas. On peut, j'en conviens, dire que la pensée doit diriger la vie; mais il faut que ce soit la vie qui fasse naître cette pensée directrice, et qui l'alimente, et qui la règle.	ТИЈЕ (прецизно). — "Недоразбирањето можеби се должи на тоа што ние зборот мисла го употребуваме со поинакво значење од вашето. За нас, секоја мисла, која не е во склад со животната сила сè додека таа не се поистовети со неа, не е мисла: таа не е ништо, таа не постои. Може да се каже, и се сог ласувам со тоа, дека мислата мора да го насочува животот, но токму животот треба да ја генерира таа мисла водителка, да ја храни, и да ја востанови!"
GRENNEVILLE.-Votre génération, contrairement à la nôtre, se contentait de théories abstraites, qui, non seulement ne développaient pas en elle le désir d'agir, mais contribuaient à le stériliser. (Fat.) Ce jeu de mandarin, qui aboutit à une complète inactivité, répugne aujourd'hui à la France nouvelle, à la France de la menace allemande, à la France d'Agadir...	ГРЕНВИЛ. — "Вашата генерација, за разлика од нашата, се зад оволуваше со апстрактни теории, кои, не само што во неа не развиваа желба за делување, туку придонесуваа за нивна стери лизација."(Арогантен)"Таа игра на интелектуалци, која доведува до тотална неактивност, не ѝ се допаѓа денес на новата Франција, на Франција на која ѝ се заканува Германија, на онаа Франција од Агадир..."
BAROIS (se révoltant enfin).-Mais vous considérez toujours vos aînés comme des rêveurs, incapables de vouloir et d'agir! C'est une monstrueuse injustice,-j'allais dire une monstrueuse ingratitude!	БАРОА (не можејќи да се воздржи). — "Вие и понатаму продо лжувате да ги сметате, вашите претходници, за мечтатели, немоќни да сакаат и да делуваат! Тоа е монструозна неправда, сакав да речам мноструозна неблагодарност!
Est-ce que la génération qui a fait l'affaire Dreyfus mérite d'être qualifiée d'inactive? Aucune génération, depuis la Révolution, n'a eu davantage que la nôtre à lutter, à payer de sa personne! Beaucoup d'entre nous ont été des héros! Si vous l'ignorez, allez apprendre votre histoire contemporaine! Notre goût de l'analyse était autre chose qu'un stérile dilettantisme, et notre passion pour certains mots qui vous semblent aujourd'hui sonores et vides, comme «Vérité» et «Justice», a pu être, à son heure, inspiratrice d'action!	"Зарем генерацијата која ја отвори аферата Драјфус заслужува да биде оквалификувана како неактивна? Ниедена генерација, после Револуцијата, не се борела толку како нашата, и не платила лично! Многумина од нас станаа херои! Ако не сте го знаеле тоа, тогаш научете ја современата историја! Нашиот интерес за анализа не беше стерилен дилетантизам, и нашата љубов за некои зборови, кои денес ви се чинат громогласни и празни, како што се Вистината и Правдата, во свое време, беа и нспирација за делување!"
Courte pause.	Куса пауза.
GRENNEVILLE (respectueux et froid).-Vous revendiquez	ГРЕНВИЛ (со почит и со студен глас). — "Премногу значење

bien haut ce court moment, où certains d'entre vous ont consenti-et pour quelle cause!-à descendre dans l'arène. Remarquez justement combien cette crise a été brève, et vite suivie de découragements célèbres...	му давате на тој кус момент, кога некои од вас – и тоа за која кауза! – овозможија излегување на бојното поле. Со право забе лежувате дека кризата траеше кратко, и набргу потоа следеа пр очуените обесхрабрувања..."
Barois ne répond pas.	Бароа не одговара.
GRENNEVILLE (avec douceur).-Non, Monsieur, cette génération-là n'était pas taillée pour la lutte: elle n'était pas susceptible de durée.	ГРЕНВИЛ (со благ глас). — "Не, Господине, таа генерација не беше створена за да се бори, немаше сила да истрае."
TILLET.-La preuve, c'est que son activité, pendant ces heures troubles de l'Affaire, s'épanchait au hasard. A tel point qu'aujourd'hui l'Affaire Dreyfus paraît, à ceux qui n'y étaient pas, une mêlée d'énergumènes sans doctrines et sans chefs, se lançant au visage des mots à majuscules!	ТИЈЕ. — "Доказ е дека нејзината активност, за време на матните моменти на Аферата, ѝ се препушташе до таа мера на случајноста што, денес, аферата Драјфус, на оние што не биле таму им личи на мешаница од фанатици без доктрини и без водачи, кои си фрлаат в лице секакви навреди!"
GRENNEVILLE (sans lâcher prise).-Et voyez les résultats! Qu'est devenu notre régime parlementaire? Vous avez reconnu vous-même, dans Le Semeur, la faillite de vos espérances, et que les réalisations de vos amis avaient trahi vos intentions!	ГРЕНВИЛ (не попуштајќи). — "И ги гледате резултатите! Што стана со парламентарниот режим? И самиот го признавте, во Сејач, неисполнувањето на вашите надежи, и дека вашите пријатели ги изневериле вашите намери!"
Barois ébauche un geste vague.	Бароа прави нејасен гест.
Que leur dirait-il? Ils se servent d'armes qu'il a lui-même forgées. D'ailleurs, empêcherait-il ces esprits simplistes de juger l'arbre à ses seuls fruits?	Што да им рече? Се служат со оружјето коешто тој го искова. Впрочем, зарем би ги спречил овие семплистички духови да судат за дрвото само според неговите плодови?
TILLET (concluant).-Les mœurs de la politique actuelle, voilà où nous ont conduits ceux qui, depuis tant d'années, méconnaissent notre génie national. Il est grand temps de nous soumettre à une discipline. Il nous faut une république, où les droits et les devoirs soient différemment répartis.	ТИЈЕ (заклучувајќи). — "Обичаите на актуелната политика.Ете каде нè одведоа оние кои, уште пред многу години, не го познаваа нашиот национален дух. Време е да се дисциплинира ме. Потребна нѝ е република во којашто правата и обврските ќе бидат различно распределени."
BAROIS (surpris).-Seriez-vous républicains?	БАРОА (изненадено). — "Да не сте републиканци?"
TILLET.-Certes!	ТИЈЕ. — "Се разбира!"
BAROIS.-Je ne le croyais pas.	БАРОА. — "Никогаш не би помислил."

TILLET (vivement).-Malgré de sérieuses divergences d'opinion, malgré le développement incontestable du parti monarchique, la majorité de la jeunesse reste ardemment démocrate.	ТИЈЕ (живо). — "И покрај сериозните разидувања во мислењата, и покрај неспорниот раст на монархиската партија, мнозинството млади остануваат демократи."
BAROIS.-Tant mieux...	БАРОА. — "Уште подобро."
GRENNEVILLE.-C'est d'ailleurs le sentiment intime de la nation.	ГРЕНВИЛ. — "Впрочем, тоа е длабокото чувство за нацијата."
BAROIS.-Je m'étonne que vous n'estimiez pas le gouvernement républicain incompatible avec vos principes de hiérarchie et d'autorité.	БАРОА.— "Ме чуди што не ја сметате републиканската влада за некомпатибилна со вашите принципи за хиерархија и автори тет."
GRENNEVILLE.-Pourquoi donc? Il s'agirait seulement de l'améliorer.	ГРЕНВИЛ. — "Зошто? Треба само да се подобри."
TILLET.-Il s'agirait de réformer le régime parlementaire pour épurer les habitudes politiques; et de dévier le principe de la souveraineté nationale, qui ne correspond en fait à rien de précis, vers la souveraineté des syndicats professionnels ou autres groupements constitués. Cela reviendrait au même, du reste, avec l'ordre et la mesure en plus.	ТИЈЕ. — "Се работи за тоа да се реформира парламентарниот режим со цел да се прочистат политичките навики и да се пренасочи принципот на национален суверенитет, кој, во суштина, не одговара на ништо конкретно, кон суверенитет на професионални синдикати или на други конституирани групи. Тоа би му дошло на исто, впрочем, - само плус ред и мерка."
BAROIS (souriant).-C'est encore sur ces points-là, voyez-vous, que nous pourrions nous entendre le mieux. Je souhaite que la jeune couvée parvienne à réglementer notre régime, et à faire passer les préoccupations sociales avant les agitations des partis politiques...	БАРОА (насмевенувајќи се). — "Гледате, најмногу се согласув аме околу тие гледишта. Јас посакувам подмладокот да успее да го регулира нашиот режим, и социјалните проблеми да ги стави на прво место, пред агитациите на политичките партии..."
GRENNEVILLE (avec assurance).-Ce but, nous l'atteindrons tout naturellement, lorsque nous aurons davantage accrédité dans le pays notre morale traditionnelle.	ГРЕНВИЛ (самоуверено). — "Ние сосема природно ќе ја пости гнеме таа цел, кога нашиот традиционален морал ќе го вградиме во државата."
BAROIS (souriant toujours).-Et qu'est-ce que vous appelez «notre morale traditionnelle?»	БАРОА (продолжувајќи да се смешка). — "А што значи за вас"нашиот традиционален морал"?"
GRENNEVILLE.-La morale catholique.	ГРЕНВИЛ. — "Католичкиот морал."

Barois ne sourit plus; il les regarde posément.	Бароа престанува да се смешка, ги гледа сталожено.
BAROIS.-Car vous êtes tous deux catholiques? Catholiques pratiquants?	БАРОА. — "Затоа што сте католоци, и двајцата? Католици практиканти?"
GRENNEVILLE.-Oui.	ГРЕНВИЛ. — "Да."
BAROIS.-Ah...	БАРОА. — "Ах..."
Une pause.	Пауза.
BAROIS (avec une angoisse soudaine).-Répondez-moi loyalement, messieurs; est-ce que vraiment, aujourd'hui, la grande majorité des jeunes gens est catholique?	БАРОА (со ненадејна вознмеиреност). — "Одговорете ми, искрено, Господа : дали навистина, денес, поголемиот дел од младите се католици?"
GRENNEVILLE (brève hésitation).-Je ne sais pas; je sais seulement que nous sommes très nombreux. Parmi les plus jeunes, parmi ceux qui sortent du collège, je crois qu'il y a une majorité incontestable de pratiquants. Parmi nous, leurs aînés de quatre ou cinq ans, je crois pouvoir affirmer qu'il y a approximativement autant de croyants que d'incrédules; mais ceux qui n'ont pas la foi le regrettent pour la plupart, et agissent en toutes circonstances comme s'ils l'avaient.	ГРЕНВИЛ (двоумејќи се). — "Не знам точно, знам само дека нè има поприлично многу. Меѓу најмладите, меѓу оние кои излегуваат од колеџ, мислам дека голем дел од нив се практиканти . Меѓу нас, кои сме постари од нив четири-пет години, мислам дека нема да згрешам ако речам дека има приближно исто верници колку атеисти, но, голем дел од оние кои не веруваат жалат за тоа, и во секоја ситуација се однесуваат како да се верници."
BAROIS.-Je vous avoue que cette restriction enlève, selon moi, à cette moitié d'entre vous, toute autorité pour une propagande catholique!	БАРОА. — "Ви признавам дека таа рестрикција, според мене, на онаа половина меѓу вас, ѝ го одзема целиот авторитет за католичка пропаганда!"
TILLET.-C'est parce que vous ne comprenez pas leur sentiment. S'ils défendent une foi qu'ils ne partagent pas,-mais qu'ils voudraient pouvoir partager,-c'est qu'ils ont reconnu ses vertus actives. Ils ont eux-mêmes expérimenté ces vertus; ils éprouvent une recrudescence d'activité à être enrôlés parmi les défenseurs de la religion. Et, tout naturellement, ils contribuent, par leur effort raisonné, à l'épanouissement d'un ensemble moral qu'ils savent le meilleur possible.	ТИЈЕ. — "Тоа е затоа што не го разбирате нивното чувство. Ако тие бранат вера која не ја споделуваат, но која би сакале да можат да ја споделат, тоа значи дека тие ги признаваат нејзините активни доблести. И тие дури и самите ги вкусиле тие доблести и кај нив се враќа желбата да влезат меѓу редовите на поддржувачите на религијата. И, сосема природно, тие придонесуваат, благодарение на нивниот свесен напор, за ширење на едни морални принципи што тие ги сметаат за најдобри."

BAROIS (après réflexion).-Non, je ne puis admettre que la protestation religieuse d'un individu qui n'a pas la foi, ait quelque sens. Votre explication est spécieuse, mais elle n'atténue pas ma sévérité pour certains de vos chefs spirituels... Ils n'ont vraiment pas assez voilé le mépris aristocratique que leur inspirent les masses. Toutes les fois qu'ils sont acculés au mur, leur échappatoire équivaut à cet aveu: «La religion est faite pour le peuple, comme le bât pour l'âne; mais nous ne sommes pas bêtes de somme.» Ce qui revient à dire, sans plus, qu'ils considèrent le catholicisme comme une excellente garantie sociale. Mais eux, ils préfèrent se réserver le privilège de la vérité.	БАРОА (по кратко размислување). — "Не, не можам да прифатам религиозниот протест на еден поединец, кој не е верник, да има некаква смисла. Вашето објаснување е замајува чко, и тоа не може да ги ублажи моите критики кон некои од вашите духовни водачи... Тие не успеаа да го прикријат аристо кратскиот презир што го чувствуваат кон масите. Секогаш кога се притиснати до ѕид, наоѓаат изговор во ова признание:"Религ ијата е создадена за народот, како самарот за магарето, но ние не сме товарни животни."Она што постојано се повторува е тоа дека го сметаат католицизмот за одлична општествена гаранција. Но, тие, тие претпочитаат да си ја зачуваат за нив пр ивилегијата на вистината."
(S'animant.) J'ai toujours obéi à un principe diamétralement opposé: j'estime que toute vérité doit d'abord être répandue; qu'il faut affranchir les hommes aussi largement qu'on le peut, sans se préoccuper s'ils sont prêts à faire tout de suite un bon emploi de leur affranchissement; enfin, que la liberté est un bien dont on n'apprend à se servir que petit à petit, et seulement par un usage démesuré!	(Разгорувајќи се) "Секогаш сум се повинувал на еден дијаметр ално спротивставен принцип: сметам дека секоја вистина треба прво да се рашири, дека треба да се ослободат луѓето колку што е можно повеќе, без да се грижат за тоа дали се готови веднаш да ја искористат нивната слобода, и дека слободата е едно добро коешто учиме малку по малку да го користиме, и тоа само со прекумерно користење!"
Silence courtois et désapprobateur.	Куртуазна и неодобрувачка тишина.
BAROIS (haussant les épaules).-Mais je vous demande pardon de cette profession inutile... Il s'agit seulement de vous. (Un temps.)	БАРОА (кревајќи ги рамениците). — "Јас се извинувам за ова толку отворено мислење... Се работи само за вас." (Пауза)
Votre lettre montre assez bien ce qui peut vous attacher au catholicisme; mais elle n'explique pas le chemin qui vous y a mené. Sans doute une foi d'enfant, qui n'a jamais été ébranlée?	"Вашето писмо јасно покажува што може да ве поврзе со катол ицизмот но не го објаснува патот кој сте го следеле за да дојдете до тоа. Веројатно се работи за верување уште од детството, кое никогаш не било разнишано?"
GRENNEVILLE.-En effet,-pour moi du moins. J'ai reçu une éducation catholique; j'ai même eu une enfance assez fervente. Pourtant, vers les quinze ans, j'ai subi une éclipse... Mais la foi	ГРЕНВИЛ. — "Што се однесува до мене, јас сум воспитан во католички дух, во детството бев речиси и верски фанатик. Меѓутоа, кога имав петнаесетина години, престанав да

était en moi, et elle a reparu d'elle-même, pendant que je suivais à la Sorbonne les cours pour la licence de philosophie.	верувам. Но верата беше во мене и самата повторно се појави кога на Сорбона ги следев часовите по филозофија."
BAROIS.-Pendant que vous suiviez les cours de philosophie à la Sorbonne?	БАРОА. — "За време на часовите по филозофија на Сорбона?"
GRENNEVILLE (très naturel).-Oui, monsieur.	ГРЕНВИЛ (сосема природно). — "Да, Господине."
Barois n'insiste pas. Il se tourne vers Tillet.	Бароа не инсистира. Се врти кон Тије.
BAROIS.-Vous aussi, monsieur, vous avez toujours été pratiquant?	БАРОА. — "А, вие, Господине, отсекогаш сте биле практикант ?"
TILLET.-Non. Mon père était professeur de sciences naturelles, en province, et il nous a élevés dans une libre-pensée absolue. Aussi ne suis-je venu au catholicisme que très tard, pendant ma préparation à Normale...	ТИЈЕ. — "Не. Татко ми беше професор по природни науки, во провинција, и тој нѐ воспитуваше во сосема слободна мисла. Го прифатив католицизмот многу подоцна, додека се подготвував за запишување во Екол Нормал..."
BAROIS.-Une véritable conversion, alors?	БАРОА. — "Нагло преобратување, значи?"
TILLET.-Oh non, rien de brusque, aucune exaltation. Je suis arrivé au port, naturellement, après avoir cherché à atterrir un peu partout... Et j'ai compris ensuite que j'aurais pu, par la seule logique, m'éviter tous ces tâtonnements; il est tellement évident que seul le catholicisme apporte à notre génération ce dont elle a besoin!	ТИЈЕ. — "А, не, не толку наеднаш, без никаков занес. Јас дојдов до тоа, откако испробав разни работи... И, потоа, сфатив дека само со следење на логиката, сум можел да ги одбегнам сите тие заскитуваања. Сосема е јасно дека само католицизмот ѝ го носи на нашата генерација она што ѝ е потребно!"
BAROIS.-C'est là ce que je comprends mal...	БАРОА. — "Е, тоа, тешко можам да го сфатам..."
TILLET.-Rien n'est plus simple, cependant. Pour stimuler notre volonté d'action, il nous faut, de toute nécessité, une discipline morale. Il nous faut un cadre immuable et tout fait, pour endiguer définitivement ces restes de fièvre intellectuelle qui nous viennent de vous, et dont nous avons, malgré tout, quelques traces dans le sang.	ТИЈЕ. — "Па, сепак, нема ништо поедноставно од тоа. За да ја поттикнеме нашата волја за делување, потребна нѝ е, морална дисциплина. Потребна нѝ е готова и непроменлива рамка, за де финитивно да ги сузбиеме остатоците од интелектуалната треска која нѝ доаѓа од вас, и чиишто траги, и покрај сè, ги носиме во крвта.
Eh bien, la religion catholique nous offre tout ça. Elle étaye notre personnalité de son pouvoir et de son expérience, fondés sur une épreuve de vingt siècles. Elle exalte notre sens de	"Католичката религија нѝ го нуди сето тоа. Таа ја поткрепува нашата одговорност, со својата моќ и со своето искуство, засновани на дваесетвековна проверка. Таа го засилува нашето

l'action, parce qu'elle s'adapte à toutes les nuances de la sensibilité humaine, et qu'elle confère un merveilleux supplément de vie à ceux qui l'embrassent sans marchander. Or, tout est là: il nous faut aujourd'hui une foi capable de décupler notre activité.	чувство за делување, зашто се прилагодува на сите нијанси на човечката сенсибилност, и на оние кои ја прифаќаат без двоумење ги наградува со прекрасно дополнение на животот. Значи, сè е во тоа, денес нѝ треба вера која ќе биде во состојба десет пати да ја зголеми нашата активност."
BAROIS (qui a suivi attentivement).-Soit. Mais enfin, cette défaveur que vous affichez complaisamment pour l'intelligence spéculative, ne va pas jusqu'à vous laisser dans l'ignorance de certaines vérités, acquises aujourd'hui par la science, et qui ont ruiné les bases de cette religion dogmatique?	БАРОА (кој внимателно следеше). — "Нека биде така. Но, најпосле, негативниот однос, што толку самобендисано го иска жувате за шпекулативната интелигенција, не ли ќе ве лиши од спознавање на некои вистини, стекнати денес од науката, кои ги уништија основите на таа догматска религија?
Comment l'acceptez-vous alors, dans son intégrité? Comment conciliez-vous, par exemple...	"Како, тогаш, ја прифаќате во нејзината интегралност? Како ги помирувате, на пример..."
TILLET (vivement).-Mais nous ne cherchons pas à concilier, monsieur... La religion est sur un plan; la science est sur un autre. Les savants ne pourront jamais atteindre la religion, dont les racines sont hors de leur portée.	ТИЈЕ (живо). — "Но, ние не се обидуваме ги помириме, Госпо дине... Религијата е на еден план, науката е на друг. Научницит е никогаш нема да успеат да ја достигнат религијата, чиишто корени се надвор од нивниот дофат."
BAROIS.-Mais l'exégèse attaque directement ... dans ses origines mêmes...	БАРОА. — "Но критиката напаѓа директно... во самите нејзини корени..."
GRENNEVILLE (sourire tranquille).-Non, nous ne nous comprenons pas... Ces difficultés auxquelles vous faites allusion, elles n'existent pas pour nous. Quelle valeur peut avoir la contestation d'un professeur d'hébreu, qui tire ses arguments d'une comparaison de vieux textes, à côté de la certitude intime de notre foi? (Riant.) Je vous assure, je suis stupéfait de penser que des affirmations de cette qualité ont pu avoir une influence décisive sur la croyance de nos aînés!	ГРЕНВИЛ (со смирена насмевка). — "Не, не разбираме... Тие проблеми на кои вие алудирате, за нас не постојат. Какво значење може да има оспорувањето на еден професор по грчки, кој своите аргументи ги влече од споредувањата на стари текстови, покрај интимната сигурност во нашата вера?"(Смеејќи се):"Ве уверувам, јас сум запрепастен од помислата дека размислувања од овој тип можеле да имаат пресудно влијание на верувањето на нашите претци!"
TILLET.-Au fond, la logique d'un raisonnement historique ou philologique n'est qu'apparente: elle ne peut rien contre le cri du cœur. Lorsqu'on a éprouvé personnellement l'efficacité	ТИЈЕ. — "Во суштина, логиката на едно историско или филолошко расудување е само привидна, таа не може ништо против крикот на срцето. Кога лично на себе ќе се почувствува

pratique de la foi...	практичната ефикасност на верата..."
BAROIS.-Permettez. Cette efficacité, à laquelle vous revenez toujours, il y a bien des convictions philosophiques qui...	БАРОА. — "Дозволете. Во врска со таа ефикасност, на која постојано се навраќате, постојат филозофски размислувања кои..."
TILLET.-Mais nous les avons passés en revue, tous vos systèmes! Depuis votre fétichisme de l'évolution, jusqu'au mysticisme romantique de vos philosophes athées! Non! Notre vitalité renaissante exige d'autres appuis que ceux-là! Nous aspirons à nous passionner, mais nous voulons que ça en vaille la peine! Votre génération ne nous a rien légué qui puisse servir de règle à une existence pratique.	ТИЈЕ. — "Но, ние ги зедовме на разгледување сите ваши системи! Почнувајќи од вашиот фетишизам на еволуцијата сé до романтичниот мистицизам на вашите атеистички филозофи! Не! Нашата обновлива виталност бара други поткрепи покрај нив! Ние сакаме целосно да се внесеме во тоа, сакаме тоа да вроди плод! Вашата генерација не нѝ пренела ништо што може да служи како правило за искуствениот живот."
BAROIS.-Toujours ce même refrain: la vie pratique! Vous ne paraissez pas vous douter que cette recherche exclusive de résultats palpables et immédiats, est au détriment de votre noblesse intellectuelle!	БАРОА. — "Секогаш иста песна : искуствен живот! Се чини како да не се сомневате дека оваа ексклузивна потрага по конкретни и непосредни резултати оди на штета на вашето интелектуално благороднишство!
Nous étions moins intéressés!	"Ние бевме помалку заинтересирани!"
GRENNEVILLE.-Pardon, monsieur, pardon... C'est qu'il ne faudrait pas confondre vie active et vie simplement pratique... (Souriant.) Je vous affirme que nous continuons à penser, et même que nos pensées s'élèvent assez haut. Mais elles ne se perdent plus dans les nuages, et c'est un incontestable progrès. Nous les asservissons à des besoins précis. Tout ce qui est abstraction stérile nous fait horreur, comme une lâcheté devant la vie et devant les responsabilités qu'elle impose.	ГРЕНВИЛ. — "Простете, Господине, простете... Не треба активниот живот да се меша со едноставниот практичен живот. .."(Смеејќи се)"јас ве уверувам дека ние продолжуваме да мислиме, дури и дека нашите мисли се издигнуваат на многу високо ниво. Но, тие не се губат повеќе во облаци, и тоа е неспорен напредок. Ние ги подредуваме на конкретни потреби. Сѐ што е стерилна апстракција нѐ ужаснува, како кукавичкиот однос пред животот и пред одговорностите што тој ги наметнува."
BAROIS.-C'est la faillite de l'intelligence.	БАРОА. — "Тоа е неуспех на интелигенцијата."
TILLET.-De l'intellectualisme, tout au plus...	ТИЈЕ. — "Најмногу на интелектуализмот..."
BAROIS.-Tant pis pour vous, si vous ne connaissez plus l'ivresse de la raison et de la pensée pure...	БАРОА. — "Штета што не ја чувствувате веќе опиеноста на разумот и на чистата мисла..."

TILLET.-C'est consciemment que nous ayons substitué le goût du devoir présent à ces méditations fumeuses qui n'aboutissaient qu'à faire des sceptiques et des pessimistes. Nous avons une superbe confiance en nous.	ТИЈЕ. — "Ние свесно ги заменивме тие небулозни медитации, кои создаваат само скептици и песимисти, со интересот за сегашната задача. Имаме веруваме во нас."
BAROIS.-Je le vois bien. Nous aussi, nous avions confiance!	БАРОА. — "Одлично го разбирам тоа. И ние верувавме во себе!"
TILLET.-Ce n'était pas une confiance de même nature, puisque la vôtre ne vous a pas empêchés de sombrer dans le doute...	ТИЈЕ. — "Тоа верување не е од ист каракетр, зашто тоа не ве спречи вас да западнете во сомнежи..."
BAROIS.-Mais le doute n'est pas uniquement cette position négative que vous croyez! Allez-vous nous faire un grief de ne pas avoir trouvé la clef de l'énigme universelle? Les recherches de ces cinquante dernières années ont établi que la plupart des affirmations dogmatiques qui passaient pour exprimer la vérité, ne la renfermaient pas. Et c'est déjà quelque chose, à défaut de posséder la vérité, que d'avoir bien repéré les endroits où elle n'est pis!	БАРОА. — "Но не се работи само за сомнежот! Зарем ќе нѝ замерите што не сме го нашле клучот за универзалната енигма? Истражувањата, последниве педестина години, покажаа дека најголемиот дел од догматските тврдења, за кои се сметаше дека ја изразуваат вистината, воопшто не ја изразува. И тоа е нешто, во недостиг на поседување на вистина, отколку да се бараат местата каде таа не постои!"
GRENNEVILLE.-Vous vous êtes heurté à l'inconnaissable, et vous n'avez pas su lui faire dans votre vie sa véritable place, en y découvrant un principe de force. Vous étiez parti de cette conviction a priori, que l'incrédulité était supérieure à la foi, et vous...	ГРЕНВИЛ. — "Вие сте се судриле со неспознатливото, и, откр ивајќи го во него принципот на силата, не сте му го дале вист инското место во вашиот живот. Вие однапред сте тргнале од пр едубедувањето дека неверувањето е посилно од верувањето, и вие..."
BAROIS.-Ainsi vous êtes assez peu conscients pour parler de convictions a priori! Vous qui êtes les dupes de la première théorie toute faite que l'on vous a proposée! Vous me faites penser au bernard-l'ermite, qui s'installe dans la première coquille inhabitée qu'il rencontre... C'est comme lui, que vous êtes entrés dans le catholicisme! Et vous vous y êtes moulés, au point de vous imaginer maintenant,-et de faire croire-que cette enveloppe vous est naturelle!	БАРОА. — "Така значи, вие не сте во состојба а приори да зборувате за убедеността! Вие сте тие, наивни будали, на кои им беше сервирана, во целост обмислена, првата теорија! Ми личите на ракот-самотник кој се сместува во првата ненаселена школка на која ќе наиде... Вие на ист начин влеговте во католи цизмот! И се обликувавте према него, до таа мера што сега си з амислувате, и другите ги уверувате, дека таа школка ви е сосема природна!"

GRENNEVILLE (souriant).-C'est un procédé qui peut avoir de grands avantages... Il suffit pour le justifier qu'il nous vaille un accroissement de courage.	ГРЕНВИЛ (смеејќи се). — "Тоа е процес кој може да донесе многу благодети... За да го оправдаме, доволно е тој да нѝ влее поголема храброст!"
TILLET.-Pour vivre, il faut une direction. Le principal est d'en choisir une qui ait fait ses preuves, et de s'y tenir!	ТИЈЕ. — "Во животот, потребно е да се одбере некој пат. Најважно е да се одбере оној кој се докажал, и тој да се следи!"
BAROIS (pensif).-Je n'ai pas encore compris ce que vous y gagnez...	БАРОА (замислено). — "Јас сè уште не разбирам што добивате со тоа..."
GRENNEVILLE.-Nous y gagnons une sécurité qui vous a toujours manqué!	ГРЕНВИЛ. — "Добиваме сигурност која вам секогаш ви недос тасувала!"
BAROIS.-Je ne vois pas davantage ce que vous apportez de nouveau ou d'utile. Tandis que je vois fort bien ce que vous apportez de nuisible: une agitation volontairement perturbatrice, qui interrompt, qui compromet l'effort de vos devanciers, et qui risque de retarder, sans profit, leur entreprise...	БАРОА. — "Но, јас не гледам што е тоа ново или корисно што го донесувате. Но, добро ја забележувам негативната страна : намерно правите дестабилизирачка агитација, која ги прекинува, ги поткопува напорите на вашите претходници, и која може да ги остави, без плодови, нивните потфати..."
GRENNEVILLE.-Nous apportons notre goût de l'action, capable, à lui seul, de régénérer l'esprit français!	ГРЕНВИЛ. — "Ние го носиме нашиот интерес за акција, способна, сама по себе, да го обнови францускиот дух!"
BAROIS (perdant patience).-Mais vous parlez toujours de l'action, de la vie, comme si vous en aviez acquis le monopole! Nul n'a plus passionnément aimé la vie que moi! Et pourtant cet élan m'a jeté exactement à l'opposé de vous: il vous a donné la nostalgie de la foi; et moi, il m'en a irrémédiablement détaché!	БАРОА (губејќи го трпението). — "Но, вие постојано зборувате за акција за животот, како да имате монопол над нив! Никој толку страсно не го сакал животот како мене! Па, сепак, тој занес ме фрли токму на спротивната страна од вас : тој вам ви ја подари носталгијата за верата, а мене пак за секогаш ме одвои од неа!"
Long silence.	Долга тишина.
BAROIS (avec lassitude).-L'homme n'est peut-être pas capable de profiter, plusieurs générations de suite, des enseignements de sa raison...	БАРОА (уморно)." Можеби човекот не е способен да ги искористи, повеќе генерации по ред, учењата на неговиот ум..."
Il s'arrête. Il a prononcé cette phrase machinalement, et voici qu'il la reconnaît: c'est celle que Dalier lui opposait, il y a une	Прави пауза. Сосема махинално ја изговара таа реченица, и веќе ја препознава, тоа е истата онаа со која Далие му се спрот

heure... Dalier! Suffit-il maintenant qu'on le contredise, dans un sens ou dans un autre, pour provoquer de sa part une égale révolte? Toujours fuyante, la vérité? Il passe la main sur son front. Il aperçoit ces deux enfants, raidis dans leur certitude... Ah, non, certes, ce n'est pas là qu'elle est, la vérité!	ивставуваше, пред само еден час... Далие!... Доволно ли ќе биде сега да му противречат, за едно или за друго, за да го пред извикаат истиот револт кај него?... Вистината, секогаш ли се из молкнува?... Поминува со раката по неговото чело. Ги гледа тие две момчиња, неумоливи во нивната сигурност... Ах, не, вистината сигурно не е таму!
BAROIS.-Ça tourne... Je pourrais être votre père, et nous ne nous comprenons plus: c'est la loi...	БАРОА. — "Таа се менува... Би можел татко да ви бидам, а сепак не се разбираме, тоа е закон..."
Ils échangent un bref sourire, qui le blesse à vif.	Тие си разменуваат мала насмевка, која силно го здоболува.
Il les toise: il les découvre enfin tels qu'ils sont.	Тој ги мерка, најпосле ги открива какви се навистина.
BAROIS.-Mais ne vous faites pas d'illusion, messieurs, sur votre rôle... Vous n'êtes pas autre chose qu'une réaction. Et cette réaction était tellement inévitable, que vous n'avez même pas la gloriole de l'avoir provoquée: c'est l'oscillation du pendule, le reflux mécanique, après le flux... Un moment à attendre: la mer monte quand même!	БАРОА. — "Немојте да имате илузии, Господа, за вашата улога... Вие не сте ништо друго освен реакција. И оваа реакција беше толку неизбежна што дури нема ни да ви припадне славата дека сте ја предизвикале : тоа е нишање на клатното, механичка осека, по плимата... Момент на чекање : плимата сепак надоаѓа!"
GRENNEVILLE (agressif).-A moins que nous ne soyons le début d'une évolution dont vous ne soupçonnez même pas les conséquences!	ГРЕНВИЛ: (со агресивен тон). — "Освен ако не сме на почеток на една еволуција чиишто последици не можете ни да си ги зам ислите!"
BAROIS (sèchement).-Non. Une évolution n'aurait pas cet aspect brusque, arbitraire, défensif...	БАРОА (суво). — "Не! Еволуцијата не може да има ваков нагол аспект, произволен, дефанзивен..."
Il est debout et il se met à rire en sentant renaître la combativité de jadis. Il arpente la pièce, les poings aux poches, l'œil vif et direct, la lèvre moqueuse.	Тој стои и почнува да се смее чувствувајќи како му се враќа не когашната борбеност. Тој шета низ собата, со рацете в џеб, со жив и директен поглед, со подбина насмевка.
BAROIS.-Vous représentez un mouvement social, c'est indéniable mais un mouvement isolé, sans tenants et sans aboutissements possibles: vous n'avez qu'un intérêt documentaire. Vous parlez haut; vous voulez re-créer l'univers; vous datez le monde d'une ère nouvelle, qui	БАРОА. — "Вие претставувате социјално движење, тоа не може да се негира, но вашето движење е изолирано и без можност да постигне некакви резултати. Вие имате само еден д окументаристички интерес. Зборувате на висок стил, сакате одново да го создадте универзумот, за вас светот датира од

correspond ingénûment avec votre vingtième année... Vous affirmez,-avant d'avoir pris le temps matériel d'apprendre et de juger.	една нова ера, која во суштина се совпаѓа со вашите дваесет години... Вие тврдите нешто, – уште пред да имате материјалн о време да научите и да судите.
Voulez-vous me permettre d'aller plus loin encore?	"Ќе дозволите ли да одам уште подалеку?
Il y a, à l'origine de votre attitude, un sentiment que vous n'avouez pas,-peut-être parce qu'il n'est pas très glorieux,-mais surtout, je crois, parce qu'il est obscur et que vous n'en avez pas pris conscience: c'est un vague sentiment de peur...	"Основата на вашиот став е чувство кое вие не сакате да си го признаете, – можеби затоа што нема да ви служи на чест, – но пред сè, мислам, зашто е мрачно и вие сè уште го немате спознаено: тоа е нејасно чувство на страв..."
Mouvement des jeunes gens.	Реакција на младите момчиња.
BAROIS.-Oui... Sous ces grands mots d'ordre, de courage national, il y a un peu ce que vous croyez y mettre; mais il y a encore autre chose: un assez vulgaire instinct de conservation!	БАРОА. — "Да... Зад тие големи зборови за ред, за национална храброст, има малку и од она што вие мислите дека внесувате во тие зборови, но има и нешто друго, еден многу вулгарен кон зервативен инстинкт!
Depuis votre naissance, vous avez senti que les hardiesses du XIXe siècle finiraient par ébranler une à une les bases, sur lesquelles l'équilibre social est encore assis; vous avez senti qu'en sapant l'arbre malade sur lequel vous avez votre nid, les aînés,-ces mandarins, ces dilettantes, ces impuissants!-allaient vous faire faire un plongeon un peu trop brusque dans l'avenir... Et vous vous êtes raccrochés, d'instinct, à tout ce qui peut étayer votre instabilité, pour quelque temps encore: vive la force, messieurs, vive l'autorité, la police, la religion! Ce sont les seules digues aux libertés des autres; et vous avez clairement compris que ces libertés-là ne pouvaient s'exercer qu'au détriment de votre situation personnelle! Le progrès marchait un peu trop vite: vous bloquez les freins... Vous n'avez pas le cœur assez solide, vous avez le vertige...	"Уште од вашето раѓање, сте почувствувале дека смелите идеи од XIX-иот век ќе ги разнишаат темелите врз кои сè уште почива социјалната рамнотежа; дека ако го сосечете болното дрво на кое стои вашето гнездо, постарите, – тие глупави интел ектуалци, дилетанти, неспособни! – ќе ви помогнеа да направите многу брз скок во иднината... А вие, инстинктивно, се закачивте за сè она што може да ја додржи вашата нестабил ност, уште некое време : да живее силата, Господа, да живее власта, полицијата, религијата! Тие се единствените брани на слобата на другите, и вам ви стана јасно дека тие слободи можат да се стекнат само на штета на вашата лична положба! Напредокот одеше пребрзо: вие ги блокирате кочниците... Немате лавовско срце, патите од вртоглавици...
Vos protestations d'activité manquent un affaiblissement de la pensée française, qui a besoin de repos, peut-être, pour avoir trop longtemps de suite poussé sa pointe dans l'inconnu. Soit;	"Вашите протести го кријат заслабнувањето на француската мисла, која има потреба од одмор, можеби, затоа што предолго време ја туркала својата авангарда кон непознатото. Добро,

c'est d'ailleurs une vieille histoire: il a existé une autre société de privilégiés, qui n'a pas osé faire la Révolution, et qui l'a payé de quelques têtes...	впрочем, тоа е стара приказна, постоеше и друго општество кое не се осмели да направи Револуција, и плати со по некоја жртва..."
Les jeunes gens se sont levés; leur attitude déférente et hostile exaspère Barois. Sa fougue vient se briser contre le sourire impertinent de deux gamins.	Младите станаа, нивниот непријателски однос, но полн со почит го разбеснува Бароа. Неговиот занес се скрши пред дрската насмевка на двете момчиња.
Un silence.	Тишина.
GRENNEVILLE.-Vous nous excuserez de ne pas vous suivre sur ce terrain-là... Je crois que nous avons dit tout ce que nous avions à dire.	ГРЕНВИЛ. — "Ќе простите што нема да ве следиме на тој пат... Мислам дека кажавме сè што имавме да кажеме."
Barois leur tend la main.	Бароа им пружа рака.
BAROIS.-Je vous remercie de votre visite. Votre lettre paraîtra tout entière. Le public jugera.	БАРОА. — "И благодарам за вашата посета. Вашето писмо ќе биде целосно објавено. Читателите нека судат."
GRENNEVILLE (à la porte).-Vous avez la certitude, monsieur, que votre génération «a poussé une pointe dans l'inconnu?» (Il sourit.) C'est fort heureux, sans quoi la vieillesse de vos amis s'annoncerait bien amère... Je remarque seulement combien ces vérités soi-disant libératrices, ont mal affranchi la plupart de vos contemporains!	ГРЕНВИЛ (до вратата). — "Вие сте сигурен, Господине, дека вашата генерација"ја туркала својата авангарда кон непознатот о"?"(Тој се смее.)"Цела среќа, инаку староста на вашите пријатели би им била многу горчлива... Забележувам само во колкава мера тие вистини не успеале да ги ослободат вашите с овременици!"
BAROIS (tranquille).-Peut-être. Mais elles libéreront complètement nos descendants... (Souriant.)-et les vôtres, messieurs!..	БАРОА (со смирен тон). — "Можеби. Но, тие целосно ќе ги ослободат нашите потомци..."(Смеејќи се)"– и вашите, Господа!..."
II	II
Dans l'escalier du Semeur.	На скалите на Сејач.
Marie, en montant, croise un petit vieillard.	Марија, на скалите пресретнува ситен старец.
MARIE.-Bonjour, docteur.	МАРИЈА. — "Добарден, докторе."
LE MÉDECIN (se découvrant avec politesse).-Mademoiselle...	ЛЕКАРОТ (учтиво поздравувајќи со шапката). — "Госпоѓице..."

MARIE.-Je suis la fille de M. Barois.	МАРИЈА. — "Јас сум ќерката на господин Бароа."
LE MÉDECIN (souriant, la main tendue).-Excusez-moi, Mademoiselle.	ЛЕКАРОТ (насмевнат, ѝ подава рака). — "Простете, госпоѓице ."
MARIE.-Je suis bien heureuse de vous rencontrer, docteur. Je voudrais tant être renseignée sur la santé de mon père! (Poussant la porte d'un bureau vide.) Puis-je vous retenir un instant?	МАРИЈА. — "Среќна сум што ве сретнав, докторе. Би сакала да ми кажете како е татко ми со здравјето!"(Туркајќи ја вратата на празната канцеларија):"Може ли само за момент да ве задржам?"
LE MÉDECIN (la suivant).-Mais, Mademoiselle, il me semble que vous vous inquiétez à tort. Notre malade va ce soir aussi bien que possible. Dans quelques jours...	ЛЕКАРОТ (следејќи ја). — "Госпоѓице, ми се чини дека беспот ребно се грижите. Нашиот болен вечерва одлично се чувствува. За неколку дена..."
Marie l'arrête et le regarde franchement, de ses yeux masculins.	Марија го прекинува и го гледа право в очи, со нејзиниот продорен поглед.
MARIE.-Vous pouvez me dire la vérité, docteur. Je me trouve dans des circonstances spéciales: je suis à la veille d'entrer au couvent, en Belgique. Dans quelques mois, j'aurai vu mon père pour la dernière fois... (Se dominant.) Je vous donne ces détails pour que vous compreniez... Ce n'est pas la crise actuelle qui me préoccupe. Je sens que mon père a quelque chose de grave, de très grave: il a tant changé depuis deux ans!	МАРИЈА. — "Можете да ми ја кажете истината, докторе. Јас се наоѓам во една посебна ситуација, знаете, наскоро ќе се закалу ѓерам, во еден манастир во Белгија. За неколку месеци, ќе треба да се поздравам со татко ми, можеби тоа ќе биде последен пат..." (Воздржувајќи се) "Ви ги кажувам овие детали за да ме разберете. Не ме загрижува само моменталнава криза. Чувствувам дека татко ми боледува од некоја сериозна болест, тој е многу изменет последниве две години!"
LE MÉDECIN.-Mon Dieu, Mademoiselle, c'est certain... M. Barois est atteint dans son état général... (Il se reprend aussitôt.) Mais c'est un mal qui ne l'empêchera pas de vivre longtemps encore, avec des précautions, une bonne hygiène... A l'âge de M. Barois, il faut bien s'attendre à quelques misères...	ЛЕКАРОТ. — "Господе, Госпоѓице, точно е... господин Бароа има проблеми со неговата општа здравствена состојба..."(Тој веднаш се поправа)"Но тоа е болест која нема да му попречи уште долго да живее, со малку внимавање, добра хигиена... Со оглед на возраста јасно е дека господин Бароа, може да има пр облеми..."
MARIE (pressante, le masque dur).-Il ne peut pas guérir, n'est-ce pas!	МАРИЈА (упорно, со строг израз). — "Не може да оздрави, нели?"
Le médecin hésite, mais un coup d'œil le décide à la franchise;	Лекарот се колеба, но нејзиниот поглед го тера да биде искрен,

il secoue négativement la tête.	и тој одмавнува со главата.
Court silence.	Куса тишина.
LE MÉDECIN.-Je vous le répète. Mademoiselle, c'est un mal à très longue échéance... L'excès de travail, la parole en public surtout, ont attaqué peu à peu le cœur. D'autre part, votre père a présenté, étant enfant, des signes de ... d'anémie. Il a été traité énergiquement, et on était parvenu à enrayer le mal, puisqu'il ne s'en est pas ressenti pendant plus de quarante ans! Malheureusement il a eu cette pleurésie, que nous avons soignée ensemble, voici...	ЛЕКАРОТ. — "Повторувам, Госпоѓице, тоа е болест која многу бавно напредува"... Премногу интензивната работа, јавните говори, малку по малку го начнаа неговото срце. Од друга страна пак, уште како дете, вашиот татко имал симптоми на... анемија. Примал јаки терапии и успеале да ја сузбијат болеста, тој цели четириесет години не ги почувствувал тие проблеми! За жал, се разболе од плеврит, кој заедно го лекувавме, има веќе ..."
MARIE.-Deux ans.	МАРИЈА. — "Две години."
LE MÉDECIN.-... Alors, il s'est produit une chose qui arrive quelquefois: l'inflammation des bronches facilite la pénétration des germes, et fait évoluer tout à coup la tuberculose assoupie... (Mouvement de Marie.) Oui, même après quarante années d'arrêt, c'est fréquent; des lésions anciennes se réveillent... Mais, je vous le répète. Mademoiselle, chez les vieillards ces maladies-là sont très lentes, avec des symptômes atténués, de longs arrêts, puis des reprises...	ЛЕКАРОТ. — "... Тогаш, тоа предизвика нешто што понекогаш се случува: воспаление на бронхиите кое пак го олеснува навле гувањето на микробите, и наеднаш ја буди задреманата туберк улоза..." (Реакција на Марија) "Да, дури и по четириесет години пауза, чест случај е да се будат старите болки... Но, пов торувам, Госпоѓице, кај старите луѓе, овие болести напредуваа т многу бавно, симптомите се поблаги, со долги прекини, па повторно враќање..."
MARIE (les yeux fixés sur le médecin).-Et, ce qu'il vient d'avoir, c'est une de ces reprises?	МАРИЈА (со погледот вперен во лекарот). — "А, дали му се врати болеста?"
LE MÉDECIN.-Oh, très bénigne... Votre père a pris froid, l'autre jour; il n'en faut pas davantage pour que l'état général s'en ressente.	ЛЕКАРОТ. — "Ох, во многу блага форма... татко ви настинал пред некој ден, не треба многу за да се влоши општата состојба."
MARIE.-Je vous remercie, docteur C'est tout ce que je voulais savoir.	МАРИЈА. — "Ви благодарам, докторе. Тоа е сè што сакав да знам."
Le logement de Barois: deux pièces basses, une cuisine.	Домот на Бароа: две соби со низок плафон, кујна.
Barois est allongé près de la fenêtre, d'où il s'intéresse aux allées et venues de la cour.	Бароа лежи испружен во близина на прозорецот, од каде што може да види кој доаѓа и кој заминува од дворот.

Marie, les manches relevées, un tablier sur sa robe, remet de l'ordre dans la chambre.	Марија, со завратени ракави, со кецела врз фустанот, ја средува собата.
BAROIS.-Je vous en conjure, Marie... La femme de ménage rangera ça demain matin.	БАРОА. — "Ве молам, Марија... Куќната помошничка ќе го среди тоа утре наутро."
MARIE.-Elle ne revient donc pas le soir?	МАРИЈА. — "Нема да дојде вечерва?"
BAROIS (souriant).-Non.	БАРОА (смеејќи се). — "Не."
MARIE.-Et qu'est-ce qui fait votre dîner?	МАРИЈА. — "А, кој ќе ви подготви вечера?"
BAROIS.-La concierge. (Gaiement.) Vous savez, quand on est seul, ce n'est pas long, un dîner...	БАРОА." Домарката."(Весело)"Знаете, кога човек е сам, вечерата не трае долго..."
MARIE (après une pause).-Avouez, Père, que Pascal vous manque? Je vous l'avais bien dit...	МАРИЈА (по куса пауза). — "Татко, признајте дека Паскал ви недостасува? Убаво ви велев..."
BAROIS (gêné).-Mais non. Je suis parfaitement soigné, je ne manque de rien... D'ailleurs je n'avais pas la place de loger un domestique ici.	БАРОА (протестирајќи). — "Не, не. Овде имам добра нега, ништо не ми недостасува... Впрочем, не ни имав доволно место за да можам да сместам и слуга овде."
Un silence.	Тишина.
Marie reprend ses rangements. Barois la suit des yeux. Elle passe à sa portée: il saisit sa main et l'appuie à ses lèvres. Elle sourit; mais leurs regards sont lourds d'arrière-pensées.	Марија продолжува со средување. Бароа ја следи со погледот. Таа минува покрај него, тој ѝ ја зема раката и ја бакнува. Таа се насмевнува, но нивните погледи кријат други мисли.
BAROIS (jouant avec la main de Marie).-Moi qui me faisais une fête de ces huit jours à Paris, avant votre noviciat! Et toutes vos visites auront été des séances de garde-malade!	БАРОА (играјќи со раката на Марија). — "Толку се радував на овие осум дена поминати во Париз, пред вашето закалуѓерување! А сите ваши посети се сведуваат на вршење на обврски на болничарка!"
MARIE.-Vous viendrez me voir à Wassignies... A l'évocation du couvent, ses pommettes rosissent.	МАРИЈА. — "Ќе дојдете да ме видите во Васињи..."На спомен увањето на манастирот, нејзините обравчиња се зарумenуваат.
BAROIS.-Les novices ne sont donc pas cloîtrées?	БАРОА. — "Новозакалуѓерените не се во изолација?"
MARIE.-Si. Mais on vient leur dire adieu, la veille de la prise du voile...	МАРИЈА. — "Да. Но нивните блиски доаѓаат да се збогуваат со нив, денот воочи закалуѓерувањето..."
Une larme glisse sur son sourire. Barois lâche sa main.	Една солза потекува на нејзината насмевка. Бароа ѝ ја пушта

	раката.
BAROIS.-Votre mère ne se soucierait guère de me rencontrer là-bas...	БАРОА. — " Нека не се плаши вашата мајка дека ќе се сретнеме таму..."
Sa voix est indifférente, à peine interrogative. Mais il la dévisage de biais, anxieusement. Elle fait un signe de protestation.	Гласот делува рамнодушно, едвај со прашален тон. Но тој ја гледа отстрана, вознемирено. Таа протестира.
BAROIS (ton léger, où perce du plaisir).-Et puis, ma pauvre Marie, je ne suis plus en état de voyager...	БАРОА (со лежерен тон од кој се насетува призвук на задоволс тво). — "А, освен тоа, кутра моја Марија, не сум веќе во состојба да патувам..."
III	III
Un appartement modeste, rue de Passy.	Скромен стан, на улицата "Паси".
Luce, à sa table de travail.	Лис, на неговата работна маса.
Il retire hâtivement ses lunettes en voyant entrer Barois, et va vers lui.	Веднаш ги трга очилата гледајќи го Бароа како влегува и се упатува кон него
LUCE.-Je suis bouleversé, mon cher ami... Que s'est-il passé?	ЛИС. — "Ме преплашивте, мој драг пријателе... Што се случило?"
Barois, essoufflé par les trois étages, s'assied lourdement, le poing sur le cœur; son sourire demande quelque répit.	Бароа, задишан од искачувањето на трите ката, седнува со цела тежина, со раката на срце, неговата насмевка кажува дека му треба малку време за соземање.
LUCE (après un instant).-Je n'ai trouvé dans votre mot aucun motif plausible...	ЛИС (по неколку мига). — " Не најдов во вашето писменце никаква видлива причина..."
BAROIS.-Je vous en prie, mon vieil ami, ne cherchez pas à me convaincre. Ma décision est prise.	БАРОА. — "Ве молам, мој стар пријателе, не обидувајте се да ме убедите. Донесов одлука."
Luce fait un geste d'incompréhension, et va s'asseoir à son bureau.	Лис прави гест на неразбирање, и оди да седне на неговото биро.
BAROIS.-J'y pensais depuis longtemps, ce n'est pas un coup de tête.	БАРОА. — "Одамна размислував за тоа, не е моментален каприц."
LUCE (attentif).-Remettez-vous à un nouveau travail, Barois,	ЛИС (внимателно). — "Зафатете се со нова работа, Бароа, и ќе

et vous verrez, vous retrouverez vite l'équilibre!	видите, ќе ја повратите вашата рамнотежа!"
BAROIS.-Je suis incapable de faire un projet. (Soucieux.) D'ailleurs je vais avoir à m'absenter bientôt... Vous savez, cette cérémonie en Belgique... Ma fille...	БАРОА. — "Неспособен сум да правам планови."(Со загрижен израз). Впрочем, наскоро ќе одам на пат... Знаете, церемонијата во Белгија... Ќерка ми..."
LUCE (vivement).-Ah... Eh bien, attendez, croyez-moi; ne prenez aucun parti avant votre retour.	ЛИС (живо). — "Ах, тогаш, добро, чекајте, немојте да донесува те никаква одлука пред вашето враќање."
Barois devine sa pensée; il sourit péniblement.	Бароа ја погодува неговата мисла, се напрега да се насмевне.
BAROIS.-Non, ce n'est pas ça... Je ne suis plus, ni physiquement ni moralement, le chef qu'il faut au Semeur. L'entrain n'y est plus. Le public s'en aperçoit bien. Et les collaborateurs! En fait, la direction m'échappe de jour en jour: ce sont les jeunes venus qui donnent le ton, maintenant. Moi je suis le vieux, débordé et suspect... (Sourire amer.) Et puis, voilà assez longtemps que Breil-Zoeger attend la place...	БАРОА. — "Не, не е тоа... Јас, ни физички ни морално, не прет ставувам шеф, каков што му е потребен на Сејач. Го немам веќе оној ентузијазам. Читателите го забележуваат добро. А со работниците! Всушност, раководната функција, со секој ден, ми станува сè понапорна, сега има нови млади луѓе кои му даваат тон на весникот. Јас, јас сум стар, надминат и не влевам веќе доверба..."(Горчлива насмевка)"А, освен тоа, одамна Брej-Зегер, го чека тоа место..."
Il tire de sa poche un manuscrit plié qu'il pose sur le bureau.	Тој вади од неговиот џеб еден свиткан ракопис и го остава на бирото.
BAROIS.-Tenez. J'ai voulu vous soumettre ça: une sorte de confession, de testament... J'ai l'intention d'y consacrer un numéro du Semeur. Pour ne pas m'en aller comme un vaincu, vous comprenez? Un dernier numéro, tout entier pour moi seul. Après, je me tairai.	БАРОА. — "Држете. Сакав да ви го дадам ова, еден вид на исповед, тестамент... Имам намера да посветам на ова еден број на Сејач. За да не си заминам како поразен, ме разбирате? Последен број, целиот посветен на мене. Потоа, ќе замолчам."
LUCE.-Vous ne pourrez pas!	ЛИС. — "Нема да можете!"
BAROIS.-Pourquoi donc? Justement, les médecins me prescrivent le repos; ils veulent que je quitte Paris, que je m'installe en banlieue, au grand air...	БАРОА. — "Зошто така мислите? Лекарите ми препорачуваат одмор, сакаат да го напуштам Париз, да одам во некое предгра дие, на чист воздух..."
LUCE.-Un homme comme vous ne se condamne pas volontairement au silence!	ЛИС. — "Човек како вас не се осудува доброволно на молк!"
BAROIS.-Oh si!... Il y a des stations, dans la vie, où il faut	БАРОА. — "Ох, да!... Има станици, во животот, на кои човек

savoir s'arrêter, se tourner sur soi-même et prendre une détermination.	треба да знае да се запре, да се сврти кон себе и да донесе долука."
LUCE (penché).-Supposez un instant que les rôles soient renversés; que je sois venu vous dire: «Je quitte tout, je renonce à vivre...»	ЛИС (наведнат). — "Замислете како да се сменети улогите, дека јас сум дошол да ви кажам:"Напуштам сè, се откажувам од животот...""
BAROIS.-Ah, vous, vous n'en auriez pas le droit! Mais ce n'est pas la même chose.	БАРОА. — "Ах, вие, не би имале право на тоа! Но тоа не е исто."
LUCE.-Je n'ai rien que vous n'ayez vous-même...	ЛИС. — "Не поседувам ништо што вие немате..."
BAROIS.-Vous avez une sagesse qui accepte tout ce qui arrive... C'est la différence qu'il y a entre le bonheur et le malheur.	БАРОА. — "Вие имате мудрост да прифатите сè што се случува... Тоа е разликата меѓу среќата и несреќата."
LUCE (souriant).-Il est si facile de ne chercher son bonheur que dans les satisfactions de la raison!	ЛИС (смеејќи се). — "Толку е лесно среќата да се бара само во сатисфакциите на разумот!"
BAROIS (farouche).-Elles ne me suffisent plus!	БАРОА (со вжештен тон). — "Тие не се повеќе доволни!"
Une pause.	Пауза.
BAROIS.-J'en ai assez de me débattre dans une vie dont le sens m'échappe...	БАРОА. — "Смачено ми е да се борам во еден живот чија смисла не можам да ја дофатам..."
Luce est assis, les bras croisés, les yeux à terre. Aux derniers mots de Barois, il lève son regard pensif et reste un instant avant de répondre.	Лис седи, со скрстени раце и со спуштен поглед. На последнит е зборови на Бароа, го крева замисленият поглед и чека еден момент пред да одговори.
LUCE.-Voilà le point malade... Mais pourquoi vouloir à tout prix porter un jugement définitif sur la vie? Pourquoi toujours poser ces problèmes insolubles?	ЛИС. — "Ете ја болната точка... Зошто, по секоја цена, да се сака да се даде дефинитивно мислење за животот? Зошто секогаш да си ги поставуваме тие нерешиви прашања?"
BAROIS (violence soudaine).-Pourquoi? Mais parce que, si je disparais, moi, avant d'en avoir la clef, mon effort n'aura abouti à rien! Qu'est-ce que vous voulez que ça me fasse, à moi, Barois, de penser que dans deux mille ans, on en saura peut-être un peu plus que nous? Cette énigme, c'est moi seul	БАРОА (наеднаш се вжестува). — "Зошто? Затоа што, ако ме снема пред да го дознам одговорот, моите напори ќе бидат бес полезни! Што ми значи мене, на Бароа, да мислам дека по две илјади години, луѓето ќе знаат можеби нешто повеќе од нас? Таа загатка само мене лично ме мачи"

qu'elle oppresse!	
LUCE.-Il faut se rappeler que Moïse n'est pas entré en Terre promise...	ЛИС. — "Треба да се потсетиме дека Мојсие не успеал да дојде до Ветената земја..."
BAROIS (avec une animosité involontaire).-Ah, je ne sais vraiment pas comment vous êtes fait! On dirait que vous ne vous êtes jamais trouvé en tête à tête avec la mort! Vous avez eu des chagrins, pourtant, des deuils. Après la mort de votre femme...	БАРОА (со огорчен тон). — "Ах, јас навистина не знам како сте вие скроен! Би се рекло дека никогаш не сте се нашле очи в очи со смртта! Вие сепак многу имате страдано. По смртта на вашата сопруга..."
LUCE (d'une voix subitement voilée).-Oui, à ce moment-là, j'ai désespéré de tout... Pendant plusieurs semaines. (Relevant le front.) Et puis un matin, dans le jardin,-nous habitions encore Auteuil,-je me souviens, j'ai vu à nouveau les arbres, le soleil, les petits... Peu à peu, j'ai remonté la pente.	ЛИС (со тажен глас). — "Да, тогаш, од сè бев разочаран... и ме држеше повеќе недели по тој настан." (Кревајќи го челото) "А, потоа, едно утро во градината, - ние сè уште живеевме во Отеј, се сеќавам, одново ги видов дрвата, сонцето, малечките... Малку по малку, ја искачив угорницата."
BAROIS.-Moi, voyez-vous, je n'ai plus une heure de paix, depuis que je sens mon tour approcher! Autrefois je me disais: «Oui, elle viendra, elle me prendra, comme les autres...» (La main au cœur.) Mais maintenant je sais par où, et tout est changé! Je sens son crampon qui a mordu là, qui m'attire par ce lambeau de chair malade, qui m'attire, moi, mon œuvre, la joie que j'aurais à vivre...	БАРОА. — "Јас, како што гледате, немам ни еден час спокој, откако почнав да чувствувам дека ми се ближи часот! Порано си велев :"Да, таа ќе дојде, таа ќе ме земе как о и сите други..." (Со раката на срцето) "Но, сега знам од каде, и сè се смени! Ги чувствувам нејзините канџи кои ми се закачија овде, и ми го влечат ова парче болно месо, ме влечат мене, моето дело, радоста на животот...
Ah, je ne peux pas me résigner à ce néant!	"Ах, не можам туку така да ѝ се препуштам на ништовноста!"
Un silence.	Тишина .
LUCE.-Nous ne voyons pas les choses de même. Pour moi, la vie et la mort se sont toujours confondues. C'est la suite du même mystère... Et j'envisage ainsi le problème depuis tant d'années, que je n'ai plus la moindre velléité de révolte!	ЛИС. — "Не гледаме исто на работите. За мене, животот и смртта се секогаш испреплетени. Тоа е след на една иста мисте рија... И јас така гледам на тоа прашање веќе со години, така што немам никаков мотив за револт."
BAROIS.-Votre consentement est au-dessus de mes forces!	БАРОА: — "Вашиот начин на прифаќање на нештата ги надминува моите сили!"
LUCE.-Je ne consens pas! Mais je ne m'insurge pas non plus.	ЛИС. — "Не се работи за прифаќање! Но јас воопшто не се

Je me sens si peu de chose dans l'agencement des lois universelles... Je me suis habitué à n'être qu'une parcelle d'univers qui accomplit sa destinée; je me relie au passé et à l'avenir: je me devine, par avance, prolongé par ceux qui feront, après moi, la même œuvre que moi. (Souriant.) Je vous répète que les satisfactions de la raison ont pour moi une extrême importance: ce que la mort a de rationnel, quand on l'envisage ainsi, me la fait accepter aussi naturellement que la naissance.	бунтувам против. Се чувствувам толку мал и безначаен во системот на универзалните закони... Се навикнав на помислата дека сум само една честичка од универзумот која ја живее својата судбина, се поврзувам со минатото и со иднината, се пр епознавам однапред, во оние кои ќе го продолжат моето дело, по мене."(Смеејќи се):"Повторувам дека задоволствата на разумот за мене се од екстремна важноста : она рационалното што го има смртта, кога на тој начин се гледа на неа, прави да ја прифатам сосема природно како раѓањето."
BAROIS.-Je vous envie.	БАРОА. — " Ви завидувам."
LUCE.-Mais ce calme est à la portée de chacun!	ЛИС. — "Но тој спокој е на дофат на раце на секого!"
Barois secoue la tête.	Бароа одмавнува со главата.
LUCE (ton de reproche).-Je vous assure que si j'étais, comme vous, paralysé par la mort, je me contraindrais à réagir. Nous sommes un fragment de vie universelle,-peut-être le seul qui ait conscience de lui-même: cette conscience nous fait un devoir de vivre le plus possible.	ЛИС (со прекорен тон). — "Ве уверувам дека ако бев преплашен од умирањето, како вас, ќе се трудев да реагирам. Ние сме само делче од универзалниот живот, – можеби единст вени свесни за своето постоење, и таа свест нè тера да живееме што е можно повеќе.
Vous, Barois, vous qui aimiez tant la vie!	"Зарем, вие, Бароа, кој толку го сакате животот!"
BAROIS (avec désespoir).-Mais je l'aime plus que jamais, mon ami, et c'est bien ce qui m'empêche d'accepter qu'elle puisse finir! Plus j'aime la vie, et moins je me résigne aux conditions dans lesquelles il faut vivre. Pourquoi la conscience, si c'est pour contempler le néant?	БАРОА (со очаен глас). — "Но, јас го сакам повеќе од кога и да е, пријателе, и токму тоа ме спречува да се помирам со фактот дека тој мора да заврши! Колку повеќе го засакувам животот, толку помалку се помирувам со условите во кои треба да се живее. Зошто нѝ е свеста, ако нѝ треба само за да ја набљудува ме ништовноста?"
Luce le regarde sans répondre.	Лис го гледа без да одговори.
BAROIS.-Le néant... J'ai beau me raisonner, je ne peux plus sortir de là!	БАРОА. — "Ништовност... Колку и да се трудам да расудувам, не можам да се помирам со тоа!"
LUCE.-Vous vous laissez dominer par votre moi. C'est fréquent, lorsqu'on vieillit: la personnalité devient plus précise,	ЛИС. — "Со вас господари вашето его. Тоа е честа појава кога човек старее, личноста станува попрецизна, со повеќе тежина,

plus pesante; on est moins sollicité par l'extérieur, on concentre ses facultés sur soi... Il faut lutter contre cette ankylose!	надворешноста помалку нè стимулира, нашите интелектуални способности ги насочуваме кон себе самите... Треба да се бориме против тоа окостување!"
BAROIS (s'abandonnant).-Ah, mon pauvre Luce, comment ne pas désespérer de tout? Voyons! A quoi ont abouti nos efforts? Récapitulez nos déceptions, depuis l'Affaire! Partout le mensonge, l'intérêt, l'injustice sociale, comme avant! Où est-il le progrès? Y a-t-il une seule de nos certitudes qui se soit imposée, grâce à nous? Au contraire, je constate plutôt un recul, puisque les jeunes nous renient, et qu'ils ont pris le contre-pied de tout ce qui nous avait paru définitif! Quelle pitié! Voilà que beaucoup d'entre eux se soumettent intégralement au catholicisme! Est-ce qu'ils ignorent nos attaques? Non, mais ils y ont trouvé des réponses en accord avec les besoins de leurs tempéraments, et ils sont assurés, autant que nous l'étions nous-mêmes! Ils ont même découvert de subtils détours pour réhabiliter le libre arbitre, et pour s'en faire une raison d'agir! Ce sont des faits, mon cher... Nous aurons beau travailler à améliorer le sort des autres, à les affranchir, toute la nature travaille contre nous: toutes les injustices, toutes les erreurs renaissent avec chaque couvée neuve, et c'est toujours la même lutte, et toujours la même victoire du fort sur le faible, du jeune sur le vieux, éternellement!	БАРОА (препуштајќи се на очајот). — "Ах, кутар мој Лис, како да не очајува човек од сè? Ајде да видиме до што доведоа нашите усилби? До сумирање на нашите разочарувања, почнув ајќи од Аферата? Насекаде лаги, интереси, социјална неправда, исто како порано! Каде е тој, напредокот? Постои ли барем една сигурност која се наметнала, благодарение на нас? Напротив, констатирам повеќе назадување, бидејќи младите се одрекуваат од нас, тие секогаш го тврдат спротивното во однос на она што нам нѝ изгледаше за дефинитивно. Каква штета! Многумина од нив целосно го прифатиле католицизмот! Дали ги игнорираат нашите напади? Не, но тие нашле одговори во с огласност со потребите на нивниот темперамент, и сигурни се дека се на прав пат како што и ние за себе верувавме! Тие дури пронашле суптилни, заобиколни патишта за да ја рехабилитира ат слободно одлучување и тоа да им стане мото за делување! Тоа се факти драги мој. Ние колку и да работиме на подобрува ње на судбината на другите, да ги ослободиме, целата природа работи против нас: сите неправди, сите грешки се повторуваат со секоја нова генерација, и секогаш се повторува истата борба, и секогаш истата победа, на посилниот над послабиот, на младиот над постариот, вечно!"
LUCE (très ferme).-Non, je ne peux pas vous suivre, je ne peux pas voir le monde si mauvais que vous le faites... Non... Au contraire, je vois qu'en somme, malgré des écarts, qui me désespèrent autant que vous, c'est tout de même l'ordre et le progrès qui finissent par gagner, peu à peu... Vue d'ensemble, l'humanité avance. C'est incontestable. Aucun esprit de bonne	ЛИС (одлучно). — "Не, не можам да ве следам, не го гледам светот толку лош како што вие го гледате... напротив, гледам дека, и покрај застранувањата кои мене ме доведуваат до очај исто како вас, сепак, редот и напредокот, малку по малку, надв ладуваат... Земено во целина, човештвото оди напред. Тоа е неоспорно. Ниеден добронамерен дух не може да го негира

foi ne pourra le nier.	тоа."
Barois se met à rire.	Бароа почнува да се смее.
BAROIS.-Avouez donc que la croyance au progrès est un postulat optimiste qui est nécessaire à votre équilibre personnel!	БАРОА. — "Признајте, тогаш, дека верувањето во напредокот е оптимистички постулат кој ѝ е неопходен на вашата лична рамнотежа!
Le progrès? L'outillage, les méthodes, oui, tout ce qui dépend de l'observation et de l'exercice, a progressé... Mais dans le fond qu'y a-t-il de nouveau depuis les philosophes grecs? Sur la vie, sur la mort, nous n'en savons pas plus qu'eux... Conjectures! Impossible d'affirmer ni de nier avec certitude l'existence de l'âme, la liberté...	"Напредокот? Алатките, методите, да, сè што зависи од набљуд ување то и од работењето, е напреднато... Но, во суштина, што има ново по времето на грчките филозофи? За животот, за смртта, ние ништо повеќе од нив не знаеме... Шпекулации! Нев озможно е со сигурност да се тврди или да се негира постоењет о на душата, на слободата..."
LUCE.-C'est déjà beaucoup d'avoir bien prouvé que tout se passe comme si l'âme et la liberté n'existaient pas.	ЛИС. — "Доволно е и тоа што докажавме дека сè се случува како душата и слободата да не постојат."
BAROIS.-Ces acquisitions négatives et provisoires ne me contentent plus!	БАРОА. — "Тие негативни и провизорни достигнувања не ме з адоволуваат повеќе!"
LUCE (tristement).-Vous aussi, Barois, vous voilà atteint par la contagion? Ah, je reconnais que nous vivons à une époque bouleversée... Mais comment ne sentez-vous pas que c'est l'avenir qui germe sous cette souffrance! Tu enfanteras dans la douleur...	ЛИС (натажено). — "И вие, Бароа, сте заразен, како што гледам? Ах, точно е дека живееме во едно турболентно време... Но, како може да не чувствувате дека тоа е иднината која се раѓа од тоа страдање! Ќе раѓаш со болка...
Vous n'avez pas prononcé le cri du ralliement actuel, mais il était déjà sur vos lèvres: la faillite de la science... Formule commode! Une classe ignorante la répète depuis dix ans, et la jeune génération s'en est emparée, sans révision; car c'est plus facile à affirmer qu'à vérifier... (Avec orgueil.) Pendant ce temps-là, elle travaille, la science en faillite, et son apport s'accroît peu à peu: les théories qu'elle avait provisoirement ébauchées, elle les retouche quotidiennement, elle les consolide par de nouvelles découvertes... Elle avance sans	"Вие не го испуштивте крикот на сегашното политичко групирање, но тој е на вашите усни: неуспех на науката... Удобна формула! Една неука класа го повторува тоа веќе десет години, а младата генерација го презеде без никаква корекција, зашто полесно е да тврдиш отколку да провериваш..."(гордо)"З а тоа време таа, неуспешната наука, работи, и нејзините придонеси растат малку по малку, теориите кои таа провизорн о ги постави во главни црти, сега секојдневно ги ревидира, ги з ацврстува со новите откритија... Таа напредува без да одговара,

répondre,-et c'est elle qui aura le dernier mot!	– и токму таа ќе го има последниот збор!"
Il se lève et fait quelques pas, les mains derrière le dos.	Тој станува и прави неколку чекори, со рацете зад грб.
LUCE.-C'est une réaction inévitable... Stupidement, on a voulu exiger de la science beaucoup plus qu'elle ne pouvait donner à ses débuts,-peut-être même plus qu'elle n'est susceptible de donner jamais. On a cru tout possible d'elle. Et maintenant il y a des esprits scientifiques, comme vous, qui se laissent aveugler par leur point de vue individuel: ils se disent naïvement, quand sonne leur soixantaine: «Voilà trente ans que je travaille. En ces trente années, mon existence à moi s'est chargée d'événements... Eh bien, pendant ce temps, la science, qu'a-t-elle fait? Je ne vois guère qu'elle ait progressé.»	ЛИС. — "Тоа е неизбежна реакција... Глупаво беше да се очекува од науката да даде повеќе од тоа што реално можеше да даде во своите почетоци, – можеби дури и повеќе од она што таа било кога ќе може да даде. И сега има научни духови, како вас, кои се под влијнаие на нивната индивидуална точка на гледиште, тие наивно си велат, кога ќе ја наполнат шеесетта та: "Триесет години како работам и за тие триесет години, мојот живот се исполни со разни случувања... па, добро, што правеше науката за сето тоа време? Јас не гледам дека таа воопшто напреднала."
La faillite de la science, mon ami, résulte tout simplement de la disproportion qui existe entre la brièveté de notre vie d'hommes, et la lente évolution des connaissances. Vous et les autres, vous êtes le jouet d'une apparence: vous êtes comme nos ancêtres qui ont affirmé pendant des siècles l'inertie du monde minéral, parce qu'au cours de leur rapide existence ils n'arrivaient pas à observer de modification sensible dans la composition d'un caillou!	"Неуспехот на науката, пријателе, е резултат, сосема едноставн о, на диспропорцијата која постои меѓу краткоста на нашиот човечки живот, и бавната еволуција на сознанијата. Вие и другите, вие сте играчка на еден привид, вие сте како нашите претци кои со векови ја поддржувале инерцијата на минерални от свет, зашто во текот на нивниот краток живот, тие не стигну ваат да ја забележат значителната промена во составот на едно камче!"
Barois l'écoute avec une incurable indifférence.	Бароа го слуша со безгрижна рамнодушност.
BAROIS.-Oui... autrefois ce genre de raisonnement me satisfaisait. Maintenant non. J'y vois un agencement logique: mais rien de tout ça ne m'atteint à l'endroit où je souffre...	БАРОА. — "Да... порано, овој начин на размислување можеше да ме задоволи. Но не и сега. Во него гледам логичен след, но ништо од тоа не допира до местото што ме боли..."
Un silence.	Тишина.
BAROIS.-(Les larmes aux yeux.) Ah, c'est affreux de vieillir...	БАРОА (со солзи во очите). — "Ах! Ужасна е староста..."
LUCE (vivement).-Mais vous êtes plus jeune que moi!	ЛИС (живо). — "Па вие сте помлад од мене!"
BAROIS (grave).-Je me sens très vieux, mon cher. Je suis une machine usée; les leviers n'obéissent plus. Le cœur bat la	БАРОА (со сериозен глас). — "Се чувствувам многу остарен, драги мој. Јас сум изработена машина, командите веќе откажув

breloque. J'ai là ... (il touche sa poitrine) comme un soufflet percé... Le moindre refroidissement me met au lit, avec la fièvre... Je suis fini, je me sens incapable de fournir une étape nouvelle...	аат. Срцето чука како лудо, еве овде..."(тој ги допира градите)"... чувствувам како ми свират градите. Најмала настинка ме легнува в кревет, со температура... Готов сум, се ч увствувам неспособен за некоја нова етапа..."
LUCE (sans conviction).-Vous traversez une période de dépression qui passera...	ЛИС (неубедливо). — "Минувате низ период на депресија кој ќе помине..."
BAROIS (avec rancune).-Mais vous ne sentez donc pas les années, vous! Le cerveau qui fléchit, les habitudes qui se figent... L'isolement, le vide sentimental, l'impossibilité de prendre quelque chose à cœur... Ah, sapristi, je les sens bien, moi! Ma vie est bloquée; c'est une impression atroce, je suis incapable d'activité: je n'ai plus qu'une mortelle envie ... d'avoir envie d'agir!	БАРОА (со горчина). — "Зарем вие не го чувствувате товарот на годините! Мозокот кој попушта, усталување то на навиките... изолираноста, емоционалната празнина, општата не заинтересираност... Ах, по ѓаволите, го чувствувам сето тоа! Мојот живот е завршен, тоа е ужасно чувство. Неспособен сум за каква било активност, имам само една обична смртничка желба... да ми дојде желба да делувам!
Et quand je me retourne vers le passé, qu'est-ce que j'y trouve? Qu'est-ce que j'ai fait?	"А, кога ќе се свртам кон минатото, што наоѓам зад себе? Што сум направил?"
Mouvement de Luce.	Знак на протест на Лис.
BAROIS (l'interrompant).-Evidemment, j'ai écrit, j'ai aligné des mots, j'ai échafaudé des argumentations... Je laisse des livres, des articles qui ont eu leur actualité... Mais croyez-vous que je sois dupe? que je m'illusionne sur la pauvreté de tout ça?	БАРОА (прекинувајќи го). — "Да, точно е, имам пишувано, по дредувано зборови, давав аргументации... Оставам книги, написи, кои имааа свои моменти на слава... Но, мислите ли дека сум јас нивна жртва на измама? Дека се залажувам за стер илноста на сето тоа?"
LUCE.-Vous méconnaissez votre vie, Barois, ce n'est pas digne. Vous avez cherché; vous avez trouvé des parcelles de vérité: vous les avez divulguées généreusement; vous avez contribué à extirper quelques erreurs, et à préserver quelques certitudes qui vacillaient; vous avez défendu la justice, avec une ferveur communicative, qui a fait de vous, pendant quinze ans, l'âme vivante d'un parti...	ЛИС.— "Вие го негирате вашиот живот, Бароа, тоа не ви служи на чест. Вие баравте, вие најдовте честички на вистина, вие дарежливо ги имате раширено, вие придонесовте да се искоренат некои грешки, и да се зачуваат некои вистини кои беа разнишени, вие ја браневте правдата со таков комуникатив ен жар кој од вас ја створи, за период од петнаесет години, живата душа на партијата..."
(Simplement.) Je trouve votre vie très belle.	(Едноставно) "Сметам дека вашиот живот е многу убав."

Une fierté dans les yeux de Barois. Il sourit et tend la main.	Израз на гордост во очите на Бароа. Тој се насмевнува и му ја подава раката
BAROIS.-Merci, mon ami... Autrefois, ces paroles-là m'auraient remis d'aplomb... Je ne rêvais pas d'autre oraison funèbre...	БАРОА. — "Благодарам, пријателе... Порано, овие зборови ќе ме вратеа во рамнотежа... Не очекував поинаков погребен говор...
Mais maintenant...	"Но сега..."
Un silence.	Тишина.
BAROIS.-A quoi pensez-vous?	БАРОА. — "На што мислите вие?"
LUCE.-Je viens d'avoir, en vous regardant, cette idée: que beaucoup de ceux qui nous ont précédés ont dû éprouver cette angoisse... Ces hommes,-à qui nous sommes redevables de tout ce que nous avons pu faire-ont dû avoir ce même désespoir, ont dû s'imaginer que leur effort était inutile... (Un temps.) Allez, allez, Barois, la vérité, c'est qu'il n'y a pas une bonne graine qui se perde, pas une idée qui ne germe un jour, pas une parcelle de conscience acquise, qui disparaisse. Savons-nous si l'une des pensées que nous avons émises, vous ou moi, ne sera pas le point de départ d'une découverte, qui libérera davantage l'avenir? Il suffit, pour avoir fait du bon ouvrage, de s'être donné, humainement, toute sa vie. Quand on a semé le mieux et le plus possible, on peut s'en aller en paix, et céder la place à d'autres...	ЛИС.— "Гледајќи ве, ми дојде една мисла на памет, дека многумина од нашите претходници го имаат почувствувано истиот тој немир... Тие луѓе, на кои сме им должници за сето она што ние сме го направиле, можеби и тие, во еден момент, се помислиле дека нивната работа била залудна..."(Пауза)"Ајде , ајде, Бароа, вистина е дека ниедно добро семе не се губи, ни најмал дел од честичката на стекнатата свест не исчезнува. Како можеме да знаеме сега дали некоја од мислите што сте ги искажале вие или јас, нема да биде почетна точка на некое откритие, кое во поголема мера ќе ја ослободи иднината? Доволно е, за нечие дело да се смета добро, целиот живот човечки да се даваме. Кога сме го посејале најдоброто и колку што е можно повеќе, можеме спокојно да си одиме и да им го отстапиме местото на другите..."
BAROIS (sombre).-Mais je ne suis pas aussi sûr que vous d'avoir semé le bon grain...	БАРОА (разочарано). — "Но јас не сум толку сигурен како вас дека сум посеал добро семе..."
Luce le considère avec un découragement infini.	Лис го гледа со бескрајна потиштеност.
BAROIS.-J'ai totalement changé d'attitude devant l'univers. Je ne sais plus où j'en suis, voilà la vérité...	БАРОА. — "Јас сосема го сменив мојот став кон универзумот. Не знам веќе каде сум, тоа е правата вистина...
Certains jours, comme aujourd'hui, je ne peux plus accepter comme vrai ce que j'ai défendu jusqu'ici. Je sens bien que je	"Некои денови, како денес на пример, не можам да го прифатам за вистинито она што досега сум го бранел. Знам

n'arriverais pas à me prouver logiquement l'inanité de mes convictions passées; mais,-je ne sais comment dire,-c'est presque physiquement que je les repousse: je les repousse parce qu'elles ne m'ont apporté que des déceptions!	добро дека нема да успеам логично да си ја докажам безвредно ста на моите претходни размислувања, но, - не знам како да кажам, - јас речиси физички ги отфрлам. Ги отфрлам зашто тие ми донесоа само разочарувања!"
LUCE.-Vous ne raisonnez plus...	ЛИС. — "Вие не размислувате повеќе со здрав разум..."
BAROIS.-Ah, on peut raisonner quand on a trente ans, quand on a la vie devant soi pour changer d'opinion, une sève qui bouillonne, du bonheur plein les veines! Mais quand on se sent près du terme, on est tout petit devant l'infini...	БАРОА. — "Ах, може да се расудува на возраст од триесет години, кога човек го има пред себе животот за да може да го смени ставот, младешка сила која врие, жилите полни со среќа! Но, кога човек чувстсвува дека е блиску до крајот, тој е премногу мал пред бесконечноста..."
(Très lentement, les yeux perdus.) On a, par dessus tout, un désir vague ... le désir d'on ne sait quoi ... qui serait le remède à toutes les transes... Un peu de paix, un peu de confiance... quelque chose sur quoi s'appuyer ... pour n'être pas trop malheureux, pendant le temps qui reste encore...	(Многу бавно, со изгубен поглед)"Чувствувам, во себе, нејасна желба... желба за не знам што... што би можел да го лечи секој неспокој... малку мир, малку доверба... нешто на што да се потпрам... да не бидам премногу несреќен, за времето што уште ми останува..."
Il redresse la tête.	Ја исправа главата.
Luce, qui souriait mélancoliquement, rencontre son regard: son sourire s'évanouit.	Лис, кој меланхолично се смееше, го пресретнува неговиот поглед, неговата насмевка исчезнува.
Long silence.	Долга тишина.
Après un instant, Barois semble se ressaisir.	По еден миг, Бароа се чини дека се соземува.
Il tend son manuscrit à Luce.	Тој му го подава ракописот на Лис.
BAROIS.-Tenez, lisez ça, voulez-vous?	БАРОА.— "Еве, читајте го ова, сакате ли?"
Vingt minutes passent.	Поминуваат дваесет минути.
Le jour décroît.	Денот е при крај.
Luce s'est levé, pour s'approcher de la fenêtre. Une symphonie de blancheurs: la vitre blême, le rideau de mousseline, son front pâle, sa barbe, les feuillets...	Лис станува, за да се доближи до прозорецот. Симфонија од белила: белузлаво стакло, муслинска завеса, неговото бледо чело, неговата брада, листовите...
Les coins de la chambre s'emplissent de grisaille.	Аглите на собата се исполнуваат со сивило.

Barois, les yeux fixes, attend.	Бароа со неподвижен поглед, чека.
Luce tourne la dernière page. Il la lit jusqu'au bout, attentivement; la main qui tient le manuscrit s'abaisse; il retire ses lunettes; ses paupières se plissent à chercher Barois dans la pénombre.	Лис ја врти последната страница. Ја чита до крај, внимателно, раката која го држи ракописот се спушта, тој ги вади очилата, неговите очни капаци се набираат барајќи го Бароа во полумрак кот.
LUCE.-Mon pauvre ami, que voulez-vous que je vous dise? Je ne peux plus rien pour vous, maintenant...	ЛИС. — "Кутар мој пријателе, што сакате да ви кажам? Ништо повеќе не можам да сторам за вас..."
(Après une pause.) Non ... je ne peux plus rien pour vous, moi...	(По куса пауза) "Не... ништо повеќе не можам да направам за вас, јас..."
IV	IV
A Wassignies-sur-Lys, près de Gand.	Во Васињи-сир-Лис, во близина на Ган.
La voiture de Barois longe un mur de couvent et s'arrête devant un portail, qui s'entr'ouvre aussitôt. Il traverse une cour déserte, hésite, et se dirige vers le perron central; lorsqu'il atteint la dernière marche, la porte close s'ouvre devant lui.	Возилото на Бароа се движи покрај еден манастирски ѕид и застанува пред една голема порта, која веднаш со подотвора. Тој го поминува пустото двориште, се двоуми, и се упатува кон средниот трем, додека ја искачува последната скала, пред него се отвора затворената врата.
Vestibule dallé. Le battant se referme. Une ombre s'approche, le visage caché sous un voile noir.	Просторија со поплочен под. Портата се затвора. Се приближу ва една сенка, со лице покриено со превез.
Il la suit.	Тој ја следи.
Elle marche vite, agitant sans interruption une claquette de bois. Des couloirs. La religieuse pousse une dernière porte, s'efface pour qu'il passe, et donne un tour de clef derrière lui.	Таа оди брзо, непрекинато мафтајќи со едно дрвено клепало. Ходници. Калуѓерката ја турка последната врата, му прави место да помине, и заклучува зад него.
Le parloir: vaste salle au carrelage luisant, divisée en deux, sur toute la hauteur, par un lattis de bois à claire-voie.	Просторија за посети : пространа сала со светнат под, поделена на два дела, преградена до плафонот со дрвени решетки.
Une femme est là, en noir, immobile, écroulée sur une chaise. Il reconnaît Cécile; il s'avance. Elle tressaille et tend la main, sans pouvoir articuler un mot.	Внатре, жена облечена во црно, неподвижна, струполена на една столица. Ја препознава Сесил, оди кон неа. Целата се тресе подавајќи му ја раката, без да може ни збор да проговори.

Il s'assied près d'elle.	Тој седнува покрај неа.
Quelques minutes.	Поминуваат неколку минути.
Dans la cour, un carillon léger, se met à sonner ses quatre heures.	Во дворот, часовникот отчукува четири часот.
Aussitôt, de l'autre côté du grillage, paraissent trois religieuses, de même taille, la figure voilée de noir. Deux d'entre elles vont s'agenouiller devant une statue de la Vierge. La troisième s'approche, et, à l'aide d'une clef, fait jouer un panneau de la clôture; puis elle va rejoindre les autres, qui récitent une dizaine de chapelet.	Веднаш потоа, од другата страна на решеткаста преграда, се појавуваат три калуѓерки, со иста височина, со лицето покриено со црн превез. Двете од нив клекнуваат пред статуата на Богородица. Третата се приближува, и го става клучот во дрвената решеткаста преграда, потоа им се придружува на другите, кои кажуваат десетина молитви.
Cécile et Barois sont debout, les nerfs à vif.	Сесил и Бароа стојат, и двајцата со напнати нерви.
Cécile écarte les lèvres comme si elle allait mourir.	Сесил ги подотвара усните како пред умирање.
La dizaine s'achève...	Завршуваат со молитвите.
L'une des religieuses se signe, et s'avance. Elle écarte son voile...	Една од калуѓерките се прекрстува, и се упатува кон нив. Го открива велот...
Cécile pousse un cri étouffé et l'étreint convulsivement; puis elle se détache brusquement pour la dévisager, comme si elle craignait d'être trompée; et, gémissant de tendresse, elle la serre de nouveau contre son cœur.	Сесил испушта пригушен крик и ја стега во грчевита прегратка, потоа нагло се оттргнува од неа за убаво да ја изгледа, како да се плаши дека се излажала, и, офкајќи од нежност, таа повторно ја силно ја прегрнува.
Marie se redresse, et sans se dégager, tend la main à son père; il l'embrasse en pleurant. Leurs yeux se rencontrent; Barois retrouve ce regard anxieux, durci, ce sourire crispé, qui est chez elle le signe extérieur de la foi; mais, dans son expression passée, il n'y avait pas tant de lumière.	Марија се исправува и, без да се тргa, му ја подава раката на татко ѝ, тој ја бакнува плачејќи. Нивните погледи се вкрстуваат, Бароа го препознава тој немирен, решителен поглед, таа згрчена насмевка, кој, кај неа, е надворешен знак на вера, но, во нејзиниот поранешен израз немаше толку светлина.
MARIE.-Par pitié, maman, ne pleurez pas... Dieu vous donnera la force, la consolation... (La voix a perdu son timbre. Elle ajoute, malgré elle:) Si vous saviez comme je suis heureuse!	МАРИЈА. — "Ве молам мајко, не плачете... Господ ќе ви даде сила, утеха..." (Гласот го изгубил поранешниот тон. Таа додава, и покрај својата волја): 'Кога само би знаеле колку сум среќна!'

Cécile halète sur son épaule, zézayant des plaintes vagues.	Сесил задишана се потпира на нејзиното рамо, и жално плаче.
CÉCILE.-Qu'est-ce que je vais devenir, Marie... Qu'est-ce que je vais devenir...	СЕСИЛ. — "Што ќе правам сега јас, Марија... Што ќе правам без тебе?..."
Marie tient sa mère doucement appuyée contre elle, et lui caresse le front.	Марија ја држи мајка си нежно потпрена на неа, и го милува челото.
MARIE (se tournant vers Barois).-Père, j'ai lu votre manifeste... Oui, c'est la dernière faveur que j'aie demandée... (Elle le considère, les yeux dans les siens. Et, brusquement, avec un éclat d'espoir:) Père, ces pages-là appellent Dieu!...	МАРИЈА (вртејќи се кон Бароа). — "Татко, го прочитав вашиот манифест... Да, тоа беше последната услуга што ја побарав..." (Таа внимателно го гледа право во очите. И, наеднаш, со излив на надеж): "Татко, тие страници му се обраќаат на Господ!..."
Barois secoue négativement la tête.	Бароа одмавнува со главата.
Cécile sanglote toujours, n'écoutant rien, balbutiant:-«Qu'est-ce que je vais devenir... Qu'est-ce que je vais devenir...»	Сесил не престанува да липа, не слушајќи ништо, едвај разбирливо мрмори. — "Што ќе биде со мене... Што ќе биде?..."
Les regards de Marie vont de l'un à l'autre. Son cœur s'amollit une dernière fois de pitié humaine. Elle se penche pour atteindre la main de son père, et l'attire doucement près de sa mère.	Погледот на Марија оди од еден до друг. Нејзиното срце, уште еднаш, омекнува со човечко сожалување. Таа се наведнува за да ја дофати раката на татко ѝ, и нежно ја привлекува кон онаа мајчината.
MARIE (bas).-Ah, j'ai tant prié... (A peine perceptible:) Ne vous séparez plus, maintenant...	МАРИЈА (тивко). – "Ах, колку се молев..." (Едвај забележително) "Немојте повеќе да се разделувате..."
Les religieuses, au fond de la pièce, se sont relevées. Elles approchent.	Калуѓерките, во другиот дел од просторијата, стануваат. Се приближуваат.
Marie les entend venir derrière elle; son corps frémit; son masque s'épouvante. Elle s'arrache des bras de Cécile, et glisse dans ceux de son père: à peine a-t-il le temps de sentir sous ses lèvres la soie du petit front bombé... Elle se détache: d'un geste éperdu, elle étreint encore une fois sa mère, qui la regarde avec des yeux fous...	Марија ги слуша како доаѓаат зад неа, нејзиното тело трепери, лицето добива преплашен израз. Таа се оттргнува од прегратките на мајка ѝ, и го прегрнува татко ѝ кој едвај има време да го почувствува под неговите усни нејзиното мало нежно чело... Таа, видно вознемирена, се оттргнува, потоа уште еднаш ја прегрнува мајка си, која ја гледа со разрогачени очи...
Puis elle se recule vivement. Le voile retombe. Une religieuse referme soigneusement le grillage.	Потоа полека се повлекува. Повторно го става велот. Една од калуѓерките грижливо ја заклучува решеткастата ограда.

Personne ne verra plus ce visage vivant.	Никој веќе нема да го види ова лице додека е живо.
Cécile reste foudroyée, les mains tendues, les lèvres ouvertes. Tout à coup elle chancelle, et se serait abattue si Barois ne l'avait saisie. Elle s'accroche à lui.	Сесил останува како погодена од гром, со раширени раце, со отворена уста. Наеднаш се затетерави, и за малку ќе падне ше да не ја задржеше Бароа. Таа со целата тежина се свали на него.
CÉCILE (dans un souffle).-Ne me quittez pas, Jean... ne me quittez pas...	СЕСИЛ (во еден здив). — "Немој да ме оставаш, Жан... Не ме оставај..."
La porte s'ouvre.	Портата се отвора.
La tourière fait entendre sa claquette.	Се слуша клепалото на калуѓерката.
Barois soutenant Cécile, l'entraîne vers la sortie.	Бароа, придржувајќи ја Сесил, речиси ја влече кон излезот.
Une heure plus tard.	По еден час.
Dans une arrière-salle de l'auberge. On a traîné deux fauteuils devant le poêle. Une lampe suspendue éclaire un souper auquel ils n'ont pas touché.	Во задната сала на една гостилница. Влечат две фотелји пред печката. Една висечка светилка ја осветлува вечерата која ниеден од нив не ја ни допре.
Barois, assis en retrait, aperçoit Cécile de dos, courbée, le chapeau cabossé glissant sur les bandeaux défaits; par instants elle tourne la tête, et, pour étouffer une reprise de sanglots, presse son mouchoir sur ses lèvres enflées.	Бароа, седнат подалеку, ја гледа Сесил одназад, подгрбавена, со згмечената шапка која се лизга врз растурената коса, на моменти таа ја врти главата, за да го пригуши новиот налет на липање, ги притиска со марамчето надуените усни.
Il est abattu par la fièvre; chaque pulsation du cœur lui fait mal; sa sensibilité est à nu. Le bruit de ces larmes ressuscite des émotions lointaines.	Него го терсе силна треска, секое биење на срцето му предизви кува болка, нема лек за неговата чувствителност. Солзите на Сесил ги враќаат кај него далечните емоции.
Il songe au passé, sans amertume: la solitude d'hier, celle qui l'attend demain, sont pires que la mésentente de jadis.	Тој размислува за минатото, без никаква огорченост. Вчерашна та осаменост, онаа утрешната, се полоши од некогашните недо разбирања.
-«Elle a dit: Ne me quittez pas... Un cri de désespoir peut-être?	— "Таа рече : немој да ме оставаш... Можеби еден крик од очај?
«Ah, si elle veut...	"Ах, кога таа би сакала...
«Mais pratiquement, c'est bien difficile...	"Но, практично, тоа е тешко изодливо...

«Qu'elle vienne habiter avec moi dans la banlieue? Elle ne pourrait pas s'y faire; sa vie active, ses patronages... «Alors?	"Да дојде да живее кај мене, на периферија? Не би можела да се навикне, да го остави активниот живот, добротворните друштва...
Je ne peux pourtant pas aller habiter dans la maison de la mère Pasquelin...»	"Јас, пак, не можам да живеам во куќата на Пасклениеви..."
Involontairement il termine sa pensée à voix haute:	Ненамерно, тој ја заврши својата мисла на глас.
BAROIS.-... ça ne serait possible, que si vous consentiez à quitter votre maison ... à venir habiter celle de ma grand'mère...	БАРОА. — "Тоа би било возможно само ако се согласите да го напуштите вашиот дом... и да дојдете да живеете во куќата на баба ми..."
Cécile se retourne.	Сесил се врти.
Barois rougit.	Бароа поцрвенува.
Elle hésite, le temps de bien comprendre. L'émotion la fait loucher. Puis, de son fauteuil, avec un abandon reconnaissant, elle allonge la main jusqu'à la sienne.	Таа се двоуми, но само онолку колку што ѝ е потребно за да сфати. Од возбуда погледот ѝ станува шашлив. Потоа, од нејзината фотеља, со опуштање од благодарност, таа ја пружа раката кон неговата.
LE CRÉPUSCULE	КВЕЧЕРИНА
«... pareil à qui suivrait pour se guider une lumière que lui-même tiendrait en sa main...»	"... слично на оној кој чекорејќи напред ја следи светлината што самиот ја држи в рака..."
André Gide.	АНДРЕ ЖИД
«... N'éteins pas le lumignon qui fume... Son odeur même nous sert de guide...»	"... Не го гаси фитилот што чади... и неговиот мирис може да нè води..."
Ibsen.	ИБЗЕН
I	I
A Buis, dans la vieille maison Barois. Premiers jours de l'été.	Во Буј, во старата куќа на Бароа. Првите летни денови.
Dix heures du matin.	Десет часот наутро.
La chambre de Cécile.	Собата на Сесил.
Elle a rassemblé là tous les meubles du petit salon de Mme	Ги насобрала сите парчиња мебел од малиот салон на г-ѓа

Pasquelin. Elle est assise à son bureau. Robe noire. Bandeaux lisses. Un livre de comptes ouvert devant elle. D'autres registres, étiquetés: Quêtes, Vestiaire.	Пасклен. Седи покрај бирото, облечена во црно, со косата собрана со трака. Пред неа отворена сметководствена книга. Други тетратки за евиденција, со налепници: Прилози, Облека.
CÉCILE.-Entrez...	СЕСИЛ. — "Влезете..."
C'est Jean.	Тоа е Жан.
Elle achève son addition, appuie le buvard, et tourne la tête. Sourire affectueux.	Таа привршува со пресметките, притиска со упивачот за хартија, и ја врти главата. Љубезна насмевка.
CÉCILE.-Comment vous sentez-vous, ce matin?	СЕСИЛ. — "Како се чувствувате утрово?"
JEAN.-Pas mal.	ЖАН. — "Не е лошо.."
CÉCILE.-Un temps merveilleux...	СЕСИЛ. — " Прекрасно време..."
Jean s'avance vers la fenêtre. L'appui est chaud.	Жан се упатува кон прозорецот. Симсот е топол.
La cour est pleine de lumière.	Дворот е облеан од светлина.
JEAN.-Il doit faire bon au soleil...	ЖАН. — "Мора да е убаво на сонце..."
Cécile range ses cahiers, avec des gestes étroits.	Сесил набрзина ги средува нејзините тетратки.
Puis elle pique un chapeau sur sa tête, et glisse un cahier sous son bras.	Потоа ја става шапката на главата, и една тетратка под мишка.
CÉCILE.-Je vais porter ça à l'abbé Lévys.	СЕСИЛ. — "Ќе му го однесам ова на опатот Леви."
Jean descend l'escalier derrière elle. La porte du vestibule est ouverte; l'éclat du perron est éblouissant.	Жан слегува по скалите, следејќи ја. Вратата од претсобјето е отворена. На портата удира заслепувачка светлина.
Quelques pas, aveuglé. Le soleil cuit la chair des épaules.	Неколку чекори на слепо. Сонцето ја пече кожата на раменатa.
Les premières pivoines, les premières fraises; les feuilles vertes de la treille.	Првите божури, првите јагоди, зелените лисја на лозата.
Une demie sonne au clocher.	Камбаната почнува да одзвонува.
Il lève les yeux; son regard longe le pan de pierre ocre et se perd dans la profondeur bleue: un ciel qui vient de loin et qui passe, un ciel qui fait le tour du monde.	Тој ги крева очите, неговиот поглед се лизга по работ на жолтиот камен и се губи во синатa длабочина: небо кое доаѓа од далеку и кое минува, небо кое го обиколува светот.
Il gagne, à petits pas, le banc de la tonnelle. Il écarte les bras	Полека, со ситни чекори, доаѓа до клупата под настрешницата.

sur le dossier tiède, pour que toute cette clarté, toute cette chaleur le baignent. Ses mains sont roses de soleil. Apaisement.	Ги раширува рацете и ги става на стоплениот грб, за целата таа светлина, целата таа топлина да можат да го огреатт и стоплат. Рацете му се зарумењети од сонцето. Чувство на смиреност.
Il pense:	Размислува:
-«Je suis là, dans ce printemps... Je ne le comprends pas. Mais il s'empare de moi, il me soumet à lui.	— "Среде пролет сум... Не ја разбирам. Но таа сосема ме обзема, ме потчинува.
«Il doit y avoir d'immenses cycles d'idées dans lesquels notre pensée ne s'est pas aventurée encore... Des idées qui dépassent nos hypothèses de l'âme, de Dieu; des idées qui accorderaient nos contradictions... Ah!...»	"Кој знае уште колку важни појаи постојат а во кои нашите мисли сè уште не се впуштиле... појави кои ги надминуваат нашите претпоставки за душата, за Бога, кои би ги усогласиле нашите противречности... Ах!..."
Quelques minutes plus tard.	Неколку минути подоцна.
Jean regagne lentement la maison.	Жан полека се враќа дома.
Le timbre du portail.	Тропање на портата.
Un abbé pénètre dans la cour, aperçoit Jean et s'approche.	Еден свештеник влегува во дворот, го забележува Жан и се доближува до него.
JEAN.-Mme Barois vient de sortir, Monsieur.	ЖАН. — "Г-ѓа Бароа штотуку излезе, Господине."
Le prêtre hésite.	Свештеникот се колеба.
L'ABBÉ.-Permettez-moi de me nommer: l'abbé Lévys.	СВЕШТЕНИКОТ. — " Дозволете ми да се претставам, јас сум опат Леви"
JEAN (du haut du perron).-Mme Barois sera désolée. Je crois qu'elle allait justement vous voir.	ЖАН (од претсобјето). — "На г-ѓа Бароа ќе ѝ биде жал. Мислам дека излезе со вас да се види."
L'ABBÉ (geste évasif, qui relègue Mme Barois et ses œuvres à l'arrière-plan de ses préoccupations).-Je m'en voudrais, Monsieur, de ne pas saisir cette occasion... Mon arrivée à Buis est encore très récente. Mais depuis que j'habite la même ville que vous, j'ai le désir de vous rencontrer.	ОПАТОТ (неодреден гест, кој ја става г-ѓа Бароа и нејзините дела во позадината на неговите грижи). — "Јас нема да си простам себе си, Господине, ако не ја искористам оваа прилика... Неодамна сум дојден во Буј. И, бидејќи живееме во ист град, имав желба да се сретнам со вас."
Jean s'incline légèrement.	Жан прави благ наклон.
L'ABBÉ.-Oh, je sais que vous vivez très seul. Mais je me	ОПАТОТ. — "Ох, јас веќе знам дека живеете самотнички

serais fait un titre, pour enfreindre la consigne, d'avoir été pendant douze ans,-je ne dis pas un de vos abonnés (il montre sa soutane)-mais l'un de vos lecteurs...	живот. Но би требало да бидам награден, поради прекршување на правилото, што бев цели дванаесет години, не велам еден од вашите претплатник..."(Тој покажува на мантијата)"туку еден од вашите читатели..."
JEAN (stupéfait).-Vous suiviez le Semeur?	ЖАН (запрепастен). — "Вие го следите Сејач?
L'ABBÉ.-Régulièrement. (Baissant les yeux.) J'y ai même collaboré, si l'on peut dire, par des lettres non signées, que vous avez publiées à plusieurs reprises...	ОПАТОТ. — "Редовно."(Наведнувајќи ги очите)"Јас имам дури и соработувано, ако може така да се каже, со непотпишан и писма, кои вие, на повеќе наврати, ги имате објавувано..."
JEAN (redescendant deux marches).-Vraiment? Ah, je ne me doutais guère...	ЖАН (симнувајќи се по скалите) — "Навистина? Никогаш немаше да помислам такво нешто...
Mais je vous tiens debout sous ce soleil... Voulez-vous entrer un instant? Mme Barois ne tardera pas. Il guide l'abbé jusqu'à l'ancien salon, son cabinet, qu'il a meublé avec les épaves de sa vie active: ses bibliothèques, son bureau, et, sur la cheminée, seul et nu, le douloureux Esclave enchaîné de Michel-Ange, immuablement arrêté dans son effort.	"Ама јас ве држам овде на сонцево... сакате да влезете малку? Г-ѓа Бароа нема да задоцни."Тој го води опатот до стариот салон, сега негов кабинет, кој го наполни со остатоците од неговиот активен живот: неговите книги, а, на каминот, мала скулптура на Окованиот роб од Микеланџело, овековечен во неговиот напор.
L'abbé Lévys: long, maigre. Masque régulier, zébré de tics nerveux. Une peau jaune, bossuée. Un regard tantôt distrait, tantôt fixe. Des lèvres mobiles, dont le sourire est une grimace triste.	Опатот Леви е висок, слаб, со правилно лице прошарано со нервозни тикови. Жолтеникава груба кожа. Погледот еднаш расеан еднаш неподвижен. Омлитавени усни, чија насмевка повеќе личи на тажна гримаса.
JEAN (intrigué).-Je suis si surpris que nous ayions eu un prêtre parmi nos correspondants!... Dans quel esprit lisiez-vous donc notre Semeur?	ЖАН (заинтригиран). — "Јас сум навистина изненаден што дознавам дека меѓу нашите дописници сме имале и свештеник! ... Со каков дух го читате Сејач?"
L'ABBÉ.-En y faisant, le plus souvent, de graves restrictions; mais toujours avec intérêt, et souvent avec sympathie...	ОПАТОТ. — "Честопати со строго ограничување, но секогаш со интерес и симпатија..."
Jean fait un geste d'étonnement.	Жан прави гест на изненаденост.
L'ABBÉ.-Ne croyez-vous pas qu'à un certain niveau de pensée, lorsqu'on est décidé à prendre au sérieux la vérité et à suivre sa conscience, il est bien difficile d'être de son parti,	ОПАТОТ. — "Не мислите ли дека на едно одредено ниво на мисла, кога сме решени сериозно да ја прифатиме вистината и да ја следиме нејзината совест, многу е тешко да се биде на

sans être aussi un peu de l'autre?	една страна, без да се биде, по малку, и на другата?..."
Jean l'examine, sans répondre.	Жан го испитува со поглед без да одговори.
L'ABBÉ (après un temps).-C'est M. Breil-Zoeger qui a pris votre succession?	ОПАТОТ (по некое време). — "Сега господинот Брej-Зегер ве наследи?"
JEAN.-Non. C'est un jeune, un nommé Dalier, un sectaire. Mais il n'est que le prête-nom de Zoeger, qui a toujours aimé se tenir dans la coulisse.	ЖАН."Не. Едно младо момче, на име Далие, вистински фанатик. Но тој е само назначен од Зегер, кој отсекогаш претпо читаше да остане зад кулисите."
L'ABBÉ.-Vous ne vous en occupez plus du tout?	ОПАТОТ. — "Вие сосема прекинатвте да се занимавате со тоа?"
JEAN (brusque).-Oh, non, plus du tout! Et je vous prie de croire que je désapprouve entièrement la tournure anarchiste, de plus en plus accusée, qu'ils donnent à leur revue!	ЖАН (нервозно): — "А, не, повеќе не! И ве молам да верувате дека јас воопшто не го одобрувам анархистичкиот дух, кој станува сè понагласен, а кој е присутен во списанието!"
L'abbé garde le silence.	Опатот молчи.
JEAN.-D'ailleurs, je n'ai plus aucune relation avec eux. J'ai rompu définitivement. (Prenant des brochures sur une étagère.) On m'envoie les fascicules, par habitude; mais, voyez, je n'ai même pas coupé les derniers... A quoi bon? Je n'y trouve que des sujets d'irritation!	ЖАН. — "Впрочем, јас веќе не одржувам никакви врски со нив. Раскинав дефинитивно." (Земајќи сноп весници од една полица) "Ми праќаат редовно, но, еве, како што гледате послед ниве дури не сум ги ни оторил... Зошто да го правам тоа? Наоѓам само теми кои ме иритираат!"
(Il fronce les sourcils, et éparpille les revues devant lui; puis il cherche à dévier la conversation.) Je ne suis plus en correspondance qu'avec Marc-Elie Luce, et un vieil ami des mauvais jours, Ulric Woldsmuth.	(Тој ги набира веѓите, и ги расфрла весниците пред него, потоа се обидува да ја смени темата.) "Се допишувам само со Марк-Ели Лис и со еден стар пријател од тешките денови, Улрик Волдсмут."
L'ABBÉ.-Le chimiste?	ОПАТОТ. — "Хемичарот?"
JEAN.-Vous le connaissez?	ЖАН. — "Го познавате?"
L'ABBÉ.-J'ai lu son livre.	ОПАТОТ. — "Ја прочитав неговата книга"
Jean sourit, enchanté.	Жан се насмевнува, воодушевен.
JEAN.-Ah, voilà un beau caractère! Trente ans, qu'il cherche l'origine de la vie... Trente ans, sans une défaillance...	ЖАН. — "Ах, е тој е навистина убава личност! Цели триесет години е во потрага на потеклото на животот... Триесет

	години, без никаков неуспех..."
L'ABBÉ (coup d'œil circulaire).-Mais ... vous travaillez toujours?	ОПАТОТ (гледајќи го в очи). — "Но, што е... со вас? Работите ли сè уште?"
JEAN (haussant les épaules).-Non. Je m'occupe. En ce moment, je traduis,-pour moi-le journal d'un mystique anglais...	ЖАН (кревајќи ги рамениците). — "Не, се занимавам со... Во моментов го преведувам, за мене лично, дневникот на еден англиски мистичар..."
(Sourire pénible.) J'ai mis quelque temps à m'habituer à cette existence de mollusque... Mais ma santé ne me permet plus autre chose. Je vivote, en prenant des précautions, l'hiver au coin du feu, l'été au soleil... (L'éclat des yeux contraste avec la résignation des paroles.) Que voulez-vous, Monsieur l'abbé, c'est la vie...	(Тажна насмевка). — "Ми требаше време да се навикнам на овој живот на мекотел... Знаете, здравјето не ми дозволува ништо друго. Јас, живуркам, секогаш морам да бидат претазлив, зиме покрај оган, лете на сонце..."(Сјајот на очите е во контраст со помирливоста на зборовите). — "Ништо не можеме тука, опате, таков е животот.."
Il soulève quelques numéros du Semeur et les laisse tomber un à un sur la table.	Тој крева неколку броја од Сејач и ги фрла еден по еден на масата.
JEAN.-Ah, les jeunes ont vite fait de vous désarçonner!	ЖАН. — "Ах, младите брзо ве отфрлаат!"
Une pause.	Пауза.
JEAN (Le front baissé).-Voyez-vous, on est trop sévère pour les ratés... Leur effort n'aboutit pas directement, c'est vrai; mais il n'est pas perdu pour ça... Hein?... Aucun effort n'est perdu...	ЖАН (со спуштено чело). — "Знаете, луѓето се премногу строги кон оние што го промашиле животот... Вистина е дека нивниот напор не ја постигнува веднаш целта, но не значи дека тој е залуден... Нели?...Ниеден напор не е изгубен..."
L'ABBÉ (étonné).-Je ne pense pas que vous fassiez allusion à une expérience personnelle?	ОПАТОТ (зачуден). — "Јас не верувам дека алудирате на вашето лично искуство?"
Jean le remercie d'un sourire.	Жан му се заблагодарува со насмевка.
L'abbé regarde curieusement ce Barois qu'il ne soupçonnait pas.	Опатот љубопитно го гледа оној Бароа каков што не го очекуваше.
JEAN (après quelques minutes de réflexion, repris par une hantise familière).-J'ai trop longtemps cru que la science, à elle seule, pourrait établir, entre les hommes, la paix, l'unité... Eh	ЖАН (по неколку минути размислување, повторно опседнат со проблемот што го прогонува). — "Многу долго верував дека науката, сосема сама, би можела да доведе до мир, до единство

bien, non.	меѓу луѓето... Но, се чини дека не е така"
L'ABBÉ (prudemment).-Pourtant... si vous ne vous placez qu'à ce point de vue du rapprochement des peuples, la science, en moins de cent ans, a fait à peu près autant que le bouddhisme- et même que le christianisme-en vingt siècles!	ОПАТОТ (претпазливо). — "Сепак... ако не гледате од аспект на приближување на народите, науката, за помалку од сто години, има направено повеќе отколку христијанството за цели дваесет века!"
JEAN.-Peuh... Voyez les résultats pratiques: qu'est-ce que le peuple y a gagné? Un matérialisme au ras du sol, qui est vraiment sans beauté... Qui, surtout, est stérile...	ЖАН. — "Ех... Ги согледувате ли некаде резултатите во пракса, што има народот добиено од тоа? Низок материјализам , кој нема никаква убавина... кој е , пред сè, стерилен..."
L'abbé hésite. Ce n'est pas lui pourtant qui doit plaider pour la science...	Опатот се колеба. Но, сепак, не е негова задача да се застапува за природата...
JEAN (distrait).-... Ce qui semblerait prouver, au fond, que l'homme ne vit pas seulement de travail, de vérité. Il lui faut son dimanche: peu importe la formule...	ЖАН (расеано). — "... се чини тоа докажува дека човек не живее само од работа, од вистина. Тој има потреба од неговата недела, формулата воопшто не е важна..."
L'ABBÉ. (Passion soudaine).-Oui, peu importent les formules, puisqu'aucune n'est encore assez vaste pour contenir tout le Parfait, l'Infini. Dieu... Ce ne sont en somme que des façons différentes de nommer une attraction, qui est la même pour tous!	ОПАТОТ (наеднаш загреан за темата). — "Да, не се важни формулите, бидејќи ниедна не е толку вистинита да може да го одрази целото совршенство, Бесконечноста, Господ... Тоа се, всушност, само различни начини да се именува една привлечна сила која е еднаква за сите!"
Jean le regarde avec attention.	Жан го гледа со внимание.
JEAN.-Alors, si je vous comprends bien, vous, prêtre catholique, vous ne condamneriez pas irrémédiablement un être, qui, toute sa vie, aurait préféré sa formule à la vôtre?...	ЖАН . — "Значи, ако добро ве разбрав, вие, католички свештеник, не би го осудиле дефинитивно она суштество кое, цел живот, ја претпочита неговата формула а не вашата?..."
L'ABBÉ (instinctivement).-Non.	ОПАТОТ (инстинктивно). — "Не."
Sous l'insouciance de la voix, il a perçu l'anxiété de l'interrogation.	Под безгрижниот глас, тој ја забележа вознемиреноста од прашањето.
Un silence.	Тишина.
L'ABBÉ.-Je me souviens d'un personnage d'une pièce scandinave, qui disait...	ОПАТОТ. — "Се сеќавам на еден лик од една скандинавска пиеса, кој велеше..."

Il se lève: Cécile vient d'entrer. Elle ne laisse pas paraître sa surprise.	Тој станува. Сесил штотуку се врати. Не делува изненадено.
L'ABBÉ.-J'espérais vous éviter cette course, Madame, mais je suis arrivé trop tard.	ОПАТОТ. — "Сакав да го избегнете тоа трчање, Госпоѓо, но стигнав премногу доцна."
CÉCILE (lui remettant le registre).-Voici nos comptes à jour.	СЕСИЛ (давајќи му ја сметководствената книга). — "Ова се нашите ажурирани пресметки."
Elle éprouve une gêne à parler devant Jean, et dans cette pièce inhospitalière, dont elle ne franchit jamais le seuil.	Таа се чувствува непријатно што зборува пред Жан и во таа нег остољубива соба, чиишто праг никогаш не го преминува.
CÉCILE.-J'aurais aussi diverses décisions à prendre pour la souscription des écoles... Voulez-vous m'accompagner là-haut un instant?	СЕСИЛ. — "Треба исто така да донесам повеќе одлуки во врска со потписите во училиштата... Ќе ми се придружите ли малку горе, за кратко?"
L'ABBÉ.-Je vous suis. (A Jean.) Je m'excuse, Monsieur, d'avoir ainsi abusé...	ОПАТОТ. — "Ќе дојдам."(На Жан)"Се извинувам, Господине, што го злоупотребив..."
JEAN (spontanément).-Votre visite m'a fait beaucoup de plaisir.	ЖАН (спонатно). — "Вашата посета ми причини големо задово лство."
Cécile est sortie, laissant la porte ouverte.	Сесил излезе, оставајќи ја отворена вратата.
JEAN (d'un autre ton).-Vous n'avez pas achevé ce que disait votre scandinave...	ЖАН (со поинаков тон). — "Не ми докажавте што рекол вашиот Скандинавец?..."
L'ABBÉ.-«Quand il s'agit de la foi, c'est l'affaire du bon Dieu. Notre devoir, à nous, est d'être sincères.»	ОПАТОТ. — "Кога станува збор за верата, тоа е работа на Господ. Наша обврска, пак, е да бидеме искрени."
JEAN.-C'est une belle parole...	ЖАН. — "Убаво кажано..."
II	II
«12 octobre, (après un long entretien avec M. Barois.)	"12 октомври (по еден долг разговор со господин Бароа).
«J'allais à lui, dans un mouvement de sympathie coupable: j'allais au polémiste dont le nom était pour moi le symbole de la pensée libre. J'allais à lui comme au seul être d'ici à qui parler de mes préoccupations.	"Одев кај него, поттикнат од чувство на виновна наклонетост: одев кај полемичарот чиешто име, за мене, претставуваше симбол на слободната мисла. Одев кај него како кај единствено то суштество, во ова место, со коешто мислев дека ќе можам да разговарам за моите грижи.

«Et j'ai trouvé un pauvre homme, plus malheureux que moi, plus déchiré, plus pitoyable!	"А најдов кутар човек, понесреќен, порастргнат, повеќе за жалење од мене!
«Je ne l'ai pas vu tout de suite tel qu'il est.	"Во прв момент не ми делуваше така.
«J'espaçais mes visites, par discrétion: c'est lui qui m'envoyait chercher, sans but, pour me voir. Je remarquais son souci d'aiguiller la conversation vers les questions religieuses. Je ne m'y dérobais pas; je cherchais même à lui faire deviner le pénible état de ma conscience. Mais il ne me semblait pas pouvoir distinguer l'homme sous le prêtre: mon caractère sacerdotal l'attirait seul. Pourtant il ne se départait pas d'une attitude agressive à l'égard du catholicisme. Il ne cessait de m'opposer des arguments d'ordre scientifique, dont, pour mon supplice, je connaissais bien la valeur: mais il le faisait avec je ne sais quelle restriction, et comme s'il s'attendait bien à les voir réfuter. Ce que je faisais, d'instinct.	"Ги проретчив моите посети, од пристојност, тој праќаше пораки да одам да го посетам, без никаква посебна цел, едност авно за да ме види. Ја забележав неговата намера да го насочи разговорот кон религиозни прашања. Јас не го одбегнував тоа, напротив се обидував да му ја предочам тешката состојба на мојата свест. Но, се чинеше дека не можеше да го одвои човекот од свештеникот, него го привлекуваше само мојата све штеничка страна. Сепак, тој не отстапуваше од агресивниот однос кон католицизмот. Не престануваше да дава аргументи од научна природа, чијашто важност, за моја несреќа, многу добро ја знаев, но тој го правеше тоа некако рестриктивно и како да очекуваше да ги отфрлам, што јас инстинктивно го правев.
«Peu à peu, j'ai compris. Physiquement, il est rongé par la tuberculose pulmonaire des vieillards: c'est un fantôme, aux yeux brillants, miné presque chaque jour par la fièvre, et périodiquement repris par des poussées congestives qui aggravent ses lésions. Moralement, son état est pire encore: il est rongé par le doute de ce qu'il a cru vrai, et par la peur de mourir. Il se cramponne à ses convictions passées: mais elles ne sont plus pour lui qu'un sujet d'angoisse.	"Малку по малку, сфатив, дека него го нагризува старачка тубе ркулоза, тој почнува да личи на дух, очите му светат, речиси секој ден го мачи температура, и одвреме-навреме добива нагли напади на воспаление на плуќата кои ја влошуваат неговата состојба. Од морален аспект, состојбата му е уште полоша, него го раскинува сомнежот во она што верувал дека е вистинито, како и стравот од умирањето. Тој цврсто се држи за неговите убедувања во минатото, но тие веќе стануваат причина за силна вознемиреност.
«Je pensais trouver en lui un conseil: et c'est moi qui peux lui porter secours!	"Јас имав надеж дека тој мене ќе ме посоветува, а сега јас сум тој кој му пружа помош!
«Je ne songe pas à me soustraire à ce devoir inattendu: mais les circonstances ont quelque chose de tragique... Pourquoi faut-il que le prêtre, appelé à guider cet athée vers Dieu, soit	"Не мислам да ја одбегнам оваа неочекувана задача, но самите околности имаат нешто трагично... Зошто токму тој свештеник, повикан да го води кон Бога овој атеист, да биде

un pauvre tourmenté, que les doutes ravagent lui-même depuis dix ans?	кутар маченик, кого сомнежите, веќе цели десет години, прават пустош во неговата душа?
«Peut-être est-ce bien ainsi, peut-être suis-je mieux préparé qu'un autre à soigner cette plaie?	"Можеби е добро тоа, можеби јас сум поподготвен да ја лекувам таа рана?
«Je m'y appliquerai de tout mon cœur, et je ferai en sorte qu'il ne soupçonne jamais de quelles mains incertaines, de quelles mains tremblantes, je lui apporte ce Dieu qu'il cherche!	"Со цело мое срце ќе се трудам тој да не се посомнева со какви несигурни раце, со какви треперливи раце, ќе му го донесам Господ, кој тој го бара!"
«2 novembre.	2 ноември.
«Il a des moments de lucidité terribles, dès qu'il passe quelques jours sans fièvre.	"Има моменти на неверојатна луцидност, кога ќе му помине треската.
«Aujourd'hui il m'a interrompu avec un regard singulier:-«A certaines heures,-tenez, en ce moment,-je parviens à me dédoubler, et une partie de moi-même juge, comme j'aurais jugé il y a quinze ans, ce que je suis devenu... Je me demande alors si je n'étais pas, de toute éternité, voué à la servitude?»	"Денес, ме прекина со необичен поглед: — "Во одредени моменти – еве, како сега, на пример, – успевам да се подвојам, и еден дел од мене размислува, како што би размислувал пред петанесетина години, за тоа што останало од мене денес... Се прашувам, тогаш, да не сум за навек осуден на потчинетост?"
«En parlant, il tendait la main vers un plâtre de Michel-Ange qui est sur sa cheminée:-«Regardez-le! Il ne peut pas lever un bras libre!... Peut-être n'ai-je fait, comme lui, pendant des années, que le simulacre de l'affranchissement...»	"Додека зборуваше, ја пружаше раката кон гипсената фигура на Микеланџело, на каминот. — 'Гледајте го! Тој не може слободно да ја крене раката!... Можеби и јас, како него, со години, сум бил симулакрум на ослободувањето..' "
«10 novembre.	"10 ноември.
«Ce matin:	"Утрово:
-«J'en ai assez des négations scientifiques! elles n'ont pas plus d'autorité pour nier que d'autres pour affirmer. Mais votre dogmatisme religieux me rebute, au même titre. Je sais ce qu'il vaut: j'y ai été pris, assez longtemps!»	— 'Смачено ми е од научни негирања! Тие, колку што имаат авторитет да негираат толку го имаат и за да потврдуваат. Но, вашиот религиозен догматизам ми е исто така неприфатлив. Знам колку вреди, долго време бев обземен од него, предолго!' "
«16 janvier.	" 16 јануари.
«Je l'ai trouvé couché, sans courage.	"Го најдов легнат, потиштен.

«Sur son lit, il y avait un numéro du Semeur qu'il venait de recevoir. Il l'a ouvert. A la dernière page, un écho intitulé: Une nouvelle conversion, et quelques lignes mordantes qui le visaient. Il a haussé les épaules; mais je l'ai senti profondément blessé.	"На неговиот кревет имаше еден број на Сејач кој штотуку му стигнал. Го отворил. На последната страница, одгласи на тема: Ново преобратување и неколку зајадливи реда кои се однесуваа на него. Тој ги поткрена рамениците, но се чувствув аше длабоко повреден.
«Il a changé la conversation.	"Ја смени темата на разговор. Не дискутиравме на ниедна прецизна тема.
Nous n'avons abordé aucun sujet précis. «Comme j'allais me retirer, après un silence, il m'a regardé:»-Je suis un mystique, au fond... Et pourtant je ne crois à rien...»	"Кога се поготвував да се повлечам, по долго молчење, тој ме погледна. — 'Јас сум мистик, во дното... Па, сепак, не верувам во ништо..'
«Je lui ai répondu:-«Vous ne croyez à rien? On croit toujours à quelque chose. Chacun, au fond de soi, a son Dieu caché auquel il retourne pieusement, auquel il se sacrifie tous les jours.»	"Му одговорив. — "Не верувате во ништо? Секогаш во нешто се верува. Секој, во дното на душата, има свој скриен Господ кон кој побожно се враќа, за кој се жртвува секој ден."
«Mais il a secoué la tête, d'un air sombre:»-Non, je vous dis que je ne crois à rien...	"Но тој ја затресе главата, со мрачен израз: –
J'erre dans le noir, je voudrais...» Il a baissé la voix, mais je crois avoir entendu: «... la paix ... pour mourir.»	'Не, ви велам дека во ништо не верувам... Талкам во мрак, би сакал...' Го стиши гласот, но јас мислам дека слушнав: '... спокој... за да умрам.'
«25 janvier.	"25 јануари.
«J'ai pu revenir sur le même sujet. Nous discutions encore une fois les preuves de l'existence de Dieu.	"Морав да се навратам на истата тема. Ние повторно дискутира вме за доказите за постоењето на Господ.
«Il m'a dit:-«Vos preuves ne prouvent rien, sinon que vous, Lévys, vous croyez en Dieu. Et elles ne prouvent absolument rien d'autre. Si ces preuves avaient quelque valeur, croyez-vous qu'il y aurait des athées?»	"Тој ми рече. — 'Вашите докази не докажуваат ништо друго освен дека вие, Леви, верувате во Бога. Не докажуваат ништо друго. Да имаа, тие докази, некаква вредност, мислите ли дека ќе имаше атеисти?'
«J'ai répliqué:-«Mais il n'y a pas de véritables athées! Vous-même, vous n'avez jamais cessé d'être un croyant! Votre confiance dans le progrès, dans l'avenir de la science, votre	"Одговорив. — 'Но, не постојат вистински атеисти! И, вие самиот, никогаш не сте престанале да бидете верник! Вашата верба во напредокот, во иднината на науката, вашето верување

croyance même au triomphe de l'athéisme, qu'était-ce, sinon un principe de foi?	дури и во победата на атеизмот, што претставуваат ако не вера?
«Vous croyez qu'il y a un but dans la nature, vous croyez à l'ordre éternel des lois; cet ordre-là, il a produit la conscience humaine, la vôtre; et par là, il a introduit dans l'univers l'idée de justice: cet ordre-là, c'est Dieu!»	'Вие сметате дека во природата има една цел, верувате во вечниот поредок на законите, тој поредок ја создал човечката свест, вашата, и, оттаму, тој ја внел во универзумот идеата за правда: тој поредок е Господ!'
«Il a réfléchi quelques secondes:-«Oui. Mais un Dieu indéterminé Le vôtre est déterminé. Et c'est là que la superstition commence.»	"Тој размислуваше неколку секунди. — 'Да. Но, неодреден Господ. Вашиот е одреден. Токму тогаш настапува суеверието.'
«Que répondre?	"Што да одговорам?"
«7 mars.	"7 март.
«Chaque fois que je le quitte, je me reproche de n'avoir pas su trouver, dans ma foi qui hésite, le mot, l'accent qu'il eût fallu. Et, chaque fois que je le revois, je suis stupéfait du résultat inespéré de mes froides paroles. «Non que mes raisonnements l'aient convaincu. Mais, ils sont une réponse aux difficultés qu'il avait soulevées. Je m'aperçois que le pire serait de rester coi, et qu'à toutes ses attaques il faut opposer une contradiction, même chancelante. Avant tout il a besoin d'une solution simple, une, et surtout catégorique.	"Секогаш кога заминувам од кај тебе, си префрлам себеси што не сум успеал да најдам, во мојата вера која се колеба, соодветен збор, начин. И секогаш кога го гледам, се запрепасту вам од неочекуваниот резултат на моите студени зборови. Не дека моите размислувања го разубедиле. Но тие се одговор на прашањата што тој ги покрена. Забележувам дека најлошо од сè е да се молчи, и дека на сите негови напади потребно е да му се спротивставам, макар и со неубедливи аргументи. Тој, најмногу од сè, има потреба од едноставно решение, едно, и пред сè категорично.
«Rien ne m'a si bien fait comprendre que la foi n'est pas seulement un acte de l'intelligence, une conviction, mais un acte de la sensibilité et de la volonté, un sentiment de confiance, un désir de soumission.	"Ова ми помогна да сфатам дека верата не е само чин на интел игенција, убеденост, туку акт на чувственост и на волја, чувство на доверба, желба за потчинетост."
«19 mars.	"19 март.
«L'Évangile prend une grande importance dans sa vie intérieure. Il en tire de fréquentes citations. Il a contracté l'habitude d'y recourir quotidiennement, comme à l'unique	"Евангелието поприма големо значење за неговиот духовен живот. Тој честопати оттаму вади разни цитати. Му стана навика секојдневно даприбегнува кон него, како кон единствен

source de poésie qui le satisfasse.	извор на поезија кој му причинува задоволство.
«D'ailleurs il lit peu, et de moins en moins. Je le trouve généralement seul, dans un fauteuil de son cabinet, les pieds au feu, et sur les genoux, un journal qu'il n'a pas déplié.	"Всушност, тој малку чита, сè помалку и помалку. Обично го наоѓам сам, седнат во фотељата во неговиот кабинет, со нозете до огнот, и, на колената, весник кој уште не го отворил."
«3 juin.	"3 јуни.
«Jusqu'ici je lui développais surtout les raisons sentimentales de croire le besoin de consolation; la nécessité d'une justice finale, d'un dédommagement; le désir d'une direction dans la vie.	"Досега, во него развивав пред сè сентиментални причини за верување: потребата од утеха, потребата од конечна правда, од надоместок за нанесените штети, од желбата за правец во животот.
«Il est particulièrement sensible à la beauté de la vie chrétienne; je lui en multiplie les exemples. Il me considère alors, de ses yeux vitreux, avec une expression d'envie. L'autre jour il m'a dit:-«Cette beauté, à elle seule, suffirait à justifier la foi,-si le fruit suffisait à justifier l'arbre... Et peut-être est-ce défendable, après tout?...»	"Тој е особено чувствителен на убавината на христијанскиот живот, јас му давам многу примери. Тогаш, тој ме гледа со ста клестиот поглед, со израз на завист. Наредниот ден ми рече. — 'Дали само убавината би била доволна да ја оправда верата, – дали плодот би бил доволен да го оправда дрвото... И, дали можеби тоа може да се брани?...'
«Aujourd'hui, l'entretien a été particulièrement animé. Il se sentait réconforté par ces premiers beaux jours, qui lui permettent de sortir. Nous avons fait une promenade, au soleil, en causant. Il m'a demandé de préciser certains dogmes.	"Денес имавме особено жив разговор. Тој се чувствуваше подобро со првите убави денови, кои му овозможија да излезе.. Се прошетавме, надвор на сонце, и поразговаравме. Ме замоли да му посочам неколку догми.
Il a paru très frappé d'apprendre que la théologie comprend des éléments divers, dont la valeur est fort inégale; qu'il ne faut pas confondre les dogmes essentiels de la foi, relativement peu nombreux, avec les doctrines communément reçues; et, qu'à tout prendre, il y a beaucoup de questions, comme l'efficacité des indulgences par exemple, sur lesquelles les catholiques sont libres d'avoir des opinions très différentes. Je lui ai même dit combien les dogmes du purgatoire et de l'enfer sont moins explicites qu'on ne le croit généralement, et combien il reste de marge aux croyants les plus orthodoxes, pour l'interprétation de ces dogmes.	"Делуваше многу зачуден од фактот што теологијата опфаќа различни елементи, чијашто вредност е доста нееднаква и дека не треба да се помешаат основните догми на верата, кои се релативно малку, со општите доктрини и, ако сето тоа се земе во предвид, ќе се види дека има многу прашања (ефикасноста на проштевањето, на пример), за кои католиците имаат слобода на различни мислења. Јас му кажав дури и во колкава мера догмите за чистилиштето и за пеколот се помалку експлицитни отколку што обично се верува, и колку простор им останува на најортодоксните верници, за толкување на тие догми.

«J'ai peut-être insensiblement forcé la note, tant j'ai senti que mes paroles le rassérénaient. D'ailleurs je ne pense pas être sorti des limites que l'apologétique moderne s'est fixée...	"Можеби претерав со потенцирањето на тој детал, но, како и да е, почувствував дека моите зборови го разведрија. (Впрочем, не мислам дека излегов од границите што модерниот апологет си ги зацртал.)"
«28 juin.	"28 јуни.
«Je rentre, le cœur serré. Il m'a inspiré aujourd'hui une pitié indicible.	"Се враќам со стегнато срце. Денес, тој, предизвика неискажив о сожалување кај мене.
«Il était couché, très affaibli par les accès de fièvre de la nuit. Cette semaine pluvieuse et malsaine a provoqué une petite toux qui l'épouvante.	"Беше легнат, многу заслабнат од ноќната треска. Оваа врнежлива и нездрава недела кај него предизвика мала кашлица која многу го плаши.
«Mme Barois m'a dit que le médecin ne s'en inquiétait pas outre mesure, et qu'il comptait sur l'été pour en venir à bout. Mais lui, avait un visage ravagé. Il m'a dit, avec un frisson: «-Ah, j'ai cru mourir cette nuit»; puis, d'une voix angoissée, comme une confidence: «-J'ai peur de la mort...»	"Г-ѓа Бароа ми рече дека лекарот не се вознемирил премногу, но тој сметал дека летото ќе му помогне да се извлече од болеста. Ужасно пропаднат во лицето, ми вели, со треперлив глас. — 'Ах, мислев дека ќе умрам последната ноќ', потоа, со уплашен глас, како да се работи за доверување на некаква тајна. — 'Страв ми е од умирање...'
«Jamais encore il n'avait directement abordé ce sujet.	"Никогаш досега, не разговарал на таа тема.
«Je le regardais, subissant la contagion de cette terreur, et ne voulant pas le laisser paraître. J'étais resté debout contre le lit. Il avait gardé mes doigts dans sa main.	Го гледав, и самиот заразен од тој ужас, не сакајќи да го покажам. Останав да стојам покрај креветот. Ми ги зеде рацете и ги покри со неговите.
«-La première fois que j'en ai eu peur, tenez, c'était ici, dans la cour ... devant le cercueil de ma grand'mère. J'avais onze ou douze ans, je venais d'être très malade. J'étais devant le catafalque, je regardais les fleurs, les bougies, et brusquement je me suis dit: Et si elle n'est plus du tout, du tout, du tout?...»	"— 'Првиот страв го доживеав, токму овде, во дворот... пред ковчегот на баба ми. Имав единаесет или дванаесет години, пред тоа бев многу тешко болен. Стоев пред ковчегот, ги гледав цвеќињата, свеќите, и, во тој момент си реков : А, што ако не останало ништо од неа, баш ништо, ништо?...'
«Il a ajouté d'une voix bizarre: «Qu'est-ce que c'est, la mort? La désorganisation de l'être que je suis, dont ma conscience fait toute l'unité... Alors? Disparition de la conscience, de l'âme?...»	"Тој додаде со чуден глас: 'Што е смртта? Разградување на моето битие, коешто мојата свест прави да го гледам како целосно... Што е тогаш? Исчезнување на свеста, на душата?...'

«Il me dévisageait en parlant. Je le sentais parvenu à ce point de faiblesse morale où l'on ne peut plus supporter que les hypothèses consolantes.	"Тој ме гледаше право в очи додека зборуваше. Чувствував дека е дојден до онаа точка на морална слабост кога може да поднесува само утешителни зборови.
«Jamais je n'ai si fortement éprouvé la puissance sacerdotale dont je suis revêtu, moi, si indigne... Je lui ai crié, presque violemment: «-Ah, moi aussi, j'aurais beau m'étourdir, si je n'avais pas une foi absolue en la vie future, l'idée de la mort paralyserait toutes mes forces! Mais la croyance à l'immortalité fait partie de ma conscience, et les pires obstacles qu'on puisse lui opposer sont des objections faciles à anéantir!»	"Никогаш не сум ја почувствувал толку силно мојата свештени чка моќ, јас, толку недостоен... Му возвратив речиси грубо. — 'Ах, и јас залудно би се занесувал, да немав апсолутна вера во идниот живот, и помислата на смртта би ги парализирала сите мои сили! Верувањето во бесмртноста претставува дел од мојата свест, и најголемите препреки кои можат да се испречат се само обични забелешки лесни за елиминирање!'
«Il n'abandonnait pas ma main. Il m'écoutait avec une anxiété qui faisait mal. J'ai continué: «-D'où vient ma conscience? D'une simple organisation nerveuse de mon cerveau? Le cerveau, les nerfs,-la vie, la mort? Mais vous ne voyez pas que ce sont des mots qui tous renferment un égal mystère! Ce sont des étiquettes, ce ne sont pas des explications!	"Не ја испушташе мојата рака. Ме слушаше со таква анксиозно ст која кај мене предизвикуваше болка. Продолжив: "— 'Од каде доаѓа свеста? Од еден едноставен нервен склоп на мојот мозок? Мозокот, нервите, животот, смртта, па зарем не гледате дека сите тие зборови кријат иста мистерија? Тоа се само ознаки, не се никакви објаснувања!
«Je sens en moi une notion du divin, un sentiment de la perfection, qui ne peuvent pas être de pures sécrétions de mon cerveau imparfait et périssable. Je sens en moi l'existence d'une vie idéale, dont je ne trouve le point d'origine dans aucune partie de mon corps. Je sens en moi deux sortes de rapports, absolument distincts: ceux que j'ai avec le monde matériel, par l'intermédiaire de mes organes, et ceux que j'ai avec le monde spirituel. La mort, par la désagrégation des éléments matériels, supprime toute la première série de ces rapports; mais elle ne supprime pas la seconde. Et c'est là que je mets toute ma foi en la survivance de ma personnalité morale!»	'Чувствувам во мене претстава за боженственото, чувство на со вршенство, кои не можат да бидат чисти секреции на мојот несовршен и расиплив мозок. Чувствувам во мене постоење на идеален живот чиешто потекло не го наоѓам во ниеден дел од моето тело. Чувствувам во мене два вида на односи, апсолутно разграничени: оние што ги имам со материјалниот свет, со пос редство на моите органи, и оние што ги имам со духовниот свет. Смртта која настапува со разградување на материјалните елементи, ја прекинува првата серија на односи, но не и втората. И токму во неа ја сместувам целата моја верба во надж ивување на мојата морална личност!"
«C'est alors qu'il m'a dit, lentement, avec un regard suppliant	"Токму тогаш тој ми рече, полека, со преколнувачки поглед кој

qui quêtait une réponse décisive:-«Mais ... une conscience n'existe qu'avec cette double forme de relations... Qu'est-ce que c'est qu'une conscience qui n'a plus de relation avec le monde matériel?»	бараше цврст одговор. — 'Но... свеста постои само во таа двојна форма на релации... каква е таа свест која нема повеќе врска со материјалниот свет?'
«J'ai balbutié:-«Peu importe de se faire de la vie future une idée nette; l'important est que cette vie future soit certaine!»	"Пропелтечив. — 'Воопшто не е важно да имаме многу јасна идеа за идниот живот, битно е да биде извесно постоењето на тој иден живот!'
«Il a lâché ma main.	"Тој ми ја пушти раката.
«J'ai deviné que je l'avais atrocement déçu. La pitié m'a permis un suprême effort.	"Претпоставувам дека ужасно го разочарав. Жалта за него ми даде сила за максимален напор.
«Je me suis penché vers lui, répondant à sa pensée plus qu'à ses paroles: -«Vous avez soif de certitude. Puisque la faiblesse de notre intelligence vous a refusé la vérité stable, pourquoi ne la demandez-vous pas à Dieu?»	"Се наведнав над него, одговарајќи повеќе на неговата мисла отколку на неговите зборови: — 'Вие сте жеден за сигурност. Со оглед на тоа што слабоста на нашиот дух не нѝ овозможува трајна вистина, зошто тогаш не ја побарате во Господ?'
«Il a fait un geste de désespoir.	"Тој направи очајнички гест.
«J'ai continué:-«Moi, prêtre, je ne puis vous apporter que des raisonnements. Mais Dieu peut vous toucher de sa grâce!...» Et avec toute l'autorité convaincante dont j'étais capable:-«Espére z, espérez... Ne vous défendez pas contre la foi... Ouvrez votre cœur, ne vous contractez pas, laissez pénétrer l'amour infini du Consolateur...»	"Продолжив: 'Јас, како свештеник, можам само да ви предочам некои размислувања. Но Господ може да ви помогне со неговата милост!...' И, со целиот мој убедлив авторитет што го поседував. — 'Не губете надеж, не губете надеж... Не ѝ се спро тивставувајте на верата... Отворете го вашето срце, не се затвор ајте, допуштете да ве обгрне бесконечната љубов на Спасително т...'
«Puis j'ai pris les Evangiles qui étaient sur la table, et j'ai cherché le passage de St Marc: «Il en est du royaume de Dieu comme d'un homme qui a jeté de la semence en terre. Qu'il dorme, qu'il se lève de nuit et de jour, la semence germe et croît sans qu'il sache comment.»	"Потоа го зедов Евангелието кое беше на масата, и го побарав следниот цитат на Св. Марко: — ' Кралството божјо е налик на човек кој фрлил семе во земјата. И кога спие, и кога станува и ноќе и дење, семето 'рти и расте, без да знае како.'
«A mesure que je parlais, je voyais ses traits se détendre et son angoisse fondre. Il a renversé la tête, il pleurait.	"Додека зборував, забележав дека неговите црти се опуштија и дека неговата вознемиреност стивнува. Тој ја зафрли главата

	наназад и заплака.
«Moi, je ne pouvais détacher mes yeux de ce visage. Ainsi, c'est là que vient aboutir l'élan d'une pareille existence! Trahi par ce corps ravagé qui l'abandonne à moitié de sa course... Trahi par sa pensée, qui le portait vers un but inaccessible... Ah, trahison, trahison universelle!	Не можев да ги тргнам очите од неговото лице. Значи ова е рез ултатот од занесот на неговото живеење! Предаден од ова опус тошено тело кое го напушта на средина од неговиот пат... предаден од неговата мисла, која го водеше кон недостижна цел... Ах, предавство, немилосрдно предавство!"
«Le même soir.	"Истата вечер.
«Comme elle est belle la religion qui apporte un remède à de pareilles souffrances! Elle seule peut donner le courage de vivre et de mourir, elle qui transforme l'effroi du mystère en une attraction sublime... La plupart d'entre nous ont bien davantage besoin de paix intérieure que de vérité; la religion leur est une autre nourriture que la science. Et c'est une belle mission que d'être ce messager d'espoir.	"Колку е убава религијата која ги лечи ваквите страдања! Само таа може да нè охрабри да живееме и да умреме, таа која ужасниот страв од смртта го претвора во возвишена привлечно ст... најголемиот дел од нас имаат многу повеќе потреба од внатрешен спокој отколку од наука; религијата за нив е поинаква храна од науката. И да се биде гласник на надежта пр етставува навистина прекрасна мисија.
«Non, je ne quitterai pas l'Église. Je ne la perdrai pas... Je ne pourrais pas la perdre... Comment renier la tradition qui a fait l'humanité ce qu'elle est?	"Не, нема да ја напуштам Црквата. Нема да ја изгубам верата... Не би можел да ја изгубам... Како да се негира традицијата која од човештвото направи она што е?
«J'étais insensé! Me séparer d'elle parce qu'elle est en retard sur la science humaine? Je comptais pour rien cet attachement de cœur, qu'aucune volonté pourtant ne parviendrait à rompre!	"Сум бил неразумен? Да се одвојам од неа зашто доцнела во споредба со човечката наука? За мене немаше никаква вредност таа приврзаност на срцето, што ниедна сила не може да ја раскине!
«Evidemment le sens littéral des dogmes me paraît aussi difficile à accepter aujourd'hui qu'il y a un an. Mais je me sens incapable de me créer hors de leur ombre, une unité, un équilibre.	"Очигледно, тешко ми е да ја прифатам, како пред една година така и денес, буквалната смисла на догмите. Но се чувствувам неспособен да создадам, надвор од нивната закрила, единство, рамнотежа.
«Je me contenterai, pour pouvoir vivre, de m'attacher à l'esprit plus qu'à la lettre. L'efficacité morale de la foi reste pour moi intacte.	"За да можам да живеам, ќе се задоволам со тоа што ќе се приклонам кон духот отколку на словото. Моралната ефикасно ст на верата за мене останува неначната.
«Ah, j'ai trop donné à l'Église de moi-même, j'ai trop connu la	"Ах, колку многу сум ѝ дал од себе на Црквата, колку длабоко

sueur d'agonie du jardin des oliviers! L'Église m'a trop supplicié, elle m'a fait verser trop de larmes, et elle m'a fait trop de bien...	сум ги почувствувал страдањата во Маслинарникот! Премногу болка кај мене предизвика Црквата, премногу солзи имам проронато за неа, но и премногу добрина ми стори...
«Nous sommes rivés l'un à l'autre, indissolublement...»	"Ние сме нераскинливо, заемно поврзани..."
III	III
Fin de juillet.	Крај на јули.
Un matin.	Едно утро.
L'abbé Lévys traverse hâtivement la cour. Visage bouleversé.	Опатот Леви набрзина го поминува дворот. На лицето му се чита голема вознемиреност.
Cécile l'attend. Elle lui saisit les deux mains; elle ne peut articuler un mot; ses yeux s'emplissent de larmes.	Сесил го чека. Таа го грабнува за раце, не може ни збор да изговори, на очите ѝ навираат солзи.
L'abbé monte rapidement l'escalier. Jean habite la chambre dans laquelle son père est mort. Il est couché, les bras étendus, les traits apaisés.	Опатот бргу се качува по скалите. Жан е сместен во собата каде што починал неговиот татко. Лежи, со испружени раце, со израз на спокојство во ликот.
En apercevant l'abbé, il sourit.	Забележувајќи го опатот, тој се насмевнува.
JEAN.-Je vous remercie d'être venu tout de suite. Je ne pouvais plus attendre...	ЖАН. — "Ви благодарам што дојдовте веднаш. Не можев повеќе да чекам."
Un sourire joyeux, confiant, extraordinaire.	Весела насмевка, необично сигурна.
C'est la grâce aujourd'hui, qui rayonne sur ces lèvres, dans ce regard...	Денес, на неговите усни, во тој поглед, зрачи милост...
L'abbé comprend; son cœur bat, ses mains tremblent; tout l'équivoque de sa foi s'évanouit; il redevient, en un instant, pour un instant, le prêtre fervent qu'il a été.	Опатот разбира, срцето силно му чука, рацете му се тресат, целиот сомнеж во верата исчезнува, тој повторно станува, за миг, предан свештеник каков што беше.
Alors il s'approche de Jean et prend sa main.	Тогаш се доближува до Жан и ја зема неговата рака.
L'ABBÉ.-Dites-moi tout ... tout...	ОПАТОТ. — "Кажете ми сè... сè..."
Le regard de Jean s'attarde dans la fenêtre ouverte; puis, de très loin, vient se poser sur l'abbé.	Погледот на Жан се задржува на отворениот прозорец, потоа, од многу далеку, застанува на опатот.

JEAN.-Ce qui s'est passé? (Un effort pour démêler les souvenirs d'un rêve.) Laissez-moi reprendre... Hier soir, nous nous sommes rencontrés au presbytère, n'est-ce pas? Mais vous n'avez rien remarqué, et je ne pouvais rien vous dire...	ЖАН. — "Тоа што се случи..."(Прави напор за да ги врати сеќавањата)"Чекајте да се соземам... Синоќа, ние се сретнавме во домот на парохот, нели? Вие ништо не забележавте, а јас не можев ништо да ви кажам...
Devant le corps de ce pauvre abbé Joziers, je venais d'avoir ... (son œil s'illumine) ... la perception nette de l'âme!	"Пред телото на кутриот попат Жозје, јас имав..." (очите му све тнуваат) "... јасна перцепција на душата!"
Mouvement de l'abbé.	Опатот се врти.
JEAN.-J'étais assis, je ne pouvais pas détacher mes yeux de ces traits pétrifiés; je cherchais l'ancienne ressemblance: mais il y avait une différence essentielle que je ne découvrais pas. Je cherchais une comparaison. Je me disais: «Ce corps est là comme une boîte vide...» Vide! ç'a été une révélation: le corps était là, et ce n'était plus rien. Pourquoi? parce qu'il avait perdu ce qui l'animait... L'heure saisissante de la dissociation était arrivée; la personnalité, ce qui faisait l'homme, s'était évanouie, était ailleurs! Autant l'idée de survivance spirituelle me paraissait inexplicable, autrefois; autant l'idée contraire me paraît maintenant absurde.	ЖАН. — "Седев и никако не успевав да ги тргнам очите од неговиот скаменет израз, го барав во нив стариот лик, но имаше една суштинска разлика која не можев да ја забележам. Се обидував да направам споредба. Си велев: 'Телото е како празна кутија..."Празна! За мене тоа беше вистинско откровени е: телото беше таму, но тоа не беше повеќе ништо. Зошто? Зашто го имаше изгубено она што го правеше одушевено... Настапил судниот час на раздвојување, она што го чинеше да биде човек, исчезна, отиде на друго место . Колку што порано ми се чинеше необјаснива идеата за надживување на духот, толку, во тој момент, ми се чинеше апсурдно спротивното тврдење.
Oui, l'âme existe! Il m'a suffi d'un regard sur ce lit pour constater sa disparition, et pour être frappé par la plus élémentaire, la plus indubitable évidence!	"Да, душата постои! Доволен ми беше само еден поглед на креветот за да го констатирам тоа исчезнување, и да го имам пред себе најнепобитниот доказ!"
L'abbé serre fébrilement sa main.	Опатот трескавично му ја стега раката.
JEAN.-Je commençais à souffrir; mais je dominais mon mal pour ne pas interrompre ce tête-à-tête, qui m'ouvrait la possibilité d'une vie éternelle...	ЖАН. — "Почнав да страдам, но се трудев да ја совладам мојата болка за да не го прекинам тој момент кој, пред мене, ја отвора можноста за вечен живот...
Enfin le domestique m'a ramené ici. Il m'a couché tout de suite; une crise effroyable... Oppressions, arrêts du cœur, étouffements... J'ai cru que j'allais mourir.	"Потоа слугата ме донесе овде. Веднаш ми помогна да легнам. Имав ужасна криза... Страшни тегоби, прекини во чукањето на срцето, задув. Помислив дека ми дошол крајот.

Alors je me suis adressé à Dieu, de toutes mes forces: mais je sentais qu'il ne m'écoutait pas... J'ai voulu être seul. Ma femme ne voulait pas me quitter; je l'ai suppliée de s'éloigner. J'ai encore essayé de prier, sans pouvoir... Enfin les douleurs se sont calmées, j'ai éprouvé un soulagement sensible. Mais j'étais faible, faible... Je me sentais inerte, et si peu de chose, un souffle ... j'étais certain que j'allais mourir...	"Тогаш почнав со сите сили да го молам Господа но, чувствува в дека не ме слуша... Побарав да останам сам. Жена ми не сакаше да ме остави, ја преколнував да се оддалечи. Повторно се обидов да се молам, безуспешно... Најпосле болките се смирија, почувствував значително олеснување иако сè уште бев изнемоштен... неподвижен, чувствувам само некаков здив... Сигурен бев дека ќе умрам...
Ah, l'atroce nuit! J'avais la tête en feu et le cœur tout refroidi, tout resserré, comme si l'ombre l'écrasait... Mon cerveau travaillait, à vide... J'étais pris entre deux courants contradictoires: je cherchais à prier, je faisais des efforts désespérés pour appeler l'attention de Dieu; et, à chaque élan, une voix, en moi, me disait: «Non, non, non... Personne ne te répondra!... Personne... Tu vois bien qu'il n'y a personne...»	"Ах, колку ужасна ноќ! Главата ми гореше, а срцето како цело да беше оладено, стегнато, како некоја сенка да го гмечеше... Мозокот ми работеше во празно... Бев вклештен меѓу две спрот ивставени струи : се обидував да се молам, правев очајнички обиди за да го свртам на мене вниманието на Бога, и на секој обид, еден глас, ми велеше:"Не, не, не... Никој нема да ти одгов ори!... Никој... Добро гледаш дека нема никој...”"
Il parle lentement, sans amertume, sa main dans celle du prêtre, son regard ne quittant pas le ciel matinal.	Зборува бавно, без горчина, со раката во онаа на опатот, и со поглед кој не се оттргнува од утринското небо.
J'étais si faible, j'ai perdu conscience, j'ai dormi sans doute. Mais, tout en dormant, je ne cessais pas de sentir une lutte au-dessus de moi, et j'avais la certitude obscure que la volonté de Dieu finirait par triompher.	"Бев премногу изнемоштен, изгубив свест, веројатно сум поспал малку. Но, додека спиев, не престанував да чувствувам како над мене се води борба, и некако бев сигурен дека волјата Господова ќе надвладее.
Et puis, il m'a semblé qu'on parlait, et j'ai ouvert les yeux. J'ai même cru entendre si distinctement mon nom, que j'ai dit: «Quoi?» pensant que c'était ma femme... Mais j'étais seul.	"Потоа, ми се причини како да зборува некој и ги отворив очите. Бев дури и сигурен дека некој јасно го изговори моето име, така што одговорив : 'Што?"уверен дека тоа беше жена ми... Но, јас бев сам.
J'avais dormi longtemps. Il faisait petit jour. J'entendais la respiration du domestique, dans le cabinet... Moi qui ai maintenant le sommeil si lourd et le réveil si lent, je me suis trouvé tout de suite lucide, extraordinairement lucide, et comme allégé d'une façon miraculeuse.	"Имав спиено доста долго време. Беше рано наутро. Го слушав дишењето на слугата во мојот кабинет... Јас, кој сега имам прилично тежок сон и бавно будење, сфатив веднаш дека сум сосема луциден, и како олеснет на некој чудесен начин.
Alors j'ai fait un nouvel effort pour prier.	"Тогаш одново направив обид за да се помолам.

La voix qui disait: «Non, non...» s'était tue. A la place de mon impuissance, de cet affreux sentiment du néant, j'avais une espèce de certitude imprécise, une confiance... Je percevais sur moi comme un secours, comme une affection...	"Гласот кој велеше:"Не, не..."беше замолчен. Наместо чувството на немоќ, на страотна ништожност, имав чувство на нејасна сигурност, на верба... Ја чувствував божјата милост, нежност..."
(Sourire radieux.) Je ne sais pas comment expliquer... L'impression de sortir de léthargie après plusieurs années de sommeil... L'impression de sortir d'un tunnel, de trouver la lumière, de commencer vraiment une nouvelle vie!... Un immense bonheur intérieur... La paix surtout, la paix ... le calme...	(Блескава насмевка)."Не знам како да го објаснам тоа... Имав впечаток дека излегувам од летаргија по повеќегодишно спиење... Впечаток дека излегувам од тунел, дека наидувам на светлина, дека навистина почнувам нов живот!... Неизмерна внатрешна среќа... Спокој, пред сè, спокој... смиреност...
Je sens que je n'ai plus à chercher, que ma volonté est comme fondue, que je vais obéir avec délices, que tout est clair, que tout est pur...	"Чувствувам дека нема веќе потреба да барам, дека мојата волја е како омлитавена, дека ќе се потчинам со задоволство, дека сè е јасно, сè е чисто...
Tout a un sens... Il tourne la tête. Son regard rencontre celui de l'abbé, dont le visage anxieux reste incliné vers lui.	"Сè има смисла!..." Тој ја врти главата. Неговиот поглед го пре сретнува оној на опатот, чиешто загрижено лице останува наведнато кон него.
JEAN (ouvrant les bras).-Alors je vous ai fait venir, mon ami, pour me confesser...	ЖАН (ширејќо ги рацете). — "Ве викнав, пријателе мој, за да се исповедам..."
IV	IV
Marc-Elie Luce est introduit dans le salon de Buis, où se trouve l'abbé Lévys.	Марк-Ели Лис влегува во салонот во Буј, каде се наоѓа опатот Леви.
L'ABBÉ (s'avançant).-Je suis chargé, monsieur, par Mme Barois, de vous prévenir que notre malade est à peine remis de sa dernière rechute... Il a besoin de ménagements...	ОПАТОТ (приближувајќи се кон него): — "Замолен сум, Господине, од страна на госпоѓа Бароа, да ве предупредам дека нашиот болен штотуку почна да заздравува од последниот напад... Треба да имаме многу обзири кон него..."
LUCE (inquiet).-Mais je ne demande qu'à lui serrer la main. Si vous supposez qu'une conversation...	ЛИС (вознемирен). — "Сакам само да го поздравам. Ако мислите дека еден разговор..."
L'ABBÉ (embarrassé).-Non, monsieur, je ne pense pas qu'une conversation ... sur des sujets... Enfin, sans rien qui puisse	ОПАТОТ (збунето). — "Не, Господине, не мислам дека разговор... на теми... Теми кои нема да предизвикаат кај него

provoquer un effort cérébral...	ментален напор..."
Luce sourit: une indulgence nuancée d'amertume.	Лис се насмевнува со израз на разбирање со мала доза на горчина.
LUCE.-Vous pouvez rassurer Mme Barois, monsieur l'abbé... Barois m'a prévenu de sa conversion, et je ne viens pas ici pour le contredire... L'abbé rougit. Tics nerveux.	ЛИС. — "Можете да ја смирите госпоѓа Бароа, опате... Бароа ме извести за неговата конверзија и не доаѓам овде за да го раз убедувам..."Опатот поцрвенува. Прави нервозни тикови.
LUCE (froid).-D'ailleurs, je n'ai que peu de temps: je compte reprendre le train de trois heures.	ЛИС (студено). — "Впрочем, имам многу малку време, сакам да го фатам возот од три часот."
L'ABBÉ (vivement).-La gare est très proche, par le raccourci... Et si vous voulez bien, je vous montrerai moi-même le chemin...	ОПАТОТ (живо). — "Станицата е многу блиску ако одите по покусиот пат... Ако сакате, јас лично ќе ви го покажам патот..."
Jean a voulu se lever. Il s'est fait habiller, et asseoir devant son bureau, qui est maintenant dans sa chambre,-car il ne descend plus.	Жан се обидува да стане. Му помагаат да се облече, и тој седнува до бирото, кое сега се наоѓа во неговата соба, – зашто, од пред некое време, воопшто не слегува долу.
Ses vêtements de drap noir, boutonnés, flottent autour de lui. Une parade mortuaire: le col baîlle; la peau colle au crâne; une barbe peu fournie comble la cavité des joues; les lèvres brident sur les dents; les ongles sont en corne jaune.	Неговите алишта од црн драп, закопчани, му висат. Мртовечка парада: широка крагна, кожата му виси на черепот, ретка брада која ги покрива вдлабнатините на образите: усните набрчкани врз забите, ноктите пожолтени.
A l'entrée de Luce, il cherche à deviner le progrès de son mal. Mais Luce vient vers lui, souriant, impassible.	Веднаш кога Лис се појави на вратата, Бароа, се обидува, по неговата реакција, да сфати до која степен напредувала болеста. Но, еве го Лис како се доближува до него, насмеан, без никаков знак на изненадување.
JEAN (tout de suite).-Vous vous demandez, n'est-ce pas, comment c'est arrivé?	ЖАН (одеднаш). — "Сигурно се прашувате како можело да се случи тоа?"
Luce ne comprend pas. Cette voix éteinte et rauque...	Лис не сфаќа. Тој згаснат и зарипнат глас...
Jean soulève un petit crucifix, qui est près de son mouchoir, sur le bureau désert.	Жан покажува едно мало распетие, кое е блиску до неговот шамивче, на празното биро.
Une gêne.	Чувство на нелагодност.

JEAN (buté).-Comment c'est arrivé? Je n'en sais rien... Mais ce n'est pas le premier comment ni le premier pourquoi qui nous échappent! (Il sourit bizarrement.) «Invocavi et venit in me spiritus sapientiæ.» Depuis longtemps je ne croyais plus aux idées...	ЖАН (упорно). — "Како се случи? Не знам ништо... Но ова не е ни првото како ниту првото зошто кое нема објаснување!" (Тој чудно се смее) " Invocavi et venit in me spiritus sapientiae. Веќе одамна престанав да верувам во идеите..."
LUCE (évasivement).-Oui, c'est le cœur qui mène à la foi...	ЛИС (одбегнувајќи да коментира). — "Да, срцето е тоа кое води до верата..."
JEAN.-Ah, mon ami, c'est bon... On sent qu'on pénètre enfin la vie, qu'on voit l'univers par le dedans...	ЖАН. — "Ах, пријателе мој, добро е... Конечно чувствувам како навлегувам длабоко во суштината на животот, го гледам у ниверзумот однатре..."
(Vivement, comme s'il craignait une objection.) Et puis c'est une solution pratique qu'il nous faut...	(Брзо, како да се плашеше од приговорање)."А, освен тоа, имам потреба од такво практично решение..."
Luce acquiesce par un sourire affectueux.	Лис потврдува со љубезна насмевка.
Jean a glissé au fond de son fauteuil. Son regard a la fixité d'yeux de verre, enchâssés dans un masque de cire.	Жан се спушта во фотељата, како да потонува во неа. Неговите очи се неподижни налик на стаклени топчиња, ставени на восочна маска.
Luce évoque le Barois, qui, pour discuter, se campait, les jambes écartées, tête de biais, sourcils dressés...	Лис се потсетува на некогашниот Бароа кој, кога дискутираше, застануваше со раширени нозе, гледајќи откосо, со кренати веѓи...
Jean le regarde; et tout à coup, un petit rire silencieux.	Жан го гледа и наеднаш почна тивко да се смее.
JEAN.-Je vous plains, mon pauvre ami... Vous résistez encore, vous... Vous vous débattez...	ЖАН. — "Ве жалам, кутар мој пријателе... Вие сè уште пруате отпор, вие... Вие се борите..."
Luce, surpris, proteste doucement. Mais le sourire de Jean est obstiné.	Лис, изненаден, тивко негодува. Но Жан продолжува да се смее на истиот начин.
JEAN.-Vous vous débattez, comme je faisais... Je connais ça... (Haussant les épaules.) A quoi bon? Vous savez bien que vous y viendrez aussi...	ЖАН. — " Се борите, како јас што се борев... Познато ми е тоа..." (Кревајќи ги рамениците) "А, зошто? И самиот добро знаете дека и вие ќе дојдете на моето."
Il saisit la petite croix et la soulève à nouveau.	Тој го зема малиот крст и одново го крева.

JEAN.-Voyez comme je me suis résigné à mourir, pour revivre auprès de Lui!	ЖАН. — "Гледате како сум помирен со смртта, за повторно да живеам покрај Него!"
L'intonation est angoissée.	Се чувствува болка во тонот.
Luce l'examine d'un regard compatissant: il a mesuré d'assez près l'abîme, pour ne plus mépriser ceux qui ont le vertige. Mais il ne trouve rien à répondre.	Лис го испитува со поглед полн со сожалување. Во еден момент од животот и тој самиот беше дојден на работ на пропаста, така што воопшто не чувствува презир кон оние кои имаат вртоглавица. Но, ништо не му паѓа на памет како одговор.
Quelques minutes s'écoulent.	Неколкуте минути истекуваат.
Luce se lève.	Лис станува.
Jean le voit partir, presque sans regret. Une couche d'impressions neuves s'interpose maintenant entre son équilibre actuel, sa foi,-et son passé. Il prend la main tendue. Luce est très pâle.	Жан го гледа како заминува, речиси без да чувствува никакво жалење. Нови моменти сега се испречуваат меѓу неговата сегашна рамнотежа, неговата вера, и – неговото минато. Ја позема пруженатa рака. Лис е блед како крпа.
JEAN.-Nous avons été deux semeurs de doutes, mon vieil ami. Que Dieu nous pardonne...	ЖАН. — "Бевме двајца сејачи на сомнежи, мој стар пријателе. Господ нека нѝ прости..."
Luce descend l'escalier, le cœur serré.	Лис слегува по скалите, со јад во срцето.
Il entre dans le salon; la fuite d'une jupe.	Влегува во салонот. Со крајот на окото ја здогледува жената.
LUCE (à l'abbé).-Pourrai-je saluer Mme Barois?	ЛИС (на опатот). — "Може ли да се поздравам со Г-ѓа Бароа?"
L'ABBÉ.-Je ne pense pas que Mme Barois soit rentrée... D'ailleurs, si nous voulons gagner la gare à pied, il va être l'heure...	ОПАТОТ. — "Мислам дека Г-ѓа Бароа уште не е вратена... Освен тоа, ако сакаме да стигнеме пешки до станица, време е за тргнување..."
Luce n'insiste pas.	Лис не инсистира.
Dehors, froid vif et sec.	Надвор, силен и сув студ.
Aussitôt franchi le portail, l'abbé se tourne.	Штом излегоа низ портата, опатот се сврте.
L'ABBÉ.-Eh bien, comment l'avez-vous trouvé?	ОПАТОТ. — "Па, како ви изгледа?"
Luce fait un arrêt, à peine sensible, regarde l'abbé, et reprend sa marche. Il n'a plus, avec ce prêtre, les mêmes motifs qu'avec	Лис подзастанува, речиси незабележително, го гледа свештени кот и продолжува да чекори. Сега веќе ги нема истите

Jean pour dissimuler.	причини, како со Жан, да се преправа пред овој свештеник.
LUCE.-Il est méconnaissable... Il ne reste plus rien de son intelligence: il vit aujourd'hui, d'une faible lueur de sensibilité...	ЛИС. — "Не личи на себе... Не останало ништо од неговиот разум. Тој живее со сосема мала чувственост..."
L'ABBÉ (défensif).--Vous faites erreur: croyez bien qu'il a longuement discuté, avant de trouver sa voie!	ОПАТОТ (во одбранбен став). — "Многу грешите, верувајте дека долго време разговараше на таа тема пред да го најде својот пат!"
LUCE (avec amertume).-Discuter? Mais il ne le pouvait déjà plus lorsqu'il a quitté Paris!	ЛИС (огорчено). — "Разговарал? Нели не беше во состојба да го прави тоа уште од времето кога го напушти Париз!"
(Posément.) Non. Ce pauvre Barois est, comme tant d'autres, une victime de notre époque. Sa vie, a été celle de beaucoup de mes contemporains: elle est tragique...	(Смирено) "Не. Кутриот Бароа, како и многу други, е жртва на нашата епоха. Неговиот живот беше ист како на многумина мои современици, трагичен..."
Il se tourne vers l'abbé, oubliant le prêtre; dans son regard, cette curiosité amoureuse et perspicace, qui a été la poésie de son existence.	Се врти кон опатот, занемарувајќи ја неговата свештеничка функција. Во неговиот поглед, оној израз на силна и остроумна љубопитност која беше всушност поезијата на неговото постоење.
LUCE.-Son éducation catholique s'est brisée, un jour, contre la science: toute la jeunesse cultivée passe par là. Malheureusement, notre conscience morale, dont nous sommes si vaniteux, nous la tenons, par hérédité, de plusieurs centaines de générations mystiques. Comment rejeter un pareil patrimoine? C'est lourd... Tous n'arrivent pas à fortifier suffisamment leur raison pour qu'elle reste jusqu'au bout victorieuse. Aux jours de tempête, tant d'instincts, tant de souvenirs, l'assaillent! Toutes les faiblesses sentimentales d'un cœur humain...	ЛИС. — "Неговото католичко воспитување се сврти против науката, целата образувана младина минува низ тоа. За жал, нашата морална свест, на која сме многу горди, ја добиваме, како наследство, од повеќе стотици мистични генерации. Како да отфрлиме такво наследство? Тешко е да се напрваи тоа... Не успеваат сите, во доволна мера, да го зајакнат нивниот разум за тој секогаш да излезе како победник. Во деновите на бура, него го напаѓаат многу нагони, многу спомени! Сите човечки слабости на едно човечко срце...
La plupart, en pleine force d'âge, donnent bien, comme Barois, le coup d'épaule qu'il faut pour s'affranchir. Mais viennent les déceptions, viennent les maladies, la menace finale, c'est la	"Најголемиот дел од нив, кога се во полна сила, како Бароа, успеваат да го зададат оној ослободителен удар. Но доаѓаат раз очарувања, доаѓаат болести и последната закана, и ете ти го

déroute: vous les voyez recourir bien vite aux contes de fées qui consolent...	поразот. Ги гледате како набрзина трчаат по бајки кои им даваат утеха..."
L'abbé, le menton dans sa cape, hâte le pas.	Опатот, со брадата скриена во мантијата, го забрзува чекорот.
LUCE (triste).-Vous lui avez offert la survie, et il s'y est accroché désespérément, comme tous ceux qui ne peuvent plus croire en eux, qui ne peuvent plus se contenter de la vie réelle...	ЛИС (натажено). — "Сте му понудиле живот после смртта, и тој очајнички се закачил за таа идеа, како и сите оние кои не можат повеќе да веруваат во себе, кои не можат повеќе да се задоволат со реалноста..."
Mouvement de l'abbé.	Опатот одмавнува со главата.
C'est votre mission, je sais bien... Et je dois reconnaître que l'Église a acquis en ces matières une incomparable expérience! Votre au-delà est une invention merveilleuse: c'est une promesse placée si loin, que la raison ne peut pas interdire au cœur d'y croire, s'il en a envie, puisqu'elle échappe, par définition, à tout contrôle...	"Многу добро знам дека тоа е вашата мисија... И морам да признам дека Црквата, во однос на тоа, има неспоредливо искуство! Вашиот друг живот е фантастична измислица, тоа ветување е ставено на таков пиедестал што разумот не успева да го спречи срцето да верува во тоа, ако има желба за тоа, бидејќи тоа, по дефиниција, не подлежи на никаква проверка...
Ah, c'est la trouvaille de votre religion, monsieur l'Abbé, d'avoir su convaincre l'homme qu'il ne doit plus chercher à comprendre!	"Ах, таа идеја на вашата религија, опате, која успеала да го убеди човекот дека тој не треба повеќе да се труди да сфати!"
L'ABBÉ (relevant la tête).-C'est la loi de Jésus lui-même, monsieur. Il ne démontre pas, il ne raisonne pas; il dit: «Croyez en moi.» Il dit, plus simplement encore: «Si quelqu'un a soif, qu'il vienne à moi, et qu'il boive...»	ОПАТОТ (кревајќи ја главата). — "Тоа е законот на самиот Исус, Господине. Тој не докажува, не се препушта на расудува ње, вели само :"Верувајте во мене."Тој, уште поедноставно вели:"Ако некој е жеден, нека дојде при мене, и нека пие...""
Un temps.	Пауза.
LUCE (malgré lui).-Une belle conversion! Vous pouvez être fier.	ЛИС (и против својата волја). — "Убав разговор! Можете да се гордеете."
L'ABBÉ (s'arrêtant).-Oui, j'en suis fier!	ОПАТОТ (застанувајќи). — "Да, горд сум на тоа!"
Une bise soudaine, au tournant de la rue, fait claquer son manteau. Il brave Luce d'un regard sombre, ambigu.	Одненадеж налет на ветар, на аголот на улицата, го плеснува по мантијата. Упатува презирен, мрачен и нејасен поглед кон Лис.

L'ABBÉ.-Etiez-vous capable de le consoler? Moi, je lui ai apporté le calme; je lui ai montré des horizons de clarté. Vous n'avez su lui proposer que des visions sans espérance!	ОПАТОТ. — "Бевте ли вие во состојба да го утешите? Јас, му донесов спокој, јас му ги покажав хоризонтите на светлината. Вие знаевте да му понудите само безнадежни визии!"
LUCE (avec mesure).-Pourquoi «sans espérance»? Mon espérance, c'est de croire que mes efforts vers le bien sont indestructibles! Et elle est si forte, ne vous en déplaise, que les triomphes partiels du mal ne la découragent pas...	ЛИС (со умерен тон). — " Зошто безнадежни? Мојата надеж е да верувам дека моите стремежи кон доброто се неуништиви! Таа е толку силна, немојте да се лутите што велам така, што делумните победи на злото не ја обесхрабруваат...
Mon espérance, à moi, n'exige pas, comme la vôtre, l'abdication de ma raison: au contraire, ma raison l'étaye. Elle me prouve que notre vie n'est ni un mouvement à vide, ni une simple occasion de souffrir, ni une course au bonheur individuel; elle me prouve que mes actes collaborent au grand effort universel; et partout elle me fait découvrir des motifs d'espérer! Partout je vois la vie naître de la mort, l'énergie naître de la douleur, la science naître de l'erreur, l'harmonie naître du désordre... Et, en moi-même, ces évolutions-là se produisent tous les jours.	"Мојата надеж не бара, како вашето, откажување од мојот разум, напротив, мојот разум го поддржува. Тој ми докажува дека нашиот живот не е ниту движење во празно, ниту едноста вна состојба на страдање, ниту трка по личната среќа, тој ми докажува дека моите дела учествуваат во големиот напор на ун иверзумот и насекаде ми овозможува да пронаоѓам причини за надеж! Насекаде гледам како од смртта се раѓа живот, како ене ргијата се раѓа од болката, науката од грешката, хармонијата од хаосот... И, лично во мене, тие еволуции секојдневно се случуваат.
Oui, je lui ai offert une foi, moi aussi, et qui valait bien la vôtre, monsieur l'Abbé.	"Да, и јас му понудив вера, која вредеше исто толку колку вашата, господине опат."
L'ABBÉ.-Elle n'a pu lui suffire: c'est un fait!	ОПАТОТ. — "Таа не му беше доволна, тоа е непобитен факт!"
(Violence inattendue.) Et même si vous pensez que je lui ai offert un mensonge, vous devriez être heureux que j'aie pu, par n'importe quel moyen lui rendre la paix!	(Неочекувано вжештен тон) "Дури и ако мислите дека сум му сервирал лага, треба да бидете среќен зашто успеав, со не е битно какво средство, да му го вратам спокојот!"
LUCE.-Je ne connais pas deux morales. On doit arriver au bonheur, sans être dupe d'aucun mirage, par la seule vérité.	ЛИС. — "За мене не постојат два морала. До среќата треба да се дојде, без да се биде измамен со никакви илузии, туку само преку вистината."
Un temps.	Пауза.
LUCE.-Ah, nous aurons été un moment pathétique de l'histoire de la science, le moment le plus aigu sans doute de son conflit	ЛИС. — "Ах, сме имале бурен момент во историјата на науката, несомнено момент на најжестокиот конфликт со

avec la foi!	верата!"
L'ABBÉ (brusque impatience).-Vous êtes d'un autre temps, monsieur Luce ... du temps où l'on coupait inconsidérément les ponts qui nous relient au passé. Vous croyez à la régénération sociale, et vous avez pu renoncer à la prière, à la survivance spirituelle... Mais vous ne savez pas voir autour de vous: ce temps-là est déjà loin! Vous n'avez pas aperçu le réveil général d'un besoin religieux, que vos sèches théories ne pourront jamais satisfaire!	ОПАТОТ (нетрпеливо). — "Вие припаѓате на друго време, господине Лис... на времето кога непромислено се рушеа мостовите кои нѐ поврзуваат со минатото. Вие верувате во преродба на општеството, и можевте да се откажете од молитвата, од надживувањето на духот... Но, вие не гледате што се случува околу вас, тие времиња се веќе минато! Зарем не ја забележувате општата потреба од религија која вашите штури теории не можат да ја задоволат!"
(Rire révolté.) Un athée ne comprendra jamais ce qui se passe dans l'âme d'un homme qui prie...	(Револтирано смеење) "Еден атеист никогаш не може да сфати што се случува во душата на човек кој се моли..."
LUCE (souriant).-Ce sont des défaillances inévitables. Mais cette incroyance raisonnée que nous avons conquise, au prix souvent de pénibles souffrances, ne peut pas être perdue: elle s'imprime, peu à peu, jusqu'au fond des moelles de notre race, et libère d'autant l'humanité à venir!	ЛИС (смеејќи се). — "Тоа се неизбежни моментални слабости. Но ова објаснето неверување кое ние го имаме стекнато, често пати по цена на мачни страдања, не може да исчезне, тоа се втиснува, малку по малку, во срцевината на нашиот народ, и ќе го ослободи идното човештво!"
L'ABBÉ (farouche).-Non, l'homme ne pourra jamais se passer de Dieu... La vie est dominée par la mort; et seule la religion apprend à l'attendre, à la subir,-quelquefois même à la désirer.	ОПАТОТ (со жестина). — "Не, човекот никогаш нема да може да опстане без Господа... Животот го надвладува смртта и, еди нствено религијата нѐ учи да ја очекуваме, да ја поднесуваме, понекогаш дури и да ја посакуваме."
LUCE (le masque contracté).-La mort est dans la logique de la vie. J'accepte l'idée de mort comme j'accepte l'idée de naissance.	ЛИС (со изобличено лице). — "Смртта е во логиката на животот. Ја прифаќам идејата за смртта исто како идејата за ра ѓањето." ,
L'ABBÉ (sourire cruel).-Oui, pour le moment! Oui, vous vous portez assez bien pour «accepter» la mort!	ОПАТОТ (сурова насмека). — "Да, во моментов! Да, вие долично се држите за некој што ја прифаќа идејата за смртта.
Mais je vous le dis, monsieur Luce, le jour où vous sentirez qu'elle approche, qu'elle est là, ah! vous verrez quel piètre appui vous trouverez dans vos négations stériles!	"Но, да ви кажам, господине Лис, денот кога таа ќе се наближи, кога ќе ја почувствувате многу блиска, ах! Ќе видите каква потпора ќе најдете во вашите стерилни негирања!"
La place de la gare, que sillonne un va-et-vient de piétons et de	Плоштадот пред железничката станица по кој постојано се

véhicules.	движат пешаци и возила.
Luce s'arrête. Une ombre s'est creusée sous ses yeux gris.	Лис застанува. Под неговите сиви очи се вгнездила сенка.
LUCE (voix lourde).-A mon âge,-autant dire au seuil de la mort-on est sincère, n'est-ce pas? Ce n'est pas l'heure où l'on a envie de faire des phrases...	ЛИС (со груб глас). — "На моја возраст – што ќе рече на прагот на смртта, – треба да се биде искрен, нели? Не е време за излитени фрази...
Eh bien, je vous affirme que j'envisage la mort avec toute la sérénité dont l'homme est capable,-avec la même sérénité que vous!	"Па, морав да ви признам дека на умирањето гледам со сета онаа ведрина којашто човек може да ја достигне, - со истата ведрина со којашто вие го доживувате тоа!"
L'abbé détourne la tête.	Опатот ја сврте главата.
LUCE.-Qu'est-ce qui vous adoucira le moment fatal? c'est la paix d'une conscience tranquille... Cette sérénité-là, je puis l'avoir au même titre que vous...	ЛИС. — "Што е тоа што ќе ви го ублажи фаталниот момент? Тоа е мирот кој доаѓа од една... Имам право на таа ведрина исто колку и вие..."
L'ABBÉ (ton âpre, sans regarder Luce).-Mais ce que vous n'aurez pas, vous, c'est un prêtre, un envoyé de Dieu, pour venir se pencher sur votre agonie, et, d'un seul geste d'absolution, effacer jusqu'au souvenir de ce que vous aurez fait de pire!...	ОПАТОТ (со остар тон, без да го гледа Лис). — "Но, она што вие нема да го имате тоа е свештеник, пратен од Бога, да бдее над вашата агонија, и, со еден гест на простување, да го избрише и најлошото што сте го направиле па дури и споменот за него!..."
LUCE (doucement).-Je n'en ai pas besoin. Il est devenu blême, tout à coup. Un sourire d'orgueil. Il tend sa main à l'abbé.	ЛИС (тивко). — "Немам потреба од тоа." Тој наеднаш побледе. На лицето горделива насмевка. Му ја пружа раката на опатот.
LUCE.-Au revoir, monsieur l'Abbé... Sans rancune... Et pourtant vous venez de me faire mal... J'avais presqu'oublié que je suis condamné, et vous venez de m'en faire souvenir,-du rement...	ЛИС. — "Довидување, опате... Немојте да ми замерите. Па, сепак, ми нанесовте болка... Имав речиси заборавено дека сум осуден, и вие штотуку ме потсетивте на тоа, прилично грубо..."
Geste de l'abbé.	Гест на опатот.
LUCE (souriant toujours).-Je sais que dans deux, trois, quatre mois, tout au plus, il faudra que je subisse une opération, qui est sans espoir... Et si je suis venu voir Barois, c'est parce que je me sais encore plus sûrement perdu que lui-même...	ЛИС (и понатаму смеејќи се). — "Знам дека по два, три, четири месеци најдоцна, ќе се подложам на операција, која е безнадеж на... И, тоа што дојдов да го посетам Бароа е затоа што сум сигурно во полоша состојба од него..."

L'ABBÉ (bouleversé).-Vous vous exagérez, peut-être...	ОПАТОТ (видно потресен). — "Можеби претерувате..."
LUCE (cessant de sourire).-Oh, ce n'est pas que je regarde la mort sans épouvante... Non... Mais je la regarde! (Il frissonne.) J'en ai peur, autant qu'un autre, parce que ma chair est lâche: mais c'est une peur physique.	ЛИС (престанувајќи да се смее). — "Ох, не дека гледам на смртта без никаков страв... Не... Но ја гледам!"(Се стресува)"С е плашам од неа, исто како и секој друг, зашто моето тело е кукавичко, но тоа е физички страв.
Moralement, allez, je reste bien d'aplomb!	"Морално, останувам непоколеблив!"
Il traverse le trottoir, d'un pas ferme.	Го преминува тротоарот, со сигурен чекор.
L'abbé le suit des yeux jusqu'à ce qu'il ait disparu.	Опатот го следи со поглед сè додека не исчезна.
V	V
«Mon cher Barois,	"Мил мој Бароа,
«Depuis que Luce est mort, je veux vous écrire. Mais j'ai eu le côté droit ankylosé à la suite d'une petite congestion, et j'ai été retardé.	"Сакав да ви пишам веднаш по смртта на Лис, но десната страна ми беше речиси парализирана како последица на една мала хеморагија, и затоа доцнам со пишувањето.
«Les médecins avaient résolu de tenter l'opération. Il s'y était soumis sans illusion. Il avait demandé quinze jours pour ranger ses papiers. Il m'a prié de l'aider, et je ne l'ai plus quitté.	"Лекарите решија да се обидат со операција. Лис прифати, но немаше никакви илузии во однос на исходот. Тој побара петнаесет дена за да ги среди документите. Ме замоли да му помогнам и, оттогаш, не го напуштив повеќе.
«Un jour, en classant les notes du livre qui reste inachevé, il a vu que je pleurais. Il est venu à moi, et il m'a dit un mot qui le résume:-«Vous, Woldsmuth? Mais quoi? c'est la vie... Ne nous laissons pas aveugler par l'individuel...»	"Еден ден, средувајќи ги белешките од книгата која остана нед овршена, ме виде дека плачам. Се приближи до мене, и ми кажа неколку збора кои ги резимирам. — "Вие, Волдсмут? Но, зошто? Таков е животот... Да не дозволиме да не заслепи индив идуалното...
«L'opération a eu lieu.	Му направија операција.
«Elle a réussi au delà de toutes les espérances. Le chirurgien lui-même semblait oublier que ce n'était qu'une rémission; nous tous avec lui. Le dix-huitième jour, Luce était debout, on le laissait rentrer chez lui. Il disait: «Je vais me remettre au travail, j'ai tant à faire encore!»	"Беше успешна и ги надмина сите очекувања. Самиот хирург речиси заборави дека станува збор за рецидив, а и ние заборави вме на тоа. Осумнаесетиот ден Лис беше на нозе, му дозволија да се врати дома. Тој велеше:"Ќе се фрлам на работа, уште толку работи треба да направам!"

«C'est à partir de ce moment-là que le mieux a cessé, brusquement. Il l'a senti tout de suite: les symptômes reparaissaient, un à un. Il reculait toujours le moment d'avertir ses enfants; et eux, qui s'apercevaient du changement, feignaient de croire à sa guérison.	"И токму од тој момент состојбата нагло почна да му се влошува. Веднаш го почувствува тоа, старите симптоми повторно му се вратија, еден по еден. Тој сè уште го одложува ше моментот да ги извести неговите деца, а тие, кои ја забележ уваа промената, се преправаа дека веруваат во неговото оздрав ување.
«J'y allais tous les jours. Avec moi, il parlait de sa mort, sans répit.	"Секој ден му одев на посета.Тој, со мене, зборуваше за смртта, без прекин.
«Il me disait: -«J'ai de la chance d'être ainsi prévenu d'avance, de pouvoir me préparer à l'acceptation. C'est le dernier acte qui me reste à accomplir pour avoir fait ce que je devais. Je me suis toujours efforcé de rendre ma vie conforme à mes idées, pour donner à celles-ci leur maximum de force; il me reste à mourir, sans dévier; il me reste à montrer que je n'ai pas peur de la mort, que je la vois venir, que je l'accueille, que je meurs en confiance...	"Ми велеше: – "Среќен сум што имам можност однапред да се подготвам на нејзиното прифаќање. Тоа е последниот чин кој ми преостанува да го направам, она што сум должен да го сторам. Отсекогаш сум се трудел да водам живот во согласност со моите сфаќања, за да станат што е можно посилни, ми останува да умрам без да отстапам од нив, ми останува да докажам дека не се плашам од смртта, дека ја гледам како доаѓа, дека ја дочекувам, дека умирам уверен...
«Le retentissement d'une fin sereine est immense, sur notre pauvre troupeau affolé de condamnés à mort! Socrate l'avait bien compris. Plus on relit le récit de ses derniers jours, plus il est clair que Socrate n'a pas consenti à se faire acquitter. Il avait soixante-dix ans; il avait fini d'enseigner; il a eu la suprême sagesse de vouloir agir, une fois encore, par une mort qui ne fût pas passive, qui fût la preuve dernière de l'assurance de son cœur. Je me souhaite une pareille fin.»	"Одекот за спокоен крај е огромен врз нашето залудено стадо од осуденици на смрт! Сократ тоа одлично го сфатил. Колку повеќе ја препрочитувааме приказната за неговите последни денови, толку појасно нѝ станува дека Сократ не се согласил на простување. Имал седумдесет години, завршил со наставата и имал врвна мудрост да сака да делува, уште еднаш, преку својата смрт, смрт која не била пасивна, туку била последен доказ за увереноста на неговото срце."
«Puis un trouble passait sur son visage:	"Потоа сенка помина на неговото лице:
-«Et pourtant, on dit que souvent ceux qui l'ont attendu avec le plus de calme, sont justement ceux qui, au moment de mourir, se laissent aller à la plus grande révolte...»	– "Па, сепак, се вели дека оние кои ја очекувале со најголем спокој се токму оние кои, во моментот на умирање, најмногу се спротивставуваат...
«Mais il ajoutait, précipitamment: -«Une révolte nerveuse, bien entendu...»	"Но, веднаш додаде : – "Нервозен револт, се разбира..."

«Pas un seul jour je n'ai vu fléchir cette adhésion à la vie et à la mort. Et pourtant il a bien souffert!	"Ниту еден ден не видов да се разниша тоа прифаќање на животот и на смртта. Па, сепак, многу страдаше!
«Il faisait le bilan de son existence. Un matin, après une nuit d'insomnie, il m'a dit: -«C'est une consolation pour moi de m'apercevoir combien ma vie aura été harmonieuse. Pendant que l'on vit, on se désespère de ne pas pouvoir mettre plus d'unité dans ses actions. Mais maintenant, je vois que je n'ai pas à me plaindre. J'ai rencontré tant d'êtres tourmentés, insatisfaits, sans cesse emportés en deçà ou au delà de leur centre de gravité!	"Се обидуваше да направи биланс на неговиот живот. Едно утро, по непроспаната ноќ, ми рече:"За мене претставува вистинска утеха помислата на доследноста во мојот живот. Додека живееме, очајуваме што не можеме да постигнеме повеќе единственост во нашите дела. Но, сега, сфаќам дека нема зошто да се жалам. Имам сретнато многу измачени суштества, незадоволни, постојано разнесувани од оваа или од онаа страна на нивното тежиште!
«Mon existence, à moi, n'a pas connu ces secousses; elle pourrait s'exprimer par deux ou trois mots simples et clairs. Cela me donne, en m'en allant, un sentiment de paix. Je suis né avec de la confiance en moi, en l'effort quotidien, en l'avenir des hommes. J'ai eu l'équilibre facile. Mon sort a été celui d'un pommier de bonne terre, qui porte régulièrement ses fruits.»	"Во мојот живот немало такви потреси, тој може да се резимира со два-три едноставни и јасни зборови. Сега, кога го напуштам овој свет, тоа ми дава чувство на спокој. Роден сум со верба во себе, во секојдневниот труд, во иднината на луѓето. Живеев во добра рамнотежа. Мојата судбина беше налик на онаа на една јаболкница, засадена на добра земја, и која редовно раѓа плодови."
«La dernière semaine a été particulièrement cruelle.	"Последната недела беше особено мачна.
«Puis, la veille du jour où il est mort, les souffrances ont diminué.	"Потоа денот, пред да умре, болките му стивнаа.
«Ses petits enfants, les aînés, sont entrés un instant dans sa chambre. Il ne parlait déjà presque plus. Il les a vus venir, il leur a dit:-Allez-vous-en, mes petits, adieu, il ne faut pas que vous voyiez ça...»	"Неговите внучиња, оние постарите, влегоа на кратко во неговата соба. Тој, речиси, веќе престана да зборува. Ги виде како влегуваат и им рече: — "Одете си, мои малечки, збогум, вие не треба да присуствувате на ова...
Vers six heures, on allumait les lampes, il a regardé autour de lui comme pour s'assurer que tous ses enfants étaient réunis. Il avait un regard extraordinaire. Il semblait pouvoir dire la vérité sur tout. Il semblait que s'il avait pu s'expliquer encore, il eut dit, sur lui, sur sa vie, sur la vie de tous les hommes, la parole décisive, libératrice... Mais il s'est soulevé sur un coude, et il a	"Околу шест часот, ги запалија светилките, тој погледна околу себе како да сакаше да се увери дека сите деца беа на број. Имаше неверојатен поглед. Се чинеше дека е во состојба да ја открие вистината за сите нешта. Да имаше можност уште да зборува, се чинеше дека ќе ги кажеше последните ослободител ни зборови за себе, за неговиот живот, за животот на сите

seulement dit, d'une voix étouffée, comme s'il s'éveillait:	луѓе... Но тој се поткрена на лактото и само рече, со придушен глас, како да се будеше :
-«Ah, c'est la mort, cette fois...»	— "Ах, овој пат, навистина доаѓа...
«Ses filles n'ont pu retenir leur douleur. Elles étaient à genoux autour de son lit. Alors il a posé ses mains sur toutes ces têtes, et il a murmuré, pour lui seul:	"Неговите ќерки не можеа да ја скријат нивната болка. Тие беа на коленици околу неговит кревет. Тогаш тој ги стави рацете на сите тие глави, и промрморе за себе :
-«Qu'ils sont beaux, mes enfants!»	– "Колку се убави, моиве деца!
«Puis il s'est renversé sur l'oreiller. «C'était le soir. Il est mort, au matin, sans avoir rouvert les yeux.	"Потоа главата му падна на перница. Тогаш беше вечер. Тој почина утрото, без повторно да ги отвори очите.
«Voilà ce que je voulais vous écrire, mon cher Barois, parce que je sais que cette mort peut vous faire du bien, comme à moi. Elle nous console de toutes les choses mauvaises que nous avons rencontrées sur notre chemin.	"Еве, тоа сакав да ви го пишам, мој драг Бароа, зашто знам дека неговата смрт може да ви помогне, како што направи и со мене. Таа нѝ е утеха за сите лоши нешта на кои наидувавме на нашиот пат.
«J'ai la certitude après avoir vu mourir Luce, que je n'ai pas eu tort, d'avoir foi en la raison humaine.	"Уверен сум, откако присуствував на умирањето на Лис, дека сум во право што имам верба во човечкиот ум.
«Votre dévoué, Ulric Woldsmuth.»	"Искрено ваш, "УЛРИК ВОЛДСМУТ"
P.S. - «Pour moi, j'ai de si faibles yeux maintenant, que je ne travaille plus guère au laboratoire. J'écris: je récapitule mes recherches sur l'origine de la vie. Elles n'ont pas atteint leur but, mais je lègue à ceux qui me suivent, les résultats que j'ai acquis. Le temps est un facteur essentiel du progrès; il est vraisemblable qu'un jour un autre trouvera ce que j'ai cherché; et c'est une pensée très apaisante. - U. W.	П.С .— "Што се однесува до мене, видот ми е толку ослабен што не работам повеќе во лабораторијата. Пишувам, правам ре капитулација на моите истражувања за потеклото на животот. Не успеав целосно да ги завршам, но им ги оставам резултатит е до коишто сум дошол на моите следбеници. Времето е суштински фактор за напредокот, многу е веројатно дека еден ден некој друг ќе го открие она што јас го барав, и таа мисла многу ме успокојува. У. В."
VI	VI
Depuis le matin, Jean délire.	Уште од рано наутро Жан е во бунило.
Huit heures du soir.	Осум часот навечер.
Il s'éveille. Lassitude extrême. La pièce est sombre. Autour du	Тој се буди. Чувствува голем замор. Просторијата е затемнета..

lit, le va-et-vient des vivants prolonge son cauchemar.	. Околу креветот, раздвиженоста на живите го продолжува неговиот кошмар.
Tout à coup, près de Cécile qui tient la lampe, l'abbé Lévys, étole au cou: entre ses doigts, les burettes.	Наеднаш, блиску до Сесил, која ја држи светилката, се појави опатот Леви, со епитрахил околу вратот, и меѓу прстите шишенце со масло за миропомазување.
Une frayeur folle: la réalité... Son regard court d'un visage à l'autre.	Ужасен страв: реалност... Неговиот поглед оди од едно до друго лице.
JEAN.-Je vais mourir? Dites? Je vais mourir?	ЖАН. — "Ќе умрам ли? Кажете ми? Умирам ли?"
Il n'entend pas la réponse. Une quinte le prend à la gorge, lacère ses poumons, l'étouffe.	Не го слуша одговорот. Го фаќа напад на кашлица, му ги раскинува градите, го гуши.
Cécile se penche. Il l'enserre de ses deux bras, passionnément.	Сесил се наведнува. Тој силна ја стега со неговите две раце.
Elle le force à s'allonger. Il se laisse faire, épuisé, les yeux clos, le souffle sifflant. Sa transpiration baigne les draps.	Таа го принудува да се испружи. Тој ѝ допушта да го легне, исцрпен, со затворени очи, со пискаво дишење. Чаршавите се н амокруваат од неговата пот.
A travers sa fièvre, des phrases latines... La fraîcheur de l'huile sur ses oreilles, sur ses paupières, sur ses paumes... Sa transpiration baigne les draps.	Од треската почнува да блада и да кажува латински зборови... Ја чувствува свежината на маслото на неговите уши, на очните капаци, на образите...
JEAN.-Ah, délivrez-moi!... Ne me laissez pas souffrir!...	ЖАН. — "Ах, пуштете ме!... Не дозволувајте да страдам!..."
Ses mains battent l'air. Elles rencontrent les manches de l'abbé et s'y cramponnent, comme à Dieu.	Со рацете мафта во воздухот. Наидува на ракавите на опатот и се зграпчува за нив, како за Господ.
JEAN.-Vous êtes sûr qu'il m'a pardonné? (Un effort surhumain. Il se dresse.) L'enfer!...	ЖАН. — " Сигурен ли сте дека ми простил?" (Прави натчовечк и напор. Се исправува.) "Пекол!..."
Sa bouche s'ouvre pour un cri d'épouvante. Un râle mouillé...	Неговата уста се отвора испуштајќи застрашувачки крик. Шиштаво предсмртно кркорење...
L'abbé tend le crucifix. Il le repousse, hagard. Puis il aperçoit le Christ: il s'en empare, il se renverse en arrière, et, frénétiquement l'écrase sur ses lèvres.	Опатот му го подава крстот. Тој го отфрла, преплашено. Потоа го забележува Христос, го зграпчува, се фрла наназад, и, како здивен го притиска до усните.
La croix trop lourde, glisse de ses doigts. Ses membres	Крстот, претежок, му се лизнува низ прстите. Рацете веќе му от

n'obéissent plus, s'éloignent. Le cœur bat à peine. Le cerveau fonctionne à une vitesse déréglée. Une brusque tension de tout l'être: en chaque point du corps, en chaque parcelle vivante, le summum de la souffrance humaine!	кажуваат послушност, се оддалечуваат. Срцето едвај чука. Мозокот работи со неправилна брзина. Наеднаш целото тело се истегнува, секое живо делче од телото, врв на човечкото страдање!
Quelques soubresauts.	Неколку подрипнувања.
L'immobilité.	Вкочанетост.
A l'aube.	В зори.
Cécile et l'abbé, seuls dans la chambre.	Сесил и опатот се сами во просторијата.
Cécile prie, le front dans les mains. Elle revoit sa vie, année par année. Dans cette même chambre, un matin de sa jeunesse, elle a communié avec Jean, au chevet du docteur...	Сесил се моли, со рацете во главата. Низ мислите ѝ поминува целиот нејзин живот, година по година. Во истата соба, едно утро во нејзината младост, таа му се вети на Жан, покрај зглавјето на докторот...
Le jour naissant pénètre par les volets entr'ouverts. Un feu vif dans la cheminée; sur le mur, derrière le cadavre plus rigide, des reflets de flamme dansent.	Денот што се раѓа пробива низ полуотворените капаци. Силен оган гори во каминот, на ѕидот, зад вкочанетото тело, танцуваат одблесоци од пламенот.
L'abbé est assis. Il regarde le mort: les muscles du visage sont raidis; la peau est gélatineuse; les cheveux gris sont durs, piqués dans le crâne; le cou ne semble pas avoir pu porter la tête. Une incomparable sérénité.	Опатот е седнат. Го гледа мртовецот: мускулите на лицето се здрвени, кожата пивтиеста, побелената коса стрчи, како откачена од черепот, вратот се чини како да не можел да ја додржи главата. Израз на неверојатно спокојство.
Cécile ouvre successivement les tiroirs du bureau. Elle cherche quelque volonté posthume. Elle ne trouve rien. Mais, dans le cartonnier, sous les dossiers, une enveloppe:	Сесил ги отвора, една по една, фиоките од бирото. Бара некоја посмртна желба. Ништо не наоѓа. Но, во една преграда, под списите наоѓа еден плик:
«A OUVRIR APRÈS MOI.»	"ДА СЕ ОТВОРИ ПО МОЈАТА СМРТ."
Elle rompt le cachet, parcourt les premières lignes, pâlit.	Таа го крши печатот, прелетува со погледот по првите редови, пребледува.
Elle marche vers l'abbé, et lui tend les papiers.	Оди кон опатот, му ги подава листовите.
Il s'approche de la fenêtre.	Тој се доближува до прозорецот.
Une grande écriture, ronde et ferme:	Крупен, заоблен и сигурен ракопис:

«Ceci est mon testament.	"Ова е мој тестамент.
«Ce que j'écris aujourd'hui, ayant dépassé la quarantaine, en pleine force et en plein équilibre intellectuel, doit, de toute évidence, prévaloir contre ce que je pourrai penser ou écrire à la fin de mon existence, lorsque je serai physiquement et moralement diminué par l'âge ou par la maladie. Je ne connais rien de plus poignant que l'attitude d'un vieillard, dont la vie tout entière a été employée au service d'une idée, et qui, dans l'affaiblissement final, blasphème ce qui a été sa raison de vivre, et renie lamentablement son passé.	"Она што денес го пишувам, со веќе поминати четириесет години, при чиста свест и здрав разум, треба, се разбира, да има поголема важност во споредба со сè она што би можел, еве нтуално, да го мислам на крајот од мојот живот, кога ќе бидам физички и морално оронат од годините или од болест. Според мене, нема ништо поодвратно од однесувањето на некој старец, кој целиот свој живот го посветил на некоја идеја, и кој, во моменти на тотална изнемоштеност удира со дрвја и камења по она што била негова причина за постоење, и бедно да се одрекува од неговото минато.
«En songeant que l'effort de ma vie pourrait aboutir à une semblable trahison, en songeant au parti que ceux dont j'ai si ardemment combattu les mensonges et les empiètements, ne manqueraient pas de tirer d'une si lugubre victoire, tout mon être se révolte, et je proteste d'avance, avec l'énergie farouche de l'homme que je suis, de l'homme vivant que j'aurai été, contre les dénégations sans fondement, peut-être même contre la prière agonisante du déchet humain que je puis devenir. «J'ai mérité de mourir debout, comme j'ai vécu, sans capituler, sans quêter de vaines espérances, sans craindre le retour aux lentes évolutions de la germination éternelle...»	"Кога ќе помислам на тоа дека она за што сум се борел, цел живот, би можело да доведе до една голема измама, кога ќе помислам на тоа дека сите оние, против чии лаги и злодела бес поштедно се борев, едвај чекаат да уживаат во нивната злокобна победа, целото мое битие се побунува, и однапред го изразувам мојот протест, со жестока енергичност типична за човек каков што сум, за човек каков што ќе сум бил, против не заснованите одрекувања, дури и против молитвата, на смртната постела, на сенилното човечко ѓубре какво што можеби ќе станам. Заслужив да умрам стоечки, како што живеев, без да се предадам, без да молам за залудна надеж, без да се плашам од бавната еволуција на универзалното ’ртење."
L'abbé frissonne. Ce rappel si net, si volontaire...	Опатот се стресува. Тоа толку јасно,толку самосвесно...
Il tourne la page:	Ја врти страницата:
«Je ne crois pas à l'âme humaine, substantielle et immortelle...»	"... Не верувам во материјална и бесмртна човечка душа..."
«Je sais que ma personnalité n'est qu'une agglomération de particules matérielles, dont la désagrégation entraînera la mort totale...»	"... Јас знам дека мојата личност е само агломерација на матери јални честички, чиешто распаѓање ќе доведе до целосна смрт...."

«Je crois au déterminisme universel...»	"...Верувам во универзален детерминизам ..."
«Le bien et le mal sont des distinctions arbitraires...»	"...Доброто и злото се произволни разграничувања..."
Il n'achève pas. Il replie les feuillets, et les rend à Cécile. Il fuit l'interrogation de son regard.	Тој не довршува со читањето. Ги превиткува листовите, и ѝ ги враќа на Сесил. Го одбегнува нејзиниот испитувачки поглед.
Elle recule délibérément vers la cheminée. Il devine son geste. Il pourrait l'empêcher. Mais ses yeux restent fixés sur la mort, et il ne fait pas un mouvement. Il pense que depuis longtemps déjà, Barois ne peut plus se défendre... Il pense à l'Église, qui a su alléger ce départ, et à qui le sacrifice est dû,-peut-être...	Таа намерно оди кон каминот. Тој ја погодува нејзината намера. Би можел да ја спречи. Но, неговите очи остануваат вперени во мртвиот, и не се ни помрднуваат. Помислува на тоа дека, од многу поодамна, Бароа немал сила да се брани... Мисли на Црквата, која успеа да му го олесни заминувањето, и на која ѝ го должи жртвувањето, можеби...
Une flamme claire illumine la chambre.	Силна светлина ја осветлува собата.
Le Verger d'Augy,	Ле Верже д'Ожи.
Avril 1910.-Mai 1913.	Април 1910 – Мај 1913.